Универзитет „св. Кирил и Методиј“ – Скопје

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ

НАСОКА: ИСТОРИЈА И АРХИВИСТИКА

МОДУЛ: ИСТОРИЈА НА НАЈНОВИОТ ВЕК

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**На тема:**

# “МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ - ЖИВОТ И ДЕЛО”

**Насока: Историја и Архивистика** **изработил:**

**Ментор: Проф. д-р. Никола Жежов** **Роберт Бојаџиевски**

**Скопје - Октомври 2020 година**

# “ МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ - ЖИВОТ И ДЕЛО”

## ПРЕДГОВОР

Секој народ во својата историја, историографија и колективна меморија памети слави и има свои херои. Секој народ во својата историја има свои јунаци, војсководци, истакнати личности од секаков дел од општествените токови и дејанија, безвременски ограничени кои народот ги има запаметено, личности кои народот ги има опеано или за кои се напишани вредни дела или сочувана обемна фотодокументација, личности со кои што се гордее. Низ историјата, еден народ има и свои светли и свои темни темни моменти и личности. Има и личности за кои не се знае многу во досегашното изучување во историјата и историографијата, личности зад кои стојат многу тајни неразјаснето минато многу енигми но и многу пораки. Мојата силна верба и потрага по светлината на мојот Македонски народ ме доведе до пишувањето на оваа тема. Истовремено мојата одлука да пишувам на оваа тема произлезе и од неколку секундарни причини. За време на студиите во IV година темата сама по себе се наметна не само поради фактот што сметам дека за почитуваниот генерал и командант на ГШ на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски не е доволно пишувано и истражувано, туку и поради дел лични семејни причини. Имено, мојот роден дедо Александар Ѓузелов (По војната го сменува презимето во Георгиевски) за време на воените 1943-1945 година бил личен курир на генералот Михајло Апостолски. Неговото патешествие со генералот Апостолски трае се до есента 1946 година. Од него добивал многу лични наредби и укази што каде и како да делува, каде да се пробие на непријателска територија  и каде и кого да извести. Од него како дете ислушав многу сведочења за многу драматични настани за него лично но и за генералот и за тоа што всушност се случувало во тие драматични месеци и години клучни за нашата државност и самобитноист а гледани низ призмата на еден млад но и близок негов безкомпромисен соборец во НОБ во периодот од 1943-1945 година. Некои сцени од овие настани ке ги опишам како ми се кажани од него и како ги помнам. Некои настани ги имам слушнато од мајками и вујковците како и од негови сограѓани. Како додавка само би го додал следниов факт. Како силна потврда за мојот став дека за темата е малку пишувано придонесува и фактот што од временски аспект гледано во периодот од денешното блиско минато во не така далечната 1996 година во организација на МАНУ и Институтот за Национална Историја се одржал научен собир на темата„Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија (1941-1945)’’. Собирот бил посветен на деведесетгодишницата од раѓањето на генералот и академик Михајло Апостолски (1906-1996), командант на Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Собирот бил одржан во просториите на МАНУ. Пригодата на годишнината на собирот секако одела во насока на посестрано согледување на местото и улогата на Главниот Штаб во Народноосло-бодителната и антифашистичка војна во Македонија, но и покрај фактот дека за народноослободителната војна во Македонија е доста пишувано, сепак заклучокот бил дека за темата за главниот штаб е недоволно

проучена. Со самото тоа и темата за неговиот командант неможе да биде доволно проучена. Фактички темата за генералот и командант на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски не е ни одблиску доволно проучена, ако тоа е заклучокот на еминентните историчари и академици кои после објавата на зборникот заклучуваат дека, со побликувањето на зборникот до некаде се пополнува таквата празнина, тогаш е јасно дека простор за истражување постои и тоа голем. Исто така се констатира дека темата не се исцрпува сосема, но таа се отвара за нови истражувачки потфати. И точно и јас се согласувам со овие истакнати личности и дел великани од луѓе кои ова го кажале и напишале, и уште би додал дека точно е дека треба да се откриваат нови вредности од дејствувањето на Главниот штаб и на неговиот командант Михаило Апостолски. Кога на Филозофскиот Факултет при Институтот за Историја ги работев и полагав предметите за делот од НОБ и воопшто делот за македонската револуционерна и национално ослободителна борба во мене веќе немаше никаква дилема ако продолжам на магистерски студии што треба одберам како тема но, исто така чуствував и сеуште чуствувам што е моја должност и кон самиот себе, кон моето семејство и мојот сакан дедо Александар, како и должноста кон мојата сакана Татковина Македонија. Убеден сум и верувам дека, по консултациите со Професорот Никола Жежов и неговото менторство, по консултациите и со други Професори на Филозофскиот Факултет, институтот за историја, други професори на УКИМ но и со неколку почитувани колеги историчари но и Академици од МАНУ каде и анализирав архивска граѓа, ќе создадам нешто што ќе придонесе за зголемување на сознанијата од областа на проблематиката која ке биде предмет на истражување од тој бурен период во нашата историја. Затоа силно убедено верувам и сметам дека ликот и делото на Михајло Апостолски и неговата според мене револуционерна дејност и творештво како оставштина се големи, титански за Македонскиот народ и за Македонската држава и треба да бидат достојно одбележувани, славени и почитувани.

# ВОВЕД - ЗА ГЕНЕРАЛОТ

Пречитувајки го напишаното, пишувајки ги новите редови и средувајки ги своите мисли додека го работам делото во мене се појави една мала недоумица. Од ден во ден од час на час додека пловев низ неговиот огромен опус и библиографија додека читав разни дела од разни автори поврзани со неговото име и за втората светска војна во Македонија и кога се присетував на зборовите на мојот дедо Александар искажани за него, почуствував дека човекот не заслужува „само''150 страници и една напишана книга за мојата магистерска теза, или за било чија и да е теза, тој заслужува многу, многу повеќе. Затоа моето напишано дело сакам да го поделам на два дела, а првото сакам да се вика, Генералот! Многу јасно се надвиси над мене тоа име бидејки се работи за Генерал и Командант на војска од околу 100.000 луге, војници и борци за слобода што претставува респектабилна бројка на воени трупи и во мегународни размери кон крајот на воената 1944 година пред конечното ослободување на Македонија, но и до ден денес ако се земе во предвид пред се воената анализа. Почитта што ја имал изградено низ неговата војничка кариера би рекол епопеја од неговите соборци, обостраната почит од најразлични фактори за кои не би можело ни да се помисли дека комуницирале, потоа неговата искрена човечност, неговата лутина и непокор за некои незавршени работи од неговата најрана младост па се до неговите касни искуствено воени години најсликовито се чуствува кога се чита неговото последно дело. Тоа е еден вид на тестамент на Генералот на Командантот на НОВ и ПОМ и Академикот Михајло Апостолски. Тоа дело иако е работено по неговата смрт и од ралични содржатели претставува аманет за Македонија и Македонизмот!

Имено во текот на 1985 година тогаш веќе академикот претходно генералот Врховниот командант на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски чуствувајки дека пополека му се ближат последните месеци, денови го повикал во својот дом својот современик и пријател Коце Солунски, првоборец революционер и писател. Очигледно човек од голема негова доверливост кон кого имал специфичен однос и респект.

Кога го читав делото морам да признаам дека на моменти морници ми проагаа и многу прашања и одговори ми се наметнаа и додатно ме опседнаа, ме оптеретија бидејки пронајдов и одговори за кои се прашував долги години, анализирајки го секој пишан збор. Навистина за мене ова дело претставува конечниот збир на неговиот долгогодишен повеќедецениски опус и ако внимателно се прочита ќе видиме дека многу работи чекаат на дополнителна анализа и дека многу духови можеби ќе излезат низ „аладиновата ламба''. Вклучително јас самиот го пронајдов тоа што ми беше потребно да го дознаам за некои случки и настани каде бил вклучен мојот дедо Александар. Ако се пронајде и лентата која била снимана од тон сниmателот или самиот тој господин од тогашното радио Скопје може да се дојде до сензационалистички информации и неистражени работи. Јас веќе активно работам на таа проблематика. Да констатирам, дека неговиот соборец и пријател и секако писателот, Коце Солунски и тон мајстор сниматeл му помагале на својот соговорник, да извлечат колку може повеќе информации од неговата меморија. Снимајки, го записот на магнетофонска лента го потикнувале легенфдарниот Академик да дополнува, да конкретизира, и да прецизира одредени настани, појави и

личности случки кои што ги доживеал и како ги толкувал. Се разбира најмногу информации дознале за периодот кога Михајло Апостолски бил Генерал и Командант на ГШ на НОВ и ПО на Македонија, но успеале да извлечет и дополнителни информации, кои во тоа време во 1985 година ако се објавеле би биле шокантни за јавноста. Подоцна издадената „сеќавања'' не претставуваат резултат на некој обичен стандардизиран, строго методолошки воден разговор, туку представува слободно искажување, еден вид на исповед и сублимат на многуте случки и доживувања на легендарниот командант за тоа како тој лично ги видел и доживеал настаните и личностите за кои говори. „Притоа тој никаде во овие настани не се става во прв план. Тој се става само во улога на сведок и толкувач на едно време во чии настани и самиот е значаен актер, и прави напори да ја наслика сопствената улога и судбина, но и да ни укаже за улогата на луѓето, неговите современици, соборци, соистомисленици а и противници чии улоги и судбини биле условени од сопствените уверувања и од историските настани.

Бидејки станува збор за неавторизирани искажувања, приредувачот на овој материјал бил принуден најодговорно да се однесува кон „записот'' на магнетофонската лента, за автентично записот да го пренесе на хартија. Притоа е извршена само најнужна редакција, но на начин и во мерка да не се наруши карактеристичниот начин на изразување на кажувачот и да се зачува поимно –категоријалниот апарат со кој се служи. Приредувачот ги определил и насловите во книгата.

Што се однесува до фактографијата, временската дистанца си го направила своето. За тоа и самиот Академик Михајло Апостолски е свесен па често велел.„За ова неможам точно да се сетам, не сум многу сигурен, треба да се провери во моите студии тоа е таму точно прецизирано, некои работи можат да се утврдат со натамошни истражувања и слично'' [1]. Поради можните импликации што може да ги предизвикаат одделни грешки, Македонското радио по разгововорите на неговото раководство заклучило и се обратило до институтот за национална Историја на Република Македонија со барање да изврши идентификација на евентуалните грешки и да даде компетентно објаснување за нив, односно да понуди можни исправки или научни толкувања. Институтот ги определил за стручни консултации д-р Вера Весковиќ, и д-р Галена Куцулоска.

„Сепак и покрај напорите на сите учесници, можни се извесни слабости на кои не е имун ни еден ваков проект. Но тие слабости се маргинални во однос на историско-фактографската и искуствено сознајната вредност на презентираното градиво. Тоа претставува несомнен придонес кон натамошното расветлување на настаните од овој период на македонската историја и трајно сведоштво за тоа време на еден од најмаркантните актери во оваа историја''.[2] Во меѓувреме јас разговарав со повеќемина писатели и учесници во некакви комуникации со Генералот во тие времиња, дојдов до некои нови информации околу овој материјал. Открив дека фалат околу 30% од

---

[1] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 7-9.

[2] Михаило Апостолски, Сеќавања. Скопје: Магор и МРТ 2003 година.

исказаното а не се запишани и постојат на сценограмот.? Тоа ми дава за право да продолжам да истражувам, и ќе продолжам.

Инаку, книгата претставува и надополнување на историската граѓа и библиографијата поврзана со името и делото на генерал Михајло Апостолски. Печатењето на делото„Сеќавања'' претставувало прилог кон прославувањето и одбележувањето на 100 годишнината од Илинденското востание и 60 годишницата од формирањето на Првиот Македонски партизански батаљон„Мирче Ацев''кој всушност претставува и темел на ГШ на НОВ и ПОМ темел на Армијата на Република Македонија.

## ВОВЕД

Да се пишува за генералот, командант на ГШ на НОВ и ПОМ а подоцна и истакнат академик Михајло Апостолски[3] пред се ми претставува голема чест, голема одговорност  и особено задоволство. Свесен сум дека ова не е обична писанка туку огромен предизвик и задача која воопшто не е лесна за дешифрирање. Сериозниот приод и научниот придонес очекувам дека ќе ја збогати нашата пред се воена историја. Таа е богата со многу настани и личности и  претставува неисцрпна тема за мене пред се како воен историчар, бидејки за дадениот период можат да се откријат значајни факти и нови

[3] Михајло Апостолски (Ново Село, ноември 1906 - Дојран, 7 август 1987) — Македонски партизан, генерал, командант на НОВ и ПОМ, воен теоретичар, политичар, историчар и народен херој. Основното и средното училиште ги завршил во Штип. Во 1927 г. ја завршил Воената академија во Белград, во 1933 Високата воена академија, а во 1938 г. ја завршил и Генералштабната академија. За време на престојот во Белград, Михајло се дружел со македонските студенти и посетувал состаноци кои забранети за офицерите. Втората светска војна го затекнала во чинот генералштабен мајор на служба во Љубљана, на должноста началник на штаб на дивизија. Во текот на кратката Априлска војна во 1941 година командувал со планинските единици на Алпите. Кога Германците ја нападнале Југославија, тој наредил да се урнат сите мостови за да се забави нивното напредување. По капитулацијата на Југославија заробен е од италијанската војска и одведен е во логорот Вестоне. На 23 јуни 1941 година неговиот татко испраќа молба до бугарскиот министер за одбрана за негово ослободување и таа е одобрена. Тој потоа бил префрлен во Риека, каде што бил ослободен со група Македонци. По враќањето во Македонија окупирана од бугарската окупаторска чизма, во септември 1941 година се поврзува со народноослободителното движење во Македонија. Во септември истата година бил назначен за член на Покраинскиот воен штаб на Македонија, а од јуни 1942 година за командант на Главниот штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија. Во мај 1943 година бил назначен за генерал мајор. На Второто заседание на АВНОЈ бил избран за член на Претседателството на АВНОЈ. Од февруари 1944 година покрај 33 македонски оперативни бригади, под команда на Апостолски се наоѓаат и бригади од Косово и од јужна Србија. Член е на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Учествува на Првото заседание на АСНОМ и е избран во неговиот Президиум. Во февруари 1945 година бил назначен за началник на Врховниот штаб на НОВ (односно на Генералштабот на Југословенската армија). Извршувал и други одговорни функции во ЈНА. Помеѓу 1946 и 1952 година бил командант на сараевската воена област и началник на високата воената академија на ЈНА. Се пензионирал со чин генералполковник. По престанувањето на неговата активна воена служба, започнал интензивно да се занимава со историја. Во периодот од 1965 до 1970 година бил директор на Институтот за национална историја.При основањето на Македонската академија на науките и уметностите (на 18 август 1967 година) е избран за нејзин прв редовен член. Во 1968 година е избран за дописен член на Српската академија на науките и уметностите. Подоцна е избран и за член на Југословенската (денес: Хрватска академија на науките и уметностите), Словенечката, на Академијата за науки и уметности на Босна и Херцеговина и на Академијата на Косово. Од 1976 година до 1983 година бил претседател на МАНУ. Во периодот од 1978 до 1981 година бил претседател на Советот на академиите на науки и уметности на СФРЈ. Бил и член на и Советот на федерацијата. На 11 октомври 1953 година бил одликуван со орденот Народен херој. Добитник е и на наградата АВНОЈ во 1978 година - највисоката награда која ја доделувала СФРЈ. „Народни херои од Македонија", Скопје, Наша книга, 1973 г., стр. 25-30. Блаже Ристески (уредник), Македонска енциклопедија (том I), МАНУ, 2009, Скопје.

опишани вредности и за дејноста на Генералот и командант на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски како и за самиот Главен штаб на НОВ и ПОМ како и за мноштвото збиднувања и настани во и околу него за времето на втората светска војна. Севкупно и сеопфатно, би сакал да потенцирам, и дека сум убеден, дека пишувањето за овој бурен период од нашата историја за генералот, командантот и академикот Михајло Апостолски, за мене претставува кодирана временска порака која треба да се испорача на суверенот токму навреме, токму кога тоа ке биде потребно.

„Ова чедо на македонскиот народ, кое растело под најтешки услови во Штип за да стане – и поради, Заветот на својот напатен народ – командант на народноослободителна македонска војска[4]"

Народот и читателите секако треба повеќе да се запознаат со проблематиката и да бидат посвесни за големината и тежината на периодот кога живеел, војувал, и творел почитуваниот генерал.

Неговата биографија наједноставно кажано може да се опише како неверојатно патување во војна и мир. Патување низ Македонската непокорна земја, безвременско патување.

Од се што имам до сега прочитано и осознаено за Генералот и командант на НОВ и ПОМ подоцна академикот Михајло Апостолски можам слободно да констатирам дека, неспорен е фактот дека имал голема, огромна популарност помеѓу соборците, партизаните и народот, бил респектиран и почитуван и од Јосип Броз Тито, и дека бил вистинска икона во периодот на воените години кога во Македонија се финализирала долговековната борба на Македонскиот народ за формирање и владение со сопствена држава.

Судбината сакала, местото на неговото раѓање да биде во штипското Ново Село, кое самото по себе е историско. Многу видни личности од Македонското поблиско и подалечно минато се родени токму во ова место. Во штипското Ново Село родени се и, познатиот исто така легендарен лидер на ВМРО Тодор Александров [5] , потоа

[4] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 3–Матица Македонска Скопје- 2001 година, стр. 482

[5] Тодор Александров Поп-Орушов (Ново Село, 4 март 1881 – Сугарево, 31 август 1924) — македонски политички лидер, војвода и еден од водачите на ВМРО. Во 1898 година се приклучил во ТМОРО. Бил учител и раководител на месните комитети во Кочани, Виница, Кратово, Ново Село и Штип, секретар на четата на штипскиот војвода Мише Развигоров (1905) и на кочанскиот околиски војвода Симеон Георгиев - Кочански (1907), окружен војвода на Скопскиот револуционерен округ (1907), член на ЦК на ВМОРО (1911), член во Штабот на III македонска бригада во Балканските војни и во Штабот на партизанската чета на III бригада на XI македонска дивизија во Првата светска војна. По војната, заедно со Александар Протогеров и Петар Чаулев, ја обновил организацијата под името ВМРО (1919) и во 1920 ја зацврстил во Пиринскиот дел на Македонија, каде што создал организациона и воена база и оттаму ги обновил оружените четнички акции во Вардарскиот дел на Македонија. Дејствувал против политиката на земјоделската влада на Александар Стамболиски за зближување со Кралството на СХС. Го потпишал Мајскиот манифест за обединување на македонските револуционерни сили (1924), но пред убиството јавно се откажал од својот потпис. Енциклопедија ВМРО, Скопје, 2015, стр. 3 Виолета Ачковска и Никола Жежов, Предавствата и атентатите во македонската историја, Скопје, 2004 г.

контраверзниот Ванчо Михајлов[6], потоа Емануел Чучков[7] и секако Методи Гогов[8] односно четвртиот Македонски Архиепископ, Господин, Господин, Михаил. Негов сограганин од градот Штип е и првиот претседател на суверена и независна Македонија, претседателот Киро Глигоров [9]со кого имал и долгогодишна животна испреплетена судбина. Имено сестрата на Киро Глигоров ќе стане сопруга на Михајло Апостолски. Таа ќе биде негов сопатник во предвоените и воените години како и во неговиот живот.

[6] Иван Михајлов Гаврилов (26 август 1896 - 5 септември 1990), познат уште како Ванчо Михајлов, Ванче Михајлов и Радко — раководител на ВМРО и контроверзна историска личност во Македонија. Се школувал во Штип, Солун и Скопје, каде што завршил гимназија (1915). По Првата светска војна студирал право на Софискиот универзитет, бил еден од основачите и прв претседател на студентското друштво „Вардар“. По пристапувањето во ВМРО бил секретар на Тодор Александров, пунктов началник за Софија, а по убиството на Александров бил член на ЦК на ВМРО (1925), реизбран и по убиството на Александар Протогеров (1928). До 1928 година бил одговорен за снабдување на Организацијата со муниција. Од 1928 година ВМРО никогаш не одржало официјален конгрес на кој тој поднел извештај за неговата работа. Предавствата и атентатите во македонската историја, Виолета Ачковска и Никола Жежов, Скопје, 2004 год

[7] Емануел (Емануил, Мане) Чучков (Штип, 27 ноември 1901 - Скопје, 1 септември 1967) македонски професор и политичар. Тој е и првиот штипски доктор по географски науки. Во 1943 година Чучков станува член на групата интелектуалци кои го сочинуваат Акциониот народноослободителен комитет (АНОК). Во април 1944 година станува член на проширениот состав на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. На почетокот од мај 1944 година, заедно со Методија Андонов - Ченто и Кирил Петрушев, заминува за Вис на средба со Народниот комитет за ослободување на Југославија на чело со Јосип Броз Тито. Во август 1944 година учествува на Првото заседание на АСНОМ и е избран за член на Президиумот на АСНОМ како негов втор потпретседател. Блаже Ристовски, Професорот и државникот Мане Чучков пред и по АСНОМ, Современост бр. 5 Скопје 2005 година

[8] Архиепископ Охридски и Македонски г.г. Михаил (Ново Село (Штипско), 20 мај 1912 - 6 јули 1999) бил четвртиот архиепископ на Македонската православна црква по нејзиното обновување. Михаил бил свештеник и вероучител, даровит црковен оратор и мудрец, и останал запаметен по прекрасните беседи. Тој е единствениот духовник на кој му било понудено местото претседател на Република Македонија. Архиепископот Михаил за поглавар на Македонската православна црква беше избран на 4 декември 1993 година

[9] Киро Глигоров, родено име Киро Панчев, (Штип, 3 мај 1917 - Скопје, Македонија, 1 јануари 2012) — активист на македонското студентско и комунистичко движење, македонски и југословенски економист, политичар и државник, прв претседател на самостојна и независна Република Македонија.

Во февруари 1990 година се вклучил во Македонскиот форум за подготовка на македонска национална програма. Глигоров активно учествувал во работата на овој форум на кој се разгледувала ситуацијата во Југословенската Федерација и можностите за разврската со осамостојување на Социјалистичка Република Македонија. По изгласувањето на Декларацијата за сувереност на државата, на 25 јануари 1991 година, Глигоров бил избран за прв претседател на самостојна и суверена Република Македонија од страна на Собранието на Република Македонија на 27 јануари 1991 година. На 7 март му го доверил мандатот на Никола Кљусев за формирање на првата влада.

Штипското Ново Село е место каде учителствувале идеолозите на МРО Гоце Делчев[10] и Даме Груев[11] најславните и најупорните борци за Македонската кауза.

Веројатно ништо на светот не е случајно, и по ова чудно но многу редовно правило неслучајно местото на раѓањето на Михајло Апостолски е токму Македонското и штипското револуционерното, Ново Село. Местото каде се раѓаат великани на македонското дело.

Токму фактот дека потекнува од место кое дало толку многу истакнати личности во македонската историја, место каде предстојувале и учителствувале идеолозите и водачите на Илинденското Востание ми дава за право да проценам и коментирам дека исклучителната револуционерна активност во областа со сите свои специфики и атрибути влијаела и ја формирала и личноста на Михајло Апостолски во еден голем патриот и родољуб и во неговото понатамошно животно патешествие развивајки го својот карактер тоа ке се потврди.

Сите овие факти ке дојдат до израз во моментот кога тој ке се изградува како исклучително вешт храбар и харизматичен лидер, водач и непоколеблив командант на Македонските партизани односно на Македонската војска како Командант на главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија.

Михајло Апостолски е роден во 1906 година. Тоа е година кога Македонија сеуште била под Турско ропство и дел од Османлиската Империја а непосредно по великото Илинденско востание кога помеѓу народот сеуште се прераскажувале битките кај „Мечкин Камен’’или слива, или погибиите на многуте славни помеѓу народот веќе опеани Македонски војводи и период непосредно пред младотурската револуција.

---

[10] Ѓорѓи Николов Делчев, попознат како Гоце Делчев (Кукуш, 4 февруари 1872 - Баница, 4 мај 1903) — македонски национален херој, учесник во македонското револуционерно движење, деец на Македонската револуционерна организација, апостол и срцето на револуционерна Македонија, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Во Бугарија исто така му оддаваат почит на Делчев како национален херој. Се школувал во Кукуш, каде што завршил гимназиско образование (1879– 1887), во Солун, во Солунската машка гимназија „Св. Кирил и Методиј“ каде што раководел таен ученички револуционерен кружок, и во Софија во Военото училиште (1891–1894). Се вратил во Македонија (1894) и во Штип бил учител во Ново Село. За зацврстување на редовите во Организацијата Делчев извршил неколку инструктивни обиколки. Во зимата на 1900 година тој ги обиколил комитетите во Одринско, со цел подобра координација меѓу македонските и тракиските револуционери. Од август 1901 до март 1902 година Делчев ги обиколил и комитетите во централниот и во западниот дел од Македонија. Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт, Македонското националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893 - 1903 година, Табернакул, Институт за историја - Филозофски факултет, Скопје, 2003; Димитар Димески, Гоце Делчев, Јубилејно издание 100 години од смртта на Гоце Делчев (1903-2003), Матица македонска, Институт за историја - Филозофски факултет Скопје, 2003

[11] Дамјан Јованов Груев или само Даме Груев (Смилево, 19 јануари, 1871 - Русиново, 23 декември, 1906) — македонски револуционер, основач и еден од најистакнатите членови на Македонската револуционерна организација. Возвишуван е како апостол и волја на револуционерна Македонија. Ванчо Ѓорѓиев, Подземната Република, Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје, 2010 (II издание, Скопје, 2011)

По доагањето на годините на великите национализми на кои беше изложен Македонскиот поробен народ,  за придобивање на македонското национално ткиво преку годините на балканските војни а потоа и првата светска војна секако дека делувале многу трауматично и кај него бидејки тој наместо како дете да доживее некаква ветена слобода за христијанските браќа и од младотурците и од соседните балкански држави, доживеал ново робство и нови себе прашања. „ траумата од делбата на Македонија и визијата на Димо Хаджи Димов[12] за вториот Илинден ги исполнија младешките години на Михајло Апостолски и беа втиснат белег во неговата свест за посебноста за македонскиот идентитет, кој беше сериозно загрозен. Но во историската меморија на народот и семејството Апостолски љубоморно се чуваше револуционерната традиција со целиот свој арсенал на идеи и пароли, на симболи и синтагми’’[13]

Во тоа време Македонија е распарчена помеѓу соседите а новото поимување за Македонец и Македонија со Јужносрбијанец и Јужна Србија секако влијаеле врз неговиот непокорлив дух, дополнително гледајки ги секојдневните внатрешно национални судари помеѓу македонската интелигенција и  ВМРО на Тодор Александров која била исклучително активна на теренот, како и останатите промакедонски движења од една страна и режимот на кралството СХС кој со својот деспотско монархистички однос само ги продлабочувал судирите.

По сугестиите на својот професор Ѓуро Обрадовиќ неговото патриотско семејството и тој самиот ја прифаќа понудата и своето образование го продолжува во Белград. Овој круцијален момент на неговиот живот всушност и ке го вивне во облаците на незаборавот. Таа мудра одлука всушност ќе го оддалечи кратковремено од настаните на теренот на Македонија а ги имало во тие години и тоа поприлично многу, но тоа не значи дека тој за сето тоа не бил добро информиран. Веројатно тоа ќе му даде дополнителен мотив да напредува во изучувањето на воената наука и подоцна кариера во тогашната кралска југословенска армија.

Се запишува на Воената академија во Белград и од 1924 започнува неговата напредно воено школување кое ке заврши во 1938 година во престижната Генералштабната Академија. Значи неговото воено школување има блескава успешност и долго впивана мудрост која ке ја покаже на дело веднаш по избивањето на втората светска војна.

Ако направиме споредба, неговата личност неговото животно патешествие најмногу потсеќа на нашиот најголем син и идеологот за борбата за слобода за целокупна и независна Македонија, неповторливиот борец за слобода Македонскиот син Гоце Делчев. Оваа споредба можеби не може одма да се објасни но факт е дека и едниот и другиот воено се образуваат кај своите божемни таканаречени ослободители а всушноист поробители. И двајцата ке бидат со воени школи и ќе го водат Македонскиот

[12] Димо Хаџи Димов (19 февруари 1875 - 13 септември 1924) — македонски социјалист, учесник во македонското револуционерно движење, член на Македонската револуционерна организација, истакнат претставник и идеолог на Серската група, еден од основачите на Народната федеративна партија и деец на Бугарската комунистичка партија.

[13] Вера Весковиќ Вангели, ГлавниотШтаб на НОВ и ПОМ на Македонија 1941-1945. Стр 14

народ во битката за својата национална и духовна слобода. Единствената разлика е тоа што Гоце ке му претставува идол на Михајло. Мудроста на Гоце иако загинал релативно млад била доволно голема да го опчини со длабок респект младиот  иден генерал и да му го осветли патот на непокорот.

Во втората светска војна ке стане икона во очите на Македонските партизани и Врховен командант на НОВ и ПОМ. Ке учествува активно во сите битки кои го одбележуваат македонското боиште. Ке учествува во носењето на сите значајни воени и военополитички одлуки за време и непосредно по војната.

Од самиот почеток на војната уште во Септември месец 1941 година станува член на Покраинскиот воен штаб. Подоцна станува командант на Главниот штаб на НОВ и ПОМ кој конечно ке биде така преименуван во Јуни 1942 година. На овој чин му претходеле неговите лични контакти иницијативи и состаноци во месецот Август 1941 година со своите истомисленици другари и членови на Комунистичката Партија. Тој фактички го сватил и го приграбил историскиот миг, современиот тогашен миг согледувајки ја историската амплитуда дека во тие историски моменти ни е наклонета, и негубејки многу време храбро и без двоумење зачекорил во историската димензија. Сепак иако имало прогрес во антифашистичката борба и влијание во  Македонија, тој реално не можел и порано да делува и да се искористи неговата брилијантност, бидејки се до пролетта 1943 година највисокиот орган на ослободителната војна ГШ на НОВ и ПОМ дејствувал како колективно тело со поголем број членови. Дури потоа Михајло Апостолски е именуван за командант на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ. И нормално тогаш веќе неговиот талент и воени вештини не можел никој повеќе да го опструира и тој дошол до полн израз.

Стратегиските задачи тој ревносно ги анализирал и буквално брилијантно ги сработил подоцна и на терен. Задачата да формира силна, енергична и цврста воена, добро вооружена и формациски  силна и добро организирана Македонска војска која ке може да им се спротистави на окупаторските фашистичките непријателски сили била одлично завршена. Сите овие елементи, да учествува во формирањето, и да ја води и да командува со вооружената сила како генерал и командант на НОВ и на ПОМ Михајло Апостолски ги решавал паралелно и како командант на војската но и како неприкосновен прагматичен и искусен стратег.

Имајки го него во своите редови како командант и лидер во воените судари Главниот штаб ги издал наредбите, упатствата за војување и тактиките кои ке се применуваат при војувањето на народноослободителната војска. И веќе ништо не било исто. Во Македонија постоел етаблирано виден и харизматитичен военополитички лидер кој знаел што треба да се направи на военото поле. Тоа го увидел уште 1942 година и Светозар Вукмановиќ Темпо[14]**.** Уште тогаш започнал нивниот тивок судир, односно изнудена соработка.„Од Септември 1941 година станува член на Покраинскиот воен

[14] Светозар Вукмановиќ – Темпо (српски: Светозар Вукмановић – Темпо; 14 август 1912, Подгор, Цетиње, Црна Гора – 6 декември 2000, Режевиќи, Петровац, Црна Гора) — југословенски револуционер, учесник во НОВ, општествено-политички деец на СФРЈ и народен херој на Југославија.

штаб и командант на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ преименуван како таков во Јуни 1942 година''. [15]

Значи станува збор за „времето кога кога ГШ ги издава наредбите и упатствата за тактиката на војување на партизанските одреди и Народноослободителната војска„[16] Наредба на покраинскиот штаб на НОП одреди на Македонија од Јуни 1942 година на сите воени раководителиза начинот на дејствувањето на Партизанските одреди.

„Наређење Главног штаба НОВ и ПО Македоније од 19 Јуна 1943 године. Штабу прве оперативне зоне за учвршћење и стварање нових јединица, формирање Народоослободилачких одбора и развијање братства и јединства, с албанском националном мањином''[17].

Како и да е со формирањето на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, тогаш најсилен военополитички израз на вољата на Македонскиот народ за борба за слобода уште од самиот почеток го носеше со себе атрибутот на создавање на Македонска држава. Во истиот контекст се безбројните укажувања и искажувања на командантот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, генералот Михајло Апостолски дека како воено раководно тело создадено од партијата, од целиот народ бил доживуван единствено и само како негов единствен легитимен претставник и воен лидер што е круцијално битно. Можно е и веројатно понатаму се има изродено синтагмата „Војската е народ- Народот е војска''.

„Расчленувањето на внатрешната логика на историските процеси во контекстот на Народноослободителната војна имплицира на заклучокот дека во Македонија не станува збор за класично движење на отпорот во Втората светска војна, туку за револуцијата во нејзините рамки. Таа има јасно нагласен ослободителен и антифашистички карактер (борбениот поздрав„ Смрт на Фашизмот-Слобода на народот''беше општоприфатен), со силно присаство на националниот и социјалниот еманципаторски стремеж како интегрална појава, под раководство на новата генерација револуционери - Македонските Комунисти. Тие поседуваа свест за сопствениот македонски идентитет и покрај интернационалистичката комунистичка идеологија, се беа здобиле со искуство на окупираната територија да работат под секакви услови, а народот беше ги прифатил како водечка сила на Народноослободителната војна'' **[18]**.

---

[15] Радиограма на Светозар Вукмановиќ Темпо , Делегат на Врховниот Штаб на НОВ и ПОЈ и на ЦК КПЈ во Македонија до Јосип Броз Тито , Командант на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ од 07-11-1943. Бојноисториски институт. Архив, Фонд: НОР, бр. 5/5-2/3960))

[16] Наредба на покраинскиот штаб на НОП одреди на Македонија од Јуни 1942 година на сите воени раководителиза начинот на дејствувањето на Партизанските одреди.-Зборник докумената и података о народоослободилачком рату Југословенских народа. Изд. Војноисториски институт Југословенске Народне Армије , Београд 1952, Том VII, книга 1, док.26, стр 89-92; Упутство Главног штаба НОП одреда Македонијеод јуна 1942 год. О задацима и улози политичких комесара.-Истото док.27, стр.93-96; Директива Главног штаба НОП одреда Македоније од 27 октобра 1942 год. о задацима и тактицираторања партизанских одреда. Истото, док.43, стр 142-147. Наређење Главног штаба НОВ и ПО Македонијеод 19 Јуна 1943. Штабу прве оперативне зоне аљ учвршћење и стварање нових јединица, формирање Народоослободилачких одбораи развијање братства и јединства, с албанском националном мањином.

[17] Истото, док 84, стр 261-264

[18] ГШ на НОВ и ПОМ на Македонија 1941-1945. Стр 15

Формирањето на КПМ како национална Македонска партија во Март 1943, потоа формирањето на АНОК [19] како подготвително тело во функција за свикување на првото заседание на АСНОМ, формирањето на иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ а меѓу делегатите и членовите бил и Генералот Михајло Апостолски кој имал специфична задача да одбере делегати за второто заседание на АВНОЈ. Потоа Преспанското Советување[20] на 2 август 1943 каде е донесена политичка но и воено политичка одлука на ГШ на НОВ и ПОМ за создавање на крупни воени единици кои ке бидат во можност со својата мобилност да ја опфатат целата територија на Македонија и ке бидат доволно мобилни навремено да интервенираат на целата територија на Македонија. На 18 Август свечено е одбележено формирањето на првиот батаљон „Мирче Ацев'' [21] со што е завршено комлетирањето на процесот за формирање на народноослободителната војска кај народот веќе именувана како Македонска војска. Народноослободителната војска која веќе кај народот била препознатлива како народна или Македонска војска постепено ке се наметне на теренот и ке го заземе теренот на делот од поголемото Југословенско односно балканско боиште. Потоа еден од круцијалните документи на Главниот Штаб со огромна историска димензија и денес присатна секако е и Манифестот на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ[22] во кој за прв пат официјално е спомнато и обзнането името на Генералот и ГШ на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски. Специфичноста на обзнанувањето на Манифестот е пред се како политичка декларација која ги опишува и предвидува идните елементи на идната конституција. Тоа е документ кој ке ја утврди и афирмира пред се националната програма исто како и политичката во позадина придонесувајки во идните дејанија од

---

[19] Корените на т.н. "Антипартиска група" се провлекуваат уште од Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, кога дел од членовите на АНОК (Акционен народно-ослободителен комитет) напишале опширен Приговор кон Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Членовите од АНОК, всушност, ја сочинувале оваа Антипартиска група, а подоцна влегле во Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. АНОК, всушност, била неформална група. Д-р Михајло Миноски, Македонија и Србија (1878-1944), Скопје, 2010, стр. 470; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава том 2, Универзитет "Кирил и Методиј," Факултет за филозофско-историски науки, 1981, стр. 409

[20] Преспанско советување на ЦК на КПМ (2-4 август 1943 година) е втор состанок на Централниот комитет на КПМ, одржан во Преспа, во непосредна близина на село Отешево. Учествувале членовите на ЦК на КПМ Кузман Јосифоски - Питу, Цветко Узуновски - Абас, Страхил Гигов - Андро, инструкторот на ЦК на КПЈ во Македонија, Добривое Радосавлевиќ - Орце, подоцна се приклучил и Светозар Вукмановиќ - Темпо, делегатот на ЦК на КПЈ и на ВШ на НОВ и ПОЈ во Македонија. Владо Иваноски, Преспанскиот состанок на ЦК КПМ од август 1943, посебно издание, Скопје, 1983 година

[21] Мирче Ацев (Ореовец, 20 октомври 1915– Скопје 4 јануари 1943) — македонски комунист, учесник во НОВ. Бил член на Покраинскиот комитет на КПЈ на Македонија од 1941 година и член на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија. Бил прогласен за народен херој на Југославија на 29 јули 1945 година како еден од првите борци од Македонија кои го добиле тоа одликување (заедно со Стеван Наумов - Стив, Орце Николов, Страшо Пинџур, Христијан Тодоровски - Карпош и Кузман Јосифовски - Питу). Името го добил по стрико му Мирче Ацев, војвода од времето на османлиското владеење во Македонија. Неговата сестра Вера Ацева исто така учествувала во НОВ и била прогласена за народен херој. Народни херои од Македонија", Наша книга, Скопје, 1973, стр. 49.

[22] Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ претставува прв манифест упатен до македонскиот народ во текот на НОВ, во кој се повикува народот на решителна вооружена борба против окупаторот, а воедно ги истакнува и целите на национално-ослободителната борба на македонскиот народ. Него го објави Главниот штаб на НОВ и ПОМ во октомври 1943 година од селото Црвена Вода, Караорман планина. Манифестот е потпишан од политичкиот комесар Цветко Узуновски, од командантот Михаило Апостолски и од членовите на штабот: Методија Андонов - Ченто, Хамди Дема, Страхил Гигов, Венко Марковски, Петре Пирузе, Иван Танев, Никола Минчев, Елисие Поповски и Кузман Јосифовски - Питу.

Народноослободителната војна за решавање на Македонското прашање не само во услови на НОБ на Југословенските народи туку пошироко во еден себалкански контекст.„ Имено манифестот ке ја соопшти можната перспектива, покрај братскиот сојуз со сите Југословенски народи или „сојузот на јужнословенските народи'' – „братски федеративен сојуз на сите балкански народи''како најприфатливо решение„за соединението на Македонија''. Манифестот ке ја оствари својата цел и во општиот полет за раѓањето на националната држава е силно прифатен од Македонскиот народ и ке стане силен иден мобилизирачки фактор во следствените битки и настани поврзани со Македонската самобитност. Околу силината на одекот на Манифестот имало многу коментари и предизвикал многу внатрепартиски и военополитички дискусии. Таков е случајот со приговорот на АНОК[23]. Иако се претставил поприлично драматично приговорот не ја одсликувал реалната состојба на теренот, но тој секако ја одиграл својата историската улога и ќе остане забележен. Исто така и Темпо имал свои визии и видувања, толкувања и прашања до Врховниот штаб но, повторно Апостолски имал адут кој бил одлучувачки и за партијата и за македонската кауза. Михаљо Апостолски во своите спомени тврди„ Манифестот бил присутен на Второто заседание на АВНОЈ (29ноември 1943) што беше од особено значење кога се има предвид фактот дека македонската делегација не успеа да стаса до Јајце. Манифестот пред широкиот аудиториум на југословенските народи ги промовира барањата на националноослободителното движење и револуционерните придобивки на НОБ. Македонија во тие ноемвриски дни на 1943, преку својата ослободителна и антифашистичка војна, го извојува рамноправниот статус на федерална единица во југословенската заедница иако нејзиното конституирање како држава се уште не беше доведено докрај''.

---

[23] 9 декември 1943 г. До главниот штаб на Македонската народно ослободителна војска и П.О. Некаде во Македонија.

„Реч - Народноослободилачка борба - била би само једна фраза, па чак и превара, када она не би имала осим општејугословенског смисла и национални смисао за сваки народ посебице, тј. када она не би значила осим ослобођења Југославије у исто време ослобођење - Хрвата, Словенаца, Срба, Македонаца, Арнаута, Муслимана итд... У томе и јесте суштина народноослободилачке борбе..."Тито („Пролетер" бр 16-декември 1942 година)

„Никогa до сега, македонски народе, не си имал толку убаво положение и толку многу сојузници за да ти се изполни твојот вековен идеал - СОЕДИНЕНИЕТО НА МАКЕДОНИЈА... За това требе да создадеме заедно фронт со сите балкански народи во борба против фашистките окупатори и против секој империјализам на Балканот..."

(От манифестот)

Приговорот на Манифестот го напишале, Киро Глигоров и Благој Хаџи Панзов. Особено внимание во Приговорот било посветено на крајната цел на Народноослободителната војна и идниот статус на Македонија и македонскиот народ во идната федерална држава. Во основа се издеференцирале две концепции, или две државотворни програми. Едната, која сметала дека крајната цел на НОВ е ослободување на вардарскиот дел на Македонија кој ќе стекне ограничена државност во југословенската федерација, и втората-за целосна суверена и самостојна држава, односно обединета Македонија. Тоа, всушност, биле две концепции: пројугословенската, за која се залагал поголемиот дел од македонското партиско и воено раководство и промакедонската чии носители претставувале т.н. "Опонентска граѓанска демократска политичка струја". Д-р Михајло Миноски, Македонија и Србија (1878-1944), Скопје, 2010, стр. 470, Блаже Ристевски, „Професорот и државникот Мане Чучков пред и по АСНОМ", Современост, бр. 5, Скопје, 2005. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава том 2, Универзитет "Кирил и Методиј," Факултет за филозофско-историски науки, 1981, стр.409

Доколку го разгледуваме Манифестот од аспект на случувањата и одлуките на АВНОЈ, тој моше слободно со сите свои атрибути да го понесе епитетот на државотворен документ. Втемелувачки државотворен документ со кој може да се гордее секој Македонец а посебно генералот Михајло Апостолски кој иако не бил во официјалниот список на делегатите кои што требале да присуствуваат на свечениот чин на АВНОЈ веќе на второто заседание на АВНОЈ бил избран за член на неговото Претседателство.

Значи во македонското воено и военополитичко раководство немало заземено став за испраќање на генералот и командант на НОВ и ПОМ со своја одбрана делегација во Јајце. Тема којашто заслужува дополнитени анализи и коментари. Би запишал дека неговиот воен гениј сигурно немало туку така лесно да биде недостоен на теренот и да се пробие до Босна, напротив веројатно и би успеал во тоа. Како и да е повторно имало некакви недоразбирања на релациите помеѓу воеnото и политичкото раководство и КПМ кој да ја претставува идната македонската федеративна единка во Јајце.

Би констатирал, многу е веројатно дека некои внатрешно политички и военополитички сили не сакале негово присуство на заседанието од строго завидливи и политички причини поради неговата високо воено стручна маркатна фигура. Други пак фактори негови блиски соработници веројатно сметале дека е премногу опасно да се рескира неговото движење кон Босна и неговото зачувување на Македонскиот терен бил единствена опција за која би направиле све тој да не отпатува. Како и да е генералот Михајло Апостолски има свои сознанија и толкувања во врска со критериумите за избор на делегатите за АВНОЈ.„Ние предлагавме воени команданти и политички раководители но се случи јас да не бидам предложен за делегат. Меѓутоа, Врховниот штаб, веројатно поради тоа што навреме не ги добил сите радиограми со имињата на сите личности, а можеби сметајки дека е направен некој пропуст, не само што и мене ме вклучи во делегатите туку ме избра и во президиумот на АВНОЈ[24]''.

Неговиот пред се војнички гениј веќе е забележлив и не случајно на 28-02-1944 година со директна наредна на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ да се формира нов Оперативен штаб за Македонските, Српските и Косовските воени единици, и тој да биде ставен под директна команда на генералот Апостолски и Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Со овој чин генералот Апостолски фактички добил највисоки овластувања од сите Титови команданти на главните штабови и во текот на НОВ, фактички добива најшироки овластувања од Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ. Од февруари1944 година под директна команда на Генералот Михајло Апостолски се ставени освен Македонските 33 оперативни бригади дополнително на располагање и Косовските и јужно српските бригади како и бригадите на Отечествено Фронтовската Бугарија. Можеме слободно да констатираме дека од крајот на Февруари 1944 година под директна команда на Генералот Апостолски е ставена една респектабилна мала армија. Слободно може да се констатира дека Јосип Броз Тито лично во него препознал вистински воен лидер, врвен стратег и храбар бескомпромисен командант со неограничени и непознати за него и за

[24] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 7-9.

целото военополитичко југословенско раководство можности за воени активности и можни идни придобивки од тоа.

Сходно претходно изнесеното, станува јасно дека генералот и командант на Главниот штаб на НОВ и ПОМ и Штабот секако имаат круцијална улога и во подготовките за одржувањето на Првото заседание на АСНОМ. Самиот генерал Апостолски е член на иницијативниот одбор и е директно вклучен и одговорен во подготовките во сите негови фази. Не е случајно и одбрана локацијата Првото заседание на АСНОМ да се одржи токму на локацијата на манастирот Св. Прохор Пчински. Секако дека тука главен збор имал генералот Апостолски. Во неговото последно дело „Спомени'' но и во многу други негови дела како и дела на идните македонски историчари се потенцира и се потврдува оваа теза. „Ние решивме тоа да се одржи во манастирот Прохор Пчинскиод две причини: прво, тој манастир според картата на Јаранов со која располагавме и припаѓаше на Македонија, и второ што истиот манастир беше наша база. Да додадам дека таму имаше и убави простории што соодејствуваа на мигот, свечени и довол но пространи ....а ако го одрзиме на денот на Илинденското востание со тоа и официјално ке го прогласиме и Вториот Илинден. Ние водевме многу сметка за традицијата''[25]

Потребно е да се знае дека се до одржувањето на Првото заседание на АСНОМ ГШ на НОВ и ПОМ врши и политичка функција односно функционира како привремена влада, бидејки организира настани, избори за делегати за АСНОМ, делегати за народноослободителни одбори, отвара училишта, фунционира на целата слободна територија како неприкосновен суверен на власта, организира и функционални народноослободителни судови и други дејанија. Затоа со решение на самиот ден Илинден на 2 август 1944 година. Првото пленарно заседание на АСНОМ изразило длабока благодарност на Главниот штаб и кон Генералот и командант на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски со специјална благодарница за неговата сестрана политичка работа околу собирањето на сите патриотски сили на нашиот народ, за подигнувањето на името на нашата земја пред меѓународните фактори и работата околу формирањето на праведна и демократска власт. Со решението им се изразува благодарност на сите борци на народноослободителната војска. Генералот Михајло Апостолски очекувано е избран за член на АСНОМ. Тој е избран да биде член на АСНОМ односно на Президиумот на народното собрание на Демократска Федеративна Македонија до есента 1946 година.

Уште во текот на критичните моменти на војната тој ке биде унапреден во чин Генерал Мајор на 15 декември 1943 година. Потоа ке напредува и во текот на завршните операции за ослободување на Македонија а подоцна и Југославија каде ја води Македонската војска ќе биде унапреден во чин на Генерал потполковник.

По завршувањето на војната тој има блескава кариера во ЈНА. Станува помошник на Генералштабот на ЈНА 1945 година, Командант на Сараевската воена област 1946-

[25] Виолета Ачковска, Александар Атанасовски, Ванчо Ѓоргиев, Далибор Јовановски, Никола Минов, Стефан Пановски, Востанијата во Македонија,Универзитет СВ. Кирил и Методиј, Филозофски факултет Скопје, Востанијата во Македонија, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Универзитет„Св Кирил и Методиј'' ФЗФ, Скопје, 2015, стр.315

1952, началник на вишата воена академија и началник и командант на пешадијата на ЈНА до 1958 година.

Покрај високите воени Генералот Михајло Апостолски заземал и високи политички и општествено одговорни функции. Бил пратеник во Уставотворното собрание на Југославија, еден навистина грандиозен настан. Подоцна, откога ќе се трансформира тој е дел од Собранието на ФНРЈ. На ова тело ке остане член во повеќе мандати 1950, 1953, 1958 како пратеник на соборот на народите. Подоцна избран е за пратеник на Сојузниот оборот на народното Собрание на ФНРЈ. Подоцна во 1969 станува пратеник на Општествено политичкиот собор на сојузното собрание.

На Македонско ниво како дел од Федерацијата, Генералот Михајло Апостолски како стар член на КПМ уште од нејзиното формирање во 1942 година бил избран за член на ЦК на КПМ веднаш по завршувањето на војната. Бил член на Главниот одбор на Сојузот на борците од НОБ на Македонија и на сојузниот одбор на сојузот на здруженијата на борците на НОВ на Југославија.

Тој бил пратеник на уставотворното собрание на Македонија. Потоа бил пратеник на Народното собрание на НР Македонија по изборите 1950 година.

Во 1963 Михајло Апостолски е избран за член од Македонија за советот на федерацијата.

Мора да истакнам дека неговата голема љубов и веројатно пасија е бавењето со историјата. Историјата пред се на Македонскиот народ но и со многу други осврти кон соседите и од разни други области и секако дела објавени на многу европски и светски јазици. Така освен командувањето и љубовта за слобода на татковината, историјата ќе биде неговата втора водилка и љубов која напишана на неговиот препознатлив стил навистина никогаш нема да може да има заборав. Како истакнат интелектуалец и хуманист, како личност ке оствари огромно творештво видливо окупиран со историската вистина.

Подоцна во својата кариера нормално како исклучително надарен и талентиран писател од областа пред се на воената историја ќе објави низа дела и текстови кои ќе ја откријат пред светот вистината за македонската борба за време на НОБ, но и воопшто македонската вистина ќе стане подостапна во светските литератури. Исто така, Апостолски не заборавил и на останатите историски атрибути поврзани со Македонија, пред се Илинденското востание и периодот пред и после него ќе бидат составен дел во неговиот опус.

Неспорно е дека треба да се истакнат и неговите картографски способности. Во неговите први повоени дела се нацртани првите воени мапи и карти кои се предмет на воена анализа и до ден денешен, неспорно покажувајки го својот талент за топонимија, топографијата, геодезија како и за географијата воопшто.

Бидејки бил добар познавач на овие дисциплини тој често бил на чело на партизанските колони за време на маршевите или пробивите, нешто што ги красат само најголемите воени команданти и воени гении. Затоа и неслучајно се испеани песни за

него дека „Апостолски е првиот на патот'', како потврдена и видена од многу негови соборци, вистина.

„Прв'' на патот за слободата на Македонија подоцна ќе стане и прв помеѓу историчарите во Македонија исполнувајки ја својата втора научна љубов но и копнеж да се запише вистината за Македонија.

Избран е за директор на Институтот за национална историја[26] (1965-1970). Во 1967 година е реизбран веќе како член на Македонската Академија на Науките и Уметностите[27].

Претседател на МАНУ станува во 1976 година. Избиран е во два циклуса за нејзин претседател, се до 1983 година.

Академик Михајло Апостолски има огромен опус од преку 500 библиографски референци. Трудовите му се посветени и поврзани најмногу околу воената историја но

---

[26] Институт за национална историја (ИНИ) — државна научна установа основана со уредба на владата на НР Македонија од 22 јули 1948 година, со основна задача да ја проучува историјата на Македонија и македонскиот народ, на народностите и на етничките групи што живеат во неа. Со посебен Закон за Институтот за национална историја од 1965 година поблиску се определени неговите задачи. Седиштето на Институтот за национална историја е во Скопје. За прв директор е именуван Митко Зафировски, а денешен директор на Институтот е д-р Драги Ѓоргиев. ИНИ својата дејност ја остварува преку научноистражувачка, издавачка и наставна дејност (последипломските и докторските студии). Институтот за национална историја низ годините минал низ неколку фази. Првата фаза е четиригодишниот период од 1944 до 1948 година, која се одликува со силно влијание на југословенската и советската историографска школа. Темелите на идејата за создавање на Институт за национална историја биле псотавени на Првото заседание на АСНОМ, на 2 август 1944 година. Бил формиран специјализиран Историски отсек при Главниот штаб на Југословенската армија, за Македонија, со задача да прибира и да подредува архивска граѓа. Во почетокот на 1948 година, кога Институтот се наоѓал во фаза на организациско оформување, бил формиран Научен совет како претходница на Институтот. Во напорите за прибирање изворни материјали и за формирање библиотечни фондови, најголем придонес имал еден од основоположниците на ИНИ, д-р Љубен Лапе, кој во 1946 година учествувал во преземање на библиотеката и архивата од Македонскиот научен институт во Софија, што е донесена во НР Македонија. Институтот како самостојна научна институција бил формиран со Уредба бр. 8556, која Владата на НРМ ја потпишала на 20 јули 1948 година. Првото име гласело: Научен институт за национална историја на македонскиот народ, со седиште во Скопје. Во оваа фаза се пристапило кон конципирање на модерната македонска историографија. Во периодот од 1980-1990 година, започнал процесот на критичко превреднување на научните достигнувања на македонската историографија, и се појавил стремежот да се обработат некои „табу теми" за кои Институтот во претходниот период воопшто не се произнесол. Во 2008 година бил донесен нов Закон за научно-истражувачка работа, а две години подоцна, Институтот го прилагодил својот Статут со Законот.

[27] Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) — национална научно-творечка установа основана на 23 февруари 1967 г. За нејзин прв претседател бил избран Блаже Конески, а тековен претседател е Љупчо Коцарев. Членовите на МАНУ се избираат на секои три години на централното собрание на Академијата и од формирањето досега МАНУ имала 154 членови од кои сега 41 се со статус на редовни членови, а 33 се со статус на членови надвор од работниот состав. Досега имала и четири почесни членови, и тоа Коле Чашуле, Јосип Броз - Тито, Едвард Кардељ и Борис Евгенович Патон. Најстар академик е Ѓорѓи Филиповски (1919), а најмлад Абдулменаф Беџети (1959). МАНУ е членка на CEN (Мрежата на академиите од централна и источна Европа) и SEEA (академии од југоисточна Европа). На редовна основа на заеднички научно-истражувачки проекти МАНУ соработува со: Европската академија на науките и уметностите, Друштвото на науките „Лајбниц" од Берлин, Бугарската академија на науките и националните академии на науките на Украина, Русија, Полска, Романија, Унгарија, Србија, Црна Гора, Словенија, Косово и Турција МАНУ досега има издадено околу 1.690 научни трудови од сите сфери на науката и уметностите. Изданијата опфаќаат поголем број на стручни монографии, зборници на трудови, научно-истражувачки проекти и студии, збирки, каталози и уметничка книжевност на македонски и англиски јазик.

независно од тоа тој на многу свои дела без разлика дали се монографии, дела, критички осврти, воени анализи, студии итн не си дозволил комодитет да не ги обработува и современите теми и настани. Исто така често е критичар или редактор на многу радио или ТВ емисии или серии и серијали емитувани на сервисите, најчесто поврзани со НОБ но и со современите токови на тогашната Социјалистичка Република Македонија. Меѓутоа „Тој направи успешна симбиоза на минатото со современиот миг и ја одбегна стапицата на идеологијата.’’Овој заклучок е брилијантет и точно дефиниран.

Михајло Апостолски е навистина врвен компетентен научник истражувач и толкувач на историјата и поради фактот што неговите трудови се подкрепени со фактографски содржини, дополнети со изворна документација, потоа со лично водење на сопствени дневници и карти за активностите на теренот кои се револуционерни од аспект на некои до тогаш непознати материи и теми незапишани никогаш во никаков документ. Неговиот талент како историчар е револуционерен и поради фактот дека настаните ги надополнувал со точни и аргументирани факти поврзувајки го патриотизмот и со науката но само со вистински докази.

Затоа кога се анализираат неговите дела поради неговата целосна точност во аргументацијата и фактографијата се приметува целата прецизност, детален опис и неговата внимателност при објаснувањата. Сето тоа на прв поглед не остава многу простор за дополнителни коментари и заклучоци, но напротив, доколку неговиот стил го погледнеме од еден поразличен филозофски аспект ке видиме дека самиот укажува на дополнителна ангажираност и дека има уште многу простор да се анализираат дадените напишани дела. Тие всушност инспирираат и отвараат простор за нови истражувања.

# ГЛАВА- I : Детство, Младост, Школување

## 1.1.Детство, младост, почетоци на школување

Михајло Апостолски е роден на 8 Ноември на големиот христијански празник Митровден во Ново Село до Штип во многудетно сиромашно занаетчиско[28] семејство на Апостолски. „Твојата појава денес на Свети Димитрија е знак значаен синко ...се помоливме да ни раснеш и пораснеш како Свети Димитрија како него воин за правда на бога да војуваш...и на лут коњ да вјаваш да се тресе земјата под неговите копита...а македонската држава да цути на Балканот[29]”. Кумот му го дал името на голема радост на неговиот дедо, во чест на големиот светец и воин Михаило, бидејки во Македонија не било обичај децата да се крстат по татковците. Сепак, новородениот Михаило го красело тројство, тој е крстен на Митровден, татко му се викал Мите, и сето тоа на задоволство на неговиот дедо. Татко му Мите (1878-1967) и мајка му која се викала Васа (1888-1979) со родено презиме Коцева биле пререкни со приновата. Дедому се викал Апостол по што семејството било препознатливо и понатаму го добило своето презиме. Родителите и покрај тоа што се труделе на семејството да му овозможат подобри услови

[28] Дело 74, списание за општествени прашања уметност и култура, културно просветна заедница – Штип,уредници, Блаже Китанов, Венко Прилепчански, Штип, октомври 1986,стр. 4
[29] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 11

за живот, како занаетчиско семејство сепак едвам врзувале крај со крај да ги одгледаат шесте деца. Таткому бил кондураџија занаетлија и имал дуќан во чаршијата. Поради преголемата ангажираност татко му неможел многу да влијае на Михајло дали ќе работи во дуќанот или ке се школува. Секако Михајло му помагал на татка си посебно откако дуќанот им изгорел па имале голема мака да го обноват. Тој одел секој ден попладне во дуќанот да му помогне на татка си. Нормално време за учење скоро и да немал па учел само ноќе. „Време за учење ми остануваше само ноќе, па си создадов навика да учам само ноќе. Се сеќавам како постојано учев на една газиена ламбичка’’[30]. Подоцна за време на првата светска војна татко му ќе биде ангажиран од „Ополчението[31]“ каде најголемиот дел од борците се регрутирани Македонци што е општо познато. Баба му се викала Катерина а дедому Апостол бил почитуван вреден и чесен човек препознатлив во градот, од него и потекнало презимето на семејството, Апостолски. Како мало момче бил веднаш приврзан кон дедоси што е и нормално за најстариот и прв внук. Нивната врска била посебна. Семејството на Апостол Апостолски потекнувало од градот Корча денешна Албанија. Во Ново Село Штипско дедо му се населил кога се градела Црквата каде тој работел како ангажиран работник. Тој освен работата во црквата го работел и кондураџискиот занает кој подоцна ке продолжи да го работи и неговиот татко. Во најмладите детски години во очите на младиот Михајло дедому му бил водилка и му вдахнал многу квалитетни духовни и човечки карактеристики.„Кога се роди брат ми Боро грижата за мене ја презедоа дедо ми и баба ми, кои живееја во иста куќа и со моитеродители со кои живеев во истата куќа. Иако бев малечок дедоми ме тераше да работам. Ме водеше на лозјето ме тераше да калемам така што љубовта кон природата

---

[30] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 16.

[31] Македонско-одрински доброволни чети или Македонско-одринско доброволство, во бугарската историграфија и во постарата македонска историска литература се сретнува како Македонско-одринско ополченство (бугарски: Македоно-одринско опълчение) — македонско-бугарска доброволна воена формација во рамките на бугарската армија за време на Балканските војни. Генералот Иван Фичев, со наредба од 26 септември 1912 година сите партизански чети и одреди формациски ги вклучил во составот на Македонско-одринскиот полк. Со тоа македонските и одринските одреди и чети станале дел од бугарската армија и ја примиле нејзината организациона структура - одделенија, водови, чети. Со истата наредба, Штабот на партизанските одреди бил преименуван во Штаб на Македонско-одринските доброволни чети, односно во Штаб на доброволни баталјони. За главен командант на Штабот е поставен генерал-мајор Никола Генев. Негов помошник е потполковник Александар Протогеров, а мајорот Петар Дрвингов е поставен за началник на Штабот. До 26 септември 1912 година, Штабот на доброволните баталјони располагал со 6.500 доброволци и само со шест офицери.

До крајот на септември 1912 година, од македонската емиграција биле формирани пет баталјони: Дебарски, Скопски, Битолски, Охридски и Солунски. Од вкупниот број на формираните чети во Бугарија при крајот на септември 1912 година, во Македонија биле префрлени 52 партизански чети, од кои 17 во Битолскиот округ, полковник Стефан Николов, на втората потполковник Антон Пчеларов и на третата бригада потполковник Александар Протогеров. Во целост, Македонско-одринското ополчение се состоело од штаб, од три бригади од по четири баталјони, музика, воена болница, интендантска чета, огненострелачки парк, снабдувачки транспорт и инженерско-технички дел.

Вкупната бројна состојба на Македонско-одринскиот полк во пролетта 1913 година изнесувала 14.670 луѓе, од кои 11.470 од Македонија, 1.215 од Одринска Тракија и 2.512 од Царство Бугарија. По добивањето оружје од бугарската армија, Македонско-одринскиот полк веднаш бил префрлен на фронтот во Тракија. На 7 ноември 1912 година започнале борбените дејства. Македонските доброволци, се покажале мошне борбени и успеале уште во првиот налет да ги принудат силите на Јавер-паша на повлекување, при што Турците имале бројни загуби. Во меѓувреме биле формирани уште три доброволни баталјони: Кукушкиот, Воденскиот и Штипскиот. Со нив била засилена секоја бригада со уште по еден баталјон.

и многуте работи од земјоделието ги стекнав и ги научив од него''. Неговата парола беше „Џабе работи-џабе не седи[32]''. Дедо му освен правењето на чевли кои ги правел сериски многу го сакал и овоштарството. Бил многу интелигентен човек и со бистар ум како го опишал внукот Михајло. Исто така го терал малиот Михаило постојано да работи па така му имал направено и мал алат како за мал мајстор. На нива пак го носел до касно а понекогаш го оставал сам да го чува бостанот и тоа ноќно време. Тој никогаш од ништо не се плашел и незборувал за стравови затоа веројатно и позитивно делувал на момчето кое го воспитувал да биде вреден.„Никогаш не зборуваше за страв, за страшни нешта,па веројатно поради тоа и мене тоа чуство долги години ми беше непознато. Дури подоцна сватив што е тоа страв''[33].

Овој коментар има длабока вистина и тежина бидејки низ што све поминал подоцна Генералот Михајло Апостолски јасно укажува на неговата бестрашност и храброст, тие особини човек ги стекнува во младоста а ги покажува возрасен.

Малиот Михајло запаметил како дедому му раскажувал за борбата на црквата за време на црковната преродба, нешто што навлегувало во сосема друга димензија од неговото оформување. Сликовито и детално му го опишал доаѓањето на еден грчки поп кој сакал да одржи богослужба во црквата „Света Богородица''но наместо тоа бил набркан од новоселското и штипското правславно население.

Според раскажувањата на дедаси и тоа што го разбрал и од други луѓе тоагаш народот посакал дедому да стане поп. Дополнително поврзано со настанот е и фактот што во тој крај никогаш ниту од дамнина немало грчки поп. Како и да е дедому бил полуписмен човек и иако имал талент неможел да стане поп.

„Михајло беше многу приврзан кон семејството, многу го сакаше дедо си. Со него постојано разговараше за тоа што било пред Илинденското востание[34], што се

[32] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 16
[33] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 17
[34] Илинденско востание — претставува востание на македонскиот народ, против османлиската власт. Конгресот на Македонската револуционерна организација, одржан во Солун, донел одлука на пролет 1903 г. да се крене оружено востание при што започнувањето и водењето на востанието им биле препуштени на окружните комитети. Конгресот на Битолскиот револуционерен округ, одржан во Смилево, одлучил да се крене општо ослободително востание и избрал Главен востанички штаб на Битолскиот револуционерен округ (во состав: Даме Груев, Борис Сарафов и Анастас Лозанчев), кој донел одлука востанието да започне на денот Свети Илија, 2 август 1903 година на големиот христијански празник Илинден. Задграничното претставништво на Организацијата во Софија, им предало на владите на европските големи сили Декларација со која биле известени за неподносливата експлоатација и за жестокоста на режимот на османлиската држава кој не ги почитувал елементарните права признаени на македонскиот народ со Берлинскиот договор. Од нив се барала ефикасна интервенција за да се присили владата на Турција, како единствено одговорна за воениот конфликт, да ги изврши преземените обврски и на Македонија да ѝ даде автономија. Во ослободеното Крушево била создадена Крушевската република, со Совет и со Привремена влада, избрани од народот. Привремената влада имала ресори: за внатрешни работи, за финансии, за исхрана, за изградба и за санитет. За одбрана Привремената влада извршила мобилизација на машкото население способно за борба и презела мерки за заштита на муслиманските семејства на избеганите државни службеници и на нивните имоти, обезбедувани од Востаничкиот штаб. Во селата со муслиманско население бил упатен повик, познат како Крушевски манифест, во кој се соопштувало дека македонскиот народ се кренал на оружена борба против тиранската власт и насилниците, а не против сиромашното муслиманско население, дека востаниците не се разбојници, туку революционери па затоа тоа да не се плаши, да остане мирно и дека во автономна Македонија сите ќе

случувало по Илинденското востание, кога се поделила ВМРО на Врховисти и Централисти итн[35]''.

Михајло Апостолски уште како мал како дете станал свесен за борбата односно за револуционерното движење што се одвивало во континуитет во Македонија. Бил сведок на многу интересни настани од кои неколку навистина се интересни за анализа.

Пред се во нивната фамилијарна куќа често навраќал неговиот тетин Милан Василев, кој бил локален војвода на организацијата на ВМРО на месната чета. Уште како мал често слушал разговори за ропството. Бидејки бил дете неможел да се сети на многу детали но за својот тетин Апостолски вели дека бил честит Македонец. Тој како и многумина Македонци од Штип и штипско бил многу разочаран од бугарската политика и постојано говорел за ослободување на Македонија. Подоцна за време на првата светска војна тој бил мобилизиран во една од македонските дивизии од страна на бугарската привремена окупаторска власт.

„Јас уште како мало дете почуствував дека Македонија не е слободна. Тоа сознание го добив од разговорите со дедо ми , но и некои други разговори што ги дознав кога кај нас доаѓаа гости. Беше особено интересно да се слушаат разговорите кога кај нас доаѓаа гости. Беше особено интересно да се слушаат разговорите со Ристо Шекерински кој доаѓаше кај нас на визита секоја недела. Шекерински беше вклучен во револуционерното движење и секогаш кога седнуваа кај нас почнуваа разговор за ослободувањето на Македонија. Јас како дете ги служев со ракија и ги слушав што зборуваат. Посебно се сеќавам на еден настан од 1912 година. Се наоѓав во куќата на тетин ми Милан Василев. Куќата им беше во центарот на Ново Село. Од Чардакот гледавме голема турканица низ мошне тесната улица. Турканицата се создаде од бегање на Турците пред доаѓањето на сојузничките војски во Штип. Страшна гледка: туркање, врескање, бегање. Тогаш тетин ми го извади пиштолот и ме тераше да пукам во Турците. Тој настан неможам да го заборавам''.[36]

Малиот Михајло веќе на 6 или 7 годишна возраст бил свесен дека Македонија е поробена, дека во Македонија се води непрестана борба за слобода веќе со години station наназад и дека поробувачите се Турците. Разбрал и за величенственото илинденско востание.„Пред да се роди тој, му раскажуваше дедо му, станале и Македонците на Илинден, и ослободиле неколку градчиња. Востаниците Крушево го држеле десетина дена. Во херојските дела на предците и илинденците, што му ги раскажуваше дедо му[37]". И покрај сите зулуми за кои што слушнал поради неговата возраст пред се но и поради општо човечката хумана страна иако бил само мало дете не можел да го оправда

имаат еднакви права и слободи. Стојчев, Ванче (2000). Воена историја на Македонија. Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија : Воена академија "Генерал Михаило Апостолски".стр. 483., Ванчо Ѓорѓиев „Слобода или Смрт: македонското национално-ослободително дело во Солунскиот вилает 1893 - 1903 година", Скопје, Институт за историја - Филозофски Факултет, 2003.

[35] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, Култура Скопје 2002 година, стр.17

[36] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр 13, 18-19

[37] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 13

пукањето во цивили или луѓе кои се на бегање од сопствениот дом затоа и бил шокиран од настанот кога започнала всушност Првата балканска војна.

Претходно со другарите со децата од Ново Село и штипските маала секојдневно си играле чудна но игра која по некоја логична причина се викала „Македонци против Турци''. Од временски аспект гледано тука нема ништо чудно, машките деца сакаат воени игри, или игри за докажување. На пример и мојата генерација имаше игри кои се викаа „Партизани против Германци''. Денешните пак генерации играаат нови нови воени игри на компјутерските екрани, итн. Секоја генерација во своето детство има свои омилени воени игри. Апостолски како дете со своите другари уживал во својата омилена воена игра„водиме војни'', отприлика тоа вака го доживувал.„Ние децата во тоа време немавме играчки. Најчесто си игравме „Турци и Македонци''. Правевме и плетени прачки од конопна нив стававме камен и со вртење на прачката го фрлавме далеку. Со тие прачки водевме цели војни и тоа во оној дел од градот каде живееја Турци но и во Ново Село кое тогаш беше чисто Македонско немаше ниту еден Турчин. Само на почетокот и на крајот на селото постоеја турски караули. Нашето Ридарско маало беше прочуено по играта „водиме војни''кои се одвиваа околу гробиштата и црквата „ Свети Спас''. Личеа на вистинско „Косово Поле''. Качени на повисоките позиции, со прачките фрлавме камења на подолните позиции со дострел и до стотина метри. Војниците долу од градот ги прогласувавме за Турци а ние бевме Македонците. Такви беа нашите основни игри''[38].

Првата балканска војна а подоцна и втората, како и понатаму првата светска војна многу ке влијаат на малиот Михајло околу формирање на неговиот карактер околу формирањето на неговата личност. Претходно увидовме дека чуството на страв му станало страно, односно тоа чуство воопшто не го имал почуствувано во детството во најраните години а благодерејки најмногу на неговиот дедо Апостол. Чуството на храброст и одлучност како и чуството за победник му се формирало исто така паралелно тие години сликовито објаснето во неговите маалски војни, неговите македонско-турски детски војни. На свои свои 7 или 8 годишна возраст веќе имал многу видено, чуено доживеано. Не случајно ќе продолжи да се развива неговиот борбен дух и понатаму бидејки ке следат ужасите што ке ги донесат со себе балканските а подоцна и првата светска војна. Штип ќе биде на линијата на огнот најпрво помеѓу сојузниците а потоа големите непријатели, Србите и Бугарите. И таа епизода од неговиот живот дополнително ќе го обликува неговиот карактер. Обете армии најпрвин се допреле кај Штип и штипската околија за подоцна да започнат со отворени непријателства и

[38] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр 16-17

регрутирање на населението. Ќе се одигра драматичната и клучната за втората балканска војна[39] „ Битката на Брегалница’’[40]. Апостолски овие настани вака ги опишува.

„По два дена во Ново Село Влегоа Српските војски. Беа свечано пречекани. Дедоми доведе десетина војници кај нас во куќата. Јадеа и ноќеваа неколку дена. Тој беше многу задоволен бидејки станувaше збор за христијански војски. Потоа дојдоа и Бугарските војски, но немаше свечености зошто тие веќе им беа приредени на српските. Со нивното доаѓање настана состојба кога (во еден период) градот од левата страна на Брегалница го држеа Бугарските а на десниот дел Српските војски. Истото се беше случило и во Ново Село. Бањата Кежовица беше во рацете на српските војски а на спротивната страна беа бугарските војски. Дури и ние децата почуствувавме затегнатост. Едно утро започна борба. Некои Бугарски единици ја минуваа Брегалница. Тогаш за прв пат видов слика што неможам да ја заборавам. На ридот Мерит, кој е точно спроти нашата куќа, стоеше војник што мавташе со барјачиња, даваше некакви знаци. Тогаш бугарската батерија, која беше поставена над нашата куќа, испали граната и директно го погоди местото каде што стоеше војникот. Оваа слика длабоко се врежа во моето сеќавање.

Следуваше повлекување на Бугарите. Притоа тие извршија насилна мобилизација на Македонците од Ново Село и од градот. Тоа беше 1913 година. На таа година се сеќавам и по колерата што пустошеше , беше страотно. Следната 1914 година ја почуствуваа само оние семејства во Македонија чии синови беа мобилизирани во српската војска. И српската војска тие години вршеше мобилизација. Оние војници што

---

39 Втората балканска војна (позната и како Меѓусојузничка војна) се одвивала во текот на летото 1913 помеѓу Бугарија и нејзините сојузници од Првата балканска војна, Грција и Србија, како и Романија и Црна Гора. На крајот од оваа војна, Србија како сојузник на Руската Империја станува важна регионална сила, што било аларм за Австро-Унгарија и најверојатно индиректно било причина за почетокот на Првата светска војна.

40 Битката на Брегалница, односно на фронтот меѓу третата. српска и четвртата. бугарска армија започнала ноќта на 30 јуни 1913 година во 2.00 часот, со ненадеен напад на 8 бугарска дивизија преку Брегалница на центарот на десното крило на Дринската дивизија. Еден час подоцна тргнала во напад и 7 рилска дивизија преку Злетовска река на левото крило на истата српска дивизија. Под притисокот на бугарските единици, претстражните одреди на Дринската дивизија се повлекле на главните позиции. Во 2 часот и 30 минути српските полкови на левото крило и на центарот ги зазеле позициите. На десното крило претстражниот баталјон наместо да ја прифати борбата со предните делови и да создаде време на својата главнина, преминал во противнапад и бил разбиен, по што српските сили биле принудени да се повлечат на дополнителните позиции на 2,5 километри зад главните.Бугарските напади на Лозјанскиот Рид и на Ежово Поле биле одбиени. На Средниот Рид избиле бугарски трупи и заплениле шест топа на две српски батерии. Со противнапад на српската резерва повторно бил освоен Средниот Рид и вратени шест топа, а бугарските сили биле одбиени на левиот брег на Брегалница. Нападите на 7 Рилска дивизија на Шаренковец и на Руен биле одбиени од 5 пешадиски полк. Поради тешката состојба кај Дринската од првиот повик, командантот на третата армија ја упатил на помош Моравската дивизија од првиот повик од армиската резерва: еден полк да изврши напад преку село Богословец, еден од правецот на село Врсаково и еден преку село Мустафино кон Судик, за да и помогнат на Дринската дивизија повторно да ги заземе загубените позиции. Полковите на Моравската дивизија пристигнале околу 10.00 часот и веднаш биле ангажирани. Настанала жестока битка во која се вршеле три до четири последователни јуриши. Артилеријата од двете страни била масовно употребувана, но без некои позначајни успеси. Во предвечерието борбата стивнала на целиот фронт. Поради големите загуби и премореноста, ноќта не биле вршени напади. На крајното десно крило бугарската војска со две бригади ги зазела Удово и Гевгелија и ја пресекла железничката пруга Солун-Скопје.

учествуваа во српската војска учествуваа во битките на Цер[41], Колубара[42] итн. Воошто во Првата светска војна 1914-1918 многу Македонци била регрутирани и мобилизирани во војските на балканските држави''[43].

Кога ги анализираме настаните опишани од остарениот Академик и Генерал за почетоците на балканските војни и Првата светска војна и предизвиканите последици од тоа веднаш може да се примети неговиот умешен детален опис за настаните онака како размислувал и анализирал целиот живот, само што сега разговорот го снимале на лента од која подоцна требало да настане и радиоемисија. Нешто што обврзувачки треба дополнително да се истражи е секако снимена лента од чиј што материјали настанала и книгата спомени. Како и да е тој рекол дека обете страни го мобилизирале македонското способно за војување население. Сепак фактот дека во градот и во Ново село прво влегле српските војски нормално им дало примат на ослободители и кај поголемиот број од народот како и кај неговото семејство биле топло примени. Треба да се знае дека Апостолски уште во своите „Статии и Студии I дел[44]'' ги опишал детално борбите на Српската војска во првата светска војна, посебно борбите околу „Солунскиот фронт'' од 188 до 224 страница а подоцна се задржува само на Македонскиот Фронт страница 225 до страница 241 каде детално ја опишува Стратегијата и политичкото значење на солунскиот фронт.„ Во овој Том објавуваме разни студии – сврзани со историјата на Македонскиот народ-со исклучокна стратегијата за воената мисла на српската војска во Првата светска војна, но и таа индиректно е сврзана за историјата и на Македонскиот народ''[45] ќе опише Апостолски во своите Студии и статии. Од овој временски аспект разбирлив е неговиот интерес за оваа тема бидејки подоцна и самиот ќе стане ученик на воената школа во Белград каде најпрво ќе се здобие подофицерски чин потоа со повисок офицерски чин и на крајот со чинот генералштабен мајор на Кралската Југословенска армија а пред почетокот на Априлската војна во 1941 година.

Војната продолжила со несмалено темпо и во 1915 година. Михаљо ќе ги почуствува стравотиите на големата светска војна.

„Ние посебно ја почуствувавме 1915 година , кога бугарските војски упаднаа во Штип. Единиците што ја бранеа границата беа разбиени. Тоа беа главно млади регрути, недоволно обучени. Како денеска се сеќевам кога бугарите водеа на стрелање една група

---

[41] Церска битка (на германски: Schlacht von Cer, на унгарски: Ceri csata), исто така позната и како Јадарска битка (на германски: Schlacht von Jadar, на унгарски: Jadar csata) бил воен судир воден меѓу Австроунгарија и Србија во август 1914 година околу планината Цер и неколку села во нејзината непосредна околина, како и во Шабац, во текот на раната фаза на српската кампања во Првата светска војна.

[42] Колубарска битка или Сувоборска битка е најзначајната битка помеѓу војска на Србија и Аавстро-Унгарија во Првата светска војна. Водена е во новември и декември 1914 година, на фронт од преку 200 километри.Завршена е со успешна контра офанзива што ја изведе силите на Прва стпска армија под команда на генералот Живојин Мишиќ, против бројно и во воена опрема многу посилната австроунгарската војска. Битката се одвивала во време кога целиот свет очекувал вест за капитулација на Кралството Србија.

[43] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр 20

[44] Студии и статии, книга I, НИК Наша книга, Скопје, стр. 1-329

[45] Студии и статии, книга I, НИК Наша книга, Скопје, стр. 4

од 60 тина заробени српски војници. Тоа за мене беше страотна глетка. Тогаш го прашав дедо ми која е разликата помеѓу Србите и Бугарите. Тој ми раскраваше дека се тоа посебни народи што имаат посебен јазик, своја државноист итн, но една работа што ми ја кажа ми остана во трајно сеќевање. Ми рече, ако останеме под Србите, ќе живееме некако, но ако дојдат Бугарите, живи ќе не изедат. Оваа негова оценка ме зачуди. Како дошол до тие сознанија, не ми е познато. Најверојатно од животното искуство. Тој тоа го почуствувал уште од борбите во периодот за преродбата. А потоа и во 1912 кога можел да види многу нешта и во 1913 и 1915 кога упаднаа бугарите и кога мене ми падна на ум да го прашам за тоа[46].'' „Осумнаесетта година кога е пробиен Солунскиот Фронт Мијалчо...дофтаса дванаесетгодишна возраст..патот на новоселската клисура е тесен за бугарската и германската војска која се повлекува пред Србите и Французите. Таа година, лозјето многу роди. На малиот Мијалчо, веќе свикнат да работи, доверено му е со два коњи натоварени со полни кошеви грозје, на два пати да мине низ колоните со војска да ги растовари дома и пак да се враќа на лозје. „Дедо одвај чекам да си одиме низ клисура...веројатно денес поради војската што бега можеби, ами поради тоа требаше уште повеќе да пееме, зошто си одат Бугарите, ама пак тоа би значело дека се радуваме оти доѓаат Србите,...а и за нив сине нема зосто да се радуваме...Ти дедо велеше дека сепак Србите се малку подобри, ...Да сине, добро си запомнал но песна се пее во пресрет на слобода...да пречекуваме македонска војска, во тој случај би ја пречекале со песни...ами дедо нели не постои македонска војска...не постои па затоа па затоа велам кога би имале наша војска цел народ ќе биде радосен ќе пее. ..Дедо кога ќе пораснам, јас ќе се борам да создадам наша македонска војска. Дедо Апостол се исправи...чул те господ синко, му рече...А постоела ли некогаш македонска војска...Постоела сине како не. Народното предание говори за тоа...Македонската војска што ја создал македонскиот крал Филип, а со неа неговиот син Александар го победи светот. Македонска војска има и за време на царот Самоил, и тој бил голем и силен војсководител[47]..”

Би сакал да направам една мала компарација за разговорот околу тоа кој е кој и кој е подобар а кој е полош и кој што е. Имено и јас како дете имав слична ситуација и тука повторно ќе го спомнам мојот покоен дедо Александар, кој подоцна ќе стане личен курир и неразделен од генералот Михајло Апостолски во периодот од 1944-1946 година[48].

---

[46] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр 20-21

[47] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 15/16

[48] Имено едно лето во почетокот на 80 –тите години на минатиот век кога бев на годишен распуст во Пехчево, како четвртооделенец разговаравме со дедоми Александар бевме во дворот на куќата, јас си играв со топка а тој работеше со својата тесла. Тогаш му поставував многу прашања. Првично, некако разговорот се наметна за фудбалски натпревар на тогашната Југословенска лига и нашиот скопски Вардар. Тогаш многумина од децата навиваа за фудбалските тимови Партизан и Црвена Звезда од Белград. Нормално во Македонија помеѓу децата имаше и многу навивачи и за нашиот скопски Вардар. Следствено следеше исклучително интересен дијалог.„ Дедо, тогаш кога повеќе навиваме за Партизан и Звезда ние Македонците со кого сме најблиски? Со Србите ли сме, Југословени ли сме, со Бугарите неможе да сме?'' Прашано во контекст за близината на народите поради сличноста на јазиците но и поради близината на бугарската граница. Тој најпрвин ќутеше работејќи си ја својата работа. Откога по втор пат го запрашав но директно и со посилен тон„ дедо” со кого сме најблиски, ние Македонците''? Тој ми одговори со јасен глас, Македонци чедо, Македонци сме си! Продолжи со работата најнормално не придавајќи ми голема важност. Тоа тогаш го прифатив со интересно убаво со полетно чуство, но за истата работа размислував

„Во текот на ноќта поточно во зорите на 30 јуни бугарската армија извршува ненадеен напад. Во познатата „Брегалничка битка'' бугарските војски претрпуваат неуспех. Операциите продолжуваат и се развиваат на просторот на старите предели на Србија''[49].

„Помеѓу 1913 и 1915 година постоеше разлика и во едната и во другата година постоеше судир меѓу српските и бугарските војски. Меѓутоа , во 1913 година битката се водеше на Брегалница. Таа во историјата е позната како „Битката на Брегалница''.




Михаило Апостолски и др. — Македонска академија на науките и уметноститеI

Map of the Battle on Bregalnica, Macedonia in First World War

- Брегалничка битка (прегледна карта).jpg
- Создадено: January 1, 1984

многу, многу години подоцна кога размислував за него, кога навираат спомените. Ако ги спoредиме разговорите на Михајло Апостолски со дедо му и мојот разговор со мојот дедо а во историски дадените временски дистанци, ќе видиме дека всушност има многу интересна сличност и голема затскриена мудрост искажана во разговорот од „дедовците'' а истовремено чистиот и прекасен детски ум кој природно бара да впива одговори.

[49] Статии и студии, I, НИК, Наша книга, Скпје, 1973, стр.183

Тука српските сили беа во одбрана а бугарските во напад. Тогаш Штип и Ново Село се најдоа меѓу двата фронта па населението многу лошо ја поднесуваше оваа војна. За 1915 година е карактеристично тоа што српските сили беа распоредени на граничниот појас и таму беа разбиени, а бугарските војски како клинови се пробиваа кон централниот дел на Македонија. Една нивна група дојде и во Штип за што веќе говорев. Од тој момент ние веќе почнавме да ја чуствуваме првата светска војна.

Најпрвин започна голем грабеж за потребите на војската. Се што и беше потребно, војската војската го обезбедуваше од народот. Тоа беше ограбување на Македонија. Настапи голем глад а него најмногу го почуствуваа и го паметат децата. Набргу по тоа 1916 година. Бугарите извршија мобилизација. Ги регрутираа не само младите, туку извршија мобилизација и на населението , независно од тоа дали некој служел војска или не. Тогаш беше мобилизиран и татко ми.

Појасно се сеќавам на 1918 година кога беше пробиен Солунскиот односно Македонскиот Фронт[50]. Тогаш бугарските и германските војски се повлекуваа низ Штип односно низ Ново Село во правец кон Ќустендил, Бугарија. Едните се повлекуваа, а другите навлегуваа. Убаво си спомнувам дека лозјето беше родило како никогаш порано. Отидовме да го береме и само што набравме неколку товари надојде бугарската војска при нејзиното повлекување. Го напуштивме лозјето и се вративме дома. Не смеевме да останеме меѓу војската. Тој ден новоселската клисура беше преполна со бугарски и германски војници. Мене ме задолжија да одам со два коња и на неколку пати да го пренесам грозјето. Имав луда среќеда се провлечам низ воените колони. Тоа беше све што успеавме таа година да собереме од лозјето.

Потоа дојдоа и српските војски. Како сега се сеќавам на еден коњички полк што пристигна прв. Ние децата слеговме долу, крај патот за да го гледаме. Еден авион падна близу до Кежовица, онаму каде што се сега гробиштата. Ние децата истрчавме да го видиме одблизу.

[50] Македонскиот фронт (познат и како Солунски фронт или Јужен) бил фронт на територијата на Македонија, на која што се воделе вооружени судири во текот на Првата светска војна помеѓу силите на Антантата и Централните сили, во периодот од октомври 1915 до септември 1918 година Фронтот се протегал од демаркационата линија кај Охрид (меѓу градот и манастирот Свети Наум), преку планината Галичица, Преспанското Езеро, сртовите на планините Баба, Нице (Кајмакчалан) и Беласица, долж реката Места до Орфанскиот залив во Егејското Море. Јужно од оваа линија биле стационирани силите на Антантата (француски, британски, српски, а подоцна и италијански и грчки единици), а северно од неа се групите на Централните сили (бугарски, германски и австро-унгарски единици).

Вака накусо, речено, јас ја доживеав Првата светска војна[51] [52]''.

„Со пробојот на Солунскиот Фронт во есента 1918 година даден е посебен придонес на сојузниците во победата над централните сили, во тоа што треба да се гледа и придонесот на српската војска. Тој придонес на Српската војска за победата над централнитев сили е од посебно значење за распадот на Австроунгарската монархија, за отцепувањето на Хрватскиот и словенечкот народ од неја, па според тоа и за создавање на стара Југославија под името „Кралство на Србите Хрватите и Словенците''. Овој акт на формирање на стара југославија е изведен на 01-12-1918 година''[53].

Детството на Михалјо Апостолски се одликува со неговото запознавање за вистината за Македонија. Се родил во време на ропство, кое го замениле војни за кои уште како мал поставувал логични прашања и барал логични одговори. Ја почуствувал гладта и немаштијата. Бил вреден и работлив од мал а чуството за страв го имал занемарено и го заменил со желба за себеосознавање и детската игра. Имал многу видено и доживеано, и прашањата и одговорите што ги добивал од дедому и од тоа што го доживувал секојдневно извлекувал сопствени заклучоци. Следствено на тој факт ја формирал својата личност. Веќе имал сознанија и за Турците дека се тие фактички старите поробители на Македонија, потоа за организираниот отпор на организацијата ВМРО каде членувале и активно се бореле и негови најблиски роднини како локални војводи, потоа секако и за преродбенското црковно движење и отпорот кон соседните црковни влијанија. За војните што следат и за новите поробители. Сите тие фактори силно делувале на него и му давале сила да се оформи во здраворазумно дете кое ги разбирало работите околу Македонската судбина. Така ке продолжи да се школува и образува и да се изгради во стамена храбра и одлучна личност.

[51] Прва светска војна, исто така позната и како Големата војна и Војна на нациите— глобална војна со потекло од Европа која траела од 28 јули 1914 до 11 ноември 1918 година. Повеќе од 70 милиони воени лица, вклучувајќи ги и 60 милиоSни Европејци, биле мобилизирани во една од најголемите војни во историјата. Повеќе од девет милиони борци и седум милиони цивили загинале како резултат на војната (вклучувајќи ги и жртвите на голем број геноциди). Оваа војна била една од најсмртоносните конфликти во историјата и го отворила патот за големи политички промени, вклучително и револуциите во многу од вклучените земји. Нерешените ривалства што сè уште постоеле на крајот од конфликтот придонеле за почетокот на Втората светска војна само дваесет и една година подоцна. Војната ги вовлекла сите светски економски големи сили, собрани во две спротивставени сојузи: Сојузници (врз основа на тројната Антанта помеѓу Руско Царство, Трета Француска Република и Обединето Кралство на Велика Британија и Ирска) наспроти Централните сили на Германско Царство и Австро-Унгарија. Иако Италија била членка на Тројната алијанса заедно со Германија и Австро-Унгарија, таа не им се придружила на Централните сили, бидејќи Австро-Унгарија презела офанзивата против условите на сојузот Овие сојузи биле реорганизирани и проширени како што повеќе земји влегле во војната: Италија, Јапонија и САД се приклучиле кон сојузниците, додека Отоманското Царство и Царство Бугарија се приклучиле кон Централните сили. Како причина за војната бил атентатот на надвојводата Франц Фердинанд од Австрија, наследник на тронот на Австро-Унгарија, од југословенскиот националист Гаврило Принцип во Сараево на 28 јуни 1914 година. Ова предизвикало дипломатска криза кога Австро-Унгарија дала ултиматум за Кралство Србија по кое заплетканите меѓународни сојузи формирани во текот на претходните децении биле повторно активирани. За неколку недели големите сили веќе биле вклучени во војната, а конфликтот наскоро се проширил низ целиот свет.

[52] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр 20-23

[53] Статии и студии, I, НИК, Наша книга, Скпје, 1973, стр.238

Неговото школување започнало во воената 1913 година. Таа година великосрпската власт веќе била етаблирана и фунционирала во новоосвоените територии во Македонија. Една од првите задачи на новите, великосрпските власти во Македонија била отварање на мрежа од основни училишта преку која се обидувале да спроведат асимилација и денационализација на македонската младина. Михајло се запишал во училиштето во Ново Село, училиштето каде учителствувал великанот Гоце Делчев. Тој иако мал знаел за Гоце и за организацијата и во неговото родно место многумина се сеќавале на Гоце. Првите оделенија ги завршил со одличен успех и учителката го засакала но, како војните ги менувале актерите кои го освојувале градот Штип и Ново Село така и со школувањето актерите се менувале учителите предавале на друг јазик а единствено останувале учениците. Интересен е пристапот при запишувањето на училиште на момчето Михаило и како фактички си го добил името. „Во 1913 година Великосрпската власт беше веќе стабилизирана, почнаа да се отвараат училишта. Јас тогаш имав седум години, требаше да тргнам на училиште. Интересно беше самото запишување. Со нас во училиштето доаѓаа и родителите. Кога ме прашаа како се викам – им реков Мише а тие ме запишаа Михаило. Потоа ме запрашаа како се вика дедо ми, им реков Апостол, а тие ме запишаа Апостоловиќ. Заодев на училиште и првото и второто оделение го завршив во српското школо. Учителката на чие име неможам да се сетам беше многу добра и се грижеше за учениците. Едно време бев болен од магарешка кашлица и морав да лежам дома. Таа доаѓаше неколку пати да ме посети. Првите две одделенија ги завршив со солиден успех одличен или многу добар неможам да се сетам. Во 1915 година се промени власта. Се воспостави великобугарска власт. Есента кога Бугарите отворија нови училишта мораше повторно да се запишуваме. И повторно истата постапка при запишувањето. Пак ме прашаа како се викам јас им велам Мише, а тие ме запишаа Михаил. Ме прашаа за името на татко ми, јас им велам Мите а тие запишаа Митев. Ми запишаа како Михаил Митев. Повторно ме запишаа во второ оделение. Бугарските власти не ни го признаваа второто одделение во српското училиште. Учителка на беше Витларска од Ново Село. Беше добар педагог. Интересно е да споменам дека во програмата за четврто одделение имавме и старословенски јазик, како посебен предмет. Тоа многу ми користеше подоцна. И тука бев добар ученик, бев меѓу најдобрите. Кога заврши првата светска војна требаше да се запишам во гимназија. Тогаш бев свесен дека моето презиме не е Митев. Во гимназија го понесов свидетелството од четврто одделение. При запишувањето не ме прашаа како ми е презимето , туку како се вика дедо ми. Им кажав како се вика дедо ми но овој пат не ме запишаа според неговото име туку според името на татко ми. Бидејки Бугарите ме беа запишале Митев, тие едноставно додадоа иќ и ме запишаа Митевиќ. Презимето Митевиќ ми остана се до седми клас гимназија[54]. Интересно е ако направиме компарација за неговото заодувањето на училиште, некои писатели, сограѓани негови блиски соборци ни даваат малку контрадикторни информации, сметаат дека прво учел на Српски јазик а некои тврдат дека заучил прво на бугарски јазик. „На основно училиште Мијалчо заоде за време на Бугарското владеење на Македонија а продолжи за време на Србите. Првите го учеа да кажува за себе дека е Бугарин а да извикува мајка Бугарија, вторите дека е

[54] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр 24-28

Србин и да извикува да живее голема Србија и да си утуви во главата дека Македонија не постои...постои Јужна Србија[55]".

Школувањето му одело добро бил исклучително надарен ученик и лесно ги совладувал задачите поставени од многуте професори кои за многу предмети му се замениле. Веќе во третиот и четвртиот клас на школувањето праксата да се повикуваат родителите и со нив професорите да имаат редовни средби била нормална работа и била стимул за учењето. Тоа било само дополнително повод за да до седмиот клас Михајло Апостолски„Митевиќ''(Презимето Митевиќ ќе му остане се до седмиот клас) нема никаков проблем со школувањето и редовно добивал високи оцени и пофалби. Но имало и моменти за паметење и анализа и се разбира биле многу поучни за дооформувањето на неговиот карактер. Имено Во Штип дошол некој професор Будимировиќ кој предавал Книжевност но истовремено станал и директор на Гимназијата. Тој посакувал да се развиваат културата и просветата во Штип поради што и формирал литературна група во која учениците го искажале својот талент за пишување свои песни раскази поезија. Во активноста младинците ги поврал и со талентираните студенти. Тој и професорот Сергеј Михајловиќ по музика, биле иницијатори за формирање опера во Штип. Интересно дека во пишувањето на првата опера учествувал и Емануел Чучков, кој бил мошне музикален. Тоа всушност била еден вид оперета создадена врз мотиви од народната поезија. После војната Апостолски ја пронашол и ја предал на штипските локални власти.

Све што било поврзано со нешто ново и прогресивно почнало да го интересира како оваа оперета која била поврзана со Македонската народна поезија. Тука јасно ја искажува почитта и желбата за другарувањето со еден друг голем патриот од Штипско Ново Село, Емануел Чучков (Штип 1901-1967) кој иако повозрасен започнал да се дружи со него. Интересно е што со него животните патишта им се испреплетени за време на војната кога тој е член на Акциониот народноослободителен комитет на Македонија а Михајло Апостолски е веќе Командант на НОВ и ПОМ. Подоцна заедно се членови на иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и делегат на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година.

Се разбира имало и многу други интересни за него и за неговата љубопитност и идни другарства моменти додека му траело школувањето. Тој неможел да ги поднесе моментите кога добивал слаби оцени и објаснувањата на професорите. Обично давал послабите ученици да препишуваат од него бидејки бил ученикот со голем капацитет. Математика или било кој предмет од природните науки му лежел но и јазиците му биле склоност. Латинскиот јазик го совладал исто така иако материјалот не бил воопшто лесен. Нормално кога ќе го виделе професорите дека им помага на соучениците добивал послаби оцени кои потоа со голема мака ги поправал. Тоа е и животното училиште, фактот дека бил хуман кон послабите ученици неговите другари а посебно кон девојчињата покажува дека во класот станувал и доминантен иако ненаметливо што е една ретко добра силна особина кај младите мажи.

[55] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 17/18

Годините проаѓале, периодот после Првата светска војна семејството на Апостолски било многу осиромашено. Поради таквата состојба, тој одел често кај татко му, да му помага за да заработат повеќе и полесно да се прехрани семејството. Дуќанот пред крајот на војната им бил изгорен а татко му кој бил регрутиран во ополчението односно во некоја од македонските дивизии што Бугарите така ги именувале поради регрутираните Македонци кои биле најмногубројни, бил тешко ранет што дополнително му отежнувало да го работи кондурџиското занает.

Освен работата во дуќанот за време на летните распусти тој честопати ја посетувал Баба му Бала Настева од Неготино. Таа посебно ги сакала него и семејството бидејки мајкаму била сирак и пораснала кај нејзе.

Освен Неготино кога пораснал почнал да работи во Кочанско и таму поминувал дел од летото за да заработи за сејството. Тогаш повторно доживеал нешто што добро го запамтил а за што веќе имал слушнато и видено од порано.

„Кога пораснав малку особено по четврти клас преку летото одев на полски работи. Во 1922-1923 година кога бев шести клас одевме во Кочанско да береме Афион. Јас бев единственото дете. Сите други беа возрасни. Колку ќе наберевме толку и не плаќаа. Едно попладне кога го обрежувавме афионот сите селани што работеа во полето одеднаш си отидоа така што ние останавме сами. Решивме и ние да не работиме до мракот туку да прекинеме со работа порано. Се вративме во куќата каде што спиевме. Таму имаше еден старец па го прашав зосто си отидоа селаните порано. Тој ми рече дека е дојден Јован Брло[56] а тој е познатиот врховистички војвода, страшен џелат прочуен по теророт. Пред извесно време влегол во село Кадрифаково. Во тоа село имаше доселеници од Лика, па врз семејството Олуиќ беше извршил страшен колеж. Потоа великосрпските власти извршија одмазда во селото Гарван, Радовишко.Во тоа село дошла жандармеријата и војската и ги собрала сите мажи за да кажат каде се комитите. Бидејки не знаеле ги построиле ( биле околу 40 души) и ги стрелале. Кога ми го кажа тоа повторно го прашав дедото. „И што ќе прави сега тој Брљо?''. Па ке седи тука цела ноќ ми рече, ќе јаде ќе пие, жените ќе печат кокошки, ќе сукаат баници, ќе им одреди данок на сите селани, за да му дадат утре по некоја лира и утре ќе си замине. Јас љубопитен да видам што ќе стане, отидов веднаш во Облешево со изговор дека одам да купам кибрит. Во селото кај што беше бакалницата на горниот кат на зградата се наоѓаше жандармериската станица. Бакалинот веќе ме познаваше па го прашав каде се жандармите, зошто ги нема? Ми рече отишле да ги бркаат комитите. Кога го прашав каде, ми рече отишле накај Пантелеј, Таму каде што ги нема комитите, а тие пак дошле откај Плачковица и се вратиле повторно натаму. Дознавме дека сега, пак жандармите

[56] Иван Јанев Брлев, познат како Брло или Брљо, бил македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, деец на Македонската революционерна организација и Внатрешната македонска револуционерна организација. Брло бил штипски околиски војвода, организатор на вооружени комитски акции на ВМРО во Брегалничкиот округ, исклучен од Организацијата поради криминал и разбојништво, а поради блискоста со Тодор Александров, помилуван и вратен во редовите на ВМРО во септември 1920 година. Учествувал во убиството на Дончо Ангелов, Александар Димитров и раководел со извршувањето на масакрот во Кадрифаково. Виолета Ачковска и Никола Жежов „ПРЕДАВСТВАТА И АТЕНТАТИТЕ ВО МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА“, Скопје, 2004 г

правеле пустош по осоговските села, наводно сакале да дознаат од селаните каде се комитите. Излегува дека великобугарските комити и великосрпските жандарми биле договорени.

Тоа упаѓање на комитите му донесе големо зло на народот зошто и едните и другите вршеа терор и го ограбуваа, што придонесе голем дел од населението да емигрира. Во првите години на Првата светска војна во Бугарија емигрираа голем број луѓе што немаа никаква врска со врховизмот. Многу од нив беа членови на револуционерната организација се мисли на ТМОРО[57] на Гоце Делчев. Во тоа време често упаѓаа врховистичките чети во Штип. Тие не се декларираа како врховисти, туку настапуваа со паролата за ослободување на Македонија.

Во тој период дошло и до разединување на македонските организации во Бугарија. Една група таканаречена Федералисти[58], поминала на територијата на Југославија, меѓу нив била и четата на Стојан Мишев-Штипјанец**[59].** Дошле во Штип и

[57] Устав на ТМОРО — нормативен акт на Тајната македоно-одринска револуционерна организација донесен во 1896 година. Поради недостаток на изворна протоколарна документација и поради контрадикторност во сведоштвата на основоположниците на ТМОРО, постојат извесни недоречености во врска со вториот устав на организацијата. Имено, бугарската историографија смета дека Уставот на ТМОРО бил донесен во 1902 година и дека тогаш организацијата го менува своето име во Тајна Македонско - Одринска Револуционерна Организација а дотогаш се викала: Бугарски Македонско - Одрински Револуционерни Комитети а првиот Устав бил донесен во 1896 година меѓутоа Христо Татарчев јасно истакнува дека префиксот бугарска бил намерно изоставен од името на МРО и ЦМРК за да не се предизвика тесноградиот национализам кај инородните народи. Голем дел од македонските историчари сметаат дека одлука за менување на името на организацијата во Тајна македонско - одринска револуционерна организација е донесено на Солунскиот конгрес во 1896 година и дека било одлучено да се создаде нов Устав и нов Правилник. Новиот Устав и Правилник бил изработен од страна на Гоце Делчев и Ѓорче Петров во Софија 1897 година. Новиот Устав и Правилник биле изработени врз основа на постарите акти, но сега се дал акцент на конгресните одлуки од 1896 година.Уставот на ТМОРО се состои од 19 члена поделени во 4 глави. Блаже Ристовски, Столетија на македонската свест, Скопје, „Култура", 2001, стр. 34, Гласник на Институтот за национална Историја", Скопје, 1961, стр. 156. Ванчо Ѓорѓиев, „Смрт или Слобода...",стр, 135,136,138, Табернакул, Скопје 2003 година

[58] Народната федеративна партија или некаде се сретнува како Народна федеративна партија (бугарска секција) (бугарски: Народна федеративна партия (българска секция)) — легална политичка партија која произлегла од левото крило на ТМОРО, создадена по Младотурската револуција во Отоманското Царство. Опстојува една година, од август 1909 до август 1910 год. кога е забранета. Нејзин главен идеен противник е Сојузот на бугарските конституциони клубови. основан од страна на десното крило на ТМОРО и на дел од структурите на поранешниот Врховен комитет.
Партијата била планирана да претставува федерација од повеќе нејзини секции, формирани од сите незадоволни народности во Отоманското Царство, но пошто била формирана единствено секција од страна на МОРО, а други секции никогаш не биле формирани, останала само Бугарската секција. Народната федеративна партија под ова име се појавила во јануари 1909 г. Во периодот од јули до декември 1908 таа делувала под името Македоно-одринска револуционерна организација (МОРО) и ја сочинувале окружните организации на Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ, предводена од Серската група на Јане Сандански. По Илинденското востание, особено по Рилскиот конгрес левото крило се ориентирало кон барање соработка со сите прогресивни сили во Турција, врз база на борбата против султанскиот апсолутизам и за запазување на национално-територијалната целост на Македонија. Манол Пандевски, „Политички партии и организации во Македонија (1908-1912)", Скопје, 1965. Историја на македонскиот народ", 2003 г. Скопје

[59] Стојан Мишев познат како Анани (22 март 1882, Штип - 30 декември 1924 Штип) — македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, член и војвода на Македонската револуционерна организација, подоцна членува во МФРО и Здружението против бугарските бандити. Зоран Тодоровски, „Активноста на четите на Тодор Александров во Брегалничкиот округ", во: Зборникот Штип и Штипско во НОВ 1941–1944, Штип, 2001.

веднаш се ставиле во служба на властите. Така покрај официјалната тие станале втора жандармерија во Штип и водеа борба против врховистичките чети. Формираа и здружение „Удружење против бугарских бандита[60]''. Под името на тоа здружение тие по селата почнаа да вооружуваат луѓе. Вооружија голем број селани. Тоа подоцна им помогна на селаните. Почнаа посмело да истапуваат против четите зошто им беше веќе смачено да слушаат едно те исто: „Доаѓаме да ве ослободиме'' а све повеќе ги ограбуваа. Тоа здружение придонесе да се намали бројот на врховистичките чети во селата[61].

„Војните што на територијата на Македонија со мали прекини се воделе шест години, од 1912 до 1918 година, ја уништиле дотогашната единствена Македонска етнографска и стопанска компактност. Во воените операции што се воделе на тлото на Македонија биле искористени неповратно голем број на природни богатства, а била уништена и значителен број човечка сила од македонското национално ткиво[62]''

Ако како мало дете Михајло Апостолски почуствувал дека Македонија е поробена и дека сеуште се бори против ропството, ако подоцна ги почуствувал ужасите на војните кои го западнале неговиот крај и целиот народ, тогаш овие коментари искажани во едно поново време јасно укажуваат на трагедијата што му се случувала на Македонскиот народ. Наполно свесен дека е Македонец впрочем како и целиот народ тој пред свои очи гледал како Македонија крвари. Директно соочувајки се со братоубиствената борба подбуцната од другите надворешни фактори и властодржци во Македонија и сознанијата за тоа многу ќе влијаат кај него околу неговата свесност и внимателност во иднината. Веројатно ваквите настани ќе предизвикаат кај него еден поразличен пристап во иднината кога ќе пишува за Македонско–Бугарските односи, нешто што посебно ќе го анализира во блиската иднина пишувајки во многу свои дела бидејки и илинденскиот и пост илинденскиот период се многу присутни во неговиот опус. Да биде иронијата поголема ова е нешто што и ден денес ги оптоварува обата народа. Сепак во тој период ученикот Михајло Апостолски е потполно свесен дека обете страни прават големи зулуми и зверства врз недолжното и обичното население и да биде иронијата уште поголема, дека одбегнуваат вистинска дирекна борба едни со други оставајки најмногу да настрада населението. Затоа и голем дел од населението посебно еден прогресивен дел од населението емигрирал повторно кон Бугарија, фактички таа емиграција кон Бугарија не ни престанала да се одвива уште од времето Кресненското-Македонско востание. Имало и емигрирање кон внатрешноста на новоформираното по првата светска војна Кралство Југославија[63] но со многу поретки случаи. Од друга

---

[60] The Association against Bulgarian Bandits (Serbian: Удружење против бугарских бандита / Udruženje protiv bugarskih bandita) was a paramilitary organization based in Štip, then in the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes.

[61] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр 29-31

[62] Никола Жежов, Режимот на кралството на Србите Хрватите и Словенците и отпорот на македонскиот народ во Брегалничкиот округ, 1918-1924 година, Скопје, 2000, стр. 21

[63] Кралството Југославија било кралство на Балканот коешто постоело од почетокот на Првата светска војна до почетокот на Втората светска војна. Се простирало на териториите на денешните држави: Македонија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и најголемиот дел од денешна Словенија и Хрватска. Државата на Србите, Хрватите и Словенците била создадена на 1 декември 1918 година, како наследна уставна унитарна монархија. Држава со доминантен аграр, и слабо развиена индустрија, банкарство, трговија и сообраќај. Во 1921 година бил донесен Устав на Кралството

страна во тек бил процесот на колонизација на Македонија со српско население. Севкупно тоа кај него ке остави голема трага но и ќе предизвика силно незадоволство кај него манифестирајки отпор кон истото и барајки решенија за надминување на страдањето на недолжниот народ. Тој таа светлина на крајот од тунелот ќе ја здогледа 1941 година кога ќе стане наполно свесен дека треба да се крене народот на вооружена борба против Фашистичкиот окупатор.

### 1.2. Школувањето во воената академија

Епизодата за понатамошното школувањето во воената академија и подоцна неговата војничка кариера во Војската на Кралството Југославија се една посебен дел во неговиот преполн со предизвици живот. Имено кога Михајло имал една редовна средба со својот драг професор Ѓуро Обрадовиќ тој го запрашал што планира и даки ќе го продолжи своето шклување. Тој му предложил школувањето да го продолжи на Воената Академија во Белград[64]. Бидејки неговото семејство сериозно осиромашило едноставно тој мислел дека мора да остане и да му помогне на семејството во тие тешки услови за преживување, беда и немаштија. Но бидејки професорот знаејки за неговиот талент бил упорен и му ветил дека ќе му обезбеди билет во еден правец до Белград и веројатно помош за семејството. Успеал и го убедил младиот Михајло да си ја проба среќата во непознатото.„ Ми рече дека ќе ми обезбеди бесплатен билет до Белград. И навистина тој

---

СХС и дејствувале национални политички партии на трите конститутивни народи и југословенски интегристички партии. На 6 јануари 1929 година кралот Александар го суспендирал Уставот и воспоставил диктатура. Во 1931 г. било вратено уставното уредување со донесување на нов Устав.

[64] Воената академија на Универзитетот за одбрана во Белград е високошколска образовна и научна установа и главен носител на активностите за образование за потреби на Министерството за одбрана и Војската на Србија. Основната намена е школовање на нови и усовршувањена веќе постоечки кадри за служба во на Војската на Србија.

Кнезот Александар Караџорџевиќ го одобрил проектот за формирање на артилериската школа. Со реорганизацијата на артиљериjската школа во 1880. године створена е Воената академија составена од Нижа и Виша школа. До почетокот на втората светска војна таа дата се одбележувала како празник на воените училишта. Денес 18. Март е ден на Воената академија. Од стекнувањето на автономен статус во 1830. година, во Кнежевството Србија имало повеќе обиди да се оснива „висока војна школа''. Во декември 1837. година започнала со работа Војната академија, но само после шест месеци престанала со својата работа. Неколку година подоцна Илија Гарашанин, кој бил задолжен за Гарнизонската војска, предложил да се формира и оснива „Артиљериjска школа'' и на тој начин да ја унапреди војната спремност на Кнежевството Србија. Државниот Совет го усвоил предлогот, а кнезот Караџорџевиќ го одобрил на 18. март 1850. године. Пројекат за формирање школе израдио је Франтишек-Фрањо Зах, који је постао и њен први управник. „Артиљериjска школа'' е прва воена високошколска установа vo Србија, нејзините традиции денес ги продолжува Воената академија во Белград. 18. март и денес свечено се одбележува како Ден на Воената академија.После српско-турските војни 1876—1878.г. Кнежевството Србија је на Берлинскиот конгрес, 1878. године, меѓународно е призната како независна и суверена држава. Искуствата од војната и зголемувањето на државната територија, наметнале потреба Артиљериjска школа да се реорганизира. Министерот за војна, генералштабниот потполковник Јован Мишковиќ, одредил комисија која изработила Проект Закон за формирање на Војне академија. Народната скупштина го усвоила „Законот за формирање на Воена академија, а кнезот Милан Обреновиќ го потврдил на 30. јануари 1880. године. Воената академија работела непрекинато све до Балканските војни, 1912. година. Работата на Академијата е прекината и во текот на Првата светска војна, а потоа Академијата продолжува со работа во периодот помеѓу двете светски војни. Со избивање на Априлската војна во 1941. Година, престанала со активна работа Воената академија на Кралството Југославија.

ми обезбеди билет за воз од Велес до Белград, а од Велес ми обезбеди да стигнам со еден војнички камион. Така отидов во Белград. Таму се пријавив во воената академија’’.

Без некои поголеми проблеми Михајло Апостолски ги положил приемните испити на воената академија. Исто така ги поминал и лекарските прегледи без проблеми освен килажата за која самиот ќе изјави дека фалело само еден килограм да не биде примен на академијата. Бил здрав младинец и спремен да зачекори во воената наука и новите животни предизвици. Интересен е фактот што тој освен на воената академија среќата си ја пробал и на уште две други училишта за кои покажал интерес, тоа биле Железничката и Финансиската школа. Сите приемни испити ги положувал паралелно за сите школи што го потврдува неговиот неоспорен талент за повеќе научни дисциплини односно науки за различни дејности. Нормално на крај се двоумел што да направи, кај него се јавила дилема. Тој бил свесен дека треба да стане офицер на војска која фактички ја окупирала неговата таковина односно дел од неговата татковина. Потоа, го оптеретувала помислата дека со тој чин треба да и служи на буржоазијата[65] која го потиснувала неговиот народ, нешто што тешко го прифаќал и поднесувал. „Најтешко ми паѓаше помислата дека треба да учам воена академија и да бидам офицер на војска што, под власта на буржоазијата го потискуваше мојот народ. Имаше и други работи што ме тераа да размислувам што ме колебаа. На пример постојаната зафатеност и дежурствата, но најголема и најтешка од сите дилеми за мене беше првата, онаа што моето службување го сврзуваше со буржоаската власт. Она што преовлада да се решам за Воената академија беше помислата дека ќе бидам офицер во некое градче, каде што покрај работата, ќе можам да читам и да контактирам со интелигенцијата’’[66]. Поради многуте причини што се наметнале самите, и покрај дилемата што да прави понатаму, пресекол и потврдно се запишал на Воената академија.

---

[65] Буржоазија (франц. bourgeoisie) е израз кој како и во прошлоста така и денес, зависно од историскиот период и идеолошката основа, означувал различни идруштвени групи, односно класи. Во најширок и најстар смисол, изразот буржоазија го опишува граѓанството односно граѓанската класа во феудалното, а подоцна и во капиталистичките друштва. Кон таа групу, припаѓале сите жители на средновековните градови кои не биле припадници на феудалното племство кои сепак уживале слободи и други привилегии од кои биле лишени нивните кметови. Подоцна со развојот и урбанизацијата, индустриската револуција и капитализмот, граѓанството почнало со диференцирање на посебни класи со различен материјален статус, со самото тоа и со различни политички и други интереси. Изразот буржоазија добил стеснето значење, односно почнал да се односува на поимотните и повлијателните претставници на граѓанството, најчесто трговци, крупни занаетчии и власниците на првите индустријски мануфактури. Буржоазијата во феудалните друштва се сметала за средна класа, но со текот на времето нејзиниот економски значај се зголемил на сметка на земјопоседничкото племство, и со тек на време формалноправно го заменила, односно заеднички се претопиле и претвориле во нова владеачка класа. Тогаш поимот буржоазија го презима и критикува марксизмот, кој на буржоазијата и ја спротиставил работничката класа, односно пролетаријатот како нова поробена класа. Марксизмот во буржоазијата како владејачка класа на капитализмот го увидел изворот на сите друштвени проблеми. Со тоа ја поставил својата цел да ја порази со класна борба. Со воведувањето на диктатурата на пролетеријатот во социјализмот. Поради сето тоа изразот буржоазија и буржуј во многу држави добил пејоративно значење, после крахот на комунизмот во секојдневниот говор станал синоним за себичност, бездушност и суров материјализам. Во некои други државама буржоазијата добила пејоративно значење, поврзано со некогашниот статус на буржоазијата како средна класа. Изразот буржоазија таму ги означува особите на кој им недостасува софистицираноста на богатите, но и автентичноста на сиромашните слоеви, односно сличен на изразот малограѓанство.

[66] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 35

Иако кај младиот Михајло имало многу нормална дилема не само поради фактот што тој увидел дека народски кажано го бива за многу разнолики и разновидни дејанија и школување каде може да се усоврши за дадениот занает сепак кај него преовладува желбата за воените науки. Веројатно многу употребуваниот слоган дека ништо на овој свет не е случајно така и неговото зачекорување на овој терен не е случаен. Ако направиме кратка психолошка анализа на неговото дотогашно сеуште кратко животно искуство за мене нема дилема дека тој направил вистински избор. Едноставно од најраните години, од мало дете тој бил опкружен со приказни за ропството, за вооружениот отпор, за Илинденското востание, за Гоце Делчев. Како растел увидел дека во семејството има членови на организацијата, вујко му бил локален штипски војвода на ВМРО. Епизодите со користење на оружје пред неговите очи паралелно со стекнувањето многу силни чувства за непокор и доминантност во детските воени игри, чуството дека не се плаши од ништо односно дека не му е страв само придонеле во обликувањето на неговата личност, се повеќе се интересирал за судбината за својата татковина. Од дедо, прадедо и татко тој слушал за приказите за борбите во Македонија и културни и со оружје. Потоа откога ќе започнат балканските војни се до крајот на првата светска војна што све не доживеал и увидел. Секакви борби, видел различни војски, воени одреди, различни воени трупи од секакви родови коњаница, пешадија до артилериски орудија и авијација. Ги почуствувал и братоубиствените војни и различните тактики на војувања на спротиставените војски, секако и герилскиот начин на војување, оној што го применувала Внатрешната македонска револуционерна организацијата со изненадни упади од Пиринскиот крај и во штипско каде е роден и живеел Михајло Апостолски. И тоа негово животно искуство впиено длабоко во неговата потсвест дополнително го привлекло да ги изучува воените науки. Неговиот однос кон„Буржоазијата’’која ја смета отворено за класен непријател веќе во него ги буди и најавува неговите прогресивни мисли за едно ново прогресивно во тогашните услови движење, комунистичко движење за кое тој јасно го дефинира како прогресивно. Во тоа време и во соседните држави на Кралството Југославија и во Царството Бугарија исто така има најави за прогресивно движење. Во контекст на фактот што подоцна во 1944 харизматичниот лидер Георги Димитров[67] ке стане лидер на „отечествениот фронт’’, но

[67] Георги Димитров (18 јуни 1882 - 2 јули 1949) — бугарски политичар со потекло од Македонија раководител на Бугарската комунистичка партија и на Комунистичката интернационала, како и премиер на Народна Република Бугарија од 1946 до својата смрт. Димитров станува член на Бугарската социјалдемократска работничка партија во 1902 година, а следната година, кога настанува расцеп во партијата на тесни и широки социјалисти, Димитров се приклучува кон крилото на тесните социјалисти. Во 1909 станува член на ЦК на БСДРП и секретар на Сојузот на револуционерни синдикати на Бугарија. По Октомвриската револуција бугарските тесни социјалисти се приклучуваат кон Коминтерната, а на нејзиниот Трет конгрес зема учество и Димитров. По неуспешното Септемвриско востание во 1923 година во Бугарија, Димитров е осуден на смрт и е принуден да пребегне во СССР. Таму зема учество во апаратот на Коминтерната, но од 1929 до 1933 година тој е немилост кај Сталин и советското раководство поради несогласувањето со политиката на Коминтерната кон социјалдемократијата и фашизмот по 1928 година. Димитров се стекнува со светска слава кога при Лајпцишкиот процес организиран од германските нацисти со цел да се обвинат комунистите за палањето на Рајхстагот во 1933, многу успешно се одбрани и успева да биде ослободен од обвинението. Имајќи го предвид неговиот стекнат имиџ при овој процес, Сталин во 1934 го поставува на чело на Коминтерната. Димитров ја врши функцијата генерален секретар на Коминтерната сè до нејзиното распуштање во 1943.

претходно од позиција замислете на чело на Коминтерната[68] поставен лично од Сталин после една драматична разврска, и кој за разлика од многумина негови претходници и наследници е благонаклонет кон македонското прашање. Сходно оваа тематика интересен е неговиот став кон прогресивните сили во Македонија искажани во едно писмо испратено до „Централниот комитет на Македонскиот народен сојуз [69]во Детроит

---

По доаѓањето на власт на Отечествениот фронт во Бугарија во септември 1944 година, Димитров останува во СССР, а во Бугарија се враќа откако таа е прогласена за народна република, по референдумот од 15 септември 1946 година. Набрзо, во ноември 1946 година Димитров бил избран за премиер на Бугарија. Во декември 1946 во Бугарија бил извршен првиот повоен попис на населението. Првпат во историјата на Македонците во Бугарија им било дозволено слободно да ја изразат својата национална определба. Бугарската историографија во свој шпекулативен стил ги толкува настаните, обидувајќи се да изгради негативен лик на Димитров како божемен предавник на бугарската национална идеја. Во македонската историја Димитров е особено важен како прв челник на Бугарија што ја признал македонската националност. Во негова чест, неговото име го носи една скопска гимназија.

[68] Комунистичка интернационала (позната како Коминтерна или Трета интернационала) (1919-1943) била меѓународна комунистичка организација создадена во Москва во март 1919 година. Коминтерната имала за цел да се бори „со сите расположливи средства, вклучувајќи и вооружени, за отфрлање на меѓународната буржоазија и за создавање на една меѓународна Советска република како преодна фаза до целесно укинување на државите". Коминтерната била официјално распуштена од страна на Јосиф Сталин во 1943 година.

[69] Македонски народен сојуз (МНС) е поранешна прогресивна организација на македонските емигранти во Северна Америка, чија главна цел е борбата за ослободување и обединување на Македонија во независна република, која како рамноправен член ќе се вклучи во идната Балканска федерација на слободни балкански народи. Темелите на МНС се поставени во куќата на илинденскиот војвода Смиле Војданов, во градот Понтијак (Мичиген), во 1929 год. Тогаш е формирана првата независна македонска група во САД. По формирањето на повеќе вакви групи во други американски градови (Толедо, Детроит, Гери...) на 22 и 23 март 1930 во Толедо (Охајо) е одржана Првата конференција на македонските независни групи. За претседател на централното раководно тело е избран Смиле Војданов, а за секретар Георги Пирински. Со нараснување на бројот на групите и нивното членство се јавува потребата од нивно потесно поврзување за поуспешна соработка во постигнувањето на заедничките цели. Првиот редовен конгрес за обединување на групите е одржан од 24 до 26 април 1931 во Гери (Индијана) и оттогаш сите групи се обединуваат под заедничкото име Македонски народен сојуз (Macedonian People's League). Смиле Војданов е избран за претседател на новоформираниот сојуз, а Георги Пирински за национален секретар. Веднаш по формирањето, МНС воспоставува соработка со бројни прогресивни организации од левицата во САД и Европа. За време на Шпанската граѓанска војна, МНС ја поддржува републиканската влада во Шпанија и од своите редови испраќа шест доброволци во одбрана на шпанската демократска власт од фашистичката агресија. Во текот на Втората светска војна организацијата се ангажира за изнаоѓање начини за издејствување на слободата и обединувањето на Македонија. Веднаш по војната, целта му е прибирање помош за настраданите од воените дејствија. Поради отворената поддршка на левицата во САД и Европа, МНС наидува на пречки во своето дејствување. За да ги избегне етикетирињата како левичарска организација, што е сосема непопуларно, дури и опасно во времето на антикомунистичката хистерија во САД, МНС се прилагодува на новонастанатите околности. Така, во 1938 год. МНС е преименуван во Македонско-американски народен сојуз (Macedonian-American People's League), а од канадскиот дел на МНС е основан Македонско-канадски народен сојуз (МКНС). Соработката меѓу МАНС и МКНС останува иста, а поделбата е чисто формална. Во својата работа МАНС и МКНС се свртуваат повеќе кон решавање на проблемите на своите членови. И покрај преименувањето во МАНС, кое е поради избегнување на притисоците, организацијата и понатаму останува позната како Македонски народен сојуз. Со започнувањето на Студената војна, во САД се шири антикомунистичка хистерија и илјадници Американци се обвинувани за членство во забранетата Комунистичка партија на САД, или за нејзина поддршка. Тогаш, бројни организации во САД се обвинети за „субверзивност против американското општество" и „соработка со непријателот".

Последниот (деветнаесеттиот) редовен Конгрес на МАНС е одржан во септември 1949. Потоа, со решение на државниот обвинител на САД, МАНС е распуштен и со тоа престанува неговата работа.

Во текот на своето постоење, како МНС или МАНС, организацијата непоколебливо стои на јасниот став дека Македонија може и треба да постои како независна држава на македонскиот народ, кој е посебен од соседните балкански народи.

–Америка'' [70] од Москва каде претстојувал во 1934 година**.** Се разбира во тие „прогресивни сили'' тие години веќе активно бил вклучен и Михајло Апостолски.

После првичните кризи и прилагодувања во Белград и на Академијата Михајло Апостолски полека но сигурно навлегол во дадената материја. Во Академијата наставата се одвивала целодневно. Тоа му одговарало на Апостолски. Претпладне била организирана наставата а попладнето било определено да се учи и да се повторува материјата односно било резервирано за учење и совладување на дневна основа. Можело и навечер да се учи ако се сака а тоа му одговарало на Апостолски најмногу бидејки можел да учи и да ја совладува материјата колку сака, неограничено. Исто така

---

МНС ги издавал весниците „Македонски бјулетин" (1930), „Балканско сдружение" (1931-1934), „Трудова Македонија" (1934-1937) и „Народна волја" (1938-1944).

Подоцна, традициите на МНС/МАНС ќе ги продолжи организацијата Обединети Македонци, формирана во Торонто во 1959 година.

[70] До Централниот комитет на Македонскиот народен сојуз, Детроит, Америка.

Братски поздрав на делегатите на Четвртиот конгрес на Македонскиот народен сојуз. Се чувствувам неразделно сврзан со судбината на македонскиот народ и како бугарски пролетерски революционер, и како син на семејство кое потекнува од Разлог — долината на историското Илинденско востание. Бугарскиот пролетаријат животно е заинтересиран за национално ослободување на Македонија. Националното угнетување на македонскиот народ е извор на јакнењето на угнетувањето на работниците и селаните во Бугарија, Југославија и Грција. Поделена и ограбена Македонија претставува јаболко за раздор меѓу балканските империјалисти и извор за постојана опасност од воени судрувања и немири на Балканот. Во својата борба за ослободување македонскиот народ нема и не може да има други вистински пријатели и сојузници освен револуционерните работници и селани во Бугарија и на Балканот. Во својата борба за социјално ослободување бугарскиот пролетаријат гледа во македонското револуционерно движење еден од своите најдобри сојузници. Борејќи се против фашизмот и за работничкоселанска власт, за Советска Бугарија, бугарските работници и селани, под раководството на Комунистичката партија, во исто време се борат за ликвидирање иа секое национално ропство и ропство на маке-донскиот народ. Македонското движење има многу непријатели. Но најстрашен е неговиот внатрешен непријател — тоа се агентите на бугарскиот империјализам, бугарскиот монархизам, бугарскиот фашизам и пред се бандата на Михајлов. Преку тие агенти бугарската буржоазија го ползува македонското движење за своите егоистички интереси и за закрепнување на својата крвава диктатура врз самиот работен народ на Бугарија. Со помош на таа банда, која се нарекува Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО) со кое ги оскрнува идеалите на македонскиот народ, цанковистите успеаја на 9 јуни 1923 да ја урнат земјоделската влада и да организираат крвав терор против работничките и селанските маси. Со учеството на овие главоресци беше уништено народното востание во септември 1923. Тогаш беше убиено и затворено на илјади бугарски работници, селани и интелектуалци. Таа банда ги истреби старите независни македонски револуционери во Горна Џумаја во година. Нејзините главоресци беа искористени за убиство на повејке од 2.000 работници, селани, интелектуалци во врска со провокаторскиот атентат во Црквата св. Недела во април. 1924 година. По наредба на бугарскиот фашизам, тие подло го убија великанот на македонското револуционерно движење Димо Хаџи Димов, храбриот македонски народен пратеник Христо Трајковски, многу Македонци со поинакви погледи, како и такви славни работници во бугарското работничко движење како што беше работничкиот народен пратеник Напетов. Не е возможна успешна борба против националното угнетување и за ослободување на македонскиот народ без конечно изолирање од македонските маси на оваа штетна банда, без потполно елиминирање на нејзината предавничка ролја во македонското движење и во внатрешниот политички живот на Бугарија. Македонската емиграција во Америка, како и македонската емиграција во самата Бугарија, има должност со сите сили да дејствува за што поскорешно остворување на своите задачи, подржувајќи ги стремежите на ВМРО (обединета) кон поврзување на сите вистински револуционерни македонски снаги. Само единствена револуционерна борба на македонскиот народ во најтесен сојуз со работниците и селаните во Бугарија, Југославија и Грција може да доведе до победа на македонската ослободителна револуција. Само советскиот систем, како што најдобро покажува искуството на големиот Советски Сојуз, може да обезбеди конечно национално ослободување и полно национално обединување. Во тој дух од се срце му пожелувам на Вашиот конгрес најдобри успеси.

13 мај 1934. Москва

многу битно за него било што во академијата имало обезбедени редовни оброци и тоа претставувало големо олеснување.

За „гладниот'' желен за учење и нови знаења Михајло Академијата нудела многу интересна програма. Голем број од предметите му одговарале бидејки биле од природно математички науки. Математиката посебно како негов најомилен предмет му била пасија. Меѓутоа успешниот ученик Михајло подеднакво ги сакал и почитувал и предметите Физика и Хемија. Приметен дека е мошне успешен ученик тој и неколкумина останати од неговата класа биле унапредени и фактички почнале да им предаваат на своите соученици односно да им помагаат на професорите. Така Михајло станал еден вид на асистент.

Програмата во воената академија била мошне интересна за Михајло Апостолски. Сепак голем број предмети биле природно-математички науки. Математиката била мошне обемен предмет, слични како и Физиката и хемијата. Овие предмети ги предавале домашни професори од Белградскиот универзитет. Професорите направиле селекција по претходните препораки за издвојување на добри ученици идни кадри. Апостолски веднаш бил забележлив. Тој со останатите квалитетни соученици бил издвоен и извесно дека станал некој вид асистент при предавањата. Често ги заменувал професорите при предавањата. Подоцна добил задача од професорите да работи со десетина ученици. Така Апостолски почнал да работи со група соученици  по предметите хемија и по физика. Покрај овие учествувал при предавањата и на други математички предмети.

Очигледно професорите на Воената академија во Белград го почуствувале талентот на надежниот Михајло и го искористиле во позитивна смисла давајки му шанса да се покаже и наметне со своето знаење, пред се. Исто така тие биле свесни дека момчето потекнува од сиромашно семејство и дека е од Македонија, тоа тој од нив и не го криел. Веројатно таа негова искрена љубов кон учењето му донела резултат во во вид на почит на поголемиот дел од професорите неговото напредување во академијата е за очекување. Така и се случило, тој се повеќе стекнувал разни пријателства и другарства се запознавал со луге и од Македонија но и од сите тогашни краишта на Кралството Југославија, станувал се попопуларен помеѓу учениците. Посебно помеѓу учениците со потекло од Македонија, а ги имало. Понатаму како течеле школските денови ги запознавал и поинаквите предмети тие за кои му било потребна и обука. Талка избалансирано и со големо внимание го продолжил своето школување напредувајки. Имало и други предмети што биле слични блиску до математиката и техниката кои го интересирале. На пример, описот на оружјето, предметот комуникации, итн. Предметот комуникации го опфаќал и делот на изградба на железнички пруги на патиштата и на телефонско-телегтрафски врски. Предметите што ги имале кај Апостолски постепено го заинтересируваат. Почнува да ги учи со голема студиозност и љубов. Воените предмети, особено тактиката и стратегијата посебно ги обожувал тие кај него предизвикале веднаш голем интерес. „Уште во првата година на школувањето добив пофалба за најдобар по тактика и како награда добив билет за опера. Така додека бев во Акадамијата одев уште

неколку пати на опера и така ја засакав. Кога ја завршив Академијата, одев секогаш кога ќе ми се дадеше можност, зошто станав љубител на операта[71]’’

Се позрел и популарен стекнал многу пријателства. Посебно го радувале другарувањата со Македонците. Еден таков случај се случил на први Октомври 1924 година, тогаш се сретнал со повеќемина Македонци и многу се израдувал. Пријателствата и другарувањата што ги создал во Академијата му останале во трајно сеќевање и со одреден број соученици од Академијата останал во коректни односи до крајот на својот живот, посебно со Македонците или како што тој самиот вели со напредните структури. Сепак имало и неколку настани кои трајно му останале врежани во меморијата и го зајакнувале неговиот Македонски идентитет. Фактички со минувањето на годините и во туѓина кај него ќе се гради Македонизмот[72] и постепено ќе го зајакнува неговиот карактер кој за своја крајна цел ќе си ја постави задачата еден ден Македонија да се крене и да се ослободи.

---

[71] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 38

[72] Македонство (или македонизам) — национална идеологија и политичка доктрина заснована на чувството на македонска припадност и македонската национална самобитност, што се обосновува со античко македонското наследство, во поткрепа на националната посебност и самобитност на македонскиот народ во однос на соседните народи. Односно, македонизмот (или македонството) е национална концепција во борбата за етнокултурна и државно-политичка еманципација на македонскиот народ како посебен ентитет во словенскиот свет. Самиот поим македонство може да означува: севкупност на особините на Македонците; чувство на припадност кон македонскиот народ; целокупност на македонскиот народ, сите Македонци[3], а во тој однос најтесно се поврзува и со изразот македонштина. Основата и целта на македонството е преку истакнување и афирмација на македонската национална посебност да се истакне правото за основање и создавање на македонска национална држава. Македонството како идеа и идеологија својата појава ја темели во процесот на македонската национална преродба во втората половина на XIX век, кога одредени преродбеници и национални дејци повикувајќи се на македонското античко наследство ја поткрепуваат својата борба и залагање најпрвин за национално и духовно ослободување во однос на грчкиот, а потоа и на бугарскиот и српскиот национализам, национална пропаганда и големодржавни идеи. Идеата на македонството и македонизмот, како доктрина опстојува и подоцна во периодот по поделбата на Македонија, периодот балканските и двете светски војни во екот на национално-ослободителните борби, како и после периодот на осамостојувањето на Македонија, сè до денес. Македонизмот како идеа и национална македонска доктрија е отворено негативно прифатен и осудуван од официјалните политики на Бугарија и Грција, а има идеолошки и политички противници и во самото македонско општество и политички живот како од политичките партии и поединци на етничките заедници, но и на етнички Македонци. Иако е јасно препознаен и идентификуван како национална идологија и доктрина во Македонија и во странство, особено во соседните држави, македонизмот или македонството, не е јасно теоретски образложен и конципиран во современа политичка и идеолошка смисла и објавен во посебно дело, ниту пак е конкретно промовиран од државните установи или политичките партии. За првична концептуализација на македонстовото како конкретна политичка доктрина, може да се земе книгата, За македонцките работи од Крсте Петков Мисирков, објавена во 1903 година. Во неа се истакнати и објаснети сите основни поставовки на македонската национална самобитност, преточени во засебните поглавја, како што се: аргументи за етнографската целовитост и засебност на Македонија и Македонците, размисли за македонскиот литературен јазик како орудие и алатка за национална емаципација и делување (преку просветата и науката), согледби и идеи за политичкото делување на Македонците во тогашните политички услови (воведување македонска народност во отоманските нуфузи итн). Појавата на македонството како политичка идеологија ги наоѓа своите почетоци во времето на македонската национална преродба во XIX век, кога меѓу македонското население во Македонија во период на националното будење биле присутни три национални тренда: македонизмот на масата или нашизам и двата спротиставени трендови на интелигенцијата македонобугаризмот и македонизмот од кој понатаму ќе се развива македонството. Македонист се однесува на научни работници кои се занимаваат со македонистика.

„ Во Воената академија постоеше големо другарство. Учениците не се делеа. Имаше само неколку деца на генерали, од буржоазијата но и тие не се делеа. Повеќето беа деца од занаетчиски и селски семејства. Меѓу нас се создаде големо другарство. Имаше еден немил случај што никогаш нема да го заборавам. Имено еден мој соученик, Перован Сушиќ додека седевме заедно во трпезаријата, ми ја опцу мајката македонска. Јас толку се изнервирав што станав скокнав преку масата и му се нафрлив. Ни самиот не знам како сум скокнал. Го соборив од столот и почнавме да се валкаме по подот, да се тепаме.Веднаш станаа и другите да не разделат. Откако се смиривме, тој се извини, па повторно воспоставивме нормални односи, но не толку блиски како порано[73]''.

Тие години на непризнавање на се што е македонско под што се подразбирало „забраната на македонскиот јазик и училишта....забрана за македонското име[74]''како и забраната за јавно употребување на македонскиот јазик не го поколебале Апостолски, тој останал цврст, стамен и непоколеблив по прашањето на својата националност и јазик на кој говорел, бидејки имал и информации дека прогресивните сили во случајот ЦК на КПЈ по Третиот конгрес на КПЈ веќе усвоил декларација за употреба на мајчиниот јазик за школувањето, т.е. македонците да добијат рамноправност при образованието на својот мајчин јазик.

Младиот Михајло во академијата добивал излез еднаш неделно впрочем како и сите останати. Тој период го користел да се сретне со свои сограѓани од Штип кои исто така учеле во Белград но и со многумина други Македонци кои учеле во академијата и во другите белградски школи. Најдобрите другари му биле од Паланка. Тие се викале Кирил Ценев, Саво Петралички, и Владимир Лучки. Се дружел и со Прилепчани Панта Топличанец и Небре Клијевиќ. Имало и многу други Македонци со кои другарувал и со кои го минувал слободното време. Фактички тој ги собирал и го одржувал нивното единсто, тоа е јасен заклучок. Коко самиот вели еднаш успеал дури и сите да ги собере. Што подразбирал под тоа „сите ги собрав'' веројатно е големата бројка ученици со македонско потекло што успеал да ги собере. Тоа знаци неговата популарност останувала висока и постојано растела таа на почетокот ги зближувала Македонците во Белград, понатаму ги зближувала и многумина со напредни идеи од просторите на целата тогашна југославија.„Еднаш успеав да ги соберам сите за да се сликаме. Се сликавме пред топот со кој изведувавме настава. Поставивме и табла на која што пишуваше - Македонци. Се трудев што почесто да се собираме, што почесто да разговараме. Разговаравме се разбира претпазливо, на теми што имаа прогресивен карактер. Освен другарите од Македонија имав и добри другари и од другите места на Југославија. Меѓу нив беше и Нино Брнетиќ од Далмација. Бевме многу добри пријатели и заедно учевме. Често отворено разговаравме за науката, за политиката, за животот''.

„Во учебната година 1925 дојдоа уште двајца Македонци од Прилеп. Еднаш сите Македонци се фотографиравме за спомен, пред еден топ. Пред топот ставија една табла

---

[73] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 37-38
[74] Иван Кантарџиев, Историја на Македонскиот народ, Том IV, ИНИ,Скопје 2000, стр 351

на која со големи букви напишаа Македонци! На фотографијата се гледа убаво. Никој за ова не им направи забелешка[75]".

Уште еден момент односно случај ќе ги одбележи неговите први години од студирањето во Академијата кој е забележлив и кој бара подлабока анализа и ќе го обзнани неговото размислување и осознавање.

Претходно, јасно се укажува дека поради местото на неговото раѓање и живеење бил длабоко свесен за околностите во кои се наоѓа Македонија и поделеноста во организацијата што тој ги оквилификувал на свој начин. Но, едно писмо испратено од неговата мајка ќе фрли друга, многу појасна светлина за неговото толкување на настаните во тоа време неговата зрелост, и неговата реалност во сваќањето и ставовите во тогашните услови. Имено, во 1924 година тој во Академијата добива писмо од својата мајка, каде таа го известува дека многу е тажна и дека жали. Кога мајка жали и кога му обзнанува на син дека целото семејство му е во жалост, а всушност по многу кажувања и сведочења во жалост било и неговото родно Ново Село, Штип и штипско и многу од прогресивните сили и организацијата на ВМРО во Македонија, тогаш тоа многу делувало и го вознемирило Михајло.

Имено „Додека бев на школување мајка ми во едно писмо ми пишуваше дека е убиен Тодор Поп Борушов[76], кој всушност беше Тодор Александров, И дека тие се во жалост. Тоа писмо веројатно и се провлекло на цензурата поради тоа што пишуваше Тодор Поп Борушов, па цензорот не сватил на кого се однесува. Тој тогаш беше познат како Тодор Александров така што мене никој ништо не ме прашуваше за тоа. Сакам да

---

[75] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 25

[76] Убиството на Тодор Александров било извршено на 31 август 1924 година кај селото Лопово на планината Пирин. Се случило во време на обидите што тој ги преземал за организирање на конгрес на Серскиот револуционерен округ на ВМРО и напорите што се преземале во правец на средување на состојбите во истата по потпишување на Мајскиот манифест во 1924 година. Заземањето на новиот курс по однос на борбата за решавање на македонското прашање и потоа откажувањето од потписите на Александров и Протоѓеров создале предуслови за тоа повеќе фактори да се заинтересираат за отстранување на Тодор Александров од лидерската позиција во ВМРО. Според верзијата на ВМРО, која најмногу се базирала на кажувањата на неколку лица, директни учесници во тие настани, а пред се' исказот на Динчо Мицев Сугарски. Според него Алеко Василев - Пашата, пред Гоце Манолев, Петар Говеда ров, Гогата Полски и Никола Хаџиев, во куќата на Говедаров, му наредил нему да отиде од селото Горна Сушица, преку Мелник, во селото Деремислим за да пречека едно лице, коешто требало да го спроведе во селото Лопово. Македонските емигрантски кругови побрзале и набргу го објавиле Манифестот во Виена со што му ја изрекле смртната пресуда на водачот на ВМРО. Токму затоа се поставува прашањето, дали таа постапка со објавувањето била намерно направена? Дали комунистичките кругови во Коминтерна, БКП и СССР му го простиле индиректното учество во задушувањето на Септемврискиот востание? Дали наглото свртување во лево на ВМРО имале за цел отстранување на убедениот антикомунист Александров од кормилото? Прашања кои и понатаму ќе чекаат на одговор. Атентатот врз Тодор Александров не го оставил рамнодушен и самиот бугарски цар Борис. Во однос на убиството тој го дал следниот коментар: ‘’Можеби некои луѓе околу владата нема да бидат толку незадоволни... Сега тие ќе имаат добро извинување да реагираат против Србите, нели? Беше ли убиството чисто македонска работа, или беше сврзано со бугарската политика? Уште порано го предупредував Стамболиски да не ги вмешув Македонците во нашиот внатрешен политички живот, но Александар Димитров и други го вовлекоа. Истото му го говорев и на Александар Цанков... На самиот Тодор Александров, кого што го видов веднаш по 9 јуни, му реков: Не дозволувајте вмешување на Македонците во нашата внатрешна политика, лошо ќе се случи; вие ќе се заразите од недостатоците на нашето партизанство, а нашето партизанство ќе ги поприми вашите хируршки методи. Не ме послуша. Помисли дека јас говорам така можеби од страв. И несреќникот ја плати со главата таа своја грешка."

кажам дека Тодор Александров, независно од неговата активност, која секогаш не беше на линијата на прогресот имаше големо влијание врз масите. Веројатно поради односот што го имал со луѓето, поради аскетскиот живот што го водел, како што се зборуваше и многу други работи. Но, мора да се има предвид и еден друг момент . А тоа е дека тој, сепак, се оформил како револуционер во Македонската револуционерна организација, која во основа имала за цел ослободување на Македонија. За разлика пак од него, Ванчо Михајлов, кој во 1918 година го зема со себе во Бугарија, се оформил само во круговите на врховистите[77]. Тука постои голема разлика и не е случајно што во 1924 година Тодор

[77] Врховизам е политички правец во македонското националнослободително движење, којшто го поврзува решавањето на Македонското прашање како дел од поголемото Бугарско националистичко прашање. Називите врховизам и врховисти се дојдени од Врховниот комитет, поточно за приврзаниците на Иван Цончев а подоцна терминот Врховизам и врховисти се употребувал за сите кои биле приврзаници на официјалната бугарска политика во однос на Македонија и македонското прашање. За разлика од (внатрешните), врховистите сметале дека Македонија и Одринско ќе бидат ослободени не со општо востание, туку со помош од страна на Бугарија и нејзината војска. Според општо прифатеното гледиште во Република Македонија за врховистите, се сметаат оние кој ја спроведуваале свесно или несвесно политиката на бугарската монархија и држава кон Македонија.

Александров прифатил да биде член на ВМРО (Обединета)''[78] [79]. Апостолски бил убеден дека Тодор Александров прифатил да биде дел од ВМРО (Обединета), тоа го изјавил при снимањето на „сеќавања'', веројатно водејки се од „Мајскиот Манифест''и некои други документи но тоа не е научно потврдено. Според сите факти познати на современата историска и историографска наука, и аргументирано изнесено во јавност до денес, Тодор Александров останува до крај харизматичен водач и лидер на организацијата на ВМРО.

[78] ВМРО (Обединета) била македонска револуционерна организација, формирана врз основа на принципите на Мајскиот манифест на ВМРО, под влијание на Балканската комунистичка федерација и со поддршка на Коминтерната и македонските комунисти. Нејзе и се приклучиле членовите на Илинденската организација, на бившата Серска група , на бившиот Емигрантски комунистички сојуз, бившата Македонска федеративна организација и други прогресивни групи. При нејзиното основање бил избран Централен комитет со седиште во Виена. Нејзин орган бил в. Македонско дело. Имала цел да прерасне во масовно народно движење за извојување слободна и независна Македонија во рамките на нејзините географски и економски граници и нејзино конституирање во самостојна политичка единица, што ќе влезе како рамноправен член на идната Балканска федерација. Нејзини најистакнати дејци биле: Панко Брашнаров, Димитар Влахов, Симеон Кавракиров, Владимир Поптомов, Андреја Чипов, Методија Шаторов-Шарло и др. За трите дела на Македонија биле создадени одделни обласни комитети на чело со секретар. Обласниот комитет во Пиринскиот дел на Македонија го раководел Симеон Кавракиров. Подоцна седиштето на ЦК на ВМРО(Об) било пренесено во Берлин (1928), при што уште повеќе се влошиле врските на раководството со татковината. Наскоро настанала голема партиска провала во Велес, Куманово, Скопје и Штип (1928-1929), при што биле уапсени 113 нејзини членови, меѓу кои и членот на ЦК Панко Брашнаров, а по испраќањето на робија на дел од осудените, во наредната година престанала дејноста на Организацијата во Вардарскиот дел на Македонија. ЦК на ВМРО решава да ги објави, преку манифест, принципите на обединување и помирување. На 6 мај 1924 година е потпишан мајскиот манифест во кој било истакнато: Мајски манифест
Ниедна од владите на балканските држави не мисли за ослободувањето и обединувањето па раскинатите делови на Македонија; ниедна од нив не мисли и не дејствува за самоопределувањето на македонскиот народ во самостојна политичка единица; ниедна од нив не сака на поробените Македонци да им ги даде правата предвидени во договорите кои им го осигуруваат културниот развиток како национални малцинства. Поради тоа, ВМРО е принудена да изјави дека политиката на сите сегашни балкански влади е непријателска за слободното и самостојно палитичко постоење на Македонија и дека таа најрешително и со сите средстаа на револуционерната борба ќе се бори против нивната завојувачка политика спрема Македонија и македонскиот народ...На 5 јуни, станува јасно дека Тодор Александров, кој е подложен на силен притисок, се подготвува да се откаже од потписот манифестот. Тоа довело до тежок конфликт во Централниот комитет на ВМРО, Чаулев и Влахов се држеле до документот, а генерал Протогеров бил со нејасна позиција. По објавувањето на манифестот од Влахов во Виена, Протогеров, кој е генерал и член на Воената лига му се заканува со физичка ликвидација. Александров и Протогеров на 1 август 1924 година ги повлекле своите потписи. При оваа состојба, група дејци на чело со Алеко Василев и Георги Атанасов, организираат заговор против Тодор Александров. Убиството на Александров и Горноџумајските случувања го разделиле македонското ослободителното движење. Новиот раководител на организацијата, Иван Михајлов наметнува единствено централистичко управување и ги прекинува односите со левицата. Тој ги организирал убиствата на Петар Чаулев и Тодор Паница.За да се спаси, Влахов останува во Западна Европа. Врз основа на принципите на мајскиот манифест, во октомври 1925 година во Виена, Димитар Влахов, кој веќе е исклучен од ВМРО, заедно со други дејци на левото крило, го организира формирањето на ВМРО (Обединета), врз основа на мајската платформа. Димитар Влахов, Предавниците на македонското дело, Култура, Скопје, 1983; Иван Катарџиев, По врвците на македонската историја, Култура, Скопје, 1986 година.
[79] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 42-43



Иако млад и сеуште окупиран со школувањето, овој настан не останал незабележен кај Михајло Апостолски, тој не останал рамнодушен. Сепак мајка си е мајка а семејството е светиња. После све што напишал и објавил во својот огромен опус и покрај многуте критики, сепак тој успеал коректно и детално да ја анализира личноста на Тодор Александров. И севкупно во новосоздадените услови подоцна, авторот морал да посвети една или две страница во неговото постхумно издадено последно дело, односно еден вид на негова исповед а пренесено на хартија после снимањето во неговиот дом, претходно опишано. Навистина ова неможе никого да остави равнодушен бидејки веќе остарениот генерал, историчар и академик Михајло Апостолски и кон своите идеолошки неистомисленици се однесувал со јасна почит за нивните дела или придонес кон македонското национално прашање. Тоа на крајот станува факт.

Околу погибијата на Тодор Александров тој уште ќе додаде.,,Во 1925 година на политичката сцена во Македонија се јавила нова политичка организација, ВМРО (Обединета) во која биле вклучени разни струи и фракции на македонската емиграција и револуционерното движење. Преговорите помеѓу Тодор Александров, Александар Протуѓеров, и Петар Чаулев завршиле со спогодба за обединување на ВМРО и Македонската Федеративна организација брз таканаречената Платформна декларација, а на 30 април 1924 година бил потпишан протокол за обединување на Македонското револуционерно движење. За запознацвање на Македонскиот народ со начелата и целитена постигнатата спогодба на 6 мај 1924 година, ЦК на ВМРО го издава Мајскиот Манифест потпишан од Тодор Александров, Александар Протугеров и Петар Чаулев. Меѓутоа десет дена по објавувањето на Манифестот, Александров и Протугеров под притисок на бугарските реакциoнерни кругови се откажале од своите потписи’’[80].

Околу ова прашање интересен е ставот и на Киро Глигоров.

[80] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 43-44

„ Како што спомнав, тие живееја горе во Ново Село, на еден брег.( Мисли на семејството Апослтолски). Долу беа куќите на чорбаџиите, со убава македонска архитектура, како што е охридската. Таму, покрај Брегалница, беа и куќите на Тодор Александров, Ванчо Михајлов и на Хаџикимов, како и на многу други. За нив особено за Александров ( Ванчо Михајлов стана „познат'' нешто подоцна) знаевме уште тогаш. Јас за тоа имав слушнато нешто од старите Апостолци. Јас бев Малечок имав шест години кога се случија овие драматични настани за кои еднаш зборував во собранието[81]''.

Годините поминувале и бројот на предметите што се изучувале станувал пообемен. Геодезијата[82] еден многу интересен предмет поради својата специфика во воените науки многу го привлекувала и во иднина ке се покаже како многу битна животна наука која ќе му помогне на тогаш Генералот Апостолски да решава многу сложени воено стратегиски ситуации. Од самиот почеток геодезијата го привлекувала и на тој предмет Михајло Апостолски му посветувал посебно внимание. Бидејки таа е наука односно научна дисциплина која се занимава со изучување на мерењето и прикажувањето на земјата. Изучиванјето на гравитацијата и премерувањата на земјината површина и подоцна приказ на карти и мапи односно мапирање на теренот. Нешто што подоцна многу ќе му користи на Генералот Апостолски. Потоа со запознавањето на таа научна дисциплина го совладал топографското цртање [83] односно топографијата и читање на карти. Со совладувањето на овие научни дисциплини после неговото школување во Воената академија и дополнителни во Вишата воена академија Михајло Апостолски во своите генералски командни денови, ќе има силно развиено чуство на

---

[81] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, Култура Скопје 2002 година, стр.17

[82] Геодезија е научна дисциплина која се занимава со мерење и прикажување на Земјата, нејзиното гравитационо поле и геодинамичките појави како што се: поместување на половите, плима и осека итн. Личностите кои професионално се занимаваат со геодезија се наречени геодети. Може да се каже дека геодезијата е научна дисциплина која се занимава со премерувања на земјината површина, внесување на податоците во катастарот и приказот на тие површини при изработка на карти и планови. Плановите и картите се изработуваат врз основа на податоците соберени на терен со помош на различни геодетски инструменти и различни методи на работа. Тие податоци овозможуваат сите објекти на површината на земјата, испод неа и во воздухот, кои ја права содржината на планот или картата, го задржат својот облик и меѓусебната положба. Картите и плановите имаат врвно значење за стопанските и општествените развивања на едно општество како и стратегиски развој за воени потреби. Исто така, картите овозможуваат запознавање со нашата, но и со другите земји. Географија не може успешно да се проучува без географска карта. Благодарение на нив се добива и јасна претстава за географската положба на поединчени земји и континенти. Без нив не би било возможно да се оствари организирана комуникација на луѓето и превозните средства. Нивното значење е големо и без нив, би било невозможно да се живее во современ свет. Во геодезијата најмногу се мера аголните и линеарните величини. Со нивна обработка се доаѓа до различни податоци, како што се правоаголни координати и надморски височини на поединечни точки

[83] Топографија (грч. τόπος topos, "место", и γράφω graphō, "пишување") е дисциплина на геодезијата која ја проучува површината на копното и ја претставува на топографска карта или план. Топографијата ја проучува ориентацијата и начините на мерења на земјиштето, впишување на податоците преку топографски знаци, ја објаснува содржината на картата и начинот на правилна употреба. Целта на топографијата е да ја одреди местоположбата на одреден објект во реалноста и да ја претстави на карта, користејќи ги својствата на објектот, како географска должина, географска ширина и надморска височина. Ваквиот вид на карти имаат повеќестрано значење, како геолошко, научно, градежно, безбедносно-разузнавачко и воено-тактичко.

голема самодоверба на военото поле. Овие факти ќе бидат круцијални во неговото воено командување.



Воопштена топографска карта на Република Македонија.

После првата година кога на академијата преовладувале природно математичките и дел научни дисциплини кои се суштински за воени науки кои што брилијантно ги завршил со голем успех во втората година изучувал фортификациски утврдувања и некои други дисциплини исто така со голем успех. Во втората година веќе имале редовни гаѓања, гимнастика, борење, и мечување. Во втора година имал комбинирана настава со логорувања, спортувања и воени науки со што ги силно ги развил рефлексите.

Третата година Михајло Апостолски ја завршил во Сараево. Таму биле распоредени и добивале обука идните пешадиски командни структури. Во таканаречената Официрска школа за гаѓање во Сараево освен традиционалните гаѓања со многу видови орудија се стекнал со спознанија за квалитетно командување со пешадиски единици, потоа со методологијата за изведување настава на војниците. Така му завршила наставата во месец март и во април се вратил во Белград видно обучен и спремен. Во Белград свечено му ја прочитале и соопштиле наредбата за унапредување и наредбата за распоред. Така на први април 1927 година Михајло Апостолски станал Подпоручник во Војската на кралството Југославија. Тоа биле денови за паметење за младиот Офицер. Веќе следниот ден тој и неговата класа биле поканети на прием кај кралот.

Веќе следниот ден на втори април 1927 година тој со својата класа биле на свечен прием кај Кралот Александар I Караџорџевиќ[84]. Приемот се одржал во дворецот на

[84] Александар I Караѓорѓевиќ (српски: Александар I Карађорђевић), познат како Александар Караѓорѓевиќ, Крал Александар и Александар Обединителот бил крал на Кралството СХС од 1921 до 1929 година, а од 1929 до 9 октомври 1934 година, крал на Кралство Југославија. Александар го поминал своето детство во Црна Гора; сепак, во 1894 година неговиот татко вдовец ги зел трите деца, меѓу кои и Александар, во Женева, каде што тој го завршил основното образование. Заедно со својот постар брат Ѓорѓе, продолжил со школувањето во царскиот корпус во Санкт Петербург, Руската Империја. Во 1903 година, додека младиот Ѓорѓе и Александар сè уште се образувале, нивниот татко Петар, заедно со група заговорници, успеале да организираат државен удар во Кралството Србија, познат како Мајски преврат, во кој кралот Александар I Обреновиќ и кралицата Драга биле убиени. Така, династијата на Караѓорѓевиќ го презела српскиот престол по четириесет и пет години, а 58-годишниот татко на Александар станал крал Петар I, поради што Ѓорѓе и Александар се вратиле во Србија за да продолжат со нивните студии. Убиен е во атентат во Марсеј, од страна на Владо Черноземски, по наредба на ВМРО, на 9 октомври 1934 година. Атентатот на кралот е еден од ретките атентати снимен на филм и е една од поважните снимки во историјата на филмот. Пукањето се случило точно пред објективот на

кралот во таканаречениот стар двор. Кралот Александар I Караџорџевиќ во ведро и опуштено расположение разговарал со академците и се задржал околу еден час разговарајки и наздравувајки. На многумина тоа им оставило силен впечаток, впрочем да бидеш на прием кај крал на една држава не е мала работа. Интересно е што веќе Подпоручникот Михајло Апостолски според неговите кажувања и пишувања бил и се чуствувал со извесна резерва на приемот , тој за тоа јасно објаснува. Мошне чудна резкција за млад човек бидејки да видиш крал а посебно да бидеш дел од прием на крал не е мала работа. Но, тука се наметнува прашањето за неговиот иден развој како млад академец и прогресивен човек. Видно неговата резрва кон овој чин има длабоки и историски корени. Затоа будноста и внимателноста преовладуваат, тој едноставно и класно и национално не се согласувал со политиките на врховниот владетел и тоа го манифестирал на приемот.

„Утредента на втори април 1927 година не одведоа на прием кај крал Александар. Тоа беше во дворецот каде што сега се наоѓа градското собрание на Белград, таканаречениот стар двор. Крал Александар не прими во една голема сала. Со нас разговараше околу еден час. На многу луѓе им остави силен впечаток, особено на оние со јасна (и призната з.н) национална определеност[85]''.

Така завршува една фаза од неговото воено школување односно школувањето во Воената Академија. Сега Потпоручникот Михајло Апостолски со новопристигнатиот распоред животниот пат ќе го врати во неговиот роден крај и извесно време ќе службува во Кралската војска во Штип. Сепак тоа нема да биде негов престанок со военото школување туку само прва фаза од неговото брзо и рапидно напредување во војската.

### 1.3. Почетоци на војничката кариера во војската на Кралството Југославија

После успешното завршување на школувањето дошло време да се постапи по добиениот распоред од Академијата. Михајло Апостолски бидејки во неговиот роден град имало распоредено воен полк поточно во Штип односно и неговото Ново Село бил распореден 23 пешадиски полк на Кралската Југословенска војска [86]добил можност да

---

снимателот којшто не успеал да го сними самото убиство, туку последиците од него и успеал да ги сними неколкуте минути после тоа, така што од само неколку сантиметри оддалеченост е снимено и мртвото тело на кралот.

[85] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 39

[86] Југословенската војска (ЈВ) била вооружената војска на Кралството Југославија. Постоела од 1 Декември 1918 година. Настанала со прогласувањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенца после Првата светска војна. Во активна служба во војската на Кралството на Србите, Хрватите и Словенаците, покрај 3500 офицери на војската на Кралството Србије, примени се и 2590 бивши офицери на Аустроугарскеата Војска, 469 офицери од Црногорската војска како и 12 од царската руска војска и три офицери од албанските Есад Пашини единици. Југословенската војска ја сочинувале два рода Војската и Воената Морнарица. Војската ја сочинувале пешадијата, артилеријата, коњица, инжењерија и воздухопловството, и други помишни единици. Имале генералштабна, економска, техничка, санитетска, судска, свештеничка, ветеринарска и музичка струка, и специјални единици; граничарска служба, жандармерија, падобрански, јуришни и планински чети. Тенковите биле третирани како борбени средства кои ја помагаат пешадијата во напад, а воздухопловството служело за извидување, вршело заштита на силите и територијата и за напад на непријателските објекти. Ваздухопловството се делело на оперативно и армиско. Кад започнала војната во април 1941. имало 459 оперативни авиони (125 ловци, 173 бомбардери, 161 извидувачи), од кои што 265 биле современи авиона од поновата генерација, распоредени на 23 аеродроми. Оклопните единици ги сочинувале два тенковски батаљони, кој во својот

биде распореден во родниот крај. Така му завршува предстојот во Академијата. Му завршуваат деновите на учењето и обуките кои ги изведувал во Белград и низ цела Југославија. Му завршува другарувањето со многу другари и се прекинати многу блиски интересни пријателства со многу новостекнати пријатели од целата Југославија. Тоа многу го погодило. Се разбира со некои од нив, понатаму многу видни личности ќе се сретне и ќе продолжи да контактира во иднината. Со другарите од Македонија исто така се разделиле, сепак, успеале да најдат време да се дружат бидејки сите имале добиено десетодневен одмор пред да ги распоредат. Бидејки во многу градови немало распоредени гарнизони тој отишол во Паланка (денешна Крива Паланка) заедно со своите тројца најверни другари кај нив на гости да се дружат уште малку бидејки тие биле распоредени на други локации. Другарувањето брзо завршило, со другарите привремено се разделиле и тој заминал за Штип односно Ново Село. Пред него бил долг период на комбинирано служење во Војската и подоцнежно усовршување во Вишата воена академија кога за тоа ќе дојде време.

Веднаш по пристигнувањето тој бил многу среќен што ќе биде со своето семејство. Неговото семејтво било многу осиромашено, единствено работел неговиот татко кој го работел неговиот кондурациски занает во жандармерискиот полк. На осумчленото семејство многу му олеснило и материјалната состојба веднаш им се стабилизирала. Потпоручникот Михајло Апостолски добивал солидна плата за тие времиња, бидејки бил распореден во Штип и штипско што се сметало за ризично подрачје поради честите судари и погранични инциденти со четите на ВМРО односно врховистичките чети како што тој подоцна ги нарекувал. Со неговата примања на семејството му олеснило и полесно се живеело, тој бил задоволен со тој факт бидејки бил многу приврзан кон своето семејство.

Во Штип Командант на полкот бил школуван офицер, Полковникот Цвејиќ. Добро го примил Подпоручникот Апостолски и како искусен офицер ја следел неговата талентираност и обученост. Подоцна ќе му понуди специфични работи кои и за младиот подпоручник ќе бидат изненадувачки но кои ќе го пратат во неговиот живот. Претходно се случиле многу настани кои ја вознемириле целата околија.

Познатиот на целиот регион на источна Македонија Генерал Михајло Ковачевиќ[87] кој бил прв водечки офицер со најголем чин. Генералот Ковачевиќ станал командант на пешадиската бригада во Вардарската дивизиска област во Штип во 1922 година. На 1 ноември 1925 година го добил чинот бригаден генерал. За него може да се каже дека бил многу популарен помеѓу населението. Се до неговата смрт поточно неговиот атентат ќе остане со генералскиот команден чин. „ Претстојот на генералот Ковачевиќ во Штип

---

состав имале 110 тенкови и борбено оклопни возила. Воената морнарица имала 32 воени брода, разурнувачи. На Сава и Дунав била сместена речната воена флота, а поморското воздухопловство имало и 150 хидроавиона. Поморската обалска команда имала во својот состав 14 обалски артиљериски батерии со 45 топови.

[87] Михајло Ковачевиќ (1878-1927) Српски бригаден генерал на Брегалничката пешадиска бригада. Во 1902 година бил поручник на српската војска, во 1906 бил назначен за капетан, а во 1913 година за мајор. Во 1925 година бил поставен за бригаден пешадиски генерал. Во 1927 година бил убиен по наредба на ВМРО на Ванчо Михајлов од страна на тројца атентатори: Благој Кралев, Илија Лилинков и Ипократ Развигоров.

оставил трајни впечатоци не само на неговите современици туку и подоцна. На што се должи тоа? Пред се тој бил поборник за хумани меѓучовечки односи среде луѓето без разлика на нивната национална припадност''[88].

Младиот потпоручник Михајло Апостолски имал интересни доживувања со познатиот генерал. Го запознал на едно боево баталјонско гаѓање организирано лично од него. Тогаш Генералот Ковачевиќ го земал Аполстолски да му биде при рака и да му асистира околу целокупната организацијата на гаѓањето. „Ме зеде и мене да му асистирам во организирањето на гаѓањето, во правењето на скиците , за распоредот итн. Гаѓањето се изведуваше на падините на плачковица. Како сега си споменувам кога патем разговаравме за многу работи. Тој беше висок човек па мене ме викаше мали зошто јас бев мал спрема него. Тој се интересираше за многу работи. Ме распрашуваше за целот мој живот, за целото мое семејство, како живее итн. Горе на теренот, работевме цел ден и заедно на два коња се вративме во касарната. Штом се вратив во касарната си го презедов дежурството. Кога се изнесуваа казаните за вечера, генерал Ковачевиќ дојде да го проба јадењето. Тогаш се поздрави со мене и си отиде. Не помина ни еден час од разделбата кога пристигна веста дека генералот Ковачевиќ е убиен. Сите се вчудовидовме. Веднаш дадовме тревога во целиот гарнизон. Дојдоа сите офицери, војската беше вооружена. На сите ни беше жал за тој човек а морам да кажам и на многу број луѓе во градот. Неколку дена пред тоа пред една полковска вежба на Овче Поле, ме викна командирот на полкот и ми даде да процитам едно писмо. Во него пишување дека во Штип и во околината се дојдени врховисти-атентатори од Бугарија со цел да извршат убиство на некоја политичка или воена личност. Јас го прочитав писмото и го запрашав командантот, што имам јас со тоа.

- Ништо, ми рече, -само да знаеш дека ти ќе останеш дежурен во касарната и ќе одговараш за целиот гарнизон.
- Како јас да одговарам , го прашав- Па јас сум Штотуку испилен поручник а треба веднаш да остабннам во касарната, да одговарам за целиот ганизон?
- Ќе остане војска, ми рече, и таа ќе биде под твоја команда!

Полкот отиде на вежба а јас останав сам во касарната. Полкот се врати од вежбата и дури по два или три дена ние со генералот Ковачевиќ отидовме на она гаѓање што веќе го спомнав. Атентатот се случи кога се вративме од гаѓање. Генералот Ковачевиќ го убија пред вратата на неговата куќа[89]''.

Убиството на генералот Ковачевиќ на Штип о околината му довеле многу неволји. Тоа бил еден исклучително бурен период на пресметки на вооружени чети и на атантатори на ВМРО кои навлегувале на територијата на Вардарска Македонија од Бугарија од едната страна и Кралската Југословенска војска која го окупирала овој дел на Македонија за време на Балканските и по Првата светска војна. Исто така се работело за еден политички динамичен период и многу затегнати односи поради македонското

[88] Кирил Цацков, Атентатот на Генералот Михајло Ковачевиќ и воведување специјална полициска состојба во Штипско - Годишен зборник- Институт за Историја и Археологија, Униврзитет Гоце Делчев Штип 2010 година. стр 5-11
[89] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 45

прашање помеѓу двете земји но и политички проблеми во самата Бугарија. Тоа е период на кој предходи сваргнувањето од власт на Александар Стаболиски во 1923 година на крвав и брутален начин. Неговите наследници Александар Цанков, Андреј Љапчев, и Александар Малинов се обидувале да ги смират односите помеѓу соседите. Но реално тоа во тој период било многу тешко изводливо заради силината на ВМРО во Бугарија пред се, каде организацијата многупати поради многуте лични контакти со многу видни личности се јавува и како креатор на надворешната политика на Бугарија.

Во тој период претседател на општината во Штип бил Димитар Караџов кој подоцна ќе стане и професор на универзитетот на Градежниот Факултет во Скопје. Колку била моќна организацијата сведочи и фактот што тој на Михајло Апостолски со кој инаку биле и пријатели и добро живееле му признал дека атентаторите биле кај него дома и од него барале изнуда и соработка. Тој ги одбил, но многу е веројатно дека многумина од домицилното население прифатило соработка и за оваа и за други случки.

Како чин на одмазда на убиството на генералот Ковачевиќ во 1928 година српската жандармерија на брутален начин ги ликвидира таткото и братот на Ванчо Михајлов. Мора да заклучиме дека во периодот од балканските војни па се до почетокот на втората светска војна во реонот на Штип и воопшто во Македонија под Југословенска власт имало многу крвави епизоди од обете страни, таква била и оваа со убиствата на Генералот Ковачевиќ и семејството на водачот на ВМРО. Сепак најмногу пострадало домицилното Македонско население бидејки периодот изобилувал со пресметки, освети и убиства. Уште од времето по завршувањето на војните освен навлегувањето на четите на ВМРО и судирите со Југословенската Војска и жандармерија и осветите кон населението ако некој соработувал со едната или другата страна имало и многу неразјаснети исчезнувања на многу поединци и истакнати личности. Тие биле поврзувани со едната или другата страна зависно кој издавал соопштенија, но сепак понатаму и таа мистерија ќе биде разрешена околу исчезнатите стотици луѓе многу години подоцна и објавена јавно од Михајло Апостолски. Во тој период малку подоцна и животот на самиот Михајло Апостолски бил во непосредна опасност но тој вешто ќе го избегне најлошото.

Животот морал да продолжи и во ваквите сложени услови, сепак народот во Штип и штипско како и во целата Македонија изнашол начини да се дружи да се забавува и делумно да се зближи населението со новодојдените, пред се војници. На разните прослави и другарски вечери се создавала убава атмосвера и се создавале нови пријателства помеѓу некои офицери и дел од домашното население. На една прослава по повод на роденденот на Михалјо Апостолски тој се запознал со неговата идна сопруга Цвета. Нивната љубов ќе го одбележи еден дел од неговата војничка кариера и на крајот ќе се круниса и со брак. Врската помеѓу Михајло и Цвета Глигорова станувала интензивна. Тој кога не бил во Штип често и пишувал и и ја искажувал својата љубов. Така и врската им се зајакнала. „Во Штип во тоа време постоеше посебен режим на старата Југословенска власт. Но војската, сепак, одржуваше контакти со поширок круг луѓе. Голем број офицери создадоа пријателства со луѓе од градот, особено оние офицери што беа испратени тука по казна. Во штипскиот и во дебарскиот гарнизон во

стара Југославија во се испраќаа луѓе по казна. Тие изнаоѓаа начини да се спријателат со лугето, па дури и да се оженат девојки од тие места. Народот знаеше да прави разлика меѓу војската и жандармеријата. Исто така и од полициската власт. Секогаш кога се одбележување денот на 23 полк народот доаѓаше во касарната. Кои беа мотивите народот да присаствува на овие свечености во толку голем број, тешко може да се каже. Веројатно е пријателството што се создаваше меѓу одделни офицери и народот и врз таа основа воспоставените контакти. Иако не ја сакаше таа држава народот, одеше на одбележување на тој ден. Тоа е еден факт што поттикнува на размислување[90]''.

Додека службувал во Штип уште еден мошне битен за неговата идна научна работа се случил и оставил значение на тогаш младиот подпоручник Михајло Апостолски. Имено Неговиот полковник Цвејиќ кој во него имал потполна доверба го замолил да ја напише историјата на 23 полк на тогашната Југословенска војска. Овој полк порано се викал Прв Југословенски полк. Учествувал во пробивот на Солунскиот Фронт. Во неговите редови земале учество војници и доброволци од „Доброволниот корпус од Добруџа''. Исто така треба да се напомене дека во неговиот состав имало многу Македонци но и војници од сите краишта на тогашната Југославија. Така започнува воведот во личното пишано запознавање со историјата и фактички првите негови напишани страници се пред се за воената Историја, научна историска дисциплина која во иднина ќе му биде голема љубов и ќе ја пишува на начин на кој денес учиме и се восхитуваме. Тој за историјата на полкот напишал околу 80 страници, што било сосема доволно во тие услови. Командантот бил многу задоволен од тој чин.

Освен овој интересен вовед во лично афирмирање околу пишување настани од Воената историја Потпоручникот Михајло Апостолски го продолжил и своето афирмирање и дошколување. Дел од офицерскиот кадар мешу кој бил и Михајло Апостолски го усовршувал и делот на службата за врски дел што дотогаш не му било посветено доволно внимание. Во 1928-1929 година Михајло Апостолски го поминал и курсот за телеграфисти. Сето таа негова желба да се надградува го изградува во многу надежен млад подофицер и тој повторно е испратен во Белград поточно во Земун каде што се здобил со нови знаења од радиотехниката. Ги изучувале радиостаниците нивната примена, нивната работа, и новите видови модерни радиостаници, без чија примена и намена модерните армии неможеле да се организираат. Се изведувала настава пред војници и повторно Михајло Апостолски бил успешен и со самото тоа веќе стекнал поголем број на пријатели во Армијата. После завршувањето на курсот тој бил распореден во Славонска Пожега. Претходно во Штип се свршил со Цвета.

### 1.4. Школувањето во Вишата воена академија

Додека полагал разни курсеви во Земун на Потпоручникот Михајло Апостолски му стигнала поканата за полагање на приемни испити во Вишата воена академија. Потребно нило да се положат неколку клучни предмети кои за Михајло Апостолски не

[90] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 48

претставувале никаква тежина. Предметот воена тактика[91], која веќе од претходно ја имал како свој многу посакуван предмет, потоа фортификациски објекти [92]и полска фортификација, балистика[93], географија[94] и Јазик. Сите успешно ги положил и бил примен во Вишата воена академија во Белград со одличен успех помешу првите 10 кандидати од 260 од кои голем дел одпаднале.

Имало голема разлика помешу предметите во Воената и во Вишата воена академија. Во Воената академиа предметите биле од воено-технички карактер а во Вишата воена академија предметите биле од комбирани и воено –технички и воено-политички со нагласена општествена димензија. Тоа веќе искусниот и донекаде прекален и надарен за воените науки Михајло Апостолски веднаш го воочил. Сега се

---

[91] Воена тактика е заедничко име за методите на пресретнување и победување на непријателот во битка. Промените во филозофијата и технологијата през времето се отсликале цо промените на тактиките. Сѐ до деветнаесеттиот век, многу тактики се сведувале на бојното поле, како даречеме како најдобро да се маневрират единици на отворен простор. Во денешната воена мисла, тактиката е дел од операционата употреба на едииници во дадена бојна ситуација. За разлика од тактиката, воената стратегија се занимава со општиот начин, средства и планирање за долгорочни резултати. За многу ситуации постојат специјализирани тактики, од обезбедување на соба или поединечна зграда, до операции на големо како воздушна надмоќност над еден регион. Денес, воените тактики се користат во секое ниво на команда, од поединци и групи, па сѐ до војската како целина. Така, воените единици одсекогаш ја рефлектирале тактиката во тоа време, и нивната големина и состав се разликувала според тоа. Чести воени тактики се фронтален напад, обиди за закрила на непријателот, чување на резервни војници и употребата на заседа. Тука може да се спомене и употребата на измами како камуфлажа, мамци и слично.

[92] Многи војни објекти познати су као фортови или форови (од франц. fort утврђење), иако нису увек утврђени. Фортови су се разликовали величином, обухваћајући врло велике тврђаве, па све до најмањих фортица (од тал. fortezza). Реч фортификација такође може означавати праксу усавршавања обране неког подручја обрамбеним радовима. Када се термин користи у множини, фортификације означавају изграђене објекте које служе за обрану. Градске зидине или бедеми су стога фортификације али не морају нужно бити утврде. Уметност подизања војног кампа или конструисања фортификације традиционално се класификује као кастраметација (лат. castrametatio) још од времена римских легија. Уметност/наука опседања фортификације и њеног разарања популарно се назива опсадом, док се у терминологији користи израз полиорцетика. Потоњи термин такође се користи за означавање умећа градње фортификације.

[93] Балистиката е наука за движење на проектилите под дејство на погонско полнење. Поделена е на внатрешна и надворешна балистика. Внатрешната балистика ги проучува динамичните и термодинамичките карактеристики на погонскиот полнеж. Надворешната балистика го проучува движењето на проектилот од моментот на напуштање на уредот за лансирање (цевка, фрлач) до крајната точка на летот. Секој бара употреба на посебни балистички мерења. Терминот балистика кај целта (мета) се однесува на ефектите на проектилите на целта и е обработен во написот пробојност на зрна. Поделбата во внатрешна и надворешна балистика била креирана во времето на орудијата со кои најголемата брзина се соопштувала на устието на бурето со горење барут во комората. Со ракетни проектили кои се погонети и по напуштањето на уредот за лансирање, сѐ потешко е да се прави разлика помеѓу овие два поими.

[94] Географија или земјопис од старогрчки: γεω „земја“ и γραφία „опишува“) — описна наука која своето внимание го насочува кон опишувањето на планетата Земја. Во потесна смисла, географијата е и природна и општествена наука, бидејќи ги проучува и опишува сите форми на земјината површина и сите природни појави што настануваат на неа и во атмосферата од една, и населението (како дел од Земјата) и неговата стопанска дејност, од друга страна. Исто така, географијата ја опишува и проучува разместеноста на природните богатства, растителниот и животинскиот свет на Земјата. Човекот отсекогаш се интересирал за светот околу себе. Токму тоа е и причината што зачетоците на географијата како наука се појавиле уште во античко време. Обично таа се развивала со развојот на трговијата и морепловството, а уште поинтензивно се развива подоцна, во времето на големите географски откритија. Во антиката, многу народи ја развивале географијата, како старите Грци, Арапите, старите Римјани и други. Од последниве, најистакнати географи биле Птоломеј и Страбон. Птоломеј е и еден од првите географи кои ја опишале територијата на Македонија.

изучувала повеќе стратегијата односно Воената стратегија[95] како една од круцијалните воени науки, потоа се изучувале и други науки од областа на правото. Тука биле присатни административното и кривичното право,и меѓународното јавно право. Од неговите омилени се изучувале Вишата геодезија, воената географија и воената историја нормално. Приметливо биоло дека освен воените предмети сега во наставата имало комбиниран пристап и со дел науки од хуманистичка[96]и хуманитарната област.

Веќе унапредениот во Поручник на Југословенската кралска Армија, Михајло Апостолски повторно немал никакви проблеми да се соочи и да ги совлада и новите предмети во сега веќе Вишата воена академија во Белград. Тој повторно немал никаков проблем со учењето и совладувањето на материјалот. Овој пат имало повеќе материјал за читање и изучување што е и нормално на почетокот од дошколувањето. Предавањарата се одвивале претпладне се учело веднаш попладне. И во Вишата Академија запознал многу пријатели а со некои останал близок до крајот на животот. Тоа било тешко време за живеење на обичните граѓани, времето на диктатурата. Во тој период од 1929 по потоа следните години до 1933 на сите им тежела диктатурата[97].

Во многуте отворени дискусии што ги имал Михајло Апостолски со своите колеги во академијата понекогаш доаѓало и до многу отворени разговори со личности кои јавно се декларирале со прогресивни идеи иако биле униформирани. Тука Апостолски бил сведок на многу искрено искажани чувства кон све тоа што и се случувало во државата. Многумина од прогресивните колеги отворено негодувале кон

---

[95] Воена стратегија е надмудрување на непријателите на бојното поле. Воената статегија ја покажува умешноста на војување на лидерите во војната, кој има подобро замислена стратегија секугаш ке биде чекор понапред од непријателот, таа може да биде од офазивни и дефазивни размери, полна со заседи и неочекувани, непревидливи потези. Поимот во современи услови го губи значењето што го имал во античкиот период на војување, па сè до 12. век. Во античко време со добрите однапред смислени стратегии, со добро организирани формации на војската секугаш се доваѓало до големи успеси, тоа е и одлик на големите војсководци.

[96] Хуманистичките науки е поим кој ги означува науките како и гранките на знаењето кои ги испитуваат луѓето, нивната култура и самоизразување. За разлика од физичките и биолошките науки, а понекогаш и од општествените, хуманистичките науки опфаќаат изичување на јазик, книжевност, уметност, историја и филозофија.

[97] Шестојануарска диктатура – периодот на апсолутистичко владеење на кралот Александар I Караѓорѓевиќ во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците кој траел од 6 јануари 1929 до 3 септември 1931 година.На 6 јануари 1929 година, кралот Александар I Караѓорѓевиќ го распуштил Народното собрание на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците ја забранил работата на сите политички партии и синдикати, политички собири и вовел цензура. Шестојануарската диктатура официјално е окончана со донесувањето на Октроисаниот устав. Недоволно добро решеното аграрно, национално и работничко прашање предизвикало криза и нестабилност на Кралството СХС. Користејќи ја ваквата состојба, Селанско-демократската коалиција која ја сочинувале Хрватската селанска партија на Стјепан Радиќ и Самостојната демократска партија на Светозар Прибиќевиќ, барала ревизија на Видовденскиот устав од 1921 година. Создавањето на Селанско-демократската коалиција го заострил судирот меѓу овие две партии со Народната радикална партија. На 20 јуни 1928 година, радикалскиот пратеник Пуниша Рачиќ ги убил пратениците на Хрватската селанска партија Павле Радиќ и Ѓуро Басаричек и тешко го ранил Стјепан Радиќ, кој починал од последиците на ранување на 8 август 1928 година. Народното собрание повторно се состанало на 1 август, но пратениците на Селанско-демократската партија одбиле да учествуваат. Искористувајќи ја смртта на Стјепан Радиќ и блокадата на работата на Народното собрание, кралот Александар во кралската прокламација објавена на 6 јануари 1929 година објавил дека „тие жалосни раздори и случки (...) ја поколебале кај Народот верата во корисноста на таа установа“, па затоа меѓу кралот и народот „повеќе не може и не смее да има посредници“. Кралот го укинал Видовденскиот устав и лично ја презел законодавната и извршната власт.

одлуките на Кралот Александар за воведувaето на диктатурата. Имало и улични демонстарции и протести против таквата политика и политичка нестабилност во државата. Војската била на штрек. Иако тој момент многу не го почуствувал Апостолски факт е дека во тие моменти додека бил во Белград состојбата била наелектризирана исполнета со политичко насилство и употреба на сила против демонстрантите. Припаѓајки на прогресивните групи Апостолски имал отворени дискусии со своите истомисленици и јавно ги споделувал своите идеи и размислувања но и барал отворена дискусија и разговор од соговорниците покажувајки интерес за сите искажани зборови. Градејки го и надоплнувајки го својот приод кон состојбите во државата тој допрел до делото ,,Капитал'' [98] напишано од Карл Маркс познатиот основач на научниот социјализам. Спознавањето и споделувањето на Михајло Апостолски со делото на Карл Маркс ,,Капиталот''и воопшто со таквата литература многу веројатно претставува едно ново литературно осознавање и приближување кон комунистичката идеологија. Тој веќе отворено и со симпатии гледал кон тоа како на прогресивна мисла. И покрај тоа во

[98] Карл Маркс (на германски јазик: Karl Marx; роден во Трир, 5мај 1818 – починат во Лондон, 14март 1883) — германски филозоф, политички економист, историчар, социолог, политички теоретичар, новинар и комунистички револуционер. Еден е од најистакнатите претставници на Меѓународното здружение на работниците (попознато како Прва интернационала) и е втемелувач на марксизмот. За најважно негово дело се смета обемната четири-томна расправа „Капиталот“. Роден во Трир, Германија во граѓанско семејство, кое во периодот на неговото раѓање од јудаизам преминува во христијанство. Неговиот татко бил адвокат, човек восхитен од идеалите на Францускaта револуција, со длабоки либерални чувства, во чиј дух го воспитувал и својот син. Маркс студирал право и филозофија на универзитетите во Бон, Берлин и Јена. Тој се оженил со Џени фон Вестфален во 1843 година. Поради своите политички публикации, Маркс останал без државјанство и со децении живеел во егзил со својата сопруга и децата во Лондон, каде продолжил да ја развива својата мисла во соработка со германскиот мислител Фридрих Енгелс и да ги објавува своите списи, истражувајќи во читалната на Британскиот музеј. Негови најпознати дела се памфлетот од 1848 година, Комунистичкиот манифест и четири-томниот Das Kapital. Неговата политичка и филозофска мисла има огромно влијание врз интелектуалната, економската и политичката историја на 20 век. Во 1999 година, Маркс е прогласен за мислител на милениумот, во 2005 година за светски најголем филозоф и во 2013 година за светски најдобар научник. Критичките теории на Маркс за општеството, економијата и политиката - колективно сфатени како марксизам - тврдат дека човечките општества се развиваат преку класна борба. Во капитализмот, ова се манифестира во конфликт помеѓу владејачките класи (познати како буржоазија) кои ги контролираат средствата за производство и работничките класи (познати како пролетаријат) што ги создаваат овие средства со продажба на нивната работна сила за возврат за плати. Применувајќи критички пристап познат како историски материјализам, Маркс предвиде дека, како и претходните социо-економски системи, капитализмот произведува внатрешни тензии што ќе доведат до физичко и вредносно уништување на неговиот капитал (конфликт меѓу раширувањето на производството и оплодувањето на вредноста)[1] и негова замена со нов систем познат како комунизам преку победоносна класна борба извојувана од работничката класа. Но, истовремено Маркс предупреди на причини со спротивно дејство „зошто ова паѓање не е поголемо или побрзо ... влијанија со спротивни дејства, кои го попречуваат и укинуваат дејството на општиот закон и нему му даваат карактер само на тенденција, поради што паѓањето на општата профитна норма ние го означивме како тенденциско паѓање.“ За Маркс, класните антагонизми под капитализмот, делумно поради неговата нестабилност и природа склона кон економски кризи, би резултирале со развој на класната свест на работничката класа, водејќи до нејзино освојување на политичката власт и на крајот воспоставување на бескласно, комунистичко општество составено од слободно здружени производители. Маркс активно се залагал за негово спроведување, тврдејќи дека работничката класа треба да спроведе организирана револуционерна акција за соборување на капитализмот и да донесе социјално-економска еманципација. Маркс е опишан како една од највлијателните личности во историјата на човекот, а неговото дело е и пофалено и критикувано. Неговата работа во економијата постави основа за поголем дел од тековното разбирање на трудот и неговиот однос со капиталот и последователната економска мисла. Многу интелектуалци, при што многумина ги модифицираа или адаптираа неговите идеи. Обично Маркс е наведен како еден од главните архитекти на модерната општествена наука

неговото најблиско опкружување со неговите колеги и дел од професорите оваа широка тема за политичкото случување на земјата била отворено дискутирана и анализирана што на прв поглед изгледа чудно, но дискусијата која траела со месеци како таква ја запаметил Апостолски. Дури имало и отворени спротиставувања и отворени негодувања на разни профили и карактери сепак на крај преовладувал разумот на академците. Тука фактички тој се судрил и со различни политички правци. Можел да сретне и забележи умерени, прогресивни струи секако, но можел и забележил и многу екстремни радикални струи, како и такви кои ги одобрувале репресивните мерки на режимот. Секако мудриот Апостолски извлекол доволно заклучоци и го продолжил своето патување низ вишата воена академија многу посериозен и со многу јасно исчистени ставови. Со јасна визија за иднината какво општество е потребно. Своите ставови јавно ги декларирал само со истомислениците од кои црпел информации за состојбите на теренот во државата но и за состојбите во светот во целина. Бил многу претпазлив и не се впуштал во дискусии со секого. Тоа го научил од животното искуство и таа мудрост ќе му го спаси и животот уште за време на учењето во академијата но ќе го прати и во иднината.

Унапредениот  поручник на Југословенската кралска Армија, Михајло Апостолски конечно ќе се соочи и со својот веројатно последен предизвик од научен аспект гледано. Конечно ќе свати дека дека една научна дисциплина ќе биде неговата најпосакувана во неговиот живот. Животот нуди предизвици и бара одговори. Неговиот живот од него побарувал соочување со вистината и креирање на неговата иднина на еден многу интересен и посебен начин. Се соочил со предизвикот на историјата како наука и научна дисциплина со која и претходно се соочувал ја изучувал и работел, но не ја практикувал професионално. Овој пат работите се промениле. Таа ќе стане негова опсесија после еден настан на предавањата на неговиот професор по историја во врска со „Балканските војни''.

„Еден ден на Вишата воена академија еден професорме натера посебно да се занимавам со Историјата. Тоа беше Александар Стоичевиќ, полковник, професор по историја.Во прва година на првиот час ни предаваше за балканските војни. На тие предавања настаните од Историја не се предаваа хронолошки. Се тргнуваше од претпоставка дека основната хронологија на историјата веќе ја знаеме. Се одеше по одделни периоди  и тоа оние што се посебно интењресни за војската. Така, тој тргна од Балканските војни. Кога говореше за целта од овие војни истакна дека на тој дел од Балканот каде што се воделе војните, живее Аморфна маса и мој прв ќе ја завладее оваа маса ќе ја претвориу во сопствена нација. Какок нож да ми забоде во срце. Тогаш си дадов за задача да ја проучувам историјата, зошто друг излез немав. Видов дека не постојат можности да ја остварам мојата ориентација кон природно математичките науки. Затоа се потрудив да побарам литература за историујата на Македонскиот народ и читав све што можев да најдам. Оттогаш не престанав да се интересирам за историјата на македонскиот народ. Оттогаш не престанав да се интересирам за историјата на македонскиот народ, гледајки го изолиран, туку како народ во кругот на балканските држави –Грција , Бугарија и Србија. И можам да му се заблагодарам на Александар

Стоичевиќ што ме натера да и се посветам на историјата, што ме потикна да му се одолжам на својот народ, како во војната, така и во неа''[99].

Овие зборови искажани од Академикот Михаљо Апостолски се воведот во неговиот долгогодишен и блескав опус и неговата огромна библиографија. Едноставно, дошло времето кога тој се соочил со уште еден но многу голем и можеби најбитен животен предизвик. Чуствувајки се понижено и навредено од професорот почнал да ја бара вистината. Вистината за својот народ и за својата таковина за која знаел дека не е таква каква што ја слушал на предавањата по воената историја. Изучувајки ја историјата и анализирајки ја на негов специфичен, во иднина после военото школување ќе се види на еден детален во најточни детали опишувани настани начин.

„Со Стојадин Катиќ и на генералштабната ѓкола пак се најдоа заедно да учат....позближено другарува со Словенецот Норберт Вурзбах. И со него како и со Катиќ се отвори препознавањето, Мијалчо да мже да води послободни во суштина антидржавни разговори. Мијалчо ги запозна своите двајца колеги од школото. Тие исто така знаеја дека Мијалчо системски ја проучува историјата на Македонскиот народ. Преку адреса на Норбрехт Вурзбах набави две книги од Бугарија. Едната пишувана од некој турски паша во која дава анализа за балканските војни а втората од Ангел Динев за„Македонските Славјани[100]".

Тој читајки се соочил со многу литератури кои биле исклучително популарни во тоа време бидејки биле од чисто научна основа. Тука спаѓаат пред се пописите во Македонија што ги спровеле освојувачите, посебно Србија и Бугарија. Најмногу го интересирало нормално што опишувале српските и бугарските историчари и статистичари и како го третирале македонското домицилно население. Михајло Апостолски се соочил со тежината на делата на бугарскиот научник историчар и политичар Кнчов кој бил и член на Бугарската академија на науките. Потоа и со српскиот научник и претседател на српската академија на науките Јован Цвииќ, кој бил и ректор на Белградскиот Универзитет и почесен доктор на науки на Универзитетот Сорбона и член на Карловиот универзитет во Прага. Тогаш „сватил'' зошто професорот по воена историја го нарекол Македонскиот народ „аморфна маса''. Тука имало многу прашања и одговори, се соочил со предизвици кои не биле лесни, но секако со упорноста што ја поседувал неговата цел постепено ќе се остварува. Тој со идната научноистражувачка работа ќе и се доближува, бидејки тука ги добил и првите одговори за своите прашања, и извел сопствени научно докажани заклучоци, различни од негаторските. Во иднина во модерната македонската историска наука и историографија за областите од Македонија по балканските и првата светска војна кои стануваат дел од државната територија на Кралството Србија односно подоцна на Кралството СХС и Југославија, најчесто употребуван термин е Вардарска Бановина подоцна Вардарска Македонија. Бидејки Вардарска Македонија во овој период како „територија'' сеуште нема утврдени

[99] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 53-54
[100] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 53

сопствени политички граници, територијата на којашто се однесуваат податоците соодветствува со границите на Македонија утврдени во 1945 година.

Статистиката на пописите во Македонија отсекогаш претставувала предмет на интерес на најразлични пропаганди и често пати претставувал алатка на националистичките идеологии на тие што го спроведувале. Тоа подоцна и Апостолски многу добро го знаел. Населението што живеело на територијата на Македонија било различно според своето потекло според својата црковна припадност и според својата бројност. „За бројноста и националната структура на населението во Македонија што живееше во Македонија постои обемна и разновидна грчка, српска, и бугарска историска литература„. Балканската историска и историографска литература за бројноста и националната структура на населението во Македонија е неверојатно разновидна и контрадикторна. Балканските статистики како што добро приметува и констатира „Wurbain Andre''[101] се намерно фалсификувани.„Тоа што се забележува во статистиките за националната структура на населението е разликата во теоретските принципи што стојат во темелот на бугарските, српските или грчките статистики". Ако се прегледаат делата на Бугарските автори како Васил Кнчов или Д.М.Бранков потоа Јордан Иванов, Владимир Руменов и други со нивните дела секако имале големо влијание на тогашниот научен свет и критика. Од нив за најреални или коректни од кој што може да се извлечат релевантни заклучоци за нас Македонците се секако делата за попис и состав на населението на господинот Васил Кнчов[102] и на Д.М. Бранков. Нивните податоци се сметаат за најверодостојни за разлика од другите бугарски автори кои само настојувале да ја потврдат етничката состојба во Македонија. Српските пак статистичари односно нивните статистики во споредба со бугарските и грчките се разликуваат според бројноста на националната структура на населението во Македонија. Во нив се забележува голема разлика на населението и разновидните аргументи употребувани за докажување на божемниот српски карактер на Македонија. Сите без исклучок од нив сметаат дека Србите го сочинувале главниот етнички елемент во Македонија. Тоа го сметале, Иван Иваниќ , М.В.Веселиновиќ, С.Гопчевиќ и др. Од друга страна Јован Цвииќ[103] во својот труд „Проматрања о етнографии Македонских Словена"искажува мислење дека останатите тројца споменати писатели во своите дела оставаат простор за заблуда и дека во нив има голема доза на „ненаучност и збрканост". Но најголемата заблуда за српската кауза во Македонија секако му припаѓа токму на Јован Цвииќ. Правејки мали, едноставни но очевидни грешки не создава статистики со српски белег како Иван Ивановиќ или Гопчевиќ, кои кај научната јавност би

[101] L'Échange Gréco-Bulgare des Minorités Ethniques. André Wurfbain

[102] Васил Иванов К‘нчов (26 јули 1862 6 февруари 1902) — научник, географ, историчар и политичар од Бугарија, автор на многубројни географски истражувања на Македонија. Сомисленик на Прогресивно-либералната партија, во период од еден месец бил министер за образование и наука во првата влада на Стојан Данев (1902). Член е на Бугарската академија на науките.

[103] Јован Цвииќ (српски: Јован Цвијић; Лозница, 11 октомври 1865 – Белград, 16 јануари 1927) – српски научник, основач на Српското географско друштво, претседател на Српската академија на науките и уметностите, професор и ректор на Белградскиот универзитет, почесен доктор на Универзитетот Сорбона ина Карловиот универзитет во Прага.Подеднакво се занимавал со општествана и физичка географија, геоморфологија, етнографија, геологија, антропологија и историја.

предизвикало природно сомневање. Познатиот Српски научник Јован Цвииќ, кој станал и претседател на српската академија на науките и уметностите отворено негодувал околу квалификациите на српските научни трудови околу Македонија. Тој нагласил дека „за објективноста на српските научници не треба да се дискутира“. Во својот труд “Проматрање о етнографији македонских словена“ го искажува мислењето дека Иван Иваниќ, С.Веселиновиќ и другите во своите книги наместо вистини шират заблуди поточно ненаучност и збрканост.

Овој српски научник не прави мали, едноставни, и очевидни грешки, не создава статистики со српски белег како Иван Иваниќ или С.Гопчевиќ кои оправдано кај научната јавност ќе предизвикаат природно сомневање. Тешко некој, кој е барем малку упатен во македонската јазична проблематика, би ја прифатил тезата на Иваниќ дека македонскиот јазик е српски. Тие се толку далечни иако се словенски, што Македонецот едноставно не го разбира српскиот јазик во услови на неприсуство на српска власт во Македонија. Дури по долгата Српска окупација (1913-1941) на Вардарскиот дел на Македонија, Македонците почнале да го разбираат српскиот јазик, и особено по природата на кодификацијата на македонскиот литературен јазик во 1944 година во Р. Македонија. За тоа бил сведок и самиот Апостолски.

Понатаму Јован Цвииќ советувал македонското прашање да се стави во сосема нова основа, односно тој побарал да се користат посуптилни научни методи кои посуптилно ќе го штитат великосрпскиот интерес во Македонија. Негов придонес е таканаречената „теорија на флотантната маса“ . Македонските словени пишува Цвииќ немаат одредена национална свест, немаат свое историско минато, немаат свој книжевен јазик. За овој коментар може да се каже дека навистина е напишан од аспект на тежок критички осврт, недоволно и нецелосно аргументиран пристап од господинот Цвииќ истовремено употребувајки непотребно многу тешки зборови за квалификација на еден цел народ. Сепак мора да констатираме дека Македонците во тој период сеуште немаат свој книжевен јазик, тоа научно е точно констатирано. Но, во делата на Цвииќ не е дообјаснето зошто е тоа така односно зошто Македонците немаат свој книжевен јазик. Цвииќ како и многу негови Српски и Бугарски колеги заборават да напишат дека постоеле обиди за формирање на македонски литературен јазик но поради тешките историски услови до тој момент немало успех и прогрес околу ова прашање. Од друга страна и Србите и Бугарите биле заинтересирани македонскиот јазик да се задржи на нивото на кое егзистирал односно на некаков си „дијалект“ со кој ќе можат да манипулираат во своја корист. Во своите идни дела оваа проблематика јасно и на логичен начин ја објаснува Апостолски.

Доколку направиме компарација помеѓу статистичките податоци помеѓу Бугарските и Српските автори ќе забележиме и констатираме дека статистиката на Васил Кнчов за етничката состојба во Македонија не е направена врз основа на црковната или јазичната припадност (што е многу индикативно) туку според јазичната припадност во рамките на семејството. Затоа според Кнчов, домот според бројноста и јазикот, е основниот елемент за определување на националноста на населението. Навистина се работи за еден оригинален пристап за кој претходно балканските

статистичари неводеле толку внимание. За многумина од нив црковната припадност имала несомнен примат при одредување точност во бројките за христијанското население, односно дали тие биле припадници односно поданици на Егзархијата[104] или Патријаршијата. [105] Овие работи биле предмет на понатамошната анализа во опусот на „историчарот'' Михајло Апостолски. Посебно предизвикот за таканаречената „аморфната маса'' односно кажувањата на српскиот академик „теорија на флотантната маса''кај него предизвикувале чувство за одговорен и научно потврден одговор.

Неговото дошколување во Вишата воена академија продолжила со сериозен напредок видлив за професорите. Ги совладал останатите предмети, пред се штабна служба, организација на службата во штабовите, организација на воени вежби, воени маршеви. Се соочил и со предметот политичка економија но и тој успешно го совладал. Тактиката[106] како еден од неговите омилени предмети практично го работеле обично летно време претежнона терен на Фрушка гора. Тој бил секогаш меѓу најдобрите и често најдобар по тој предмет. Дури и повисоките офицери и чинови му задавале поприлично тешки задачи но тој со голема умешност ги совладувал импровиирајки за тоа време нови идеи кои секогаш биле на крај прифаќани како успешни. Неговото име станувало се попознато во Вишата воена академија. За него се говорело и во повисоките кругови. Имало многу офицери што биле слободни пред него имало и многумина сомначива за неговата политичка определеност бидејки се зборувало дека тајно се среќава со

---

[104] Бугарската егзархија (бугарски: Българска екзархия) била автокефална бугарска национална црква, создадена на 28 февруари 1870 година. Во 1950 година, името Бугарска егзархија е променето во денешното Бугарска Православна Црква. Во периодот 1870-1918 и 1941-1944 нејзината јурисдикција ги опфаќала целосно Бугарија, Македонија, и делови од Грција (Егејска Македонија), Турција (Одринска Тракија), Србија (реонот на Ниш, Пирот и Врање), Албанија (Мала Преспа) и Романија (Северна Добруџа).

Според одредени книги како таа од истражувањето на Васил К'нчов „Македонија. Етнографија и статистика" (1900), како и од истражувањето на секретарот на Егзархијата Димитар Мишев „La Macédoine et sa Population Chrétienne" (1905) Егзархијата дејствувала на територијата на целиот регион Македонија.

[105] Цариградска патријаршија позната и како Вселенска патријаршија (грчки: Οἰκουμενικὸν Πατριαρχεῖον Κωνσταντινουπόλεως, Oikoumenikòn Patriarcheîon Kōnstantinoupóleōs; турски: Rum Ortodoks Patrikhanesie) една од четиринаесетте автокефални православни цркви, со седиште во Истанбул, Турција. На нејзино чело стои Вселенски Патријарх, кој има статус на "прв меѓу еднаквите" од останатите православни епископи во светот.

Моментален патријарх и духовен лидер на околу 300 милиони православни христијани во светот е Вартоломеј I.

Создадена е откако е расцепена Римската Империја (395 г.) на чело со епископ, а од 451 г. од патријарх. Во 596 година патријархот се прогласува за Вселенски патријарх.

После паѓањето на Цариград под османска власт (1453 г.) на цариградскиот патријарх му е дадено правото да биде духовен водич на сите источни (словенски) христијани во пределите на империјата.

Во првите векови на османското владеење, Цариградската Патријаршија игра улога на потпомагач на црковното и училишното дело во Османската Империја и противдејствува на некои од обидите на исламот за потурчување на одделни региони на Балканот.

Од 18 век и почетокот на 19 век таа започнува да се претставува како грчка, со што се стреми кон грцизирање на негрчкото христијанско население во империјата.

Цариградската Патриаршија ја претставува црковна и училишна дејност во Македонија и Одринско, кои после Берлинскиот договор од 1878 г. одново се под османската власт. Таа ги поткрепува и грчките и српските области, но не ја признава автокефалноста на бугарската црква.

[106]Воена тактика е заедничко име за методите на пресретнување и победување на непријателот во битка. Промените во филозофијата и технологијата през времето се отсликале цо промените на тактиките. Rob Johnson and Michael Whitby, How to Win on the Battlefield: The 25 Key Tactics of All Time (2010)

прогресивни личности. Неговата популарност ќе го доведе во ситуација да дознае одговори за многу прашања, за кои имал веројатно спротивно многу поразлично мислење.

Имено додека претстојувал во Фрушка гора му пришол командантот на Жандармерискиот полк во Нови сад. Тпој човек Полковник Стрњачевиќ го познавал уште од службувањето во Штип. Полковникот му пришол во кафеана, седнал и ручал со него. Потоа културно му понудил дружба и го поканил кај себе на гости. Поручникот Михајло Апостолски по мало двоумење сепак претпазливо и вооружен за секој случај отишол на гости кај полковникот. Отсекогаш имал резерва кон жандармеријата и овој пат тоа се повторило. Како да предосетил дека ќе дознае нешто ново, и нешто што одамна го копкало и за што имал извесни резерви. Имено во долгиот разговор полковникот му признал дека многу лоши работи се направени во Македонија. Информациите биле изворни, бидејки му ги соопштил за периодот додека тој бил командант и Полковник на жандармерискиот баталјон во Штип.

Тој му кажал дека во Штип во тоа бурно време на секојдневни пресметки бил формиран таен суд, тој суд наводно го формирала државата. Во тој суд влегувал великиот жупан тогаш Матковиќ и Каламатиевиќ. Тука се отворила и дискусијата.

„Откако го прашав што решава тој суд, ми одговори дека токму тука лежи најголемиот проблем. Имено сите оние луѓе што не им се дпашале на Каламатиевиќ и Матковиќ и за кои сметале дека не се на линија на државната политика едноставно биле осудувани на смрт и на жандармеријата и се наредувало да ја изврши пресудата. Ми рече дека на таков начин се убиени околу 1600 лица од источниот дел Македонија. По исчезнувањето на овие лица власта изјавувала дека тие по пребегнувањето од затвор заминале за Бугарија. Стрљаковиќ тогаш ме потсети за еден случај за мене. За што станувате збор? Како потпоручник во Штип, со моите другари-студенти често се шетавме навечер. Еден од нив убаво свиреше виолина, па одевме на серанади под прозорите на нашите школски другарки. Таму свиревме и пеевме а потоа се качувавме горе кај нив, каде што поседувавме и разговаравме. Поради тоа Жандармеријата испратила писмо до командантот на дивизијата во кое ме обвинуваат дека одејки така ширам врева низ Ново Село и на тој начин сум им овозможувал на комитите полеснои да влегуваат во селото. Командантот ме викна кај него и откако му казав во што е работата, ме ослободи. Беше разбран човек. Меѓутоа еден ден отиодов во апотека....таму го затекнав Стрњашевиќ. Кога тоја ме виде веднаш ми рече„чувај се мали''. Јас тоа го сватив мошне сериозно и еедна недела не си доаѓав дома. Спиев и јадев во касарната. Но една вечер решив да си отидам дома. Го ставив пиштолот во џеб и тргнав. Штом стигнав на местото каде што го убија генерал Ковачевиќ, пред мене се испречи еден човек и мио рече.- ти ли си тој поручник Митиќ? Јас сум и веднаш го извадив пиштолот.-Што сакаш, му велам. Тој се исплаши се збрка. Му реков веднаш да тргне пред мене. Мислев да го предадам на Жандармот што стоеше на кејот меѓу Штип и Ново Село, но таа вечер го немаше таму. Потоа сакав да го предадам на жандармот и цивилниот стражар што стоеја во центарот во Ново Село. Но и нив ги немаше. Веднаш ми стана јасно што е работата. Тука го пуштив и му реков да оди кон брегалница. Му реков да трча зошто ќе пукам.

Стрњаковиќ во разговорот ме потсети на тој случај ми рече дека сум се снашол извонредно. Значи ме спасил пиштолот. Тогаш тој ми раскажа и за ликвидирањето на мојот школски другар Блажо Кратовски, кој тогаш студираше техника . Беше мошне солиден ученик. Бидејки судот веќе имал донесено одлука за негово ликвидирање, го фатиле двајца жандари, го одвеле на Кумлакот го убиле со нож и го спалиле. Гробот се уште не му е пронајден. Стрњаковиќ ми кажа дека и Сане Смиљански кој ми го соопшти тоа за Блажо, бил ликвидеран на сличен начин. Тоа беше една искрена исповед на Стрњаковиќ. Добив впечаток дека го гризе совеста. Жал ми е што по војната немав можност да го пронајдам за да поразговараме повеќе[107]''.

Навистина една неверојатна, но вистинска трагична приказна. Таа ќе даде одговори на многу прашања за исчезнатите луѓе за кои уште од претходно се зборувало, а како поминувале годините се погласно. Оваа драма што се случувала во Штип и штипско во Источниот дел од Македонија, што на своја кожа ја осетил и Михајло Апостолски ни укажува на драматичноста на настаните што ја потресувале Македонија, посебно вардарскиот југословенски дел на Македонија. Ваквите ликвидации што биле буквално секојдневие претставувале навистина една голема мистерија и тајна која се чувала многу вешто од страна на власта. Но после овој разговор станува јасно и кој е убиецот и зошто тоа го направил. Трагедијата да биде поголема кривецот лесно бил именуван и лесно заменлив поради упадите на четите на ВМРО на територијата на источна Македонија. Многумина верувале дека исчезнатите луге се или пребегнати во Бугарија или се приклучиле на четите на организацијата. Секако середеле и осветите на организацијата. Малкумина верувале дека власта е всушност убиецот на овие илјадници жртви. Се разбира иако се исповедал пред Апостолски како пред поп во црква, тоа неможе да го оправдува постапувањето на Полковникот Стрњаковиќ. Тој ќе остане забележен како директно инволвиран и одговорен за наредбите за ликвидирање на иљадници луѓе. Можеби на Апостолски тој му кажал само за дел од тоа што го знаел, тоа е многу веројатно. Тоа што коментарот на Апостолски завршува дека му било жал што Стрњаковиќ не го пронашол по војната да се доразјасни вистината, мене ми остава впечеток дека напротив, тој го барал да го пронајде, но неуспеал. Како и да било за голема жал, во случајов навистина се работи за една голема драма и трагедија која ја тресела Источна Македонија, Штип и штипско во повоените година по првата светска војна и загубени многу млади македонски животи.

Додека претстојувал во Белград запознал и други прогресивни личности. Претстојувал во куќата на семејството „Милиќ'' со кои имал искрени односи. После отворените разговори сватил дека Господинот Милиќ бил пензиониран насилно од кралот како прогресивен вишофицер на Кралската војска а синовите му биле членови на „СКОЈ''[108]или на КПЈ. За жал и нивната судбина била трагична.

---

[107] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 56-59

[108] Сојуз на комунистичката младина на Југославија (Савез комунистичке омладине Југослсвије) со кратенката СКМЈ е младинска организација на Југословенска комунистичка партија од 1919 до 1948 година. Иако беше забранет две години по основањето и во разни периоди, неговите водачи беа прогонувани, организацијата остана влијателна меѓу младите револуционери во Кралството Југославија, а подоцна стана главен организатор на партизански отпор против силите на Оската и локалните сили за

Пред самото завршување на Вишата воена академија поручникот Михајло Апостолски добил известување од еден свој сограѓанин, штипјанец и офицер во академијата исто така, дека кога ќе заврши со вишата Воена академија треба да се сретне со господинот Жика Лазиќ односно Банот на Вардарската бановина[109]. Тој бил една исклучително влијателна и политички фигура во тогашното кралство посебно во Македонија. Со неговото претходно делување тој како основоположник на таканареченото „Удружење против Бугарских бандита''. Тој е во постојан судар со организацијата на ВМРО уште од времетио на Тодор Александров. Во 1928 година во скопскиот студентски процес и судкиот спор против тајната младинска организацијата ММТРО[110], Иван Михајлов го испраќа атентаторот Иван Момчилов да го ликвидира. Само сплет на среќни околности го спасиле животот на Жика Лазиќ а атентаторот извршил самоубиство. Се разбира Апостолски ги имал информациите. Така по завршувањето на Вишата воена академија тој се упатил во министерството каде го чекал банот на Вардарската бановина[111], господинот Жика Лазиќ[112]. Михајло Апостолски

соработка. По Втората светска војна, СКОУ стана дел од пошироката организација на младите од Југославија, наречена Народна младина на Југославија, која подоцна стана Унија на социјалистичката младина на Југославија.

[109] ..во склад со идеологијата за интегрално Југословенство, кога се формирале бановините, не се водело доволно сметка за поранешните историски токови и цели. Тие сеноселе по принципот на францускитe решенија за внатрешната управа, носени по принципот на француските департмани потоа имиња на рели и слично. Словенија, во целина била во составот на Дравската бановина, со седиште во Љубљана, Хрватска била поделена на Савска, со седиште во Загреб, и Приморска бановина со седиште во Сплит. За Приморската бановина ( не постоела доволно голема река за збирно име) додаденен и е делот на западна Херцеговина, а Босна била поделена на Врбаска и Дринска бановина со додадени срезови од Србија. Источниот дел на Херцеговина со градот Дубровник и со Метохија вклучена е во состав на Зетската бановина со седиште во Цетиње. Западните делови на Србија влегле во состав на на Моравската бановина, Војводина со делот на Србија во Дунавска Бановина, а по обем најголема била Вардарската бановина со Македонија, Косово и делови на денешната јужна Србија....

[110] Македонска младинска тајна револуционерна организација (ММТРО) претставува тајна илигална студентска организација. Истата е формирана од ВМРО. Целта на дејствувањето и била да ја помага ВМРО во борбата за ослободување на Македонија од грчкото и српското владеење и создавање на Независна Македонија. ММТРО ќе формира четири окружни петорки и тоа по една во Скопје, Битола, Охрид и Штип, вкупно 40 петорки речиси во сите градови, со околу 190 членови. Во Вардарска Македонија Организацијата дејствувала до јуни 1927 година кога била извршена провала во која биле уапсени околу 50 членови на ММТРО. Во Скопскиот студентски процес им било судено на 20 македонски студенти. Зоран Тодоровски, „ВМРО 1924–1934“, Скопје, 1997. „Македонска енциклопедија, МАНУ, Скопје, 2009, 849 стр.

[111] Вардарската бановина — административно територијална единица (бановина) во рамките на Кралството Југославија од 1929 до 1941 год. Се наоѓала на најјужниот дел на земјата, во чии рамки спаѓала целата територија на денешна Република Македонија, јужните делови од Централна Србија и југоисточно Косово. Именувана е по реката Вардар со административен центар во градот Скопје. На чело на бановината бил бан, именуван од кралот, по предлог од Министерскиот совет, со мандат од 4 години. Бановината е востановена е со посебен закон и во неа влегувале Вардарскиот дел на Македонија, Јужна Србија и речиси цела Метохија, со вкупно 36.672 км2. Бановината била поделена на 44 околии и 453 општини, подоцна намалени на 365. Градот Скопје бил посебна административна единица, изземена од Скопската околија. Според статистиките од 1930 година, од деветте југословенски бановини во тоа време, Вардарската бановина била најголема бановина со површина од 38.879 км$^2$, а четврта според население со 1,386,370 жители. Објавено од Централното Прес Биро на Министерскиот совет, Белград, 1930 година.

[112] Живојин Жика Лазић (Сврачковци, 12. фебруар 1876 — Монтреал, 7. новембар 1958) био је српски политичар. Био је први бан Вардарске бановине (1929–1932) и Министар унутрашњих послова Краљевине Југославије (1932–1934). Рођен је 1876. у Сврачковцима, недалеко од Горњег Милановца.Завршио је Правни факултет Београдског универзитета. Специјализовао се у области националне безбедности у Немачкој, Италији и Аустроугарској. Од 1919. до 1921. године био је начелник

знаел што го чека, неговата мудрост била во подем. Се разбира и Банот бил добро информиран за сите детали и со кога си има работа па затоа се подготвил да го стави Михајло Апостолски на ново искушение. Но не успеал, младиот офицер достоинствено излегол пред него и достоинствено уште претходно го прифатил распоредот. Едноставно банот не успеал да го придобие а добил впечаток дека политиката не го интересира туку само воената наука.




---

одељења Јавне безбедности Министарства унутрашњих послова. У септембру 1923. године ствара Удружење против бугарских бандита, организацију чији је циљ био да спречи подршку становништва ВМРО. Председник владе Љубомир Давидовић отворено изражава неслагање са Лазићевом одлуком да се на чело организације поставе Стојан Мишев и Григор Циклев, на шта је Лазић одговорио да „није нашао бољи механизам од међусобног истребљивања бивших и садашњих бугарских комита”. Године 1923. предводио је југословенску делегацију на конференцији која је довела до потписивања Нишког споразума. Затим је именован за заменика министра унутрашњих послова. 1927. године учествује као јавни тужилац у Скопском студентском процесу против личности ММТРО. 13. јула 1928. године, по наређењу Ивана Михајлова, терориста ВМРО Иван Момчилов извршава неуспешан атентат на Жику Лазића. Момчилов улази у његов кабинет у Београду, покушава да га упуца у главу, и затим извршава самоубиство.1929. године Жика Лазић постаје бан Вардарске бановине са седиштем у Скопљу. Улази у руководство Соколске жупе „Краљевић Марко” и „Народне одбране”. периоду од 2. јула 1932. до 20. децембра 1934. године био је Министар унутрашњих дела/послова, у влади Југословенске националне странке.На крају Другог светског рата, Лазић напушта Југославију и одлази преко океана. Преминуо је у Монтреалу 1958. године где је и сахрањен. Godišnjak Kralj. Srba, Hrvata i Slovenaca, Publ. Narodna misao, 1926, str. 565. Објавено од Централното Пресс Биро на Министерскиот совет, Белград, 1930 година.

„По завршувањето на Вишата воена Академија, со дипломата во рака, отидов во Министерството кај Жика лазиќ. Секретарката ми рече дека тој веќе ме чека. Значи веќе бил известен за денот кога ќе пристигнам. Прво ме праша со каков успех сум ја завршил Вишата академија. Му ја подадов дипломата и му реков дека сум задоволен. Му реков дека сум задоволен од добиениот распоред. Ме праша каде сум распореден. Во вториот планинарски полк во Сушак, му реков. Тоа е добро, ми рече, но ти не си во добри односи со Каламатеа. Каква врска имам јас со него, го прашав. Тој е пратеник а јас сум офицер. Јас својата функција си ја извршувам добро и се трудам да бидам добар кон моите старешини, а со цивилството немам ништо. Сепак гледај да бидеш добар и со него, ми рече. Подобро не можам му реков и сио заминав. Од разговорот заклучив дека му беше цел да ме придобие, и како офицер да бидам во нивни раце[113]''.

По завршувањето на Вишата воена Академија Михајло Апостолски земал 15 дневен одмор и се вратил во Штип. Конечно и тој запловил во брачните води и ја крунисал својата голема љубов кон Цвета Глигорова со веселба, свадба и брак. Поради обичајот кога некој офицер се женел и нему му бил оставен на располагање и воениот оркестар во Штип. Така тој имал две музики на својата свадба и семејствата направиле голема веселба за тоа време. Апостолски ги задржал старите кумови, семејството Босотови кое живее во Скопје и ден денес и ја продолжил традицијата. Киро Глигоров кој бил роден брат на Цвета и кој за разлика од својот татко ја одобрувал венчавката и се радувал поради тоа, пред се поради големата почит што ја имал кон Михајло и кон целото семејството Апостолски ќе изјави, ,,Најстарата Цвета, сега покојна, му стана сопруга на генерал Михајло Апостолски. Признавам дека спрема неа имав некој посебен респект. Таа имаше многу убави карактерни особини како човек. Таа гледаше секому да му помогне...Кога порасна, како девојче почна да се дотерува, да излегува на корзо. Јас знаев да излезам облечен каде-годе и да се прошетам по корзото, ми се јавуваше некаква љубомора, ме копкаше да знам што станува со сестрами, тоа ми беше многу важно. Но без оглед на се, дошло до познанство со Михајло Апостолски, кога бил дојден на одмор дома, меѓу нив се родила љубов[114]''.

---

[113] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 61-62

[114] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, Култура Скопје 2002 година, стр.16-17



**Семејството Апостолски – горе од лево кон десно, стојат Боро, Мара, Михајло, Апостолски, сопругата Цвета и Киро, долу седат од лево кон десно Таткото Мите и мајката Васа.**

По свадбата заминал на служба во Сушак, во планинарскиот полк. Тој станал командир на тринаесетиот планински батаљон. Значи тој станал командир, тоа е фактички неговото прво командување со воени единици, освен преходните симулации во академиите и тоа треба да се забележи во неговата војничка кариера. Тој бил многу задоволен што е распореден во едно такво место бидејки го сакал пешечењето и скијањето, а тоа во вакви околности било скоро секојдневна пракса. Во бурниот период што следи ќе го зафати уште еден посериозно тежок период за државата. Имено неговиот полк е прераспореден во Огулин како административен центар. Огулин впрочем како и до периодот доскоро пред југословенските војни во Хрватска како и тогаш бил претежно населен од мешано население. Најбројни биле Хрватите, потоа православните Срби. Уште во тие години тие не биле во добри меѓунационални односи, но имало и такви од обата народа кои биле против и кои што го подржувале Југословенсјкото Кралство, претставници на обата народа. Во Огулин тој како и сите во батаљонот ја примиле веста за погибијата односно атентатот на Кралот Александар I Караџорџевиќ[115]

[115] Марсејскиот атентат е извршен на 9 октомври 1934 година во Марсеј, Франција. Тој е еден од најдобро организираните атентати во XX век, којшто по многу нешта претставува настан што предизвика пресвртница во меѓународните односи и го означи почетокот на активностите што биле вовед во Втората светска војна. Извршител на атентатот бил Владо Черноземски, член на Внатрешна македонска револуционерна организација. Тој, во текот на нападот, смртно го погодил кралот Александар I Караѓорѓевиќ со четири куршуми, а со еден куршум го ранил францускиот министер за надворешни работи Луј Барту, кој починал од од здобиената повреда.Черноземски ја напуштил Бугарија во летото 1932 година, по наредба на ВМРО и местото на неговиот престој не било познато. Веројатно од тогаш започнале и подготовките за извршување на атентатот врз кралот Александар. Непосредните

извршен во Марсеј на 09-10-1934 година. Нормално во целата држава имало големи поделби пред се поради диктатурата што ја вовел кралот но веќе биле воочливи и поделбите на национална основа. Тоа го увидел Апостолски. Србите нормално, сакале да му се оддаде почит на кралот а хрватите„Фрањевците[116]’’како и тој ги нарекувал најрадикалните католици несакале такви настани. Сепак војската одлучила да се прости од кралот на еден пристоен војнички начин. Поручникот Апостолски бил задолжен да се организира поставување на табла на која требало да има прилагоден натпис за случката. Со големи напори неговата единица сепак успеала да ја постави таблата бидејки теренот бил неповолен за таа намена. Во тоа време Поручникот Михајло Апостоласки што туку распореден во армијата размислувал вака„Тоа го направивме бидејки сметавме дека атентатот врз кралот е всушност атентат и врз Југославија. Сметавме дека е тоа веќе појава на фашизам[117] и кај нас, и бевме подготвени да

---

соработници на терористот на ВМРО во извршувањето на атентатот биле членовите на усташката организација Мијо Крал, Иван Рајиќ и Звонимир Поспишил, додека непосреден раководител на акцијата бил еден од првенците на оваа хрватска организација, Еуген Кватерник. Завршните подготовки за атентатот започнале во Швајцарија кон крајот на септември 1934 година. За учеството во атентатот врз кралот Александар Карaѓорѓевиќ и францускиот министер за надворешни работи Луј Барту, на Звонимир Поспишил, Мијо Крал и Иван Рајиќ судот им изрекол казна доживотен затвор со присилна работа. Во отсуство, смртна казна им била изречена и на водачите на усташката организација Анте Павелиќ и Еуген Кватерник што имало за цел да ги задоволи и смири југословенските државно-политички кругови. Атентатот врз кралот Александар Карaѓорѓевиќ претставувал врв на сите убиства што ВМРО ги извршила во периодот помеѓу двете светски војни. В. К. Волков, Убиство краља Александра, Хитлерова завера. Белград 1983.г.

[116] Босна Сребрена, е Фрањевачка провинција и единствена од сите установи на босанската средновековна држава која успеала да се одржи се до денешни дни. Во еден период по освојувањето на Сулејман II. Била проширена надвор од границите на Босна и Херцеговина, опфаќајки делови на денешна република Хрватска, се простира се од Јадранското море до Будим и до Софија.

[117] Фашизам — радикална политичка идеологија и државно уредување на крајната десница што комбинира елементи на корпоративизам, авторитаризам, национализам, милитаризам, антианархизам, антикапитализам, антикомунизам и антилиберализам.

Зборот „фашизам“ доаѓа од италијанскиот збор „фашио“ (fascio), што означува „сноп“ (во политичка или воена група или во нација), но исто така од фасциите (прачки врзани во сноп околу секира), антички римски симбол на авторитетот на магистратите. Најпрецизно, терминот произлегува од „фашо“ (множ. фаши) - збор кој бил многу популарен во Италија по 90-тите години на 19 век, а означувал најразлични (најчесто левичарски) селански револуционерни групи и движења кои полулегално дејствувале во италијанското општество.

Првичното фашистичко движење се појавило во Италија во 1919 година (Fasci di combattimento - Боречки фаши) и владеело со земјата од 1922 до 1943 година, под водството на Бенито Мусолини. Ова е всушност потесното значење на зборот фашизам, кое главно го користат историчарите.

Со текот на времето, генеричкиот термин фашизам почнал да означува цела класа на авторитарни политички идеологии, партии и политички системи. Најпознатите вакви партии, создадени по Првата светска војна се: во Германија - Националсоцијалистичката германска работничка партија (Нацисти) под водството на Адолф Хитлер, Унгарија - Партија на Стрелестиот Крст, Романија - Железна Гарда, Шпанија - Фалангисти, како и француските политички движења предводени од поранешните социјалисти - Марсел Деа, Жак Дорио и други. Карактеристично за сите нив е силното потпирање на државната моќ, економијата базирана на големите корпорации, авторитарното укинување на граѓанските права и слободи, воведувањето на полициска држава, ксенофобијата, истакнувањето на националистичкиот дух и општо, реакционерната внатрешна и експанзионистичката надворешна политика. Понекогаш фашизмот се употребува како синоним на нацизмот. Некои автори ја отфрлаат поширокaта употреба на терминот фашизам или исклучуваат некои од овие партии и режими.

Фашизмот, наспроти либералистичкиот индивидуализам и социјалистичкиот интернационализам, заговара воспоставување на заедница како услов и облик на совладувањето на кризата. Заедницата е единствена, органски расчленета држава (италијански фашизам) или единство гарантирано со крв и земја (германски фашизам). Единството на нациите се воспоставува со крвната чистота на истата. Сите разлики

учествуваме во одбраната на земјата’’. Тогаш се соочил и со четничкото движење. Пополека му станувало јасно дека во државата нема проблеми само во Македонија, туку и во повеќе бановини односно делови на државата каде живеат разни народи.

### 1.5. Михајло Апостолски во Генерал-штабното училиште

Додека претстојувал во Огулин донесол уште една битна одлука. Одлучил да го продолжи своето напредување во кариерата односно се пријавил во Генералштабното подготвително училиште. Поради неговите одлични резултати во Вишата воена академија и поради одлично изведената пракса, тој немал потреба да полага приемен испит, веднаш бил примен. Поради потребата од високо стручен кадар а Михајло Апостолски ги имал тие атрибути обуките повторно му биле лесни и ги совладувал со леснотија, неговата генерација ја третирале како да се веќе генералштабни офицери. Работел претежно во писмена форма и професорите веќе имале и друг пристап кон него и неговите соученици од класата. Едноставно неговите трудови биле квалитетни а на тие што каснеле со писмените трудови едноставно биле отпуштани од Генерал –штабното училиште. Неговата педантноста му помогнала во училиштето и поради фактот што и професорите биле многу педантни. Ја совладал методологијата на работа околу мобилизацијата и организирањето на армијата во разни услови.

Во Белград во тоа време се сретнал со повеќе видни прогресивни Македонци. Меѓу нив бил и Киро Глигоров братот на неговата Сопруга Цвета, потоа Асен Симитчиев[118], потоа Јосиф Јосифовски, Тошо Арсов[119], потоа Страшо Пинџур кого од порано го знаел, Мирче Ацев и други. Цела плејада револуционери. Со групата или со поединци од групата се сретнувал редовно, контактите биле најчесто кај него дома. Запознал и многу други видни прогресивни личности од целата Југославија. За периодот од октомври 1935 до крајот на март 1938 година за времето на претстојот во Белград Михајло Апостолски ги доживеал студентските протести како и протестите на зидарските работници, потоа протестите против конкордатот[120], ги доживеал револуционерните движења на народот и ги подржувал прогресивните сили.

---

(културни, верски, политички и сл.) треба да се укинат затоа што тие го доведуваат во прашањето темелот на заедништвото. Теророт е легитимно средство за постигнување на "заедништво".
Во најшироката смисла на зборот, во политичкиот лексиокон, „фашизам“ денес се користи како пејоративен термин со кои се етикетира некој режим, институција или поединец како репресивен.

[118] Скопје,1918, Правник.Учесник во напредното студентско движење во Белградскиот универзитет и во напредното македонско студентско друштво „Вардар’’. Учесник во НОВ од 1941 г. Член на економскиот совет при ГШ на НОВ и ПОМ и делегат на првото заседание на АСНОМ

[119] (Штип 1919-1943), правник. Учесник во напредното студентско движење на Белградскиот универзитет. Учесник во НОВ од 1941г. Загинува како член на Плачковичкиот партизански одред во судар со бугарската војска и полиција на 19-05-1943 година

[120] Конкордат претставува меѓународен договор помеѓу „Светата столица”(Ватикан), и некои држави каде се уредуваат правните односи помеѓу Католичката Црква и дотичната држава. Конкордатот е извор на посебно (партикуларно) канонско право за поединии црквени заедници. Посебноста на конкордатот е во тоа што папата преговара са поедина држава и при тоа настапува и како представник на католичките верници на таа држава. Иако зависно од државите содржржината на конкордатот е различен, тој ја решава положбата на Католичката црква во однос на дадената држава. Првиот конкордат е потпишан во 1122. Година од страна на папата Калист II и Германскиот владетел царот Хенрик V.

Школувањето продолжило со голем успех и тој повторно бил еден од поистакнатите поединци и поинтересните личности во Генерал-Штабното училиште. Една таква вежба каде Апостолски се истакнал била вежбата за методологијата на работа замислена на терен, каде требало да се изведе вежба на рељеф кој бил направен од песок. Тоа била мошне сложена военокомплексна вежба каде тој бил замислениот командант на војската и штабот. Тука неговиот талент за командување веќе го забележиле сите присутни професори и виши офицери кои присуствувале на вежбата. Прашањето било: Како со една дивизија да се пробие фронтот на многу тешко прооден терен. Апостолски по кратко размислување сватил дека тоа е итро прашање за негова дискредитација, трик прашање. Но неговиет веќе изграден војнички гениј ги стаписал присутните. „проценувајки ја ситуацијата им реков дека мојата одлука е ноќен напад. Потоа дадов образложение како да се подготви и како да се изведе нападот. Сите се стаписаа се изненадија, се фатија за глава, а јас пак повторив –само ноќен напад. Потоа дадов образложение како да се подготви и како да се изведе нападот. Тогаш наставниот колегиум го прифати мојот поредлог и го оцени како мошне добар[121]’’.

Во прва година го совладал организациско мобилизирачките работи. Во втората година изучувал теми за сообраќајот и снабдувањето на војската работи што многу ќе му користат во НОБ. Во третата година која треала само 6 месеци ја изучувале статистиката како помошна наука. И веднаш повторно му дале задача да организира отсек за статистика. И тоа со успех го извршил и научил да решава една друга проблематика а тоа била регрутацијата, односно мобилизацијата гледано низ призма на статистиката. Во Генералштабното военото училиште продолжила неговата забрзана обука. Задачите се ределе една зад друга се посложени. Апостолски ги надминувал иако понекогаш тоа изгледало невозможно. Таква задача добил кога прво се здобил со еден распоред за командување на една позиција, па од тоа место му дале прекоманда да раководи со сосема друга единица во услови на планинска борба со маневрирање. Иако реагирал , брзо се прибрал и со тие минимални податоци за замислената ситуација на терен сепак успеал да го „надмудри’’ противникот и со својот одред успешно да изманеврира на тешко проодниот терен. Му честитале искрено многу високи чинови како што е раководителот на Генералштабното училиште Илија Брашиќ. Тој му честитал на еден интересен, посебен начин.„ Комито браво. Јас верував дека ти можеш да издржиш но она што ми го кажаа е просто неверојатно**.** Илија Брашиќ беше и командант на Третата армиска областво Скопје и тука го затече почетокот на војната. Потоа замина во странство истана еден од водачите на реакцијата’’[122]. Предизвиците продолжиле се до самиот крај на дипломирањето. Самиот завршен оспит во Генералштабното школо бил исто така многу драматичен за Михајло Апостолски. Испитот го полагал пред комисија од пет генерали. Добивал вкрстени прашања и вкупно испитот му траел 6 часа што било невообичаено многу. Што све го прашувале знае самиот Апостолски но изјавил дека „го цеделе како лимон’’. Дополнително и како повторно изјавил подоцна дознал дека за него имало некакви „лоши информации’’. Бидејки очигледно во Генералштабното училиште иако бил наистакнат поеднец од генерацијата Михалјо

[121] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 71
[122] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 73

Апостолски го следеле секави озборувања поточно афери за неговата блискост кон „прогресивните струи'' јасно било дека дека ќе биде распореден некаде далеку од дома. За тоа бил свесен Апостолски и повторно мудро одиграл и самиот побарал да биде распореден во гарнизонот во Љубљана. Апостолски однапред знаел дека за него ќе биде многу тешко да добие пристојно добар или близок распоред до Македонија. Свесен дека се наоѓа на „црниот список'' мудро го испитал пулсот на комисијата за распоред по завршувањето на Генералштабното училиште и во разговорите со пријателите не криел дека пристапот од негова страна претставувал само провокација, за да осознае каков ќе биде односот на армијата кон него подоцна, после добивањето на распоредот.

Како финале на неговото воено школување Михајло Апостолски својот талент за воената наука ја покажал во Генерал-штабното училиште. Неговата брилијантност на практичните и воените вежби го направиле исклучително популарен и помеѓу високите офицери дури и помеѓу генералите. Истовремено многумина му завидувале и дополнително го озборувале неможејки да се мерат со неговата способност. Веројатно затоа и добивал најтешки задачи и се соочувал со разноразни местенки кои сепак тој умешно ги избегнал. Во секој случај созреал и како човек и како војник. На крајот станал Штабен Мајор, со тој чин отпатувал во Љубљана, но и ја дочекал војната.

### 1.6. Воената служба во Љубљана

По пристигнувањето во Љубљана, Михајло Апостолски е распореден во штабот на Дравската дивизиска област. Со него како І секогаш како негова верна придружничка била и неговата сопруга Цвета. Југославија била поделена на повеќе дивизиски области. Дравската дивизиска област го зафаќала поголемиот дел на Словенија, значи била и погранична област што граничела со Италија и Австрија. Апостолски веднаш се пријавил во Штабот на дивизијата. Началник на штабот бил тогаш полковникот Дража Михајловиќ. Иако историографијата го сврстува во еден од соработниците на фашистичките марионетски сили сепак зад неговиот лик и дело останува една голема мистерија. Бидејки често патувал во улога на штабот на Дравската дивизија еден ден тој заминал за Целје каде имал мошне интересна средба со него и еден незаборавен разговор и став на Дража Михајловиќ кој бил назначен за командант на 39 полк, став и разговор за кој што веројатно денешната јавност не е доволно запознаена. Имено во општиот разговор се видело дека со тогаш полковникот Дража Михаљовиќ [123]не се разликуваат

---

[123] Драгољуб Михаиловиќ - Дража (27 април 1893 - 17 јули 1946), познат како „Чичко Дража" (*Чича Дража*) — српски и југословеснки генерал и водач на српските Четници. За време на Балканските војни и Првата светска војна бил офицер на српската војска во Кралството Србија.По германската окупација на Кралството Југославија, Михаиловиќ се повлекол во планините каде што организирал групи на герилци познати како „четници"по примерот на Четничката организација, официјално именувана како „Југословенската армија во татковината", била основана како ројалистичко - националистичко српско движењето на отпорот, но до крајот на 1941 година нејзиното влијание било потиснато од партизаните.Од почетокот на 1942 година, четниците започнале соработка со италијанските сили, а по падот на Италија, со германските окупациски сили.По војната, генералот Михаиловиќ бил осуден за велепредавство и воени злосторства од страна на комунистичката власт, по што тој бил погубен со стрелање и погребан на тајна локација. Природата, обемот и одговорноста за соработка и етничките масакри остануваат контроверзни.Михаиловиќ е еден од најодликуваните офицери во историјата на модерната српска држава, а последната награда му била доделена постхумно од страна на американскиот претседател Хари Труман во март 1948 година. Тој му го доделил орденот Легија за заслуга од прв степен, поради

многу околу ставовите, односно дека војската треба да биде поспремна, дека на земјата и прети опасност и тоа од фашистичките сили, дека на војската итно и треба модерно офанзивно оружје. Дури и дека фашизмот и фашистичката идеологија и елементи се навлезени во самиот државен врв.„Сето тоа го кажуваше со нервоза и беше лут поради тоа. Кога дојдовме до националното прашање, ми го рече следново. Ти си Македонец, и вие Македонците сте целосно онеоправдани. Вие сте непризнати, обесправени експлоатирани итн. Потоа цела ноќ размислував да не тоа некоја провокација кон мене. Зошто тогаш јас отворено му кажав дека сум Македонец и дека ние немаме слобода, дека сме потчинети, угнетени. Дури му реков ни презимето не ни е како што треба а за другото да не ни зборуваме. Ноќта долго си мислев да не сум претерал во кажувањето, да не е тоа провокација, да не се случи нешто да имам последици поради тоа. Меѓутоа од сето тоа што го мислев ништо не се случи''. Еден ден Дража Михајловиќ испрати писмо во кое се жалеше дека Германците и прогерманските ориентирани личности се мошне активни во неговиот полк. Бараше да се преземат некакви мерки. Се бунеше и не се согласуваше со тактиката што ја сметаше за застарена, а исто така и со организацијата на војската. Тој тогаш имаше сосема зрели согледувања по овие прашања. Морам да кажам и тоа дека Дража служеше за пример во неговиот полк. Постојано беше со шлем и ремен и секогаш беше меѓу единиците. Тоа писмо командирот го препрати до Министерството за одбрана. Меѓутоа не се презедоа никакви мерки а Дража доби опомена поради тоа. Оттука кај мене се јави дилема зошто тој прејде сосема на спротивната страна[124]''.

Претходно патувајќи кон Љубљана со својата сопруга во возот запознал и еден политичар. Тој бил пратеник во белградското собрание со кого отворено разговарал и размениле мислења дека Македонскиот народ е поробен неправедно од страна на Србите и во кралството Југославија. Пратеникот отворено му кажал на Апостолски дека тие гинеле и се бореле за ослободување на Македонија и во редовите на војската преовладувало мислењето дека треба да му се помогне на Македонскиот народ. Уште додал дека денес Македонскиот народ нема никаква слобода.„ Од тие причини кога размислувам сега, си велам: Ние мораме да водиме сметка дека меѓу српскиот народ постојат голем број на луѓе што не третираат како Македонци. Не смееме српскиот народ

организирање и раководење на отпорот против силите на Тројниот пакт во окупирана Југославија, за спасување на соборени американски пилоти и за помош за победата на Сојузниците во Втората светска војна. На 14 мај 2015 година, вишиот суд во Белград донесол одлука за судска рехабилитација на генералот Михаиловиќ, со што ја поништил пресудата донесена на 15 јули 1946 година и нему му биле вратени сите граѓански права. Судот утврдил дека Михаиловиќ бил осуден во незаконски процес, поради идеолошки и политички причини и дека сите одлуки се на Врховниот суд на ФНРЈ се сметаат за ништовни, така што Михаиловиќ се смета за неосудувано лице. Инаку, првото барање за рехабилитација на Михаиловиќ го поднесол неговиот внук Воислав во 2006 година, а подоцна, во 2009 година, на барањето се придружиле уште неколку српски граѓански здруженија, политички партии и професорот Смиља Аврамов. Оваа одлука предизвикала бурни реакции: од една страна, неа ја поздравиле Воислав Шешељ и принцот Александар Караѓорѓевиќ, а од друга страна, таа биал остро осудена од голем број хрватски политичари. Радивој Бојовић, *Мала споменица поручника Драгољуба Михаиловића*, Графика Јуреш, Чачак, 2003; „Србија го рехабилитира четникот Дража Михајловиќ, Хрватска во шок“, *Дневник*, година XIX, број 5766, петок, 15 мај 2015, стр. 16-17; Encyclopedia Americana vol. 19 p. 55.

[124] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 94-95

да го ставиме под една капа со великосрбите. И денес кога ќе се присетам на пратеникот од возот се возбудувам[125]''.

По пристигнувањето Апостолски веднаш го задолжиле да држи настава на Војниците. Држел настава на пешадиските и на артилериските единици. Се истакнувал и на војниците им укажувал за проблемите во војската и дека моралот мора да им остане на високо ниво бидејки земјата пополека станувала опколена од непријатели и била во во опасност. Апостолски бил свесен дека стратегијата на војската и нејзиното водство е погрешно водено. Наместо да се купува модерна воена опрема, се одело на тоа да се набавуваат застарени забарикадирачки орудија а тоа се фиксни фортификациски бункери опремени со митралези или артилерија и правење на долги и верижни скапи системи по принципот на францускатa одбранбена „Мажино линија'', за која се сметало дека е непробојна, нешто што германските оклопни сили ќе го демантираат на оригинален начин со својот „блитцкриг''[126]. Таквиот начин на размислување го делел и неговиот претхоен командант Лучиќ. Но, кога бил поканет на еден состанок со генералштабните офицери и со генералите на кој се разговарало за оперативната подготвеност на армијата и единиците веројатно под влијание на претходниот командант, бидејки во меѓувреме го смениле, Апостолски се јавил за збор. Отворено кажал дека на армијата и е итно потебно помодерно и поквалитетно вооружување, особено во противартилериските и противавионските единици. Неговото изнесување на фактите на многумина од стариот ков на старешини не им се допаднало, дури еден генерал побарал негово лишување од слобода. Обвинувајки го дека е комунист. Но и новиот командант очигледно го делел неговото мислење па дозволил тој да се доискаже па да продолжи дискусијата.

После овој состанок на кој очекувано ништо не било решено а веќе и војната наближувала единствено неговото жигосување по кој знае кој пат и обвинувања дека е комунист и потенцијален антидржавен елемент останале запаметени. Очигледно Апостолски долго време пречел на многу реакционерни кругови во армијата иако овој пат добил и заштита од командантот. Наскоро тој добил едно заканувачко писмо од некој непознат за него човек во кое отворено му се соопштувало дека работи против државата, а државата го направила човек итн. Добивал и анонимни телефонски повици и не му останало ништо друго освен да биде многу претпазлив. Така веројатно го избегнал и вториод обид за негов атентат и ликвидирање бидејки кога напаѓачите се доближиле до неговиот дом во Љубљана тој сепак со некаков среќен сколоп на околности преживеал и при тоа дури и испукал неколку куршуми кон напаѓачите. Сето тоа укажувало дека за него се има сознанија дека во Љубљана и воопшто се гледа со напредните илегални комунистички структури. Очигледно повторно некоја тајна организација во армијата го имала на нишан. Факт е дека додека претстојувал во Љубљана тој имал средби со многу

[125] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 79.
[126] Blitzkrieg, (German: "lightning war") military tactic calculated to create psychological shock and resultant disorganization in enemy forces through the employment of surprise, speed, and superiority in matériel or firepower. Blitzkrieg is most commonly associated with Nazi Germany during World War II even though numerous combatants used its techniques in that war. Its origins, however, can be traced to the 19th century, and elements of blitzkrieg have been used in present-day conflicts.

напредни луѓе, членови на Комунистичката партија на Југославија. За некои особи имал сознанија, за некои крупни фигури во партијата дознал подоцна. Како и да е имал многу тајни средби кои се одвивале во неговиот дом или на други локации. Во Љубљана го посетувале и многу Македонци кои исто така биле членови на партијата. „Во Љубљана се сретнав со повеќемина Македонци. Кирил Тодев [127] (Тодоровски), со него се познававме уште од вишата воена академија, прилепчанец кој по војната беше секретар на Универзитетот. Се сеќавам еднаш дојде Киро Глигоров и некои другари кои ги прогонуваше полицијата се скрија кај нас. Тогаш имавме воспоставено врски и со Љупчо Арсов [128]. За мене најзначајна беше врската со Исак Сион [129] од Штип и Станко Даниловиќ. Еден ден во наделата задолжително се среќававме во Хотел, сега се вика „Слон'' Разговаравме за состојбата во Југославијаи за тоа дека тоа општество треба да се урне. Јас отворено им го кажував своето мислење но тие беа мошне резервирани кон мене. Тогаш ми рекоа дека ќе воспостават редовна врска со мене. Тоа беше во 1938 година пред „Аншлусот во Австрија'' [130]. „"Аншлус" [131] беше сојуз на Германија и Австрија за да се создаде"Голема Германија". Ова беше експлицитно забрането со, Договорот од Версај (населба на крајот на Првата светска војна помеѓу Германија и нејзините противници), но Хитлер го возеше низ секој случај на 13 март 1938 година. Аншлус беше старо прашање, еден ред од прашања на националниот идентитет отколку нацистичката идеологија со која сега е поврзан''. По неколку дена почнав да добивам материјали. Исак Сион беше мојата врска, веројатно со градскиот комитет на КП Словенија. Ми донесоа материјали но ме предупредија на претпазливост... Исак Сион и Станко Даниловиќ беа банкарски службеници а Љупчо Арсов беше испратен од народната банка на припомош тие 6-7 месеци. Тогаш и со него одржував редовни врски.

---

[127] Кирил Тодев роден во Прилеп Учесник во НОБ. Секретар на Земјоделскиот факултет во Скопскиот универзитет

[128] Љупчо Арсов роден во Штип - (Штип1910-1986). Учесник во напредното студентско движење во Загреб, на Загребскиот универзитет, и во напредното македонско студентско друштво „Вардар''. Завреме на НОБ работи за партиската организација во Штип и Битола.Од пролетта 1942 е член на Привремениот покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, секретар на IV областен комитет, член на V облестен комитет,секретар на Президиумот на АСНОМ и член на ЦК на КПМ. Љупчо Арсов е македонски комунистички деец, учесник во Народноодлободителната војна, организатор на НОАВМ, политичар и државник. На Првото заседание на АСНОМ бил избран за секретар на Президиумот на АСНОМ. По Ослободувањето Љупчо Арсов познат под псевд. Гоце, бил на поцеќе функции меѓу кои потпретседател и министер за финансии во првата Влада на ДФМ (16. IV 1945), министер за труд во Сојузната влада (јануари 1948 - декември 1953), претседател на Извршниот совет на Собранието на Македонија (19. XII 1953 - 25. VI 1963) и др. До 1974 Љупчо Арсов е редовно повикуван на сите свикувања на седниците на собранието на СРМ и сојузното собрание Од 1979 до 1982 година е претседател на Претседателството на СРМ. Штип и штипско во народноослободителната војна 1941-1945: прилози од научниот собир одржан на 17, 18 і 19 мај 1990 во Штип, Буч 3, Димче Беловски, Матица Македонска, 2000 г. „Народни херои од Македонија", Наша книга, Скопје, 1973, стр. 35

[129] Исак Сион е роден на 16 април 1916 година во Солун, како прво машко дете во семејството. Потекнува од родители Барух и Мари Сион кои во текот на Втората балканска војна како бегалци емигрирале во Солун кај нивни роднини. Во 1919 година семејството Сион се вратиле во родниот Штип. (Штип, 16 април 1916 - Белград, 28 мај 1995) — учесник во НОБ, делегат е на Првото заседание на АСНОМ и носител на Партизанска споменица 1941 Година. Македонска енциклопедија, МАНУ, Скопје, 2009, том 2, стр. 1364.

[130] Аншлус (германски- *Anschluss* во превод: припојување, сојуз што ја означува анексијата на Австрија од страна на Нацистичка Германија на 12 март 1938 година. Пред Аншлус и во двете земји постоела силна поддршка од луѓете од сите средини, не само нацисти, за сојуз на двете земји.

[131] Аншлус: сојузот на Германија и Австрија- Роберт Валјд

Еден ден Исак Сион ме извести дека вечерта треба да се најдеме во паркот„ Тиволи''. Ми рече дека ќе дојдат главните од партијата. Се најдовме на договореното место. Наеднаш се појавија група од 5-6 луѓе, ми се чини дека меѓу нив беше и Едвард Кардељ[132]. Тој малку накривнуваше. Еден од групата се издвои, дојде кај нас. Тоа беше Митар Бакиќ.[133] Со Бакиќ Апостолски разговарал за општата ситуација во земјата, но Бакиќ бил директен и од него побарал но и му го соопштил мислењето на партијата.„Ти сега Ти сега најдиректно се поврзуваш со партијата, меѓутоа ние од тебе не бараме никаква шпионска акција. Бараме само да бидеш определен на наша страна[134]". Апостолски ги убедил дека е определен на нивна страна. Понатаму навистина никогаш не му биле поставувани некои други дополнителни барања, целта била јасна, партијата да го сочува Апостолски во своите редови. Со Митар Бакиќ продолжиле средбите секој втор месец. Најчесто ја анализирале политичката состојба во државата и при тоа се задржувале на должностите на комунистите. „КПЈ'' беше навистина единствена сила која упорно одбиваше да го прифати ваквиот пристап. За неја покрај српско-хрватско-словеначките односи во Југославија, упорно и со полна историска важност и значење, егзистираат македонското, црногорското муслиманското и други прашања поврзани со националниот феномен. Самото Македонско прашање меѓутоа во сите нејзини иницијативи, секогаш беше во центарот на вниманието''[135]. Констатиравме дека политичката состојба во земјата е се полоша и полоша, дека политичкото и военото раководство се повеќе тоне во фашизам. Тој секогаш настојуваше Југославија да ја браниме таква каква што е. Тоа многу ми помогна во остварувањето на моите задолженија за кои веќе говорев. Последнот состанок со Митар Бакиќ беше во во хотелот „ Унион''. Тоа беше неколку дена пред Априлската војна. Прво што ме праша беше дали војската ќе даде отпор, дали ќе се бори. Му одговорив дека војската нема да се бори бидејќи сум уверен дека военото раководство оди кон предавство. Му го кажав и тоа дека политичкиот врв плива во фашистички води, дека новата влада не е реална и дека

[132] Едвард Кардељ (1910-1979) Политички работник и државник. Еден од основачите на политичка Фронта на словенија 1941 година. Член на Врховниот Штаб на НОВЈ,член и потпецедател на АВНОЈ и КНОЈ. Од 1945 зазема високи политички функции во Југославија. Кардељ бил еден од најважните личности во СФРЈ. Поседувал чин Генерал потполковник во ЈНА. Погребан е во алејата на великаните во Љубљана.

[133] Митар Бакиќ (роден село Бериславци, до Подгорица,7.ноември 1908 Белград 25. Ноември 1960), учесник во аНародноослободителната борба, друштвено-политички работник ФНРЈ и аНР на Црна Горе и анароден херој на Југославије. Митар Бакиќ, бил шеф на кабинетот на маршал Тито.

[134] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 53

[135] Југословенските социјалисти-комунисти и македонското прашање ( 1918-1945) – Славко Милосавлевски стр-165

на неа неможе да се смета. Му го кажав и моето мислење и за Симовиќ''[136] [137]. Исак Сион кој бил многу добар ријател со Апостолски во тие денови ќе истакне,, Тогаш по договор со Бакиќ, Апостолски и јас ги собиравме на состаноци некои од помладите офицери, наши познати[138]. Додека траеле разговорите со претставниците на партијата и препукувањата за неговото однесување во армијата веќе пристигнал април 1941 година, започнала војната.

## 1.7 Почетокот на војната

По потпишувањето на актот за приклучувањето на Југословенското кралство кон тројниот пакт на 25 март 1941 година во Белград и другите поголеми југословенски градови избиле масовни демонстрации и протести. Токму генералот Душан Симовиќ за кого дискутирале југословенските комунити со Михајло Апостолски, со своите истомисленици од армијата извршиле успешен државен удар. Тој бил спремен да ја брани татковината, но очигледната поделеност во општеството и во самата армија придонеле за брзата капитулација на војската после кратката единаесетодневна априлска војна. За време на кратката априлска војна [139]која започнала на 6 април 1941 година со ненадеен жесток удар пред се на гермаските оклопни и воздушни сили од повеќе правци на војската на Југославија и се нанесени катастрофални удари и таа веднаш се нашла во критична воена но и севкупно во безизлезна военополитичка состојба. Отпор кон агресорот постоел но тој бил од стихиен аспект. На многу места имало обиди и за организиран отпор кон агресорите, но од повеќе правци оклопните германски трупи незапирливо напредувале. Обиди за отпор имало и во Словенија каде службувал Михајло Апостолски. Тој се обидувал со своите колеги офицери од повисок ранг и команданти на гарнизони и штабови нешто да направи но било залудно. Опструкциите што постоеле внатре во самата армија биле големи. За тој проблем Апостолски бил

[136] Душан Симовиќ (Крагујевац,28. Октомври 1882 — Белград 26. август 1962). Владата на Цветковиќ–Мачек на 25 март 1941 г. потпишала акт за пристапување на Кралството Југославија кон Тројниот пакт, што предизвикало големи мартовски демонстрации. На 27 март 1941 г. бил извршен државен удар, а власта ја презел генералот Душан Симовиќ. На 6 април 1941 е извршен нападот на Германија на Кралството Југославија, а на 17 април бил потпишан актот за капитулација на Кралството Југославија. Симовиќ бил Армијскиот генерал на Војската на Кралството Југославија, началник на Главниот генералштаб. После државниот удар со кој е свргната прогерманската влада и со прогласувањето на крал Петар II Карађорђевиќ за полнолетен станал председател на Министерскиот совет на Кралството Југославије. Во егзил после реконструкцијата на владата станал министер за воздухопловство и морнарица покрај високото премиерско место на председател на владата кој го заземал. Носител е на повеќе одликувања. Во егзил во Британија се определил за подршка на Тито и на неговите партизани и повикал и другите сојузници да го подржат. После војната бил еден од сведоците против Дража Михаиловиќ на неговото судење кое ќе заврши со многу контраверзи.

[137] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 88-93

[138] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 2–Матица Македонска Скопје- 2001 година, стр.87

[139] Априлската војна кодно име -Директива 25, е име за германската инвазија на Кралството Југославија извршено на 6 април 1941 година. Со оваа операција фашистичка германија го започнува почетокот на Втората светска војна во Југославија. Нападот е направен по копнен пат, од неколку правци. Германски, италијански и унгарски војници навлегле на територијата на Југославија од Италија, Австрија (тогаш дел од Третиот рајх), Унгарија, Романија и Бугарија. Тешко е бомбардиран Белград. Во исто време започнал германскиот напад на Грција со кодно име Операција Марита. Војната завршила во 17 април 1941 година со капитулација, окупација и поделба на Југославија. Кралот и кралското семејство во придружба со некои претставници на Владата отишле во егзил во Велика Британија.

свесен уште многу претходно од самото доаѓање во Љубљана. Разговарал неколку пати со Дража Михајловиќ и со други офицери од повисок ранг, кои отворено имале изразено резерва првенствено кон многумина офицери претежно од хрватско потекло дека прават раздор во армијата. Истото го дискутирале и за некои генерали од стар ков од времето на балканските и Првата светска војна, дека не се адекватно позиционирани во армијата, дека оружјето со кое располага армијата е застарено, дека е потребна модернизација на оружјата, воопшто пристапот кон обуките бил неадекватен. Имало многу примери на обиди за отпор каде Апостолски бил на директна линија со своите колеги и пробувал да дејствува и да се реорганизира арнмијата во тој дел на границата. Само делумно успеал во своите намери како и многумина други високи офицери, све било залудно.

„Кога настана хаосот во војската, Штабот во задницата беше кај Требиње. Командант на штабот беше Чолак Антиќ, полковник во резерва. Тогаш Звонко Перовиќ ми напиша писмо за да ја распуштам војската бидејки све е пропаднато. Јас и покрај тоа се обидов да сторам нешто. Блиску до нас беше лоциран Штабот на планинскиот одред, кој северно од Љубљана имаше неколку батаљони. Појдов во тој штаб да побарам да го задржиме одредот. Мислев дека тој штаб ќе може да се снајде и во герилско војување. Меѓутоа кога отидов таму, Штабот веќе беше во расформирање. Таа ноќ Словенците што беа тргнати доброволно да се борат, се враќаа во Загреб. Тогаш постоеше наредба сите доброволци од Словенија да се испраќаат во Загреб и таму да се формираат доброволните единици. Тие се враќаа разочарани, револтирани. Голем број младинци од Словенија беа готови да ја бранат татковината, но се беше залудно. Истата ноќ се враќаа и војниците од словенија мобилизирани во единиците во Хрватска. И тие беа мошне револтирани.....Во текот на шесте дена колку што траеше Априлската војна ние на фронтот не добивме никаква наредба, освен наредбата за повлекување. Таа наредба ми ја соопшти началникот на Штабот на Седмата армија со седиште во Загреб. Јас тогаш бев началник на штабот во задница на Триглавската дивизија. Му реков дека посадните единици неможат да се повлечат бидејки таму треба да ги остават оружјето и муницијата. Тие немаа транспортни средства. Тој тогаш остро ми подвикна, дека наредбата мора да се изврши, зошто во спротивно ќе ме уапси. Му реков дека независно од тоа му ја говорам вистината. Посадните единици многу бргу ги напуштија утврдувањата, иако Италијанците не се беа помрднале од место. Настана колона на влечкање, на неорганизирано повлекување низ фронтот на триглавската дивизија, што внесе метеж и во оваа дивизија. И таа почна да се растура, бидејки претежно беа Словенци. Штабот на задницата се повлече кон Требиње, таму размислувавме што да правиме понатаму. Ноќта помеѓу 10 и 11 април, слушнавме дека Павелиќ и германските војски влегле во Хрватска и ја прогласиле, Независна Држава Хрватска. Тоа уште на полноќ внесе неред и го забрза растурањето на војската. Една група мобилизирани Словенци што се врати од Загреб започна да бега, па уште повеќе го зголеми нервозата и нередот. Тоа внесе комплетен хаос во Триглавската дивизија така што таа се распадна без борба. Во овие моменти јас размислував што да правам. Прво решив да ја запалам комплетната документација, бидејки не сакав да падне во рацете на непријателот. Потоа отидов во штабот на планинскиот одред кој како што реков беше во наша близина. На

11 Април, кога веќе беше прогласена НДХ[140], тука пристигна и штабот на Дравската Дивизија. Тука ги видов распаѓањето на војската и беспомошноста на луѓето''[141].

„Без претходно објавување војна, на 6 април 1941 година, беше нападната Југославија со учество на педесет и една дивизијасо над 800 000 војници. Со тоа започна (Априлската војна 6-18 април) на Германија, Италија, Унгарија, Бугарија против Југославија. Кралството Југославија беше заземено за неполни 11 дена и безусловна капитулација со потпишување на, актот на капитулација на 17 април во Белград[142]**''.**

Михајло Апостолски војната го затекнала со веќе повисок чин односно како штабен мајор и како началник на штабот во заднина на Триглавската дивизија. Неговиот војнички гениј туку што бил во скромен подем но околностите во кои тој делувал недозволувале доволно да се истакне. Сепак забележени се неговите обиди да комуницира со повеќе високи офицери и генерали како би се пробало барем подостоинствено од војнички аспект гледано, да се брани државата. Мора да се истакне дека поради претходните проблеми што ги имал поради сомневањата кон неговата политичка определеност, иако бил Началник на штабот не добил оперативна функција од командата. Тоа тој го игнорирал и поради хаосот на целокупната ситуација во армијата и поради неговиот карактер. Сепак обидите и неговата упорност да се дејствува вродиле со плод. Успеал второլиниски распоредените единици делумно да ги одржи заедно  до целосниот распад на војската. Истовремено успешното командувал и во операциите за минирање и дел уништување на повеќе стратегиски локации, фабрики и места кои би ги користел непријателот. Претходно ги скицирал сите чуствителни места на теренот. Имало предвидено преку 400 објекти и комуникациски локации подготвени за уривање. Дел од нив успешно ги уништиле и го направиле продорот на непријателот понеизвесен. Сето тоа го извел со својата единица оскудувајки со материјал за минирање, динамит и тнт. Повторно побарал и недобил дозвола за формирање на специјални инжењериски единици  од Генералштабот. Се разбира и тоа го игнорирал и со своите колеги сами формирале такви инжењерски единици. Освен тоа успеал да стапи во контакт и да припомогне со единиците под неговата команда на некои погранични гарнизони, околу нивното снабдување со воен материјал и опрема. Некои од тие единици успешно се спротиставиле на германските освојувачки трупи и не дозволиле првите денови тие да продрат во внатрешноста на Словенија. Тоа биле единици поставени на

---

[140] Независна Држава Хрватска (хрватски: Nezavisna Država Hrvatska, NDH; германски: Unabhängiger Staat Kroatien; италијански: Stato Indipendente di Croazia) поранешна марионетска и квинслишка држава подржана од Германија и Италија за време на Втората светска војна· НДХ се простирала на поголемиот дел од денешната територија на Хрватска и на територијата на Босна и Херцеговина како и помали делови од Србија и Словенија. Марионетската држава основана на делу окупиране Краљевине Југославије, со помош на Хитлеровата Германија останала под водство на усташкиот режим од Април 1941. До Април 1945. НДХ во историјата ќе остане забележена по зверствата, геноцидот и концентрационите логори во кој припадниците на усташкиот режим направиле ужасни злосторства над Српскиот, Еврејскиот и дел од Ромскиот народ, како и над Хрватите неистомисленици, претежно хрватските комунисти. На челу на НДХ бил Анте Павелић подпомогнат од Усташката фашистичка организација основана 1929 год.

[141] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 88-99

[142] Виолета Ачковска, Востанијата во Македонија, Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Скопје, 2015, стр. 271

северниот фронт. Тие ја прифатиле отворено борбата со германските и италијанските сили и успешно ја одбраниле линијата на фронтот. Борби помеѓу армијата на Југославија и Германските трупи и Италијанската армија се одвивале во близината на Крањ, Близу Марибор, Словенградец и на стратеските превои на Караванките. Во првата недела од војната, војската не одстапила, цврсто се спротиставила во овој реон и не дозволиле пробив на германските сили во внатрешноста на Словенија. Истовремено единиците под команда на Генералштабниот мајор Апостолски успешно извршиле минирање на повеќе мостови на Драва, Сава и други локации и уништиле повеќе стотини индустриски објекти во пределот на Словенија во пограничното подрачје кон Италија и веќе анектираната Австрија. Исто така командантот на полкот на Северниот фронт лично му се јавил на Мајорот Михајло Апостолски, побарал помош и засилување. Апостолски успешно испреговарал со командантот на фронтот да се испрати засилување. Еден батаљон извршил контранапад кај Словенградец но неуспеал да ги разбие непријателските сили, тоа било све што можело да се направи во такви околности и тој морал да одстапува борејкисе. Без разлика сто неуспеал доволно да се наметне Михајло Апостолски го потврдил својот војнички команден потенцијал, тоа сите што го познавале од веќе поразената армија го знаеле а го познавале многумина, но таа информација за негова среќа во тие моменти не ја имал непријателот. Можеби тоа и му го спасило животот по кратката Априлска војна. Следувало неговото повлекување кон Љубљана со остатокот од војската и старешините.

Што се однесува до Македонија, и таа била неизоставен дел од нападот на агресорите (кодно име за нападот на Југославија бил, директива бр. 25). Фашистичките агресори сојузнички ја нападнале „Вардарска Македонија'' која била во составот на кралството Југославија од неколку правци. Во нападот учествувале германски и Италијански војски кои продолжиле со нападите и кон кралството Грција кое било нападнато уште претходно од фашистичка Италија. Нападот кон Грција го носел кодното име „Марита''. „Навлегувањето на германските војска на територијата на Вардарскиот дел на Македонија било од територијата на Бугарија, додека вниманието на Италија и нејзините вооружени сили било насочено кон територијата на западна Македонија во која тие навлегле преку Албанија, која веќе се наоѓала под италијанска власт. За краток временски период целата територија на Вардарска Македонија била окупирана од војските на Германија и Италија а по капитулацијата на Кралската Југославија се очекувала и конечната верификација на нејзината поделба[143]''.

Во периодот помеѓу 20 и 29 април 1941 година во Виена се воделе„тешки'' преговори меѓу грофот Ќано, министер за надворешни работи на Кралството Италија, и Фон Рибентроп, министер за надворешни работи на Нацистичка Германија, за поделба на Кралството Југославија. На овие преговори била договорена новата демаркациона гранична линија помеѓу Кралството Италија и Царството Бугарија во Македонија.

За разлика од Југословенската кралска војска која по почетните напади на фашистичките сојузнички веднаш се распаднала, Грчката армија која што била во

[143] Виолета Ачкоска и Никола Жежов, репресија и репресираните во најновата македонска историја, Макавеј , Скопје 2005, стр. 13

кофликт уште од 1940 година со фашистичката Италија по почетните воени успеси, се нашла во незавидна положба. Таа била приморана на повлекување. Во овој контекст фактите говорат дека одвојувањето на Македонија од останатите делови на Југославија со отсекувањето на југословенскитре сили во Македонија што биле респектално бројни, претставувало едно од најкарактеристичните случувања за време на Априлската војна. Со тој чин се спречило спојувањето на Југословенската војска со Грчката и со британскиот експедициски корпус кој делувал одбранбено во Грција. Фактички на теренот во Македонија делувале силни германски сили поточно најсилно екипираните војски на агресорот.„ Германците со својата главница на 12 армија со која ја командувал германскиот Фелдмаршал Фон Лист, го одвоил воениот простор на македонското војувалиште од Србија. Трупите предводени од Фон Лист, со два корпуси прешле во остварувањето на планот„Марита[144]'' односно за настапување кон Грција, напаѓајки ја од територијата на Бугарија во правец кон Тракија и Македонија.....Ударот на силите на 12 германска армија бил незадржлив, неодбранлив, за тоа сведочи фактот дека Скопје паднало пред Загреб, бидејки се работело за единици одлично наоружани и спремни за изведување на најсложени воени операции, кои од една страна имале сигурносно упориште на бугарска територија од каде напаѓале, кон фронтот на Албанија каде требало да се сретнат со Италијанските трупи. Југословенската трета група на армии само делумно успеала да ја изврши својата задача и со одбраната на Македонија и освојувањето на Албанија требало да ја обезбеди отстапницата на Југословенската војска кон Југ. Нешто слично како во првата светска војна. Командантот на Вардарската дивизија генералот Крстиќ подоцна ќе изјави, „Јас бев и командант на дивизија и командант на армија и Врховна команда, со никого немав воспоставено врска. Имав фронт со Италијанци а во позадина беа германците''. Војната беше завршена оној ден кога беше пробиен македонскиот фронт и кога југословенските трупи и покрај упадот на албанско тло не успеале да ја освојат Албанија и да ги потиснат италијанците кон морето и да заробат голем воен материјал и плен како се очекувало бидејки наводно се работело за слаб противник''.[145]

„По окупацијата на Грција, територијата на Егејска Македонија не потпаднала под единствена територијално- административна власт, тука таа била поделена на три дела. Западниот дел на Егејска Македонија со градот Костур и другите помали места што гравитирале кон него подпаднале под италијанска власт. Централниот дел потпаднал под германска воена контрола заради неговата важна геостратегиска положба што му ја давале природно добрите сообраќајни врски и постоењето на рудници што биле значајни за германската воена индустрија''.[146]

---

[144] Битката за Грција (7. април - 30. април 1941), кодното име за Операција Марита, продолжение на Грчко-Италијанската војна и истовремено име за германската инвазија на Грција. Нападот на Грција е дел на поширокатa Балканска кампања во Втората светска војна. Битката за Грција се завршила со победа на силите на оската и резултираат со окупацијата на поширокиот регион.

[145] Милан Милкиќ, Априлски Рат- 12 Дена Отпор, Одбрана, специјален прилог бр. 166, стр. 14, Белград, 2017.

[146] Виолета Ачкоска и Никола Жежов, репресија и репресираните во најновата македонска историја, Макавеј , Скопје 2005, стр. 67

## 1.8 - Од воено заробеништво до Македонија

Во трката со времето повлекувајќи се од боиштето со група Словенци во Љубљана Михајло Апостолски стигнал навремено, поитал да се добере до домот каде го чекала неговата верна Цвета. Италијанските сили веќе навлегувале во градот. Тој се нашол во безизлезна ситуација. Но судбината и овој пат ќе го одведе Михајло Апостолски по патиштата на војната се до неговата Македонија, токму навремено. Претходно по враќањето од фронтот неуспеал да се поврзе со партијата и да се извлече од градот. Паднал во заробеништво и бил одведен со поголема група офицери во еден воен логор во близината на Трст. Потоа ги разделиле затворениците врз база на национална основа што било многу непријатно и непримерно. Хрватите, Словенците и Муслиманите биле ослободени а Србите биле задржани. Тогаш како што господ го дал Апостолски реагирал на еден оригинален начин. Бидејки биле во Италијанско заробеништво а тој знаел малку Италијански јазик успеал да стапи во контакт со командантот на логорот. Се снашол неверојатно добро соопштувајќи му на командантот дека во барањето за раздвојување на затворениците на национална основа ја нема неговата нација.,,..и му реков дека наредбата што ни ја прочита не е комплетна, односно не опфаќа една нација. Ме праша:- Која нација? Македонската му реков! –Па таа нација официјално не постои, ми вели незнам за таква нација. Го замолив да му објаснам која е таа македонска нација. Тој човек беше демократски настроен па се согласи да ме сослуша. Му објаснив колку можев и умеев за формирање на нациите, па според тоа и на македонската. Најпосле не праша колку не има нас Македонците. Му реков 12 души. Знаеш што ми рече, мене ми е сеедно дали ти ќе бидеш во овој логор или во некој друг, јас ќе ве испратам во логорот во Риека од каде што ќе се врши отпуштањето па ако сте за ослободување ќе ве ослободат. Му се заблагодарив за разбирањето и си заминав задоволен[147]''. Од Трст затворениците новите Италијански власти ги префрлиле во Риека, тие сеуште биле затвореници на територијата на Италија, и Трст и Риека на Италијански градот се вика Фијуме, тогаш биле во состав на Италија. Иако му се вртеле многу мисли и идеи, помислата за бегство отпаднала сама по себе. Тоа бил и правилен избор. Во Риека Апостолски повторно стапил со некој Хрватски „Домобрански''[148]

---

[147] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 101

[148] Хрватско Домобранство, регуларна војска на Независната Држава Хрватска, било обликувано според интересите на повеќе идеолошки и политички причини. Ја продолжило традицијата на Кралското Хрватско домобранство кое било укинато во 1918. година после завршувањето на Првата светска војна. Според замислата на водачот Славко Кватерник и некои постари бивши Австро-унгарски офицери собрани околу него, Хрватското домобранство требало да биде исклучиво одбрамбена војска. Но, тие идеи биле во спротивност со замислите на Анте Павелиќ кој што од домобранството сакал да створи војска, која ќе го зголеми влијанието на усташкиот режим и ќе служи на неговите интереси и цели. Постоеле италијански и германски планови кои го вклучувале хрватското домобранство. Италијаните не го сакале јакнењето на Хрватската држава и настојувале да не се формира домобранството. Од друга страна германците во домобранството виделе војска која може да го брани нивниот грб и како засилување на на својот Вермахт, и со тоа начин за поголемо влијание врз НДХ. Од своето настанување до конечното интегрирање во хрватските вооружени сили, домобранството минало низ неколку реорганизации и обиди за поголема ефикасност. Но и покрај тоа таа никогаш не станала добро организирана војска. Некои од причините биле и слабата мотивација на војниците, честото дезертерство, склоноста кон НОБ, ривалството со усташите, некомплетниот офицерски кадар, несоодветната опременост со оружје и опремата. Исто така, поголемиот број на домобраните сметала дека се работи за граѓанска братоубиствена

офицер. Разговарале за начините како да се извлече тој и другарите од заробеништвото и да стигне до Македонија која веќе во најголемиот дел била окупирана од бугарските трупи. Домобранскиот офицер му објаснил дека најлесен начин да се врати е ако се декларира како Бугарин бидејки на тој начин многумина Македонци веќе се извлекле. Апостолски одлучно одбил, останал на ставот Македонец. Домобранот му понудил и втора опција, да се декларира како Словенец бидејки сите што живееле во Словенија добиле право да бидат ослободени ако биле жители на Љубљанската општина која пак од своја страна

на сите нејзини жители издала домници. Бидејки сите Македонци со тој чин поседувале домница, биле ослободени од логорот во Фиуме-Ријека. [149]

Со домницата Апостолски повторно се вратил во Љубљана, таму го чекала неговата сопруга. Повторно се обидел да стапи во врска со партијата но членовите на комунистичката партија биле барани од новите власти и биле притаени. Останало да се организира со својата сопруга како да дојде во Македонија до својот Штип и Ново Село. Со Цвета смислил еден оригинален начин како да дојде до Македонија. На отпусницата од логорот во Риека каде било запишано неговото име на латиница на Италијански јазик на машина за куцање додал, Штип Македонија, денешна Бугарија. Така тој, Цвета и уште неколку Македонци тргнале на пат за Македонија. Тогаш на новоспоставените граници на окупираната Југославија прва граница на која налетале е Италијанско –Хрватската граница каде возот со кој патувале застанал. Некако успеале да се пробијат до Загреб. Повторно имале проблеми со Усташки патроли кои ги обвинувале дека се Срби, но на сите им велеле дека не се Срби туку Македонци и со волшебен збор се пробивале. Едноставно ја кажувале вистината. Еден негов колега во поранешната југословенска војска исто така му помогнал да се ослободи од усташките[150] патроли. Тој поранешен Капетан Стипетиќ кој веќе пристапил на усташкото движење, им напишал пропусница за патување до Македонија и им обезбедил престој за ноќевање. Патот го продолжиле до Белград каде претстојувале неколку дена кај неговиот роднина од Неготино Петар Ташулов кој ги згрижил. Таму разбрале дека братот на Цвета Киро глигоров е во Скопје и дека се снашол мошне мудро. Киро Глигоров ги пречекал своите најблиски и ги сместил во својот дом во Скопје. Тој бил адвокатски приправник и ја преземал на управување банката на некој адвокат од Белград кој се повлекол од Македонија под бугарска управа.„ Киро Глигоров оригинално се снашол и на банката ставил германски натпис „Алгемане Банк Фарејнс''. После неколку дена една бугарска патрола ги запрела

---

војна и поради тоа нивниот морал и мотивација биле слаби. Кон крајот на 1944. година, Хрватското домобранство се спојува со Усташката војска во единствени Хрватски вооружени сили.
Колаборационистичке оружане формације у Југославији, 1941—1945, Зборник научног скупа: „Ослободилачка борба народа Југославије као општенародни рат и социјалистичка револуција“, II. Београд 1977

149 Ријека, Македонски–Риека, Rijeka čakavski: Rika, Reka, slovenski:Reka, njemački: Sankt Veit am Flaum, talijanski i mađarski: Fiume)

150 Усташи, званично наречени, Усташко — Хрватско револуционерно движење, претставувало хрватско фашистичка ултранационалистичка, клерикална и терористичка организација, основана од Анте Павелиќ во 1929. година во Италији. Организацијата се наоѓала на чело на Независната Држава Хрватска, во периодот од април 1941. до мај 1945. година. Basta Milan, Agonija i slom Nezavisne Države Hrvatske. Beograd: Rad-1971

шетајки се во градот бидејки биле сомнителни, но повторно генијалниот Апостолски се снашол покажувајки ја оддалеку офицерската легитимација и отпоздравувајки на германски „ауф фидерзејн''. Конечно семејството Апостолски се нашло во Штип во родниот крај. Но тоа само ги зголемило нивните проблеми посебно околу претстојот бидејки не поседувале бугарски документи. Во Штип конечно му пришле претставниците на Комунистичката партија која што тој упорно ја очекувал во Словенија. Тоа биле Ванчо Прке[151] и Славчо Стојменски[152]. Тие од него побарале да изврши предавање пред штипската младина бидејки сметале дека е најадекватна личност за тоа. Било нужно потребно, прогресивната младина да биде запознаена и да има претстава каква е состојбата во окупираната Југославија односно Македонија, но и да се анализира состојбата на поширокиот балкански регион. По извесно двоумење Апостолски се согласил. Предавањето го изведол пред повеќе од 200 младинци од Штип и околината над кејот на Брегалница. Предавањето било успешно и младината била запознаена со состојбите на теренот и за идеите и дејанијата на напредната СКОЈ и КПЈ. Предлагачите биле многу задоволни од Апостолски, тој бил роден говорник и оратор, за мотивирање на напатениот народ и прогресивната младина. Тоа многу ќе го пратктикува во текот на НОБ, тоа ќе биде еден од неговите највпечатливи одлики, кои кај присутните влевале оптимизам надеж и верба во тоа за што се бореле, верба во конечната победа.

„Во јули 1941, Ванчо и Славчо Стојменски по разговорот со Михајло Апостолски организираа собир во пчеларникот. Не него зборуваше другарот Апостолски. Ванчо беше просто воодушевен од говорот, кој беше добро примен и од страна на присутните[153]".

„На излетите...се рецитираа песни, се држеа предавања. Така во селото Долани кај манастирот Киро Апостолски ( Брат на Михајло Апостолски) зборуваше за илинденското востание и за потребите од втор илинден. На Новакова чешма зборуваше Ванчо Прке а во пчеларникот Михајло Апостолски кого тогаш не го познавав**"[154].**

„Отпорот во Штип кон фашистичките окупатори започнал уште пред почетокот на априлската војна, односно за време на демонстрациите од 27 март 1941 година. Штипските средношколци, подржани од КПЈ, предводени од Ванчо Прке, излегле на

---

[151] Ванчо Прке (1917-1943) Роден во село Сермени-Гевгелиско. Учесник на напредното студентско движење. Во Штип завршил гимназија, потоа студирал на Техничкиот факултет во Белград каде што станал член на КПЈ во 1941 Година. По фашистичката окупација на Македонија се враќа и неуморно работи на организирањето на оружената борба. Во 1942 година војува во партизанските одреди„Јане Сандански'' и „Дамјан Груев'' во Битолско-Преспанското подрачје. Член е на V обласен комитет. Гине како борец на на Плачковичкиот партизански одред во борба против бугарската војска и полиција на 19.05.1943 година. „Македонска енциклопедија", МАНУ, Скопје, 2009, 1226 стр. „Народни херои од Македонија", Наша книга, Скопје, 1973, стр. 329

[152] Славчо Стојменски (1921-1943 )Роден во Штип. Пред војната е активен учесник во напредното работничко движење.По окупацијата на Македонија 1941 година неуморно работи во организирање на оружената борба на штипскиот регион. Член е на МКна СКОЈ на МК на КПЈза Штипи член на обласен комитет. Убиен во Штип во август 1943 година. Неговото политичко формирање е поврзано со неговото дружење со Ванчо Прке. Со одлука на претседателот на Федеративна Република Југославија Јосип Броз Тито, на 11 октомври 1953 година бил прогласен за народен херој. „Народни херои од Македонија", Наша книга, Скопје, 1973, стр. 347

[153] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 3–Матица Македонска Скопје- 2001 година, стр.299

[154] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 3–Матица Македонска Скопје- 2001 година, стр. 111

демонстрации против потпишувањето на договорот со кој Југославија се приклучува кон тројниот пакт. Активностите, меѓутоа, не биле ограничени само на гимназијалците. Постоело активно дружење помеѓу средношколските и младите работници. Во јуни 1941 година во Штип бил формиран, Месен комитет на Комунистичката партија на Југославија во Македонија, со што всушност, започнува ориентацијата за организиран отпор против окупаторот''.[155]

После извесен период семејството Апостолски се враќа во Скопје и се сместува повторно кај Киро Глигоров. Банката работела и во неја освен Киро глигоров бил сместен и некој евреин. Во Банката имало два стана и во едниот било сместено семејството Апостолски. Имало и еден слободен салон каде често Киро глигоров имал „гости''. Така на консултации доаѓале напредните структури и ги држеле своите состаноци. Доаѓал Петре Богданов Кочко[156] потоа Љубен Цветков[157] Лина Малинска [158] кои Апостолски не ги познавал но го познавал многу добро Асен Симитчиев и некои други. Асен Симитчиев бил многу близок другар со Киро Глигоров. Поради нивното пријателство Апостолски бил свесен дека набрзо повторно ќе биде контактиран од партијата. Тоа тој го очекувал но не се наметнувал и мудро се однесувал со сопругата.

Бидејки во меѓувреме се здобил со легални документи[159], за што бугарската историографија има свои толкувања, македонската има различни ставови а и самиот Апостолски има свои видувања и објаснувања. Михајло Апостолски со сопругата Цвета

---

[155] Кире Филов, Политичките и економските промени во Штип и Штипско низ архивската документација, 1944-1946 година. Национална установа-Универзитетска библиотека „Гоци Делчев Штип''2011. стр.14

[156] Петре Богданов (1913 -1988) Роден во Скопје. Музичар и композитор. Помеѓу двете светски војние учесник на напредното студентско движење на Белградскиот универзитет.Во НОБ и Антифашистичката војна е учесник од 1941 година од 1943 година е учесник во комисијата на АГИТПРОП при Главниот штаб на НОВ и ПОМ, делегат е на Првото заседание на АСНОМ. Дејан Алексиќ, Ацо Димитровски, Јанко Николовски „Петре Богданов-Кочко: еден значаен живот", Скопје, 2002, Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр

[157] Љубен Цветков (1912 -1968) Роден во Прилеп. Учесник во напредното студентско движење во Белградскиот универзитет. Особено е активен во друштвото на Македонските студенти „Вардар''. Поради учеството во НОБ и антифашистичката војна е прогонуван и неколку пати е апсен од бугарските власти.

[158] Лина Малинска (1917 -1988) Родена во Куманово. Пред војната активно се вклучува во напредното студентско движење на Белградски универзитет. За време на НОБ и антифашистичката страна во 1942 година е секретар на месниот комитет на КПЈ во Скопје. Од 1943-1944 година е секретар на АГИТПРОП при ГШ на НОВ и ПОМ на Македонија. Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр... Прилеп и Прилепско во НОВ, 1941..., 21

[159] На 23 јуни 1941 г. Таткото на на Михаил, Мите Апостолов Матовски (Апостолски), го замолува бугарскиот министер за војна, Теодоси Даскалов да се започне и направи постапка пред италианските власти за ослободување на син му, да се повика на барањето, дека Михаил е бугарин, роден от бугарски родители во Штип. Исто така, да се укаже и фактот дека синот Михајло бил на служба во српската армија единствено поради егзистенционална природа како „единствената надеж и утеха" за семејството, коешто живеело во голема беда, оскудица и сиромаштија. Таткото се повикал на фактот, дека за време на Првата светска војна, тој бил доброволец во бугарската армија и бил тешко ранет, поради што останува инвалид, и при враќањето дома го наоѓа својот имот си уништен и ограбен. Молбата е прифатена на 2 Јули 1941 г. Во ноември Апостолов, кој тогаш се именувал со името Михаило Митиќ, а подоцна го прифаќа името Михаило Апостолски, тој дава молба да пристапи како офицер в бугарската армија. Поради фактот што во минатото бил југословенски офицер, предложен му е понизок чин од дотогашнато воено именување, поточно – капетан, а исто така и работа во и работа во Армијата. Незадоволен од понуденото пешение дава отказ. За време на зимата на 1941 – 1942 година Апостолов (Апостолски) се сместува во Софија и започнува со работа во СУ, каде влегува во контакт со нелегални леви дејци. Мите Апостолов Матовски. Молба вх. № 194 до Министра на Войната 23 юни 1941г.

отишол на прошетка во Главниот град на Царштината Софија. За Софија се зборувало дека бил голем уреден град онаков каков и прилега на новата бугарска држава. Тоа веројатно било точно бидејки многумина Македонци тоа го зборувале. Патувајки во автобусот се сретнал со Страшо Пинџур.„Седнавме еден до друг па по целиот пат разговаравме за многу работи. Тој меѓу другото ми зборуваше да се зафатам со каква било работа само за да останам легален. Тоа според него беше многу значајно. Така по враќањето од Софија се вработив во занаетчиското друштвокако административен чиновник. Беше и многу згодно место за комуницирањесо голем број занаетчии. Од нив дознавав се што се случува низ градот и пошироко, а и јас им пренесував некои работи[160]''.

# ГЛАВА - II

## 2.1. Поврзувањето со револуционерното движењево Македонија

После доаѓањето во Скопје Михајло Апостолски е сведок на партиските и напредните собири во домот „Банката''на Киро Глигоров. По разговорите со Страшо Пинџур и неговото вработување стапил во контакт со многу напредни поединци. Еден ден му пришла Лиљана Чаловска [161]која исто така често била на гости кај Киро Глигоров.

Лиљана Чаловска го поврзала со повеќе истакнати членови на Комунистичката партија. Го поврзала со Драган Павловиќ кој бил претставник и повереник на КПЈ. Со него водел разговори за приклучување на борбата, на терен. Потоа Чаловска му организирала нов состанок на 10 септември 1941 година имал средба со повеќе истакнати револуционери. На тајната адреса го пречекале Страшо Пинџур и Мирче Ацев. Истата вечер го запознал и Лазар Колишевски[162]. Тој очигледно бил повикан

[160] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 109

[161] Лиљана Чаловска (1920 -1990) Родена во Софија. Пред војната активно се вклучува во напредното студентско движење на Белградски универзитет. Во НОБ се вклучува во 1941 година. Член е на месниот комитет на КПЈ за Битола. Инструктор на ПК на КПЈ за Македонија и на СКОЈ а од формирањето на СКОЈ член е на форумот и негов секретар. Член на АСНОМ. Зазема други должности, Пратеник во собранието на Македонија, Пратеник на Сојузното Собрание во Белград. Сопруга на Лазар Колишевски.

[162] Лазар Колишевски (1914 -2000) Роден во Свети Николе. Пред Војната учествува во напредното работничко и комунистичко движење. Пред војната учествуваа во напредното работничко и комунististичко движење. Во НОБ стапува во 1941 година Секретар на Покраинскиот Комитет на КПЈ за Македонија. Од почетокот на ноември 1941 година до Септември 1944 година е во затвор. Од воениот прек суде осуден на доживотна робија. На робија во бугарскиот затвор во Плевен се наоѓа се до капитулацијата на фашистичка Бугарија на 9 септември 1944 година, кога се враќа во Македонија. Со формирањето на ЦК на КПМ, во март 1943 година е избран за секретар и на таа функција е сѐ до јули 1963 година. Лазар Колишевски бил избран и за делегат на Второто заседание на АВНОЈ и бил член на АВНОЈ, како и делегат на Првото заседание на АСНОМ и член на АСНОМ. На Второто (прво вонредно заседание) на Антифашистичкото Собрание на Народното Ослободување на Македонија-АСНОМ е избран за претседател што претставувала најголема политичка функција што ја имал дотогаш. Од 1944 година без прекин е избиран за народен пратеник во Народното собрание на Република Македонија, како и избран народен пратеник од Македонија и во Сојузната народна скупштина. Во март 1945 година едногласно е избран за прв претседател на Првата народна влада на Демократска Федерална Македонија, а од 19 декември 1953 година е претседател на Народното собрание на Народна Република Македонија. На таа функција одново е избран на 15 април 1958 година и ја извршува сѐ до подолг период од четири годишен квартал, се до 26 јуни 1962тагодина. Од 1963 до 1967 година е претседател на Сојузниот одбор на ССРНЈ. Од 1967 до 1972 година е член на Советот на Федерацијата, додека од 1972 до 1984 година е член на Претседателството на СФРЈ. Кратко време, по смртта на Јосип Броз Тито, ја

бидејки во него се имало стекнато голема доверба и од него се барало мислење за понатамошното делување на терен. Разговорот го воделе за постојната состојба на терен во Македонија. Односно дали во моментот има или нема услови за организирана борба против окупаторот.„Првото прашање по кое започна разговорот беше, дали во Македонија има условови да се покрене вооружена ослободителна војна. Сите четворица посебно се искажаа со убедување дека постојат услови за антифашистичка антиокупаторска борба во Македонија. Само треба добро да се организираме. Настана дискусија каде треба да се организираат првите партизански одреди [163] ". бешеАпостолски бил дециден и одлучно ја промовирал идејата дека во Македонија се створени условите за отпор и организирана борба. Тоа го наметнувала самата ситуација со секојдневните апсења и малтретирања на одредени граѓани. Очигледно неговото мислење било клучно за развојот на НОБ, бидејки овој состанок бил историски. Состанокот го водел Лазар Колишевски а собраните очигледно клучни фигури во тогашната партиска организација во Македонија дополнително и Апосолски како клучна фигура од војнички аспект гледано, ги изнесувале своите идеи и предлози. После излагањето на Михајло Апостолски кој детално на карта што самиот им ја нацртал ги презентирал своите идеи и мислења. Фактички присутните во својство на политички активисти, подробно ги запознал со можноста каде прво би требало да се формираат Партизански одреди. Поради фактот што бил еден од најдобрите офицери со висок чин на Генералштабен мајор на поранешната веќе поразена Југословенска Кралска армија, имал исклучителни познавања од многу военострагегиски дисциплини и воени науки кои во моментот биле од непроценлива важност. На овој состанок Апостолски детално објаснувајки на мапа бидејки и теренот, мапирањето и картографијата добро ги познавал на присутните им објаснил со факти, каде е најадекватно да се отпочне со вооружениот отпор. Каде најдобро би делувале партизанските одреди. Фактички Апостолски презентирал каде треба да се отпочне со вооруженото востанието во Македонија. Апостолски предложил востанието и формирањето на партизански одреди да започне на повеќе локации кои биле адекватни и доволно пространи, и истовремено доволно изолирани каде може да се дејствува доволно маневарски за да се води партизанска – герилска борба. Истовремено имајки го во предвид и локациски делот за брзо отстапување на одредите ако тоа било потребно и неопходно. Најпогодни за војување според Апостолски биле деловите што гравитирале кон Кумановско и Козјак планина, потоа Осоговските Планини и Плачковица, потоа секако Кожув кој бил неизоставен дел за поврзување на одредите што ќе се покаже како точно во блиската иднина и деловите кон прилепските изолирани планини, мариовско и Пелистер битолско. Предлозите биле едногласно прифатени од присатните. Тој состанок практично значел дека Македонија го добила своето прво воено раководство за подигнување востание против окупаторите. Првото воено раководство го добива своето име и ќе прерасне во Покраински Штаб за

---

извршуваше и функцијата претседател на Претседателството на СФРЈ. Носител е на највисокото југословенско одликување - Југословенска голема ѕвезда, на Орден на заслуги за народ од прв ред, Орден братство-единство од прв ред, Орден на храброст, а е и носител и на Партизанска споменица 1941 и е прогласен за народен херој. Починал на 6 јули 2000 година. „Народни Херои од Македонија'', Наша Книга ,Скопје 1973, стр.187-191.

[163] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 87

Македонија[164]. Веќе следната 1942 година во Јуни тој ќе прерасне во Главен штаб на НОПОМ. Во март следната 1943 конечно ќе прерасне во Главен штаб на народоослободителната војска и партизанските одреди на Македонија.

И покрај тоа што учествувал скоро на сите битни политички и воено политички состаноци каде се носеле битни одлуки интересно Апостолски самиот сепак сеуште не се сметал за комплетен член на Комунистичката партија. И покрај неговите контакти и состаноци во Словенија , во Штип и во Скопје сепак можеби заради неговата педантност тој причекал и официјално самиот да си даде кураж за тоа официјализирање. Тоа се случило после организацијата на посебни курсеви за разјаснување на партиската линија на Партијата за поединци кои имале интерес кон тоа и за вршење на психолошка подготовка на луѓето за одење во партизани. На еден таков состанок бил повикан од Благоја Левков[165] на кој повторно дискутирале за општата состојба, за тоа каква е политиката на партијата но и за разни теми кои само тој добро ги познавал. Очигледно дека Благоја Левков сакал нешто дополнително да извлече од Апостолски. Се разбира тоа било невозможно бидејки Апостолски бил веќе премногу мудар човек за така лесно да кажува работи без основа и своевидна дозвола. Едноставно бил човек што имал свој цврст став но сакал да научи нешто ново а не да казува. Потоа го информирал Страшо Пинџур за средбата. Тој едноставно му одговорил дека тој е веќе член на партијата од поодамна и нема потреба да оди на такви информативни состаноци. Поради тоа Михајло Апостолски за член на Комунистичката партија се сметал себеси од пролетта 1942 година. Тоа го зацртал и со таа мисла живеел, и така се обзнанувал. Уште ќе додаде:„тогаш Страшо Пинџур ме извести дека јас сум веќе член на партијата и нема потреба да се вклучувам во такви групи. Така тој пролетен ден го сметам за ден на моето зачленување во Партијата, независно од тоа што порано бев во врска со Кардељ и со Митар Бакиќ. Не знам како порано тие ме воделе, но за мене не беше битно дали сум член на партијата или не. Јас се чуствував како припадник на прогресивната група и како таков ме третираа во Љубљана па и кога дојдов овде[166]''.

## 2.2. Текот на НОБ во 1941 година

Иако Михајло Апостолски не бил директно вклучен во борбите во Антифашистичкото востание во 1941 година тоа не значи дека не бил добро запознаен за сите активности на теренот. Напротив, живо исчекувал да се создадат услови за негово приклучување во антифашистичката борба. Тој на индиректен начин тоа и го правел одржувајки врски со напредните сили и со своето секојдневно дејствување во Штип и

[164] Во Септември 1942 година во Скопје е формиран Покраинскиот Воен Штаб. Во Јуни 1942 година прераснува во Главен штаб на народноослободителните партизански одреди на Македонија, а од март 1943 прераснува во Главен штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија. Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 112

[165] Благоја Левков (1911 -) Роден е во Велес. Учесник е во напредното студентско движење. По окупацијата на Македонија се вклучува во прогресивното движење и во НОБ. Станува командант на бригадата „Гоце Делчев''. Командант е на 50 дивизија. Во 1943 година е член на народоослободителниот одбор на Велес, пратеник на првото заседание на АСНОМ. Благој Левков како дипломиран правник е дел од Првото заседание на АСНОМ од 1944-та година. Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. Весник, се за мојот град Велес, објавено на 04 октомври 2015 година.

[166] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 111

подоцна во Скопје. Како и да е сеуште не било дојдено неговото време за вклучување во НОБ и антифашистичкото востание. Времето ќе покаже дека токму неговата извесна прикриеност и „легалност’’била одлучувачка за развојот на настаните поврзани со НОБ.

После окупацијата во април 1941 година, окупаторите извршиле поделба на територијата на Вардарска Македонија, дополнително и на етногеографска Македонија. Со новата поделба на Македонија извршена во април 1941 година таа е поделена помеѓу трите окупаторски сојузнички. Фашистички сојузнички. Германија, Италија и Бугарија кои како окупатори прапаѓале на истиот воен сојуз или пакт, односно на тројниот сојуз помеѓу Германија , Јапонија и Италија попознати како силите на оската[167]**.** Но наместо со новата тројна окупација да се допрекинат врските на и онака од порано разделениот и напатен Македонски народ се случило токму спротивното. Колку и да изгледа неверојатно, неизводливо, но во сите три дела на поделената Македонија скоро истовремено се јавува отпор и реакција на новонастанатата окупација. Македонскиот народ како и останатите слободољубиви народи веднаш по окупацијата се организирал и тоа во сите три дела скоро истовремено за подготовка на вооружена борба. „Во сите три дела започнале речиси истовремено подготовки за борба која имаше иста цел-национална слобода и обединување на Македонскиот народ. Се организираат воени комисии. Првите формации се нарекуваат чети, учесниците во четите–востаници. Онаму каде што се појавувале четите народот ги нарекувал комити (нашите нови илинденци), а командирите-војводи. Овие и други примери покажуваат дека оруженото востание во 1941 година било подигнато врз основа на обединувачка платформа, националобединувачка платформа и врз илинденските традиции[168]’’.

Како неизоставен дел од севкупниоот отпор кој ќе се развива со текот на годините на војната во Македонија и пошироко, потребно е да се напомене значајниот придонес и на Методија Шаторов Шарло[169]. „Животниот и револуционерниот опус на Методија Шаторов- Шарло го вбројуваат во редицата на најистакнатите македонски револуционерни и комунистички дејци на меѓународното работничко движење, на комунистичкото движење во Бугарија и во Македонија и на национално-револуционерното движење на Македонскиот народ во раководството на ВМРО

---

[167] Силите на Оската е поим по кој се подразбираат учесниците во втората светска војна што се бореле против силите на Сојузниците. Трите големи сили на Оската биле Германија, Јапонија и Италија исто така се познати како оската Рим-Берлин-Токио. На крајот од војната силите на Оската претрпеа пораз.

[168] Виолета Ачковска, Александар Атанасовски, Ванчо Ѓоргиев, Далибор Јовановски, Никола Минов Стефан Пановски, Востанијата во Македонија, Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Универзитет„Св Кирил и Методиј’’ ФЗФ, Скопје, 2015, стр.286

[169] Методија Шаторов Шарло(10.1.1897), Прилеп – Пазарџик Бугарија) една од најсветлите фигури во македонското ослободително движење, бил припадник на интернационалното комунистичко движење, во Коминтерната деклариран како Македонец, секретар на ПК на КП за Македонија во 1940-1941 година. Го организирал отпорот против фашизмот и го формирал првиот партизански одред (Скопскиот 22.8.1941). Поради својата автономна политика влегол во судир со раководството на КПЈ а во 1941 година наклеветен кај Јосип броз, бил сменет од секретарската должност (август) и исклучен од редовите на КПЈ (Септември). Иако барал како обичен партизан да остане во Македонија бил принуден да замине за Бугарија каде се вклучил во бугарското движењена отпорот. Убиен е во септември 1944, неколку дена пред капитулацијата на Бугарија, под сомнителни околности. Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Скопје, 2015, стр. 13

(Обединета)[170]''.За неговата револуционерна дејност Апостолски бил запознаен, но исто така за „Шарло''имало многу спротивставени мислења. Тоа што му се случувало на Методија Шаторов-Шарло во периодот од 1938-1941 и подоцна се до 1944 година до неговата погибија, со најблаги зборови искажано било неправда. Дури и Апостолски изјавува дека тој отстапил од принципите на борбата за ослободување на Македонија. Но, тоа било голема штета за македонскиот отпор и за развојот на НОБ но и на комунистичката партија во Македонија во целина. Неможеме да претпоставиме каков расплет на настаните во НОБ би се одвивал доколку Михајло Апостолски бил поблизок и порано го запознал Шарло. Неговото влијание и дејност едноставно не содејствувало со принципите на КПЈ и тој иако бил препознатлив како многу прогресивен човек, пополека бил засенет од КПЈ, и на неговото место било назначено ново раководство. Сепак, од извонредно значење, дури клучно поврзано и неизоставно во делот на развојот на НОБ 1941 година, поврзано со името на Методија Шаторов Шарло е следното.

Во 1937 година по одлежувањето на затворската казна во Софија поради учество во обласниот комитет на ВМРО Обединета како негов член, Методија Шаторов Шарло заедно со Димитар Влахов и други дејци заминува за Москва. Поради заслабнатоста на партијата поради честите упади и апсења Коминтерната одлучува тој да се врати во Македонија. Во договорот на Коминтерната и КПЈ Шарло преминува во редовите на КПЈ. На 8 септември 1940 година, во предвечерието на почетокот на војната во Македонија се одржала првата Покраинската конференција на КПЈ за Македонија. На конференцијата најистакнато место зазема Шарло и тој е избран на позицијата политички комесар на ПК на КПЈ за Македонија. Тој истакнал, „Анализирајќи ја тешката положба на македонскиот народ- економски исцрпен, социјално обесправен, и национално угнетен, учесниците на Конференцијата го потенцираат фактот дека во блиска иднина предстојат ''нови борби''. За успешно водење на таа борба, првостепено било остварувањето на основната задача на комунистите во тој период-„создавање челичен сојуз на работниците, селаните, интелигенцијата, и целиот македонски народ против српските империјалисти и поробители[171] ''. Понатаму значајно место во дискусиите заземало, барањето на ревизија на аграрната реформа. Барањето за ревизија било поставено од Шарло со цел колонистите да ја напуштат привилигираната позиција за имот и фактички да ја напуштат земјата доделена во Македонија и да се вратат од таму од каде се дојдени. Тоа очекувано предизвикало бура од реакции но иако било едно од најзамрсените и најтешки прашања за односите во КПЈ сепак останало како легитимно барање на ПК на КПЈ како претставници на Македонските комунисти односно и Македонскиот народ севкупно. Оваа иницијатива се нашла на дневниот ред на наредната „Петта земска конференција на КПЈ''одржана во октомври 1940 година во Загреб, каде учесник бил и Шарло како претставник на ПК на КПЈ за Македонија. Тој е избран за член на ЦК на КПЈ што бил голем дострел за неговата политичка ангажираност. Сепак на конференцијата не се прифатени ставовите за целосно

[170] Државен Архив на Република Македонија, Македоника Литература, Методија Шаторов – Шарло, Документии и Материјали, Издавач Др. Зоран Тодоровски, Европа 92 Кочани, Скопје 2012 година. стр.5
[171] Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Скопје, 2015, стр. 12-13

иселување на колонистите од Македонија туку е донесена резулуција која сепак одговарала на тогашната состојба на теренот и на военополитичката состојба во регионот.„Во резолуцијата на Петтата земска конференција [172]биле вградени ставови кои отварале перспектива во правец на остварување на националослободителните стремежи на Македонскиот народ. Меѓу другото тука се поставени борбата за рамноправност и самоопределување на Македонскиот народ, против српските угнетувачи,и против претензиите на „бугарските и италијанските империјалисти'', како и протерување на сите оние колонисти кои служеле за угнетување на Македонскиот народ. На петтата земна конференција, помеѓу другото, беше формулиран комплетниот став на КПЈ по националното прашање, при што се поставувала една од најважните задачи-борба за национална рамноправност на сите угнетени народи и сите национални малцинства во Југославија. Ваквата определба на комунистите во предвечерието на Втората светска војна станува еден од најважните мотивирачки фактори за учество на македонскиот и на другите народи во Југославија во антифашистичката НОВ 1941-1945 [173] ''. Всушност на 5 земска конференција доаѓа до повторно афирмирање на македонкото прашање и т.н. Македонска платформа, која во себе пред се го содржела решавањето на македонското национално прашање. Со издигнувањето на паролата за борба за национална рамноправност на сите угнетени народи се подразбирало и сите потиснати и угнетени во Македонија. Така оваа парола ќе ја издигне македонската платформа преку „исфрлувањето''на паролата „Слободна Македонија во слободен балкан''. Оваа парола всушност е прокламирана уште од илинденските денови, потоа силно ја издигнува Кузман Јосифовски Питу низ истакнувањето на илинденските прогласи и други издадени документи.

„Југославија беше нападната од фашистичките сили на 6.4 1941, при што следеше и окупацијата на Македонија од страна на германските, италијанските и бугарските војски. Во услови на окупација Македонскиот народ се најде во уште потешка положба,изложен на нови поделби, економска експлоатација и денационализација. Во такви услови и со оглед на непостоење на ниту една граѓанска партија која би му гарантирала национално ослободување и рамноправност, за Македонецот стана

---

[172] Петтата земска конференција на Комунистичката партија на Југославија одржана е од 19. до 23 октомври 1940. година, во Дубрава кај Загреб. Оваа конференција имала значај на Конгрес и на конференцијата учествале 105 делегати, со работата раководел генералниот секретар на КПЈ Јосип Броз Тито. На Конференцијата поднесени се многу извештаи и реферати и анализирана е дотогашната работа на Партијата. КПЈ уште тогаш укажувала на опасноста од можна агресија на Фашистичките земји на Кралството Југославија, и донела заклучоци за сите важни прашања за работата на Партијата. На крајот на Конференцијата изабран е нов Централен комитет од 22, и нов Политбиро составен од 7 членови.Оваа Конференција имала голем значај за Комунистичката партија на Југославије, бидејки представувала круцијален преломен настан во нејзината историја. Тоа бил доказ дека партијата успела да ги преброди сите тешкотии, настанати поради илегалната работа и внатрешно фракциските борби. Конференцијата била последен поголем настан и собир на комунистите пред почетокот на Втората светска војна. Мала енциклопедија просвета. Белград 1959. Владимир Дедиер Јосип Броз Тито - прилози за биографију. „Култура", Београд 1953. година. Вујошевић, Убавка, ур. Пета земаљска конференција КПЈ (19-23. октобар 1940). „Комунист", Београд 1980. година. Јосип Броз Тито - сабрана дјела (том шести). „Комунист" Београд, „БИГЗ" Београд и „Напријед" Загреб, 1981. година.

[173] Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Скопје, 2015, стр. 14

прифатлива платформата на КПЈ која повикуваше на борба против фашизмот, против националното угнетување и нерамноправноправност и против економската експлоатација. Токму затоа Македонскиот народ се определи за таа понудена платформа. Тој стапи во антифашистичката борба, пред се, за извојување на национална слободапод што подразбираше повторно обединување и државотворно конституирање[174]''.

После нападот и новото поробувањето на Македонија подготовките за вооружено востание започнуваат веднаш по нападот во Априлската војна. ,,Во текот на април и мај повеќе партиски организации организираат воена обука и користење со оружје. Во прв момент, со оружје се снабдувале од македонските патриоти што дезертирале од кралската југословенска војска. Тоа е период кога секретарот на Покраинскиот комитет на КП на Македонија, Методија Шаторов-Шарло прави анализа на актуелната состојба во Македонија во познатиот документ[175] ,,Писмо до Стојана''[176].

Со овој документ Шарло сака да се обрати до целиот македонски народ и да му ја соопшти новонастанатата состојба. Тој бара да се обединат сите Македонци од сите делови на Македонија но и другите народи во борбата против фашизмот. Но тој потенцитрал дека Македонците со сите останати народности има право на слобода и рамноправност, но не ново цепење на македонската земја и македонскиот народ. Во својата понатамошна револуционерна активност во 1941 година Шарло ја возобновува соработката со Бугарската работничка партија (БРП). Партиската организација веднаш била преименувана во Работничка партија на Македонија. Со своето пред се национално революционерно дејствување во периодот пред и за време на втората светска војна Шарло ќе остави длабоки траги во Македонската историја. ,,Како борец за слобода на Македонскиот народ и за создавање на независна и обединета македонска држава...во анкетираните листови на Коминтерната од 1930, 1933, 1934 година во графата за националност Методија Шаторов секогаш се запишувал како ,,Македонец'', а како

[174] Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Скопје, 2015, стр. 14-15.

[175] Виолета Ачковска, Александар Атанасовски, Ванчо Ѓоргиев, далибор Јовановски, Никола Минов Стефан Пановски, Востанијата во Македонија, Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Универзитет,,Св Кирил и Методиј'' ФЗФ, Скопје, 2015, стр.287

[176] „Писмо до Стојана" е проглас во форма на писмо што тогашниот секретар на ПК на КПЈ за Македонија, Методија Шаторов Шарло го упатува до Македонскиот народ во мај 1941 година. Прогласот е напишан на македонски народен говор. Потпишано е со „Митре", што е едно од конспиративните имиња на Шарло, додека „Стојан" е фиктивно име. Писмото ја констатира новонастанатата состојба по окупацијата на Југославија и Грција од страна на силите на оската, и се повикува народот на борба против окупаторите. „Писмото до Стојана" се појавува во исклучително важен историски момент. Објавено е само еден месец по капитулацијата на Југославија и неполн месец по окупацијата на Македонија од бугарската војска. Поради репресивноста на југословенскиот режим во периодот помеѓу двете светски војни, во Македонија во тој период се релативно раширени мислењата дека Македонија е ослободена од страна на бугарската војска, мислење против кое токму и е насочен овој проглас. Без разлика на тоа, Шарло во „Писмото до Стојана" го повикува народот на борба против новата окупација на Македонија. Писмо од Методија Шаторов Шарло ,,до Стојана''- Македонска нација", 17 август 2011.

државјанин на Бугарија[177]''. Подоцна пред се поради практични причини со одлука на КИ од крајот на август 1941 година КП на Македонија останува во составот на КПЈ. И покрај внатрешно политичките превирања помеѓу комунистичките партии за правото на поседувањето на територијата на вардарска Македонија, сепак подготовките за вооружено востание биле во постојан подем. Во текот на месец јуни ПК на Македонија формирал, Воена комисија со задача да работи околу подготовките за кревање вооружено востание. Значи работите околу дигање антифашистичко востание добивале природен пат и конотација и добро се одвивале и на терен. Дури и „Шарло во името на ПК продолжува со издавање прогласи во духот на антифашистичкиот отпор и оружената борба. Меѓу овие документи спаѓаат: Проглас од ПК на Работничката Партија во Македонија на (22 јуни 1941), Проглас на ПК на Работничката партија на Македонија на (2 јули 1941), Проглас на ПК на Работничката партија во Македонија (јули 1941), Позив од ПК на Работничката партија во Македонија до Македонците, Турците, Арнаутите и Власите (пред Илинден1941) итн''[178].

„ Во Македонија борбата против окупаторот од почетокот е следен со проблеми наметнати како со окупацијата на Македонијаи нејзината повторна поделба, и со дејството на надворешниот фактор – мешањето на БРП во внатрешните работи во партиската организација на Македонија, односно во нејзиното Покраинско раководство, што остава трајни белези врз развојот на НОБ и револуцијата, особено во првите години на војната[179]''.

Потребно е да истакне дека за македонското прашање се водела една прилична ангажираност од страна на Коминтерната која под водство на тогашниот секретар Георги Димитров ја ставила покраинската организација на РП на Македонија под директно управување на БРП, но состојбите на теренот и веројатно фактот дека бугарската држава соработува со фашистичките окупатори и е активен поробувач на македонската територија и дал за извесно право на КПЈ соодветно да реагира и да ја отфрли одлуката на коминтерната и да ја извести дека во Македонија ќе се формира ново раководство. „ Со насоките на коминтерната како и со директивите на Шаторов не се согласил КПЈ. Поради тоа ЦК на КПЈ во Мај 1941 година ги испратил во Македонија, Лазар Колишевски и Мара Нацева со цел да го преземат раководството на ПК на КПЈ за Македонија. Шаторов во меѓувреме го променил името во „Покраински комитет на работничката партија за Македонија''. Тоа значело дека Шаторов ја приклучил македонската организацијата кон Бугарската работничка партија (БРП) која ги почитувала одлуките на коминтерната''[180]. Поради тој факт, испратени се различни пораки и заклучоци до коминтерната од страна на Методија Шаторов-Шарло и од Јосип

[177] Државен Архив на Република Македонија, Македоника Литература, Методија Шаторов – Шарло, Документии и Материјали. Издавач Др. Зоран Тодоровски, Европа 92 Кочани, Скопје 2012 година. стр.5

[178] Виолета Ачковска, Александар Атанасовски, Ванчо Ѓоргиев, далибор Јовановски, Никола Минов Стефан Пановски, Востанијата во Македонија, Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Универзитет„Св Кирил и Методиј'' ФЗФ, Скопје, 2015, стр. 288-289

[179] Петар Пепељуговски. „Прилози за воената историја на Македонскиот народ''. Стр. 181

[180] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, ФЗФ, Скопје 2000г. Стр.648-649

Броз Тито. На мајското советување[181] на КПЈ Тито го истакнал следното: Македонија истотака ја доживеа таа судбина да биде поделена помеѓу неколку освојувачи. Од под великосрпското угнетување таа дојде под бугарско а делумно и под италијански јарем''[182]. Од друга страна Шарло во своето„Писмо до Стојана'' кој се смета за прв официјален документ на ПК на КПЈ за Македонија, секретарот меѓу другото истакнува: „Како резултат на војната И наша Македонија е окупирана од германски, бугарски и италијански војски. Овој факт нас не интересира како македонци, кои половина век сме се бореле како Македонци за националното и политичко ослободување, како следбеници на водачите и основачите на внатрешната револуционерна организација на чело со ,Гоце Делчев, Јане сандански, Ѓорче Петров, Пере Тошев и Димо Хаџи Димов[183] [184]''. Фактите говорат во прилог на констатацијата дека Методија Шаторов Шарло всушност го организирал првиот отпор во Македонија против тројниот агресор. Факт е дека имало формирани партизански одреди и организиран отпор пред официјално заземениот став на КПЈ и на подоцна на новоформираното военополитичкото раководство во Македонија дека востанието започнало на 11 октомври 1944.

Хронолошки гледано, состојбата со организиран отпор на теренот се одвивала на следниов начин. Најпрвин треба да се истакне дека отпорот започнал со низа диверзантски акции, како онаа во скопскиот аеродром кога бил уништен еден германски транспортен авион од типот Ју 52. Потоа диверзиите во рудникот Радуша кога успешно се одземени 800 килограми експлозив, динамит кој подоцна е поделен на партиските организации ширум Македонија. Во текот на месец јули и август имало низа акции како обидот за извршување на атентати, како оној врз познатиот свиреп измачувач и бугарски полициски агент, Мане Мачков во скопско Дебармаало. Диверзантските акции придонеле во развојот на НОД. Securities Пополека се засилувал отпорот и постепено се створиле услови за поорганизирана борба на теренот.

„Како резултат на наведените активности на месните партиски организациии на македонските патриоти на теренот и манифестации на отпорот и благодарение на ангажманот на Покраинското раководство на чело со Методија Шаторов- Шарло, дојде до формирање на првиот партизански одред на територијата на Вардарска Македонија- Скопскиот Народноослободителенпартизански одред (НОПО)[185] на 22 август 1941

---

[181] Мајско саветување на ЦК на КПЈ е одржано на 4 мај 1941. година во Загреб, со цел КП на Југославија да се реорганизира и организационо да се прилагоди кон новите услови, и да се утврдат задачите на КПЈ во услови на фашистичка окупација. На Советувањето присуствувале сите од националните и покраинските раководства на КПЈ, освен од Македонија, Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, ФЗФ, Скопје 2000г. Стр.649.

[182] Документи за борбата на македонскиот народ, Том II, Скопје 1981, стр 303-348, Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, ФЗФ, Скопје 2000г. Стр.648-649

[183] Документи за борбата на македонскиот народ, Том II, Скопје, 1981 година, стр. 303-348 , Истото, док, 184, стр. 348, Истото, док,185 стр стр 349 -353, Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, ФЗФ, Скопје 2000г. Стр.648-649

[184] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, ФЗФ, Скопје 2000г. Стр.648-649

[185] Прв скопски народноослободителен партизански одред —прва партизанска единица на НОВ во Македонија. Формиран е на 22 август 1941 година кај месноста Чифлик во близина на Скопскиот градски парк и опстојува до 2 ноември 1941 година кога се самораспуштил. Прв командант на одредот бил Чедомир Миленковиќ, а потоа, од 18 до 31 октомври, Љубомир Лековиќ. Политички комесар на одредот бил Даме Крапчев. За време на постоењето на Одредот, во него, континуирано или

година, во месноста чифлик кај с. Злокуќани , Скопско. Политички секретар на одредот беше Дане Крапчев-Стари, а командант Љубомир Лековиќ''[186].

Фактички со формирањето на Скопскиот НОПО, постепено ќе се зајакне народоослободителното движење НОД. Во Прилепско на планината Мукос бил формиран и вториот партизански одред. Одредот „Гоце Делчев''[187]. Подоцна одредот ќе го организира нападот на Прилеп, поточно нападот на полициската станица, затворот, и групата задолжена за диверзија на телефонските и електрични постројки. Колку силно одекнала оваа акција сведочи фактот што во Прилеп и прилепско бугарската полиција уапсила и привела преку 800 граѓани. Во периодот помеѓу септември и ноември се до неговото распуштање на 25 декември 1941 година по наредба на ПК на КПЈ наводно поради тешките зимски услови за борба, одредот извршил обиколка на повеќе села во прилепската околија и укажал на народот за предстојната антифашистичката и народоослободителна војна. Познат е нападот на селото Царевиќ, кое одредот го зазел без жртви по добро испланирана акција. На сред село бил одржан митинг и селска веселба бидејќи бил голем црковен празник, Митровден. Политичкиот комесар Трајко Бошковски Тарцан одржал вдаховен говор, укажувајки ја новата реалност во Македонија, дека таа ќе се бори на вистинската страна. Потоа слично како и со скопскиот одред, одредот „Гоце Делчев''се самораспуштил и борците се распрснале низ територијата на Македонија. Многумина од нив понатаму активно се вклучиле во НОБ. Во Кумановско во октовври се формираат и делуваат козјачкиот и Карадачки НОПО. Карадачкиот НОПО се упатил кон Карадак со намерав да се спои со Скопскиот НОПО. Кумановскот одред пак само по неколку дена од неговото формирање претстојувал во близината на манастирот св. Прохор Пчински во близината на селото Молотино. Одредот влегол во заседа поставена од бугарските војски. Раководството храбро го прифатило судирот, но по повеќедневна битка одредот бил разбиен со големи жртви, а повеќемина од заробени партизани биле испратени на долгогодишна робија.

После овие настани станало јасно дека нешто мора да се менува во раководењето со отпорот во Македонија. Иако тој бил видлив и присатен и на теренот сепак, во Македонија имало само стихиен отпор кон агресорите. Затоа одлуката на коминтерната за приклучувањето на македонскиот отпор под капата на КПЈ односно Комунистичката

---

повремено, се бореле 42 борци од кои 17 загинале во текот на НОВ. По војната, тројца борци од одредот (Раде Јовчевски - Корчагин, Боро Петрушевски и Александар Урдаревски) се прогласени за народни херои на Југославија. „Македонската енциклопедија", МАНУ, Скопје, 2009, 1371 стр. Александар Спасовски „Партизанското движење во Скопје и Скопско 1941-1945", Архив на Скопје, Скопје, 1984, 60 и 66 стр. Виолета Ачковска, Востанијата во Македонија, Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Универзитет„Св Кирил и Методиј'' ФЗФ, Скопје, 2015, стр.289-291

[186] Виолета Ачковска, Александар Атанасовски, Ванчо Ѓоргиев, Далибор Јовановски, Никола Минов Стефан Пановски, Востанијата во Македонија, Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Универзитет„Св Кирил и Методиј'' ФЗФ, Скопје, 2015, стр.289-291

[187] Прилепски партизански одред „Гоце Делчев" — вториот партизански одред во Македонија, по Скопскиот. Основан е на 11 октомври 1941 година во месноста Црвени Стени кај Прилеп, од 37-39 борци од Прилеп. Политички комесар на одредот бил Трајко Бошкоски - Тарцан. Нападот на борците од овој одред во Прилеп на 11 октомври 1941 година после ослободувањето се слави како Ден на востанието на Македонија. Македонска енциклопедија", МАНУ, Скопје, 2009, 1211,1223 стр.

партија на Македонија од практични причини да биде приврзана кон КПЈ и да ја исклучи БРП од регрутирање кадри при носењето на одлуки и командувањето со военополитичкото раководство во Македонија, сепак ќе доведе до постепено но сигурно разгорување на востанието во наредниот период. Така завршува периодот на водењето на партиските структури но и на фактички военополитичкото раководство од страна на Методија Шаторов-Шарло. По писмото на КПЈ испратено до него критикувајќи ја неговата т.н. ,,пасивна'' политика, односно дека Шарло заземал курс кој несоодејствува со борбата на КПЈ, го известуваат дека е исклучен од партијата.

БР. 7

**ТЕЛЕГРАМ ДРУГА ТИТА ИЗВРШНОМ КОМИТЕТУ КОМИНТЕРНЕ ОД 4 СЕПТЕМБРА 1941 ГОД. О ОТКАЗИВАЊУ ПОСЛУШНОСТИ ПК МАКЕДОНИЈЕ И ПРЕДУЗЕТИМ МЕРАМА ОД ЦК КПЈ[1]**

Македонски ПК отказао одржавање веза с нама и повезао се са КП Бугарске одмах у почетку окупације Македоније. Шарло није хтео поћи на трократни позив ЦК у Београд на седницу да се претресе питање Македоније. Одбио је да раздели проглас ЦК КПЈ са позивом на акције, дао директиву да се преда све оружје властима и заузео став на совјетску Македонију и чекање Црвене војске. Према српским друговима у Македонији заузео је непријатељски став. Шарло води харангу код чланства против вођства КПЈ и секретара, називајући га англофилским због тога што је у прогласу казао да је Југославија поробљена.

Послали смо делегата у Македонију[2] и у Софију.[3] Бугарски ЦК Партије подржава Шарла и каже да је Македонија припојена Бугарској КП по налогу Коминтерне. Сматрамо неправилним такав поступак ЦК бугарске Партије. Ми смо Шарла искључили из Партије због саботаже акција, због грубог кршења дисциплине, због харанге против руководства, због националног шовинизма итд.

У Македонији до данас нема никаквих акција и партизанских одреда због таквог злочиначког става.

Ми шаљемо нашег делегата да организује партизанске одреде, акције и даљи рад, а кривце ћемо ставити под наш ратни партизански суд. Молимо јавите нам да ли је тачно да је КП у Македонији заиста припојена Бугарској по вашем налогу. Сматрамо да то није добро, јер и бугарска Партија слабо стоји са акцијама и везама, пошто су њене везе разбијене.

4-IX. [1941]

Валтер[4]

Во Август 1941 година и коминтерната потврдува дека Бугарија треба да им препорача на бугарските комунисти кои се наоѓаат на територија на Југославија да укажат целосна помош на Југославија, со напомена и двете партии да заземат став за самоопределување на македонскиот народ. И покрај ваквиот став на коминтерната, Шарло организира и го свикува партиското советување во Скопје одржано на 17 август 1941 година. На советувањето присуствувале делегати од окупираните делови под бугарска власт. Присуствувал и делегатот на ЦК на БРП Петар Богданов, потоа како делегиран присуствувал и Бане Андреев, но очекувано не бил поканет Драган Павловиќ како претставник на ЦК на КПЈ за Македонија. Присутните на советувањето ја подржале

политиката што ја водел Шарло и му дале целосна подршка, истакнувајки дека на советувањето присуствуваат делегати од цела етногеографска Македонија, освен деловите окупирани од италијанците. На советувањето е осудена политиката на КПЈ и нејзиниот став за исклучување на Методија Шаторов Шарло од партиската организација за Македонија. Донесена е резолуција со која се потврдува политиката на Методија Шаторов-Шарло како автоктона и дека му се дава подршка, и дека се потврдува и одобрува политиката на Покраинскиот комитет под неговото раководство, како и приклучување на македонската партиска организација кон Бугарската работничка партија (комунисти).

Кон ваквиот став очекувано КПЈ остро реагирала и веднаш го исклучила од своите редови Методија Шаторов. Кон крајот на август коминтерната конечно пресекува со одлуката дека партиската организација во Македонија е вратена во составот на КПЈ. По овој чин Шарло дава оставка од функцијата политички секретар на Покраинскиот комитет. Напишал и писмо до ЦК на КПЈ каде замолил дбарем да биде активен член на скопскиот партизански одред, но и тоа е одбиено. Приморан тој го напуштил Скопје и се приклучил на ЦК на БРП во Софија. Така завршува една епизода на македонскиот отпор кон фашизмот и кон окупаторите. За жал наместо со обединување на партиските структури на КП која била во постојан подем, со нови веројатно непотребни поделби.

БР. 4

ОДЛУКА КОМИНТЕРНЕ ОД АВГУСТА 1941 ГОД. О КОМПЕТЕНЦИЈИ ЦК КПЈ ЗА ПАРТИСКУ ОРГАНИЗАЦИЈУ МАКЕДОНИЈЕ[1]

1942, август

Македонија да буде код Југославије по разлозима практичним и целисходним[2]. Основна борба сада се води против немачких и талијанских окупатора и њихових агената. Главно средство борбе сада је партизански покрет. Овај покрет сада се развија на југословенској територији и под руководством Југославије. Српска Македонија[3] треба да постане једна база овог покрета, која дезорганизује позадину Немачке и Италије на Балкану.

Имајући у виду војни положај у Македонији, неопходно је да се створи најтешња сарадња између Југославије и Бугарске, нарочито по местима[4].

Бугарска треба да дâ БК[5] који се налази на територији Југославије, да изађе у сусрет, да указује свестрану помоћ Југославији и обе партије да заузму став за самоопредељење македонског народа.

Потребан је напор за осигурање сарадње између бугарског и југословенског народа против заједничког непријатеља.

---

[1] Редакција располаже преписом овог документа, из 1941 године. Овај документ добио је ЦК Бугарске партије у виду телеграма, а ЦК Бугарске партије доставио га је ЦК КПЈ у виду писма.

[2] Коминтерна, као што се види из овог документа, није изричито осудила узурпаторску политику ЦК БКП и контрареволуционарни рад Шарла, нити је заузела принципијелан став по овом питању, већ мотивисала ову одлуку само „разлозима практичним и целисходним".

[3] Неправилан назив. Мисли се на Вардарску Македонију.

[4] Тј. на терену

[5] Није јасно у оригиналу.

15

Новоформираниот ПК [188] на Македонија [189] веднаш ги започнал военополитичките подготовки. „Поради наведените потреби новоформираниот ПК на КПЈ за Македонијаво средината на септември 1941 година формирал, Покраински воен штаб (ПВШ)[190].

„Почетниот подем за вооружена борба во Македонија кој беше изразен низ бројни диверзантски акциии со појава на првите востанички чети, односнопартизански одреди, беше прекинат во есента 1941 година. Поради бројните слабости, ПК и ПВШ, односно раководството на националослободителното движење не успеало да го искористи авторитетот што го направиле месните раководства. При крајот на 1941 година по директива на ПК на КПЈ за Македонија партизанските одреди биле распуштени, што секако имало негативни последици на развојот на националноослободителната борба во 1942 година[191]''.

Имало неколку причини за распуштањето на партизанските одреди. Прво, тоа било поради внатрешно партискиот судир помеѓу комунистичките патии на Југославија и Бугарија околу покраинската македонска комунистичка организација. Потоа отстранувањето на Методија Шаторов – Шарло од Покраинската организација во Македонија бидејки тој сепак имал голем број на приврзаници, што довело до чуство на поделеност и збунетост во редовите на партиската организација која се одразила и на теренот во самите одреди. Понатаму самото раководството на ПК на новооименуваното военополитичко раководство сеуште имало влијание и од КПЈ и од БРП и наместо да биде присутно на терен останало сместено во градовите од каде неможело да има поголем ефект на теренот. Подвојувањето на македонското политичко и воено раководство, околу идната борба со агресорите, односно прашањето дали македонското прашање во идната антифашистичка борба треба да се одвива само како составен неделив дел од Југословенскиот дел на Македонија или во севкупниот етногеографски простор на Македонија како неделива целина. Ваквата подвоеност ќе биде конечно надмината со формирањето на Главниот Штаб на Македонската војска односно на ГШ на НОВ и ПОМ во јуни 1942 година. Да заклучиме дека дел од структурите во раководството на НОД сметале дека тактичките неуспеси на партизанските одреди во 1941 година, биле порази кои несмееле да се случат и дека војнички нема да може набргу да се возврати ударот и да се забрза востанието без подолготрајна реорганизација. Сепак,

[188] ПК На 2 септември 1941 г. Се формира Покраинскиот штаб на Македонија, на чело со Лазар Колишевски како и пониско воено раководство. Извршена е ревизија на сите места на дотогашната работаи донесена е одлука за формирање на партизански одреди, прво во Куманово и Прилеп, потоа и на останатите места. Составот на Покраинскиот штаб е следниот: Лазар Колишевски, Цветко Узуновски, Мирче Ацев, Страшо Пинџур, Стив Наумов и Михајло Апостолски. Зборник, Докумената и подагака о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, книга 1, Борбе у Македонији, Војноисториски институт Југословенске Народне Армија, Београд 1952 стр.35,36

[189] ПК на Македонија. Во состав на покраинскиот комитет на Македонија за КПЈ биле избрани: Бане Андреев, политички секретар, Лазар Колишевски организациски секретар, и членовите Борка Талевски, Благој јанков –Мучето и Мкира нацева, Миле Михајлов, цитат-труд стр.39. Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, ФЗФ, Скопје 2000г. Стр.651

[190] Во состав на покраинскиот воен штаб влегле, Лазар Колишевски, Михаило Апостолски, Цветко узуновски, Мирче Ацев и Страшо Пинџур. Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, ФЗФ, Скопје 2000г. Стр.651; Историја на Македомскиот народ, Книга III Скопје, 1969 г, стр. 309.

[191] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, ФЗФ, Скопје 2000г. Стр.651-652

поголемиот број од военополитичкото раководство пред се Михајло Апостолски биле оптимисти, сметале дека ова се само тактички неуспеси и дека со самото нивно дејствување на теренот е постигнат голем пред се политички успех, а народот ги прифатил вооружените одреди со големо воодушевување. Втората поголема струја во военополитичкото водство била во право, тоа ќе го потврди времето кое работело за разгорување на востанието. Во едни такви сложени военополитички консталации, Македонија ја дочекала воената 1942 година.



**Првоборците Мице Козар (лево) и Трајко Бошкоски - Тарцан (десно)**

## 2.3. Текот на НОБ во 1942 година

Анализирајки ги Политичките и воените дејанија на територијата на етногеографска Македонија, 1942 воена година е од исклучителна важност и значение. Се разбира анализата на воената 1942 година е од исклучителна важност и во целиот завојуван свет. Затоа во анализата меѓусебната воена поврзаност и со балканското војувалиште колку и да звучи парадоксално сепак е факт дека во оваа година конечно антифашистичката коалиција [192] покажува заби и ги задржува и одбранува воените позиции на војувалиштата односно фронтовите, или успешно им парира на Германската армија пред се на Германскиот Вермахт и на нејзините сателитески армии односно, дотогаш непобедливите комбинирани пешадиско оклопни трупипознати по својот „Блитцкриг''подржани од артилеријата и авијацијата. Во оваа година

[192] АНТИФАШИСТИЧКА КОАЛИЦИЈА (1941 – 1945) – сојуз на држави, ослободителни движења и организации што се бореле против силите на Тројниот пакт во Втората светска војна. На 12 јули 1941 владите на Велика Британија и СССР во Москва потпишале договор со кој се обврзале за меѓусебна помош во војната и да не склучуваат сепаратни примирја без согласност на другата страна. На 2. VIII 1941 и САД потврдиле дека им се придружуваат на двете Сили. Френклин Делано Рузвелт и Винстон Спенсер Черчил ја објавиле Атлантската повелба (14. VIII 1941) за правото на секој народ да го одбере обликот на владеење и да им се вратат сите права на народите на кои со сила им Претставниците на Антифашистичката коалиција Черчил, Рузвелт и Сталин во Јалта (1. II 1945) биле одземени. На 24. IX 1941 Повелбата ја потпишале десет земји, меѓу кои и владите на Југославија и на Грција. Дваесет држави на 1. I 1942 г. ја потпишале Декларацијата на Обединетите нации со која се обврзувале дека ќе ги употребат сите свои средства, воени и економски, против државите членки на Тројниот пакт и на нивните сојузнички и дека со непријателските држави нема да склучуваат сепаратно примирје или мир.

Антифашистичката коалиција ги забележува и првите победи, можеби од круцијална важност за преземање на иницијатива во војната. Бидејки фашистичката солдатеска, односно силите на оската [193] сочинета од многу всојузени армии на држави или области каде беа инсталирани квинслински елементи и владетели односно влади ги претрпуваат своите први воени порази кои пак ќе претставуваат вовед во серијата тешки битки и нивни порази кои ке ја одбележат следната 1943 година. Имено на африканското боиште се одвиваат две жестоки битки во близината на Египетската претстлнина Каиро, тоа е првата битка каде германската дотогаш непобедлива армија е спречена да се пробие и е поразена. Првата битка е кај Алам ел Халфе[194] а втората многу попознатата битка мај Ел аламеин[195] каде Ромел[196] го доживува својот прв голем пораз во Африканската кампања, истовремено првата голема шпопбеда на британскиот бригаден генерал Монгомери[197].

Потоа следи Втората голема битка кај Ел Аламеин каде германските комбинирани оклопнопешадиски сили се тотално разбиени и приморани на долго и тешко повлекување.

Што се однесува пак до Источниот фронт тука секако кон крајот на 1942 во тек е клучната Сталинградска битка [198] по што ке започне и почетокот на крајот на Фашистичка Германија.

Македонското боиште пак од своја страна има свои специфики јасно изразени и според мене тоа е факт. Анализата на таа специфика фактички и започнува во 1942 г. Сепак, мора да подвлечам кога Македонскиот военополитички простор го подвргнуваме на военополитичка анализа јасно е дека тој е дел и на Југословенското но и поширокото севкупно балканско боиште. Сепак таа ексклузивна специфика ја прави територијата на

[193] Силите на Оската е поим по кој се подразбираат учесниците во Втора светска војна што се бореа против силите на Сојузниците. Трите големи сили на Оската се Германија, Италија и Јапонија, исто така се познати како оската Рим-Берлин-Токио. На крајот од војната силите на Оската претрпеа пораз.

[194] Битката кај Алам ел Халфе (30. Август -5. септември 1942), се одвивала јужно од Ел Аламејн во Египет, и се случила во текот на токот на пустинската кампања во втората светска војна. И покрај брилијантноста на Ромел неговиот обид повторно да ја опколи Осмата армија со оклопни тенковски единици успешно е одбиен. Тоа била последната голема Ромелова офанзива на северoафриканското боиште и првата победа на британскиот генерал Монтгомери.

[195] Прва битка код Ел Аламејна (1. јул – 27. јул 1942.), Савезничке снаге зауставиле су напредовање сила Осовине према Александрији.Друга битка код Ел Аламејна (23. октобар – 4. новембар 1942.), Савезничке снаге су пробиле линију Сила Осовине и присилиле их на повлачење све до Туниса. Винстон Черчил је то назвао крајем почетка.

[196] Ервин Ромел (нем. Erwin Johannes Eugen Rommel; Хајденхајм, 15. новембар 1891 — Блауштајн, 14. октобар 1944) је био немачки генерал и командант Немачког афричког корпуса за време Другог светског рата. Познат је и под надимком Пустињска лисица (Wüstenfuchs). Ромел се често спомиње не само због изузетне војничке вештине, него и због витештва према супарницима, будући да је био један од немачких заповедника који су одбили послушати Врховну заповест. Такође се претпоставља да је учествовао у завери да се убије Адолф Хитлер, због чега је пре краја рата био присиљен на самоубиство.

[197] Бернард Ло Монгомери (англиски:Bernard Law Montgomery) (17 ноември 1887, Лондон - 24 март 1976, близу Алтон, Хемпшир) бил британски генерал во Втората светска војна.

[198] Сталинградската битка е најкрвавата битка во историјата на човештвото. Таа се водела во градот Сталинград, денешен Волгоград, во југозападна Русија, помеѓу Советскиот Сојуз и Нацистичка Германија, во периодот од 28 јули 1942 до 2 февруари 1943, кога се случувале најголемите пресвртници во Втората светска војна.

етногеографска Македонија една недвојбена целина која генералот Апостолски детално ја објаснува и дава убедлив легитимитет во својот долгогодишен опус.

Анализирајки ги неговите пишани дела се добива убедлив впечаток дека тој внимавал на најситните детали, точно опишувајки ја состојбата на теренот. Препознатливиот речник на генералот кога е во прашање 1942 година јасно ни покажува како од амбисот на поразот каде е реално на теренот и опишана состојбата која била длабоко тешка и комплицирана за НОБ, Генералот го опишува периодот како цитирам „1942 Политичка победа над непријателот”[199]. И според све познато јасна е интенцијата на генералот бидејки ние не сме имале ниту воена победа или некои посериозни воени успеси и победи но, политичката победа ке заседе јасен видлив прогрес токму во оваа исклучително тешка воена година. Во 1942 година во месец април Апостолски претстојувал во својот Штип и Ново Село. Повторно се сретнал со својот пријател Исак Сион.

„Имав можност тогаш да се сретнам со него. Како блиски пријатели од Љубљана, разговаравме за општата ситуација во светот и за условите кај нас. Како блиски пријатели од Љубљана, разговаравмеза општата ситуацијата во светот и за условите кај нас. Тогаш не разговаравме за нашето лично организирано учество во народоослободителното движење. Тогаш беше времето на еврејскиот празник Пасха. Сестра ми Матилда по тој повод ги беше поканила кај нас дома еден број соученици...Сите присутни со голем интерес и внимание го слушавме аргументираното и инспиративно излагање, што во вид на разговор го изнесе Михајло Апостоласки за воено политичката ситуација на Источниот и другите фронтови, за развојот на борбата против окупаторите во Југославија особено во Македонија[200]”.

Според еден друг наш воен аналитичар и воен историчар исто така првоборец Петар Пепелјуговски [201] 1942 година ја опишува како драматична година на надеж и храбри партизански потфати но и како година на многу индивидуални потфати каде многу од одредите ке дадат големи жртви поради својата некоординираност и ке бидат десеткувани од помоќниот и силно вооружен непријател. Таков еден евидентен пример е и примерот со Одредот „Ѓорче Петров’’ и борбата и погибието на првата чета кај манастирот Прилипец каде и самиот учествувал.„Борбата продолжуваше, обрачот се

[199] 1942 ПОЛИТИЧКА ПОБЕДА НАД НЕПРИЈАТЕЛОТ-Михајло Апостолски-(стр 3-31) издадена и печатена во графички завод „Гоце Делчев’’- Скопје Март 1968 г.

[200] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 2–Матица Македонска Скопје- 2000 година, стр. 100

[201]ПЕПЕЉУГОВСКИ, Петар (псевд. Црвениот) (Прилеп, 1924 – Скопје, 19. IX 1999) – кожарски работник, припадник на работничкото и комунистичкото движење. Член на КПЈ од 1941 г., а во 1942 бил секретар на МК на КПЈ во Прилеп. Учесник во НОБ (од 1941), борец на Партизанскиот одред Петар Пепељуговски „Ѓорче Петров“. Бил член на III областен комитет, а во 1943 г. заменик комесар на III Оперативна зона на Македонија, политички комесар на чета и на XV Македонска НО бригада. Како воен раководител учествувал со XV македонски корпус на Сремскиот фронт. По Ослободувањето вршел одговорни функции во ЈНА: командант на воено подрачје, секретар за народна одбрана во Извршниот совет на РМ, началник на Територијалната одбрана, генерал-мајор на ЈНА. БИБЛ.: Незаборавни години. Сеќавања,Скопје, 1982. ЛИТ.: Извори за Ослободителната војна и Револуција во Македонија (1941–1945), И, 1 и 3, Скопје, 1968. О. Ив.

повеќе се стегаше. За наша несреќа нашиот пушкомитралез заглавии не мозевме да го употребиме. Од сите страни фрчеа рачни бомби и оган од автоматско оружје. Во тој пекол загинаа другарите ..... Во тој момент командирот Борка ми нареди да се префрлам до нив, бидејки останав сам. Некако успеав под дожд од куршуми да се приклучам до нив, така што нашиот распоред беше во вид на тријаголник. Борбата продолжување – Киро Фетак [202], ранет ми се обрати со зборовите: Другар Павле јас сум ранет. На повикот на бугарските фашисти „Комунисти предај те се ''Фетак им одговори: „ Елајте фашисти, мајката ваша фашистичка, да видите како се предава Комунист- Македонец''пукајки смртоносно падна на земјата. На бојното поле останавме командирот и јас. Обрачот се стегаше а и маглата и мракот се ближеа кон нас. Од источната страна еден бугарски полицаец стрелаше кон нас од што бев ранет во десниот предел на вилицата. Почуствував смрдеж на барут од што си помислив готов сум и јас. Командирот ме тешеше, ми нареди додека тој стрела на полицаецот јас да лазам до една мала длабнатинка и што туку дојдов очекував и тој да дојде по мене, меѓутоа командирот направи нешто што може да го направи само јунак. Ја зеде пушката во едната рака а револверот во другата и храбро тргна во јуриш. Но на неколку метри падна изрешетан од рафалот на полицаецот. Останав сам на бојното поле. Ништо не ми преостануваше...... освен да го искористам мракот и низ еден дол да се вратам во Прилеп. Истата вечер се сретнав со политичкиот секретар на МК Прилеп на кого му ја раскажав трагедијата на Првата чета на одредот Ѓорче Петров''[203]

Коментарот после оваа драматично опишана борба која само делумно ја опфатив но сосема доволно, покажува дека во борбите на новоформираните одреди биле направени многу сериозни превиди и многу тактичко маневарски грешки. Непријателот бил многукратно оброен подобро вооружен а приметливо е и учеството и на полициските сили кои ја подржувале бугарската војска и заеднички настапувале против одредите. Од друга страна голем дел од борците сеуште ја немале стекнато доволно обуката и нормално праксата за партизански начин на војување. Поради тој факт Партизанските одреди во 1942 воена година биле сеуште помалку бројни, послабовооружени и недоволно извежбани за борби во разни услови со различните военополициски формациски структури на непрејателот. Единствено им останала храброста и желбата за борба за слобода да им биде носилка и во најтешките моменти на војувањето. Затоа често влегувале во отворени пресметки со далеку посилниот непријател и тоа делувало понекогаш збунувачки и изненадувачки за самиот непријател.

Сепак таа стихијна и отворена битка во која храбро навлегувале одредите во 1942 година ќе придонесе за развојот на НОБ бидејки многуте легенди за храбро погинатите

---

[202] Киро Нацев – Фетак (Куманово, 1918 - Прилеп, 21 декември 1942) бил македонски комунист, учесник во НОВ. По војната е прогласен за народен херој. Киро Нацев бил роден во работничко семејство во Куманово. Гимназија не можел да ја заврши, поради немање доволно пари за школување, па татко му го пратил да учи занает.[2] Член на СКОЈ е од 1934 година, а на КПЈ од 1936 година. Како шивач, активно работел во УРС-овите синдикати и во работничкото друштво „Абрашевиќ". Во 1936 година, е примен во партијата, подоцна бил уапсен и минал повеќе месеци под полициска истрага. Но полицијата не можела ништо да дознае од него. Поради немање работа заминал за Ниш. Во 1939 година добил покана за војска, и заминал на отслужување. Капитулацијата на Југославија го дочекала додека бил војник.

[203] Петар Пепељуговски. Прилози за воената историја на Македонскиот народ. Стр 351-355

борци, подоцна херои го подигале моралот кај македонското население. Со својата храброст и пожртвуваност како и нивната поврзаност со военополитичката агенда и активности ќе им остават доволно време и драгоцено искуство но и многу поуки на идните новоформирани партизански одреди во воената 1943 година. Борците и нивните команданти покажале и докажале дека слободата нема самата да дојде од себе, таа може да се извојува само преку масовна вооружена и добро организирана борба против непријателот. Таквото нешто ќе ни го најави во блиската идна 1943 година новоименуваниот Командант на НОВ и ПОМ генералот Михајло Апостолски.

И нормално сега се поставува како императив прашањето зошто 1942 та година може да го добие тој епитет како година на политичка победа над непријателот. Мошне интересно видување на сосотојбите има генералот Михајло Апостолски кој инаку таа година сеуште не е излезен на терен поради многу причини но од аспект на Командант на НОВ и ПО на Македонија има многу интересни коментари. Неговите видувања и коментари секогаш мора да се анализираат внимателно, бидејки во нив дадената военополитичка анализа е секогаш напишана со голема точност и од военополитички аспект гледано точно предвеснички, на непогрешлив брилјантен начин исполнето со доволна доза на оптимизам. Во Брошурата издадена во 1968 година работена за соработка со Радио Телевизија Скопје а за потребите на Радио Скопје генералот Михајло Апостолски ке наведе и детално ке ја анализира опише и обзнани состојбата.

„ Нема за цел да навлегувам во поголеми анализи од кои би се видел целиот развој на Народно Ослободителната борба на Македонскиот народ чија што база се револуционерните настани од минатото и условите во кои тие се одиграа. Природно е дека не ке можеме да се запознаеме со различните и многубројни форми на перманентната и долготрајна борба на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување. Сакаме да укажеме дека Народно-ослободителната борба и социјалистичка револуција на Македонскиот народ не е случајна појава, условена само од некои фактори какви што беа теророт или суровата економска експлоатација, спроведувана од окупаторите или пак појава предизвикана од субјективните фактори. Се разбира, не отфрлајки ја ни најмалку улогата на субјективните и другите фактори, туку давајки и правилно место, нужно е да подвлечеме дека: Народно – ослободителната борба беше условена од длабоките национални и хумани чуства и интереси и од силниот стремеж за слободен живот на Македонскиот народ па според тоа претставува природно продолжување на долготрајната борба за национално ослободување. При ова ќе треба да се има предвид дека Македонскиот народ овојпат борбата ја водеше во нови услови, создадени со втората светска војна. Секако огромно значење имаше и фактот што Комунистичката партија на Југославија уште во периодот помеѓу двете светски војни застана и во одбрана на националните права на Македонскиот народ а со тоа се здоби со нужниот авторитет и со несомнена афирмација. Во оваа смисла околноста што НОБ на Југословенските народи беше поведена од Комунистичката партија, за Македонскиот народ беше посебна гаранција дека таа борба не е борба за обновување на кралството Југославија туку борба за создавање ново општество. Затоа не случајно се истакнуваше дека низ борбата против окупаторите ке се создаде нова заедница со рамноправни национални односи помеѓу сите народи и народности што живеат на територијата на

Југославија. Ваквиот однос на КПЈ и даде нов квалитет на борбата на Македонскиот народ. Во таквите услови југословенските народи се јавуваат како најблиски сојузници на Македонскиот народ, а кога се има предвид дека како сојузници се јавуваат и големите сили на антихитлеровската коалиција, тогаш можат да се согледаат сите поволни услови во кои се развиваа НОБ и револуцијата на Македонскиот народ.” [204]

Значи според Генералот Апостолски, Народно – ослободителната борба беше условена од длабоките национални и хумани чуства и интереси и од силниот стремеж за слободен живот на Македонскиот народ па според тоа претставува природно продолжување на долготрајната борба за национално ослободување. Овој клучен сегмент е повеќе пати потенциран и е поставен на пиедесталот на сите негови тогашни и во иднина напишани текстови. Навистина мошне силна порака е дека нешто доага од длабината на душата на еден народ, неговото природно право на борба за слобода и единство.

Генералот Апостолски секогаш во своите текстови за времето на НОБ го истакнувал и го потенцирал токму тоа единство на Македонскиот народ и тоа не било какво единство туку единство на Македонците од сите делови на Македонија. Секогаш во неговите текстови имало место за Македонците од Пиринска и Македонците од Егејскиот дел на Македонија бидејки за него таа состојба на природно ткиво била јасна и недвосмислено многупати потенцирана.

„Во пиринскиот крај на Македонија партизанското раководство, а особено Ниокола Парапунов, презема широка политичка активност за да се разгорат борбите против Фашистичките бугарски сили започнати уште во 1941 г. Во Егејскиот дел на Македонија, каде што во 1941 г. крваво беше задушено Драмското востание[205] по неописивиот масакр и терор, се правеа напори да се одражат партизанските групи и организации како органи на револуционерната борба. Партизанскиот одред од кукушко поради реакцијата на окупаторот се префрли на десниот брег на Вардар и се задржа преку целата 1942 г, во реонот на Пајак и Кожуф планина развивајки политичка активност. Во реонот на Костурско во април 1942 г. Беше формиран партизански одред составен претежно од Македонци чиј командант е Наум Пејов, а политички комесар е Коста Трповски. Неколку групи се создадоа и во западните краишта на Егејска Македонија (во Воденско, Берско). Појавата на партизански одреди составени претежно од Македонци во делот од Македонија која повеќе од 20 години беше под грчка власт како и појавата на партизански одреди во Пиринскиот крај кој исто така со децении беше под свирепиот терор на бугарската буржоазија, сведочи за еден посебен феномен, кој може да се објасни со фактот дека македонската национална свест останала негибната и покрај денационализаторската политика на владејачките кругови на Бугарија и

[204] Михајло Апостолски, 1942 година Политичка победа над окупаторот. стр, 3 и 4
[205] Драмското востание, Започнало на 28–29 септември 1941 година, организирано (под раководство на Окружниот комитет за Драмско) под директно раководство на КПГ. Востание то е кренато од стана на грчкиот и македонскиот народ против бугарската власт со напад на партизанските единици од Просочен врз општината, полициската станица и касарната. Востанието се проширило во Доксат, Карликово, Чали, Силиндрук и во др. места. Бугарските власти го задушиле востанието при што биле убиени околу 3 000 души. Хр. Андоновски, Македонците под Грција во борбата против фашизмот (1940–1944), Скопје, 1968

Грција''[206]. Сепак имало и области и села и во Вардарскиот дел и во Егејскиот дел на Македонија каде новоформираната бугарска власт успеала да се наметне на специфичен начин. Со уфрлување на разни агитатори и елементи од Михајловистичката ВМРО подржани од бугарските окупатор исфрлена е паролата за формирање на нова обидинета македонска држава. Во многу села се формирани т.н. контрачети кои им служеле на интересите на новата власт. Набргу само во Егејска Македонија увидувајки ја својата погрешна политика кон македонскиот народ, ЕЛАС и КПГ ќе применат нова стратегија дозволувајки им на Македонците да се вклучат слободно во борбата. Сепак севкупниот резултат е поразувачки за Македонците, бидејки по сударите на контрачетниците кои всушност и самите биле Македонци со ЕЛАС каде исто така голем дел од борците биле Македонци имало бројни жртви. ЕЛАС како поприфатен и понадмоќен, во некои села и области успеал целосно да гу уништи и неутрализира контрачетите на терен но тоа го сторил со голема жестокост и свирепост.

„Во Егејскиот дел на Македонија бројот на убиени до крајот на 1941 година достигнал до 486 лица[207]. Претходно само во драмското востание настрадале од 2500 до 3000 недолжни луѓе, жени и деца''.[208]

Неспорен факт е дека како иницијатори и предводници на отпорот кон фашизмот на поделениот Македонски народ се јавуваат комунистичките партии. Истакнатите поединци и интелектуалци го почуствувале тој момент и активно се вклучувале во прогресивното комунистичко движење. Македонскиот народ е понесен од револуционерната идеја, аналогно на револуцијата во Русија верувал дека конечно ке може да се ослободи од тугите влијанија и да создаде обединета Македонска држава. Како многу пати во блиското минато шансата за обединување лебдела над Македонската земја а Македонскиот народ очекувал многу од новонастанатата ситуација на светскиот театар. Инперативно било и очекувањето дека ако неможат да добијат обединета Македонска држава тогаш алтернативно останувала можноста од признание на сите национални и човечки чувства и слободи како национални малцинства во матичните држави. Тоа фактички била искрата на револуцијата кон која масовно се приклучиле и Македонците од Пиринска и Егејска Македонија кои пожртвувано без двоумење масовно се вклучуваат во вооружената борба фактички верувајки им на револуционерните идеали за слобода и еднаквост. За жал уште во текот на војната, како проаѓале воените годините иако победите биле се побројни а севкупната победа и

---

[206] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''

[207] Љиљана Пановска, Теророт во Егејскиот дел на Македонија под германско- италијанска окупација (1941-1944) ИНИ, Скопје, 1995 година, стр.58

[208] Христо Андоновски, Македонците под Грција и борбата против фашизмот (1940-1944), ИНИ, Скопје, 1968 година, стр. 48

ослободување се поизвесни. Станувало се појасно дека ниту КПГ[209] ниту БКП[210] немаат капацитет да се надминат себеси во лавиринтот на националистичките внатрешни политички реакции кон македонското прашање. Тоа го увидува почитуваниот Генерал Апостолски кој вели „Македонците од Егејска и Пиринска Македонија безрезервно се вклучија во оружената борба, но тие уште во текот на самата оружена борба против окупаторите дојдоа до горчливиот заклучок дека без јасна перспектива на комунистичките партии на Грција и Бугарија по македонското национално прашање не може да се извојува слобода, без оглед на жртвите и хероизмот што го покажаа во борбата против окупаторите’’[211].

Борбата на Македонскот народ е забележан, евидентиран и од британските служби. Тие известувале за состојбата на теренот во Македонија. Британија била живо заинтересирана како се одвива отпорот кон фашистичката окупација посебно во Грција, но и во Македонија воопшто. „Иако во почетокот бугарскиот третман на Македонците бил во целина подобар во однос на оној од војната од 1914-1918, огорченоста и отпорот кон Бугарите наскоро се зголемил и се појавило партизанско движење...Овие македонски партизани не биле добро опремени и не биле во можност да превземат големи офанзиви ниту против Бугарите ниту против германците. Навистина се чини дека тие повеќе биле заинтересирани за будење на македонската национална свест отколку со водење борба против окупаторите[212]".

Иако се работи се уште за рана фаза од војната која не била дојдена ни до својата средишница односно се работи за 1942 година овој проблем на односите на комунистичките партии се надвил над македонското прашање. Потиснуван за понатаму проблемот ке остане присатен се до повоените години и завршувањето на грчката

209 Комунистичката партија на Грција (КПГ) (на грчки, Κομμουνιστικό Κόμμα Ελλάδας) е најстарата и историски најактивната партија во Грција. Активна е од 1918, сè до денешен ден. По фашистичката окупација на Грција, КПГ го организира отпорот против окупаторите, и го формира ЕАМ, и нејзината партизанска армија ЕЛАС. По завршувањето на Втората светска војна, КПГ го потишува Договорот од Варкиза со кој ветува разоружување на ЕЛАС, а привремената влада во Атина потпомогната од британската интервенција ветува учество на КПГ во политичкиот процес. Откако увидуваа дека е изиграна, ЦК на КПГ ја формира Демократската Армија на Грција и започнува преговори со претставниците на Народно-ослободителниот Фронт на Македонците од Егејска Македонија (кој по неговото формирање во 1945, се претвора во моќен фактор) за обединување на силите.
По обединувањето на ДАГ со НОФ, започнува Грчката граѓанска војна, која трае 4 години. Иако првите три години ДАГ, под раководство на генерал Маркос Вафијадис успева да нанесе огромни жртви на монархо-фашистите и да создаде слободни територии, во 1948 доаѓа до смена на раководството на Демократксата армија и на нејзино чело доаѓа генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, кој герилската тактика ја заменува со фронтална. Во 1949 ДАГ е поразена во втората битка за Вичо, и со целиот свој состав ја напушта Грција.

210 Бугарската комунистичка партија (БКП) е политичка партија, која управувала со Народна Република Бугарија во периодот од 1946 до 1990 година.
Основана е во 1919 година како наследник на БРСДП (т.с.) и го прифаќа името "БКП (тесни социјалисти)". Висок орган на БКП е конгресот. За раководство на политичката и организациската работа меѓу пленумите ЦК избира Политбиро и Секретаријат. На 3 април 1990 година вонредниот конгрес на БКП го менува името на партијата на Бугарска социјалистичка партија

211 1942 ПОЛИТИЧКА ПОБЕДА НАД НЕПРИЈАТЕЛОТ-Михајло Апостолски-стр 8 издадена и печатена во графички завод „Гоце Делчев’’- Скопје Март 1968 г.

212 Тодор Чепреганов, Велика Британија и Македонија 1941-1945 (Документи), Том III, Македонското Автономно движење во северозападна Грција: Неговата поставеност и сегашна историја 1941-1945, ИНИ Скопје, 1998 година, стр. 40

граѓанска војна кога стана јасно дека Македонскиот народ нема сеуште да добие шанса за обединување.

Сепак во 1942 година партизанските одреди преземаат голема активност особено во реоните на Велес-Прилеп, Крушево и Преспа, и во реонот на Костурско каде севкупно се развиваат многу воени и военополитички акции. Во овие области одреден временски период егзистира и слободна територија и дополнително тие биле и меѓусебно поврзани а непријателските сили немале никаква контрола над теренот.

Треба да се истакне дека во текот на месец јуни 1942 година доаѓа до нова смена на раководните места во Покраинскиот комитет и негово преименување во Главен штаб на народоослободителните партизански одреди на Македонија[213]. Така во едно од првите соопштенија се истакнува борбата на терен и се дава детален опис на настанот. Во соопштението од главниот штаб на НОПОМ бр.28 се опишува сударот на Велешкиот Партизански одред „Пере Тошев со деловите на Бугарскиот 56 полк и полицијата.

„Пред извесно време во Јули 1942 година дојде до вооружен судир помеѓу една народно-партизанска чета и силни полициски и воени одреди над планината Лисец ( во Велешкиот крај). Борбата траела неколку часови. Применувајки мајсторска тактика на партизанска борба и покажувајки голема храброст и одлучност, партизаните, кои беа откриени и против кои беа насочени силни полициски и воени потери, ги дочекаа последниве на згодно место и со изненаден напад после кратка борба успеале да ги разбијат и дезорганизираат непријателите и тие да се повлечат. Помеѓу фашистите имало неколку мртви и ранети, на страната на партизаните немало жртви[214]''.

Во тој кус период на народна власт на таа територија органите на борбата се нарекувале претежно комитети. Најчестото споменувано има било таен или воен комитет. Тие комитети кои по своето име пак потсетуваат на недалечното блиско

---

[213] После смената на во ПК на чело со Бане Андреев, обновен е Покраинскиот штаб, кој во втората половина од Јуни 1942г.го сменува името во Главен штаб на народоослободителните партизански одреди на Македонија, во состав, Цветко Узуновски, Мирче Ацев, Страшо Пинџур, Стив Наумов, Михајло Апостолски. Зборник, Докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, книга 1, Борбе у Македонији, Војноисториски институт Југословенске Народне Армија, Београд 1952 стр.96

[214] Зборник, Докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, книга 1, Борбе у Македонији, Војноисториски институт Југословенске Народне Армија, Београд 1952 стр.96

минато масовно користени и од времето на МРО[215] и ВМРО[216] ја држеле во тоа време функцијата на органи на народната власт. Како последица од развитокот на военополитичката активност на теренот партизанските одреди биле масовно подржани од месното население. Населението го препозна вистинското ослободително дело на борците и безрезервно ги подржа одредите. Поради сето тоа непријателот преземал исто така обемна воена но истовремено и воено политичка акција.

Во периодот на Октомври до Декември 1942 година бугарскиот окупатор преземал офанзивни дејствија кон споменатите реони. Во битките учествувале 2 дивизии 14 и 15 засилени со полициски сили. Во битката што ке беснее три месеци партизанските одреди претрпеле големи загуби и биле приморани на повлекување. „Но тактичките успеси што ги постигна окупаторот во споменатата отанзива беа само од привремен карактер. Со овие привремени успеси окупаторот неможеше да го задуши востанието, иако теророт над Македонскиот народ под потиснувањето на партизанските одреди

[215]Македонска револуционерна организација (МРО)револуционерно-националноослободителна организација на македонскиот народ формирана во (Солун, 23. X/ 4. XI 1893 - 1908). Била основана од шестмина револуционери интелектуалци: Дамјан Груев, д-р Христо Татарчев, Петар Поп Арсов, Иван Хаџи Николов, Христо Батанџиев и Андон Димитров, со цел по пат на вооружена борба да се извојува политичка автономија на Македонија и Одринско. На основачкиот состанок се усвоила програма за дејствување. Бил усвоен Уставот на Организацијата (во почетокот на 1894) подоцна се конституирал Централниот комитет. За прв претседател на ЦК на МРО е избран д-р Христо Татарчев, секретар е избран Дамјан Груев. Со тек на времето била изградена силна мрежа на Организацијата во поголемите центри во Македонија (до средината на 1894). Особено силен подем бележела по стапувањето во членство и во раководењето на Гоце Делчев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Јане Сандански и други македонски револуционери. Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или Смрт, Македонското националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893 - 1903 година, Табернакул, Институт за историја - Филозофски факултет, Скопје, 2003

[216] Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО) — македонска револуционерна организација која постоела во периодот меѓу 1919–1934 година формирана како природен наследник на (МРО). По завршувањето на Првата светска војна започнало политичко групирање и организирање на македонската емиграција во Бугарија. Веќе кон крајот на 1919 година била формирана ВМРО, со Централен комитет: Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев. Главна цел на организацијата била автономијата или независна Македонија, односно создавање на самостојна македонска држава.

По потпишувањето на Нишката спогодба помеѓу Кралството СХС и Бугарија, во март 1923 година, ВМРО зела активно учество во рушењето на бугарската влада на Александар Стамболиски. Во втората половина на 1923 година биле воспоставени врски и водени разговори со претставници на Советскиот сојуз, заинтересиран за создавање единствено македонско револуционерно ослободително движење. Притоа Тодор Александров подготвил и потпишал Проект за разбирање помеѓу ВМРО и Советската влада.

ВМРО (Обединета) била македонска револуционерна организација, формирана врз основа на принципите на Мајскиот манифест на ВМРО, под влијание на Балканската комунистичка федерација и со поддршка на Коминтерната и македонските комунисти. Нејзе и се приклучиле членовите на Илинденската организација, на бившата Серска група , на бившиот Емигрантски комунистички сојуз, бившата Македонска федеративна организација и други прогресивни групи.

При нејзиното основање бил избран Централен комитет со седиште во Виена. Нејзин орган бил в. Македонско дело. Имала цел да прерасне во масовно народно движење за извојување слободна и независна Македонија во рамките на нејзините географски и економски граници и нејзино конституирање во самостојна политичка единица, што ќе влезе како рамноправен член на идната Балканска федерација.

Нејзини најистакнати дејци биле: Панко Брашнаров, Димитар Влахов, Симеон Кавракиров, Владимир Поптомов, Андреја Чипов, Методија Шаторов-Шарло и др. Зоран Тодоровски „ВМРО 1924-1934“, РОБЗ, Скопје, 199; Предавствата и атентатите во македонската историја, Виолета Аковска и Никола Жежов, Скопје, 2004 г

беше неописиво суров. Но и покрај ваквото постапување кон народот, окупаторот не успеа да ги присили широките маси на соработка со него. Единствено во што успеваше беа преполните затвори, концентрациони логори и другите институции за прогонување и терор над Македонците. Најдобар доказ за ова е што во наредната 1943 година многубројните форми на отпорот во Македонија беа засилени да таков степен што борбата против окупаторот прерасна во општонародно оружено востаниекое ја зафати и целата територија на Македонија''[217]. Во битката освен на военото поле беснееала и политичката пресметка за придобивањето на народните маси.„Одредени ѓраѓански елементи коишто себеси се вградуваат во окупаторскиот систем декларирајки се како Бугари, не успеваат да ја добијат масовната подршка, да го изразат македонскиот индивидуалитет и да ја проектираат самостојноста на македонецот како субјект на политичката сцена [218] ''. Во пропагандната машинерија бугарските окупатори го користеле и печатот и радиото како информативни средства но и све друго што можело да им послузи за остварување на својата цел. Тоа Генералот Апостолски вака го опишува.„Секојдневно се појавуваа статии и написи со кои се фалсификуваше историјата на Македонскиот народ а неговата духовна и материјална култура се прикажување како бугарска. Во оваа пропаганда беа вклучени и целиот училишен апарат, црквата и професионални организации. Притоа секој и најмал верски празник, секој датум на раѓање или смрт на одредени револуционери од македонско или бугарско потекло, секоја победа на германските војски на источниот фронт и слично беа ползувани за организирање на најразлични манифестациии таканаречени „тржenства'' при што со свечени говори истапуваа највисоките претставници од окупаторскиот апарат. Вакви манифестации се организираа не само по градовите туку и по селата се со иста цел – асимилирање на македонските маси. Паралелно со ова бугарските окупатори посебни напори вложуваа за содавање на разновидни профашистички организации какви што беа „Браник'',„Отец Пајсиј'', „Труд и Радост'' потоа „Ратници'' и многу други во кои се стремеа да ги опфатат сите слоеви. Заедно со создавањето на овие организации, бугарските окупатори многу вешто ги користеа услугите што им ги даваа квислиншките групи на Чкатров, Ѓузелов, Китинчев, на ВМРО – Ванчовистичка и др. Покрај мошне раширената пропаганда, бугарските окупатори презедоа и такви мерки со кои се обидуваа да го засилати олеснат дејството на своите воени и воено полициски сили и оружени формации во борбата против народно ослободителното движение на Македонскиот народ. Најпрвин се формираа контрачетите[219] а потоа на теренот се

---

[217] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''Кутија 1, Папка 1

[218] Виктор Габер„ Од објект до Субјект'' Македонија во меѓународните односи, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски'' Скопје 2017 год, стр.150

[219] Михајловистичките контрачети во Вардарска Македонија биле паравоени единици креирани со користење помошта на бугарските власти со цел борба против комунистичките партизани. Тие биле активни во периодот на бугарското управување во регионот. Првично Бугарите биле пречекани како ослободители од српската власт без никаков суштински отпор. Локалните комунисти го припоили ПК на КПЈ за Македонија кон БРП(к) и били против оружена борба. Михајловистите партиципирале целосно во бугарската администрација. Првата контрачета, била формирана на крајот на 1942 година во Велешко, на чело со Пано Манев. Нејзното создавање било одобрено од министерот за внатрешни работи Петар Габровски по предлог на скопскиот полициски началник Стефан Симеонов, кој бил поранешен четник на Внатрешната добруџанска револуционерна организација. Вака партизанските одреди биле разбивани не само од полицијата, туку и од страна на контра-четниците. Контрачетите обично се водели од ветерани на

создадоа и разузнавачки центри. Но, резултатите од оваа дејност на воен план се толку мали што слободно може да констатираме дека тие се поразни за непријателот. На територијата на цела Македонија тој успеа да создаде само 8 контра чети со околу 20 до 30 души во нив. Ваквата малобројност на контра четите зборува за очигледен неуспех, а ако при ова се погледне и нивниот социјален состав, тогаш уште појасно е се види неуспехот на окупаторот, бидејќи тие чети беа пополнети според инструкциите на министерот на внатрешни работи, со стари полицајци и со декласирани елементи од македонската емиграција, припадници на терористичката организација ВМРО-Ванчовисти, како и од декласирани големоалбански елементи"[220]

Евидентно е дека Генералот Апостолски точно ја согледал опасноста од начинот на кој се однесувале бугарските окупаторски сили. Тој изнел свои мислења и дал свој указ и анализа на состојбата на терен која сепак колку и тоа да не било сјајно реално ја отсликала положбата на населението. Факт е дека Бугарските власти успеале во Македонија да инсталираат своја власт која ке биде помогната и тоа многу од домашните сили. Затоа се формирани многу организации, чети, таканаречени контрачети потоа селски милиции и други форми на воено и воено политичко делување вклучително и црквата. Сакајки да направи паралела на однесувањето на бугарските сили јасно потенцирал дека партизанските одреди и формации се многу поприфатени од непријателските сили. Затоа како главни непријатели тој всушност ги потенцира односно ги промовира и укажува, организацијата на ВМРО- Ванчо михајловисти или Ванчовисти како што тој самиот ги нарекувал иако бил длабоко свесен дека се работи за ВМРО која е единствена и која била легитимна организација која во својот статут има јасна цел, ослободување и формирање независна македонска држава. Патем во предвоениот и воениот период поради таквата активност таа е забранета во Бугарија а нејзиниот лидер Ванчо Михајлов е во егзил токму кај фашистичките или новоформираните фашистички творби како НДХ[221] и други држави. Тој факт воопшто не давал простор за маневар кај искусниот Генерал. Тој со организацијата имал многу големи искуство уште кога бил дете и подоцна кога учел во Штипската гиназија. Тоа ми дава за право да констатирам дека Генералот бил многу свесен за сериозноста на моментот и точно знаел кој може да му го преземе приматот на теренот во тие воени

---

михајловистичкото крило на ВМРО, како војводата на Кумановската контрачета - Крсто Лазаров. Меѓу попознатите контрачети биле Гевгелиската на чело со Ѓорѓи Хаџи Митрев, Кавадарската на чело со Атанас Калчев, Кочанската, на чело на која бил Димитар Медаров, како и Битолската и Прилепската контрачети. Од друга страна во март 1943 година командантот на 15-та пешадиска дивизија во Егејска Македонија - Иван Маринов, распоредил вооружувањето на првата контрачета во регионот, а Владимир Куртев, Димитар Цилев и Георги Настев учествувале во организирањето на првите одреди за борба против комунистички партизани - Охрана. Во летото на 1944 година на територијата на Вардарска Македонија дејствувале околу 200 контрачети. По повлекувањето на бугарската администрација од регионот и подоцнежното откажување на Иван Михајлов да формира марионетска држава, повеќето од учесниците во нив биле убиени во престрелки со партизаните или подоцна биле фатени и осудени од страна на комунистичките власти во Југославија.

[220] 1942 Политичка победа над окупаторот-Михајло Апостолски-графички завод „Гоце Делчев''- Скопје Март 1968 г. стр.11-14

[221] Независна Држава Хрватска (хрватски: Nezavisna Država Hrvatska, NDH; германски: Unabhängiger Staat Kroatien; италијански: Stato Indipendente di Croazia)-поранешна марионетска држава на Германија и Италија за време на Втората светска војна. Се наоѓала на поголемиот дел од денешната територија на Хрватска и Босна и Херцеговина како и помали делови од Србија и Словенија.

години иако за тоа нормално нема да пишува со таков речник, но интенцијата е јасно препознатлива. Тоа секако не би била бугарската армија за која нема двојба дека против нејзе треба да се води војна за протерување од освоената територија. Тоа бил ВМРО и организациите кои гравитирале кон него како Отец Пајсиј и останатите односно како самиот вели 8 те контачети што и не е мала бројка па и да биле по 30 борци иако веројатно биле многу повеќе. Најболно би било кога во Македонија би се случела братоубиствена војна како што се примерите на Србија или Хрватска со Усташките и Четничките формации кои војувале и против Партизанските одреди и чети но и помеѓу самите себеси. Нешто што организациите на ВМРО и десните и лево ориентираните веке со децении претходно го правеле. Нешто што најмногу ке и одговарало на бугарската власт. Затоа сметам дека Генералот Апостолски бил длабоко свесен за овој факт. Оддносно бил свесен дека ако се дозволи политичко „воскреснување'' на ВМРО тоа може да предизвика сериознаи проблеми на теренот и усложнување на и онака сложената ситуација во 1942 година. Токму затоа и работел многу на ражестување на востанието, нешто што конечно ке успее во наредната воена 1943 година. Со тоа Генералот Апостолски сметал дека ќе успее да придобие многумина од контрачетниците и локалните селски милиции, нешто што не се споменува многу во воените литератури, но фактички тој токму тоа успеал да го постигне и многумина од овие мобилизирани поединци и личности постепено ќе пребегнуваат и дезертираат од бугарската страна или понатаму ќе станат врска со партиските организации со што индиректно ќе помогнат во развојот на востанието. Со тие пак што останале верни идеолошки противници на партизанското движење Генералот Михајло Апостолски ќе се пресмета на друг начин би рекол повеќе политички ќе ги неутрализира внимавајки на сите детали. Тие што останале со оружје в рака да се борат против Македонската Војска во подем, ќе бидат уништени. Тој ќе изјави дека борбата на Македонците треба да се води на три фронта: Против германските, бугарските и италијанските окупатори, против контрареволуционерните елементи, и против концептите на Бугарската работничка партија комунисти[222]**.**

Како и да е есента 1942 година во Македонија Главниот штаб врши реорганизација на поголемиот дел од територијата и врши окрупнување на партизанските одреди и се насочува кон создавање на нови партизански одреди и единици за покривање на поголемиот дел од територијата. Успешно се окрупнуваат

[222] Михајло Апостолски: Реализација Титове стратегиске концепције општенародњег устанка у Македонији, Војно дело, Београд, 1981, br. 6/XXXIII, стр 173-183; Виктор Габер,, Од објект до Субјект'' Македонија во меѓународните односи, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски'' Скопје 2017 год, стр.152

одредите Димитар Влахов[223], Питу Гули[224], Даме Груев, Ѓорче Петров[225], и одредот Јане Сандански[226]. Се формираат нови партизански одреди во Маврово[227] и Скопскиот партизански одред[228].

---

[223]Димитар Влахов (Кукуш, 8 ноември 1878 - Белград, 7 април 1953) — македонски револуционер, деец на македонското национал ослободително движење, еден од основачите на Федеративната партија по Младотурската револуција. Бил деец на Македонската револуционерна организација, Народната федеративна партија, Солунската социјалистичка федерација, ВМРО (Автономистичка), ВМРО (Обединета), Бугарската комунистичка партија, Комитерната и Комунистичката партија на Југославија. Општественик и државник.Во периодот 1941-1944 работел во сесловенскиот комитет во Москва. По војната Влахов се приближува кон југословенските комунисти. Бил потпретседател на АВНОЈ. На Париската мировна конференција ги бранел македонските интереси. Како автономист и сепаратист е одстранетод Македонијаи одведен на работа во Белград каде починал во 1953 година. Виолета Ачкоска Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991), ФЗФ, Скопје 2015 година, стр. 74; Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Репресијата и репресираните во најновата македонска историја, Скопје: Макавеј 2005 година, стр.168-187; Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски, Нашиот поглед на времето на Колишевски, Скопје: Мисла 1996 година, стр.19-31

[224] Питу Гули (1865 - 12 август 1903), македонски револуционер со влашко потекло, учесник во македонското револуционерно движење, член и војвода на Македонската револуционерна организација.

[225] Ѓорче Петров, целосно име Георги Петров Николов (2 април, 1865, с. Варош, Прилепско - 28 јуни, 1921, Софија, Бугарија),професор, публицист, историчар, идеолог на Македонската револуционерна организација.

[226] Јане Сандански, познат како Пиринскиот цар, Сандан-паша и Старикот, (18 мај 1872 - 10 април 1915) — македонски национален херој, војвода и водач на Македонската револуционерна организација.
Роден е во селото Влахи, Пиринска Македонија, во семејството на Иван Сандански. Во текот Руско-турската војна од 1877 година, неговите родители и соселани биле принудени да избегаат во Горна Џумаја. Неговиот татко бил знаменосец на една од македонските чети во Кресненското востание. По задушувањето на востанието, семејството Сандански се засолнало во Дупница, каде Јане го минал детството. Таму, тој завршил основно училиште и два класа од прогимназијата, а подоцна станал кондураџиски чирак и му помагал на својот татко во полските работи. Во 1892 година, бил регрутиран во бугарската армија. По завршувањето на воената служба, станал молбописец кај својот чичко Спас Харизанов, адвокат и поранешен македонски учител.

[227] Мавровско-гостиварскиот партизански одред „Кораб“ била партизанска единица на НОВ и ПОМ, формирана во реонот на селото Маврово, во периодот од 30 септември 1942 до 21 мај 1943 година. Единицата била формирана од припадници на НОД од Мавровско и Гостиварско.Одредот извршил акции во близина на селото Трница и на превојот Буковиќ (1942), а во зимата се повлекол на зимување.На 14 март 1943 година во месноста „Арамиски камен“ на Бистра одредот повторно се активирал. При формирањето тој броел 15 борци, но набрзо се зголемил на 27 борци. За командир бил поставен Александар Радосавлевиќ, а за негов заменик Том Ѓелај. Политички комесар бил Слободан Пеповски, а негов заменик Чеде Филиповски - Даме. На 27 април 1943 година одредот влегол во судир со балистите во Ново Село, при што четворица борци загинале, десетмина биле заробени, а осуммина успеале да го пробијат непријателскиот обрач. Подоцна, шестмина од десетмината заробени борци од одредот биле осудени на смрт и на 17 мај обесени во Тирана. Преостанатите борци од одредот влегле во составот на Мавровско-кичевскиот партизански одред, формиран на 21 мај 1943 година. Подоцна неговите борци од Мавровско и Гостиварско се издвоиле и во јули истата година го формирале првиот Мавровски партизански одред, кој дејствувал самостојно на подрачјето на Првата оперативна зона, до влегувањето во составот на Кичевскиот баталјон на 23 септември 1943 година.

[228] Прв скопски народноослободителен партизански одред — прва партизанска единица на НОВ во Македонија. Формиран е на 22 август 1941 година кај месноста Чифлик во близина на Скопскиот градски парк и опстојува до 2 ноември 1941 година кога се самораспуштил. Прв командант на одредот бил Чедомир Миленковиќ, а потоа, од 18 до 31 октомври, Љубомир Лековиќ. Политички комесар на одредот бил Даме Крапчев. За време на постоењето на Одредот, во него, континуирано или повремено, се бореле 42 борци од кои 17 загинале во текот на НОВ. По војната, тројца борци од одредот (Раде Јовчевски - Корчагин, Боро Петрушевски и Александар Урдаревски) се прогласени за народни херои на Југославија. На местото на формирање на одредот, на 22 август 1981 година е откриен споменик во чест на одредот, изработен од вајарот Максим Димановски.

По овие дејанија следствено се зголемуваат дејствијата на терен на партизанските одреди и борбите се развлекуваат на поголема територија. Бугарската власт пополека но сигурно ја губи состојбата на теренот и нејзините трупи полерка се повлекуваат кон градските центри.

„Бугарската власт на територијата каде што делуваат одредите е разнишана и не се чуствува. Под притисок на Секојдневните борби окупаторската власт се повлекува кон градовите"[229].

По реорганизирањето на бугарската армија таа сепак ке забележи одредени успеси кога успева да го разбие во старт обидот за формирање на партизански одред во источна Македонија и на планината Плачковица во есента 1942 година успешно ги разбиваат групите партизани во обид да формираат база за истокот на Македонија. Овој успех сепак не бил за потценување бидејки тој го спречил природното поврзување на партизанските одреди од Источниот дел на Вардарска Македонија со партизаните од Пиринска Македонија во која пак револуционерното движење заземало поголем замав. Уште во 1941 година Никола Парапунов [230]преземал широка политичка активност за да се разгорат борбите во Пиринско.

Што се однесува до Скопско Кумановско и Тетовско партизанските регрути ги пополнуваат Шарпланинските партизански одреди како и Црнотравскиот партизански одред кој делувал во Кумановско.

Интересно е да се напомене дека и партизанските одреди во Кукушко Егејска Македонија, поради нивните дејанија и реакцијата на непријателските сили го преминала Вардар и се нашла на реонот на Кожуф и Пајак Планина кои се познати бастиони на вооружената борба на Македонскиот народ во текот на НОБ.

Драматичноста на мигот на 1942 година убаво ја опишува и познатиот Македонски Правник и општественик, припадник на Македонското прогресивно

---

[229] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски'' Папка 2

[230] Никола Парапунов (Разлог, 1 јули 1909 - Бараково, Горноџумајско, 9 декември 1943) — македонски комунист од Пиринска Македонија.

Роден е во семејство на шивачки работник. Во 1924 година, по завршувањето на трети клас во месната седмолетка, продолжува да се школува во средното техничкото училиште во Софија, градежна насока. Потоа работи во родниот град и активно соработува со тогашната Внатрешна Македонска Револуционерна Организација.

Во 1931 година станува член на Бугарската комунистичка партија, а на почетокот на 1932 е член на окружното раководство на БКП во Петрич. Поради своето делување како комунист е уапсен и од 1933 до 1941 година е во затвор.

По излегувањето од затвор, преминува во илегала и на 26 јули 1941 година ја формира разлошката чета, првата вооружена партизанска формација во Бугарија. Пиринска Македонија како дел од Царството Бугарија, најрано ќе го крене својот глас за ослободување и обединување со останатите делови на Македонија. На територијата на Пиринска Македонија уште во 1941 година ќе се оформат партизански одреди под водството на Парапунов, а токму во Пиринска Македонија ќе се одигра и првата вооружена борба против бугарската војска и воопшто првата вооружена битка против фашистичките окупациски војски на Балканот.

На почетокот од 1943 година станува член на ЦК на БКП, но на крајот од истата година загинува кај месноста Сува Чешма, во близина на селото Бараково, Горноџумајско, во борба против бугарска полициска заседа.

студенско двожење а подоцна и секретар во илегала на НОО Велес како и активен воено судски обвинител при ГШ на Нов и ПОМ Перо . Д. Коробар.[231] Тој вели- цитирам „Во почетокот на 1942 година кога се зголемува борбеното и револуционерно единствона партијата и народот на Македонија, се мобилизираат патриотските сили во единствениот фронт против окупаторот. Оружената борба беше единствениот пат зацртан од КПЈ по кој македонскиот народ, заедно со другите народи и народности на Југославија тргна да ги реализира вековните стремежи за национална и социјална слобода. Се создаваат масовни организации на отпорот во села и градови. Покраинскиот штаб на НОВ формира оперативни штабови.

Во првите пролетни денови ( големиот дел на Вардарска Македонија ) Прилепско, Велешко, Битолско, Ресенско, Крушевскио и Скопско, беа опфатени од дејствијата на оружените акции на партизанските одреди – Пелистер, Пере Тошев[232], Димитар Влахов, Питу Гули, и Скопски. Првите успешни вооружени судири на Партизанските одреди со воените и полициските силина окупаторот беа воени и политички успеси на народноослободителното движење. Акциите на одредите на железничките комуникациски линии и станици на телеграфската и телефонската мрежа на селските општини и уништувањето на окупаторската администрација , оневозможувањето на собирање на селски производи, одбрана на селото под терор и казнувања, прогунувањето на народните непријатели претставуваа тешки удари на окупаторите а во исто време и потврда за успехот на оружената борба. Партизанската борба станува факт во Македонија. Таа станува симбол на народното ослободување’’[233].

„Речиси во сите градови излегуваат гласила за НОВ и Револуцијата- Народен глас, Октомври, Народен билтен, Политички лист, Неделен весник, Весник, и други билтени летоци и прогласи кои се растураат низ Македонија.

Скојевската организација во градот и селата масовно зајакнува и се вклучуваат во револуционерната акција. Под нејзино раководство се организираат штрајкови во гимназиите како отпор на употребата на бугарскиот јазикво школите, фалсификувањето

[231] Перо Коробар (Велес, 27 март 1916 - Скопје, 29 октомври 2004) бил македонски општествен деец, прв претседател на Македонскиот уставен суд.
Пред Втората светска војна учествува во револуционерното комунистичко движење. Во 1932 година станува член на СКОЈ, а член на КПЈ во 1940. Затворен е во белградскиот затвор „Главњача“. Коробар е учесник во НОБ од 1941 година. По ослободувањето ги извршува функциите директор на Државното книговодителство и на издавачката куќа „Култура“ и директор на Републичкиот музеј. Како културен работник е испратен во Пиринска Македонија во времето на градењето на културната автономија на македонскиот народ, а по враќањето во Скопје врши повеќе функции како: началник на Одделот за надворешни работи во ЦК на КПМ, управник на Македонскиот народен театар, член на Ревизионата комисија на ЦК на КПМ, член на Културно-просветниот одбор на Југославија и потпретседател на Културно-просветниот собор на Југославија и потпретседател на Културно-просветната заедница на Македонија, член на Главниот одбор на Социјалистичкиот сојуз, член на Претседателството на Сојуз на борците од НОВ на Македонија и член на Советот на Република Македонија. Во периодот 1963-1974 година Коробар е член и прв претседател на Македонскиот уставен суд. Основач е на списанието „Културен живот“ и повеќе од три децении е негов главен и одговорен уредник. Од 1974 до 1976 година бил претседател на Фудбалскиот сојуз на Југославија.
[232] Петар Наумов Тошев (1865 - 4 мај 1912) — македонски национален херој, учесник во македонското револуционерно движење, член и раководител на Македонската револуционерна организација, апостол и совеста на револуционерна Македонија и национален херој.
[233] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски’’ кутија1 папка 1 страна 8

на историјата на Македонскиот народ, носење униформи и плаќање училишни такси. Окупаторот реагира со суров полициски терор во школите. Отпорот и омразата расте. Од редовите на учениците се засилуваат одредите и диверзантските операции.

Во главните улици на поголемите градови масовни демонстрации на жени со пароли за непуштање на своите мажи синови и браќа во бугарската армија против мобилизацијата.

Се организираат штрајкови на работници на патот Гостивар-Дебар, Кичево-Дебар, Кичево –Струга, Кочани- Делчево, во рудникот Жомирок во Прилепи во монополот во Крушево.

Разните форми на отпор заседоа широки размери. Тие го опфатија речиси целиот народ во Македонија што доведе до тоа окупаторите да не можат да се потпрат на месното население во своите акции.Тие се осеќаа осамени и изолирани, така што секоја акција , државна или политичка за задушување на отпорот се опираше врз сопствениот окупаторски апарат доведен во Македонија.

Во Пиринска Македонија се засилува оружената борба на Македонскиот народ. Истакнатиот борец за правата на Македонскиот народ Никола Парапунов во писмото упатено до членовите на партијата пишува: Опортунистички е да се исчекува победата од Русија. Слободата не треба да се чека подарок од други, туку треба да се извојува[234].

Во Егејска Македонија КПГ и ЕАМ[235] вршат мобилизација на Македонското население за оружена борба против бугарскиот , германскиот и италијанскиот окупатор. Во Костурско се создаде партизански одред составен претежно од Македонци и Македонско раководство. Во летото се создаваат партизански групи во Воденско, Кукушко, Беранско. Така се покрива големиот дел на Егејска Македпонија со оружена акција на партизанските единици. Со растежот на Народноослободителната борба се зголемуваше и теророт на окупаторот зачестија масовните апсења и прогонства во сите краишта на Македонија. Бугарските воено политички преки судови изречуваа пресуди на стотици и стотици патриоти од разни обвинувања кои ја издржуваа казната по злогласните фашистички затвори и логори. Стрелањата, бесењата, убиствата, и другите зверства, на окупаторите ги надминуваа феудалните инквизиции. Во Западна Македонија албанските квислинзи и италијанските окупаторски сили во македонските и напредните турски и албански семејства вршат масовно претепување и грабежи. Луѓето ги напуштаат огништата се засилува емиграцијата на македонското население.

[234] Дел од писмо на Никола Парапунов

[235] Национално ослободителен фронт (НОФ, НФ, Ethniko Apeleftherotiko Metopo, скретено ЕАМ, на грчки: Εθνικό Απελευθερωτικό Μέτωπο), бил масовна политичка организација за борба, на целото население на Грција во текот на Втората светска војна, против италијанските, германските и бугарските окупатори. Главна улога во фронот имала Комунистичката партија на Грција. На многу начини, ЕАМ наликува на југословенскиот АВНОЈ.

Садизмот станува гордост на бугарската полиција. За тоа сведочат незаузданите масакри во Дабница, Пуста Кула, Богомила, Јаболчиште. Овие документи претставуваат страшна потврда за злосторствата''.[236]

Членовите на партиското и воено раководство паѓаат во канџите на бугарскиот окупатор. Цветан Димов[237], Мирче Ацев [238]и Страшо Пинџур[239]''[240]

Успесите но и проблемите со кои се соочило движењето постигнати во револуционерната борба против окупаторските сили и домашните квислинзи ги опишува токму заробениот Мирче Ацев во едно писмо испратено од него во 1942 гогина, тој вели: „ По обидот во есента на 1941 г. Да се започне Партизанската борба, Покраинскиот комитет заседе опортунистички став дека кај нас нема услови за партизански борби. Во таа смисла требаше многу да работиме за резултатите најдобро да се видат од тоа што веќе имаме формирано четири одреди кои преку два месеци живеат во планина, а од пред некој ден започнаа и акции. Сега секому му е јасно дека имало услови за вооружена борба таму.....Денешните партизански одреди покажуваат дека во Македонија има изгледи во најскоро време тие да станат масовни. Ситуацијата, создадена со пљачкашката политика на бугарските окупатори, е таква што селаните а и целиот народ со воодушевување ги прима нашите партизани, просто речено во цела Македонија нема ни еден чесен човек кој не гледа со симпатии на нашите партизани'' [241].

Ако го проанализираме текстот станува јасно дека Мирче Ацев пишува со одредена горчина кон новосоздадената состојба. Навистина со 4 одреди и неможно е да се отпочне некој поголем и посериозен отпор но ако на тие се додадат и новосоздадените тогаш е јасно дека искрата е запалена и пламенот на народноослободителната борба ке ја зафати пополека целата територија на Македонија. Тоа е и неговата визија за

[236] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски'' кутија1 папка 1 страна 9-10

[237] Цветан Димов, познат меѓу народот како Целе Чаирчанец, (Скопје, 5 март 1910 - Скопје, 9 јули 1942) — македонски комунист, синдикалец, и учесник во НОБ. Заедно со Орце Николов бил еден од најистакнатите организатори на работничкото и комунистичкото движење во Скопје помеѓу двете светски војни. По Ослободувањето, на 26 јули 1945 година, е прогласен за народен херој на Југославија, како еден од првите борци од Македонија кои го добиле тоа одликување (заедно со Орце Николов, Стеван Наумов - Стив, Мирче Ацев, Страшо Пинџур, Христијан Тодоровски - Карпош и Кузман Јосифовски - Питу).

[238] Мирче Ацев (Ореовец, 20 октомври 1915 – Скопје 4 јануари 1943) — македонски комунист, учесник во НОВ. Бил член на Покраинскиот комитет на КПЈ на Македонија од 1941 година и член на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија. Бил прогласен за народен херој на Југославија на 29 јули 1945 година,[2] како еден од првите борци од Македонија кои го добиле тоа одликување (заедно со Стеван Наумов - Стив, Орце Николов, Страшо Пинџур, Христијан Тодоровски - Карпош и Кузман Јосифовски - Питу).
Името го добил по стрико му Мирче Ацев, војвода од времето на османлиското владеење во Македонија. Неговата сестра Вера Ацева исто така учествувала во НОВ и била прогласена за народен херој.

[239] Страшо Пинџур (Струмица, 3 март 1915 - Скопје, 4 јануари 1943) — македонски комунист, учесник во НОБ. Бил прогласен за народен херој на Југославија на 29 јули 1945 година, како еден од првите борци од Македонија кои го добиле тоа одликување (заедно со Мирче Ацев, Стеван Наумов - Стив, Орце Николов, Христијан Тодоровски - Карпош и Кузман Јосифовски - Питу).

[240] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''Кутија 1 Папка 1

[241] Михајло Апостолски - 1942 политичка победа над окупаторот, стр.29-30

случувањата на теренот пред почетокот на акциите на новоформираните одреди. Отприлика тоа е и ставот на Генералот Апостолски за овој период од НОБ.

Значи да заклучам дека по формирањето на пет нови одреди кои ги носеа имињата на прославените наши илинденци, Питу Гули, Даме Груев, Јане Сандански, Ѓорче Петров, како и живата легенда Димитар Влахов плус и Скопскиот и Мавровскиот одред во Македонија ке се отпочне со посериозен отпор кон окупатоерските сили и конечно на терен ке се почуствува засилено присуството на антифашистичкото движење и вооружениот отпор.

Нормално Бугарската реакција на овие случувања се очекувала и таа биле навистина жестока и несоодветно покриена со воени единици на терен како да се води војна против многу поброен и посилен непријател. Тоа се фактите а тие го покажуваат стравот кој го завладеал непријателот. Бугарскиот окупатор не се двоумел околу жестината на противударот и не се жалеле ресурси офанзивата против партизанските одреди да биде успешна.

„Поради засилените опсежни дејствија на ПОМ започнува бугарската воена полициска офанзива во која учествуваат сите родови војска: Пешадија, артилерија, авијација , коњица, полиција и други оружени сили на окупаторот. Во состав на Петтата бугарска армија се доведуваат нови полкови. Окупаторот прави и обиди за братоубиствена војна, создавајки котрачети од месното население. Во тоа наогал одзив во исклучително декласираните противнародни елементи кои им служеа на разните режими.

Големата бугарска офанзива го зазема пространството на подрачјето од Вардар до Охрид и од Скопско до Југословенско –Грчката граница.

Партизанските одреди од есента 1942 до крајот на годината беа под секојдневни удари на бугарската офанзива. Одредите се принудени да водат борби секојдневноза да ги пробиваат обрачите на окупаторот и да им нанесуваат загуби на најосетливите места.

Врвна акција на оваа офанзива беше концентрацијата на окупаторските сили против одредот „ Димитар Влахов'' на просторот на Прилеп-Велес-Скопје. Оваа офанзива непријателот ја нарече „Бабунска акција''. Одредот Димитар Влахов вршеше секојдневни тешки и крвави оружени борби повеќе од три месеци. Тоа беше чин на натчовечки напорикога борците исцрпени од глад, замор,студ, снежни виулици, смогнуваат сили да го продолжат големиот марш на непобедените. Колоната го продолжува маршот по безпаќето. Бугарскиот окупатор со цел да ги уништи партизаните постојано ги опкружува и ги сосипува со огин од сите видови на оружје од земја и од воздух. Борците сепак се пробиваат. Чекорат , смрзнуваат, раните им крварат, и оставаат трагаза животинските и човечките зверови што во глутници ги следат. Царува белата болест, колоната се разретчува, но патот на борбата продолжува. Преостанатите борци остануваат јадро на идните партизански единици и организираната борба. Во 1942 година одредите извојуваа воена и политичка победа на Народноослободителната борба и отворија простори за разгорување на оружената борба против окупаторите. Се засилуваат дејствијата на партизанските групи ви Горно Џумајско, Неврокоп, и

Петричко. Се напаѓаат полициските пунктови во селата и во центарот на градот Горна Џумајасо експлозивни материјали се врши напад на самиот штаб на германскиот гарнизон во градот. Овој напад има силен ефект кај граѓанството и населението во Пиринска Македонија.

Во Егејска Македонија се вршат напади на железничките станици и мостови, рудници. Ги загрозува комуникациите по долината на реката Вардаркон Солун. Во репресалиите на 30 декември 1942 годимна во Солун се убиени 45 комунисти''[242].

''Политичките и воемите успеси во 1942 година овозможија отпорот а со тоа и револуционерното движење во Македонија и покрај големите тешкотии, да бележи постојан растеж чиј резултат ке биде конечното ослободување на Македонија во 1944 година. Од друга страна и досега изнесените основни моменти на развитокот на НОБ во Македонија во текот на 1942г, и покрај нивната нецелосност, даваат достатно елементи за да се согледа и оцени значењето на 1942година во историјата на Македонскиот народ. Во текот на оваа драматична година партизанските организации, органите на борбата и партизанските одреди ја водеа и ја добија битката за освојувањее на масите, што претставуваше не само голем туку би рекле , примарен политички успех како подлога за понатамошниот развиток на оружените борби во Македонија. Најдобра потврда за тоа е фактот, што сите обиди на окупаторите да создадат контрареволуционерни органи и единици наполно пропаѓаат. Окупаторите останаа сосема изолирани од широките народни маси и тие можеа во борбата против македонскиот народ да сметаат само на силите што ги доведоа од Бугарија, односно нма западниот и југозападниот дел на Македонија на силите доведени од Италија.

Ниедна општествено-политичка организација што ја создаваше окупаторотна теренот низ цела Македонија , не успеа да најде подршка.

Секако, посебен феномен претставуваше и успехот на партијата која ги придоби масите и во оние реони за кои се мислеше дека се под влијание големосрпската или големобугарската пропаганда.

Полната политчка победа, извојувана над окупаторот 1942 година исто така значеше создавање такви предуслови што овозможија наредната 1943 година оружената борба уште повеќе да се развие а народот целосно да се мобилизира и целосно да се вклучи во борбата против окупаторите.

Споменатите политички успеси овозможија, создавајки своја армија, Македонскиот народ и војнички да се пресмета со Бугарските и Италијанските фашистички окупатори и остатоците на големосрпската буржоазија разбивајки ги четите на четниците на Дража Михајловиќ.

[242] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''Кутија 1 Папка 2 стр.12

Исто така Македонскиот народ во наредните години успеа војнички и политички да се пресмета и со одделни домашни реакционери кои се јавуваат како помагачи на окупаторите, трасирајќи на тој начин пат кон долго очекуваната слобода''[243].

## 2.4. Приклучувањето во НОБ

Додека траеле борбите на теренот нашироко во Македонија, Михајло Апостолски нестрпливо ја чекал својата шанса да се наметне со своите аргументи и да се приклучи на борбата против окупаторот. Крајот на 1942 година и почетокот на 1943 година биле клучен период за него да се преземе акција. Тогаш во Штабот во Скопје состојбите на теренот и загубите што им ги нанесол непријателот биле оценети како тактички загуби. Апостолски бил во право за тој факт бидејќи тогаш Главниот штаб на народноослободителните партизански одреди на Македонија, а од месец март 1943 година ќе прерасне во Главен штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија, сеуште не бил во позиција да командува од терен , таму каде што му било природното место. Веројатно затоа кон него сеуште многумина се однесувале со извесна резерва, посебно тие што биле политички ангажирани во борбата како членови на КПЈ за Македонија. Чудно е како овој феномен го прати Апостолски за целото време на неговата војничка кариера , уште од школските академски денови, секогаш имало некоја структура која во него гледала потенцијална опасност или го гледала со недоверба па кроела разноразни интриги околу неговото име. Тоа и овој пат делумно го пратело и слични интригантни работи ќе се случуваат до моментот додека тој не стапне на должноста, Генерал и Командант на НОВ и ПОМ. Додека Главниот штаб на народноослободителните партизански одреди на Македонија претстојувал во Скопје, во кој како парадокс бил сместен и Штабот на окупаторската 5 бугарска армија кој бил сместен во Скопје уште од 22 април 1944 година од почетокот на окупацијата, веќе имало наговестувања за брзо излегување на терен на штабот. Тоа била и желбата на Апостолски и тој како главно инволвиран по логика би требало прв да земе активно учество во организирањето околу дислоцирањето на штабот на слободната територија, но наместо тоа се случило сосема спротивното. Во Штабот заклучиле дека состојбата на теренот и покрај загубите се одвива поволно. Донесени се неколку документи и насоки за дејанија на одредите. Во периодот на зимата 1942-1943 во периодот на Јануари и Февруари во Македонија претстојуваат, Светозат Вукмановиќ Темпо во својство на делегат на ЦК на КПЈ и на ВШ на НОВ и ПОЈ со задача за разгорување на востанието во Македонија и Добривое Радосављевиќ**[244]** во својство на инструктор на ЦК на КПЈ во Македонија и Иван Дојчинов-Дојчиновски [245]како го нарекувал Апостолски**,** кој бил

[243] Михајло Апостолски,1942 политичка победа над окупаторот. Стр. 33-34

[244] Добривоје Радосављевиќ (1915 -1984) Роден во Књажевац Србија. Учесник во НОБ. Еден од организаторите на востанието во Источна Србија. Од Јули 1942 до Јануари 1945 година е инструктор на ЦК на КПЈ во Македонија. Во повоениот период станува истакнат друштвено политички работник на СФРЈ и СР Србија. Народен херој на Југославија. –Народни Хероји Југославије Том 2, народна книга Белград 1982 Година.

[245] Иван Танев „Дојчиновски'' (1909 -1992) Роден во Гевгелија. Македонски комунист. Доброволец во Шпанската грашанска војна. Во НОБ е член на ГШ на НОВ и ПОМ, командант на првата оперативна зона. Учесник е на првото и второто заседание на АСНОМ. По војната е репресиран како информбировец и затворан. Носител е на Партизанска споменица 1941 година.„Македонска енциклопедија, МАНУ, Скопје, 2009, 479 стр.

истакнат борец во НОБ. Во тој период во Македонија егзистираат 17 месни воени штабови во кои имало и организирано месни комитети. Истите активно учествуваат во воените дејанија на теренот. На идните состаноци Апостолски ги презентирал своите ставови пред нив и пред останатите членови на раководството. Се разбира имало различни видувања на ситуацијата и тој навлегол во неколку спорни дискусиикако со Дојчинов на пример. Сите кои што со него навлегувале во дискусии за тоа како да се продолжи борбата на теренот го запрашувале и го провоцирале со најразлична реторика. „ Кој ќе се бори за оваа земја? Вие офицерите мора да се борите'' Истакнал „Дојчиновски'' влетувајки во вербална расправија со Апостолски односно дијалог. По меѓусебните недоразбирања Апостолски сфатил дека всушност Дојчиновски и тој се на иста линија и дека тој со право провоцира кога ќе се излезе на терен, во вистинска борба. Апостолски објаснувал дека е дојдено времето за таа работа. Дојчиновски на крај му се извинил и воедно „сватил'' дека неизлегувањето на терен на Штабот не е поради Апостолски туку поради другиот центар на моќта, кој сфаќајки дека пополека ги губи политичките позициите во партијата и на теренот во Македонија побрзал да се наметне преку Темпо. Многу е извесно дека, Дојчиновски, Добривоје Радосављевиќ и Темпо биле на иста линија. На состаноците, откако Апостолски убаво ја изанализирал ситуацијата на терен и им ја презентирал на присутните, сите се согласиле дека сега е дојдено времето да се направи исчекор и да се реорганизираат месните штабови на терен, окрупнувајки ги во 5 оперативни зони.

„Нам ни е потешко да бидеме овде, во градот, отколку да излеземе во партизани. Ние сме подготвени во секој момент да излеземе во планина и да се бориме, подготвивме и услови за излегување во партизани. Во Македонија тогаш постоеја 17 месни штабови. Јас нив ги имам забележано на една карта. Ние сето тоа му го објаснивме. Тогаш се согласивме дека територијата треба да се подели на 5 оперативни зони. Ги обележивме границите на зоните итн. Потоа се согласивме да се формираат неколку партизански одреда во западниот дел на Македонија. Се согласивме и околу тоа дека тежиштето на борбите треба да го пренесеме во тој дел на Македонија. Подоцна од писмата дознав дека и „Кузман[246]''го сугерирал истото. Така се формираа партизански одреди во Тетовско, Гостиварско, Кичевско, и на други места за да се започне и со една нова

[246] Јосиф Јосифовски Питу (Прилеп 1915-Скопје 1944). Македонски Комунист, учесник во напредното студентско движење на Белградскиот универзитет. Еден од организаторите на Македонското студентско друштво „Вардар''. Во НОБ и антифашистичката војна стапува 1941 година. Есента 1941 година заминува на партиска работа на територијата контролирана и окупирана од италијанските окупатори. Во март 1943 година станува член на ЦК на КПМ. Раководи со подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ. Погинува впо Скопје при обид да се пробие низ полициска блокада. Прогласен е за народен Херој на Југославија на 2 август 1945 година, постхумно како еден од првите борци кои го добиле ова високо одликување. Денес, постојат одредени историски сознанија дека е извесно дека постоела телеграма испратена од црногорскиот раководител Светозар Вукмановиќ–Темпо до Врховниот командант Јосип Броз Тито, во која тој изричито барал Питу по секоја цена да биде отстранет од АСНОМ, а тоа негово барање било засилено особено по Преспанското советување, каде Кузман Јосифоски се залагал за формирање на македонски партизански одреди и во останатите делови на етничка Македонија и нивна заедничка броба со Македонците од Вардарска Македонија за целосно ослободување и обединување на Македонија.- Народни Херои од Македонија, Скопје 1973 стр 157-161; Блаже Ростовски, Македонска енциклопедија (Том1), МАНУ, Скопје, 2009 г.

ориентација, а тоа беше целото раководство да замине на теренот[247]. Но, кога и каде не беше воопшто прецизирано ниту пак дискутирано[248]".

За да се појаснат работите околу оваа новонастаната состојба, треба да се извлече заклучок дека Апостолски бил свесен за состојбата и предлагал да се излезе на терен, фактички тој е најзаслужен за подоцнежната поделба на 5 оперативни зони и за сите идни воени успеси на терен. Но, фактички несвесно се судрил со военополитичкото раководство кое можеби имало слична цел, но Апостолски само го користи за да си ги препише атрибутете за успешната организација само за ГШ на НОВ и ПОЈ и политичкото раководство во Македонија. Тоа станало уште појасно кога на Апостолски му пришол Добривоје Радосављевиќ и му дал задача, да оди во Бугарија да го пронајде и доведе назад во Македонија Љупчо Арсов кој требало да биде поставен за политички комесар на четвртата оперативна зона во Штип. Се разбира иако воопшто не било лесно да се пријде до Арсов кој бил во еден вид куќен притвор, Апостолски тоа го прифатил како приоритет за идното излегување на терен да се приберат сите расположливи кадри и со својата сопруга отпатувале во Софија. Арсов го пронашле во Ќустендил и го известиле за тоа што се очекува од него. Тој бил видно задоволен бидејки не бил заборавен после затворската казна.

Но по враќањето од пат од Бугарија Апостолски се соочил со една крајно непријатна и неизвесна ситуација. Имено додека тој го барал Љупчо Арсов инаку негов личен пријател, штипјанец , соборец од 1941 година со цел да го извести дека е поставен за политички комесар на Четвртата оперативна зона, Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија донел одлука неговите членови веднаш да излезат на теренот и да се дислоцираат од Скопје. По автоматизам на терен излегол и тогаш Главниот штаб на народноослободителните партизански одреди на Македонија, кој од месец март 1943 година ќе прерасне во Главен штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија. Значи Апостолски учествувал во донесувањето на заклучоците за одлуката за излегувањето на терен, но не бил известен кога истата ќе се спроведе, истовремено добил друга специфична задача. Многу нелогична одлука. Како генералштабен мајор во кралската армија многу повеќе ќе придонесел ако веднаш излегол со штабот на терен, вака му останало да причека и со врската за контакт Нада Икономова [249] да се префрли на терен. Тој самиот за ова бил изненаден.„

[247] Кузман Јосифовски-Питу(15.6.1915-Прилеп 25.2.1944 Скопје), припаѓал на младата (студентска) македонска интелигенција меѓу двете светски војни, задоен со револуционерните традиции на Илинден, МРО, комунист, еден од најиздигнатите раководителина националното-ослободителното движење во вардарскиот дел на Македонијаи на антифашистичката НОБ. Својот живот го посветил на борбата за национално и социјално ослободување на Македонскиот народ и создавање Македонска држава. Бил убиен од бугарската полиција во Скопје. Виолета Ачкоска Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991), ФЗФ, Скопје 2015 година, стр. 16

[248] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 114-116.

[249] Нада Богданова-Икономова (Солун- 1914-1987). Првоборец, Комунистички деец, правник, новинар Учесник на напредното студентско движење во Белград кадде станува член на КПЈ. Во НОБ и Антифашистичката борба учествува од 1941 година. Во 1942 е член на партиското повеернство во Скопје. Член на КПЈ за Македонија. Во 1944 Година излегува во партизани. Член на АФЖ во Македонија. Носител на Партизанска споменица 1941 година. Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 116.

Карактеристично е тоа што ПК на КПЈ за Македонија донесе одлука неговите членови веднаш да излезат на терен, без да ме информираат за тоа кога и каде ќе одат. Тие отишле а за врска ја оставиле Нада Икономова порано Богданова[250]''. Само по себе многу логично се наметнува прашањето. Како е можно именуваниот во јули 1942 година за Командант на ГШ на НОВ и ПОМ да не биде одма известен каде се наоѓа штабот? Иако звучи за неверојатно на Командантот не му останало ништо друго освен преку разните курири полека да се приближува кон слободната територија, да се обезбеди и да застане негибнат на чело на ГШ на НОВ и ПОМ. Одговорот за оваа состојба која е веројатно сервирана од најблиските сопартијци во штабот била оправдувана поради фактот што официјално бил „легален'', поради поранешното барање на таткому до властите да го ослободат од прогон поради неговото учество во првата светска војна на Бугарската страна како член на „Ополчението''. Со самото тоа точно е дека можел послободно да патува, но можеби токму тука лежи и недовербата што само јавно не била искажувана. Едноставно кажано неговата военополитичка тежина веројатно била бреме за многу во партијата, поради неговиот чуден став кон нејзе и сопствените напредни убедувања, но и во командните структури на терен. Како и да е тој самиот си го пробил патот до целта, како вистински командант, потпомогнат само од курири при движењето. Пред да замине на пат повторно се сретнал со Кузман Јосифовски Питу во Скопје кој бил гонет од полицијата, и го засолнил во својот дом. Од него разбрал дека и тој е во слична состојба и дека нема врски и комуникација во Скопје со партијата, и дека се засолнил бидејки го прогонувала бугарската полиција која му влегла во траг во Струмица. Тоа биле тешки моменти за обајцата, нивните разговори во таквите услови остануваат тајна. После многу перипетии и непотребни одлагања на движењето најпосле во Јули 1943 година Михајло Апостолски се разделил од својата сопруга, која му била верен сопатник во животот, со верба во нивно скоро повторно сретнување. Така преку курирската врска пристигнал во Тетово. Тука го пречекала нова врска Арсена Деспотова[251] која го пренела до Гостивар. Потоа се упатил во Маврово и во Леуново конечно се сретнал другарите од одредот на Бистра. Елисие Поповски [252]и Крсте Црвенковски[253]. Меѓутоа во одредот на Бистра не биле известени за неговото доаѓање и неговото патешествие продолжило со

[250] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр.115.

[251] Арсена Деспотова (Гостивар1923 год.) Член на ОК на КПМ Гостивар. По директива на ЦК на КПМ отвара шивачка работилница која служела за база на МК Гостивар за одржување врски со останатите МК од Мавровско , Кичевско и останатите делови на Западна Македонија. Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр.119.

[252] Елисие Поповски (Маврово 1907-1972). Доброволец во шпанската граѓанска војна. Од 1939 до 1941година е во логор во Франција. Во 1941 г. Стапува во партизани. Во 1943 станува политички комесар на Првата оперативна зона во Македонија. До крајот на ослободувањето зазема разни воени и политички должности. Делегат на Првото заседание на АСНОМ. Носител на Партизанска споменица 1941 година.

[253] Крсте Црвенковски (Прилеп 1921-Скопје 2001). Активен учесник во напредното студентско движење на скопскиот Филозофски Факултет каде се запишува по налог на партијата. Еден од водечките политички фигури и дисиденти во времето на комунизмот. Учесник во НОБ и антифашистичката борба од 1941 година. Еден од организаторите за подготвување на востанието. Политички комесар на Прилепскиот партизански одред „Гоце Делчев''и учесник во нападот на одредот во Прилеп на 11 октомври 1941. Во февруари1942 е затворен во затворот во Тирана. Успева да побегне со група од 21 затвореник и во април 1943 година повторно се приклучува на НОБ. Именуван е за секретар на ОК на КПМ за западна Македонија. Член на ПК на СКОЈ за Македонија, заменик –политички комесар на Првата македонска бригада. Учествува во Февруарскиот поход. Прогласен е за народен херој на Македонија. Носител е на орденот за Партизанска споменица 1941 година.По војната зазема повеќе раководни политички функции.

враќање кон Гостивар. Новата цел била Струга каде пристигнал со Италијански воен камион. Тој добро го познавал Италијанскиот јазик и можеби тоа по втор пат му го спасил животот. Во Струга го пречекал нов курир и нова врска, Драга Добрева[254]. Таа била постара жена и конечно таа му ветила дека од тука ќе го спроведат до штабот. Така и било, го пренеле до Дебарца во селото Белчишта а оттаму во Црвена Вода. Тука конечно го пронашол штабот кој бил уредно тајно сместен непосредно во шумата над селото. Конечно повторно се сретрнал и со Добривоје Радосављевиќ, неговиот стар другар што од него побарал и фактички го испратил да го побара Арсов во Бугарија, непосредно пред селењето на штабот на терен. Овој пат улогите биле заменети. Добривије го пречекал својот Командант!

Многу интересно е писмото што го испраќа Боривоје Радосављевиќ на 24 Август 1943 година напишано во името на политички комесар при ГШ со големи военополитички ингеренции. Се обраќа до Кузман Јосифовски Питу, искажувајки повеќе барања кон него барајки помош како и сугестии во раководењето на теренот. Од се претходно искажано јасно е дека Кузман Јосифовски е многу добар другар и соборец на Апостолски. Искусниот Радосавњевиќ знаејки го тоа му се обраќа со многу впечатлив коментар. „Бидејки командантот, треба  да излезе под полното свое име (Михајло Апостолски) тоа јави му го на неговиот шура ( Киро Глигоров) а и женаму треба да се засолни (командантовата). Јанез ( псевдоним - се мисли на Апостолски) вели дека и таа би дошла ваму ако појде „Гоцетов''(Љупчо Арсов) со татко му и мајка му бидејки има полна доверба во нив. Само проблем е нивното префрлување. Далек е патот а луѓето се стари а жената не е навикната на потешкотии. Лично за Јанез и неговата работа би било многу важно да се извлече женаму од можен терор. Инаку Јанез ќе навлезе во работата добро и многу ќе ни помогне поради военото искуство и звање. А мислам дека и шурата му се плаши''![255]

Во овој период, на 8. Август 1943 година и Светозар Вукмановиќ Темпо испраќа едно впечатливо писмо до ЦК на КПЈ. Во него тој од своја гледна точка детално ги опишува настаните онака како тој ги доживеал или како тој сакал да извести. Имено.

„ Драги другари. Поминаа осум месеци откако заминав од кај вас. Не можев порано да ви се јавам, зашто каналите не беа сосема сигурни. Неколку кратки писма паднаа во рацете на непријателот! Ја користам сега приликата да ви пратам преку другарот „Милутин" подробен извештај за целокупната моја работа за ова време. На почетокот од месец март стигнав во Македонија, каде што ја затекнав следната ситуација. Партиските организации беа организациски речиси во хаос. Фракционерската работа на Шарловото раководство остави длабок корен во партиските организации. Новоформираното раководство со „Бане"не успеа да ги оздрави партиските организации и фракционерската борба повторно започна сѐ до доаѓањето на другарот Љубо ( Добривоје Радосављевиќ)". По доаѓањето во Македонија ги собрав

---

[254] Драга Добреева-Добреска (Струга 1895-1973) Од почетокот на оружениот востание до ослободувањето врши редовна курирска служба помеѓу Струга, Караорман и Малесија. Во нејзиниот дом редовно доаѓаат курири на ГШ на НОВ и на ПОМ.

[255] Зборник, Докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, книга 1, Борбе у Македонији, Војноисториски институт Југословенске Народне Армија, Београд 1952 стр.375

сите партиски активисти и продискутирав со нив и со Љубо околу севкупната ситуација во Македонија и заеднички со нив ги донесов следните заклучоци: Да се преземе темелна реорганизација на сите партиски организации во Македонија и да се собере целото здраво партиско членство околу спроведувањето во живот на линијата на КПЈ во условите на Македонија. Да се преземат остри мерки против сите колебливи и опортунистички елементи кои го кочеа спроведувањето во пракса на линијата на КПЈ. Од најдобрите активисти, кои во сите тешки моменти останаа верни на нашата Партија, образував Централен комитет на Македонија во состав на КПЈ. Ова го направив поради причината да ѝ овозможам на КП во Македонија најшироко собирање на сите слоеви на македонскиот народ и тоа како на бугарофилските така и гркоманските и србоманските, во борбата за национално ослободување. Се разбира дека целото движење го насочив во правец на обединување со останатите народи на Југославија.....[256]".

## 2.5 Превземање на командата во ГШ на НОВ и ПО на Македонија

Во мај 1943 година Михајло Апостолски бил унапреден во чин на Генерал Мајор од страна на Главниот штаб на НОВЈ. Кога пристигнал во Црвена Вода во штабот тој веќе ја понесол дотогаш најголемата воена титула во Македонија. Тој бил Генерал и Командант на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ. Благодарение на неговата непоколебливост и верба тој пристигнал точно навремено во штабот и одговорно ја преземал должноста, пред да започнат најголемите борби против окупаторските и квинслиншките фашистички сили во Македонија. Треба да се истакне дека и пред неговото доаѓање на терен била створена поголема слободна територија во западните делови на Македонија и се створиле услови за поупорна долготајна борба против окупаторските сили на овој регион. Сепак првата вест што ја чул била многу болна, неочекувана. Имено првата информација за која бил известен била за загинувањето на Кочо Рацин. Таа вест го стаписала уште при доашањето во штабот но и останатите соборци исто така. Кочо Рацин [257] бил македонска икона во очите на прогресивните сили, и неговата неочекувана смрт под неразјаснети околности го опседнала генералот и командантот на Главниот Штаб на НОВ и ПО на Македонија. Тој бил видно потресен

[256] „Извадоци'' од писмото на Светозар Вукмановиќ Темпо до ЦК на КПЈ, 8.август 1943 година. Историјско одељење Централног комитета КПЈ, „Историјски архив Комунистичке партије Југославије", Београд, 1951, том VII, 229-245 стр.

[257] Кочо Рацин ( Велес, 1908-1943). Поет, револуционер, Македонски книжевник и политички деец. Автор на култната стихозбирка „Бели Мугри''која претставува една од најзначајните дела во современата македонска поезија. Се смета за еден од основбоположниците на современата македонска книжевност. Освен со поезија, Рацин се занимавал и со проза, напишал и повеќе трудови од областа на Историјата, Филозофијата како и од книжевната критика. Пред војната е учесник во прогресивното работничко и комунистичко движење. Во НОБ стапува во 1941 година. Загинува во несреќен случај на 15 јуни 1943 година во партизанската база Лопушник на планината Стогово, каде раководел со партизанската печатница„Гоце Делчев''. Прекарот „Рацин''доаѓа од неговата голема љубов и саканата –Рахилка Фирфова-Раца, потоа кратко време користел и друг псевдоним, Невен Пејко, за втората негова голема љубов – Невенка Вујиќ. Се уште не се разјаснети сите подробности околу неговата смрт, поради што постојат основни сомневања дека бил убиен. Имено има две верзии околу смртта на Рацин. Според првата станува збор за несреќен случај: поради наводната неговата родена наглувост тој не го чул повикот на стражарот да застанеи да се идентификува, по што овој го истрелал смртоносниот куршум. Според втората верзија, тој е намерно убиен. Според некои наводи, Страхил Гигов политички го изолирал Рацин и го организирал неговото убиство, според други извори тој влегол во судир до Добривое Радосављевиќ поради што се наведува фактот дека на Рацин му бил одземен пиштолот додека бил во партизанскиот одред предводен од Радосављевиќ кој бил задолжен да го спроведе на слободната територија.

и свесен за тешката и ненадокнадлива загуба, посебно откако дознал дека повторно и во овој случај било замешано името на Добривоје Радосављевиќ и некои други партијци трајно ќе го промени своето мислење и ќе стане дополнително претпазлив.

Откога се прибрал и ја увидел подобро ситуацијата во штабот командантот одлучил да ја разгледа најблиската околина на штабот и како народот реагира на новоформираната македонска војска. Освен добриот прием во селото Црвена Вода одлучил со еден одред да го посети и селото Годивље. Народот бил веќе информиран и топло ги пречекал борците и нивниот командант. Генералот Апостолски понесен од чуствата одржал и говор. Генералот Апостолски имал навика да ги посетува околните села и така најдиректно да се среќава со народот и да собира информации од прва рака. Но имал и една посебна за истакнување навика, тој многу често ја напуштал сигурноста на базата и штабот во придружба само со неколку курири. Тој уште тогаш створил еден вид на посебна курирска служба која ќе му биде крајно верна и одана. Овој момент го имам запаметено од кажувањата на мојот дедо Александар кој подоцна ќе стане негов личен курир. Кон нив Генералот Апостолски имал неверојатна доверба, потпирајки се на својот непогрешлив инстинкт, веројатно анализирајки го нивниот психолошкиот профил и имајки во предвид дека тие биле луѓе од народот и добро го познавале теренот, пред се. „ Во базата во Црвена Вода се задржавме подолго време. Повремено ја напуштавме и одевме по селата. Понекогаш и сам ја напуштав со неколку курири. Одев во единиците да ја видам нивната подготвеност''.

## 2.6. Општата воено - политичка ситуација во 1943 година

Во втората светска војна, во општата ситуација на завојуваните страни 1943 година претставува конечна пресвртница во корист на сојузниците. Германската, дотогаш непобедлива и супериорна воена машина во таа за нив кризна година доживува низа воени порази кои неможеше да ги надополни со никакви воени и военополитички мерки. Дури и Хитлеровиот обид да се дојде до„компромисен мир[258]''потоа објавувањето на тотална мобилизација и објавувањето на тотална Војна не го даде очекуваниот резултат. Германија ништо неможеше да ја спаси од пораз! После Стаљинградската операција, на источниот фронт обете страни се подготвуваа за нов голем судир. Тој ке се одвива на правецот на Курск -Белгород што во воената историја и историографија е позната како Курска операција или Битката кај Курск.

По ова следуваат низа офанзивни операции на Црвената армија на широкиот појас на источниот Фронт кај Орел, во правец на Харков, реките Полтава, Дњепар и Дњестар, офанзивата кон Смоленск. Западните сојузници пак во почетокот на 1943 година имаат големи успеси во Африка и во Јули истата година нивните трупи се истоваруваат на Сицилија со што се отвара патот подоцна да успеат да ја исфрлат Фашистичка Италија од војната како најсилниот и највлијателниот Германски сојузник. Вака неочекувано успешно координарините дејствија помеѓу западните сојузници и Црвената Армија дополнително ке бидат надополнети со значителните успеси на единиците на НОВ и

[258] Германија во 1943 се обидува преку Шпанија да дојде до компромисен мир,односно до т.н„Бел Мир''Хитлер се надевал на фер компромис без последици за противниците!

ПОЈ во првата половина на 1943 година (познати во историската литература како 4та и 5 та непријателска офанзива во која Германските, Италијанските и Квинслинските Усташки и четнички формации претрпувааат сериозен неуспех! Така на просторот на поранешната Кралска Југославија воените неуспеси Ја доведуваат Фашистичка Германија и Вермахтот колку тој и да е сеуште моќен и хомоген во тешка воена состојба. Вклештена во огнен обрач и нападната од сите страни, Хитлеровите сателити, односно држави со буквално вазален однос започнуваат да бараат излез од неповолната военополитичка ситуација. Финска веке кон крајот на 1943та се обидува да излезе од војната а во Италија по сојузничкото истоварување на Сицилија а подоцна и на копното на југот од ‘‘чизмата„настанува големо политичко превирање. Успехот на сојузничкото истоварување на Сицилија и пријателското однесување на населението на овој остров јасно укажува дека му се одброени деновите на Режимот на Мусолини[259]. Тој на 24 Јули 1943 година на седницата на Големиот Фашистички совет поднесува оставка. На Власт доаѓа Бадолио кој ја расформира Фашистичката партија и започнува преговори со сојузниците. Примирјето е потпишано на 3 септември 1943 година. Дури и Унгарија бара нејзините трупи да бидат повлечени од источниот фронт.

Неуспесите на Германците на Источниот Фронт, капитулацијата на Италијанската армија по сојузничкото истоварување на Сицилија и Јужна Италија придонесоа германската Врховна Команда уште повеќе да го увиди значението на Балканот и во геостратегиски и секако економски поглед. Југославија реално претставувала посебно боиште на Балканот на кое за време на војната биле ангажирани големи и елитни Германски сили како и трупи на нејзините сателити и домашни сојузници. Во новонастанатата ситуација Југословенското боиште добива уште поголемо и позначајно место како кај Хитлер и неговиот генералштаб, така и кај сојузниците кои веке имаат изградено поразлично видување за настаните во военополитичка смисла и со своите постојани мисии испраќани кај партизанските единици само ја зацврстуваа врската на целокупниот Антифашистички Фронт во целина. Една таква мисија била присутна на терен и во Македонија и со својот рапорт јасно ке најави каква е реалната воена состојба на овој дел од балканот. Нараснатата народноослободителна војска на Југославија која држејки големи територии од Југословенската земја реално ја оневозможувала Германската команда да ги обезбеди боковите на јужниот и Источниот фронт. Веќе се создаваат поволни услови и за загрозување на опстанокот на фашистичка Бугарија која претставувала многу солиден Германски сојузник во борбата против народноослободителните движења на балкански народи посебно на Југословенските а посебно на Македонскиот народ! Бугарија освен завоените освоени територии на Македонија и Јужна Србија има круцијална улога за Хитлер и поради фактот што нејзината армија е сеуште респектабилно силна и распространета ги држи фронтовите на бреговите на Црното но и Белото Егејско море како и кон територијата на неутрална Турција. За да ги пополнат празнините кон Југоисточниот и Италијанскиот Фронт што

[259] Мусолини испраќаше молби и апели до населението на Сицилија барајки истото да се бори и да дава отпор,длабоко свесен дека ако не успее во Сицилија да ги спречи сојузниците во продорот ,населението од 2-цела Италија пополека ке му го заврти грбот,меѓутоа ,тоа пријателски се однесуваше кон сојузничките војски и согледувајки ја реалната состојба на теренот го отфрли оружјето!

настанал по сојузничката инвазија по истоварувањето на Сицилија, и подоцна капитулацијата на Италијанската фашистичка армија, Германската врховна команда била принудена итно да реагира и да довлечка дополнителни сили за одбрана. Доведени се нови дивизии од Источниот Фронт, елитни дивизии, со што источниот фронт го ослабела во голема мера но и други дивизии од окупирана Европа. Само во Италија се испратени елитни дополнителни 10 дивизии за да ја одржат фронталната линија. Реално таа цел Германците во голем дел и го постигнале, спречувајки го сојузничкото напредување и одржувајки се на тешкиот терен со тешки фронтовски борби се до конечниот пробив на фронтот во северна Италија по течението на реката По, во април пролетта 1945година. Исто така командата на германскиот Вермахт во Југославија го упатиле и вториот елитен СС оклопен корпус „Хаузер‘‘од составот на 14 оклопна армија. Врховната команда на Хитлер за да го задржи Балканот во свои раце (што и беше неопходен за обезбедување на операциите на источниот фронт) за да го спречи ширењето на ослободителното движење на народите на балканот и евентуалните нови истоварувања на сојузниците на бреговите на Јадранското Море. Германскиот Врховна команда и Вермахтот ги започнаа офанзивните дејствија познати кај народот но и толкувани од историографијата како 6 непријателска офанзива! Германските единици напредуваа низ Словенија и хрватското приморје, Истра, Горски Котар, Љубљанска Покраина. Германците постепено ги прошируваат воените дејствија со нова офанзива кон Далмација за да го завладеат целосно далматинското приморје и во длабочина кон Босна на која отсекогаш и давале големо значење поради нејзината централна балканска територија. Постепено офанзивата ја опфаќа и територијата на цела Црна Гора Посавина и Мославина. Во текот на скоро четirimесечните крвави борби низ цела Југословенско боиште единиците на НОВ и ПОЈ не само што успеале да се одржат, туку и пружајки жилав отпор извојуваат значајни победи, со што ја зголемиле ослободената територија! Наместо да бидат уништени единиците на НОВ и ПОЈ, како што се надевале и очекувале во германската врховна команда, напротив, скоро во сите краишта на Југославија се формирани многубројни нови одреди и воени единици опремени со оружје од разоружената Италијанска Армија како и одземено оружје од непријателските сили во екот на офанзивите, вклучително и во Македонија. Конечно, освен воените успеси треба да се истакнат и големите политички успеси постигнати по капитулацијата на фашистичка Италија и успешните борби за време на 6 Германска офанзива. Врв на овие успеси беше Второто заседание на АВНОЈ одржано во Јајце во Босна на 29-11-1943 година на кое беа донесени основните одлуки за идното политичко уредување на Југославија. На заседанието присуствувале 142 делегати најмогу членови на Комунистичката партија но и претставници и делегати од редовите на Хрватската Селанска странка како и претставници на Муслиманската заедница, христијанско социјалистичка странка, странката на самостални демократи, претставници на Српската земјоработничка партија како и двајца Хрвати претставници на Хрватско Југословенскиот одбор формиран уште 1915 г. во Лондон и други делегати. Иако немало македонски официјални претставници донесените одлуки ја забетонираа македонската позиција и државност односно рамноправност во рамките на идната Југословенската Федеративна Држава. Со седницата председавал хрватскиот политичар, предратниот преседател на собранието на СХС Др. Иван Рибар. После петчасовното заседание Др.

Иван Рибар пред полноќ ги прочитал одлуките донесени на Второто заседание на АВНОЈ.

1. АВНОЈ се конституира во законодавно и извршно претставничко тело на Југославија како врховен претставник на народите и го воспоставува (НКОЈ) како Национален Комитет за Ослободување на Југославија со сите одбележја на нова Народна влада преку која Авној ке ги извршува својата извршна Фунција!

2. Се создава Федеративна Југославија! Заснована е на правото на самоопределување во која петте народи, Македонскиот, рамноправно со сите други односно Српскиот, Хрватскиот, Словенечкиот и Црногорскиот народ да живеат во шест федеративни единици. Македонија!, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Словенија со еднакви права!

3. Да се поништат одлуките на Југословенската влада во егзил.

4. На Кралот Петар Караџорџевиќ му се забранува влезот во земјата се додека на референдум не се одлучи за идното државно уредување(Монархија или Република)

5. На националните малцинства да им се обезбедат сите национални права.

Словенечката делегација предводена од  Др. Јосип Видмар предложила, Јосип Броз Тито да ја добие титулата Маршал и да биде прогласен и именуван за Маршал на Југославија! На својата прва седница на 30 ноември 1943 г. Собранието на АВНОЈ едногласно го прифатила предлогот. (одлука бр.7). Сепак не минало све така едноставно во военополитичкиот контекст со сојузниците. Сталин бил бесен бидејки наводно не бил доволно информиран и пробал да му забрани на Тито да не го прогласува АВНОЈ за привремена влада. Од друга страна пак западните сојузници ја согледале реалноста на терен и веќе им било сосема јасно дека партизанските формации и единици се единствените реални Југословенски  носителите на антифашистичката борба. Набрзо во декември 1943 Сталин, Рузвелт и Черчил ги надминале меѓусебните недоразбирања и продолжиле со испраќање на своите воени и военополитички мисии во Југославија.

## 2.7. Воено политичката ситуација во Македонија во 1943 година

Национално ослободителното движење во Македонија во зимата 1942-1943 ги доживувало своите најтешки моменти. Во овој период биле извршени провали во речиси сите политички раководства во поголемите градови како и на самото покраинско раководство! Новоформираните партизански одреди останале без единствено воено и политичко раководство. Последица од тие случувања се расформирањето на некои НОП одреди а останатите кои ја  преживеале новонастанатата ситуација нашле прибежиште во делечните села и напуштени краеви. Преостанатите членови на Покраинското политичко раководаство и Главниот штаб на НОП одреди за Македонија, преземале разни мерки да ги отфрлат слабостите во раководењето со Партизанските одреди за да ги подготват за борба за пролет. Во една таква военополитичка консталација во раководството на НОД на Македонија пристигнува претставникот на ЦК на КПЈ и на ВШ на НОВ и ПОЈ, Светозар Вукмановиќ Темпо, човек со доверени големи овластувања од Јосип БрозТито! Нормално тој веднаш сакал да се наметне на военополитичкото

раководство. На почетокот тоа имало некаков ефект, но како проаѓало времето му станувало се појасно дека тој колку и да се труди ке има секундарна важност во носењето на военополитичките одлуки. Тоа му успеало само на почетокот по неговото доаѓање се до периодот пред „Преспанското советување'' каде Апостолски не присуствувал на теренот поради оправдани причини. Подоцна едноставно тој ќе биде засенет од фигурата на неприкосновениот авторитет и командантот на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ генералот Михајло Апостолски. Тоа никако не значи дека тие не соработувале, напротив со консензус биле донесени многу значајни одлуки. Сепак треба да се констатира дека имало многу искричења во нивните односи. Веројатно мудроста на Апостолски преовладала. За време на војната Апостолски не дозволил никој во ГШ да коментира јавно за овие несогласувања ниту пак тоа да се пренесе меѓу борците, се до завршните операции за ослободување на Југославија пред крајот на војната кога е повлечен во Белград од страна на Врховниот командант, Маршалот Јосип Броз Тито.

По согледувањето на военополитичката состојба во Македонија согласно историските и слободарските стремежи на Македонскиот народ било одлучено да се формира највисоко: Македонско Национално и Военополитичко раководство, кое ке дејствува во рамките на ВШ и КПЈ предводени од Јосип Броз, со што ке биде отфрлено влијанието на другите комунистички партии, односно пред се влијанието на БРП(к). Со одлуката конечно на 19.03.1943 во Тетово е формирана КПМ-Комунистичка Партија на Македонија и централниот комитет на КПМ. Истата веднаш многу позитивно влијаела на осамостојувањето на политичкото раководство, влијаела врз многу побрз развој на НОД во Македонија како и порастот на националната свест. Формирање на нови, национално свежи воени и политички кадри. Веднаш потоа ЦК на КПМ и ГШ на ПО на Македонија меѓу кои и Михајло Апостолски заедно со политичкото и воеeното раководство на Македонија одржале состанок при што констатирале дека продолжувањето на организираната борба против фашистичките завојувачи е првенствена задача и дека за таа цел најдобри услови се создадени на просторот на Западна Македонија,Тиквешко, Кумановско и Скопска Црна Гора. Територијата на Македонија била поделена на пет опративни Зони. Првата зона ги опфаќала териториите на Тетово, Гостиварско, Дебарско, Маврово и Кичевско. Втората, Битола Охрид и Струга, третата Тиквешко, четвртата брегалничко и струмичката котлина и петата зона ги опфаќала териториите околу Кумановско, Кратово и Крива Паланка. Секоја од овие зони си имала свои географски и економски специфики што го зголемувале военото значење. Особено и од круцијално значење била одлуката, сите обласни штабови вклучително и Главниот штаб да заминат на терен и оттаму да раководат со борбата! Оваа одлука дефинитивно била од круцијално и историско значење. Повторно за оваа одлука главен збор земал Врховниот командант на ГШ на НОВ и ПОМ генералот Михајло Апостолски, впрочем тој за тоа отсекогаш се залагал. Тој секако бил консултиран за таквата одлука и бил длабоко свесен за моментот кога се носи одлуката и за можните придобивки кои може од нејзе да произлезат, но и за последиците кои можеле да бидат многу тешки. Токму затоа и неговото закаснето излегување на терен било нелогично и под мкогу чудни околности. Сепак генералот брзо се снашол, и по курирските врски набрзо се приклучил во базата на НОВ и ПО на Македонија во Црвена

Вода каде го превземал командувањето. Дополнително сходно одлуките за раководење на овие територии биле  формирани пет обласни комитети и пет обласни штабови. Се планирало во сите оперативни зони да се формираат нови партизански одреди и единици. Борбата постепено го засилила и својот национален карактер, така во НОД се вклучуваат голем број на македонски патриоти од различни слоеви, разни националности и вероисповеди бидејки покрај тоа што борбата била национално ослободителна и антифашистичка таа се водела и за ослободување и за обединување на сите делови на окупирана Македонија. Една таква реална воено политичка епизода ке бидат подоцна и Февруарскиот поход и Пролетната офанзива каде имаме делување на единиците под контрола на ГШ и Командантот Михајло Апостолски надвор од етногеографските граници на „Вардарска Македонија''. Борби се воделе и во Егејска Македонија (Северна Грција)  и во Северните делови на Македонија кои денес се дел од Србија. Освен тоа со посебна наредба ГШ на НОВ и ПОМ ги задолжила штабовите на оперативните зони да воспостават врски со Партизанските сили во Албанија и во Грција. Тоа била уште една во низа квалитетно оперативно успешна одлука која ке се потврди на теренот. Исто така било предвидено во првата оперативна зона да бидат формирани четири нови партизански одреди, во втората три, во третата четири во четвртата еден а во петата да се формираат одреди кога ке бидат створени поволни услови. Сходно наредбите од март 1943 та биле дадени и новите  насоки на военото дејствување и начинот на водење војна односно биле појаснети начините за тактиките за водење на партизанска војна, тоа што најмногу го посакувал Апостолски и за што имал и претходно искуство во кратката „Априлска војна'' и воено школување. Веднаш потоа ЦК на КПМ и ГШ на НОВ и ПОМ донеле одлука највисокото политичко и воено тело да се премести на терен. Најпогодна локација за развој на востанието била Западна Македонија, што се наоѓала под Италијанска окупација. Бројната состојба на Италијанските единици била далеку помала од бугарските стационирани во централна и источна  Македонија. Окупаторската Италијанска власт била слабо организирана и немала доволно контакти со цивилното население. Поради наведеното ЦК на КПМ и ГШ на НОВ и ПОМ во пролетта 1943 се дислоцирало од Скопје во Село Лопушник Кичевско! Се создал нов востанички центар со сите услови за општ развој на вооружените сили на НОД и успешно продолжување на вооружената борба. Се создало и овозможило раководење и командување по вертикала и соработка по хоризонтала. Обласните комитети и штабови формирале нови партизански одреди и партизански бази и пунктови каде пристигнувале свежи борци и материјални средства. Освен тоа била организирана и пропагандно издавачка дејност и други активности за развој на НОБ. Во Мај и Јуни биле формирани уште пет нови партизански одреди. Во првата Мавровско кичевскиот партизански одред. Во втората одредот Дамјан Груев со 56 борци, Битолскиот одред „Гоце Делчев'' со приближно 50 борци, потоа во третата оперативна зона одредот„Добри Даскалов‘‘ со 70 борци „Сава Михајлов‘‘ со 30 борци. Група Македонски партизани дејствувале во Шарскиот партизански одред. Во Виничко бил формиран „Брегалничкиот одред'' но истиот при самото формирање бил нападнат и наполно разбиен од Бугарските воени сили кои биле добро подготвени и информирани. Бугарските власти своето најцврсто упориште го имале во источните делови на Македонија, тоа во иднина ќе го почуствува и Главниот Штаб и Михајло Апостолски кога се пробивал со бригадите за време на

Февруарскиот поход и севкупно се до бугарската капитулација и преминување на страната на сојузниците. По формирањето на партизанските одреди истите веднаш земале учество во вооружените борби. Битолскиот, Преспанскиот одред „Дамјан Груев" заминал за костурско и ги разбил контрачетите во 7 села, попатно војувајки и запленил 130 пушки многу разна муниција и воен материјал и развил дополнително широка политичка дејност. Потоа одредот се префрлил во леринско и изведувал акции во содејство со Леринскиот партизански одред составен од претежно македонско месно население. Со овој чин повторно се потврдува тезата дека Македонското боиште си има свои посебни специфики кои дополнително треба да се анализираат. Овие дејанија на македонските партизански одреди ги забележиле британските мисии во Грција, тие известиле: „ Но периодичните масовни германски упади во оваа област биле планирани со цел да ги држат андартите под контрола што е можно повеќе. Еден таков упад предвиден во текот на мај 1943 година бил откажан, но самата закана била доволна да предизвика повлекување на андартите во Пинд. Слично повлекување се случило и кога Германците во јули извршиле напад на линијата Коритца-Касторија (Костур)-Гревена. Кон крајот на 1943 година се појавил нов фактор на крајниот северозапад во грчка Македонија со појава на голем број словенски групи здраужени со Југословенско-Македонските лидери, Темпо и Апостолски, дејствувајќи и на грчката и на југословенската страна на границата[260]".

Понатаму во летото одредот повторно се вратил на преспанска територија. Партизанскиот пак одред „Добри Даскалов''извршил напади на селото Ресава, Горниково и на 18-05-1943 ја разбил посадата во селото Бојанчиште. На 25 мај 1943 година во заедничка акција одредите Добри Даскалов и Сава Михајлов ја заземале бугарската караула и заробиле 14 војници и поголемо количество оружје. Во наведените акции тиквешките одреди имале голем успех и успеале за кратко време да дејствуваат на поширок простор и да уништат или заробат 50 бугарски војници а притоа да имаат само 3 жртви. На 21 мај 1943 во Лазарополе е формиран Кичевско-Мавровскиот партизански одред со бројност од 75 борци. Во текот на летото одредот имал повеќе судири со комбинирани балистички и италијански сили. Во Бистрица, Лазарополе и кај Карбуница. Одредот и покрај извесните успеси принуден е на повлекување кон Крушево. Во јуни пак формиран е и Преспанскиот партизански одред кој што веднаш имал огнено крштение во село Конско напаѓајки ја Италијанската карабинериска станица во село Конско на западниот дел од Преспанското езеро. По овој успех середеле и други акции. Извршен е напад на една италијанска единица кај село Брајчино и во тоа време одредот веќе имал во своите редови околу 150 борци. Подоцна одредот се дели на два и тоа Дамјан Груев делува во дебарско а Стив Наумов во Преспа. Во петата оперативна зона на планината Козјак, по враќањето од Србија Христијан Тодоровски Карпош го формирал Кумановскиот партизански одред од 79 борци. Веднаш по формирањето овој одред ги започнал вооружените борби против бугарските единици и четничките формации. Особено тешка била борбата кај Дренак во октомври 1943 година

[260] Тодор Чепреганов, Велика Британија и Македонија 1941-1945 (Документи), Том III, Македонското Автономно движење во северозападна Грција: Неговата поставеност и сегашна историја 1941-1945, ИНИ Скопје, 1998 година, стр. 48

кога одредот се борел против здружени комбинирани Бугарски и четнички формации. По таа борба се формирал Кумановскиот батаљон„ Јордан Николов Орце‘‘со бројна состојба од 120 борци. На 2 август во Преспа е одржано познатото Преспанско советување[261]**.** Донесени се значајни одлуки за военото и политичкото организирање на НОД). Формиран е Акционен комитет за национално ослободување (АНОК) кој подоцна е преименуван како иницијативен одбор за свикување на АСНОМ што самото по себе говори за неговото извонредно значење. ЦК на КПМ и ГШ на НОВ и ПОМ се преместуваат од Преспа во Селото Црвена Вода во Дебарца. Потоа во Дебарца на Славеј планина се формира и Батаљонот „Мирче Ацев‘‘во чиј состав влегле одредите Дамјан Груев, Ѓорче Петров и Димитар Влахов со вкупна борбена сила од 205 борци. За командант на батаљонот бил поставен Наум Василевски–Овчарот. Истовремено е формиран и одредот Славеј со силина од 60 борци. Батаљонот Мирче Ацев, бил првата воена регуларна единица формирана по принципите и начелата на воено организирање и така подготвена за војување била оспособена единица, за поминување на долги дестинации и маршеви способна да ја опфати територијата на цела Македонија! Конечно формирањето на овој батаљон го означува почетокот на создавањето на регуларната националноослободителна војска на Македонија! (МНОБ)! Околу формирањето на овој батољон кој сам по себе е историски бидејли во старт имал ударна сила од преку 200 и повеќе искусни и храбри борци, Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ го овековечил со неговото присуство. Кога генералот пристигнал во штабот, батаљаонот веќе бил формиран и со своите команданти чекал да му се дадат задачи. Апостолски бил видно импресиониран кога пред себе видел поголема воена единица, построениот батаљон од 250 борци. Тој со своето курирското обезбедувањето и одредот на Добривоје Радосављевиќ веднаш отпатувал од штабот во Црвена Вода и присуствувал на свечениот чин во „Славна Дебарца[262]’’на Славеј Планина. Интересно е што по пат се сретнал со неговиот добар другар и соборец со кого во Скопје кога Главниот штаб и военополитичкото раководство веќе било излезено на терен ги делеле грижите како да се доберат до слободната територија, исто така една од најмаркантните фигури на македонската борба во НОБ, Јосиф Јосифовски, кој исто така успешно се пробил до слободната територија. Генералот и Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ одржал говор за целите и задачата на батаљонот одпоздравувајки ги присутните, и со примање рапорт на поставените старешини. „Тука се сретнав со Јосиф Јосифовски. Тоа беше прва наша средба по онаа во Белград и Скопје. Се прегрнавме. Потоа заедно се искачивме до врвот на Славеј Планина и заеднички со двата штаба водевме разговори. Јас тогаш им ја објаснив задачата на војската според новата организација, потоа говорев за состојбата и

---

[261] Преспанско советување на ЦК на КПМ (2-4 август 1943 година) е втор состанок на Централниот комитет на КПМ, одржан во Преспа, во непосредна близина на село Отешево. Учествувале членовите на ЦК на КПМ Кузман Јосифоски - Питу, Цветко Узуновски - Абас, Страхил Гигов - Андро, инструкторот на ЦК на КПЈ во Македонија, Добривое Радосавлевиќ - Орце, подоцна се приклучил и Светозар Вукмановиќ - Темпо, делегатот на ЦК на КПЈ и на ВШ на НОВ и ПОЈ во Македонија. Владо Иваноски, Преспанскиот состанок на ЦК КПМ од август 1943, посебно издание, Скопје, 1983 г.

[262] Славна Дебарца (Дебрца). Подрачје помеѓу Охрид и Кичево. Етногеографска и историска област во Западна Македонија. Поради својата географска положба овозможувала во сите периоди од борбата за македонска самостојност и борбата на Македонскиот народ за национална самостојност и слобода да послужи како погоден терен за успешен развој на национално ослободителната борба. Македонски фолклор издание(29-31) Скопје, Институт за Фолклор 1982 г

целите на баталјонот. Тогаш го одредивме и командниот состав. За командант на првиот баталјон го поставивме Наум Наумовски-Овчарот[263]. Тогаш сите се изјаснија дека тој е најпогодна личност за командант. Ги одредивме и другите личности на штабот[264]''. Веднаш по формирањето започнало неговото воено крштение. Баталјонот добил наредба да се префрли на територијата под Бугарската окупација и да го нападне Крушево. На 6 Септември баталјонот успешно се борел со Италијанските карабинери засилени со пешадиски сили и тенковски единици. Пробивајки се поминал на Бугарската контролирана зона но воените команданти на „Мирче Ацев'' кога дознале за капитулацијата на Италија веднаш се вратиле назад на почетните позиции. Баталјонот учествувал во разоружувањето на Италијанската дивизија „Фиренца''која се повлекувала од правец на Гостивар кон Дебар. Гарнизонот во Дебар исто така паднал во рацете на Партизанскиот одред Малесија и тој е разоружан исто така. При ова запленето е големо количество на воен материјал и една радиостаница со високофрекфентна способност со која ГШ на НОВ и ПОМ за првпат воспоставил директна врска со Врховниот Штаб на НОВ и ПОЈ! За одбележување е моментот на предавањето на 65 Италијански војници од кои подоцна настанал Одредот „Гарибалди''. По разоружувањето на Гостиварскиот гарнизон од единиците на првата оперативна зона заплето е дополнително големо количество разновидно оружје вклучително и четири топа и шест минобацачи кои со останатото Италијанско артилериско орудие го потврдиле постоењето на Македонски артилериски единици кои требало дополнително да се увежбаат. Исто така и Кичевските одреди ги разоружиле Италијанските Формации во Кичевско и дополнително го надополниле арсеналот со оружје со кое располагал ГШ на НОВ и ПОМ. Сепак силните Италијански гарнизони во Тетово и Струга ги разоoружале Германските сили. Правилната процена на командантот Апостолски во координација со ГШ на НОВ и ПОМ и со политичкото раководство дека развојот на востанието најповолно ке се одвива на териториите завладеани во италијанската окупациона зона, бидејки по истоварувањето на сојузниците на Сицилија и Јужна Италија моралот на Италијанските трупи бил сериозно разнишан. Италијанската капитулација и извршената политичка и воена реорганизација меѓу народот била многу поволно прифатена, по што домининантно завладеала Македонската национална програма. Со тоа Македонскиот народ конечно ќе го отфрли големобугарското и големосрпското влијание и масовно ќе пристапи кон принципот на рамнопрамност меѓу сите учесници во антифашистичката борба. Антифашистичката борба предводена од ГШ на НОВ и ПОМ по правилните военополитички и стратегиски одлуки почнале да ги даваат првите резултати. Се создала голема слободна територија на просторот на западна Македонија помеѓу Струга, Охрид, Дебар и Кичево. Два града се ослободени, Кичево и Дебар. Кичево било слободно севкупно 21 ден а Дебар дури 69 дена.„По капитулацијата на Италија нашите единици на 11 септември 1943 година влегоа и во

[263] Наум Наумовски (Село Златари, Ресенско, 1921 – Село Јанковец, Ресенско) Учесник во НОБ и антифашистичката војна од 1941 година. Во 1944 е поставен за командант на дивизија. Делегат на Првото заседание на АСНОМ. По ослободувањето врши повеќе функции. Во два мандати е избран за градолначалник на Скопје во 1950 и 1956-1960„Народни херои од Македонија“, Наша книга, Скопје, 1973, стр. 271

[264] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 123-124

Кичево. Тогаш слободните територии, Дебарца и околу Маврово ги обединивме и добивме една единствена голема слободна територија со два ослободени града: Дебар и Кичево. Во таква ситуација работевме на стабилизацијата на животот во слободната територија. Организиравме воено територијална служба а во дебар формиравме и еден баталјон. Набргу потоа го организиравме познатиот митинг во Кичево[265]. Тој митинг беше многу значаен по многу работи. Но најзначајно беше што на тој митинг присуствуваа голем број на борци како Македонци така и Албанци што живееја во Македонија. Говорите на тој митинг не беа толку битни, како што беше битно како тие ќе бидат сватени. Имав впечаток а и сега тврдам, дека масите сватија зошто се бориме. И Албанците и Турците и Македонците сватија дека се бориме за тоа сите да живеат во слобода и на сите да им биде подобро. На тој Митинг говореше Темпо, а преведувач беше Владо Малевски[266]. Не можеше да се замисли тој да не говори[267]. Тој беше таков темперамент па ние не му забележувавме за тоа, ниту мислевме да му пречиме[268]''. Набргу потоа го Со приливот на нови борци и регрути на територијата на Западна Македонија се формирале седум самостојни баталјони и четири самостојни одреди, во Славеј, Дримкол, Малесија и Копачка. Освен овие оперативни единици биле формирани и командни места со соодветни единици. Во Кичево и Дебар скоро во секое село биле организирани селски реонски чети или стражи. Формирањето на голема слободна територија на територијата во западна Македонија била од извонредно геостратегиско значење. Од таму ќе започне поврзувањето со останатите слободни територии, иако реално за тоа ќе придонесе и големата непријателска противофанзива. Сепак одбраната на двата градски центри било многу тешко остварливо, за тоа самиот Апостолски бил многу свесен и внимателен. И покрај тоа и тој ќе учествува во крвавите борби рамо до рамо со своите соборци во Кичево. Покрај формирањето на баталјоните во западна Македонија, во третата оперативна зона во септември 1943 на Кајмакчалан бил формиран баталјонот „Страшо Пинџур''во негов состав влегле одредите „Гоце Делчев '',„Добри Дасалов''и „Сава Михајлов''со бројна состојба од 220 борци. Подоцна од новопристигнатите борци и бугарски затвореници како и 80 рудари од од рудникот „Дудица''бил формиран вториот битолски баталјон. По сево ова при крајот на Септември во западна Македонија била формирана ударна Група на баталјони во чиј

---

[265] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 124-126.

[266] Владо Малевски (5 септември 1919-23 септември 1984) Тој е истакнат македонски деец, писател, истакнат општествено политички работник и револуционер. Автор на текстот на Химната на Македонија, Денес над Македонија се раѓа ново сонце на слободата. Михајло Апостолски, сеќевања, „Магор" и „МРТ'', Скопје 2003 г, Стр,140.

[267] Владо Малевски- На 5 септември 1919, или точно пред 100 години, во Струга е роден Владо Малески, истакнат македонски писател, учесник во НОБ, општествено-политички и културен работник, дипломат и амбасадор. Малески е автор на текстот на македонската химна „Денес над Македонија се раѓа". Исто така, тој е автор на сценариото за првиот македонски игран филм „Фросина". Тој е еден од најталентираните повоени основоположници на современата македонска проза. Бил директор на Радио Скопје и уредник на списанијата „Нов ден", „Современост" и „Разгледи". Член на Друштвото на писателите на Македонија бил од 1946 година. Малески е првиот глас на Радио Скопје, со неговата легендарна реченица „Зборуе Радио Скопје, зборуе радио Скопје" – почнува историјата на македонското радио, каде што станува и директор. Работел во дипломатската служба како југословенски амбасадор во Либан, Етиопија и во Полска и бил член на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија. –Печетено издание: Нова Македонија 06-09-2019

[268] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 140-141.

состав влегувале баталјоните Мирче Ацев, Рамиз Садику и Кичевскиот баталјон. За нив било формирано оперативно раководство од Елисие Поповски Марко член на ГШ на НОВ и ПОМ и Наум Наумовски Борче. Веднаш потоа по наредба на ГШ на Македонија ударната група на баталјони заминал за Азот, Богомила како и Крушевско и Брод заради проширувањето на слободната територија и одбрана од Бугарските сили. За одбрана на слободната територија во Кичевско бил оставен вториот Кичевскиот Баталјон и неколку локални чети а во Малесија Малесискиот баталјон. Останале и Илинденците како и селските стражи. Тоа веројатно била стратегиска грешка бидејки ГШ предводен од Михајло Апостолски не ги добил навремено точните информации за бројноста на непријателските сили кои ги очекувале во офанзивата. Исто така неочекувано многукратно бил зголемен бројот на вооружените балистички формации. Сето тоа се случило по Италијанската капитулација и формирањето на „новата'' Албанска држава со прогерманска ориентација. Со самото тоа балистите и балистичкото движење добиле на важност и биле подржувани од новата влада формирана во Тирана и од германските сојузници. Од военополитички аспект гледано тоа бил голем успех на Германската дипломатија. Имено во Албанија проиталијанската влада била заменета со прогерманска. Дури биле променети и државните симболи и официјалното име на државата, од Кралство Албанија во Држава Албанија. На 14 септември веќе била обзнанета новата независност на Албанија и бил формиран привремен комитет кој ја заменил паднатата проиталијанска влада. На 23 септември бил избран четворочлен регентски совет кој помогнал да се формира нова влада на чело со „Реџеп Митровица''. Сето тоа придонело вклучително и по заминувањето на ударната група на баталјони состојбата на терен да се смени во корист на непријателот и тој со силни балистички и германски свежи трупи напредувал од Гостивар кон Кичево. „Извесен успех бележат италијанската и Германската политика во западниот дел на Македонија. Плаќајки ги скапо озлогласените реакционерни елементи меѓу албанската националност, ползувајки ја културната заостанатост и верскиот фанатизам кај поединци, успеваат од такви елементи, за борба против НОД извесен број и да мобилизираат. Но широките албански маси беа против таквата политика, со што оневозможија да се развие братоубиствена војна, ги осуетија плановите на окупаторите[269]''. Командантот Генералот Апостолски не очекувал ваков негативен развој на ннастаните. Сепак тој имал под своја команда веќе добро извежбани за борба прекалени борци во македонските одреди и баталјони, и можел да се потпре на тој факт но новонастанатата состојба барала нужна претпазливост. Генералот и командантот на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ со штабот и военополитичкото раководство почетно ја прифатиле борбата со далеку побројниот непријател. Најтешка борба се водела на Буковиќ каде изгинала половина чета од Кичевскиот Баталјон. По нападот на балистите од зад грб бидејки и тие добро го владееле теренот, кичевскиот баталјон бил приморан да се повлече под силен притисок и големи жртви. Баталјонот најпрвин се повлекол кон Зајас а потоа под тешки борби и судари со Балистите кон Копачка уништувајки попат шест локомотиви кај Пресека. Паралелно со овие борби се воделе и жестоки борби кај Кленоец во кој на помош притекнала и првата македонско косовска бригада. Борбите кај Буковиќ и Кленоец биле

---

[269] Студии и статии I – Михајло Апостолски НИК Наша книга Скопје 1973 година, стр. 305

најжестоките и најсуровите во 1943 та година. Во Кленоец се случувала вистинска драма. Всушност се работело за лоша комуникација на единиците на теренот со ГШ на Македонија. ГШ на Македонија и самиот генерал Михајло Апостолски не можел ни да претпостави во каква замка ќе западнат партизаните во Кленоец. Иако имале комуникација сепак, во ГШ а и самиот Апостолски не предвиделе дека ќе се случи предавство, и дека силни балистички сили потпомогнати од германски единици наоружани со тешки пушкомитралези од зад грб ќе ги нападнат позициите на единиците на НОВ и ПОМ во Кленоец како една од клучните одбранбени стратегиски точки. Имено веројатно како што тој подоцна изјавил во ( дел од необјавените снимки работени за македонското радио а постојат во разговорите ) една депеша на ГШ била пресретната од германските сили во Дебарско. По ова се организира силен напад во правец кон Кленоец. Претходно иако на стратегискиот Буковиќ била поставена одбрана на 2 ноември 1943 била пробиена по тешки борби. ГШ на чело со Апостолски организирал одбрана на Кленоец, потпирајки се на информациите дека надоаѓачки одред предводен од Аџи Леш со 150 албански борци ќе им помогне во одбраната. Командант на одбраната на Кленоец бил Јосиф Јосифовски – Свештарот[270], а помошници му биле Мите Трпоски и Трајан Балев. По страшната битка каде фактички балистите сили кои не биле препознаени од одбраната, биле лажно обележани со петокраки на своите кечиња и од зад грб ги нападнале одбранбените сили во Кленоец. Изгинале скоро сите бранители. 67 на број. Заробени се 13 партизани и сите се стрелани. Освен борците на НОВ погинале и 30 селани и доброволци за одбрана на селото како и многу цивили врз кои се иживувале дел од балистите. Ова многу го вознемирило генералот Апостолски и реално ова бил еден од неговите ретки тактички грешки. Во меѓувреме Апостолски во негов стил инстиктивно наредил да се дејствува и кон друг правец и токму со тој чин привремено „ја спречил” германско-балистичката офанзива. „Борбите не стивнуваат. Непријателот е во офанзива.но, мораме да го спречиме и скршимеи да не му дозволиме да мине по патот Кичево-Струга преку Малезија, мислеше Дончо,( Псевдоним за генералот Михајло Апостолски). И покрај јасната тежина на ситуацијата тој настојува да го обедини командувањето и со голема маневарска тактика  и партизанска сила да го победи непријателот. Информиран е дека од кичевскиот правец придоаѓаат стотици балисти предводени од германски офицери преку Другово кон Извор, а и доби вест дека од дебарскиот правец надоаѓаат кон Кленоец албански борци кои припаѓаат на одредот на Аџи Леш[271]”.

[270] Јосиф Јосифовски – Свештарот (2. VIII 1915 – 7. IX 1943) е македонски комунистички деец и народен херој. Како студент на Правниот факултет во Белград станал член на КПЈ (1937). По дипломирањето (1940) бил адвокатски приправник во Струмица и инструктор на ПК на КП во Македонија (1941). Познат под псевдонимот Ѓорче Свештарот, тој во Народно ослободителната и антифашистичка војна во Македонија НОАВМ дејствувал, главно, во Преспа и во другите реони под италијанско-албанска окупација. Бил уапсен од италијанската полиција (1942), но успеал да избега. Бил политички комесар на НОПО “Даме Груев“, на првиот НО баталјон “Мирче Ацев“ и на Втората оперативна зона на НОВ и ПОМ. Загинал во борба со германските сили и балистите. Прогласен е за народен херој на Југославија (11. X 1951). Опеан и во неколку народни песни. „Народни херои од Македонија“, Наша книга, Скопје, 1973, стр. 151, Македонска нација 3.мај 2017 година

[271] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година,стр.201



„Драги другари, го примивме писмото во кое ни јавувате дека дошле 150 души од Аџи Леш. Ние видовме дека го преземате Извор, а денеска гледаме дека борбата се води во Кленоец, јавети ни точно каква е ситуацијата при вас. На „Марко”му е наредено со косовскиот батаљон и томиниот батаљон – да нападне преку Брждани и да избие на друмот Кичево – Извор- кај с. Другово. Таа акција многу ќе ни помогне. Ние се наоѓаме на местото каде се растанавме последниот пат. Испраќајте често и редовно курири.

С.Ф - С.Н   6.10.1943 година   Поздрав. „Дончо[272]”

По разменетите писма на единиците за одбрана на Кленоец и ГШ на 6.10.1943, до жестоката борба доаѓа на 7 октомври 1943 година обете страни имале губитоци. Политичкио комесар на втората оперативна зона Јосиф Јосифовски Свештарот, неговиот заменик помошникот на баталјонот Мите Трпоски – војводата и заменик комесарот Трајан Белев биле убиени во крвавиот судир. Во борбите загинале многу борци од кичевско, охридско, и струшко. Преживеаните борци се повлекле кон ГШ и посведочиле, дека за одбрана на Кленоец доброволно била пријавена и албанска партизанска чета, која подоцна била приклучена на одбраната на селото. Меѓутоа како и неколку пати претходно, борбата покажала дека тоа не биле партизаните на Аџи Лешовата бригада, туку балисти кои биле преоблечени во партизански униформи. Тие

[272] Писмо испратено од ГШ на НОВ и ПОМ лично од командантот генералот Апостолски до бранителите на Кленоец на денот на битката. Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 201

вечерта извршиле вистински масакар во селото, врз Македонските партизани од првата и вторта чета на Првата Македонска ударна бригада. Тоа бил тежок удар за бригадата. Околу стотина партизани и мештани од селото Кленоец кои доброволно се вклучиле во одбраната биле убиени во ненадејниот напад на балистите, буквално се ликвидирани, со истрели позади грб или брутално заклани. Главата на народниот херој Јосиф Јосифовски Свештарот, била отсечена и набиена на кол до селската црква. Михајло Апостолски бил разочаран и бесен во разговорите со своите команданти, во иднина многу ќе внимава на секој детал поврзан околу балистите. Поради овој масакр требало да се спречи да на се нарушат меѓунационалните односи во Македонската војска каде учествувале и албански партизани и бригади. Секако дека борбата против превртливите балистички формации продолжила со несмалена жестина.„Осветата" пак кон балистичките дивеења ќе почека, се до завршните операции водени во Македонија. Тогаш тие ќе бидат војнички поразени на територијата на Македонија и пошироко во Косово и тотално уништени од војската на НОВ и ПО на Македонија, и ќе престанат да бидат војнички фактор.

По овие настани при главниот штаб на НОВ и ПОМ било формирано Оперативно оделение, со задача да подготвува планови за ангажирање на единиците и да се грижи за извршување на поставените задачи. На 2 октомври 1943 година под силниот притисок на германските и балистичките формации Кичево повторно паѓа во рацете на непријателот. И покрај тоа Апостолски верувал дека Кичево може повторно да биде освоено. Тоа се случило на 31 октомври во есента 1943 година, Кичево по втор пат е освоено по директната наредба на Командантот и Генералот Апостолски. При овој ненадеен напад изнненадените германски и балистички сили се повлекле а дел од нив биле и заробени. Но како Апостолски ги изненадил непријателите така и тие со контранапад го изненадиле Главниот Штаб кој бил сместен во Музејот во Кичево. По жестока пресметка во која Генералот активно учествувал ГШ со помош на помошните единици и дебарскиот младински батаљон се извлекле од Кичево, повлекувајки се кон Дебар и Охриско.  Во борбите за одбрана на слободната територија се вклучила и четата на Илинденците или ветераните како ги нарекувал Апостолски. Од Илинденците постари по возраст мажи пак била формирана чета од 100 луѓе (60-70годишна возраст), која исто така учествувала во акциите за одбрана на слободната територија. „Седејки тука, очекувајки ја ситуацијата, дојде партизанска чета составена од ветерани-илинденци која ме изненади. Водачот на чеетата ја построи зад мене...кога погледнав го видов него. Ја построил четата и ми рапортира. Неговите зборови никогаш нема да ги заборавам зошто тие беа изречени толку силно, со чувство..Навистина не ми достигаат зборови да ги прераскажам...тоа штрбо човече онизочно како мене, со стари излитени облеки на себе, со веѓите бели и испрчени под капа смачкана а гласот му трепери...цела чета си личеја како да се близнаци и по лика и по носија, сите беја препашани со војнички каиши веројатно сочувани како и пушките од бившата југословенска војска, кога се распаѓаше. Јас застанав мирно а тој ме изгледа в очи и: Другар командант. Ние Илинденците се ставаме на располагање, свика[273]". Генералот Апостолски и присутните соборци и членови на ГШ биле трогнати од сцената.  „ По кусо време се случи нешто

[273] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 210/211.

што многу ме изненади. Само што започнаа борбите, пристигна четата на Ветераните-на Илинденците. Додека набљудувавод кои страни доаѓаат нападите, нивниот раководител ја беше построип четата и ми рапортираше.„ Другар команданте ние Илинденците се ставаме на располагање''! Неговите зборови ќе ги помнам секогаш, бидејќи беа изговорени силно со некоја неверојатна сигурност и решителност во гласот. Иако беше резервна таа чета се вклучи во борбите, зошто тоа беше неопходно[274]''. И покрај секојдневните борби, Главниот штаб на НОВ и ПОМ во октомври и ноември 1943 година раководел со НОБ на целата територија на Македонија. Одржувал врски со ВШ на НОВ и ПОЈ, воспоставил и соработка со главните штабови на Грција и Албанија. При ГШ на НОВ и ПОМ било и главното партиско раководство на ЦК на КПМ. Освен примарната се развивала и секундарната но битна издавачка дејност при што се издавало списанието „Илинденски Пат[275]‘‘ во издание на НОФМ. Тука во Црвена Вода

---

[274] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 145

[275] За време на Народноослободителната борба (НОБ) повеќето партиски организации, воени единици и партизански одреди издаваат свои билтени, весници и др.Тие играат значајна улога во информирањето на населението, како и во ширењето на просветата и културата на македонски јазик меѓу македонскиот народ. Меѓу многубројните листови од тој период се издвојуваат: „Дедо Иван“, билтен на главниот Штаб, весниците „Нова Македонија“, „Македонија“, „Млад Борец“, „Илинденски пат“ и други. Печатените билтени и весници покрај онформациите за настаните во земјата и светот, објавуваа родољубиви песни и текстови со разна тематика поврзана со македонскиот народ. Писателите и поетите со своите дела создаваат солидна основа за развивање на македонскиот јазик, а секако и за развивање на македонската култура. Покрај имињата на македонски писатели и поети од периодот меѓу двете светски војни, во текот на војната се појавуваат нови имиња. Кон постарите поети и писатели: Кочо Рацин, Венко Марковски, Коле Неделковски, Васил Иљовски, Ристо Крле, Антон Панов и др, се придружуваат нови имиња: Ацо Караманов, Ацо Шопов, Славко Јаневски, Мите Богоевски и други. Надоврзувајќи се на традицијата на национал-романтичарската поезија од 19 век, македонските поети внесуваа сосема нови содржини. Опевајќи ги херојствата на борците, авторите ја опеваат и омразата кон непријателот. Периодот на НОБ преставува непресушен извор од кој долго време авторите го црпеле потребниот материјал, со што се создадоа услови за развој на македонската литература. Најмногу биле инспирирани од величината на Илинденското востание, како и од секојдневните борби. Оттука и имињата на билтените и весниците како што се „Македонија“ и „Илинденски пат“.„Илинденски пат“ бил орган на Народноослободителниот фронт на Македонија, прво централно месечно списание за време на народноослободителната борба. Од март до август 1944 година се печати во Дебарца, село Ехлоец, Кичевски и во Штип. Печатењето на „Илинденски пат“ било покренато од ЦК на КПМ и ГШ на НОВ и ПОМ во Дебарца, кон крајот на 1943 година, но појавувањето на првиот број било попречено од германската офанзива. За првпат ова списание се појавува како тробројот во Дебарца, а број 4 и двобројот 5 и 6 од кој не е зачуван примерок бил печатен во селото Ехловец, Кичевско. Двобројот 7 и 8 за јули и август 1944 година бил отпечатен во Штип и е посветен на историските одлуки на 1-то заседание на Антифашистичкото Собрание на народното Ослободување на Македонија (АСНОМ). На првата страна на ова списание стои напишано:„Во нашиге раци стојат одлуки од епохално значение за македонскиог народ. Тоа са одлуки за создаване на суверенага македонска федерална држава во демократска и федерагивна Југославија. Тоа са одлуки со кои са осгварени и озаконени вековните сгремежи и идеали на един вековно поробен и обеспрааен народ. Тоа са одлуки шго сведочат за исполнените идеали на македонските революционери, борци за народна слобода. Да, во нашите раци са одлуки од 1-то заседание на Ангифашиското собрание на народного ослободуене на Македонија -АСНОМ-, одржано во историскиот манастир Св. Прохор Пчински, на историскиот ден Илинден 1944 година. Тоа са одлуки донесени од 122 полноправни народни претставигели, одбрани од Народно - ослсзбодителните одбори и единиците на Народно - ослободителната војска на Македонија. умножени во мал број примероци на циклостилната техника на ГШ на НОВ о ПОМ, а подоцна биле препечатувани од техниките на обласните комитети на КПМ.Редакцијата ја сочинувале Страхил Гигов, Васил Ивановски и Веселинка Малинска. Автори на текстовите биле: Бане Андреев – Ронката, Љупчо Арсов, Диме Бојановски – Дизе, Васил Ивановски, Перо Ивановски – Тиквар, Венко Марковски и други.

во почетокот на октомври е издаден познатиот манифест[276]. „Во почетокот на октомври 1943 година на слободната територија на западниот дел на Македонија (с. Црвена Вода)

[276] МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ! МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ! БРАЌА И СЕСТРИ НА НАШАТА ПОРОБЕНА АМА НИКОГА НЕПОКОРЕНА ТАТКОВИНА!
Настанаа деновите на големите победи на нашето оражие. Секој ден ни носи нова, голема победа. Непобедливата Црвена армија, надеш на сите поробени народи, напредуе на запад, без да можат да ја задржат. Сојузничките англо-американски армији напредујат во Италија. Нашата славна Народно-ослободителна војска на Југославија, под умната команда на најголемиот војник на нашата земња другаринот Тито, ги ослободуе градовите и селата по цела Југославија. Еве денес и нашата млада Народно-ослободителна војска на Македонија, што е составен дел на Народно-ослободителната војска на Југославија, израснала от малите партизански отреди за време от двегодишни нерамни борби протиф фашиските окупатори и нејзините слуги, се здоби со големи победи. Ослободен е голем дел от нашата татаковина. Нашата млада војска, под славното знаме на Крушовската република, победоносно чекори и смело гази на кај исполнуењето на својата голема идеја - ослободуењето на Македонија. Деновите што настануат са во исто време и денови на големи борби што ке ја решат судбината на нашата напатена и окрвавена татковина. Германските фашиски окупатори претрпеја смртоносни удари при Сталинград, Орел, Харков, Смоленск, у Африка, Сицилија и Италија. Они го изгубија својот најголем сојузник - фашиската Италија на Мусолини. Но уште не са уништожени. Напротив уште ни стојат големи и тешки борби со тој главен непријател на слободата и независноста на нашиот народ. Големоболгарските фашисти на чело со принц Кирил, Филов, Михов и други, што служат верно на Хитлеровите поробителни планови, се навоѓајат пред капитулација. Што повеќе се приближујат до границата на Болгарија братските словенски руски армији и што се појак е притисакот на народно-ослободителните востанишки дружини на братскиот болгарски народ се повеќе се разјадуе болгарската клика и нејзините слуги сред редовите на македонскиот народ. Туку уште, тије долни слуги на Хитлеровиот фашизам, заедно со разбоинишките германски орди, газат со својата бербатна чизма по нашите градови и села, по нашата света земња. Еве уште тије разбојнички банди обирајат по нашите села. Еве и денес на сила ги одвлечујат нашите синови во далечните бојишта, да се тепајат против големите сојузнички армији и против нашите југословенски браќа, а се тоа - зошто? - за германските банкари и барони. Со тије нечисти слуги на Хитлеровиот фашизам, со големо-болгарските фашиски окупатори, ни стојат такуѓере уште многу тешки и остри борби. Големосрпските хегемонисти, на чело со предателскиот генерал Дража Михајловиќ, што служеја верно на германо-италијанските окупатори со цел да ги разбијат нашите народно-ослободителни борби, се навоѓајат денеска во раскапуење. Нашата јуначка Народно-ослободителна војска на Југославија ги разби комај по сите земњи на Југославија. Туку, тије бедни ронки на големо-српската хегемонија против који денеска станує српски народ, заедно со сите народи во Југославија, се обидујат сетики да ги исполнат својте нечисти цели, со помоќта на окупаторите да ја разбијат нашата Народно-ослободителна војска. Во тоа они се соединија со големо-албанските хегемонистички среди во областа на Гостивар-Тетово, додека во областа на Куманово, со напаѓањето на џамији, се обидујат да ги скараат и фрлат во меѓусобна братоубиствена војна Македонците, Албанците и Турците. За да го осигураат повраќањето на режимот на големо-српската хегемонија и тиранија во Македонија, се служат со се'. И со тија гнасни слуги на Хитлеровиот фашизам, со големо-српските агенти на окупаторот во Македонија, ни стојат такуѓере уште многу големи и остри борби. Големо-албанските фашисти и големо-албански хегемонистички елементи от цела Албанија, се збирајат по целата македонска територија под фчерашната италијанска окупација и со помоќ на германските окупатори от сите страни се обидујат да ја разбијат нашата Народно-ослободителна војска. Оваја реакционерна големо-албанска клика, уште от сега со провокаторско поставуење на прашањето за утрешните граници, сака да го разбије единството на македонскиот и албанскиот народ, што е создавано низ тешка и неравна борба против окупаторот. Она сака да ги фрли во братоубиствена верска војна за интересот на германските фашиски поробители. Она создава разбојнички, качашки банди со цел да го разбие нашиот тил. И со тије нови слуги на Хитлеровиот фашизам, со големо-албанските хегемонистички агенти на окупаторот, ни стојат уште многу големи и остри борби. Македонските фашисти, предатели на македонскиот народ, слуги на германските фашиски окупатори на чело со Ванчо Михајлов от една страна и Китинчев, Ѓузелов, Чкатров, Коста Ципушев и други от друга страна са денес во раскапуење. Се повеќе што се гледа дека германскиот фашиизам се крши и се поголем што е напливот на борците во редовите на нашата Народно-ослободителна војска се повеќе се создава страх во редовите на сите предатели на македонскиот народ, који за сметка на Хитлера ја продадоја нашата татковина. Но овие подли предатели се обидујат да го расцепат македонскиот народ и на тој начин и понатакај да го поробујат. И против таја фашиска клика ќе требе уште долго, здружено и смело да се бориме.
БРАЌА СЕСТРИ, МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ!

За прв пат во нашата славна историја имаме денес своја млада народна војска. За прв пат нашата млада војска жние победа по победа. Ние идеме спрема лице на новите големи борби. Се работи за судбината на нашата земња. Бије последниот час. Ве викаме вас, синови и ќерки на македонскиот народ да се сплотите во борбените редови на нашата Народно-ослободителна војска на Македонија. Ве викаме со неброjни сили да удираме по сите непријатели на нашата слобода и независност. Ве викаме и вас, стари илинденски борци да стапите во редовите на нашата војска. Одново воскрснуват славните денови на Крушевската република и Илинденското востание. Те викаме и тебе, јунашка младино на Македонија, што даде толку жертви во борбата за слободата на својот народ. Те викаме тебе, македонски народе, да стапиш тврдо во нашите редои. Деновиве што идат ке ја решат твојата судбина. Ние требе без друго да ги запреме крвавите германски окупатори што уште сакат да ја поробујат и обирајат нашата земња. Ние требе бездруго да ги изпадиме големоболгарските окупатори от нашата татковина. Но ние ке направиме братство и единство со болгарскиот народ, кој веќе води решителна борба против големоболгарските фашисти и хегемонисти. Ние требе бездруго да ја изпадиме големоалбанската клика и да ја направиме неспособна да го поробуе македонскиот народ. Но ние ке направиме братство и единство со албанскиот народ, кој нема ништо општо со тија реакционерни, хегемонистички клики. Ние требе да ја изпадиме и големосрпската хегемонистичка и предателска банда на Дража Михајловиќ и да ја направиме неспособна наново да го врати режимот на големосрпската хегемонија и тиранија во Македонија. Но ние ке направиме братски СОЈУЗ СО СИТЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ НАРОДИ, на базата на полна национална рамноправност со српскиот, хрватскиот, словенечкиот и другите народи во Југославија. Ние ке работиме на тоа, заедно со сите народи во Југославија за да го создадеме братскиот сојуз на јужнословенските народи, зимејки го во нашите братски пазуви и братскиот болгарски народ. Ние требе бездруго да ги изпадиме сите предатели на македонскиот народ, се едно дали се они во служба на Хитлера, на големоболгарската, ели на големосрпската хегемонистичка реакција. И ние ќе го создадеме полното единство на македонскиот народ, почнувајќи от комунистите, па се до старите илинденски борци, во борбата за една нова, слободна и народна Македонија.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ! МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ!

Фашиските империјлисти со големоболгарските, големосрпските и големогрчките хегемонисти ја раскинаа нашата татковина и ја превртеја во ситна пара за поткусуруење на своите империјалистички интереси. Овија хегемонистички клики во сите балкански земњи го распалуеја вечно расцеплението меѓу балканските народи. Денес сите балкански народи са едно, не само во борбата против фашиските окупатори, туку и во борбата против сите империјалистички хегемонисти на Балканите и против секој туѓ империјализам, што би се обидел да се меша во внатрешните работи на балканските народи. Тоа ни го гарантира и договорот склопен помеѓу Советскиот Сојуз и Англија на 26 мај 1942 година. Денес сите балкански народи са едно во борбата за создавање на еден братски федеративен сојуз на балканските народи, на базата на полна национална рамно правност и признавуење на правата за самоопределение на народите. Никога до сега, македонски народе, не си имал толку убаво положение и толку сојузници за да ти се исполни твојот вековен идеал - соединението на Македонија. Затоа требе сите да се собереме околу нашето народноослободително движение, без разлика што некој во миналото се сеќавал како болгарофил, гркоман ели србоман. Затоа требе да создадеме заедно фронт со сите балкански народи во борбата против фашиските окупатори и против секој империјализам на Балканот.

БРАЌА И СЕСТРИ АЛБАНЦИ И АЛБАНКИ! Германските фашиски окупатори и нијните слуги на големоалбанските фашисти и хегемонисти се мачат да ве бутнат во братоубиствена, верска војна. Они уште от сега го поставуат прашањето за утрешните граници, само за да можат да го разбијат единството меѓу македонскиот и албанскиот народ, кое е создавано во тешките борби против окупаторот и кое е главната пречка наново да се врати фашискиот ропски јарем. Уште од сега создаваат ајдушки, качачки банди за да ги обират сите наши села без да гледаат дали са тоа македонски ели албански, со цел да го разбијат нашиот тил.

БРАЌА И СЕСТРИ АЛБАНЦИ И АЛБАНКИ! Немојте да оставиме на крвавите германски окупатори да ги скараат нашите два братски народа. Немојте да оставаме да го разбијат нашето борбено единство и да ги раздвојат нашите две славни знамиња - знамето на Скендербег и знамето на Крушовската република, соединети што ожниеја многу победи. Знајте дека соединените војски на сите балкански народи се борат денес за да се создаде една балканска федерација и дека ние највеќе ќе допринесеме за да се исполни таја голема цел, само ако уште посилно го закрепиме нашето единство и ако уште повеќе удриме против сите непријатели на нашето единство. Знајте дека после оваја војна сите балкански народи сами ќе си решават за својата судбина.

БРАЌА ТУРЦИ И ВЛАСИ! И вас сакајат подлите германски окупатори да ве бутнат во братоубиствена војна. И от вас сакајат да направат покорни фашиски робои. Вашата судбина тесно е врзана со судбината на македонскиот народ. Придружете се на нашата борба и земете участие во нашата нова народно ослободителна влас.

беше издаден Манифест на ГШ на НОВ и ПОМ, проѓраски документ кој претставувал антиципација на авнојските решенија. Манифестот ги изнесува основните цели на оружената борба на македонскиот народ: националното, социјалното, економско, и културно ослободување, а идниот државоправен статус на Македонија се гледа во составот на Југославија[277]**''.** Во духот на преспанското советување, Манифестот ја популаризира НОБ и нејзините цели во Македонија. Манифестот многу допринесол за развојот на борбата за ослободување на Македонија. Тој бил лансиран токму навреме во екот на борбите. Претставува прв манифест што е упатен до Македонскиот народ за време на траењето на НОВ. Преку Манифестот се повикува Македонскиот народ на одлучна и решителна борба против окупаторот и завојувачите, истакнувајки ги пред се заложбите, насоките и целите пред се за национално ослободителната борба на Македонскиот народ. Манифестот го објавува Главниот штаб на НОВ и ПОМ во октомври 1943 во селото Црвена Вода. Освен од командантот Апостолски, манифестот е потпишан и од политичкиот комесар Цветко Узуновски, потоа и од останатите

---

НАША МЛАДА НАРОДНО ОСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈСКО НА МАКЕДОНИЈА, ГОРДОСТ НА НАШАТА ТАТКОВИНА

Уште посмело и уште порешително удирај по непријателите на нашата слобода и независност - по германските фашиски окупатори и нијните слуги. Уништожујте ги фашиските орди, што ја поробија и ја обраја нашата таковина. Одмаздите ги нашите народни јунаци: Јордан Николов, Цветан Димов, Мирче Ацев, Страшо Пинџур и толку други најарни синови на нашиот народ, што паднаја от крвничката фашиска рака. Високо развевајте го славното знаме на Гоце и на Крушовската република и тргнете по патот на легендарните илинденски востаници за ослободуење на нашата мила татковина.

Напред во борбата. Напред во победата.

Да е жива геројската Црвена армија и нејзиниот велик водач Сталин!

Да са живи нашите силни сојузници англо-совјетско-американска коалиција!

Да е жива борбата за слободата на македонскиот народ!

Да е живо единството и братството меѓу македонците, албанците, турците и власите.

Да е жив врховниот штаб на Народно-ослободителната војска на југославија и АВНОЈ-гаранција за националната слобода и рамноправност на нашиот народ!

Да е жив врховниот командант другаринот Тито, прикажаниот војсководец на нашата славна Народно-ослободителната војска на Југославија!

Да е живо единството и братството на народите на Југославија со братскиот болгарски народ!

Да е живо единството и братството на народите на Југославија со сите балкански народи!

Да е жива слободна Македонија!

Смрт на фашизамот - Слобода на народот.

ГЛАВНИОТ ШТАБ НА НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈСКА И ПАРТИЗАНСКИТЕ ОДРЕДИ НА МАКЕДОНИЈА:

Политички комесар, Цветко Узуновски, от Преспа доброволец на Шпанската народна војска

Командант, Михајло М. Апостолски, от Штип генералштабен мајор на бившата југословенска војска.

Членовите на штабот: Методија Ченто, трговец од Прилеп; Хамди Дема, капетан на албанската војска од Дебар; Страхил Гигов, работник од Велес; Венко Марковски, поет од Скопје; Петар Пирузе, адвокат и рез. поручник на бившата југословенска војска от Охрид; Иван Танов, капетан на шпанската народна војска од Ѓевѓелија; Никола Минчев, учител и рез. поручник на бившата југословенска војска од Кавадар, Јелисиј Поповски, доброволец на шпанската народна војска од Маврово; Кузман (Борко) Јосифовски, студент од Прилеп.

Октомври 1943 год, Положај! Вера Весковиќ – Вангели и Марија Јовановиќ, „Зборник на документи за учеството на жените од Македонија во Народноослободителната војна и револуцијата 1941-1945“, ИНИ, Скопје, 1976, 334-339 стр. „Гласник на ИНИ'', Скопје, 3/1968, 187-193 стр.

Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, издаден во почетокот на октомври 1943 год. Во с, Црвена Вода, Дебатца е прв програмски документ во кој се се изнесени целите на Народоослободителната и антифашистичката војна во Македонија. Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 152

[277] Виолета Ачкоска Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991), ФЗФ, Скопје 2015 година, стр. 22

членови на штабот, Методија Андонов-Ченто[278], Хамди Дема, Страхил Гигов, Венко Марковски[279], Петре Пирузе, Иван Танев, Никола Мирчев, Елисие Поповски-Марко и Јосиф Јосифовски-Питу. За генералот Апостолски немало дилема дека манифестот ја одиграл својата улога и дека навремено е обзнанет. Дополнително по одлука на ГШ на

[278] Андонов Методија - Ченто ( 17.8.1902, Прилеп- 24.7.1957 ) е еден од основиположниците на современата македонска држава, првиот Претседател на Президиумот на АСНОМ. Тој е претставник на македонската национална граѓанска ориентација, учесник во национално ослободителните и политички борби меѓу двете светски војни, заради што е неколкукратно затворан. По окупацијата на Македонија 1941 година Ченто одбива да соработува со бугарските окупаторски власти заради што е два пати затваран и интерниран во логор. На 1.10.1943 година преминува на слободната територија во Дебарца каде што бил кооптиран за член на ГШ на НОВ и ПОМ. Во Ноември 1943 станува претседател на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и во тоа својство оди на островот Вис како член на македонската делегацијакоја пред НКОЈ го поставила прашањето за обединување на Македонскиот народ (24.6.1944). Во рамките на подготовките на Првото заседание на АСНОМ – Ченто се спротиставил на предлогот на Страхил Гигов, Видое Смилевски- Бато да влезе како член на Президиумот, со што го предизвикал гневот на Светозар Вукмановиќ-Темпо. На првото заседание на АСНОМ, на 2.8.1944 бил избран за Претседател на Президиумот. Набрзо поради барањата за поголема самостојност на ДФМ во рамките на федерацијата, особено економска самостост и барањата и заложбите за интегрално решавање на Македонското прашање бил етикетиран како автономист и сепаратист. Во јануари 1945 пред Народното собрание во Белград го изнесол дека најголема експлоатација во манархистичка Југославија била вршена преку тутунот, и дека тутунарите мислат дека се повторно експлоатирани. Се замерил со Лазар Колишевскизаради ликвидациите на одредени граѓани без судски одлуки а за истиот проблем интервенирал и кај Јосип Броз Тито, барајки да се престане со незаконските ликвидирања. На 30.5.1945 бил повикан во Белград и примен на разговор кај Тито, веројатно заради предупредување, пред да биде политички дисквалификуван. Во директен судир со Јосип Броз и неговите најблиски соработници во Поликбирото на ЦК КПЈ дошол во рамките на дискусиите за првиот Устав на ФНРЈ ( Јануари 1946 ) кога инсистирал на внесување на клаузата самоопределување до отцепување. Набрзо бил изложен на директни напади од страната на македонските кадри. На 2.3.1946 на седница на ИОна НРМ Страхил Гигов директно го напаѓа Ченто, во врска со забелешките за аграрната реформа. Гигов вели....ќе го коментирам држењето на ченто, кој со своите ставови како претседател на Президиумот ја компримитира власта...Во текот на април Ченто е одстранет од функциите. На 14.7.1946 во голема тајност е уапсенво Прилеп и префрлен во затворот во Скопје.На 31.7.1946, министерот за внатрешни работи Цветко Узуновски Абазпрвпат јавно објавува дека, наводно, „на грчката граница е уапсен Методија Андонов при обид за бегство. На 19.11.1946 во Скопје започнува монтиран судски процес. Скопскиот окружен народен суд во состав: претседател Панта Марина и членови Лазар Мојсов и Коле Чашуле, заменик јавен обвинител Благоја Поповски, донесе пресуда со која за кривично дело е осуден Методија Андонов –Ченто на 11 години лишување од слобода , присилна работа , и 5 години губење на грашански права и конфискација на најдените предмети кај него.Казната во идризово ја издржува во неподносливи услови.Во септември 1955 е пуштен од затвор тешко болен. Умира во родниот Прилеп на 24.7.1957 година. Рехабилитиран е во 1990 година како жртва на монтиран судски процес. Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Репресијата и репресираните во најновата македонска историја, Скопје: Макавеј 2005 година, стр.168-187; Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски, Нашиот поглед на времето на Колишевски, Скопје: Мисла 1996 година, стр.19-31; Виолета Ачкоска Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991), ФЗФ, Скопје 2015 година, стр. 80-81; Методија Андонов-Ченто, Документи и материјали, ред. М. Димитриевски, З. Тодоровски, Р. Бунтевски Бунте, Скопје, ДАРМ 2000 Година, стр. 187-216

[279] Вениамин Миланов Тошев, познат под псевдонимот Венко Марковски ( Скопје 5 Март 1915- Софија 7 јануари 1988 година. Македонски поет, Бугарски поет, Академик на БАН, еден од основоположниците на современата македонска книжевност. Учесник во НОБ, член на ГШ на НОВ и ПОМ, Член на иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, делегат на првото заседание на АСНОМ. 1948 ја подржува Резолуцијата на Информбирото, Во конфликт со властите е затворен во Идризово. Во 1956 година е осуден на 5 годишна казна на Голи Оток за поемата „Современи параокси" што ја издава под името Венијамин Миланов Тошев. Во 1965 оди на лекувањеи останува во Бугарија. Семејството му е протерано во 1968 година. Во Бугарија станува пратеник на народнот собрание, станува член на друштвото на писателите на Бугарија, станува член ан БАН. Добитник на награди „Херој на Бугарија",Херој на социјалистичкиот труд , наградата Георги Димитров. Поради творештвото на бугарски јазик, југослевенските власти го прогласуваат за предавник на Македонскиот народ. Македонски писатели, Друштво на писатели на Македонија, 2004, стр. 152 - 153.

НОВ и ПОМ во ноември 1943 почнуваат со работа основни училишта на Мајчин Македонски Јазик! Круна било и присуството на Британската воена мисија која била импресиониранана од храброста на Македонските Борци и Умешноста на ГШ на НОВ и ПОЈ. Британската мисија во Македонија била сведок на зголемената бројна состојба на единиците и на военополитичката активност на ГШ на НОВ и ПОМ. Поради претстојните воени настани приоритетно со наредба на Генералот Апостолски повторно се реорганизираат единиците и тоа на две ударни групи од по два батаљони и придружни чети. Во првата влегле два батаљона со придружна чета, а во втората двата косовски батаљони и придружна чета. Покрај нив директно под команда на главниот штаб бил и еден албански батаљон и една батерија од топовски артилериски орудија од 47мм. Севкупно од октомври 1943 постоеле следниве единици на Македонската војска. Во првата оперативна зона оперирале 3 батаљона, во втората 4 батаљона, во третата постоел батаљонот „Страшо Пинџур‘‘а во петата покрај кумановскиот батаљон, делувале и скопско-црногорскиот батаљон и шарскиот одред. Поради силниот развој на востанието во западна Македонија, поради новонастанатата военополитичка состојба посебно по Италијанската Капитулација и преминувањето на македонските батаљони на бугарското окупационо подрачје во централна и источна Македонија, бугарската влада испратила барање до вермахтот за помош за разбивање на партизанските единици. По барањето на верниот сојузник, командата на вермахтот веднаш реагирала и ветила дека ке го расчисти реонот Тетово, Гостивар, Дебар, Струга, и Кичево и ке воспостави т.н.„месна самозаштита‘‘под Германска контрола. По ова ветување уследила директивата до командантот за Југоисток. На 6 Ноември 1943 година започнала Германската офанзива позната под кодното име „Еделвајс‘‘. Втората Германслка оклопна (тенковска армија) ја добила задачата да го пробие патот и да ги уништи препреките и да направи слободен коридор за продор на Германсите сили и да


Смрт на фашизамот — СЛОБОДА НА НАРОДОТ!

ИЛИНДЕНСКИ ПАТ

Орган на Народно-ослобод. фронт на Макед.

Да ја браниме слободна Македонија во нова демократска и федеративна Југославија

Год. I Броj 7-8 | Јули - Август | Цена 6 лева

ИСТОРИСКИ ОДЛУКИ НА I-то ЗАСЕДАНИЕ НА АНТИФАШИСКОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУЕНЕ НА МАКЕДОНИЈА

го исчисти теренот на областа од партизанските единици. Нејзината команда планирала за 5-6 дена да ја завршат офанзивата. Политичките подготовки пак му биле надредени

на Вонредниот ополномошник Др.Нојбахер[280]. Покрај втората оклопна армија била ангажирана и првата германска ридска дивизија и бугарските 14 и 15 пешадиски дивизии. Дополнително со германските дејствувале и балистичките сили. Со акцијата раководел командантот на Германската 297 дивизија чии единици учествувале во чистењето на теренот. Борбите се воделе од средината на Ноември до 9 декември 1943 година. Во меѓувреме ГШ на НОВ и ПОМ на 11-ноември во с.Сливово ја Формира Првата Македонско-косовска Бригада. Бригадата во составот имала 2 македонски Баталјони „Мирче Ацев''и Кичевскиот батаљон и два Косовско Метохиски батаљони и придружната чета на ГШ. При формирањето бригадата броела повеќе од 700 борци со мешан национален состав но преовладувал македонскиот елемент. Дополнително во екот на офанзивата „Еделвајс''преостанатите борци од Преспа, од одредите „Гоце Делчев'' и „Дамјан Груев'' се формира батаљонот „Стив Наумов'' и тој батаљон дополнително да влегува во составот на првата македонокосовска бригада како пети нејзин батаљон зголемувајки и ја силината на преку 1000 борци. Веднаш потоа на предлог на Британската Воена Мисија ГШ на НОВ и ПОМ на 21 ноември ја упатил Првата Македонско косовска бригада преку село Карбуница, преку село Лисичани, и Пласница да се префрли на подрачјето на Азот и Пореч. Но, во истовреме засилени со околу 1400 војници од Албанија, германско балистичките сили ја започнале офанзивата за освојување и заземање на слободната територија во Западна Македонија и тоа од три правци. Бројни пешадиски и комбинирани тенковско артилериски непријателски единици го започнале продорот кон Дебар, Кичево и Струга. И покрај жестокиот отпор на 5 декември напријателските сили ја заземале територијата на долна Дебарца. Истиот ден ЦК на КПМ НОВ и ГШ на НОВ и ПОМ заедно со првата Македонско –косовска бригада се состанале во селото Слатино. Со оглед на силината на непријателската офанзива се разговарало за извлекување на главнината на силите и раководството на НОД од обрачот на непријателот. Претставникот на ВШ на НОВ и ПОЈ Светозар Вукмановиќ Темпо „наредил" Македонските единици да се префрлат во Србија односно да се извлекуваат во правец кон козјачкиот масив. На таа наредба остро се спротиставиле Методија Андонов - Ченто, Кузман Јосифовски Питу и други кои ја следеле Македонската обединувачка кауза. По овие интервенции, Михаило Апостолски во име на командант на ГШ на НОВ и ПОМ донел конечна одлука, Македонската војска и Военополитичкото раководство да се упатат кон Егејскиот дел на Македонија[281]. Со овој потез се успеало и се овозможило Националослободителната борба да се прошири на сите краишта на Македонија и бил правилен воено тактички потез од многу аспекти. Генерал Лајтнт како се именувал според чинот Михаило Апостолски ке покаже голема умешност, дисциплинираност и ке носи тешки но правилни одлуки со што ке стане икона во очите на единиците на НОВ и ПОМ. Којзнае какви последици и губитоци би претрпеле единиците на НОВ и доколку би се послушала наредбата на делегатот и претставник на ВШ на НОВ и ПОЈ Светозар Вукмановиќ Темпо, и се тргнело во пробив кон Србија со сите сили на НОВ и ПОМ. Затоа мора да се оддаде почит и признание на Михајло Апостолски како на вистински Врховен командант на ГШ на сите Македонски

[280] AVII,Mikroteka
[281] Михаило Миновски, Златна Книга 100 Години ВМРО

Единици! Ова не бил негов прв „судар"односно несогласување со политиките на Темпо. Овој чин бил само продолжеток на нивниот тивок судир. Апостолски бил мошне внимателен, не покажувал изблик на емоции, бил стамен и цврст во своите одлуки и ГШ едноставно ги подржувал неговите предлози или заклучоци. Темпо од своја страна сакал да доминира во ГШ и неколку пати со своите депеши и „наредби"се обидел да се наметне. Но едноставно тоа веќе не било возможно. Неговата ароганција во комуникациите со воените авторитети веќе била забележана и во Босна, кога тој претстојувал во 1942 година, така да тоа и не било нешто ново. „ таков е Орце, ама Темпо не е таков. Тој за себе признава„ Премногу сум самоуверен...или негово најискрено искажување за себе кога ги раскажува доживувањата од Москва со коча Поповиќ, Милован Џилас...Една вечер гледавме театарска претстава „Мртви души". Зборувавме за ликовите...почнавме да бараме сродни црти. Така мене ме завикаа Сабакиевиќ, човек што секого го нарекува со најпогрдни имиња, гази по нозете на оние со кои разговара[282]".

Колку и да е чудно, Светозар Вукмановиќ- Темпо, ја прифаќал споредбата со Сабакиевиќ, колку и да е апсурдно, тој успевал да ги задржи сите професионални односи со тогашните авторитети во армијата. Ова е пример по завршувањето војната, но, така било и за време на војната. Апостолски тоа го увидел, но имал и точни информации за него, и добро го проценил. Неговиот понекогаш арогантен однос, неговата убеденост во тоа што го говори односно самоувереност, бил забележан и во дијалогот што го води со Печујкиќ, кој разговара со Темпо во името на издавачкиот совет на списанието комунист. Печујкиќ приговорил: „ ние би сакале да ги ублажиш оценките за развојот на борбите во Босна и Македонија. Не би требало да го предизвикуваш нивниот револт...Премногу се истакнуваш себеси...зошто целиот народ се дига на востание...зошто истакнуваш дека сам си одлучувал? Постои Покраиски комитет! На едно место говориш за неуспехот и на вториот обид за организирање на вооружена борба во Македонија во текот на 1942 година. А тоа на е истоветно со ставот на Македонското раководство по тоа прашање[283]".

Военостратегискиот гениј на командантот на ГШ на НОВ и ПОМ генералот Апостолски, и неговата одлучност при носење на клучни военополитички и военостратегиски одлуки ке останат негов траен белег додека се води ослободителната и антифашистичката борба во Македонија. Командантите, замениците воени команданти и севкупно сите командни структури и истакнати поединци, огромниот дел од борците покажувал голем респект кон својот командант. Конечно, тие сите биле свесни дека Македонските антифашистички ослободителни сили, односно Македонската војска, добила силен одлучен и непоколеблив командант, токму онаков каков и бил потребен на Македонија.

[282] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 218
[283] Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година, стр. 218



**Народен митинг во слободно Кичево одржан на 26 септември 1943. Истакнувањето само на Македонското знаме било јасен показател за самостојната борба на македонските партизани за слободна Македонија. Тоа многу не му се допаднало на „главниот“ говорник Светозар Вукмановиќ – Темпо.**




Слободните територии во Македонија — во периодот септември—декември 1943 г.

По одлуката за Повлекување, тешкото оружје било скриено во разни скривалишта  а тешкоранетите борци биле преземени на лекување од месните

народоослободителни одбори на лекување. ГШ на НОВ и ПОМ, ЦК КПМ и англиската воена мисија со првата Македонско-Косовска Бригада во ноќта на 5 декември 1943 г. од селото Слатино го започнале маршот преку Галичица кон Егејскиот дел на Македонија! На 9 декември пристигнале во село Герман во кое на 10 декември 1943г. бил формиран 5. Македонски Батаљон. Маршот бил продолжен преку падините на Пелистер и Пелагонија кон Кајмакчкалам. Оттука единиците на Македонската војска Маршот го продолжиле кон Караџова и Соботскои на 18 декември пристигнале во селото Фуштани на слободната територија каде се состанале со единиците од третата оперативна зона. На овој марш за 12 дена Македонските партизани поминале околу 350 км. планински и тешкопрооден терен под голем снег и вијулици,слабо облечени и нахранети и под постојана борба со непријателот! Минувајки преку балистичкото, бугарското и германското окупационо подрачје единиците предводени од својот брилијантен Генерал и командант Михајло Апостолски, Командант на ГШ на НОВ и ПОМ успеала да го урне и „Прендовиот Мост‘‘ на комуникацијата Охрид-Ресен и да создаде дополнително нова слободна територија и да регрутира нови доброволци. „Повлекувањето на ГШ на НОВ и ПОМ како и на партиското раководство од Дебарца кон Егејска Македонија го одбележала крајот на стратегијска форма на развојот на НОБ. Единиците биле ослободени од фактот дека се борат на роднокрајниот простор. По формирањето на оперативните формации на веќе осознаената Македонска Војска со јасно дефинирана национална стратегија започнала втората етапа во која Македонската територија дефинитивно прераснала во посебно стратегиско војувалиште а Македонската војска во таа етапа ке биде носителот на Воената победа и конечното ослободување на Македонија. Тоа е многу битен момент и неоспорен факт. Во завршната етапа на ослободувањето на Македонија ке се одиграат повеќе настани од военостратегиски карактер што радикално ќе ја променат стратегиската ситуација на македонскиот простор и ке ја означат Македонија како релативно посебно војувалиште, а МНВ, како целосен воен систем.’’ [284] Секако од посебно значење за понатамошниот тек на востанието имаат овие историски докажано клучни круцијални настани. Редоследно тоа е со ваков тек.

1)-Формирањето на оперативните единици на Македонската Војска и нивното оспособување за војување на целата територија на Македонија

2)-Повлекувањето на Македонската Војска преку Албанија, Грција до Мегленско, чин со кој фактички се анулираат границите од Букурешт 1913!

3)-Реорганизација на војската и преземање на фронтални и други специјални начини на војување со кој Македонската војска стана респектибилна сила ,респектирана од сите военополитички страни!

4)-Ангажирање на стратегиски елитни Германски и Квислиншки сили на окупаторот во судирот со македонските единици.

5)-Присуството на странски мисии во ГШ на НОВ и ПОМ

[284] Тодор Атанасовски, Реорганизација на единиците на НОВ и ПОМ и нивната трансформација стр. 205

6)-Преземање на Офанзиви против Фашистичките завојувачи за конечно ослободување на Македонија.Февруарскиот Поход, Пролетната Офанзива и завршните операции.

„Значајна карактеристика во развојот на оружената борба и во 1944 година, особено во првата половина претставува постоењето и правилното користење на на слободните просториво зафатот на граничниот појас спрема Грција- Егејскиот дел на Македонија и Албанија (Дебарско и Преспанско). Овие простори беа правилно оценети од раководството на НОВ и на ПОМво изведувањето на борбените активности во Македонија под Бугарска Окупација. Особено значајнаулога во развојот на оружената борба во 1944 година одигра слободната територија во Егејскиот дел на Македонија, која поврзана со слободната територија на III оперативна зона со зафатот на Кожуф Планина, претставува сигурна оперативна потпора на единиците на НОВ и ПОМ. На оваа слободна територија во зимата 1943-1944 претстојуваат главните сили на НОВ и ПОМ на Македонија 8 баталјонизаедно со раководството на НОБ ( ЦК КПМ и Главниот Штаб).

На овој простор се одиграа значајни партиско политичко и и воени настани кои што имаа големо влијание врз натамошниот развој на оружената борба во Македонија. Со потпирање на оваа слободна оперативна територија, единиците на НОВ и ПОМ упаѓаат и дејствуваат во Македонија под бугарска окупација и повторно се враќаат во неја. Така во зимата 1943-1944 под притисок на окупаторот главнината на партизанските сили од I, II, и III оперативна зона, претстојуваат на слободната територија во Егејскиот дел на Македонија – згрижени од Македонското и Грчкото народноослободително движење. Според тоа како заклучок се наметнува дека слободната територија во Западна Македонија и на Егејскиот дел на Македонија, поврзана со слободната територија на III оперативна зона, Тиквешијата одиграа значајна улога во развојот на вооружената борба, односно на НОВ и ПОМ во текот на 1943-1944 година. Во одредени кризни периоди во кои беа доведени НОВ и ПОМ слободната улога на Егејска Македонија има непроценлива улога. Овој фактор мошне позитивно влијае брз развојот на оруженото востание во Македонија, што претставува и една од специфичните карактеристики во развојот на НОВ на Македонија''.[285]

## 2.8. Почеток на операциите на македонската војска во 1944 година

Маршот на македонската војска од Дебарца кон егејскиот дел на Македонија започнал на 5 декември преку планината Галичица. Таа природно ги разделува Охридското и Преспанското езеро и од нејзините висови може да се делува и да се движи кон многу правци. Тоа Апостолски добро гознаел и со тоа добил на време при повлекувањето. Така на 9 декември со војската пристигнува во селото Герман јужно од Преспанското езеро, подоцна на 18 декември 1943 година стигнале на Пајак планина. Пајак планина како и Кожуф претставуваат бази на бригадите на НОВ и ПОМ и ГШ во целиот воен период од 1941 до 1944 година и многу често и Михајло Апостолски и

[285] Петар Пепељуговски Прилози за Воената Историја на Македонскиот народ - Нио„Студенски збор Скопје'', 1988 стр. 443-444

партиското раководство се токму таму на терен. Во близината на селото Фуштани биле разместени раководството и обезбедувањето а во околните места и првата Македонско-Косовска бригада. Со 13 дневниот марш биле постигнати основните цели. Раководството и главнината на единиците се извлеквле од германско-балистичкот огнен обрач во западните делови на Македонија, бригадата се поврзала со единиците на Третата оперативна зона и наместо уништување на 20 декември 1943 декември била формирана 2.Македонска Ударна Бригада[286]. Потоа на 23 декември биле формирани три ударни групи на бригади и батаљони, независно од формацискискиот состав. Брилјантна командна стратегија на ГШ и генералот Апостолски, која наместо пораз, ќе наметне битка во континуитет, со долги исцрпувачки маршеви која ниедна окупаторска војска нема да успее да го издржи и следи, ниту пак ќе може да го уништи јадрото на македонската војска.

Во првата ударна група била првата Македонско косовска бригада составена од 3 батаљони. (2 македонски и еден косовски). Во втората група била Втората македонска ударна бригада во состав од три батаљони, Третата пак група батаљони била во состав од два батаљона. Освен тоа во село Фуштани на 21 декември 1943 година било одржано партиско советување и Првиот конгрес на Антифашистичката младина на Македонија. Ова било аминувано и подржано од ГШ на НОВ и ПОМ и неговиот Командант Апостолски кој повторно има дадена политичка подршка за настанот кој иако делува мал тој е историски. На советување покрај другото била анализирана воено – политичката состојба во регионот и биле разгледани можностите да се продолжи и да се прошири борбата низ цела Македонија. Кога ја анализираме оваа ситуација повторно се соочуваме со реалниот непобитен факт на теренот, а тоа е дека теренот во големо мнозинство е населен од македонско население. Сходно тоа одржувањето на првиот конгрес на Антифашистичката младина на Македонија не е направена само од воено аналитичка категорија туку е водена и политички коректно одржана и спроведена. Иако самиот генерал во своите подоцнежни пишани изданија го одбележува настанот како висок воен чин и го потенцира неоспорното потребие од вклучување на што поголем број на младинци во борбата за слобода сепак, од овој аспект гледано тоа е вистинско богатсво за Македонскиот народ бидејки во него се содржи неговото братсво и единство каде и да е тој на својата етногеографска територија. Затоа и за овој чин од македонската историја потребно е дополнително подлабоко, многу сериозно анализирање и од воен и од политички, но и од мегународен аспект.

### 2.9. Офанзивата на Караџова

Македонската Војска во текот на декември 1943 година во борбените дејства во реонот на Гевгелија, Тиквеш и Мариово, со онеспособувањето на рудникот за Лискун во Витолиште, нападот на касарната во Мрежичко ,пругата во Клисура и со разбивањето на Бугарскиот Гарнизон во Конско им нанела значителни загуби на окупаторските сили и ги зголемила своите военоматеријални и човечки ресурси. Потоа, тактички се повлекла на Југ во реонот на Пајак планина Кожув и Караџова. Во почетокот на Јануари започнала

[286] Зборник НОР а,Том VII,књига 2,стр,294-297

комбинираната Германско Бугарска Офанзива или противофанзива на Караџова и Пајак Планина. За овие оперативни дејства Германската команда ангажирала единици од 91 армиски  корпус кој бил дислоциран од Солун. Бригадата „Ебелрајн‘‘од Воден и Лерин и 4 СС дивизија од Лариса. Од Бугарските единици биле ангажирани полкови од 14 и 15 Бугарска дивизија.56 полк од Велес и 54 полк од Битола. Една импресивна сила за офанзива на релативно помал простор дополнително засилен од специјални и комбинирани Бугарско Германски единици. Распоредот на единиците на НОВ и ПОМ бил следен.ГШ и политичкото раководство со пратечките единици и еден батаљон биле стационирани во Фуштани и Тушин. Втората бригада и третата група батаљони се распоредиле во реонот на селото Ноти. Првата бригада била во реонот на Бахово. Подоцна дел од третата група батаљони се распоредил во близината на Лангадија. Аеродромската чета распоредена покрај импровизираниот аеродром си ја вршела својата должност,мзаштита на аеродромот кој бил уреден простор за спуштање кој го користеле западните сојузници редовно снабдувајки ја со оружје и воен материјал Македонската Војска. Интересен е фактот што во тоа време во селата на Пајак Планина се наогала и 30 тата бригада на ЕЛАС од составот на 10 грчка дивизија. Всушност таа бригада била составена главно од Македонски борци односно од месно население. Во борбите што следат соработката и содејствијата на единиците на НОВ и ПОМ при ГШ и ЕЛАС покрај антифашистичкиот карактер имале и видлив национално ослободителен карактер, односно обединувачки карактер! Имајки ги предвид вековните стремежи и борбени традиции на народот и согласно политичката и воената стратегија на раководството, ГШ на НОВ и ПОМ типично за Генералот Апостолски донел храбра одлука единиците да ги продолжат офанзивните дејства. Германско-Бугарската офанзива започнала на 5 јануари а првата фаза на офанзивата на Караџова траела до 11 јануари 1944 година, тој период Германците го зазеле Сботско, Северјани, Фуштани и Пожарско и со засилени одреди дејствувале низ Караџова. Германските сили во овие акции ги употребиле и своите елитни трупи од Солунско и со еден брз марш изненадно ја нападнале втората бригада која пак благодарение на големата снаодливост на воените команданти и борбата гради во гради успеала да ја спаси бригадата од целосно уништување. Бригадата успеала да се извлече од обрачот поделувајки се на два дела. Едниот отстапувал кон Зен, другиот кон Зборско. Третата група батаљони исто така под притисок се повлекувала кон Зен, северно од Лангадиа а со една диверзантска група успеале да ја онеспособат пругата Гевгелија Солун и да спречат нови засилувања на непријателот барем за момент. Единиците тргнувајки од Зен дејствувале офанзивно и со контранапад кон германските сили. Дел од втората бригада се повлекувала кон Тиквеш а третата група батаљони останала да ги брани позициите на Лангадија. Главниот Штаб и генералот Михајло Апостолски се задржал во Тушин настојувајки во тие тешки моменти да донесе вистински одлуки и да ги поврзе и задржи конекциите и врските со сите единици[287]) и да дејствува максимално рационално. Веке на 8 јануари ГШ издал наредба за контранапад на Фуштани а другите единици во своите реони да ја развлечат Германско-Бугарската линија на фронтот. Уште еден брилијантен потез на големиот воен стратег и неспорен талентиран водач и командант Апостолски. Нападот на Фуштани ги изненадил

[287] Михајло Апостоски. Од Кожув до Богомила и Козјак.Скопје ,1959,стр.62-64

Германците и тие биле разбиени. Во таа борба загинале околу 100 германски војници! Тоа не е мала бројка за анализа на балканските боишта а направен од еден класичен контранапад. Третата група баталјони поставила заседа кај Ошин и уништила 15 војници и исто толку заробила со големо количество оружје и муниција. По поразите кај Фуштани и Ошин германската команда издала наредба за повлекување кон Соботско и побарала помош од бугарските 14 и 15 дивизија. На германското барење експресно е одговорено и командантот на бугарската 5 армија генерал Васил Бојдев наредил бигарските 54 и 56 полк од 14 и 15 дивизија да тргнат напред кон Караџова и да им помогнат на Германските сојузници. Борбите продолжиле со несмалена жестина. Веднаш потоа стартувала втората фаза од офанзивата кон Кожув, Караџова и Пајак планина која германско бугарските сили ја започнале на 17 јануари 1944 година. Германците ги групирале силите за напад кон Фуштани, Ноти, а од Гумендже една колона извршила напад преку Пајак планина кон село Ливадија. Бугарските единици напаѓале кон Бахово, Зборско, Лангадиа. Главниот Штаб на НОВ и ПОМ иако бил приклештен од непријателските сили сепак одлучил да го прифати нападот и на јужните падини на Кожув истовремено да се обиде да ги разбие германско - бугарските комбинирани единици на Караџова и Пајак Планина. Доколку тоа неможе да се постигне требало веднаш да започнат со повлекувањето кон Кожув. Тоа биле навистина критични моменти за донесување вистински одлуки. Михајло Апостолки од позиција на Командант со своите соработници и верни соборци тоа добро го знаел затоа имал секогаш и план Б ако работите тргнат во непосакувана насока. Секако состојбата на теренот и убедливо побројниот непријател пред неговиот брилијантен команден ум поставил една тешка задача која сепак генералот успешно ја разрешил. Во втората фаза Македонската војска го имала следнаво позиционирање и распоред. Тој одлучил, Втората бригада да се распореди кон село Фуштани и Тушин а дел од бригадата се наоѓал во тиквешко. Во центарот јужно од Ноти се наоѓала аеродромската чета. На левото Крило на потезот од Лангадиа до Периклеа се наоѓала 3 група на баталјони. Во реонот на село Ноти се наоѓала ГШ и првата Македонско – Косовска бригада. Одлуката на ГШ за одбрана ја прифатила и 30 бригада на ЕЛАС распоредене во реонот на село Ошин. Сепак таа ноќта неочекувано се повлекла кон Зборско. Оваа неочекувана одлука за повлекување без најава на бригадата на ЕЛАС, сигурно придонесло за понатамошните несакани дејствија кои ке следуваат во идните воени операции а и го покажува фактот дека на теренот сепак има недоволна координација помегу ГШ на НОВ и ПОМ и генералот Михајло Апостолски од едната и ЕЛАС од друга страна. Очигледен бил неуспешниот обид на генералот да ја придобие наклоноста на командата на ЕЛАС и на 30 Бригада на ЕЛАС.

На 18 јануари германските единици го започнале нападот од реонот на Фуштани во 3 колони кон село Ноти. Бидејки претходно не ја распоределе артилеријата и се движеле во повеќе правци, може да претпоставиме дека германските сили имале план да извршат претреси и чистење на теренот. Сметале дека Македонската војска се повлекла а не дека се подготвува за офанзивни акции. На тој начин втората, средна германска колона наишла на заседа на патот Фуштани –Ноти кај селото Тушин. Заседата била поставена во вид на потковица и ја разбила Германската колона. Само во таа борба Германците

загубиле 123 војници! Левата и десната колона развиле борба и не и помогнале на заседнатата колона, дополнително отежнувајки и ја положбата. На левото крило пак бугарските сили ја нападнале 3 група на баталјони во реонот на Лангадиа и Пераклеа. Селата три пати поминале од раце во раце во крвавата пресметка, при што бугарските трупи имале големи загуби! Неуспесите кај Тушин и Лангадиа влијалее да претрпи неуспех и непријателската колона што настапувала од Гуменце. Подоцна кога Германците го засилиле притисокот кон ГШ на македонската војска со резервните сили, испратен е по еден баталјон на помош на Втората македонска бригада и третата група на баталјони. Во резерва на ГШ останал само еден баталјон. И повторно по испратените засилувања Македонската војска тргнала во нов против напад. Меѓутоа овој пат генералот Апостолски кој дотогаш брилијантно ги водел операциите не очекувал и немал доволно информации дека во доцните часови при отворена битка на германските сили ке им пристигнува ново засилување. При една таква констелација на настаните ГШ наредил ноќта помеѓу 18 и 19 јануари единиците да се повлечат во правец кон Кожув планина. На 20 јануари единиците се наоѓаат повторно на теренот на Влашките колиби на Кожув Планина. Германските и бугарските сили навлегле на територијата на Караџова и се обиделе со специјални сили да ги следат единиците на НОВ и ПОМ. Вештото маневрирање и спротиставување во услови на длабок снег и вијулици биле сериозна пречка за германските специјални единици и тие го прекинале гонењето на македонските партизански единици. Македонското воено и политичко раководство се состанало кај Влашките Колиби кај месноста Жолта северно од врвот Пиново, на Кожув планина и донеле план за извршувањето на Февруарскиот поход, а потоа во наредните 10 дена се вршеле интензивни подготовки.

**2.10. Февруарскиот Поход – Вовед во конечна победа**

Можеби периодот на Фебруарскиот Поход за време на борбата на Македонскиот Народ за слобода во текот на втората светска војна е краток по траење но, тој е од круцијално значење и е вистинска одлика за упорноста и храброста на Македонските борци во долготрајната херојска борба против фашистичките опкупатори. Фебруарскиот поход е многу содржајна воена но, истовремено е и военополитичка акција. Тој е многу содржаен и од посебно значење за развојот на оружената востание во Македонија вклучително и Егејскиот Дел на Македонија каде дејствува ЕЛАС, но и во делот на денешна Јужна Србија што сразмерно со големината на просторот на кој се водени борбите и бројноста на ангажираните фашистички, окупаторски и квинслиншки сили би можело да се смета за еквивалент со непријателските пета, шеста, седма офанзива против единиците на врховниот Штаб на НОВ и ПОЈ водени низ Југословенските земји. Февруарскиот поход веројатно силно одекнал и се одразил и низ севкупната револуционерна борба во рамките на Југословенскиот отпор и комунистичко и антифашистичко движење, многу веројатно респектиран е и од самиот Јосип Броз Тито. Во оваа битка што ке беснее во зимата 1943 се до пролетта 1944 година повторно се истакнала генијалноста на брилијантниот генерал и командандант на ГШ на НОВ и ПОМ и неговата решителност да се извојува победа, против многукратно посилниот непријател. Во оваа битка што ке беснее во зимата 1943 до пролетта 1944 година, се излеа крвта на Македонските партизани заедно со нивната пот и солзи, заедно со нивната

чемер студ и јад, заедно со нивната храброст одлучност јунаштво и братсво. Заедно со нивната желба за победа и став да ја видат својата Татковина конечно слободна!

**2.11. План за поход**

Откако ја Анализирале военополитичката ситуација, ГШ на НОВ и ПОМ како и партиското раководство и ЦК на КПМ во координација и со делегатот на Врховниот Штаб со широки овластувања во Македонија, Светозар Вукмановиќ Темпо, го разработуваат планот за Февруарскиот поход. Основната замисла на Февруарскиот поход била да се изврши пробив со две оперативни групи[288]. Групите во бројност до бригада претставувале за тогашните услови во Македонија навистина голема бројка на вооружени борци, односно се работи за значајно големи сили, кои ќе бидат испратени од политичкото и воеНото раководство од највисоките форуми. Едната група требало да се пробива низ Централна а другата низ Источна Македонија. За една борбена група баталјони пак со бројност од околу една бригада, требала да остане на просторот на Кожув планина, потоа да дејствува во Тиквеш и воопшто по десниот брег по течението на реката Вардар јужно од Велес. Ваквата замисла за Февруарскиот поход покажува дека ЦК на КПМ и ГШ на НОВ И ПОМ во меѓусебните координации сакале што поскоро и што повеќе да се разгори востанието во целата Македонија. Командантот генералот Михајло Апостолски како докажан и почитуван водач, го разработил планот до најситните детали. Тој увидел дека само со разгоривањето на востанието на целата територија тоа ке стане помасовно и општонародно и ќе биде општоприфатливо за слободарскиот Македонски Народ но и за сите народности што живеат во Македонија. Со избивањето пак на Козјачкиот Масив и обединувањето на дејствијата на сите единици во реонот на ЦрнаТрава-Врање-Куманово-Крива Паланка, понатаму ќе се создаде обединет силен фронт за борбата против завојувачките фашистички окупатори. Освен утврдување на задачите на единиците планот предвидувал и политичко и воено раководење во новите реони и краишта каде биле упатени односно каде се претпоставувало дека ке се задржат одредени бригади. Така за политичко и воено раководење во централниот дел на Македонија (Прилеп, Велес и Западна Македонија бил предвиден Комесарот на ГШ Цветко Узуновски-Абаз[289] и заменик Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ Панче Неделковски[290].

---

[288] Овие групи при се што по јачина на своите сили се мали ,ги викам оперативни,поради тоа што тие ,независно од јачината по се друго(големината и ангажираните непријателски сили,поставените цели и др.)извршуваа оперативни Задачи.- Михајло Апостолски- Февруарски Поход, НИК Наша книга Скопје,1973 година, стр.113 -Михајло Апостолски-Од Кожув до Богомила и Козјак.–Скопје, 1959

[289] Цветко Узуновски-Абаз (Царев Двор-Ресенско,24 декември 1912-Скопје 24 мај 1994). Комунист, учесник во Шпанската граѓанска војна. Учесник во НОБ и носител на многу политички функции. Политички комесар на ГШ на НОВ и ПОМ. Член на ЦК на КПМ од нејзиното формирање. Член на иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Член на Президиумот на АСНОМ. Истакнат политички функционер по ослободувањето. Прв Началник на ОЗН за Македонија. Пензиониран како Генерал полковник на ЈНА. Последниот преживеан борец од ѓраѓанската војна во Шпанија.- „Македонска енциклопедија“, МАНУ, Скопје, 2009, 1527-1528 стр.

[290] Панче Неделковски-Полошки (Скопје 24 април 1912- Краљево Србија 11 октомври 1945). Комунист, учесник во НОБ. Заменик командант на ГШ на НОВ и ПОМ. -Македонска енциклопедија“, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2009, том II, 1041 стр.

За Политичко и Воено раководење во Тиквеш и десниот брег на Вардар, во реонот на Кожув биле оставени Добривие Радосављевиќ Орце и Борко Темелковски-Љиљак[291]. Преку овој реон, била одржувана целокупната врска за време на Февруарскиот Поход што давало дополнителна тежина на целата операција. Потребно нужно било одржување радио врски со сите единици и партиските организации низ целата Македонија. Од военостратегиски аспект гледано тоа била исклучително тешка и сложена задача која морала безпрекорно да се одвива. Раководството во реонот на Кожув, покрај другото, добил многу деликатна задача а тоа е следното. Да одржува врска со грчкото движење на отпорот ЕЛАС во Егејска Македонија, што веке се покажало како поприлично сложено при операциите во и да организира содејство ако дојде до изведување заеднички воени акции како што е случајот со ненајавеното повлекување на 30 тата бригада на ЕЛАС кај селото Ошин. Во врска со ова раководството на реонот Кожув требало да решава повеќе прашања со раководителите на ЕЛАС во Егејска Македонија, што неминовно се јавувале поради претстојот на иста територија! Генералот Апостолски предупредувал на внимателност при акциите. За источна и северна Македонија, военото и политичкото раководство им дало примат на обединувањето на дејствијата на единиците распоредени на Македонска, Српска и Косовска територија за поефикасно дејствување на територијата на Куманово-Крива Паланка-Врање-Црна Трава-Лужница. Раководењето на операциите му припаднало на делегатот на Врховниот Штаб на НОВ и ПОЈ Светозар Вукмановиќ Темпо, во координација со на ЦК на КПМ и на ГШ на НОВ и ПОМ. Конкретните задачи кои им биле доделени и поставени на единиците за дејство во Фебруарскиот поход биле следните. а)1 македонско – косовска ударна бригада со комесарот и заменик командантот на ГШ на НОВ и ПОМ тргнувана марш во правецот: Селото Бахово-Мариово-Дрен-Мукос-Бабуна Планина, со задача да дејствува во централниот дел на Македонија, задржувајки се во Азот и Пореч и така присутни на терен повторно во тие краишта да се разгори востанието. б) 2- Македонска Ударна бригада, добила задача да дејствува во Тиквеш и реонот на Гевгелија, со потпирањето на слободната територија на Караџова-Кожув-Пајак Планина. Целта на бригадата била со офанзивни дејства да делува во правец кон Кавадарци и Демиркапија за да привлече на себе вниманието на бугарскиот Окупатор, за да врзе поголем број негови единици во Вардарска Македонија, а со ова да го олесни пробивањето на 1 македонско косовска ударна бригада во централна Македонија и третата група на батаљони низ Источна Македонија. в) третата група на батаљони, со ГШ на Македонија, ЦК КПМ и делегатот на ВШ односно целосното Военополитичко раководство и командантот на НОВ и ПОМ генералот Апостолски, имал задача да го премине Вардар, да се пробие низ источна Македонија и да избие на секторот, Куманово-Крива Паланка-Врање-ЦрнаТрава-Лужница за да се соедини со македонските, јужносрпските и косовски единици во овој реон и понатаму да дејствува според новонастанатата ситуација. г)Болните и ранетите борци биле оставени да се лекуваат на слободната територија во реонот на Кожув. д)

[291] Борко Темелковски-Љиљак ( Прилеп, 20 декември 1919- Скопје 21 ноември 2001). Комунист, учесник во НОБ, носител на партизанска споменица 1941 година, член на ГШ на НОВ и ПОМ, член на иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, делегат на првото заседание на АСНОМ, повоен политичар. Со орден на народен херој е одликуван на 9 октомври 1953 година.- Народни херои од Македонија, Наша книга, Скопје, 1973 г., стр. 367-373.

било предвидено времето за почетокот на воените акции. Тоа бил последниот јануарски ден, 31јануари 1944 година и тоа, 1 Македонско косовска бригада да појде од село Бахово, 2 Македонска ударна бригада да појде од селото Зборско и третата група на баталјони да тргне на 31 јануари вечерта исто така од Зборско. ѓ) Бидејки врските биле сериозен проблем било предвидено ГШ редовно да оржува врска со 1 и 2 бригада, потоа да се одржуваат врски со раководството во западна Македонија и Преспа преку радио врска, а периодично и преку курири со одредените бази во реонот на Кожув и на Козјачкиот Масив. Планот бил брилијантен но реално многу тешко остварлив и поради реалниот проблем на одржување на комуникациите на единиците поради големиот простран терен. Тоа се потврдило и во текот на маршот каде практично постоела само радио врска. Иако таа била непостојана и несигурна обезбедила редовна комуникација и доволно им помогнала на бригадите и баталјоните во маршовите и пробивите. Исто така писмата испраќани по куририте претставувале проблем бидејки често пати доцнеле Треба да се напомене дека во време на консултациите и создавањето на планот за Февруарскиот Поход, ГШ на НОВ и ПОМ имал редовна радиоврска со ВШ на НОВ и ПОЈ. Радиостаниците обезбедени од пленот добиен од единиците од западна Македонија како и од помошта на сојузничките англиски воени мисии, ГШ се снабдил со доволен број на радиостаници така да можело да се одржува контакт со сите бригади според планот на Февруарскиот Поход. Во тоа време кај Главниот Штаб на Македонија постоеле две англиски мисии. Првата пристигната претходно во ГШ во Дебарца приклучена кон 1 Македонско Косовска бригада а втората мисија била оставена на располагање на Военополитичкото раководство во реонот на Кожув. ГШ не ја повел англиската воена мисија затоа што на територијата на Куманово-Врање-Црна Трава постоела посебна трета англиска воена мисија, упатена уште во есента 1943 година од Дебарца со Шарпланинскиот одред. Заклучно според овој план од 20 до 30 јануари 1944 година во сите штабови на бригадите и баталјоните на НОВ и ПОМ биле завршени сите подготовки за започнувањето на маршот, односно за спроведување на задачите што биле поставени од ГШ. Михајло Апостолски бил исправен пред до тогаш за него најголемиот предизвик. Тој успешно ќе се понесе и ќе го покаже целото свое воено знаење и моќ на одлучување, во тешки скоро невозможни ситуации за војување. Затоа после овој поход неговото име нема само со почит да се изговорува, туку и ќе се пее за својот командант Апостолски. После овој бриљаијантно изведен поход тој ќе стане жива легенда.

Може да се заклучи дека поставувањето на Светозар Вукмановиќ Темпо како командант на походот, пред се на политичкото раковоство при водењето на акцијата а присутен како член и избран делегат на Врховниот Штаб на НОВ и ПОЈ е пред се политички чин. Самиот Светозар Вукмановиќ Темпо бил многу свесен дека ке биде во постојана координација со на ЦК на КПМ и на ГШ на НОВ и ПОМ односно под фактичко командување координација од суверенот на теренот Врховниот командант и генерал на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски. Тој овој пат тоа не го негирал, напротив бил длабоко свесен за големината на Апостолски, и за важноста тој да остане командант на НОВ и на ПОМ. Нивните коректни односи овојпат ќе бидат од полза на целокупното военото дејствување на ГШ на НОВ и ПОМ како сојузници во антифашистистичката борба.

## 2.12. Одлука замисла и почеток на Февруарскиот поход

При крајот на јануари во реонот на Меглен и на Кожув се наоѓаат Првата Македонско-косовска, Втората македонска ударна бригада и групата ударни батаљони „Христо Ботев‘‘ и „Стив Наумов ‘‘кои биле на ниво на бригада. Бригадите и групата батаљони, добро се опремиле и вооружиле и биле спремни за понатамошните воени дејствија. Откако военополитичкото раководсто детално ја анализирало воената и политичката ситуација, оценило дека окупаторот ќе преземе уште посилна сеопфатна офанзива за справување со силите на НОВ и ПОМ. Затоа военополитичкото раководство и командантот и генералот при ГШ на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски, внимателно го разработило планот за Февруараскиот поход, длабоко свесно за тешките условите при кои треба да се изведе походот. Основната замисла за Февруарскиот поход била да се изврши пробив со две оперативни групи, во бројност до бригади кои ке имаат воено и политичко водство од највиките форуми. Конечната одлука била следната: Со една група, пробивот да се изврши во правец кон централна Македонија а со друга во правец кон источна Македонија. Третата група која била исто така во бројност на бригада останала во регионот на Кожув со задача да дејствува во Тиквеш и по десниот брег на реката Вардар јужно од Велес. Со таква замисла Военото и политичкото раководство имале за цел востанието што повеќе да се разгори во цела Македонија и да се создадат поголеми слободни територии. Исто така било одлучено болните и ранетите борци кои биле во голем број по сите претходни фактички непрекинати и континуирани борби водени со непријателот да останат на лекување во болниците на слободната територија на Кожуф[292]. Со таквата замисла и одлука, со голем елан и одлучност, започнал походот.

## 2.13. Богомилски Поход

Првата Македонско косовска ударна бригада тргнува во Февруарскиот поход од селото Бахово на 31 јануари 1944 година попладне. Така започнува нејзиниот славен и легендарен т.н. „Богомилски поход” кон централниот дел на Македонија, во правец кон Азот и Пореч. Маршот започнал според планот без разлика на тешкотиите што ги носела зимата особено големиот длабок снег. Треба да се истакне дека ниту првата Македонско –Косовска бригада ниту пак другите единици на НОВ и ПОМ не биле соодветно опремени да дејствуваат во услови на толку голем снег. Движејќи се низ тежок терен со планински ртови и совладувајќи високи врвови и планински коти, слабата опременост и оскудната облека дополнително го отежнувале дејанието во зимските услови на Првата бригада. Поради сиве реални недостатоци, походот и воените акции кои ги извршила Првата Македонско –Косовска бригада може слободно да заклучиме дека се легендарни и ретко видени по боиштата. Неопременоста на борците со зимска опрема доаѓа до израз веќе на четвртиот ден од маршот кога и започнуваат долгите упорни борби со непријателот кои траеле без прекин се до 12 февруари. Поради извонрено тешките атмосверски услови и многу брзата интервенција на бугарските окупаторски сили во бројност од преку две дивизии, навлегувањето на Првата Македонско-Косовска бригада во централниот дел на Македонија бил извонредно тежок. Бригадата се пробила

[292] Михаило Апостолски,Февруарски поход,стр 116-117 ,Скопје 1959

и навлегла во правец на Мариовско преку селото Дрен. Потоа преку планината Бабуна се движела кон Азот и Пореч. Цели 14 дена единиците на бригадата воделе тешки и упорни борби, дење и ноќе изведувајки долги и напорни маршеви. Без храна, голи и боси без одмор борците ги издржале нападите на далеку понадмоќниот непријател од 14 и 15 бугарска пешадиска дивизија, засилена од жандармериско полициски сили. По тргнувањето, бригадата го минала денот во колибите на селото Бешиште каде се снабдела со храна и намирници. Ноќта помеѓу 1/2 Февруари бигадата ја минала Црна река кај месноста „Расимбегов Мост'' и го поминала денот во колибите на селото Вепрчани. Ноќта на 2/3 февруари бригадата се пробива до село Дрен и селото Смољани во кои ќе остане во текот на денот за да се одмори. Впечатливо е дека на почетокот на маршот бригадата се движела и маневрирала во ноќни услови а одмарала дневно. Во првите три дена бригадата немала судири со бугарските сили, таа се движела притаено движејки се и користејки ги природните превои помеѓу планините, како што било договорено на координациите пред походот и по сугерирањето на Апостолски, но откако бугарското воено водство го открила правецот на движењето на бригадата состојбата на терен драматично се сменила. Може да се констатира дека откако е откриен правецот на движење на бригадата, бугарската команда според ефикасноста на мерките што ги презела, брзината на дејствувањето како и бројноста на ангажираните сили ги предосетила и правилно ги согледала намерите на Првата Македонско - Косовска бригада, односно таа да навлезе на територијата на централниот дел на Македонија. Ноќта на 3/4 февруари по маршот од с. Дрен до с. Никодин бригадата влегла без борба. Во селото Никодин бригадата се одмара и ги надоплнува залихите за храна. Додека претстојувала во селото се одржал митинг кој го организирало партиското раководство и политичкиот комесар на кој присуствувало скоро целото селско население. Меѓутоа додека траел митингот бугарските сили извршиле ненадеен напад и тука фактички доаѓа до првиот посериозен судир помеѓу бригадата и бугарската војска и полиција. Селото паѓало од рака во рака и хаотичните борби траеле до ноќта. Бригадата со маневрирање успеала, да се извлече од селото, да се заобиколат бугарските вкопани сили и да се избегнат непотребни дополнителни жртви. Инаку бугарската страна имала повеќе од 20 мртви во овој судир. Бригадата патот го продолжила кон селото Степанци. Во Степанци бригадата повторно имала голем успех во борбите, бидејки овојпат таа ги изненадила бугарските осигурителни полициски сили, ги заробила и разоружала. Конечно на 5 февруари бригадата се стационирала кај манастирот Св.Димитрија како било претходно планирано, каде борците здивнале од борбите се одмориле и нахраниле.

За да стигне што поскоро на територијата одредена од ГШ предводен од генералот Апостолски во Азот и Пореч, бригадата секоја ноќ ја користела за марш а преку ден одмарала вешто маневрирајки низ планинските сртови и долини. Така до 6 февруари изминала пат помеѓу манастирот Св. Димитрија планината Мукос, да помине на територијата на Азот, во селата Ореов Дол, Габровник и селото Мокрени. Маршот во текот на 5/6 бил исклучително тежок. Се марширало на еден многу тежок терен, заледен гребен, покриен со голем снег. Дувал многу силен ветер кој го отежнувал дишењето. „Дуваше многу силен ветер. Борците беа многу исцрпени од дотогашните долги маршеви и од борбите што ги водеа, а траеја неколку дена без престан и одмор, па затоа

се движеа многу споро. Во таа фортуна и темна ноќ се случи нешто кое никогаш дотогаш и ни подоцна не беше забележано. Ненадејно една глутница волци ја нападна колоната, за да се одбранат борците мораа да го употребат оружјето –настана вистинска борба[293]". Објаснувањето на генералот Апостолски овековечени во неговите книги за Февруарскиот поход го покажува неверојатното патешествие на бригадата. Навистина ова претставувало едно неверојатно патешествие, исполнето со борби и со окупаторски војски и со вистински зверови.

Околу 14 часот попладне веќе откриени од бугарската потера која упорно ја следела, бригадата е нападната од неколку колони бугарски војски кои концентрично настапувале кон селата. Бригадата веднаш се организирала за одбранбена борба и се сконцентрирала главно во селото Ореов Дол. Борбата со многукратно посилниот непријател траела од 14 до 18 часот. Нападот на непријателските бугарски сили е запрен и нанесени им се сериозни загуби Се смета дека во борбите околу Ореов дол загинале околу 30 тина бугарски војници. По стемнувањето двете страни се повлекуваат од борбата. Првата Македонско Косовска бригада, тогаш го презема својот легендарен марш кон богомилскиот тунел. Овој марш се одвивал низ се поголем снег и бил далеку потежок од маршевите изведени претходните денови. Затоа овој марш е попознат и како богомилски поход или богомилски марш.

Бугарските единици по тактичкото повлекување се регрупирале и веќе следнит ден повторно доаѓа до сериозна престрелка кај месноста Ореова Чука. Бригадата се движела по гребенот преку тунелот кај селото Богомила. Околу 7 часот позадинските патроли забележиле придвижување од бугарската страна, односно станало јасно дека бугарските единици ја пратат бригадата. Неколку колони се движеле токму кон месноста Ореова Чука. Станало јасно кој прв ке ја освои стратегиски битната позиција ке има предност во битката. Со голема пожртвуваност согледувајки ја новонастанатата позиција на теренот, единиците на бригадата први ја зазеле котата на Ореовата Чука. Бугарската команда во стравот 1 Македонско косовска бригада да не го заземе тунелот кај Богомила кој претставувал најзначаен објект на пругата Битола –Прилеп-Велес, главницата на своите сили ја сконцентрирал токму на тој потез. Во текот на целата операција на бугарските сили им пристигнувало засилување со свежи трупи пренесувани со камиони и со возови во правец од Велес и Прилеп. Се смета дека на 7 февруари на местото околу богомилскиот тунел биле сконцентрирани 3 бугарски полка со артилериски единици за помош на нападите. Со уфрлање на свежи трупи во битката, непрестано се напаѓале освоените позиции на Ореова Чука. Истовремено непријателските сили го стегале обрачот околу бригадата сакајки целосно да ја опколи и отсече на неколку делови. Единствен слободен премин бил оној кој водел кон Солунска Глава. Котата 2540-која всушност поради големиот снег и мраз била скоро невозможна за премин а дополнително и во околните месности биле разместени бугарски сили. Бригадата морала да дејствува енергично и успеала да ги разбие една по една колоните кои надоагале кон нејзините позиции. Тоа било навистина големо јунаштво и храброст покажана од военополитичкото раководство и од сите борци на бригадата. Бугарските сили на 7

[293] Михаило Апостолски,Февруарски поход, НИП наша книга, Скопје 1973 година. стр-122

јануари 1944 година имале навистина големи загуби од 70 мртви војници и двојно повеќе ранети. Откако бугарската команда увидела дека неможе лесно да ја разбие бригадата со директи напади се одлучила да преземе други тактики кои биле помалку офанзивни а со цел да ги утврди стекнатите позиции и да ги заземе сите околни села со што ке се обиде да ја отсече и исцрпи бригадата и да ја остави без намирници. Бугарската команда имајки искуство од претходните борби знаела дека на бригадата и е неопходен одмор и окрепа на силите во блиските села и токму за тоа се одлучила на тактиката со исцрпување. Доколку бригадата се упателa во било кое село во близината веднаш би налетала на бугарска заседа. Таа тактика Бугарите често ја применувале и во текот на 1942 и 1943 година и им донела често пати успешен исход. Но тогаш единиците на ГШ на НОВ и ПОМ биле значително помали и со помала маневарска способност и извежбаност. Бугарската страна немала во вид дека се судира со една навистина силна прекалена и добро извежбана воена единица! Исто така тие немале во предвид дека во 1942 на терен сеуште не бил излезен Михајло Апостолски, со тоа ги потцениле способностите на македонската војска. Главниот Штаб на НОВ и ПОМ и Командантот Генералот Михајло Апостолски имале изградено брилијантна тактика за пробиви истовремено во повеќе правци и за повторно соединување на единиците. Тоа се покажало и во идните акции била уникатна посебност на дејанијата на македонските бригади на теренот. Едноставно бугарската страна чуствувајки се супериорно, не била свесна дека бригадите и одредите комуницираат помеѓу себе со радиостаници и курири, и имаат единствена военополитичка команда, но исто така сеуште не биле свесни и за брилијантноста на командантот на противникот.

Борбата за месноста „Ореова Чука''траеле се до 18 часот кога бригадата ги прекинала дејствијата и по консултациите со военополитичкото водство се пробила до селото Богомила по тежок и стрмен терен. Очекувано, повторно наишле на бугарска заседа но овојпат подобро организирана. Нејзините единиците биле добронаоружани и вкопани. На теренот се развила жестока битка од многу блиско растојание во тешки ноќни услови. И овојпат бригадата се пробила иако еден дел од заштитницата се одвоил и самостојно ги пробивал бугарските заседи од соседните села. Двата дела се споиле во селото Мокрени и продолжиле повторно во правец кон манастирот Св.Димитрија. Интересен е фактот што во овие борби бугарската страна употребила и еден оклопен воз. Тој се движел по пругата и маневрирајки во обете насоки го штител тунелот од минирање и со артилериски средства дејствувал кон бригадата. Освен силните пешадиски имало концентација и на артилериски сили околу Богомилскиот тунел. Веднаш по пробивот раководството на 1 бригада заклучила дека 5 бугарска армија има концентрирано многу големи сили со бројност од околу 2 дивизии дополнети со жандарми, полиција и таканаречени селски ловечки стражи. Согледувајки ја состојбата раководството увидело дека неможе да се пробие кон Азот бидејки сигурно бригадата ке биде гонета опколена а веројатно подоцна и разбиена на неколку дела. По анализата

на новонастанатата ситуација донесена одлука да се преземе марш за враќање кон слободната територија во Егејска Македонија на појдовните позициите пред походот.[294]

После успешните борби кои ги имаше бригадата во првата седмица од пробивот неминовно се наметнува прашањето зошто бригадата не продолжи кон Дебарца кога веке еден баталјон успешно се пробил. Јасно е дека ако тргнела во пробив, бригадата ке се пробиела кон Дебарца но, потоа ке се судрела и со германските и балистичките сили и сигурно ке имала големи проблеми за дотур на муниција, облека и храна. Во едни такви воени околности одлуката на раководството е целосно точна и од военоаналитички аспект гледано исправна. Одлуката за пробив е веднаш спроведена и Бригадата се пробива од Мукос кон Манастирот Св.Димитрија. Борбата започнува на 8 јануари во 10 часот наутро и трае цел ден. Се водат битки со Јуриши од обете страни. Во хаотичната битка, Бугарските сили повторно ги ангажираат своите специјални единици ловечките дружини, ловечки баталјони, жандармерија и полиција. По долги исцрпувачки борби бригадата успева дури и да ги истисне бугарските трупи и делумно да ги разбие во одредени реони и да се пробие кон манастирот Св.Димитрија а оттаму кон врвот Илин Врв (котата 1222 –кај селото Никодин) каде пристигнува изутрината на 9 февруари.

Изутрината на 9 февруари на Илин Врв, околу 10 часот бригадата повторно е следена од бугарската претходница и нејзината отстапница повторно стапува во борба. Секоја ноќ, бригадата успевала да се оддалечи временски околу 4 часа од Бугарските сили а секој ден тие со својата мобилност успевале да ја стигнат и да започнат борба. Ова значело дека бугарските команданти имале свежи резервни сили за водење борба. Реално и бугарската страна имала добри стратези кои се спротиставиле на овој поход и биле длабоко свесни за моќта на оваа силна ударна единица. Затоа и резервните и специјални сили на бугарската армија биле солидно добро распоредени при маршот на Првата македонско косовска бригада и релативно брзо успевале да ги откријат намерите и правците на дејанија на бригадата. Како и да е секогаш баталјоните на бригадата први напаѓале и ја наметнувале битката, со тоа и успевале да го одолжат опкружувањето, извршувале заседи а подоцна и смртоносни жестоки и брзи пробиви кон нови територии. Така се разбиени бугарските претходници на 9 февруари на Илин Врв и на 10 февруари кај селото Дрен каде пак овој пат претходницата на бригадата успеала да ја разбие бугарската заседа.„Ноќта и снегот доведоа до тоа да 1 Македонско Косовска Ударна бригада ненадејно се најде на околу 100 м. од бугарските позиции од кои беше засипана со силен оган од митралези и пушки[295]. Во својот дневник командантот на бригадата продолжува:

„Околу 20 часот, североисточно од с.Никодин на чистинката наидовме на непријателските стрелечки строј со вкопани пушкомитралези и митралези. Бевме во

---

[294] одлуката за враќање на бригадата на слободна територија во Егејска Македонија ,донесена е на состанокотна политичкиот комесар и командантот на ГШ со штабот на бригадата.-Михајло Апостолски „Февруарски Поход„ –НИП наша книга Скопје 1973 година.стр-125

[295] Извештај на Штабот на 1.Македонско-косовска бригада од 17.02-1944 година –Оригинал во ИНИ – Скопје

дожд од куршуми. Околу петнаесетина минути лежевме на сто метри близу до непријателот без да можеме да дадеме некаков отпор. Веднаш потоа отворивме оган и вториот батаљон изврши јуриш. Непријателското десно крило беше наполно истиснато. Непријателот повторно се обиде да изврши јуриш но беше одбиен. Една наша чета ги нападна од грб опфатно.[296]

Од извештајот и дневникот на командантот може да се види во ноќта на 10 ти февруари продолжиле и се развиле жестоки блиски битки, борби кои середеле една по друга. Но и покрај силниот отпор на непријателските сили бил извршен пробив во правец кон патот Прилеп –Кавадарци.

На патот кон Горен Радобил бригадата нишла на вкопани бугарски претходници и Жандармерија што го бранела селото. Со силен јуриш Горен Радобил е заземен на ист начин како и претходните борби од кратки растојанија. Всушност доаѓало за борби гради в гради и буквално фаќање за гуша што било навистина неверојатно. Бригадата цело време била зафатена во некаков подвижен огнен обрач а таа како змија со пробиви на претходницата се движела напред а заштитницата успешно ги одбивала.

Почнувајки од борбите на Ореова Чука кај Богомилскиот тунел и покрај низата успеси и пробиви што ги направи сепак реално е да се констатира дека 1 бригада не успеала да се одвои од бугарските трупи. Дури и времетраењето на обновените судури се смалило од 4 до 5 часа без борба на само 2 до 3 часа. Фактички на терен 5 бугарска армија, откако успеала да ја концентрира главнината на силите на 14 и 15 бугарска дивизија заедно со околиските и обласни и полициски сили и артилериски единици ги имала зафатено скоро сите поважни точки и населби и така била во состојба секој ден да води борби со свежи единици, ангажирајки ги секојдневно и наизменично уфрлајки ги во битка. Со оваа тактика бугарската команда веќе кон 10 Февруари успеала да ги исцрпи борците на Првата Македонско косовска бригада. Дополнителен проблем освен долгите и постојани маршеви, бил и лошата исхрана и големиот студ. Во овој период од офанзивата и секојдневните битки, се чини на прв поглед, конечно бугарската воена команда на петтата бугарска армија имала успех и ги дофатила македонските батаљони од претходницата и затилокот на Првата македонско косовска бригада. Но исходот од битката ќе ги демантира овие информации.

На 10 февруари по приближувањето на бригадата кон Горен Радобил можеле повторно да се видат колони камиони и оклопни возила со кои командата на 5 бугарска армија сакала да ги сочува позициите. Дополнително повторно донесени се и свежи трупи да ги заменат исцрпените во битка војници. Таков конфор бригадата немала освен потпората од народот во освоените села и краеви а тоа во овој случај било повеќе од доволно поради многу фактури. Како и да е бригадата успева повторно да се пробие и да се насочи во правецот кон Црна Река со цел да ја помине и да се одвои од бугарската потера. На 11 февруари бригадата пристигнува во селото Галиште на левата брег на Црна река. Постоеле два моста на Црна река. Еден на патот Прилеп-Кавадарци кај селото

---

[296] Петар Брајевиќ.„Борбениот пат на Првата Македонско-Косовска бригада, статија за Брошура „Народно –ослободителната борба во Македонија"стр-72-73.

Возарци и другиот на патот Прилеп - Витолиште односно познатиот таканаречен Расинбеговиот мост. Двата моста биле зафатени од силни утврдени бугарските сили. Очекувајки ја Првата македонско косовска бригада точно предвидувајки ги нејзините движења по напуштањето на богомилскиот тунел а тоа е движењето кон слободната територија кон Егејска Македонија.

Реално гледано овојпат бригадата се наоѓала во многу неповолна и тешка ситуација. Тоа го оценило и констатирало и нејзиното раководство. Било неопходно да се пронајде премин преку Црна река. Тоа била и решавачката задача и конечно решение за успешен пробив на бригадата. На 11 Февруари раководството енергично ги презело следните мерки. Една група од избрани пливачи била испратена во извидување на Црна река со задача да пронајде премин каде реката е поплитка и каде може да се премине на другиот брег. Извидничката група конечно нашла на погодно место за премин каде реката била поширика (150-200м.) а нивото поради тоа било ниско (70-80см). Веднаш е направен мостобран. По создавањето на мостобранот на десниот брег на Црна река започнува префрлувањето. Реорганизирана во четири групи за полесно преминување, бригадата ја преминува Црна река внимателно следејки го непријателот чии колони веќе биле во дофат на заштитницата .

Додека бригадата ја преминувала Црна река еден баталјон од Втората Македонска ударна бригада изненадно избил неколку километри јужно од преминот и префатил кон себе борба со бугарските единици. На тој начин втората Македонска бригада несвесно им помогнала на соборците од Првата македонско-косовска бригада да ја преминат реката релативно лесно, без борба.

Веднаш по преминувањето, бригадата го продолжила маршот кон Клиновските колиби каде што го минала денот. Таа била истоштена, секој борец бил истоштен но се реорганизирала и се одморила. Добила малку на време и ги надополнила своите резерви на храна и облека. Истиот ден започнува последната етапа на маршот на бригадата, преку Кожув до Егејска Македонија на слободната територија одкаде и го започнала легендарнот марш. Оваа последна етапа на маршот од Клиновски колиби до подножјето на Кожуф планина траела 45 часа непрекинат марш што е фасцинантно и од воен аспект гледано својствено само за најдобрите специјални сили на војските. Тоа може да се констатира и во денешни услови е за восхит. Со тоа движење бригадата успеала привремено да се одвои од деловите на бугарската потера но големиот снег и вејавица го успорувале движењето. Борците повторно биле исцрпени до крајни граници. Самиот командант во една статија изјавил„личеше повеќе на лазење отколку одење”. Конечно по два дена марш на 14 февруари бригадата пристигнала во (Караџова) Моглен – во селото Бахово. Овој дел од походот, патот од Црна река до Бахово бил врежан во меморијата на многу борци како најтежок и најмрачен потежок и од најтешките и најкрвави борби.

Епопејата на Првата македонско косовска ударна бригада е за паметење бидејки во Фебруарскиот поход таа изминала од Караџова до Азот (до Богомилскиот тунел на пругата Битола-Прилеп-Велес), во време од 31 ви јануари до 14 ти Февруари 1944 година водејки постојана крвава и упорна борба пат од околу 260 км. Тоа е просечно дневно

по 18 км. секојдневно совладувајки висинска разлика од околу 800 метра со искачување или симнување по планините. Тоа е навистина неверојатно успешно војничко пешадиско достигнување за висок респект кај секоја редовна воена армија. Тоа во својот личен дневник го забележал командантот на НОВ и ПОМ генералот Апостолски кој бил брилијантен стратег токму поради претходната анализа на теренот.

И покрај толку големиот напор бригадата постигнала големи успеси бидејки успеала да привлече кон своето јадро и да ангажира големи сили и свежи трупи на непријателската бугарска армија. Фактичка 1 Македонско-косовска бригада водела крвава и вистинска војна во центарот на Македонија, во пределот помеѓу градовите Прилеп и Велес со главните сили на 5 бугарска армија. Во овој тежок судир на страната на бригадата се вклучило и населението, и со тој чин помагајки им на единиците со храна и облека и прибирајки ги ранетите им дало засолниште и потпора на борците. Истовремено, многумина новоприодојдени борци токму од домородното македонско население ги пополнило испразнетите редови на бригадата давајки и свежина. Населението од селата и околиите низ кои поминувала бригадата придонесло и со извиднички и курирски активности.

Во февруарсиот поход исто така за одбележување е и фактот дека бригадата покажала голема маневарска способност. Покрај огромните напори што морала да ги издржи бригадата по прекините на борбите на одделни позиции, за кратко време се префрлала на друга позиции и реони. По префрлањето и форсирањето на Црна река, во еден долг марш бригадата успешно се одвоила од бугарската потера и излегла од обрачот без значителни загуби. Нејзината маневарска способност уште повеќе се истакнува кога се има предвид тешкиот терен каде дејствувала и го извела маршот често преминувајки масиви од 1500 до 2000 метри надморска висина на (Кожуф) планина прекриени со голем снег и лед и неповолни временски услови исполнети со многу врнежи од снег, магла и лизгав заледен терен.

За големата борбена готовност на борбениот состав и командандантите говори фактот дека, бригадата водела непрекинати борби во тешки временски услови со далеку понадмоќен и подобро вооружен непријател во периодот од 4 до 12 февруари 1944 година. Против многукратно посилниот непријател бригадата ќе успее да се пробие од секое тактичко опкружување и ќе ја задржи иницијативата во борбите.

Главниот Штаб на НОВ и ПОМ на Македонија ја пофали бригадата со својата посебна наредба[297] од 26 март 1944 година. За напорите што ги издржала, за борбената готовност, за борбеноста и високиот морал на борците. Според Командантот на НОВ и ПОМ Генералот Михајло Апостолски, треба да се истакне и потенцира фактот дека борците го издржале целиот овој напор иако биле недоволно облечени скоро боси и

[297] Пофалбата од 26-03-1944 во оригинал гласи:Главниот Штаб на НОВ и ПОМ им изразуе длабоко признание и благодарност на борците, командирите командантите и политичките работници на I-та Македонско –косовска ударна бригада за појавената храброст и тврдост во 10 дневните борби против бугарските окупаторски војски. Особена благодарност се изразуе на храбриот Командант Петар Брајовиќ за мудрото водство и раководење на бригадата. За ГШ на НОВ и ПОМ –Командант- Генерал Михајло Апостолски!
Зборник, том -7 книга -3, документ 37 ,-стр. 120-121.

полуголи и недоволно нахранети поради постојаните борби, може да се објасни единствено само поради нивната висока пред се национална но и политичка свест. Борците на бригадата биле наполно свесни дека се борат во праведна борба, и дека се борат за слободата на својот народ но и за нов општествен поредок на идната држава. Само таквата свест реално можела да го задржи високиот морал на единиците во многу бројните тешки ситуации и да овозможи борците да ги совладаат сите физички и психички искушенија. Реално такви искушенија совладувале пред се револуционерните движења односно армии каква била и нашата, Македонската војска која се прекалила низ Февруарскиот поход во таа исклучително битна за Македонија но и за целиот завојуван свет 1944 година.

Сепак имало и загуби, што е сосема нормално, но тие биле неспоредливо и многукратно помали во однос на бугарските сили. Најголемата загуба за времетраењето на походот бил моментот на одвојувањето односно отсекувањето од страна на бугарските сили на еден дел од бригадата со силина и бројност од половина батаљон во борбите кај Ореова Чука во правец на патот за Кавадарци –Прилеп. Според некои воени извори половина од батаљонот бил изгубен и уништен во битките што следувале, но сепак воспитувани самостојно да делуваат и да се борат во секакви услови и самоиницијативно да дејствуваат во согласност со општата задача, борците успешно се пробиле до слободната територија на Дебарца, пронаоѓајки начин низ борба и маневри да се пробијат. Пролетта преживеаните борци повторно се приклучиле на бригадата што исто така претставувало исклучителен војнички борбен чин.

Треба да се истакне и исклучителната храброст и генијалноста на Командантот на бригадата Петар Брајовиќ [298]кој е најзаслужен за нејзиниот успешен пробив назад кон слободната територија и фактички спасувањето на животите на борците на бригадата, кои пак од своја страна покажале неверојатна упорност во борбите нанесувајки им значителни загуби на бугарските сили. Неговото командување наликувало на командувањето на Генералот и негов Командант Михајло Апостолски со кои имале радиоврска за време на пробивите. Поради неговата храброст и упорност му честитал и ГШ на НОВ и ПОМ и Михајло Апостолски лично.

[298] Брајовиќ Ѓуро, Петар (с. Риека Црноевиќ, Цетиње, Црна Гора, 29. VI 1915 – Белград, 19. XI 1991) – првоборец и воен командант, генерал-полковник, народен херој на Југославија



**Првата македонско-косовска бригада во Февруарскиот поход.**




**Движење на партизанските единици за време на Февруарскиот поход**



## 2.14. Дејствијата во Повардарието во Февруарскиот поход

Ненадејниот удар на Германските сили на 2 македонска бригада на 5 јануари 1944 година во с. Ноти, кога таа се подготвувала за поаѓање на марш за Тиквеш за извршување на добиената наредба резултирала со поделба на бригадата на два дела. Косовскиот батаљон, еден дел од тиквешкиот батаљон и група борци од кичевскиот батаљон со командантот се упатиле кон Тиквеш со задача да напаѓаат осетливи комуникациски и стратегиски објекти на непријателот од посебно значење. Овој прв дел од бригадата дејствувал во реонот на Тиквешко и Гевгелиско од 6 јануари до 4 февруари 1944 кога повторно се споил со главницата во селото Зборско. Во своето дејствување Оваа група на батаљони, успеала сериозно да им ги помати конците на бугарските општински власти и да ја прекине работата на голем број бугарски школи и училишта по селата истовремено сеејки го револиуционерниот македонски дух и привлекувајки ги селските маси масовно да се приклучат во понатамошната борба против завојувачите. Истовремено една диверзанска група успешно ја минирала пругата на потезот Миравци-Милетино прекинувајќи го сообраќајот извесно време. Со овој чин фактички оваа диверзанска група и помогнала на првиот дел од 2 бригада која на 18 Јануари ја преминала Црна река во реонот на Галиште, движејќи се во правец на Горни Дисан каде ја нападнала полициската станица а потоа се повлекла кон слободната територија во Егејска Македонија преку селата Драчевица и Радња во Јануари 1944 година.

Поради дејството на 2 бригада и 3 група на батаљони во реонот на Тиквеш и Гевгелија, во Јануари 1944 година германската команда во Солун, организирала посебни полициски сили за дејствување во Велес и Гевгелија. Идејата била за подобрена заштита на комуникациски најбитниот железнички и патен коридор од Скопје до Солун по вардарската долина.

Паралелно со формирањето на германската специјална полиција во Велес и Гевгелија и бугарската фашистичка коалициона страна создала на теренот на Тиквеш и Гевгелија специјални известителни групи, првенствено наменети за следење на единиците не НОВ и ПОМ и за брзо известување. Овие полициски известителни групи го забележале и маршот на првот дел од 2 македонска бригада така што пратиле известувавање до командата за минирањето на пругата меѓу Милетино и Миравци на 22 јануари. Тие јавиле на 21 јануари дека:„околу 22 часот кај село Шешково, Дреновска општина ,се појавиле околу 50 илегалци (секако неточно известиле за бројот бидејки тој бил три пати поголем) околу 2,30 часот го напуштија селото во правец на село Праведник, неодреден број мина низ селото Бусов Гроб 7-8 км од с.Мрежичко[299]''.

Наведените телеграми говорат дека и покрај формирањето на специјалните известителни станици и полициски групи јавувањето било значително бавно и многу често неточно. Но, тоа не значело дека Бугарската полиција бавно реагирала на акциите на единиците на НОВ и ПОМ напротив. Бугарската власт успева да ја развие до максимум иницијативата кај своите полицискии жандармски старешини и структури во поглед на борбата против партизанските единици. Споменатите документи од бугарската власт говорат дека првата група на 2 Македонска ударна бригада слободно крстосувала по теренот. Таа делувала меѓу населението и ја урнисувала бугарската а воспоставувала народна Македонска власт! Интересен е фактот што бугарската страна донекаде и не преземала некоја позначајна мерка и акција на почетокот од следењето. Веројатно и бугарската и германската страна ги анализирале акциите на 2 Македонска бригада и се подготвувале за акциите што следеле.

Вториот дел од 2 Македонска ударна бригада под команда на заменикот на командантот и политичкиот комесар, Лазар Калајџиски и Наум Наумовски –Борче се задржала на реонот на Зборско и земала учество во борбите против германските трупи во секторот Кожуф-Пајак планина и продолжувајки кон Зборско и кон Мрежичко со задача, да се спои со првиот дел од бригадата и да го изврши планот зададен за Февруарскиот поход. По маршот што траел цела ноќ движејки се по ртовите и гребените на Кожуф вториот дел од 2 бригада пристигнала во с. Мрежичко и веднаш од маршот без никакво задржување, го нападнале бугарскиот граничен гарнизон. Во Мрежочко во тој момент биле сконцентрирани сите гранични посади од реонот на Кожуф. Борбата во селото Мрежичко беснеела цел ден. Бугарските фашистички окупаторски сили имале 14 загинати и двојно повеќе ранети. Иако втората бригада немала позначителни загуби резултатот од битката бил негативен бидејки тактички непријателот ги задрзал позициите. Најнезгодниот момент од битката е расцепот и

[299] Михаило Апостолски,Февруарски поход, НИП наша книга, Скопје 1973 година. стр-149, Зборник, том VII, книга 3 документ 110, стр. 324-325

одвојувањето на силите, и тоа на Прилепскиот баталјон кој со две чети се одвоил од бригадата и станал дополнително ранлив, бидејки наместо да се спојат двата разделени дела на бригадата таа сега дополнително имала уште еден. Првиот нејзин дел со командантот била во Тиквеш на марш кон Зборско, вториот дел по борбата кај Мрежичко се повлекува кон Зборско, третиот прилепски баталјон со две чети продолжил да дејствува северно од Мрежичко кон Црна река. Прилепскиот баталјон по борбата во Мрежичко се упатил кон Црна река и на два пати се обидувал да ја премине. Една десетина од борците ја преминува реката но веднаш стапила во борба со Бугарските трупи на левиот брег, додека баталјонот останал на десниот брег. Интересно е да се спомене дека оваа десетина не успева веднаш да се врати во составот на баталјонот, туку биле принудени самостојно да дејствуваат при што голема помош им укажало месното население.

Прилепскиот баталјон се задржал на теренот околу Црна река 10 дена, потоа се повлекува кон Зборско и повторно воспоставува врска и влегува во составот на бригадата. Интересен е фактот дека ако баталјонот фател врска со единиците на 1 бригада многу ке им се олеснел преминот преку Црна река. Меѓутоа само што се одалечил од реката бригадата пристигнала.

Иако разделена 2 Македонска ударна бригада развила значителна голема диверзантска активност на пругата Гевгелија – Велес. Во три наврати во периодот од 4 до 9 февруари 1944, диверзанските групи успешно исфрлаат од шини три воза и повеке вагони. Го забавуваат сообраќајот на делот од Миравци до Демир Капија односно Неготино- Дуброво.

Реално втората Македонска Ударна Бригада не ја исполнила во целост поставената задача. Не успева да се соедини навреме, напротив се поделила на три групи и со тоа ја ослабела својата воена и ударна моќ. Во извршувањето на задачата бригадата била оневозможена и од значителната бугарска концентрација на свежи трупи. Исто така и лошите временски услови допринеле дополнително да се оневозможи ударната моќ на бригадата. И покрај сите недостатоци моралот на војниците бил на високо ниво. Дејствијата на бригадата не биле безначајни, поради фактот што нејзиниот престој во Тиквешко и воопшто на десниот брег на реката Вардар од Гевгелија до Црна река имала голем политички одек во народот, бидејки по нејзиниот престој народот масовно се мобилизирал во партизанските редови. Тоа го потврдува фактот дека со приливот на новите борци уште зимата а особено напролет овозможило да се формираат нови единици на НОВ и ПОМ!

„Бригадата не ја изврши наполно поставената задача-не успева да се соедини навреме, напротив, се раздели на три групи. Во извршувањето на задачата бригадата ја оневозможуваа и значителните концентрации на бугарските сили, кои беа насочени кон 1 бригада, како и дел од Кавадарци кон Црна Река. Голема пречка беа и многу лошите временски услови, па сето тоа што наведува во своето писмо Добривое Радосављевиќ,

„го оневозможи моменталното извршување на задачата[300]'', но тој констатира дека „моралот беше одличен, како никогаш до сега[301]''.

## 2.15. Маршот низ егејска и пробивот во источна Македонија

Третата група баталјони на чело со Генералот и командантот на главниот штаб на Македонија Михајло Апостолски, политичкото водство на ЦК КПМ и делегатот на Врховниот штаб Светозар Вукмановиќ-Темпо го започнува својот легендарен Февруарскиот поход според утврдениот план на 31 јануари 1944 година. Долгото неизвесно воено патување Третата група баталјони со целата военополитичка придружба го започнала од селото Зборско, движејки се кон премините на реката Вардар. Се настојувало маршот низ Егејска Македонија, и самиот премин преку реката Вардар да се изврши без отвотрени конфронтации и борби, односно да не се привлече поголемо непријатеско внимание. Во голема мерка овие задачи кои биле од исклучителна важност биле успешно завршени и спроведени. Користејки ја подршката на организацијата на грчкото ослободително движење за известување како и на курирска служба на баталјоните која била одлично организирана од самиот Апостолски, како и единиците за прифаќање сместување и исхрана на единиците, третата група на баталјони успешно го започнала маршот низ егејскиот дел на Македонија. Борбата се избегнувала од тактички причини бидејки со единиците на баталјоните се движеле околу 180 ранети и болни борци кои биле дополнително оптеретување, и кои со својата заштита неможеле да им се спротистават пред се на на германските војници кои биле добро опремени и стационирани во Кукуш и Солун. Маршот минувал низ Солунско поле, што претставувала голема воена предност на германските сили во случај на судир. Осигурувањето на маршот го вршеле единиците на ЕЛАС, прилично коректно и внимателно по целиот тек на движењето на единиците на третата група баталјони низ Егејскиот дел на Македонија. Нормално маршот се изведувал по заобиколни патишта, со цел да се избегнат и германските сојузници односно бугарските трупи. Маршот поминувал и се движел низ селата, Зборско-Неохари-Големи-Ливаѓе–Баровица-Геракарци-Женско-Агиа-Киријаке-Амаранта–Шугово. Третата група на баталјони, предводена од својот командант генералот Михајло Апостолски и военополитичкото раководство во селото Шугово стигнале на 9 февруари 1944. На тој пат за 8 дена биле изминати околу 180 км, со релативно мало искачување (1750 м) и нешто поголемо спуштање од околу (1950 м), што изнесува просечно нешто повеќе од 22 километри. Сето тоа било изведено максимално внимателно и без посебен замор кај борците. Поголем напор единиците издржале при преминот на Вардар кога за 12 часа под полна воена спрема изминале дури 37 км, што навистина е голем успех бидејки за тоа време изминувале по четири км. на час и тоа во полна спрема и без застој. Сето тоа уредно го забележувал во својот дневник Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ генералот Апостолски. Неговото познавање од Геодезијата, мапирањето и останатите воени науки кои можеле да користат во пробивот биле од исклучителна корист.

---

[300] На задачата, Зборник, том VII, книга 3 документ 23, стр. 70-71

[301] Михаило Апостолски,Февруарски поход, НИП наша книга, Скопје 1973 година. стр-153-154

Вардар бил преминат кај селото Оризарци во Солунско Поле, околу 30 км северно од Солун. Благодарејки на големата тајност и будност на движењето на единиците на маршот и големата воена дисциплинираност кај борците, реката била помината преку единственото скеле што постоело од Гевгелија до Солун, бидејки бројните скелиња што постоеле претходно Германските сили ги разрушиле. Контрадикторни информации има само околу големината на скелето кое е помината од батаљоните и придружните единици. Додека Генералот и Командант на ГШ Михаило Апостолски изјавил и напишал дека скелата имала мал капацитет за да Македонските батаљони го поминат Вардар брзовремено, други учесници на маршот како што е Злате Билјановски (учествувал во сите позначајни борби на НОВ и ПОМ во периодот од 1941-1944 година) во неговите мемоари напишал дека Вардар е минат брзо бидејки скелето било големо. Како и да е факт е дека Вардар во делот каде минале единиците бил огромен и бил широк цели 500 метра и длабок неколку метра. Затоа ако го анализираме од военополитички аспект минувањето и подоцна форсирањето на реката е навистина направено на висок воничко команден начин. Вниманието на командантот и командата на ГШ дополнително говори за длабинското внимание и големината на потфатот бидејки се работело за минување на неколку илјади борци со придружбата!

Сепак во ,,Сеќавања'' имаме еден различен опис на минувањето на борците штабот и военополитичкото раководство на реката Вардар.

Маршот на третата група батаљони низ Егејскиот дел на Македонија бил подржуван од месното население, Грци, Маџири, Македонци. Во населените места во Северна Грција –Егејска Македонија и староседелците Грци и Македонци како и новодојденците наречени маџири борците на батаљоните ги пречекале и прифатиле со голема радост. Населението во скоро секое село им делело на борците храна, тутун, облека и секакви други намирници. Македонскиот народ пак кој во времето на реакционерните грчки режими несмеел да говори на својот македонски мајчин јазик, пречекувајки ги борците на НОВ и ПОМ плачеле и со солзи ги бакнувале борците. Се уште во меморијата на Македонскиот народ од Егејскиот дел биле свежи сеќавањата на сите војни и настани од не така далечното Илинденско востание потоа балканските и првата светска војна. Има многу мемоарски трудови кои го забележиле овој и слични настани, впрочем, еден од највпечатливите заклучоци за време на целиот Февруарски поход е срдечниот односот на населението кон партизанските единици, посебно во Егејскиот дел на Македонија. Особено бил срдечен пречекот пречекот во селото Оризарци на Вардар и во селото Арамантаво реонот на Дојранското езеро. Пречекот според величенственоста бил многу сличен како оној во Соботско два месеци порано во декември 1943, година што и бил приреден на 1 Македонско-косовка ударна бригада. Во селата биле одржани митинзи и големи манифестации за борбата против фашизмот и братството и пријателството помеѓу Грчкиот и Југословенските народи меѓу кои и Македонскиот. Така овој пат низ Егејска Македонија иако содржел извесни опасности, особено при преминот на Вардар и минувањето низ Солунско Поле, се претвора во манифестација на братството и единство на народот на Егејска Македонија.

„Така месец јануари 1944 г.го поминавме во борби за да ја сочуваме слободната територија околу Соботско и Фуштани, но без некои поголеми резултати. Во еден период единиците на партизаните беа принудени да се повлечатна Кожуф Планина. На Кожув, баталјонот „Стив Наумов"се сретна со сите други единици. Таму беа и првата и втората Македонска ударна бригада,  како и делови на единиците на ГШ и  на ЦК на КПМ и дополнително сојузнички воени мисии. Кожув беше прекриен од партизани и партизански логори. Планината беше претворена во една голема населба со неколку илјади партизани.!

Кога минувавме низ Гуменџа, населението исто така направи кордон низ кој минуваа борците, на кои патем селаните им подаваа по некој подарок, суво грозје, смокви, чорапи, кошули. Но и тоа беше значајна помош. Ни направија извонредно убав и незаборавен пречек. Не прегрнуваа не бакнуваа,ни посакуваа успешни борби. Пречек за кој борците раскажуваа уште многу долго по излегување од местото.

Кога стигнавме до реката Вардар ГШ донесе одлука со скеле да се префрлиме преку неа затоа што одењето преку мост беше ризично. Таков премин најдовме кај селото Оризари. Скелето беше толку големо така што можеше да прими одеднаш четиристотини борци! Во неколку наврати можеа да се префрлат сите партизани комората од неколку коњи со радио станицата, телеграфистите и багажот на Главниот Штаб.

Во раните утрински саати бевме од другата страна на реката Вардар итајки кон првото село за да се засолниме од непријателот. Се запревме во село Невестино под Крива Круша во Солунско поле, сеуште бевме во Егејска Македонија но сега од другата страна на реката Вардар. По деветдневен марш низ овој дел на Егејска Македонија групата баталјони пристигна во селото Шугово на падините на Беласица. Во Шугово групата баталјони останаа до 9 февруари, следната ноќ и другиот ден до пладне. Како и во целиот егеј и овде селаните се покажаа вистински мајстори за илегална работа.

Утредента на 10 Февруари околу 8 часот пред училиштето се собраа сите селани, баталјоните „Стив Наумов" и „Христо Ботев"кога пристигна раководството започна митингот. Пред училиштето беше импровизирана бина на која најпрвин беа испеани Химните а потоа говореа другарите од Главниот штаб меѓу нив и командантот Михајло Апостолски[302].

Натамошниот марш на 3 група баталјони низ Источна Македонија претставува втора етапа од нејзиниот февруарски поход. ГШ на НОВ и ПОМ и ЦК на КПМ предвидувајки дека претстојните дејствија низ источна Македонија ќе бидат многу тешки и по физички напор и по моралното и психичко поведение на секој поединец борец или раководител воопшто презел разни мерки за да ги подготви борците и командантите за искушенијата што следат. Командантот на Главниот штаб генералот Апостолски одржал военополитичко предавање на командантите за држењето и методите на дејствување на походот. На картата бил означен правецот на походот, описи

[302] Сеќавања-Златко Михајловски Михајло-Академски Издавач Скопје 2008-стр 116-118

на планините и местата на правците на дејанијата неопходни ако некоја група се отцепи и да може полеснио да се прибере во единицата. Освен тоа дадени биле и податоци за политичко безбедносната состојба во источна Македонија како и низа други неопходни податоци за извршување на походот. На самиот крај било подвлечено неопходното брзо и енергично дејствување особено при минување низ Струмичкото поле и преку Беласица. Истиот ден на 10 февруари, пред поаѓањето бил одржан митинг на кој говореле делегатот на Врховниот штаб Светозар Вукмановиќ Темпо и командантот на ГШ Михајло Апостолски.

Снегот и неповолните атмосверски влијанија и влијанија претставувале тешкотија и за противничката страна. Бугарските трупи немале зимски брзи распоредувачки и скијачки единици. Такви имале Германците но не на овој сектор. Непријателот бил побрз само на патиштата. За да парира на оваа реална предност поради моторизираните пешадиски полкови, правецот на движење на 3 група баталјони бил таков што никаде не се дозволувало да се движи по патиштата или паралелно со нив, туку исклучиво попречно на комуникациските линии. Ваквата тактика подразбирала брзо и ненадејно преминување преку патиштата и реките без да се дозволи на окупаторските сили да го откријат местото и преземат соодветни дејствија.

Главните патишта што требало да се преминат   се следните:

Штип-Струмица-Петрич, со реката Струмица:

Штип-Кочани-Царево Село со реката Брегалница:

Куманово-Крива Паланка ,со Крива Река:

Водичи за маршот низ Источна Македонија немало и требало да се оди и да се следи картата, сепак локалните селани помогнале како водичи за кратки отстојанија, обично од село до село.

По вака солидните подготовки во границите на тогашните можности непосредно пред да започне најтешкиот дел на походот  подоцна ги дале очекуваните резултати.

Нормално, преминувањето на Беласица поради природните препреки бил најтешкиот и најопасен дел. За два дена од 10 до 11 февруари групата баталјони го преминала гребенот на планината и се спуштила по многу стрмните долини и падини кон долината на реката Струмица, користејки ја северната пошумена страна поради завет и видливост. Беснеела вејавица и видливоста била намалена. Колоната се развлекла километарски со по неколку партизани во група. Сепак групата непречено пристигнала во селото Бајково[303], неприметена од бугарските извидници и полициски сили. Сепак во селото ги чекало изненадување. “Селскиот кмет  Илија Стоилов Бојковски ги пречекал

---

[303] Во селото Бајково пречекот претставуваше големо изненадување.Не поздрави селскиот кметИлија Стоилов Бајковскисо стисната тупаница и извикот,,Смрт на Фашизмот’’Не се надевавме дека нашиот начин на поздравување веќе се употребува и овде. Потоа не распореди по куќите. Организира исхрана и митинг , како и испраќање  Сето тоа го правеше токлу вешто што изгледаше дека ги пречекува нашите единициеднаш неделно. Михаило Апостолски,Февруарски поход, НИП наша книга, Скопје 1973 година. стр-161

со стисната тупаница и со извикот „Смрт на Фашизмот"! Ова било големо изненадување за сите. Потоа борците биле сместиле по куќите во селото и прифатени од населението се снабдиле со неопходната храна и облека. Организирана била и исхраната и испраќањето на батаљоните[304]".

Просторот помеѓу Струмичко поле до Брегалница преку Огражден и Плачковица бил изминат од 12 до 16 февруари изутрината. И ова бил тежок и напорен марш поради снежните бури кои беснееле посебно на делницата помеѓу врвот Паруца на Плачковица. Батаљоните можеле да се движат само 500м на еден час. Токму ова е и причината за нивното откривање од страна на бугарската полиција во селото Безгашчево југозападно од Берово. Сепак и батаљоните на третата група биле спремни и дознале дека се откриени. Една бугарска полициска патрола составена од месното цивилно население самата се предала и веднаш на водството на единиците на НОВ и ПОЈ им соопштила дека целокупната бугарска полиција од Берово и воени единици од Горна Џумаја тргнале кон нивните позиции. Навистина, претходницата на бугарската полиција од околу 50 души пристигнале во правецот на обезбедувањето на батаљоните но не се осмелиле да нападнат. По сослушувањето на патролата која дала драгоцени податоци маршот продолжил кон месноста колибите на Караѓузлија. Овде групата батаљони преноќила и потоа се упатила кон село Лаки каде пристигнала ноќта на 15 февруари. Селаните им дале дополнително точни информации и податоци за движењата на Бугарските трупи, посебно селаните што пристигнале од Виница и Кочани. Од сето тоа можело да се заклучи дека 17 бугарска дивизија има извршено концентрација на трупите во долината на Брегалница, на просторот од Берово до Кочани и Виница. Исто така биле покренати и гарнизоните од Кочани, Царево село-денешно Делчево, Виница, Берово, потоа селото Блатец и околните места. Со ваква констатација и констелација на настаните нормално е дека се очекувал судар со бугарските единици наскоро, бидејки станало јасно дека тие ги следат батаљоните во обид да ги стават во обрач. Првата бугарска колона со бројност од оклу 150 војници со товарни коњи се појавила сабајлината на 16 февруари од правец на Блатец кон Пеклане. Тоа всушност била претходницата на бугарскиот засилен батаљон во марш од Блатец. Обезбедувањето добро позиционирано и вкопано ја пречекала колоната и со ненадеен удар ја разбила и запленила дополнително воен материја и неколку коњи. Подоцна се појавила бугарската главница. Развивајки борба со митралески оган се приближувал кон позициите на главнината од батаљоните кои се распоределе над селото Преклане на к.787 и височински на 1 км од позициите на бугарскиот батаљон. Попладнето бугарските војски добиле и засилување од Кочани и веднаш извршиле јуриш кон позициите на батаљоните. Командантот Апостолски бил секогаш блиску до линијата на фронтот и им давал кураж на борците. Од своја страна тие одговориле со голема одлучност и пожртвуваност во претстојните борби. Интересно што во текот на борбата батаљонот „Христо Ботев" зафатил пристојно зачувани ровови веројатно од првата светска војна,веројатно бугарски ровови од 1913 година. Со тоа полесно ги одбиле бугарските јуриши а рововите давале добра заштита од митралескиот оган. Бугарските команданти повторно ја примениле тактиката на исцрпување и

[304] Михаило Апостолски, Февруарски поход, НИП наша книга, Скопје 1973 година. стр-161

отсекување на партизанските единици и ги запоседнале сите околни села за да неможе единиците на НОВ и ПОМ да добијат помош од селаните и со оглед на ограничената можност за маневар да бидат уништени.

Во текот на попладнето ГШ на НОВ и ПОМ командантот Апостолски и заменик политичкиот комесар создале план како да се замаскира натамошниот марш и да се организира премин и да се најде најпогодно место за премин преку Брегалница. Брегалница во тоа време била надојдена и немало можност да биде премината со материјални подготовки. Единствена можност за премин бил да се премине преку некој мост. Постоеле три моста и сите биле заземени и утврдени од бугарските сили со војска и полиција. Сепак бугарската команда неверувала во ваков тек на настаните туку била убедена дека баталјоните се во цврст полуобрач и ако веке би се пробиле да ја преминат Брегалница тоа би го направиле панично во бегство. Сепак, било донесено решение да се премине Брегалница на мостот кај селото Истибање! Една навистина неочекувана но уште една брилијантна одлука на командантот на ГШ и раководството, бидејки бугарите не очекувале најдобро бранетиот и најпознат мост во регионот да биде мета. Исто така со одлуката за преминување на Брегалница кај Истибање донесена е одлука за маскирање на маршот, не со директен пробив да се дојде до целта. Ако групата баталјони излегла од утврдената позиција со силен и директен пробив тоа команда ке и дало драгоцено време да ја организира одбраната на мостот. Преминот преку Брегалница ГШ на Македонија на чело со Апостолски го разработил на следниот начин.

„ а) Пред мрак да се прекине борбата кај селото Пекљане и да се започне повлекувањето кон исток, кон планината Голак, кон врвот Гавран (к.1125) во спротивен правец од мостот. Повлекувањето да изгледа отворено за да добијат впечаток бугарските окупатори дека ќе се менува дотогашниот правец на маршот, односно дека групата ќе се врати назад.

б) Од врвот Гавран колоната да заврти остро на запад во правец на мостот кон селото Истибања, да се провлече меѓу посадите кои во тој ден попладнето беа поставени по селата во подножјето на Голак и да се упати директно на мостот кон селото Истибања, по патот преку „Црвено Брдо’’и селото Јакимово[305]’’.

в) Кај мостот групата да се прибере и ако мостот биде зафатен и обезбеден од непријателот, со силен налет со бомби да ја разбијат посадата и одбраната и да преминат преку мостот на другата страна.

Вака поставениот план бил наполно извршен! Апостолски повторно го докажал својот воен гениј. Борбата траела до самиот мрак а на крајот од борбите загубите на Бугарите биле преку 50 мртви. По успешниот маневар и премин преку мостот на 3 група баталјони, бугарските команданти увидувајки ја својата катастрофална грешка, веднаш се обиделе да префрлат свежи сили во правец на осоговските планини. На 17 февруари 3 група на баталјони се прибрала кај селото Врговци и поставила обезбедување. Позициите на 3 група баталјони била повторно одлично поставена. Теренски била како

[305] Михаило Апостолски, Февруарски поход,НИП наша книга, Скопје 1973 година. стр-168-169

вистинска тврдина неосвоива за непријателот кој повторно го стегал обрачот околу баталјоните и неуспешно се обидувал да се пробие. Но бугарските единици биле изложени на силен и прецизен оган и биле приморани на повлекување. Вечерта по престанокот на борбите 3 група баталјони го продолжила маршот по гребенот на Осоговските планини кон селото Цер каде повторно се одмориле. Маршот и борбите за преминување преку Брегалница претставувале многу тешки и напорни дејствија на една прилично мала група од слабо вооружени баталјони. Последниот подолг одмор единиците го имале на 14-15 февруари во колибите кај Караѓузлија. За време на походот од 15 ти до 17 ти февруари до доаѓањето на Гребенско Маало, баталјоните изминале 66 часа пат со борби и пробиви а задржувајки се само 3 часа во село Лаки. Борците искалени во борбите и со цврст морал релативно лесно ги издржувале борбите со бугарските трупи но долготрајниот марш за нив реално претставувал гигантски напор.

Исто така со маршот преку „Калиманско Поле'' и преодот преку мостот во Истибања, и излегувањето на гребените на осоговието бил совладан најтешкиот дел од патот и најголемата пречка. Така 3 група на баталјони, неможела повеќе да биде спречена да се пробие до Козјачкиот масив бидејки требала да ја помине уште долината на Крива река. Самата река не е длабока и можела било каде да ја премине. Совладувањето на отпорот на бугарските единици и начинот на пробивот на 3 група на баталјони може да се објасни со фактот дека против себе ја имале за противник 17 бугарска дивизија, која порано немала директни судари со единиците на НОВ и ПОМ така што Брегалница за нив била воено крштевање и тоа крваво го платила. Освен што немале искуство бугарските трупи биле целосно изненадени од упорноста и смелоста на партизанските формации како и од нивната голема маневарска способност.

„Успешниот премин преку Брегалница мора да се поврзе и со борбата на 1 Македонско-косовска бригада. Во централна Македонија борбите беа прекинати на 12 февруари, на Црна река во времето кога кога 3 група баталјони се наоѓаше на Огражден, но бугарските единици и потоа останаа ангажитани во чистењето на теренот''[306].

Маршот на 3 група баталјони преку Осоговието и Крива река па се до Козјак бил извршен без некои посериозни потешкотии. Сите настојувања на бугарските окупатори да го спречат пробивањето на 3 група баталјони до Козјак останале без успех. И на овој дел од патот главниот проблем и тешкотија за борците претставувало совладувањето на големите планински масиви што се наоѓаа под длабок снег. Во маршот преку осогсговските планини, бугарскиот окупатор не успеал да ја следи форманцијата од баталјони со поголеми сили. Применувајки ја неуспешно тактиката од зафаќање на околните села и на теренот на Плачковица и Брегалница не дала резултат. Единственото отстапување го направила само една полициска извидница која сепак успеала да се спушти по сртот на Осоговските Планини веројатно да извидува. По судaрот со обезбедувањето на баталјоните бугарската полициска единица била разбиена и се повлекла во неред.

[306] Михаило Апостолски, Февруарски поход, НИП наша книга, Скопје 1973 година. стр-173

Држејки се упорно до својата тактика, бугарските команданти ги зафатиле поважните точки во долината на Крива Река на реката и патот сметајки ако ги држат нив ке ги навлечат батаљоните на отворена борба и ке го спречат преминувањето на реката и патот Куманово-Крива Паланка. На 20 Февруари било извршено извидување на теренот и биле прибрани податоци и од месното население за движењето на бугарските војски. По сослушувањето на луѓето било јасно дека бугарските единици неколку дена држеле позиции во околните села упатени од Куманово. Сепак бугарската команда повторно била изненадена, бидејки таа очекувала 3 група на батаљони побрзо да премине кон Козјачкиот масив имајки го искуството од претходните брзи маршеви преку Огражден, Плачковица, и Брегалница. Задржувањето на Осогово за нив била нова енигма и таа одлука на 3 група батаљони веројатно ги навела бугарските команданти на помислата да ги намалат посадите во долината на Крива река. Веројатно бугарската команда сметала дека групата батаљони ќе остане на Осогово или ке избере друг правец на движење.

На 20 февруари вечерта маршот продолжил во правец на Мождивњак – Петралица со задачада се премине Крива Река во реонот источно од месноста „Чифте ан''. По маршот од околу 3 часа во Мождивњак групата налетала на бугарска заседа. Но првите истрели ги откриле слабостите на непријателот. Веднаш енергично дејствувајки 3 група на батаљони се засолнила на една позиција која била длабнатина и која добро ги заскривала од заседата. Наредено било да не се возвраќа на огнот и така во текот наноќта бугарските сили добиле впечаток дека патризанските единици се повлекле. Поради тој впечаток тие се повлекле на други позиции. По преминувањето на Крива Река бил даден еднодневен одмор на единиците во селото Петралица. По еднодневниот одмор во селото Петралица 3 група батаљони го продолжи маршот и на 22 февруари околу 10 часот, пристигнува во селото Герман на Козјачкиот масив. Со ова практично може да се смета дека походот е успешно завршен. Останува само да се изврши спојувањето со единиците на петтата оперативна зона. Во ваква делумно нејасна ситуација биле организирани неколку кратки маршеви од 22 до 25 февруари 1944 година. Се марширало главно по гребените на Герман и Козјак. Спојувањето со партизанските единици на Козјак било дополнително отежнато бидејки се делувало на значително поширока територија од Крива Река до Црна Трава и Скопска Црна Гора, како и поради исклучиво курирската врска и тоа преку партиската организација во Скопје, реално таа врска била нелогична и бавна.

Пробивањето на 3 група батаљони низ Источна Македонија претставувал тежок и исклучително напорен пат преку планините Беласица, Огражден, Плачковица, Осоговските планини и Козјак. При долготрајниот марш што траел од 10 до 22 Февруари 1944 година биле изминати 260 километри што просечно изнесува 22 километри дневно. Треба да се истакне фактот дека групата батаљони изминала 260 километри пат преку највисоките највисоките со снег покриени плански врвови и гребенитака да била совладана и огромна надморска височина од вкупно искачување од 9000 м.и спуштање од 8000 метри. Сето ова повторно било грижливо запишувано во личниот дневник на командантот генералот Апостолски. Исто така големи биле и борбените напори против бугарските трупи кои ангажирале многукратно повеќе сили да се спротистават на

батаљоните. Така во правец на движењето на оваа релативно мала група непријатеските сили ги ангажирале 17 дивизија, и тоа 49 полк од Штип, 48 пешадиски полк од Струмица, потоа Кумановскиот 53 полк од бугарската 14 дивизија, 13 пешадиски полк од Ќустендил како и дополнителни полициски сили.

За извршувањето на овој поход ГШ на НОВ и ПОМ го издал соопштението бр. 5[307], во кое накратко се изнесува напорот и успехот на оваа група борци а со една посебна наредба беа прифатени батаљоните „Стив Наунов" и „Христо Ботев[308]".

Исто така многу значајно е враќањето на довербата на народот во единиците на НОВ и ПОМ, посебно во источна Македонија, која била силно пострадана од бугарската окупација. Источна Македонија фактички била во челичен стисок на бугарските власти. Во овие делови на Македонија „беспрекорно" функционирала бугарската власт и секој и најмал отпор бил брутално казнуван. Контрачетниците и локалните милиции исто така „фигуративно"постоеле на теренот но тие неможеле да се спротистават на единиците, бригадите на ГШ на НОВ и ПОМ предводени од командантот генералот Апостолски. Фебруарскиот поход го подигнал моралот кај населението кое после походот масовно ќе се приклучи во отпорот против окупаторот.„ Во разговорите со луѓето партизаните и раководствата имаа силни аргументи за создавање влијание и позитивно расположение спрема народноослободителната борба. Затоа уште во февруарскиот поход кај ГШ а особено на оној негов дел, кој на чело на оној негов дел, кој на чело со командантот М. Апостолскисе движеше со оваа партизанска групација низ источна Македонија, созреа идејата на штипско - брегалничкиот регион да се префрли и една друга наша единица, односно еден партизански одред. Се сметаше, според воено политичката процена на ГШ дека се создадени определени услови за тоа[309]".

### 2.16. Крајот на походот

По завршувањето на величенствениот Февруарскиот поход, Главниот Штаб на НОВ И ПОМ и командантот генералот Михајло Апостолски, зедно со ЦК на КП на Македонија и делегатот на ВШ се сместиле на краток одмор во манасторот Прохор Пчински. Манастирот се наоѓа на интересна гестратегиска положба по долина на реката Пчиња помеѓу две планини односно планината Козјак и планината Руен. Манастирот е сместен на местото каде двата планински масиви се доближуваат и се најблиску еден до друг. Се работи исто така и за добро одбрамбено место ако би дошло до воени судари со непријателот. Поради неговата пространост еден дел од единиците можел да се смести и во самиот манастир. Друг дел од единиците биле разместени околу манастирот. Имало курирски служби и распоредени стражи насекаде околу манастирот. Генералот ништо не оставал на случајот така и во овој случај како да се очекувало нешто грандиозно што ке следи во блиската иднина нешто што засекогаш ке ја измени и

[307] Во пофалбата се вели, ГШ на НОВ и ПОМ изразува длабоко признание и благодарност на борците, командирите, командантите и политичките работници од батаљонот Стево Наумов и Христо Ботев за совладувањето на тешкотиите во 23 дневниот марш преку Брегалница, Беласица, Огражден, Плачковица, Осогово и Козјак Планина. За Главниот Штаб на НОВ и ПО на Македонија-Михајло Апостолски.

[308] Зборник ,том VII мнига 3, документ 23, стр 71- оригиналот на Македонски Јазик се наоѓа во Архивата на ЦК СКМ

[309] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 2–Матица Македонска Скопје- 2000 година, стр. 279

историјата и воената и геостратегиската положба на државите од балканскиот полуостров.

Во овој свет манастир подоцна во многу блиска иднина, само после неколку месеци ке биде озваничено, соопштено и осведочено од голем број на делегати од целата етногеорафска Македонија, најголемиот чин во поновата македонска историја. Со овој чин ќе биде крунисана, потврдена и запечатена долгогодишната борба за слобода и државотворсноста на Македонскиот народ, со одржувањето на првото заседание на АСНОМ! Со донесените одлуки секако историски и безвременски осведочени одлуки конечно ке се прогласи Демократска Федеративна Македонија, како дел од Демократска Федеративна Југославија.

Генералот и командантот на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски и овој одмор работно го искористил за запознавање на новонастанатата военополитичка состојба на граничниот Македонско – Српски терен односно на Кумановско-Врањанскиот терен. Всушност искусниот Генерал не сакал единиците да се опуштат во поголема мера држејки ги сите вклучително и политичкото раководство во перманентна спремност да бидат спремни да одговорат колку може побрзо на новонастанатата состојба на НОБ на територијата на цела Македонија по завршувањето на Февруарскиот поход. Дотогашното воено искуство во судarите со окупаторските сили тоа му го потврдиле. Тој не ги потценувал своите непријатели, и бил свесен дека можат да му нанесат непријатности и порази тогаш кога најмалку се очекувало, бидејки против себе имал многу поброен, подобро вооружен и механизирано подвижен непријател. Дополнително непријателот користел и авијација против македонската војска. Генералот Апостолски особено бил претпазлив кога единиците одмарале. Поради тоа направена е целосна дополнителна анализа на походот. Разгледани се сите негови успешни но и неуспешни страни. Анализирани се сите акции и дејанија на сите бригади и баталјони. Сите успешни и неуспешни пробиви и сходно тоа извлечени се многу заклучоци како треба да се продолжи со борбените дејствија. Сходно тоа, детално биле анализирани и борбените искуства на бригадите здобиени од дотогашните борби. Работниот дел од претстојот во манастирот св. „Прохор Пчински'' бил исполнет со состаноци и советувања за идната борба. По воведниот реферат изнесен од командантот на ГШ на НОВ и ПОМ генерал Михајло Апостолски започнало воено политичко советување на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ каде присуствувале буквално сите команданти, и сите командири и командни структури на единиците на НОВ и ПОМ. На ова советување присуствувале и активно се влклучиле во военополитичката анализа и партиските претставници на КПМ. Исто така на советувањето свој реферат поднесол и делегатот на НОВ и ПОЈ и ЦК на КПЈ при ГШ на НОВ и ПОМ Светозар Вукмановиќ Темпо. Тој ја анализирал новонастанатата воената состојба во светот по отварањето на вториот Италијански Фронт и воопшто говорел за борбите за кои имал информации, за целото Југословенско боиште. На советувањето, што траело до длабоко во ноќта ГШ ги разработил основните насоки и претстојните задачи на единиците на НОВ и ПОМ за идните дејанија на пошироката територија на Македонија. Очигледно било дека треба да се продолжи со засилени воените акции со задржување на офанзивниот и контраофанзивниот начин на продолжување на борбата против непријателот. Како императив се наметнало

геостратегиското значење, да се задржат позициите на новоосвоените ослободени територии по секоја цена. Со тоа да се даде доволно простор за внатрешно маневрирање на единиците и бригадите за да можат да го искористат изненадувачки фактор на своја страна поради нивната извежбаност и мобилност. Нешто што непријателот го немал, а сето тоа брилијантно извежбано во крвавите судари со непријателот на слободната територија на западна Македонија и подоцна Февруарскиот поход, искуства кои вределе непроценливо. Главниот Штаб и командантот генералот Михајло Апостолски, паралелно со одржувањето на советувањето на 27-28 февруари 1944 година успеале, единиците на НОВ и ПОМ да ги одржат високо мотивирани за идните настани, да се одморат и опремат со сите потребни средства и оружја и спремно да ја пречекаат очекуваната силна непријателска пролетна офанзива. Очигледно било дека треба да се преземат мерки на претпазливост и направат и исполнат очекувањата од состаноците и советувањето. Пролетната офанзива очекувано ја преземале бугарските и германските сили против македонската војска но и против одредени српски и косовски единици. Воената акција со оглед на ангажираните сили, просторот и поставените цели претставува операција од исклучително стратегиско воено значење. Од војнички аспект гледано тоа претставува последен очајнички обид на бугарскиот окупатор, да се уништи партизанското движење во Македонија односно ГШ на НОВ и ПОМ. Тоа обид нема да успее.

### 2.17. Заклучок за резултатите постигнати од походот

Факт е дека македонската историја изобилува со многу настани, личности и драматични случувања кои постојано се испреплетуваат давајки и специфичен белег и карактеристика кои многу малку можат да се препознаат кај другите народи. Особено периодот на НОБ во Македонија остави длабоки, државотворни траги во поновата македонска историја!

Факт е исто така дека историјата на современата македонска држава започнува во текот на НОБ и посебно по Првото заседание на АСНОМ на (02.08.1944 година) и на неговите донесени историски одлуки.

„Историјата на современата македонска држава започнува во текот на антифашистичката Народноослободителна борба (1941-1944) чија круна беше одржувањето на Првото заседание на АСНОМ (2. 8. 1944) и неговите историски одлуки со кои се прогласи Демократска Федерална Македонија (ДФМ) како дел од Демократска Федеративна Југославија (ДФЈ)[310]''.

За сите овие настани, во македонската историографија се напишани многу дела, трудови, научни студии, монографии, и многу прилози, засновани на научно истражувачка работа на многу автори, поткрепени со голема архивска документација и истражувања во македонските, балканските и европските архиви. Секако дека примарните историски извири на многуте архивски депоа на балканските и европските држави даваат значаен придонес за пообјективно толкување на Македонската историја.

[310] Виолета Ачкоска Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991), ФЗФ, Скопје 2015 година, стр. 5

Но, битни се и секундарните истириски извори бидејки со историските сеќавања на поединци и цели семејства се создава мемоарска граѓа која е од непроценливо богатсво ако се капитализира. Посебно периодот на 1944 година е пребогат со вакви извори, сеќавања и лични спомени кои се овековечени во многу издадени и објавени материјали. Но, има сигурно и многу необјавени а раскажани спомени за овој славен период. Меѓу другите се и моите лични и секако семејни сеќавања на тоа што мојот дедо Александар Ѓузелов Георгиевски ми го раскажа за оваа тешка крвава епизода од нашето минато. Затоа јас верувам и убеден сум дека токму за овој период дека има сеуште простор и недоречености, со кои ние како народ сеуште се соочуваме, а со тоа е голема веројатноста деке не е све конечно објавено и дека треба сеуште да се изучува обработува и копа по белосветските историски депоа, за да се пронајдат уште драгоцени детали околу овој бурен дел од нашето блиско минато. Бурата од периодот на зимата 1943-1944 во времето пред за време и по победоносниот февруарскиот поход. Бурата, после која сонцето конечно ке заблеска во нашата Македонија.

Токму поради својата специфичност Февруарскиот поход заслужува посебно внимание за обработување, бидејки е навистина уникатен и неповторлив од военополитички и военоаналитички аспект.

„Фебруарскиот поход на чело со Апостолски и Темпо му стави на знаење на бугарскиот окупатор дека во Македонија постои оружена сила[311]".

Долгите маршеви во февруарскиот поход секако претставуваат одделно посебно поглавје за прераскажување и изучување. Тие се изведени во тешки зимски сурови услови, со долги маршеви преку планини и планиски врвови и сртови. За да се согледа вистинската тежина на напорите на борците и единиците вклучени во походот треба да се има во вид дека во буквално секојдневните борби или тактички поместувања на војските, само 1-македонско косовска ударна бригада за 14 дена изминала 260 км. Тоа се дневно по 18 километри минимум. Третата група на батаљони во сила кака ударна бригада, за 23 дена изминала дури 440-450 километри или просечно дневно по минимум 22 километри, совладувајки надморски разлики од 800-900 метри. Навистина импозантни бројки на кои можеле да им позавидат и најсилно подготвените специјални пешадиски единици вклучени во војната од обете спротиставени страни во тоа време.

Нормално, по добиените искуства од походот, како позитивните така и негативните (особено се битни позитивните военотактички искуства) извонредно им послужиле на ГШ на НОВ и ПОМ предводен од командантот и генерал Михајло Апостолски, во водењето на понатамошните борби за конечно ослободување на Македонија.

Конечно, со борбените дејства на сите три групи борбени единици на македонската војска, во февруарскиот поход е опфатена скоро целата територија на денешна Република Македонија, вклучително и големи територии од егејскиот дел на Македонија (денешна Грција) и крајните северни македонски територии кои денеска се дел од српската држава. (Териториите околу манастирот свети Прохор Пчињски). Се на се

[311] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 3–Матица Македонска Скопје- 2001 година, стр.307

борбените дејствија се одвиваат скоро на половина од територијата на историски географскиот простор на Македонија! Тоа не е воопшто мал простор напротив, доволно е голем за да биде приметен и овековечен од военополитичките фактори! На пример би можело да се сними некој добар воен филм, а такви се беа изнаснимале еден куп во бившата ни држава за воените операции и непријателски офанзиви по Босна, Црна Гора, Србија итн. (Филмот Игмански Марш на пример)!? Ако направиме компарација на овие два марша ќе се соочиме со една парадоксална ситуација. На пример Апостолски вели„Борбите со природната стихија, длабокиот снег со кој беа покриени планините низ источна Македонија, силните ветрови, снежните бури и виулици, надојдените студени потоци и реки претставуваа големи тешкотии при навлегувањетои пробивањето на Третата група баталјони низ Источна Македонија[312]". „Совладувањето на просторот од Беласица преку Струмичко Поле, Огражден и Плачковица се помина, предимно во борба со природната стихија[313]". Оваа вистинско премрежие е опишано и во една борбена песна.

Борбената песна, „ко челик сме ние" ја опејува едиственоста на НОБ во Македонија. „Таа го воспејува и го востановува овој момент и преку ликот на нејзиниот воен раководител, Михајло Апостолски, командант на ослободителната војска на Македонскиот народ, кој е роден и пораснат во Штип, од каде што всушност ги понесува никулците против неправдата и експлоатацијата и националното потисништво...Зборот е во фактот што го опејува песната на свој начин преку поетскиот стих и музичката композиција – како во виорот на борбите во Источна Македонија, Февруарскиот поход-1944 година против бројно посилните бугарски и германски воени сили. „Низ планини стрмни, низ бурите снежни, Апостолски беше првиот на пат[314]".

После една ваква реална констатација навистина е неверојатно, и се наметнува прашањето како и зошто поранешните комунистички власти во бившата сојузна држава не посветиле малку поголема важност за овој воен поход.

Дека мојот став има тежина потврдува и еден наш друг истакнат генерал учесник во НОВ и ПОМ во својот коментар даден на едно интервју на еден наш новинар. Имено се работи за Тодор Атанасовски кој исто така има свои дела, и особен придонес во Антифашистичката борба. Во Центарот на вишите воени школи се организирал научен собир на тема „Историските извори на нашата стратегија'' каде и тој бил поканет, тогаш се мислело на стратегијата на СФРЈ. Тој го изјавил следното:[315]

---

[312] Михајло Апостолски, "Ослободителната борба на Македонскиот народ"1941-1945, Скопје, 1965г, стр. 98, Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 3–Матица Македонска Скопје- 2001 година, стр.344
[313] Михајло Апостолски "Ослободителната војна во Македонија" Наша Книга Скопје, 1975 г, стр.143; Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 3–Матица Македонска Скопје- 2001 година, стр. 344
[314] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 3–Матица Македонска Скопје- 2001 година, стр. 482
[315] „ За моето излагање ја одбрав темата „Февруарскиот поход" како операција од највисок професионален ранг", посебно партизанското војување. На симпозиумот имаше и воени теоретичари, но и цивили-историчари кои будно го следеа ова мое излагање. Бев зачуден од поединци колку малку знаат за тие операции водени за време на антифашистичката војна. Февруарскиот поход претставува вистинско ремек-дело и посебно остварување во модерното воено водство, со посебна фактографија. Прво, Февруарскиот поход е единствената сеопфатна операција во стилот на партизанско војување. Второ, во овој поход учествуваше главнината на НОВ и ПОМ. Трето, просторниот опфат на операцијата е

Сепак за да нема заборав се погрижил токму најзаслужниот и брилијантен наш Генарал и Командант на ГШ на НОВ и ПОМ –Михаило Апостолски, лично! Напишал повеќе дела кои повеќе пати се издавани, во кои детално опишува со што све се соочувале Македонските борци за време на походот. Приметно е дека како годините на изданијата изминувале текстот го прилагодувал на новонастанатата ситуација. Можеби од ваква временска дистанца гледано тоа е нормално. Тој морал да се прилагодува на новонастанатите ситуации во општеството дополнително како искусен политичар, историчар и академик.

Како и да е, треба и мора да се знае дека борбените дејствија на сите три групи на единици, бригади, предводени од ГШ на НОВ и ПОМ, односно веќе македонската војска се одликувале со исклучителна упорност издржливост, напорни долги маршеви, во исклучително тешки зимски временски услови. Со својата упорна и долготрајна борба против многукратно побројната германско-бугарска и квислиншка фашистичка војска, Македонската војска ги пробила непријателските бариери и како шило се провлекла во длабината на Македонската територија.

Во едни такви тешки услови поставената цел на военото и политичкото раководство на македонската војска била постигната! Востанието се разгорело низ целата територија на Македонија. Биле создадени нови поголеми слободни територии каде од приливот на нови свежи борци се формирале нови и поголеми партизански одреди и оперативни единици. Секако присуството на сојузничките мисии и нивното коректно известување за борбата на Македонскиот народ и војска го означува меѓународното признание и придонесот на македонскиот народ во севкупната антифашистичка борба.

Од голема важност е изјавата дадена од шефот на сојузничката англиска мисија , мајорот Џорџ Квајн дадена за бригадниот весник. Мајорот Џорџ Квајн[316] меѓу другото

---

поголем од денешната наша државна територија. Четврто, походот претставува директен одговор на вешто подготвувана германско – бугарска сеофанзива која имаше висока цел, уништување на сите единици на НОВ и ПОМ и на раководството на НОАВМ. Во неа на фашистичка страна учествуваа и најелитните германски армии познати под името група армии „Егеј“, предводени од познатиот германски генерал Александар Лер. Дислокацијата и борбената рута на овие фашистички армии се движеше кон правецот на Козјачијата и Врање, со цел да ја спречи оваа наша операција. Маршот на нашата армија опфаќа повеќе географски одредници од сите краеви и точки на нашата држава и многу често од региони во кои имавме Македонци кои, за жал, веќе не се дел од нашата татковина. Да сублимирам и да не навлегувам во спецификите на оваа операција бидејќи за неа има многу да се каже. Едно е само јасно. Во Македонија имаше класичен начин на партизанско војување. Многу често нашата повоена официјална историографија ги премолчува главните факти, а најчесто тие се однесуваат на развојот на НОВ, а од друга страна се активираат предоминантни толкувања на поединци, па многу често може да биде доведен во прашање и вкупниот легитимитет на НОВ како платформа на која беше создадена Р. Македонија’’. ИНТЕРВЈУ СО ГЕНЕРАЛ-ПОТПОЛКОВНИК ВО ПЕНЗИЈА ТОДОР АТАНАСОВСКИ, 04-07-2015- Митко Василевски.

[316] „Никогаш во животот не сум видел толку висок морал како кај вашите борци во вашиот заеднички поход и вербата во своите раководители”. Мајорот Квајн се изразил и многу пофално и за однесувањето на Македонскиот народ во борбата против окупаторот и за неговиот однос кон борците на бригадата .Тој во овој поход го приметил теророт кој го вршел бугарскиот окупатор и за тоа меѓу другото ќе каже:„Но, морам да истакнам некои работи. Народот е многу исплашен од бугарските освојувачи ......Бугарите гледаат дека во народот постои движење против нив, инаку неможе да се разбере толку големиот терор од бугарскиот окупатор врз македонскиот народ. Во спротивно не би доведувале селски кметови од Бугарија .......Во сета оваа работа најважно е ова: Видов дека скоро секое село има бугарска полиција или бугарска војска, а ова најдобро говори дали сака македонскиот народ да биде окупиран или да биде

ќе рече: „Никогаш повеќе не сум видел толку висок морал како кај вашите борци во вашиот заеднички поход и вербата во вашите раководители''.[317] Мајорот Квајн се изразил и многу пофално и за однесувањето на Македонскиот народ во борбата против окупаторот и за неговиот однос кон борците на бригадата. Тој во овој поход го приметил теророт кој го вршел бугарскиот окупатор и за тоа меѓу другото ќе каже:„Но, морам да истакнам некои работи. Народот е многу исплашен од бугарските освојувачи ......Бугарите гледаат дека во народот постои движење против нив, инаку неможе да се разбере толку големиот терор од бугарскиот окупатор врз македонскиот народ. Во спротивно не би доведувале селски кметови од Бугарија ....Во сета оваа работа најважно е ова: Видов дека скоро секое село има бугарска полиција или бугарска војска, а ова најдобро говори дали македонскиот народ сака да биде окупиран или да биде слободен......Со моралот што го имате ништо не ќе може да ве спречи во борбата за слобода''[318]

„Ценејки ја високата борбена вредност на бригадите Мајорот Џорџ Квајн кој, следејки ја бригадата и самиот доби сериозни последици од смрзнување настојуваше кај сојузниците таа што поскоро да добие помош во облека, оружје, воена опрема, и храна. Тоа го прифатија сојузниците”![319] Фактички во почетокот на октомври 1943 година присигнале првите британски воени мисии. Тоа биле: мисијата Манкиренч (Monkeywrench), предводена од Џорџ Квајн и мисијата Малигатони (Mulligatawny), кои веднаш стапиле во контакт со македонскиот Главен Штаб и останале под неговата закрила све до завршните операции на НОВ и ПОМ. Треба да го одбележиме и ставот на КПЈ раководена од Јосип Броз Тито во екот на зимската офанзива во декември 1943 година непосредно пред февруарскиот поход. Наведените ставови во однос на македонското национално прашање се документирани со две писма испратени во ист ден со сосема спротивна содржина. Имено, на 6 декември 1943 Тито испратил писмо до Темпо како претставник на ГШ со специјални овластувања во Македонија со следната содржина[320]. „Што се однесува за Македонија ....ни ти ни другарите од Бугарија и Грција не сте пристапиле правилно кон тоа прашање. Македонскиот народ има право да се определи па и да се одвои.....Македонскиот народ суверен е во своите права и има право да се присоедини кон Федеративна заедница со други народи, тоа тој денес и треба слободно да го направи и да се присоедини кон заедничката борба на останатите народи

---

слободен......Со моралот што го имате ништо не ќе може да ве спречи во борбата за слобода”. Во почетокот на октомври 1943 година присигнале и првите британски воени мисии. Тоа биле: мисијата Манкиренч (Monkeywrench), предводена од Џорџ Квајн и мисијата Малигатони (Mulligatawny), кои стапиле во контакт со македонскиот Главен Штаб.

[317] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, ФЗФ, Скопје 2000г. Стр.689

[318] Михаило Апостолски,Февруарски поход, НИП наша книга, Скопје 1973 година. стр.146

[319] Михаило Апостолски,Февруарски поход, НИП наша книга, Скопје 1973 година. стр.146

[320] Писмо испратено од Јосип Броз Тито и ВШ до Светоар Вукманиќ Темпо ( претставник на ВШ во ГШ на НОВ и ПОМ) во не го се истакнува следното. „Што се однесува за Македонија ......ни ти ни другарите од Бугарија и Грција не сте пристапиле правилно кон тоа прашање. Македонскиот народ има право да се определи па и да се одвои.....Македонскиот народ суверен е во своите права и има право да се присоедини кон Федеративна заедница со други народи, тоа тој денес и треба слободно да го направи и да се присоедини кон заедничката борба на останатите народи на Југославија против германските и бугарските завојувачи, бидејки тоа е единствена гаранција во Македонија да се развие вистинско демократско национално движење-гаранција за подобра иднина на Македонскиот народ''.

на Југославија против германските и бугарските завојувачи, бидејки тоа е единствена гаранција во Македонија да се развие вистинско демократско национално движење-гаранција за подобра иднина на Македонскиот народ’’! Доколку се анализира текстот, јасна е пораката од Тито испратена како врховен командант, Македонците имаат можност и право самостојно да одлучат за својата судбина и иднина, да бидат конечно свои на своето, и за таа одлука да немаат никакви душебрижници ниту тутори.

Во исто време се огласува и бугарскиот Отечествен фронт (Татковински фронт)[321] со следнава изјава за прифатливоста на Софија за формирање на независна македонска држава. Во 1943 година во декември Татковинскиот фронт протестира против одлуките од Јајце и издал декларација во која се вели:„Македонија е јаболко на раздорот. Реки крв се пролеани за неа....таа лулка на бугарската ренесанса....за да се избегнат нови историски грешки и за да и се обезбеди траен мир на Македонија, Татковинскиот фронт ја прокламира паролата ‘’Македонија на Македонците**”[322]…**како единствено можно спасоносно решение претставува, интегрална и слободна независна Македонија. Само така таа може да биде јаболко на раздорот и да стане здрава ,обединувачка врска меѓу сите балкански народи![323]”

Оценките за военополитичката состојба во Македонија од овие релевантни военополитички фактори, јасно говорат за тоа што се случувало на терен на Македонското боиште. Генералот Михаило Апостолски цврсто ја држел состојбата во ГШ на НОВ и ПОМ во свои раце и донесувал здраворазумни и исправни одлуки од военополитички и военотактички план, истовремено анулирајки го влијанието на претставникот на ГШ на НОВ и ПОЈ Светозар Вукмановиќ Темпо како да се развива востанието. За тоа на терен биле сведоци и странските Британски и Американски мисии и потврдата од писмата упатени од Тито и Татковинскиот фронт.

На теренот повеќе ништо не било исто како претходно. Македонија крваво се борела за својата слобода. А воведот во таа победоносна борба за конечна слобода ќе биде токму Февруарскиот Поход!

---

[321] Татковинскиот фронт (бугарски: „Отечествен фронт“) е бугарска политичка коалиција, создадена за време на Втората светска војна (во 1942) на иницијатива на Бугарската работничка партија од левичарски антифашистички партии и на политичкиот круг Звено. Со текот на времето се засилила доминацијата на Бугарската работничка партија во фронтот.

[322] Македонија на Македонците е идеал на македонските патриоти и револуционери во борбата против Отоманското Царство за слобода, човекови права и создавање на самостојна македонска држава. Со текот на времето овие зборови станале неразделен дел од македонското националноослободително движење и неразделен дел од неговиот идеал и стремеж. Мотото има неколку варијанти: Македонија за Македонија, Македонија на Македонците и Македонија за Македонците. Особено овие зборови ќе имаат одглас во меѓународната јавност по говорот на англискиот политичар и тогашен премиер Вилијам Гладстон во однос на Македонското прашање и неговото решавање

[323] Декларација објавена од Отечествениот Фронт со која се протестира за трајно решавање на Македонското прашање. Се бара формирање на Слободна и Независна Македонија.



**Партизанска колона на Народноослободителната војска на Македонија во Февруарскиот поход**



**Михаило Митев Апостолски (8. XI 1906 –7. VIII 1987) е првиот македонски генерал, командант на ГШ на НОВ и ПОМ, народен херој, политичар, воен теоретичар, историчар и академик.**

## 2.18. Пролетната Офанзива

Пролетната офанзива во својата реална временска рамка претставува воено-политичко продолжение на величенствениот Февруарски поход. Пролетната офанзива претставува нова епопеја на величенствената борба за слобода на Македонскиот народ против фашистичкиот окупатор од сите провиниенции (Бугарскиот, Гемaнскиот, Балистичкиот и домашните слуги односно фашистички поданици) предводен од својот ГШ на НОВ и ПОМ[324] и својот командант Генерал Михаило Апостолски[325] како и од военополитичкото ракововоство и КПМ[326].

---

[324] Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија (Главен штаб на НОВ и ПОМ) е главното командно тело на македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија во текот на народно-ослободителната борба на Македонија.

Пред формирањето на ГШ, оружената борба ја раководеле: Воена комисија – Методија Шаторов-Шарло, Коце Стојановски-Металец, Бранислав Шикиќ-Бруно, Љубомир Лековиќ- Горски и Илија Јакимовски, Покраински воен штаб – Лазар Колишевски-Митре, Михајло Апостолски-Дончо, Мирче Ацев-Стојче, Страшо Пинџур-Јосиф, Цветко Узуновски-Абас, Трајко Бошкоски-Тарцан, Перо Ивановски-Тиквар, Кузман Јосифовски-Питу, Иван Дојчиновски-Димче и Оперативен воен штаб, како помошен орган на ПВШ – Перо Ивановски-Тиквар, Трајко Бошкоски-Тарцан, Киро Крстески-Платник и Стив Наумов.

ПВШ прераснува во ГШ на Народноослободителната војска на Македонија и НОПОМ во состав: Цветко Узуновски, Михајло Апостолски, Мирче Ацев, Страшо Пинџур и Љупчо Арсов (јуни 1942), а подоцна биле кооптирани Кузман Јосифовски и Стиф Наумов.

Го раководел дејствувањето и организирањето на НОПО, реорганизацијата на месните воени штабови, издавал Билтен (од октомври 1942) и др. ГШ на НОПОМ прераснува во ГШ на НОВ и ПОМ во состав: Михаило Апостолски – командант, Цветко Узуновски – политички комесар и Страхил Гигов – заменик политички комесар. Подоцна комесари биле Бане Андреев и Борко Темелкоски, а заменик на командантот Панче Неделковски (март 1943).

До конечното ослободување на Вардарска Македонија (ноември 1944), во составот на ГШ имало повеќе измени. Единствено командантот Апостолски останал до укинувањето на главните штабови (1945). За поефикасно раководење со НОАВМ, територијата ја поделил на пет Оперативни зони , на чело со оперативни штабови. По Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ седиштето на воено-политичкото раководство било во село Црвена Вода, на слободната територија Дебарца, Охридско. ГШ на НОВ и ПОМ именувал (септември 1943) референт за верски прашања (свештеник Вељо Манчевски) и референт за просвета (Петар Богданов-Кочко), издал Манифест за крајната цел на НОАВМ (октомври 1943), формирал баталјони и бригади (1943), дивизии и корпуси (1944) за завршните операции за ослободување на Македонија.

Македонската војска имала над 64.000 борци (октомври–ноември 1944). Во ноември ГШ на НОВ и ПОМ бил преименувн во ГШ на НОВ и ПОЈ за Македонија и така функционирал до февруари 1945 година, кога бил преименуван со наредба на ВШ на НОВ и ПОЈ во ГШ на ЈА за Македонија. Во мај 1945 бил укинат

[325] Михаило Апостолски (Ново Село, 8 ноември 1906 - Дојран, 7 август 1987) — македонски партизан, генерал, командант на НОВ и ПОМ, воен теоретичар, политичар, историчар и народен херој

[326] КПМ е основана на 19 март 1943 година во Тетово. Нејзиниот прв Централен комитет бил во состав: Лазар Колишевски (политички секретар), Мара Нацева (организациски секретар), Цветко Узуновски, Кузман Јосифовски - Питу, Страхил Гигов и Бане Андреев. Првиот конгрес на КПМ се одржал во 1948 година




Слободните територии во април 1944 г.

„Пролетната офанзива заедно со февруарскиот поход[327], се две епопеи на Македонскиот народ во борбата против великобугарските и германските окупатори, во кои се издвојуваа пресудни воени и политички успеси-што овозможија да се забрзаат подготовките за првото заседание на АСНОМ, одржано на 2 август 1944 година. Во пролетната офанзива единиците на НОВ и ПОМ, покрај борбите што ги водеа против германските и бугарските окупатори се судираа и со реакционерните оружени формации на великосрпската буржоазија–четниците на Дража Михајловиќ на[328] велико–грчката буржоазија–формациите на ПАО, зарвасовистите и други како и со велико-албанските реакционери во лицето на балистите[329] и други. Во овие борби им се стави крај на

[327] Февруарски поход е поход на Народноослободителната војска на Македонија, која во февруари 1944 година извршила оперативни дејства на територијата на источна, централна и западна Македонија.
[328] Драгољуб Михаиловиќ - Дража (27 април 1893 - 17 јули 1946), познат како „Чичко Дража" (Чича Дража) — српски и југословеснки генерал и водач на српските Четници. За време на Балканските војни и Првата светска војна бил офицер на српската војска во Кралството Србија.
[329] Балистите биле припадници на албанското националистичко и профашистичко движење, организирани во националниот фронт Бали Комбетар (алб. Balli Kombëtar ) основана во 1939 година. Дејствувале за создавање на Голема Албанија. Го сочинувале оружениот дел на организацијата и биле испраќани

аспирациите на великосрпската буржоазија, разбирливо со помош на решителната борба на српскиот народ – додека на другите контрареволуционерни оружени формации им се нанесени сериозни удари. Ослободителната борба во Поморавието и Македонија во текот на НОБ и револуцијата беа тесно поврзани а уште во 1943 година беа создавани заеднички оперативни штабови за организирање заеднички акции, а во пролетта 1944 година улогата на Оперативниот штаб за српските, косовските, и македонските единици ја вршеше Главниот Штаб на Македонија пополнет со неколку раководители од Јужна Србија"[330]

Може да се заклучи дека многу слично како и во Февруарскиот поход, воените дејствија и во пролетната офанзива се одвивале на територијата на Географска Македонија односно на територијата на денешната Република Македонија, дел јужна Србија, како и дел од Егејска Македонија –денешна Грција. Пролетната офанзива може да се анализира и на начин дека овие територии каде се одвивале воените дејствија чинеле една географска и од военостратегиски аспект гледано нераскинлива целина и многу значајна територија која била посакувана од опонираните воени страни. Тоа го потврдува и фактот дека ГШ на НОВ и ПОМ освен со македонските единици командувал и со српски и бугарски антифашистички единици. Жестината на воените судари го потврдуваат моето согледување и анализа на новостанатата ситуација пред за време и по завршувањето на борбите.

### 2.19. Завршување на Февруарскиот поход – вовед во Пролетната офанзива

По завршувањето на величенствениот Февруарскиот поход, Главниот Штаб на Македонија со ЦК КПМ и Делегатот на ВШ се сместиле на краток одмор во манасторот Прохор Пчински. Манастирот е вовлечен во тесната долина на реката Пчиња помеѓу планината Козјак и Руен планина на местото каде планинските масиви се допираат и се најблиску еден до друг. Исто така еден дел од единиците бил сметен во самиот Манастир а друг дел околу манастирот. Идеално место одбрано за претстој но и за одбрана ако тоа било неопходно.

---

директно во судир со партизанските единици во Македонија, Србија и Црна Гора. Особено жестоко се пресметувале со припадниците на НОВ од Западна Македонија, вршејќи убиства, терор и пљачкосување на македонското и на другото неалбанско население. Политичката програма на оваа организација вклучувала обединување на етничките територии на Албанците и создавање на Голема Албанија. Иако декларативно балистите биле антифашисти, сепак им помагале на Силите на оскатаво воените операции во текот на Втората светска војна, особено во Македонија, Грција и на Косово. На денот кога е објавена капитулацијата на Италија (8 септември 1943 година) Бали Комбетар склучил спогодба со Германците и објавил дека Албанија е обединета и независна, оправдувајќи го привременото присуство на германските сили како потреба на борбата против англоамериканско-советската коалиција. Со овој договор Бали Комбетар се ставил во отворена служба на Германците и ги прифатил германските офицери како главен команден кадар на своите оружени формации или како инструктори. Во оваа смисла, некои историчари, главно етнички Албанци, гледаат на балистите како на квинслиншка националистичка власт која остварила контрола над етничките албански територии. Во 1943 година Комунистичката партија на Албанија им објавила војна на балистите што довело до граѓанска војна. Со крајот на Втората светска војна и победата на комунистите во Југославија и Албанија, балистите биле прогонувани, затворани и убивани. Голем дел од нив емигрирале во Европа и САД.

[330] (Михаило Апостолски-Пролетната офанзива во Македонија и во Поморавието-Ник наша книга Скопје-1973 Година стр. 5 - 6

Овој манастир подоцна ќе го круниса осведоченото државотворство на Македонскиот народ со одржувањето на првото заседание на АСНОМ и неговите секако историски одлуки со кои конечно ќе се прогласи Демократска Федеративна Македонија, како дел од Демократска Федеративна Југославија.

Овој одмор бил искористен за запознавање на новонастанатата военополитичка состојба како на новиот Кумановско-Врањански терен така и на новонастанатата состојба на НОБ на територијата на цела Македонија по Февруарскиот поход. Направена е длабока и целосна анализа на походот, на сите негови успешни и ретко неуспешни акции и дејанија на сите бригади и баталјони и придружни единици. Подробно биле анализирани борбените искуства и резултати здобиени од дотогашните борби по рефератот изнесен лично од командантот на ГШ на НОВ и ПОМ - Генерал Михајло Апостолски.

За таа цел на 27 февруари е извршено воено политичко советување на ГШ со сите раководители, команданти и командири со единиците на НОВ и ПОМ како и со партиските претставници на КПМ. На советувањето свој реферат поднесол и делегатот на НОВ и ПОЈ и ЦК на КПЈ Светозар Вукмановиќ Темпо[331], во кој реферат тој ја разгледал и воената состојба во светот и на целото југословенско боиште. На советувањето, што траело до длабоко во ноќта биле разработени основните насоки и претстојните задачи на единиците на НОВ и ПОМ и на поширокaта територија на Македонија. Очигледно било дека треба да се продолжи со воените акции со задржување на офанзивниот начин на војување. Единствена разлика била таа што сега требало да се задржат позициите на новоосвоените ослободени територии. Паралелно со тоа единиците на НОВ и ПОМ да се спремат за очекуваната непријателска пролетна офанзива. Очигледно било дека треба да се направат следните чекори.

а) Да се разбијат четничките формации на козјачкиот регион и со тоа дополнително да се овозможи создавање на широка слободна територија.

б) Да се засили врската со сите единиците од Македонија

в) Да се засили врската со Српските партизански одреди од Јабланица

г) Да им се укаже помош и на новите Бугарски партизански единици и во нивните редови да се вклучи баталјонот Христо Ботев .

Освен итните мерки, донесена е одлука да се формираат нови поголеми воени единици оспособени за напади и за одбранбени операции за освојување поголеми територии и градови. Разработена е тактика за борба во населени градски средини односно напади на населени места. Потоа биле разгледани и тактички дефанзивни идни постапки при преземање на поголеми непријателски офанзиви. Веројатно тоа и најмногу помогнало при успешното спротиставување на помногубројниот и далеку пософистицирано вооружен непријател. Нормално и воената обука на новите

[331] Светозар Вукмановиќ – Темпо (српски: Светозар Вукмановић – Темпо; 14 август 1912, Подгор, Цетиње, Црна Гора – 6 декември 2000, Режевиќи, Петровац, Црна Гора) — југословенски револуционер, учесник во НОВ, општествено-политички деец на СФРЈ и народен херој на Југославија

регрутирани и доброволно пристигнати борци требало да биде на високо ниво. Разгледани се и реалните проблеми со известителната служба која од сега требало поточно и побрзо да известува за движењето на непријателот и да ги пресретнува неговите телеграфски и обевештајни депеши и телеграми. Таа воена служба придружена непосредно во ГШ на НОВ и ПОМ во понатамошниот тек од офанзивата односно при воените судари за време на офанзивата ќе се покаже дека има битен на моменти и круцијален дел во акциите на бригадите. Разгледан е и односот кон странските мисии и нивните претставници кои биле неодвоив дел од ГШ. Сите овие акции и дејанија односно советувања во периодот 27-28 Февруари 1944 во манастирот Свети Прохор Пчински подоцна придонеле единиците на НОВ и ПОМ поорганизирано војнички многу подисциплинирано далеку побројни и политички мотивирани да го дочекаат почетокот на пролетната офанзива во 1944 година.

Пролетната офанзива ја преземале бугарските и германските сили против македонската војска и одредени српски и косовски единици. Воената акција на Фашистичките сојузнички со оглед на ангажираните сили на просторот и поставените цели претставува операција од исклучително стратегиско значење. Истовремено пролетната офанзива е последен обид да се уништи партизанското движење на територијата на Македонија и Поморавието односно ГШ на НОВ и ПОМ .

Германската Врховна Команда претпоставувала дека сојузничките сили ќе се истоварат на Балканскиот Полуостров односно на југот од Грција и по секоја цена настојувала да ја обезбеди главната комуникациска линија, Белград-Скопје–Солун за непрекинато снабдување на групата армии Е чија вкупна сила била 400 000 Германски добро опремени и извежбани трупи спремни за борба. Развиена во 4 Армиски корпуси 10 дивизии и други попратни трупи таа армија претставувала силен и цврст противник. Истата била командувана од германскиот генерал а подоцна и Маршал Лер[332]. Еден исклучително решителен и одлучен командант чие воено дејствување било пропратено со низа воени успеси кои го следеле во изминатите 4 години што самото по себе дополнително говори за тежината со која ке се соочат борците на ГШ на НОВ и ПОМ при сударите со овие трупи.

Германската пак команда Југоисток, особени била загрижена поради бројните успешни диверзии на железничката пруга по долината на реката Вардар. Бугарската профашистичка влада пак од своја страна особено ја загрижувало формирањето на бугарски партизански единици што се ставиле под команда на ГШ на Македонија и дејствувале во правец на Куманово- Ќустендил. Тие трупи биле под директна команда

[332] Александер Лер (. Alexander Löhr, 1885 — 1947), бил австријско-германски генерал на воздухопловсвото. Во текот на 1930 тите години Лер бил командант на Австриското воено воздухопловство. После Аншлосот е примен во Луфтвафе. Лер бил еден од тројцата бивши австриски офицери (покрај Ерхарда Рауса и Лотар Рендуловиќ) кои биле унапредени во чин генерал-полковник на Германскиот Вермахта. Во текот на Втората светска војна бил командант на 4. ваздухопловна флоте која учествувала во бомбардирањето на Варшава и Белград. Учествовал во борбите за Крит и на Источниот Фронт, пред да биде постављен во 1942 за командант на целиот Југоистока. Творец е на плановите за операциите Вајс и Шварц. Командувал со групата на армии Е при повлекувањето од Грција низ Југославија. Партизанските едионици успеале да го заробат во Мај 1945. година. Осуден је за воени злосторства и стрелан на 26. Фебруари 1947. година.

на Главниот Штаб на НОВ и ПОм и Генералот Апостолски. Тоа Бугарската страна добро го знаела и дополнително била загрижена поради тоа. Фашистичките сојузници се соочиле со навистина деликатна воено стратегиска ситуација. Како да ги одбранат разнишаните позиции на военополитички план. Дали да се сконцентрираат на утврдување и одбрана на сепак големата окупирана територија и сите главни стратегиски градови и центри на овој дел од балканот или да преземат нова многу посилна офанзива за уништување на пред се ГШ на НОВ и ПОМ. Од своја страна пак Македонската веќе прекалена во крвави битки војска предводена од генералот Михаило Апостолски и ГШ на НОВ и ПОМ, добила на квалитет, бројност и мобилност бидејки под нејзината непосредна команда имало партизански единици, бригади од Јужна Србија, Косово а на крај и Бугарски партизани. Германско–Бугарскиот воен план предвидувал операциите да се водат и завршат летото 1944 во две фази. Во согласност со поставените задачи и цели во оваа офанзива биле вклучени бројни бугарски, германски, квишлински и колаборационалистички сили со вкупна силина од преку 65 000 луге, надополнети со тенковски, артилериски единици и авијација. Но, состојбата на терен веќе не била иста и не дозволувала опуштеност во фашистичките сојузници бидејки, по победоносниот Февруарски поход веќе ништо не било исто. Моралот на македонските војници бил на многу повисоко ниво. Тие битката ја дочекале спремно и како никогаш до тогаш предводени од своето воено и политичко раководство и непобедливиот свој генијален Командант и Генерал Михајло Апостолски жестоко влегле во битка. Затоа кога офанзивата спласнала наместо пораз осоколените македонски единици тргнале во противофанзива и создале големи слободни територии. Востанието се проширило низ целата Македонска земја. Се зголемил бројот на борците а со тоа се формирале и нови покрупни единици на НОВ и ПОМ!

### 2.20. Подготовки за офанзивата

Станало се поизвесно дека Германските и Бугарските фашистички сојузнички ќе тргнат во нова одлучувачка офанзива во Македонија. Тие силно ги екипирале своите трупи кои го задрзале својот војнички морал на релативно високо ниво. Тука сепак одскокнувала германската команда и нејзините трупи за разлика од бугарските трупи.

Од своја страна по завршувањето на Февруарскиот поход и по одржувањето на советувањето во врска со продолжението на военополитичките активности и воени подготовки, Македонската војска ги заокружила своите планови и активности и се подготвувала за што поспремно да ја дочека претстојната непријателска офанзива.

Германско-Бугарскиот воен план предвидувал, воената офанзива да го опфати поширокото подрачје на Македонската територија и да заврши победоносно со разбивање на Македонските воени формации до почетокот на летото 1944 година.

Самата офанзива траела цели 57 дена од 24 Април 1944 се до 19 Јуни 1944 година. Фактот што офанзивата траела цели два месеци и официјално заведено во светската воена историја, период во кој се воделе крвави жестоки битки укажува на фактот колкава била важноста од исходот од битката. Мора да се истакне фактот дека на самиот Хитлер

како и на Врховната Германска команда на копнената војска-Вермахт[333], балканското боиште им се наметнало како приоритет бидејќи, Црвената Армија редела успеси пробивајќи се назапирливо по должината и длабината на огромниот источен фронт, потоа и сојузничкиот десант на Италија и сепак спорото напредување кон внатрешноста на чизмата се наметнале како фактор на размислување за еден ваков расплет на настаните. Сепак„исчистена”територија од Македонски воени единици на просторот на етногеографскиот дел на Македонија и Јужна Србија ќе значел можност за порелаксирано и помобилно движење на германските трупи низ Балканот. Тоа ќе овозможело Групата Армија Е да има многу битна круцијална стратегиска улога за Вермахтот бидејќи по„успешната”офанзива истата ке можела да презема и понатамошни офанзивни акции на балканот и во позадината на Италија а истовремено ќе значела и цврста пречка за понатамошното советско напредување и веројатно би била во можност дел од трупите да ги префрли кон источниот фронт. Дека нешто крупно се спрема потврдува и дејанието на ВШ на НОВ и ПОЈ.

Во пролетта 1944 година во склоп на општата ситуација посебно на Источниот фронт и на Фронтот на Југославија на просторот на Србија, Косово и Македонија им придава поголемо оперативно значење, поради што и упатува од регионот на Босна и Црна Гора две дивизии за Србија. „Иако тие две дивизии поради силниот отпор на германските војски и четничките воени формации не успеваат да се пробијат и по жестоките борби на Ибар, тие се вратени назад. Но и покрај тоа останала и се наметнала идејата за поголемо значење на територијата на Србија, Косово, и Македонија во Врховниот штаб Давањето од страна на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ[334] поголемо значење на просторот на Србија, Косово и Македонија произлегува од општото географско, политичко и стратегиско значење на тој простор, но во конкрекната ситуација од брзото напредување на Црвената Армија кон Запад како и од фактот што во Грција се наоѓаше една армија (Армиска група Е)[335]чии патишта за повлекување водеа преку Македонија, Косово, Србија. Германската Армија Група „Е”имаше преку 400.000 војници, во 4 корпуси со 10 дивизии и други единици под команда на Маршал

---

[333] Врховната команда на копнената војска Вермахт ( Oberkommando des Heeres, OKH), била орган кој управувал со копнените единици на Германската војска - Вермахт. Основана е 1935. а распуштена е на 9. маја 1945

[334] Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ (1941–1945) било врховно воено и политичко раководство на НОВЈ. Бил формиран како ГШ на НОПОЈ, на чело со Ј. Б. Тито (27 јуни 1941). Бил врховно воено и политичко претставништо на НОВЈ до одржувањето на Првото заседание на АВНОЈ (ноември 1942). На советувањето во Столице бил преименуван во ВШ на НОПОЈ (26 септември 1941), а по формирањето на Првата пролетерска бригада во ВШ на НОВ и ПОЈ (22 декември 1941). Имал одлучувачка функција за успехот на војната против фашистичките окуптори и нивните внатрешни соработници и за создавање на Југословенската федерација.

[335] Група армија Е (Гер. Heeresgruppe E) е формирана од 12 Германска Армија, на 1 Јануари 1943 година. Штабот на Дванаестата армија е преименуван во штаб на Групата армии Е. До 26 август 1943 година командата на Групата армии Е била фактички и команда на Југоистокот на армијата. После таа дата надлежноста и е ограничена само на територијата на Грција и островите, додека не е формиран нов штаб на Југоистокот, односно штаб на Групата армии Ф, кој под своја команда ја имал, покрај Групата на армии Е и Втората германска оклопна армија во Југославија.
Групата на армии Е, се борела на територијата на Грција, Албанија и Југославија. На територијата на Југославија, нејзините сили војувале од 1. јануари до 26. август 1943 година, и од септември 1944 година се до крајот на војната. Својот воен пат го завршила на 8 мај 1945 година во Словенија, каде армијата капитулира и се предава на единиците на Југословенската Армија.

Лер кој во 1945 година во завршните операции за ослободување на Југославија беше заробен. Нејзините патишта за врска со Германија ги штитеа германски и бугарски единици, распоредени во Македонија, Косово и Србија. Развојот на востанието во Југославија и енергичното напредување на Црвената Армија, го отежнуваше нејзиното понатамошно задржување во Грција, а единиците на НОВ и ПОЈ со своите дејства ги загрозуваа и онеспособуваа за понатамошно трајно оперативно ползување на патиштата низ Македонија, Косово и Србија. Со оглед на ситуацијата на Источниот фронт а посебно што секој момент се очекуваше брзото навлегување на Црвената армија во подунавието, потоа ситуацијата на фронтот во Италија како и подготовките за создавање на вториот фронт во Европа, повлекувањето на таа Германска армија беше неминовно. Постоеше задача и желба по никоја цена да не се дозволи Германската армиска група Е без пречки то ест без борба да не се повлече од Грција. Извршувањето на таа задача бараше да се засилат ослободителните војски во Македонија и Србија"[336]

Како и германската страна така и бугарските сојузнички сериозно се подготвувале за оваа операција. Тие се труделе да ги поправат своите позиции во Македонија и Јужна Србија. Со самото тоа идејата е да му помогнат и да се надополнуваат со својот германски сојузник во намерите за обезбедување на комуникациите кои поминувале низ Македонија и Јужна Србија. За оваа цел и Бугарската влада презела низа мерки. Во април 1944 таа решава, организацијата за борбата против македонските единици  и воопшто против отпорот во Македонија да премине од рацете на полицијата во рацете на армијата. Ова менување на организацијата значи дека мора воено не чело со бугарската армија да се зададе последниот одлучувачки удар врз единиците предводени од ГШ на НОВ и ПОМ кои дотогаш се покажало биле непоколебливи и непобедливи во битките со комбинираните воено полициски бугарски структури. Тоа посебно дошло до израз за време на битките во Февруарскиот Поход. Со овој акт кој пред се имал политичко значење, на идната командна армиска структура и дал можност во идната офанзива во армиските засилени единици да го интегрира целиот окупаторски апарат вклучително и полицијата и домашните помагачи па дури и вклучување на учителскиот кадар односно сите расположливи трупи и поединци да бидат ставени под една единствена команда. Од друга страна поради ваквиот акт на бугарската влада може да се заклучи дека официјална Софија веќе станува свесна за тежината на својата геостратегиска позиција бидејќи трупите на Црвената армија од Украинскиот фронт се доближиле и војувале на романската граница.

„Во една таква позиција во пролетта 1944 година Штабот на Петтата бугарска армија која беше распоредена во Македонија засилен со нови единици од Првата бугарска армија чиј штаб беше во Софија како и од некои други оперативни формации ги почнува подготовките за една офанзива, замислена во прва фаза да се развива на просторот, Куманово-Крива Паланка-Босилеград-Црна Трава-Лужница и Врање, со цел да се разбие во моментот најопасната група, каде што едновремено се наоѓаше главниот дел на Македонското  раководство на ЦК на КПМ и Главниот Штаб на НОВ и ПОМ како

[336] Пролетната офанзива во Македонија и во Поморавието, Михаило Апостолски – издадена во Скопје 1973 година од НИК Наша книга-стр-11 -12

и на  Бугарското политичко раководство односно Главниот Штаб на Востанијата. Подготовките се почуствуваа во втората половина на Април, кога почнува концентрацијата на голем број бугарски војски околу означената територија. Почетокот на офанзивата бугарскиот командант го предвидел да биде 30 Април спроти Први Мај, претпоставувајки дека денот на пролетеријатот ќе го празнуваат штабовите и единиците на НОБ и ПОЈ па се надевал дека ќе успее да ги изненади”[337]

**2.21. Офанзива**

Гермаско-Бугарскиот воен план кој бил изготвен од нивните воени стратези и генерали предвидувал пролетната офанзива да заврши до почетокот на летото 1944 година. Офанзивните активности биле поделени на две фази, првата која траела од 25 Април до 18 мај 1944 година и втората која требала да трае до 19 јуни. Согласно добиените насоки и задачи како напоменавме за целите на офанзивата биле ангажирани бројни Германски и Бугарски трупи како и бројни колаборационистички, балистички, четнички и квинслиншки единици, како и поединци од учителскиот и црковен бугарски кадар.

Во источна Македонија најангажирана била веќе споменатата петта бугарска армија. Освен нејзе во битките учествувале и дивизии од други бугарски армии односно 14, 17, и 29 дивизија потоа 1, 13, 21 пешадиски полк, 2 коњички полк, 6 етапен полк како и таканаречената 14 ловна дружина како пропратни единици. Овие сили ги подржувала 453 извидувачка ескадрила и уште една бомбардерска ескадрила подржувани од силната Луфтвафе[338].

Покрај бугарските биле ангажирани и четничките формации кои се истакнале со воени  дејанија посебно околу Козјачкиот масив. Покрај нив на југ биле ангажирани и грчки реакционерни формации таканаречени „Пауџии и Зервасовци”[339].

Од своја страна покрај сите колаборационалистички и сојузнички формации германските сили во битка влегле со вкупно 5 дивизии дополнително и гарнизонот од Кукуш-Егејска Македонија (денес-Северна Грција), делови од 91 германски корпус, многу други гарнизони од западна Македонија и повардарието како 297 Гренадирска дивизија или севкупно повеќе од 40000 трупи. Севкупно во Пролетната офанзива 1944 година  учествувале повеќе од 75000 војници и воен персонал од Германска Бугарска и колаборационо квинслиншка фашистичка провиниенција.

Македонската страна пак претпоставена во името ВШ на НОВ и ПОЈ предводена од  ГШ на НОВ и ПОМ и Генералот Михаило Апостолски била како веќе објаснивме добро подготвена и екипирана и иако развлечкана на поголема територија на етногеографска Македонија и на делот на Поморавието на Србија спремно ја дочекала

---

[337] Пролетната Офанзива во Македонија и Поморавието, Михаило Апостолски – издадена во Скопје 1973 година од НИК Наша книга-стр-15-16

[338] Луфтвафе (нем. Luftwaffe — „Ратно ваздухопловство“ дословно преведено са немачког) је назив за ратно ваздухопловство немачког Вермахта.

[339] Наполеон Зервас (грчки: Ναπολέων Ζέρβας) (Арта, 17 мај 1891 – 1957) бил грчки генерал, водач на реакционерна организација ЕДЕС за време на Граѓанската војна во Грција.

претстојната офанзива. Во нејзиниот состав влегувале, Првата Македонско Косовска ударна бригада, Втората Македонска бригада, Третата Македонска бригада и ГШ на НОВ и ПОМ, потоа, Косовскиот партизански одред, 6 и 7 јужноморавска бригада. Севкупно Македонската Антифашистичката страна располагала со околу 6000 прекалени борци распоредени во бригадите и дополнителните одреди и помагачи по селата  кои успешно  парирале на  офанзивните дејанија на непријателот. Да биде иронијата поголема првиот поголем напад го прават партизанските формации ослободувајќи го Кратово на општо изненадување. Сепак време за опуштање немало бидејќи веќе следниот ден започнал вистински пекол од битки на сите страни и на повеќе локации. Исто така многу значајно е да се истакне дека македонските бригади вклучително и ГШ на НОВ и ПОМ располагале со квалитетни радио станици добиени од британската воена мисија која била цело време присутна на терен и на повеќе локации придружувана од Македонските бригади. Британската мисија  била сведок на сите воени судари уште пред почетокот на Февруарскиот поход.

Распоредот на Македонските бригади бил следен. Втората Македонска бригада во април 1944 се наоѓала на просторот на Кожув и Пајак планина од геостратегиски аспект многу битно планинско подрачје од каде може воено да се делува на повеќе страни. Од Егејскиот дел до пелагониско и мариовско и кон централна Македонија. Истата уште од време на февруарскиот поход е вовлечена во постојани битки со непријателот. Кон средината на април втората бригада добила наредба од ГШ да ги засили борбените дејства и да се префрли со дел од баталјоните во правец кон Пелагонија Битола односно Прилеп и да ги привлече кон себе бугарските сили на силната настапувачка 15 бугарска дивизија и со тоа да го олесни продорот на Првата Македонска –Косовска бригада. Вториот дел од Втората бригада добил задача да се префрли во повардарието и таму да врши диверзантско офанзивни акции на правецот Скопје – Солун. Дел од бригадата што тргнал кон Битола и Прилеп успешно извршил напади кон позициите на бугарскиот непријател и со тоа го привлекол вниманието и на германската команда. Дел од Германските и бугарските трупи се насочиле кон овој дел на бригадата. Со тоа маневарот успеал. Дејствијата на Втората Македонска бригада  биле запазени во Бигла, Конопиште, Демир Капија каде го привлекле вниманието на германските силе кои морале да отстапат по нападот. Исто така и диверзантските активности биле многу присутни и тоа на правецот Неготино –Кавадарци.

Со интензивните офанзивни акции на двата правци „Втората Македонска бригада  ги привлекла кон себе главнината на 15 бугарска дивизија, од Битола и Прилеп, но и германските сили по течението на реката Вардар и со тоа овозможила полесни дејства и продирања на 1 бригада во западна и на 3 бригада Источна Македонија. Покрај тоа создала нови слободни територии и го поттикнала патриотскиот слободарскиот и борбениот дух кај народот што резултирало со голем прилив на нови борци”.[340]

Третата Македонска Бригада заедно со ГШ на НОВ и ПОМ по завршувањето на Февруарскиот поход се наога на регионот на Козјак, Герман Планина и поширокото

[340] 4 Воена историја на Македонија, (стр: 692-693) Ванче Стојчев – издадена во Скопје 2000 година

кумановско подрачје. На 27 февруари се одржало познатото советување во Манастирот Св. Прохор Пчињски со цел продолжување на борбата и создавање услови за свикување на Првото заседание на АСНОМ[341].

Со оглед на фактот дека североисточна Македонија и Југоисточна Србија биле под бугарската окупациска зона, 5 Бугарска армија извршила концентрација на силни единици кои го опколувале целиот поширок простор. Планот бил 5 Бугарска армија со подршка на артилериски сили и авијација да нападне од повеќе правци и да ги разбие македонските  но и српските единици присатни на поширокото подрачје.

Покрај третата Македонска бригада во обрач се нашле и 6 Јужноморавска српска бригада, Косовскиот и Кумановскиот партизански одред како и бугарскиот партизански Трнински одред и повеќе единици на командното врањско подрачје. Поради сериозноста на ситуацијата кон крајот на Април бил формиран Оперативен Штаб кој го заповедал и командувал Генералот Михаило Апостолски. Овој војнички извршен но истовремено и кризен штаб ќе ги стави сите единици под единствена команда на ГШ на НОВ и ПОМ односно директно под команда на Михајло Апостолски. Времето ќе покаже дека одлуката била исправна.

Оперативниот Штаб по извршените консултации на командантите на единиците издал наредба да се премине во напад на повеќе правци и со тоа да се изненади противникот и навремено да се извлечат од обрачот.

„Третата македонска бригада и Косовскиот партизански одред, обединети како обединета група, на 25 Април го нападнале Кратово. При тоа загинале 40 бугарски војници а 120 биле заробени. Од заробените бугарски војници бил формиран бугарскиот партизански одред Раковски”.[342]

Успесите во воведната битка кај Кратово сепак не вродиле со целосен плод бидејки останатите единици од тој сектор не успеале целосно во намерите. Шестата Јужноморавска бригада од оперативниот штаб добила задача да ја нападнат Крива Паланка но, по борбите кај Лисец против Бугарскиот 1 армиски полк морала да одстапи кон месноста „Ретки Буки” каде била повторно атакувана од бугарските трупи. Првата пак Софиска бригада била формирана од батаљоните „Христо Ботев и Трнински” и таа веднаш добила наредба за напад на Ѓуешево. Поради силниот отпор на веќе концентрираните бугарски единици и оваа бригада морала да тактички да отстапи.

По неуспешните напади на 6 Јужноморавската и 1 Софиската бригада оперативниот штаб издал наредба за нивно отстапување од борба и да се придвижат кон осоговските планини каде требало да се соединат со 3 Македонска бригада. Сепак и таа наредба неможела во целост да се изврши.

---

[341] Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ) — врховно законодавно и извршно тело на Демократска Федерална Македонија во периодот од август 1944 година до април 1945 година, кога, согласно новите прилики, е реконституирано и преименувано во Народно собрание на Македонија

[342] Воена историја на Македонија, (стр: 693) Ванче Стојчев – издадена во Скопје 2000 година

Како било предвидено од бугарската врховна команда. На 30 Април бугарските сили со бројни единици извршиле напад на подрачјето на Козјак и на Герман планина. По жестоките борби кај месноста Ретки Буки, Чупино Брдо и манастирот Свети Илија, ЦК на КПМ, Оперативниот штаб, 6 јужноморавска бригада и единиците на командата на Врањското подрачје се пробиле низ обрачот и на 1 мај преку Крива Феја излегле Чемерник каде на 4 Мај воделе тешки борби, а потоа на 5 Мај стигнале во Добро Поле.

Бугарската команда очигледно слепо верувала во целосно изненадување на Македонската комбинирана војска но реално таа само делумно успеала да ја постигне својата цел. 30 Април ден пред празникот 1 Мај и не бил најсрекниот датум за почеток на изненадувачки успешна офанзива. Сепак факторот на време во овие воени околности одиграл можеби круцијална улога и им дал доволно време на Македонските бригади да се спремат за битка. Кај Кратово дури и први нападнале Третата Македонска бригада и Косовскиот одред и имале одличен резултат. Еден друг фактор пак влијаел друга група на патртизански единици да се најде во незавидна положба. Имено, со расипувањето на радиостаницата на ГШ била прекината врската помеѓу 3 Македонска и 1 Софиска бригада потоа и со Косовскиот одред и Гевгелискиот одред. Така да тие наоѓајки се во неочекувана положба самоиницијативно со своите команданти тргнуваат кон Крива Река да се соединат со тамошните единици. Но токму тоа и го посакувала бугарската страна бидејки овие единици навлегувале во стратегиска замка односно во центарот на бугарското окпружување. И покрај ваквиот развој на настаните искусните борци успешно се пробиле и вешто маневрирајки го избегнале уништувањето со минимум човечки и материјални загуби.



**Генерал и Командант на Главниот Штаб на НОВ и ПО на Македонија Михаило Апостолски**

**ИЗВЕСТИЙА**

**Бр. 8**

На 25 април оваЙа година III-та македонска-народно-ослободи-
[illegible] ударна бригада заедно со косовскиот народно-ослободителниот
[illegible] одреди направи а комбинован нападение на градот Кратово и
[illegible] ослободиЙа од бугарските окупаторски войски. Целиот бугарски гарнизон
[illegible] беше заробен и на сред градот безоружан. Утепани беЙа околу 40
[illegible] полицаЙи. Нашите единици заплени а 7 камиона, 2 автомобила, 4 миноф-
[illegible], 4 топки митралеза, 122 пушки, многу муницийа и друг воен материйал.
[illegible] единици ги уништи а и запалиЙа: бугарската окупаторска општина, по-
[illegible] лицийското управление, комесарството и други обйекти.
Уште истиот ден бугарските окупатори довлекоЙа [illegible] ски войски од
[illegible] и Страцин и ги нападнаЙа нашите положаЙи околу градот. После
[illegible] борби во кои нашите единици му нанесоЙа загуби на непри[йа]телот,
[illegible] сн[а]ги го напуштиЙа Кратово. Сета воена спрема од градот беше извле-
[illegible] Нашите единици имаЙа 4 мртви и околу 5 леко ранети.
Во борбите во градот и околу него непри[й]ателот употреби и ави-
[illegible]-3 бомбардера тип " Дорнис" и 2 авиона тип "Бреген".

МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ!

БОРЦИ, КОМАНДИРИ И ПОЛИТИЧКИ КОМЕСАРИ НА НАШАТА ЙУНАЧКА

НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНА ВОЙСКА!
КРАТОВЧАНИ И КРАТОВЧАНКИ!

25 април 1944 година ке остане во историйата на македонскиот
[illegible] како оден од найгордите денои во неговата народно-ослободителна
[illegible]. На той ден нашата йуначка македонска войска ослободи по трет пат
[illegible] град во МакедониЙа-после славното Кичево и Дебар и победоносно вле-
[illegible] Кратово.
Со завзиманйето на Кратово нашата народно-ослободителна вой[с]-
[illegible] МакедониЙа го даде првиот [illegible] голем испит пред македонскиот народ
[illegible] нашиот прославен Врховен командант Маршал Тито: она се покажа своее
[illegible] да ги завзима и градовите, се покажа спремна за ослободувание на Ма-
[illegible] од бугарските фашиски окупатори. Комбинованото нападение на Крат[ово]
[illegible] силно йа покажа организаторската на нашите команданти и команди-
[illegible] широката само иницийатива на сите борци. Народот во Кратово, три годи-
[illegible] од бугарската пропаганда фашиска лага и клевети против нашата [illegible]
[illegible], на дело се увери дека нашите партизани не се таквиа "банди", арамийи
[illegible], а модерно наоружана и спремна войска во коЙа се борат найродол[illegible]
[illegible] и найчестните синови и керки на МакедониЙа. На политичкиот збор
[illegible] градот се држеше под грмежите на мино[ф]рлачите и тешките митралйе-
[illegible] народот за прв пат чу слободна дума и можеше да го искаже сво-
[illegible], бугарските окупатори што наскоро да бидат избркани од нашата
[illegible].

И во завзиманйето на Кратово, како и во миналата година во за-
[illegible] на Кичево и Дебар македонските единици дружно водоЙа операци-
[illegible] братските косовски единици кои се борат во МакедониЙа. Уделот на ко-
[illegible] партизан[illegible] во ослободуванието на Кратово беше голем. Пред
[illegible] на македонскиот град по вторпат храбрите синови на славното
[illegible] дадоЙа својта крв, знаейки оти со това го кршат општиот враг на
[illegible] народи- [фаш]измот и да со това ги доближуват часот за ослободуванйе и
[illegible] Косово.

НАПРЕД ЗА ИЗБРКУВАНЙЕ БУГАРСКИТЕ ОКУПАТОРИ ОД МАКЕДОНСКИ-
[illegible] И СЕЛА!

НАПРЕД ЗА КОНАЧНОТО ОСЛОБОДУВАНЙЕ НА МАКЕДОНИЙА!
ДА СА ЖИВИ МАКЕДОНСКИТЕ И КОСОВСКИТЕ ПАРТИЗАНИ-ОСЛОБОДИ-
[illegible] НА КРАТОВО!

FAKSIMIL „IZVESTIJA BR. 8“ GL. ŠTABA MAKE' DONIJE ZA NAPAD NA KRATOVO, 28. APRIL 1944.




Имено во периодот од 1 до 11 Мај започнува пробивот на бригадите поради расипувањето на радиостаницата во ГШ. Имено на 3 Мај таа група на бригади го започнува пробивот преку планината Китка и Султан Тепе за Дукат планина и понатаму кон Лужица и Црна Трава. На тој начин овие единици навлегле во центарот на бугарското окружување и реално им се закaнувала опасност од тотално уништување. Меѓутоа покрај вештото водење до израз дошло и борбеното искуство, па тие под услови на многу тешки борби на моменти и гради в гради успешно го пробиле обрачот. Битките кај Црцорија потоа кај Тломино а посебно селото Црцорија и врвот Црноок во периодот од 4 до 6 Мај биле исклучително тешки и исцрпувачки. Во овие борби паднале бројни жртви на обете страни но сепак опколените бригади на НОВ и ПОМ успеале да се пробијат и да стигнат преку Црна Трава во Лужница каде што се наоѓал ГШ со останатите единици.

Бугарската команда била вцашена од исходот на битката. Таа не само што немала зошто да им пререче на своите трупи кои реално храбро се бореле и јуришале на партизанските позиции но сепак биле разбиени, туку немала нова идеја за друг пристап во битките освен овој начин на замка и опколување на бригадите под команда на ГШ на НОВ и ПОМ. Бугарската команда така и постапила па веднаш по битките кај Црноок и

Црцорија создала уште посилен обрач околу Црна трава и Лужница каде биле групирани бригадите околу ГШ.

Нормално ГШ на чело со Михаило Апостолски не седел со скрстени нозе и длабоко свесни за својата позиција разгледувале начини за излез од оваа челична бугарска клешта која ги држела во опкружение. Планот бил да Третата Македонска бригада се пробие на југ  а Првата софиска бригада се пробие кон внатрешноста на Бугарија.

Плановите на ГШ не успеале докрај да се реализираат поради немање на време бидејки веќе на 12 Мај Бугарите започнале силни борбени дејствија подржани од артилериски оган и авијација да го стеснат обрачот колку може повеќе и така да го принудат ГШ на НОВ и ПОМ на очајничка битка од пократко растојание со која би успеале да уништат поголем број од единиците и да ги уситнат на небитни и помали воени формации кои нема да можат помеѓу себе да се поврзат во единствена команда.

До жестока битка дошло на месноста Станичин Крст. Третата македонска и Шестата јужноморавска бригада неколкупати успешно ги одбивале јуришите на бугарските трупи. Увидувајки ја тежината на состојбата ГШ донесува тешка одлука и наредува да се изврши пробив по секоја цена длабоко во ноќта низ обрачот кон југ по текот на Калишка Река кон Знеполе. Генералот Михајло Апостолски ваквите напади ги практикувал, од секогаш ги сметал за тактичко изненадување кое многу пати му помогнале во пробивите во 1943 во битките на слободната територија во западна Македонија, како и во Февруарскиот поход збунувајки го и изманеврирајки го посилниот и побороен непријател. Пробивајки се третата македонска бригада одеднаш и ненадејно била изложена на силен контранапад од вториот бугарски коњички полк. Веднаш третата бригада, се развила во борбен строј и извршила јуриш кон позициите на бугарската коњичка единица. Ова ги збунило бугарските команданти и во хаосот на бескромпромисната битка на крајот голем дел од коњичкиот полк бил уништен или заробен. Ова ќе остане запишано во воената историја како еден од ретките подвизи кога пешадија јуриша на коњица односно кога во ноќни услови имаме обостран јуриш на пешадија и коњица а победата ја однесуваат пешадинците. Навистина брилијантно!

Со оваа победа кај Знеполе третата Македонска ударна бригада[343] овозможила сите засегнати единици вклучително и ГШ на НОВ и ПОМ преку бугарска територија повторно да се пробие на Козјак. Со оваа битка завршила првата фаза од Пролетната офанзива во Поморавието и дел Источна Македонија.

И покрај пробивот, реално е да се заклучи дека единиците на ГШ на НОВ и ПОМ биле тешко погодени од дотогашните непрестани битки. Многу борци биле исфрлени од строј а имало и многу ранети и болни борци по едномесечните непрестани судари. Повторно требало нешто навистина брзо и итно да се направи за да се спаси главнината

343 Третата македонска ударна бригада била формирана во село Жегљане, Кумановско на 26 февруари 1944 година. Била формирана од баталјонот „Стив Наумов“ и кумановските баталјони „Јордан Николов - Орце“ и „Христијан Тодоровски - Карпош“.

од трупите а истовремено да се одбрани постојната територија. Повторно требало да се носат тешки одлики, и Главниот Штаб предводен од генералот Апостолски одлучил да изврши реорганизација на единиците. Ранетите исцрпените и болните борци биле издвоени а од физички здравите борци била формирана една нова ударна оперативна група која ќе може да издржи долги и упорни засилени маршеви и тешки борби. Така на Козјак Планина била формирана една нова ударна оперативна единица наречена Осоговска Група. Во составот на Осоговската група влегувале два батаљона од Третата македонска бригада, потоа по еден косовски и еден јужноморавски батаљон како и Гевгелискиот одред. Оваа засилена и комбинирана единица наречена осоговска група требала да изврши пробив низ бугарските позиции и да се пробие кон југ и да оформи нови ослободени територии. Нејзиниот пробив и патешествие претставува вистинска епопеја на НОВ и ке се памети и истражува и во иднина во воената историја. Останатите ослабени единици и пропратни одреди како и сите ранети и болни борци со болницата на оперативниот штаб биле оставени на слободната територија. Додека ГШ предводен од неуморниот командант и генерал Михајло Апостолски ковале нов очајнички но брилијантен план и бугарската страна не мирувала и повторно сакала да ја испроба истата тактика на опколување исцрпување и намалување на територијата под контрола на комбинираната Македонската Војска. Командата на 5 бугарска армија била свесна дека располага со сеуште свежи и резервни сили и подпомогната од своите германски сојузници очекувала конечна победа. Таа успешно направила нов цврст обрач околу Козјачкиот масив каде била слободната територија. Со овој чин започнала и втората етапа на пролетната офанзива. Бугарските трупи успеале да ги одвојат двете групи и на 19 мај осоговската група одеднаш се нашла сосема изолирана на планината Герман а послабите останати единици се бореле и бранеле на проверените утврдени позиции на Козјак. Морало итно да се делува и да се прекине бугарската тактика на дефанзивно одземање на територија. Потребни биле нови борци и регрути и со регрупирање на постојните борци на терен да се тргне во контранапад.

Конечно обрачот бил пробиен на делот на тешко прооден терен кој бил многу тежок за движење. Токму затоа тој терен бил одбран за пробив. Изненадувањето било комплетно. Овие воени тактики ја издигнуваат улогата на командантот на ГШ на НОВ и ПОМ, Михајло Апостолски до брилијантност при директното командување на фронтоткаде многу често бил присутен помеѓу ботците или индиректно пренесеното познавање на своите команданти. Овие воени тактики се уникатни тешко повторливи и веројатно подложни на дополнителни воени анализи. Поради тој факт Осоговската група по пробивот започнала со противофанзива со засилен марш од Герман Планина по долината на Крива река па се до Круша планина, која се наоѓа во Егејскиот дел на Македонија на 10 км. од градот Кукуш. Еден навистина долг пат изминат во непрестани борби и пробиви на непријателските одбранбени позиции.

За време на овој марш Осоговската група водела крвави битки со засилените бугарски војски за многу клучни стратегиски позиции. Најпрво се борела на преслапот Палазлија потоа за Злетовските Рудници, потоа избила на Обозна која е највисоката кота пред Малешевијата и од каде може да се делува на сите страни. По спуштањето по струмичкиот рид постојано во борба со бугарските сили на 30 мај таа конечно стигнала

на позициите на Круша Планина 10 км. северно од Кукуш, но, германскиот гарнизон распореден во оклината ја забележил и веднаш ја нападнал Осоговската група и ја натерал на брзо повлекување. По сударите со Германските трупи кај Круша и Караташо осоговската група се обидела да се префрли преку Вардар кај Градско и да се состави со Втората Македонска бригада. Но, непријателот ја предвидел оваа активност и не го дозволил овој битен чин за баталјонот. Затоа Осоговската ударна група неочекувано од Градско се префрлила и на 5 јуни избила на патот Струмица – Штип и го продолжила пробивот овојпат насочувајки се кон север. Тука започнува и реалната противофанзива на Осоговската ударна група на батаљони во источна Македонија. Таа го разбила бугарскиот 49 полк и повторно се зацврстила на Готен планина, кој претставува едно исклучително место, како геостратегиска позиција е навистина уникатно место. Од неговите врвови може да се делува кон Пијанец и Малешевијата нормално и кон струмичко и радовишко. Така со леснотија ударната група на батаљони се префрлила на Плачковица, потоа се спуштила кон реката Брегалница и се упатила кон целта на Осоговските планини. На Пониква ударната група на батаљони разбила уште два бугарски батаљони и го продолжила својот победоносен марш преку Осоговските планини и Чупино брдо. Во периодот од 15 до 17 јуни групата водела уште две битки со два бугарски полка кои ги натерала на повлекување кај селото Нов Глог. На 19 Јуни Осоговската група ја водела својата последна борба на Петрова Гора јуришајки и принудувајки ги бугарските батаљони да се повлечат во гарнизоните. Македонската војска предводена од ГШ и Михајло Апостолски создала нови слобоидни територии помеѓу Куманово и Крива Паланка а со дејанијата на другите единици се ослободени и Врање и Црна Трава што претставувало шок за бугарските команданти. На тој начин единиците на Третата Македонска бригада и другите дополнителни единици од Осоговската група влегле во воената историја како пример како со брзи маршеви на неповолен и тешко прооден терен во услови на непрестана борба може да се порази далеку поброен непријател. Осоговската група направила вистински подвиг бидејки, за релативно кратко време направила воен марш пропратен со постојани со постојани воени судари поминувајки релација од преку 300 км. од Козјак до Кукуш и назад пробивајки си го патот низ бугарските поразени гарнизони. Нешто слично се одвивало и за времетраењето на Февруарскиот поход кога исто така има многу примери на поминување огромни дестинации за релативно кратко време од Македонските бригади. Навистина од военоаналитички аспект гледано тоа е фасцинантно, каква спремна пешадија имала Македонската војска.

Сето тоа не останало незабележано, не само од германско-бугарските сојузници кои биле војнички поразени и надмудрени, туку и од постојаните британски мисии во Егејска Македонија и на Козјак кои известувале за неверојатните подвизи на Македонските партизани исто како што тоа го увидела и американската мисија. Веројатно информациите подоцна дошле и до советските известувачи со доаѓањето и на нивната мисија во Егејскиот дел на Македонија. Како и да е, сите страни увиделе дека македонската војска е исклучително агилна брзодвижечка и жилава воена сила, која ги користи сите природни поволности на теренот и со молњевити удари го разбива противникот нанесувајки му сериозни воени загуби. Истовремено сите во воените

мисии немале никакви дилеми дека мозокот на главната сила која им дава правец и насока во победоносните маршеви на Македонските единици е генералот и командант на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски. Македонските бригади и одреди, подоцна и дивизиите, му биле исклучително одани и верни и поради се поправичната хиерархиска застапеност на поистакнати и докажани кадри и поради неговите правилни военотактички одлуки кои биле енергични и точни, со претходна целосна анализа на теренот.



**Раководството на 1-ва македонско косовска ударна бригада**

ГШ на Македонија во почетокот на Април 1944 година донел одлука Првата македонско-косовска бригада повторно да ја испрати во западна Македонија. Со тоа се очекувало истата да допринесе во ширењето на востанието во западниот дел на Македонија. Оваа прекалена единица и нејзините команданти добро го познавале теренот и затоа од нив се очекувало со константната и упорна борба да го привлечат населението во своите редови и да се зголеми бројот на доброволци и идни борци. Овој дел на Македонија бил доволно напатен и населението било долго малтретирано од балистичките формации кои немилосрдно се однесувале кон него. Ќе се покаже дека одлуката на крај била исправна бидејќи по серијата битки со понадмоќниот непријател востанието не само што ќе се прошири во овие природни патриотски делови на татковината туку ќе фати и длабоки корени помеѓу населението кое масовно ќе се одазве и ќе се приклучи во антифашистичката борба. Тоа повторно непогрешливо го предвидел Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ Генералот Михајло Апостолски.

Следувале сепак драматични битки. За почеток, Првата Македонско –Косовска ударна бригада[344] била поделена на две групи батаљони и на 19 април го започнала

[344] Првата македонско-косовска ударна бригада била формирана на 11 ноември 1943 година во село Сливово, Дебарца. Бригадата се состоела од: Батаљонот „Мирче Ацев“, Кичевскиот батаљон, Првиот косовски батаљон „Рамиз Садику“ и Вториот косовски батаљон „Боро Вукмировиќ“.

својот марш од селото Долно Радово (Меглен-Егејска Македонија). „По десет дневниот марш преку егејскиот и албанскиот дел на Македонија, односно преку грчка и албанска територија, бригадата на 27 и 28 Април се состанала со раководството на НОД на Албанија во регионот на Горна Горица а потоа преку Галичица го продолжиле патот кон Дебарца". На патот кон Дебарца бригадата била откриена од 15 бугарска дивизија во близината на Ресен. Веднаш биле испратени трупи од Охрид и Ресен да ја заобиколат но, бригадата успешно ги разбила нивните претходници и го продолжила својот пат според планот на ГШ. Со пробивот за цел била поставена повторно обновување на слободната територија на Бистра планина и Дебарца и со тоа колку може повеќе да ги развлече непријателските линии и да добие на време да ги пополни своите редови со нови борци и истовремено да помогне во ширењето на востанието и формирањето на нови единици на НОВ.

Движејќи се по планинските сртови и тешкопрооден терен бригадата пристигнала во село Велмеј каде планирала да се задржи на организиран одмор. Сепак бригадата била повторно откриена и била опколена од бугарските сили. Откако станало јасно дека се откриени раководството на бригадата направило план како да се извлече од обрачот. Тоа не било лесно и морало да се изведе на оригинален начин каков и претходно бил применуван од страна на раководството на бригадата. Имено дел од македонските батаљони нападнал на левото крило од фронталната линија да привлече колку може повеќе сили на таа страна а пробивот да го изведат другите батаљони на друга локација и насока. Истовремено нападнале и косовските батаљони во повеќе правци при што била запалена бугарската караула. Со тој чин конечно Бугарите се концентрирале на тоа подрачје и ослабиле неколку одбранбени точки. Метежот на битката која траела повеќе од 8 часа го искористиле македонските борци и се пробиле од обрачот. И покрај фактот дека се бореле во тешки услови Македонските борци имале само 8 загинати а бугарската страна дури 63 загити и 18 заробени лица. Ова е уште една од многуте класични битки со пробиви брилијантно изведени од обучените и прекалени борци предводени од Командантот Михајло Апостолски.

Раководството на 5 Бугарска дивизија по пробивот кај село Велмеј, побарала помош и засилување и го известила раководството на Германските сојузнички да преземат мерки бидејки има сереиозни движења и борби со настапувачките македонски единици. Германската команда веднаш реагирала и ги ангажирала своите трупи од Струга и Дебар како и силните балистички формации кои претходно биле вешто изманеврирани од Првата Македонско Косовска бригада. Маневрирајки по пробивот бригадата стигнала во селото Слатино на 30 Април 1944 година. Слично како и во селото Велмеј и овојпат само што пристигнале веднаш нивните истурени позиции и стражи биле нападната од здружените германско балистички сили. Започнал жесток судар на висина на стратегиската комуникациона линија Охрид-Кичево. Во едни такви околности батаљоните на бригадата повторно ја примениле сличната тактика од Велмеј и напаѓајки од повеќе насоки ги збуниле здружените фашистички сили и успеале да направат пробив

---

Освен Македонци, во редовите на бригадата се бореле и Срби, Црногорци, Албанци, Словенци

нанесувајки му на непријателот сериозни загуби од преку 40 загинати и уште толку заробени како и запленување на големо количество на муниција и опрема. Се разбира за почетниот успех заслуга имало и месното слободарско население кое во овој регион отсекогаш помагало на македонската кауза. Видно вознемирени од расплетот на настаните на 21 мај 1944 година „командата на 21 ридски армиски корпус ја известил командата на 2 оклопна армија дека железничката линија Струга – Кичево е затворена за сообраќај поради пробивањето на Македонските единици на Бугарска територија”.[345]

Командниот штаб на бригадата издал наредба да се напаѓаат комуникациските точки на релацијата Кичево- Охрид. Македонските Батаљони тргнале во офанзива кон Кичевско кон селата Подвис и Извор а Косовските групи батаљони кон Охридско кон селата Ботун и Песочан. Многу амбициозен план кој предизвикал вистинска војна во Славна Дебрца. Овојпат таа се одвивала една гоидина подоцна од 1943 година така овој крај останал центар на отпорот во Македонија и во 1944 востанието уште повеќе ќе се развие. Драматичноста на битките детално ги опишал командантот генералот Апостолски во својот дневник а подоцна и во неговите книгии дела. Имено и од документите и книгите што се објавени од Михајло Апостолски се гледа една драматична и на моменти хаотична битка помеѓу бригадата со помошните батаљони и трупите на фашистичките тројни сојузнички на територијата на западна Македонија.

Определените диверзантски групи на двете групи батаљони во периодот од 3 до 5 мај 1944 година имале голем успех на терен. Имено, биле разурнати мостовите на железничката линија во Мешеишта, Ботун и Песочан. Додека делувале диверзантите кои биле добро обучени и многу искусни борци, претходницата на Македонските батољони разбила една германска колона која доаѓала на помош и повторно запленила големо количество на муниција и опрема која била неопходна бидејки муницијата се трошела а хаотичните битки не стивнувале. Драматичниот извештај на германската команда по овие настани го потврдуваат претходно напишаното за хаосот што владеел при битките. По овие битки, командантите на 181 и 297 гренадирска дивизија наредиле да се пука во све што се движи на сомнителни места а се мисли дека им се помага на партизаните. Една мошне брутална одлукавперена кон целото население, одлука која ја потврдува и паниката која ја зафатила германската команда. Битките продолжиле со несмалена жестина. Кај село Извор повторно групата Македонски батаљони разбиле уште една моторизирана германска колона на 297 гренадирска дивизија. На друга локација се нападнати железничките постојки во Подвис и Друговo нанесувајки им сериозна штетана германските сили. Германската команда по овие настани ја запрела офанзивата во Дебарца и Копачка кои станале за нив неслободни зони. Германската команда била принудена да ги прегрупира своите сили и да се обиде повторно да преземе офанзивни акции.

Искусните германски команданти ги прегрупирале силите и направиле нов план, да ги држат единиците на НОВ и ПОМ во обрач и истиот да пробаат да го прекинат во вид на клешта со концентација на моќни и оклопно механизирани единици а потоа да

[345] Воена историја на Македонија, (стр: 696) Ванче Стојчев – издадена во Скопје 2000 година

ги вметнат во борба свежите балистичките формации за да се пресметаат одблизу со партизанските единици односно баталјоните на Првата Македонско- Косовска ударна бригада. Како споредна цел тие презеле и нова офанзива во Албанија под кодно име „Пролетно Будење"која ја подготвила командата на 21 ридски армиски корпус. Истовремено се спрамала и офанзивата под кодното име „Слободен Пат"алудирајки на чистење на теренот помеѓу Струга и Кичево како вовед во чистењето на поширокиот регион ма Копачка и Дебарца со разбивање на единството на баталјонитее на Првата Македонско-Косовска бригада.

Офанзивните акции започнале на 8 Мај кога германско –балистичките сили го започнале настапувањето. Се атакувало од повеќе правци на поширокото подрачје на слободната зона во Дебарца и Копачка. Се извршил концентричен напад од правец на три утврдени града, Дебар, Струга и Кичево со пешадиски и комбинирани пешадискоартилериски единици како и тешка артилерија дополнета со моторизирани и тешки оклопни мобилни тенковски единици. Подрачјето помеѓу градовите кое било под контрола на баталјоните на Првата Македонско-косовска ударна бригада постепено започнало да претставува воено поле. Баталјоните на Првата Македонско косовска бригада храбро се бореле и четири дена го успорувале напредувањето на непријателските воени формации но, овој пат концентрацијата на свежи и моторизирани како и артилериски трупи преовладала над лесно подвижните баталјони на првата бригада и постепено започнало нивното повлекување пред налетите на: 297 моторизиран комбиниран баталјон, потоа единиците на полкот „Бланденбург", ГШ на 48 моторизирана дивизија, делови од 522 гренадирски полк, подвижни екипирани формации на лесна артилерија како и многу ангажирани балистички формации. По доминацијата на Геманскиот оклоп и артилерија фронталната линија и одбранбена позиција на Првата Македонско Косовска бригада се распаднала и баталјоните добиле насока да се пробијат на нова територија во правец кон Караорман и струшка Малесија. Меѓутоа и на новата територија тие биле опколени од сите стани и тоа не само од трупите кои настапувале во операцијата „Слободен Пат" туку и од трупите кои успешно ги отфрлиле Албанските партизански формации од трупите кои учествувале во соседната офанзива „Камен Меѓник"од своја страна и дополнително балистите кои ги заземале позициите да ја затворат отстапнината односно клисурата на Црн Дрим.

Наоѓајки се во исклучително сложена ситуација штабот на единиците на Првата Македонско-Косовска ударна бригада меѓу кој се наоѓал и комесарот на ГШ на Македонија, Цветко Узуновски Абаз направил нов план за акција. Македонската група на баталјони да биде испратена кон Бистра и Маврово а Косовската да дејствува во Малесија и Дримкол во координација со ГШ на Албанија кој најавил пробив со 2 бригади кон Дебарца. Планот бил многу амбициозен и предвидувал опколување на германско-балистичките формации но во целост не се остварил бидејки албанските бригади едноставно не се појавилае на договорената локација и ги оставиле косовските бартаљони самостојно да парираат на посилниот непријател. Соработката била стихијна и делумна и само околу градот Дебар и тоа од само една бригада. Што се однесува до македонските баталјони од бригадата тие успешно се пробиле на Бистра и Маврово користејки ги познатите стари тактики на молњевити удари и брзи отстапувања.

Претходно добро се наоружале со воената помош од Британците кои исфрлиле падобрани со оружје и муниција на Караорман. Истите освен со оружје се екипирале и со нови свежи борци и до крајот на месец мај воделе повеќе борби на Никифорово и Маврово потоа Гари и Лазарополе, Тресонче и Галичник односно во целата Мијачија каде биле помагани од локалното население и каде се пресметувале со балистички силни формации нанесувајќи им сериозни загуби. Истовремено Косовските батаљони на кои им било многу потешко, бидејќи воделе битка во услови на целосна блокада им успеало да се одржат иако приклештени на позициите во Малесија и Дримкол.

Германската команда била револтирана од само делумниот успех и во почетокот на Јуни се подготвувала за нова одлучна офанзива со која ќе стави крај на сите батаљони на Првата Македонско-Косовска бригада. Се разбира на удар најпрво биле Косовските единици во Дримкол и Малесија. И повторно под силен артилериски оган се нашле сега веке поделените батаљони и биле приморани на оттстапување кај селото Збажди и кај селото Локов. Сепак Косовските батаљони успеале да ги разбијат балистичките формации кај селото Збажди а пак Македонските батаљони со вешти маневри успеале да ги отсечат балистичките формации од германската главнина и наполно да ги уништат над селото Локов по петчасовна битка. По овие шокантни победи над фашистичките сили а посебно тешките загуби на балистичките формации видно го подигнале моралот во единиците на Првата македонско косовска ударна бригада но и на месното население. Извесниот пораз прераснал во извесна победа по што во селото Локов на 8 Јуни била формирана Првата Македонска бригада во чиј состав влегле 650 борци со вториот македонски батаљон и новодојдени борци од охридско, кичевско и други области. Во селото Збажди пак била формирана Првата косовско –метохиска бригада[346] во чиј состав влегла и руска чета. Се случило навистина невозможното и народот во поширокото подрачје со голема радост и восхит ги пречекувала борците им обезбедувала претстој и храна како и лечење за ранетите.

Конечно Врховната германска команда увидела дека балистичките формации за кои имало мислење дека добро го познаваат теренот и дека ќе успее да им парира на македонските бригади, батаљони и одреди, немаат капацитет воено да се спротистават и да доминираат на теренот. Затоа и проценката дека Македонските и Косовските бригади го загрозуваат самиот Дебар била исправна. Врховната германска команда итно ги мобилизирала своите преостанати единици и дополнително нови балистички трупи во висина од 550 борци. Проценката на германската команда била исправна, тие имале сознанија дека македонското военополитичко раководство повторно има иницијатива за договор со албанската страна.  Така во јули 1944 дошло до нова спогодба помеѓу македонското и албанското раководство. Во центарот на интересот бил градот Дебар и било одлучено градот да се нападне од двете страни. Нападот бил испланиран за 9 јули и според планот требало да учествуваат, Првата Македонска, Првата Косовска-Метохиска и една Албанска бригада. Дебар требало да се нападне од сите страни а албанската бригада да држи отстапница и да го блокира патот Дебар –Струга.

[346] Прва косовско-метохиска ударна бригада — бригада на НОБ во Македонија, а подоцна и со дејствија во Косово и Метохија. Бригата е основана на 24 јуни 1944 година во селот Збажди, Струшко

Германскиот вермахт од своја страна и поради оперативните сознанија и поради општата воена состојба на теренот одлучил да лансира нови операции на теренот. Така паралелно во тој временски период германската борбена формација „ Бургемајстер”во состав на 48 моторизиран батаљон, потоа 524 полк од 297 гренадирска дивизија и 2 албански потерен батаљон од Дебар ја спроведувале акцијата „Соколово Око” на подрачјето Дебар-Пешкопеја. Следуваат жестоки пресметки на теренот во и околината на градот Дебар, кој самиот ќе претставува воена зона и фронтална линија.

Првата Македонска бригада[347] и Првата косовско-метохиска бригада ноќта помеѓу 8 кон 9 јуни незабележано се приближиле до самиот град. Во мугрите извршиле изненадувачки напад при што успеале да се пробијат во самиот град при што надворешната одбрана на градот била целосно совладана. По жестоката битка целиот град Дебар бил во рацете на бригадите под команда на ГШ на НОВ и ПОМ освен утврдената касарна. Поради непојавувањето на албанската бригада, патот од Струга останал незаштитен и една засилена германска колона подржана и од тенкови лесно се доближила и во попладневните часови од грб ги нападнала бригадите кои морале да отстапат кон Караорман при што имале преку 20 мртви и 40 ранети борци. Загубите кај комбинираните германско балистички сили биле петкратно поголеми.




И покрај неуспехот на нападот на Дебар бригадите останале во добра кондиција и во комуникација со Првата албанска бригада која конечно во летото на 20 јули пристигнала во околината на Дебар. Во согласност со претходно договореното одлуката била Дебар повторно да биде нападнат на 1 август. Овај пат планот бил македонската и

[347] Првата македонска ударна бригада (с. Локов, Струшка Малесија, 8 јуни 1944 – 28 септември 1944) – воена единица на НОВ и ПОМ, која потоа во состав на Четириесет и осмата (македонска) дивизија на НОВЈ

Бригадата била формирана од околу 500 борци на два македонски баталјона на Првата македонско-косовска бригада(Кичевско-дебарскиот баталјон и Ресенско-охридскиот), борци на Партизанскиот одред „Јане Сандански“, Велешкиот партизански одред, Костурскиот партизански одред и новопристигнати борци. При штабот на бригадата престојувала и англиска воена мисија.

албанската бригада заедно да го нападнат градот од две страни а косовско-метохиската бригада да ја штити отстапницата кон Струга и да ја затвори стратегиската комуникација помеѓу двата града. Во меѓувреме и германско-балистичките сојузници ја зголемиле мобилноста и заштитата на градот. Така околу Дебар имало 3 одбранбени линии а во самиот град имало распоредена артилерија од разен калибар како и минофрлачи. На 1 Август во раните утрински саати започнала втората битка за Дебар. Здружените бригади се пробиле до третата одбрамбена линија давајки многу жртви. Се развиле улични борби кои ги приморале германско балистичките сили да се утврдат повторно во касарната. Во меѓувреме очекувано од правец на Струга веќе пристигала оклопна колона засилена со тенковски единицино, за разлика од првата битка сега имало кој да ја пречека. Косовската бригада пружила жесток отпор на напаѓачите но била разбиена и колоната тенкови пополека ги пробивала и останатите единици на бригадите. По жестоката битка германските сили се споиле и извеле контраудар кој ги натерал бригадите на повлекување. После хаотичните борби ГШ на НОВ и ПОМ донел исправна одлука на делумно повлекување на бригадите од околината на Дебар кон слободните територии.

По наредба на ГШ, Првата Македонска бригада се повлекла кон Караорман а Првата албанска бригада кон Албанија. Првата Косовско-Метохиска бригада преку Албанија се повлекла кон Косово. Така завршуваат и  втората фаза односно летните операции од Пролетната Офанзива. Всушност реално завршува непријателската офанзива но  завршува и Македонската противофанзива на единиците предводени од ГШ на НОВ и ПОМ.

„Пролетната офанзива, која траеше речиси два месеци завршува со полн успех на НОВ и ПОЈ во Македонија и во Јужна Србија што беше од посебно значење за натамошниот развој на востанието и ревулуцијата на Македонскиот народ и народностите и на Српскиот народ општо и посебно во Источна Србија и во Поморавието. Во пролетната офанзива од страна на окупаторите учествуваат бугарските окупаторски војски, распоредени во Македонија и Јужна Србија, дел од тие што беа во Источниот дел на Егејска Македонија и единици посебно доведени за таа офанзива од Бугарија. Потоа учествуваа и германски единици од реонот на Солун и Кукуш. На бугарските и германските војски во голем број на борби им помагаа многубројни квинслиншки вооружени формации. Така во Западна Македонија основна маса на окупаторските сили ја сочинуваат балистичките вооружени формации, создадени во Западна Македонија но и доведени од Албанија и Косово. Во нивните редови имаше насилно мобилизирани и политички заведени Албанци. Во Грција односно во борбите водени во Егејска Македонија на германските и бугарските војски им содејствуваа грчките реакционерни вооружени формации познати како „Паунции"„Зервасовци" и слично. Во Поморавието и северно од Куманово на бугарските војски им помагаа четничките групи на Дража Михајловиќ, што бугарските окупатори настојуваа со борбите во офанзивата да им овозможат од Србија одново да се вратат во Поморавјето, евентуално и на Козјак Планина по нивното разбивање во Февруари 1944 година."[348]

---

[348] Февруарски поход, Михаило Апостолски –  Белград  1964 година (стр 179-188)

„Борбите во пролетната офанзива , што траеја речеси два месеца, претставуваат една од најтешките и најголемите борби дотогаш во Македонија. Единиците на НОВ и ПОЈ, што учествуваа во оваа офанзива издржуваа натчовечки напори, водејќи секојдневно тешки борби а притоа минувајќи огромни пространства. Така, Првата македонско-косовска бригада, од Егејска Македонија – селото Бахово-Преку Преспа за Бистра планина. Втората македонска бригада од Кожуф Планина, а третата македонска бригада со Косовски одред, потоа 8 јужноморавска бригада, од Осоговските Планини односно од Кратово доаѓаат северно од Црна Трава, оттаму на југ близу до Кукуш во Егејска Македпонија и одново се враќаат до Козјачкиот Масив”.[349]

Јасно е дека за времетраењето на Пролетната офанзива и противофанзивата на единиците на НОВ и ПОМ востанието се проширило и ја зафатило пошироката територија на етногеографска Македонија. Успешните операции одекнале насекаде и народот со голема радост и љубопитност сакал да дознае и да биде информиран за све што се случувало на фронтот и теренот. Со таквиот развој на настаните веќе се создале услови за зацврстување на народната власт и нејзините органи на сите слободни територии каде можело слободно и легално да се работи. Онаму пак каде тоа било оневозможено поради воените активности народната власт работела на полулегален начин колку што тоа го дозволувалка состојбата на теренот. Битно било народот да го почуствува моментот дека сега е вистинското време за делување и приклучување во народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија. Во градовите пак кои останале под доминантна фашистичка Бугарска и Германска окупација, продолжила илегалната борба и активност која ја организирала пред се КПМ и нејзините активисти како и младинските организации.

„Во прилог ги даваме Известијата од 1 до 10, на ГШ на НОВ и ПОМ што ги издаваше за информирање на народот за успесите на партизанските воени единици во борбата против непријателот. Постоеја и други средства за информирање. Прогласи разни весници, билтени, списанија и друго но, Известијата ги издаваше Главниот Штаб по повод големите воени успеси што е и мотивот на ова место да ги објавиме. Известијата се пишувани од различни машини со различен шриф према тоа од кого е запленета. И јазикот претставува посебно интересна материја за проучување – бидејки тогаш Македонскиот народ немаше ни своја азбука ни свој изграден литературен јазик. Од тие причини известијата ги објавуваме без корекција оставајки ги дури и печатните грешки.”[350]

ИЗВЕСТИЕ БР. 8

На 25 Април оваја година III–та Македонска народно-ослободителна ударна бригада заедно со Косовскиот народно-ослободителен партизански одред направија комбинирано нападение на градот Кратово. Целиот бугарски гарнизон во градот беше заробен и на сред град разоружан. Утепани беа околу 40 фашистички полицаи. Нашите

[349] Пролетната офанзива во Македонија и во Поморавието, Михаило Апостолски – издадена во Скопје 1973 година од НИК Наша книга-(стр-222).
[350] Пролетната офанзива во Македонија и во Поморавието, Михаило Апостолски – издадена во Скопје 1973 година од НИК Наша книга-(стр-227-228).

единици запленија 7 камиона 2 автомобила, 4 минофрлача, 4 тежжки митралези129 пушки и многу друг военен материјал. Уште истиот ден бугарските окупатори довлекао аки воиски од Пробиштип и село Страцин и ги нападнаа нашите положаи околу градот. Сета воена спрема во градо беше развлечена. Нашите единици имаа 4 мртви и 5 леко ранени. По борбите во градот и околу него непријателот употреби и авијација -3 бомбардера тип „Дорние" и 2 авиона тип„Брегеи".

МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ! БОРЦИ, КОМАНДИРИ И ПОЛИТИЧКИ КОМЕСАРИ, НА НАШАТА ЈУНАЧКА НАРОДНО ОСЛОБОДИТЕЛНА ВОИСКА! КРАТОВЧАНИ И КРАТОВЧАНКИ!

25 Април 1944 година ќе остане во историјата на македонскиот народ како еден од наиголемите денови на народоослободителната борба. На тој ден нашата јуначка народоослободителна војска ослободи по трет пат еден град во Македонија. После славното Кичево и Дебар и победоносно влезе во Кратово!

Напред за избркуене бугарските окупатори од македонските градови и села!

Напред за конечното ослободуене на Македониа!

Да живи Македонските и Косовските партизани ослободители на Кратово!

Да е жива нашата јуначка народо ослободителна воијска на Македонија!

Да е жива слободна Македонија во слободна демократска и федеративна И-Огославија. – СМРТ НА ФАШИЗМОТ – СЛОБОДА НА НАРОДОТ!

28 април 1944 година. На Положаи!

Главен Штаб на НОВ и ПО.[351]

Анализирајки ги овие реченици и севкупно сите 10 известија напишани и објавени од Генералот и Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ Михаило Апостолски во неговито дело, за Пролетната непријателска офанзива допираме и до една друга димензија во конфликтот. Станува јасно дека освен военото крило на Македонската војска, многу солидно е организирана полуилегалната и илигалната дејност и активност на антифашистичкиот отпор. Низ документите се повикуваат и истовремено се информираат граѓаните од различната националност и Македонците и Албанците, Србите и сите други да се приклучат на вистинската страна и да не дозволат да бидат заведени и изманипулирани од разните идеологии и национализми, посебно тоа било нагласено заради масовното присуство на Албанците во редовите на балистичките формации. Се укажува се согледува и возвишува победата над непријателот и желбата за слобода на целата Македонска земја и слободата на целиот Македонскиот народ.

[351] Пролетната офанзива во Македонија и во Поморавието, Прилог на документи-Михаило Апостолски – издадена во Скопје 1973 година од НИК Наша книга-(стр-229-265).



**Митинг на Бригада во Пролетната офанзива во Западна Македонија**




**Марш на Македонска бригада**







**Збор на Првата Македонска ударна бригада и воено политички говор на Командантот**



## 2.22. Заклучок за операциите во Пролетната офанзива

Пролетната офанзива во 1944 година а особено успехот на македонските единици во противофанзивните акции го разбранувале востанието на територијата на целата Македонија. Се создале нови покрупни слободни територии на кои подоцна се формирале и нови партизански единици нови одреди, баталјони но и нови поголеми воени единици нови бригади. Парарелно со воените се преземале и низа военополитички чекори и мерки за поголемо засилување на НОБ, ЦК на КПМ и иницијативниот одбор се занимавале со подготовките и свикувањето на АСНОМ. Од друга страна ГШ на Македонија во јули ја донел и започнал со разработување на одлуката за Директивата број 1 во врска со создавањето на НОВМ односно регуларната народоолободителна војска на Македонија. Според тој план требало да се пристапи кон реорганизација на Единиците при што се предвидувало .

1- Вардарскиот дел на Македонија да се подели на четири оперативни зони. Првата зона требала да го опфати Кумановскиот, Велешкиот и Скопскиот реон. Втората зона требала да го опфати, Битолскиот, Преспанскиот, Тиквешкиот, и Гевгелискиот реон. Третата зона ја опфаќала источна Македонија а четвртата зона ги опфаќала териториите на западна Македонија односно целиот дел кој бил под Италијански доминион се до нејзината капитулација.
2- Според планот се предвидувало во првите три оперативни зони да се формираат по 2 Дивизии и дополнителни помали единици.
3- Да се организира нова воено-територијална служба. Истата била организирана во летото 1944 од Јули до Септември. Таа била организирана во 13 командни подрачја и 41 месна команда. Секоја команда имала под свое директно владение односно командувала директно со по еден баталјон, а командните места имале по една чета војска. Освен овие постоеле и организирани инжењерски единици и единици за врски. Основната задача на овие единици била да во окупираните подрачја извршуваат диверзанстско саботерски акции односно да уништуваат комуникациони центри, патишта, мостови, далеководи и слично. На слободната територија пак задачата им била обратна, да се грижат за непречен сообраќај на луѓе, борбени возила, единици а со тоа и да се грижат и да ги одржуваат сите објекти, пруги, мостови, патишта, телеграфски врски итн, истовремено морало да ги поправат и разурнатите од воените активности објекти. Исто така освен наведените активности, воените подрачја и териториите зафатени со борби односно територијалните подрачја имале оргснизирани и други органи како оние за логистички операции-логистика, како и органи за мобилизација на нови свежи борци.
4- Во директивара бр. 2 од 16 Август било предвидено да се формираат и корпуси на НОВМ!

Ако Пролетната офанзива ја анализираме од воено тактичко и маневарски аспект, ке ја добиеме вистинската слика на воената сила и квалитет на борците предводени од ГШ и Михајло Апостолски. Нивната воена вештина, борбеност, храброст и дисциплина ги фасцинирала и Британската постојна како и Американската воена мисија. Исчеличена

и созреана како воена сила Македонската војска или единиците под директна команда на ГШ на НОВ и ПОМ под директна команда на Генералот и Командант Михаило Апостолски успеала да се спротистави на многукратно побројниот и подобро вооружен непријател и воено да го порази освојувајки и ослободувајки големи територии во Македонија. Новоосвоените територии ке прераснат во нови мобилни бази секаде каде имало домицилно и доминантно македонско население и ке претставува неисцрпен извор на свежи борци кои масовно се приклучувале кон антифашистичката борба и со тоа придонеле за создавање на многу нови единици на НОВ И ПОМ.

Пролетната офанзива кај некои историчари и истражувачи се означува и како Мајска или Јунска офанзива која била составен дел од големата и сеопфатна 7 непријателска офанзива против единиците на НОВ и ПОЈ и која се одвивала на севкупното југословенско боиште. Но, бидејки во овој случај имаме борби и вон територијата на Македонија(Вардарска Македонија) односно денешна Република Македонија а тогашна Југославија, и тоа во соседната територија на Грција – во Егејска Македонија дополнително и борбените активности во Македонија и Поморавието можат да се гледаат и од еден друг сопствен агол бидејки си имале сопствена тежина и одговорност и различно командување бидејки тука главниот збор го имале ГШ на НОВ и ПОМ и генералот Михајло Апостолски.

Од временски пак аспект гледано исто така се добива различен аспект на гледање на Офанзивата. Таа реално започнала на 25 Април и траела фактички до 20 јуни. Но и таа рамка е пробиена бидејки претходно во периодот од Февруари до Април на козјачкиот масив се водени успешни битки против четничкиот вардарски корпус за кое има исто така обемна документација но и литература. Од друга страна пролетната фактички прераснува и во летна офанзива во Јули и Август со битките кај и во градот Дебар. Затоа постојат разни пристапи во анализата на Пролетната Офанзива. Јас се потрудив да бидам објективен и да дадам свое мислење за успешноста на воените акции односно на воените судари во целина респектирајки ги обете завојувани страни. Факт е дека имало големи успеси на единиците бригадите предводени од ГШ на НОВ и ПОМ предводени од генералот Михаило Апостолски. Факт е дека Македонските бригади но и Косовските и Јужноморавските бригади биле под иста команда на ГШ на НОВМ односно под непосредна команда и редовна меѓусебна комуникација поради добрата снабденост со нови британски радиостаници за врски. Тие направиле големи успеси на теренот често пробивајки се и движејки се по најнепроодни терени и успешно му парирале на фашистичкиот многукратно поброен непријател од сите провиниенции. Но освен тоа што имало и моменти на тактички повлекувања имало и самоиницијативност при борбените задачи посебно во моментите кога единиците помеѓу себе не биле физички и со радио врска поврзани. За зал тогаш имало и повеќе жртви.

Ако го анализираме составот на непријателските формации тогаш веднаш се согледува супериорноста од секаков род состав вооружување оружје видови на оружје и комбинирани трупи. Едноставно споредбата на опонираните страни на прв поглед е значително многукратно на страна на окупаторските сојузници. Тоа го објаснив на почетокот дека само во источна Македонија во битките против македонските бригади

биле ангажирани преку 45000 непријателски воен персонал и трупи од бугарска и германска страна, а во западна Македонија околу 25000 претежно оклопни германски трупи придружувани од неколку илјади балисти. Бројката од околу 70000 и не е претерана и кога све ке се собере и одземе односот на силите е повеќе од 10 спрема 1! Тука математиката е јасна, но во воената анализа и историја и претходно се паметат битки со таков или сличен однос на силите а победата ја носел помалобројниот противник. Мудроста во командувањето според мене слично како и во Февруарскиот поход ја донеле победата на македонската страна. Победата е јасна и во бројки бидејки непријателските сили загубиле околу 3000 војници, двојно повеќе ранети војници исфрлени од строј, истовремено имале и околу 600 заробени а од техника загубиле три топа, 29 минофрлачи и други артилериски орудија. Македонската војска односно бригадите под команда на ГШ на НОВМ и командата на генералот Михајло Апостолски имале минорни загуби во споредба со непријателот. Единствените делумни воени неуспеси фактички ги доживеале и не по нивна вина, туку поради некоординароста со Албанските бригади и нивната команда кај градот Дебар, за кој сепак јуначки се бореле против силниот непријател засилен и со тенковски единиции. Градот во два наврати преминувал од рака во рака но сепак одлуката за тактичко пробивање кон Караорман и кон Бистра Планина била целосно исправна. На крајот по завршувањето на сопствената противофанзива единиците на НОВ и ПОМ буквално се доопремиле со оружје и воена опрема. Оружје имало во сосема доволни количина. На располагање да се вооружат новоформираните единици од заробеното оружје имало, десетици тешки пушкомитралези, лесни митралези, митралези и стотици пушки, бомби, динамит и друга воена опрема заробена од непријателот.

Мора да се истакне и тоа дека Пролетната офанзива е последниот очајнички обид на бугарската страна да се наметне на теренот. Таа реално претставува и најголема бугарска воена операција на територијата на Македонија и Јужна Србија што Бугарите ја изведуваат во првата половина на 1944 година. Нормално нејзината главна цел била да го овозможи непреченото движење на Германските трупи од Југ кон Север по Моравско-Вардарската долина од добропознатите и претходно објаснети цели. Истовремено целта на Бугарската команда била да се разбие значителната концентрација на единиците на НОВ и ПОМ но и на НОВ и ПОС кои се состоеле од 5 НО бригади вклучително и ударни бригади и 4 НО партизански одреди. Истовремено целта на Бугарската команда била да го ликвидираат военополитичкото раководство на ГШ на НОВ И ПОМ и на КПМ на слободната територија на козјачкиот насив односно во кумановско и врањско. Вкупната ангажирана бугарска сила била околу 40000 војници. Дури и главнокомандувачкиот Генерал Бојдев презел низа активности и вонредни мерки за чистење на теренот со одселување на дел од населението особено сомнителните и симпатизерите на ослободителното движење. Но командата на ГШ на НОВ и ПОМ будно ги следела овие активности и на крајот офанзивата на бугарските трупи завршува катастрофално. Според непотполните податоци само Бугарите имаат околу 1500 мртви и околу 500 заробени војници и офицери по борбите во Источна Македонија и Јужна Србија. По оваквиот расплет Генералот Бојдев бил заменет со Генералот и Командант на 15 бугарска дивизија Генерал Малинов.

„Разбивањето на окупаторските сили во Пролетната офанзива имаше огромно значење за натамошниот развој на востанието во Македонија. Резултатите од оваа офанзива беа, разбивањето на главните бугарски окупаторски единици од составот на 5 армија, повлекување на окупаторските сили по градовите,... проширување на постојните слободнио територии и создавање нови,... создавање услови за свикување на Првото заседание на АСНОМ, започнат процес на прилив на нови борци и др''[352].

Да заклучам, сметам дека постигнувањата и резултатите од пролетната офанзива се големи, огромни. Германските, потоа бугарските трупи и сите квислинзи вклучително и балистичкото движење се присилени да отстапат пред налетите на единиците и бригадите на НОВ и ПОМ командувани од ГШ и брилијантниот командант Михаило Апостолски. Германските и бугарските трупи дури биле присилени на повлекување и делумно утврдување кон поголемите градови. Целата територија на Вардарска Македонија била ослободена освен главните комуникациски чворишта и поголемите градови.

Најбитно од све е тоа дека со завршувањето на операциите во Пролетната офанзива се создале непосредни услови да се организира да се свика и да се одржи долго очекуваното за македонскиот народ, Прво Заседание на АСНОМ! Со овој чин на 2 Август 1944 година се конституира Македонската државност. Државност потенцирана во форма на потполно рамноправен член на новата заедница на новоформираната идна федерација на Југословенските народи и републики. После овој чин веќе ништо не било исто и на теренот започнал брз процес на создавање на нови бригади што набргу ќе прераснат во Дивизии кои ке се обединат и во повисоки воени формации односно воени корпуси. Затоа по Пролетната офанзива веќе ништо ни на балканот не било исто. Македонија ке го заземе заслуженото место на политичката карта на повоена Европа како еднаква меѓу еднаквите во новата федерација. Нејзината војска постепено се наметнала како реален и релевантен воен фактор и како таква станала воен фактор во целиот регион. Македонската војска до есента 1944 броела високи 65000 борци. Во завршните операции кои ќе се водат наскоро во Македонија, Македонската војска ќе влезе со голем борбен елан и на татковината ќе и подари големата победа а борците биле вдахоени со голем дух и ентузијазам за конечно ослободување на целата татковина. Командантот на НОВ и ПОМ генералот Михајло Апостолски станал жива легенда и веќе тогаш слободно може да се констатира ако се анализираат сите воени успеси што ги постигнал станал икона во очите на борците. Политичкото крило исто така морало најпрвин со него да се консултира буквално за се, бидејки во минатото се покажало дека носењето исправни одлуки на боиштето е одлика на Генералот и командантот Михајло Апостолски а не на политичклите раководители. Фактички од военостратегиски аспект гледано Генералот Михајло Апостолски станал веројатно најдобриот генерал во војската на НОВ и ПОЈ но за тоа тогаш неможело да се дискутира. Тоа го знаел добро и самиот Јосип Броз Тито, сигурно бил добро информиран, затоа подоцна кога ќе имаат средби тој ја покажувал длабоката почит кон военото дело на Михајло Апостолски.

[352] Михајло Апостолски, избрани трудови, ки.4,9-12

## 2.23. Улогата на Михајло Апостолски во создавањето на АСНОМ

После завршувањето на воените операции за време на пролетната офанзива се создаваат услови за продолжеток на борбите за целосно ослободување на Македонија, но пред се, се создаваат услови за кринусување на македонската државност. Тој светол чин кој природно се наметнал во мигот на безвременоста конечно се случил на 2 Август 1944 година во манастирот свети Прохор Пчински.

ГШ на НОВ и ПОМ со целото военополитичко раководство и командантот генералот Михајло Апостолски биле целосно ангажирани и посветени околу организирање на свеченоста и обезбедување на сите неопходни ресурси и мерки за истата свеченост да остане запаметена по своите историски одлуки. Самиот Михајло Апостолски бил најдиректно вклучен во носењето на сите битни, крупни и круцијални одлуки пред и за време на заседанието, но малку е познато дека бил задолжен и за оние детали кои на АСНОМ ќе му дадат посебност. Претходно све имало свој природен тек, и средбите на организаторите и на учесниците кои пристигнувале во манастисрскиот комплекс од ден на ден во се поголем број го оформувале настанот и му ја давале големената. Од ден на ден се соочувале и среќавале се повеќе истакнати личности од територијата на цела етногеографска Македонија. Се собирале и претставниците на Врховниот штаб потоа, претставниците на Странските воени мисии, како и многуте гости. Сите со нетрпение го исчекувале започнувањето и текот на Првото заседание на АСНОМ. За сиве настани Генералот и командантот на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски со својата воена но и непосредна лична активност во ќе изјави.

„Подготовките за АСНОМ ги вршевме во селото Рамно, под еден широк даб. Под него официјално заседаваше Иницијативниот одбор.[353] Овој одбор во почетокот на пролетната офанзива ( на 6 мај 1944) ги испрати на Црна Трава, Методија Андонов Ченто, Мане Чучков, и Светозар Вукмановиќ Темпо во Врховниот Штаб. Како поминале по пат незнам, важно тие успеале да стигнат таму. Оттаму ни донесоа драгоцени искуства за организирањето на заседанието во Хрватска и во Словениј, како и за Првото и Второто заседание на АВНОЈ. Под тој даб се собираа сите дојдени делегати, Тука се собираа и земаа учество на состаноците и други борци, особено оние од АГИТПРОП-от. Тогаш почнаа да доаѓаат и оние што ги имаше организирано Кузман Јосифовски Питу, а кои офанзивата ги спречи да дојдат. Така кон средината на Јули беа дојдени речиси сите делегати за АСНОМ. Подготовките за АСНОМ течеа успешно. Тие беа навистина демократски. Замислете си ја сликата под стариот даб каде што седевме сите. Тука ни се приклучуваа многу борци, ни и обични луѓе од селата. Водевме опширни разговори за сите работи''.[354] Генералот Апостолски бил видно задоволем од подготовките за одржувањето на заседанието на АСНОМ и поради фактот што конечно по неколку години се сретнал и со својата сопруга Цвета и со неговиот зет Киро Глигоров и со својот

---

[353] Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ — тело на народноослободителното движење на Македонија во текот на Втората светска војна задолжено за подготвување и свикување на Првото заседание на АСНОМ. Основан е во ноември 1943 година во селото Црвена Вода (Дебрца) и е активен до одржувањето на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година

[354] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 218-219

брат Киро Апостолски. Тој бил неизмерно среќен поради тоа но и поради фактот дека тројцата го издржале патот и ги издржале нападите на непријателот додека се движеле на теренот со „Третата Македонска бригада''.

Претходно уште во есента 1943 година е формиран Иницијативниот одбор кој ќе послужи како основа за за забрзување на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ. во март 1944 година Иницијативниот одбор ќе донесе важна одлука за избор на околиски и и окружни НО одбори. Со тоа ќе се заокружи процесот за избор на делегати за Првото заседание на АСНОМ. Во периодот од пролетта до летото 1944 година во најголемиот дел градски и селски средини во Македонија се одржале окружни информативни конференции, на кои се избрани раководствата и органите на народната власт од кои ке бидат избрани делегатите за Првото заседание на АСНОМ.

На 06.05.1944 Иницијативниот одбор и ГШ на НОВ и ПОМ на заедничкиот состанокот ги одредил Методија Андонов Ченто, Емануел Чучков и Кирил Петрушев како официјална делегација од Македонија да го посетат Врховниот командант, и претседателот на НКОЈ, Јосип Броз Тито и директно да му ги пренесе ставовите во врска со македонското прашање[355], на островот Вис. На Вис подоцна требало на им се приклучи и Светозар Вукмановиќ Темпо. Македонската делегација добила овластување да побара мислење од ВШ и Врховниот командант Јосип Броз Тито и да го постави прашањето за конечното Македонско обединување како приоритетно. Потоа прашањето за испраќање и на Советска мисија со што би се комплетирале сојузничкате мисии на сите три водечки антифашистички сојузници. Рамноправност на македонскиот јазик со останатите во идната федерација, како и прашањето на добивање на помош од македонската емиграција.

На 26-06-1944 делегацијата на ИО и ГШ на Македонија и НКОЈ го одржале вториот состанок. Јосип Броз Тито декларативно ги прифатил барањата на македонската делегација за македонско обидинување како природно, но со ублажен став. Ставот бил формиран поради непосакуваното можно меѓусојузничко конфронтирање. Затоа овој процес требало да се одвива преку подржувањето на антифашистичките движења во останатите делови на Македонија и така постепено природно да дојде до обединување.

Во меѓувреме течеле подготовките за одржување на Првото заседание на Антифашистичкото Собрание на Народното Ослободување на Македонија.

[355] Сојузниците и македонското прашање, гласник ИНИ, Скопје 2005 година, стр 183-195



**Раководството на АСНОМ (делегати)**

Колку длабоко бил инволвиран генералот Михајло Апостолски во улога на командант на НОВ и ПОМ но и како човек во организацијата за успешно спроведување на Првото заседание на АСНОМ говори и следниов факт за кој е малку разговарано. Имено се работи за неговиот однос кон идниот прв претседател на Президиумот на АСНОМ Методија Андонов Ченто. Тој него го доживеал на посебен начин, имено....

,,Иницијативниот одбор што заседаваше под дабот успешно ги распореди обврските, должностите, рефератите итн. Но, неочекувано дојде до еден проблем. Имено, требаше да се реши кој ќе биде претседател на Собранието. Во врска со тоа прашање се разви голема дискусија и во Централниот комитет. Идејата беше претседател на Собранието да биде Метоја Андонов – Ченто. Меѓутоа Ченто како Ченто, рече еднаш дека не сака и толку. Тој каков што си го знаевме беше малку тврдоглав. Тогаш јас морав да ја прифатам должноста да го убедувам. Во мене имаше извонредна доверба. Разговаравме долго, цела ноќ, и по извесно време успеав да го наговорам да прифати да биде предложен за претседател на АСНОМ. Кога сум кај Ченто би сакал да го кажам и ова: Додека во село Рамно, во една плевна, заседаваше Иницијативниот одбор, Ченто го забележа Видое Смилевски [356]и веднаш му се обрати со зборовите: ,,Кој си ти? Кој те испрати овде? Тој беше испратен од Централниот комитет, но на Ченто не му беше кажано дека и тој ќе присуствува. Ченто сакаше се да биде чисто и јасно, не трпеше никакви нејаснотии. Видое Смилевски не рече ништо. Седеше стиснат во едно ќоше и молчеше. Меѓутоа стана Темпо и објасни кој е Видое Смилевски. Ја опиша неговата револуционерна дејност и кажа зошто е дојден тука. Тогаш Ченто се согласи и тој да остане. Ченто не трпеше никакви неправди’’.[357]

[356] Видое Смилевски - Бато (Никифорово, Гостиварско, 14 август 1915 - 8 септември 1979 во Скопје) — македонски комунист, народен херој и политичар, „Народни херои од Македонија“, Наша книга, Скопје, 1973, стр. 331-335
[357] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр.219



**Телеграма на иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ испратено до Врховниот командант Јосип Броз Тито и до Врховниот Штаб**

Освен договарањето со идниот прв претседател на Президиумот на АСНОМ како и зошто токму тој треба да биде на таа исклучителна позиција во надоаѓачкото идно македонско општество, генералот Апостолски учествувал и во другите битни одлуки околу одржувањето на првото Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија - АСНОМ. Најпрво требало да заврши една од можеби најбитнате задачи. Се разбира како искусен во познавањето на картографијата потоа геодезијата и други воени науки за Апостолски од круцијално значење било заседаниетои да биде одржано на Македонска територија. Тој со своите команданти и стручни лица од штабот се согласиле дека заседанието мора да биде одржано на слободна и македонска територија. Тоа за генералот било најбитно.

„Нема дилеми дека заседанието можеме да го одржиме каде што сакаме на слободната територија. Меѓутоа ние решивме тоа да се одржи во манастирот„Свети Прохор Пчински''и тоа од две причини: прво, тој манастир судејки според картата на Јаранов[358] и припаѓаше на Македонија, и второ затоа што истиот тој манастир во текот на војната беше наша база. Освен тоа таму имаше убави, свечени и доволно пространи

[358] Димитар Јаранов (роден на 18 октомври 1909 година во Солун - починал на 14 август 1962 година во Софија) — македонски географ, според бугарската историографија тој е истакнат бугарски географ и историчар. Професор на софискиот универзитет. Неговиот опус содржи импресивна библиографија од областа на географијата, историјата и други науки. Македонска енциклопедија, книга I (А-Љ): стр. 635-636. (2009). Скопје: МАНУ.

простории, кои му соодејствуваа на мигот. Што се однесува до одржувањето на собранието тој ден е одбран од сосема разбирливи причини. Како што е познато заседанието се одржа на 2 август 1944 година. Ние не случајно го одбравме тој ден.....ако го одржиме на на денот на Илинденското востание, со што и официјално ќе го прогласиме Вториот Илинден како што пред тоа беше прогласувано востанието на Македонскиот народ. Од ова се гледа дека ние многу водевме сметка за традицијата. Не беше случајно што и Преспанското советување на 2 август 1943 година. Така Демократска федерална Македонија, првата современа македонска држава, беше прогласена на 2 август 1944, на ден Илинден во свечана атмосвера и народна веселба во присуство на делегати од трите делови на поделена Македонија, како и на претставницина големите сили, учесници во антифашистичката војна – САД и Велика Британија [359]''.



**Претставниците на британската воена мисија при ГШ на НОВ и ПОМ и Командантот Генералот Михајло Апостолски за време на Првото заседание на АСНОМ**

Генералот и командант на НОВ и ПОМ Махајло Апостолски имал уште една исклучително битна задача. Тоа било да се обезбеди сигурноста и безбедноста на слободната територија околу манастирот. Затоа тој организирал силна утврдена одбрана на целата околија на манастирскиот комплекс, бидејки бил свесен дека пред се

[359] Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991), Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Скопје, 2015, стр. 315, Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр.220-221

бугарската страна имала податоци за одржување на заседанието. 3 и 4 македонска бригада, заститнитре батањони и сите косовски и српски единици кои биле под негова команда направиле челична длабинска одбрана. Сепак бугарската армија не ги нападнала позициите на македонската војска и не превземала офанзива кон постојната област во тој период. По овие опсежни подготовки заседанието можело да започне , Апостолски ја завршил својата воена мисија околу заседанието на АСНОМ , следувала и неговата военополитичка мисија во која ќе биде директен учесник на заседанието на АСНОМ. Најпрво кога се доближил со членовите на Главниот штаб и Централниот комитет во дворот на манастирот бил бурно дочекан со овации од народот а примил и рапорт од командантот и ги отпоздравил борците построени во почесната чета со зборовите. „Смрт на фашизмот –слобода на народот’’! Како од топ одекна гласот на борците. Потоа се измешавме со народот. Седнавме со луѓето, разговаравме а околу пладне започна заседанието на АСНОМ....Јас бев во Претседателството на заседанието на АСНОМ. Во ова тело бев избран како член на Иницијативниот одбор и во својство на командант на Главниот штаб....Кога пак се отвори Првото заседание на Македонскиот народ, првиот негов парламент, кај мене радоста беше неизмерна. Но постепено почна да ме обзема и голема тага. Почна да ми се врти во главата целиот филм на историјата на македонскиот народ, а особено сцените на Народоослободителната војна. Пред моиве очи се редеа слики на страдањата на народот, на тешките борби и на жртвите што ги положи тој народ за слободата. Јас веќе ја гледав кулминацијата на таа борба, го гледав дефинитивното ослободување на Македонскиот народ’’.[360]

Заседанието го отворил настариот пратеник Панко Брашнаров[361], македонски револуционер кој целиот свој живот го има посветено во борбата за ослободување и обединување на Македонија. Интересно е што Брашнаров во својод воведен поздравен говор направил синтеза на сите претходни борби за слобода на Македонскиот народ употребувајки ја метафората за раздвиженоста на водите на реките Пчиња, Места и Бистрица со што на самиот почеток на заседанието ја истакнал„идејата за обединување на Македонија во нејзините етнички граници како трајно присутна желба на сите генерации од сите делови на Македонија’’.[362]

„Набрзо потоа на 02.08.1944 година на ден Илинден во манастирот свети Прохор Пчински, Кумановско, во присуство од 60 од вкупно избраните 115 делегати од трите

---

[360] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр.223

[361] Панко Брашнаров (9.8.1883, Велес-13.7.1951, Голи Оток) бил деец на ВМРО-Гоцева, социјалист по убедување, член на ЦК и организатор на ВМРО (обединета) во Вардарскиот дел на Македонија. Поради својата политичка активност, во периодот меѓу двете светски војни бил осуден и поминал 7 години на робија. Бил член на ИО за свикување на АСНОМ, доследен на идеите на Илинден. Како приврзаник на СССР бил репресиран и одведен во логорот Голи Оток каде набрзо починал. Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Скопје, 2015, стр. 27

[362] Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Скопје, 2015, стр. 27

дела на Македонија (со различен национален, социјален  и старосен состав) беше одржано првото заседание на АСНОМ’’. [363]

После воведниот говор на настариот член на АСНОМ заседанието ја продолжило работата со видна воодушевеност кај присутните.

Методија Андонов Ченто во функција на претседател на ИО поднел опширен извештај за неговата работа и дејност во ИО во периодот од октомври 1943 до август 1944 година, каде ги информирал присутните на собранието за разговорите на македонската делегација со НКОЈ на островот Вис. Ги информирал присутните за заклучоците на средбата со што се афирмира правото на обединување на македонскиот народ како декларативна но не и конечна одлука. Потоа членовите на ИО поднеле 2 реферата. Првиот, во кој се истакнува борбата против окупаторот каде се проследува историскиот тек на национално ослободителните борби на Македонскиот народ со нагласок на учеството во борбата на страната на демократските антифашистички сојузници и големиот антифашистички блок. Вториот реферат ги соопштил оценките дека до одржувањето на АСНОМ постоел веќе изграден и релативно развиен систем на органи на народната власт и спремно можело да се влезе во расправа за донесување заклучоци и одредби и решенија на АСНОМ.

,,На првото заседание на АСНОМ се донесени вкупно девет законодавни акти од кои четири имаат државно-конститутивен карактер. Со овие акти беа ставени темелите на новата современа македонска држава- Демократска Федеративна Македонија, која беше свечено прогласена.

Решението со кое АСНОМ се прогласи за врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија, како документ има повеќестрано значење. Тој акт има декларативно, политичко, уставотворно, и управоправно значење, покрај историско-политичкото значење како акт со кој де јуре се прогласи постоењето на првата современа македонска држава’’.[364]

На заседанието на АСНОМ донесени се следните акти:

1- Решението за прогласување на АСНОМ за највисоко законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт во демократска Македонија:
2- Решение за одобрување на решенијата, наредбите и задолженијата издадени од Главниот штаб на НОВ и ПОМ и на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ;
3- Решение за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава;
4- Декларација за основните права на граѓаните на Демократска Македонија

[363] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, Култура Скопје 2002 година,стр 49-76
[364] Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Скопје, 2015, стр. 28-29

5- Правилник за работата на АСНОМ;
6- Решение за образување на државна комисија за утврдување на престапите на окупаторот и неговите помагачи;
7- Решение за прогласување на Илинден -2 Август за народен државен празник на македонската држава;
8- Решение за одавање признание и благодарност на Народноослободителната војска на Македонија;
9- Решение за формирање на Законодавна комисија при Президиумот на АСНОМ[365]

На првото заседание на АСНОМ е изрбан Президиум (Претседателство) на АСНОМ кој ја извршувал функцијата на влада, до изборот на првата народна влада на 16.04.1945 година. Тоа било од исклучителна важност, бидејки со тоа се добило на време за потврда за континуитетот на македонската државност. Све имало свој природен ток. Тоа било впечатливо.

„Президиумот на АСНОМ бил во следниот состав: Методија Андонов Ченто-Претседател; Панко Брашнаров и Емануел Чучков потпретседатели; Љубомир Арсов и Владимир Полежиновски –секретари; Венко Марковски, Цветко Узуновски, Благоја Фотев, Михаил Апостолски Страхил Гигов, Петре Пирузе Мајски, Кирил Петрушев, Јован Ѓоргов, Епаминонда поп Андонов, Генадие Илиев Лешков, Ќемал Аголи, Лазар Соколов, Вера Ацева, Камбер Хасан, Ацо Петровски, Младен Ѓоргиев Челопечки, и Љиљана Чаловска, Членови. На седницата на президиумот од 6 август во Президиумот биле коптирани  и; Кирил Крстев, Васил Калајџиевски, Живко Брајковски и Абдула Алија. Меѓу друготи на 6 август 1944, Президиумот на АСНОМ донесол, решение  со кое се организирале поверенстватаи тоа за: Информации, внатрешни работи, просвета, народно стопанство и економска обнова, финансии, сообраќај и градежништво, социјална политика и народно здравје и судство''.[366]

„Прогласувањето на Демократска Федерална Македонија во вардарскиот дел од Македонија како федерална  единица во авнојската федерација (ДФЈ) беше резултат на национално- ослободителната борба на македонскиот народ.  Тој во текот на Втората светска војна покажа висок степен на патриотски чуства и антифашистичко настроение, борејки се за своја национална и социјална слобода. Ова е истакнато и во Манифестот упатен до Македонскиот народ и во прогласот на АСНОМ до македонскиот народ. Се објавува и решението за пристапување на македонската држава во југословенската федерација: Македонскиот народ влегува како национално ослободен и рамноправен член во нова , демократска и федеративна Југославија. Прашањето за обединување на Македонскиот народ како најгорливо и најважно прашање за Македонците, во Манифестот било поврзано со нивното , учество во гигантскиот антифашистички фронт,

[365] АСНОМ-ДОКУМЕНТИ, Том 1, книга 1, Архив на Македонија 1984 година, стр 154-162
[366] Виолета Ачкоска, Александар Атанасовски, Ванчо Ѓорѓиев, Далибор Јовановски, Никола Минов, Стефан Пановски, Востанијата во Македонија,Универзитет „СВ. Кирил и Методиј –Скопје,  ФЗФ, Скопје 2015 година, стр. 319-320

но и дека тоа ќе се изврши под покривот на Титова Југославија. На Вардарскиот дел на Македонија му се дава улогата на пиемонт во таа борба''[367].

За сите донесени акти и решенија на Првото заседание на АСНОМ генералот и командантот на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски бил директно инволвиран како член на поширокото тело, и активно учествувал во носењето на сите одлуки. Нему лично неколку од одлуките му оставиле посебен впечаток, и со право бидејки токму тоа најмногу ја изразува државноста и посебнитоста на еден народ. Според генералот Апостолски, најзначајна одлука била одлуката за официјализирање на Македонскиот јазик за службен на целата територијата на Македонија. Тој точно знаел и зошто е тоа така и зошто таа одлука заслужува посебно место. После долгогодишното негирање на постоењето на македонскиот јазик и од великосрпската власт во вардарска Македонија и од грчката власт во егејскиот дел на Македонија и од бугарската страна во Пиринско, конечно со овој чин се обзнанува на светот постоењето на посебноста на македонскиот јазик кој ја бетонира посебноста на македонската нација.

„Значи за прв пат официјално беше прогласено дека македонскиот јазик е наш и дека луѓето можат слободно да си зборуваат на својот мајчин јазик. Практично секој човек ропството или потчинетоста од другите врежими најмногу ги чуствува преку јазикот, експлоатацијата и теророт. Ние теророт го расчистивме со борбеноста, а јазикот со оваа одлука''.[368]

Освен оваа одлука секако за него лично значајна била одлуката за оддавање посебно признание  за Командантот но и на Главниот штаб и на војската во целина, бидејки тие и претставувале една неделива целина. Потоа одлуката за одавање на признание на ИО и за неговите претходно донесени одлуки кои се официјализираат. Потоа од исклучителна важност за Апостолски било присуството на преку 60 од поканетите 120 делегати од кои по тројца и од егејскиот и пиринскиот дел на Македонија. Се разбира битен момент претставувал и радиограмот со поздравот на Маршалот Тито кој го поздравил чинот како врховен командант. Поздравот од Иван Рибар во својство на претседател на Президиумот на АВНОЈ како и телеграми од останатите републики од идната федерација. Се разбира многу битно било и присуството на претставникот на ВШ на југославија за Македонија  и на централниот комитет на КПЈ, Светозар Вукмановиќ Темпо.

За одбележување се уште неколку факти поврзани со генералот Апостолски околу заседанието на АСНОМ а се однесуваат на неговата будност и професионалност околу оргиназицајата на настанот. Значајно е тоа што по добиените индиции за можната бугарска интервенција тој им сугерирал на останатите во организациониот одбор заседанието да заврши до ноќта, да не се одолговлекува расправата бидејки можен бил

[367] Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, Антифашистичкото востание и народноослободителната војна на Македонскиот народ (1941-1944), Скопје, 2015, стр. 35, Виолета Ачкоска, Александар Атанасовски, Ванчо Ѓорѓиев, Далибор Јовановски, Никола Минов, Стефан Пановски, Востанијата во Македонија,Универзитет „СВ. Кирил и Методиј –Скопје,  ФЗФ, Скопје 2015 година, стр. 320
[368] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр.223-224

напад од страна на бугарската авијација која би можела да дејствува. После кратките преговори предлогот на командантот на НОВ и ПОМ генералот Апостолски бил прифатен и заседанието ја продолжила својата табота и ја завршило дента како што „сугерирал'' Генералот Апостолски. Будноста на Апостолски ја покажува и еден телеграм испратен до извесен Димитров на денот на прогласот на АСНОМ. И покрај обврските околу одржувањето на АСНОМ со неговото директно учество сепак војната го принудила Апстолски и на вакви моменти. Тој едноставно на извесен „Димитров''од Софија член на БРП му „сугерира'' односно му укажува, буквално му објаснува во форма на наредба што треба да направи бидејки нивнете единици се формално правно под негова лична команда. [369]

Главен Штаб на НОВ и ПО на Македонија; 2.VIII. 1944 г.


ГЛАВНИ ШТАБ
НОВ И ПО МАКЕДОНИЈЕ
2. VIII. 1944

ДРУГУ ДИМИТРОВУ[2]

Драги друже,

Примили смо твој телеграм и кажемо ти да немаш право да одлучујеш за бригаду „Г.[еорги] Димитров", јер је под командом Врховног штаба НОВ и ПО Југославије а сада је стављена под нашу команду. Твоја одлука да иста пође за Бугарску је неправилна и погрешна, јер нас ти обавештаваш да на граници[3] има војник до војника. Хоћеш ли да буде уништена и ова бригада?[4] Раније какву смо ми одлуку донели?[5] — Ви то знате доста добро, но и поред тога опет наређујете такве ствари.

Развој ситуације налаже одмах да дођете код нас, ако мислите добро бугарском народу и Бугарској партији и нема да радите оно што сада чините.

СМРТ ФАШИЗМУ — СЛОБОДА НАРОДУ!

Полит. комесар | Начелник штаба генерал-мајор | Командант генерал-мајор А.[6]

[1] Копија, куцана на машини, на српскохрватском језику, налази се у архиви Историског одељења ЦК СК Македоније.
[2] Име и презиме није утврђено. Био је члан Софиског обласног комитета БРП (к).
[3] Бивша и садашња бугарско-југословенска граница
[4] Бугарски батаљони „Христо Ботев" и „Васил Левски" пошли су у мају из Југославије за Бугарску. После преласка границе били су нападнути и разбијени на Старој Планини. Ближе о овоме види извештај Балканског од 21 јуна 1944 год. (Зборник, том VII, књ. 3, док. бр. 82).
[5] Било је одлучено да бригада „Георги Димитров" дејствује на терену Македоније и Србије и да се истовремено стално допуњава људством и материјалом, затим, оспособљена и прекаљена у борби, да пође у Бугарску чим настану повољни услови.
[6] Михајло Апостолски, командант Главног штаба НОВ и ПО Македоније

14

[369] „До Другарот Димитров. Драг другар, Ја примивме вашата телеграма и ти кажуваме дека немаш право да одлучуваш за бригадата„Георги Димитров'', бидејки е под команда на Врховниот штаб на НОВ и ПО на Југославија а сега е ставена под наша команда. Твојата одлука истата да појде за Бугарија е неправилна и погрешна, бидејки ти не извести дека на границата има војник до војник. Сакаш ли да биде уништена и оваа бригада? Порано каква одлука донесовме? Вие тоа го знаете доста добро, но и покрај тоа повторно наредувате такви работи. Развојот на состојбата наложува веднаш да дојдете кај нас ако мислите добро на Бугарскиот народ и бугарската партија и нема да продолжите да го правите тоа што сега го работите''.

Се посебен преку проглас испратен до Македонски народ се огласило целото военополитичко раководство, изразувајки го своето големо задоволство од постогнатото на Првото заседание на АСНОМ. Во прогласот на ЦК н КПМ испратено до Македонскиот народ се вели: „Македонскиот народ во тригодишната војна оствари национално единство, создаде своја војска, и ги удри темелите на Федеративна Македонија. Со учество на целокупниот македонски народ во борбата против фашистичките окупатори во Југославија, во Бугарија, и во Грција ќе оствари и обединување на сите краишта на Македонија, разделена од страна на балканските империјалисти, особено откако големите сили, Англија Советскиот Сојуз и САД, со Атланската повелба и договорот во Техеран му го гарантирале правото на самоопределување, стекнато со борбата против окупаторите и нивните слуги[370]".

## 2.24. Завршните операции за ослободување на Македонија

По завршувањето на Пролетната офанзива и успешното завршување на Првото заседание на АСНОМ со донесувањето на историските одлуки за формирање македонска држава, военополитичките прилики на теренот условиле нова состојба која била далеку поповолна за Македонската војска односно единиците предводени од военополитичкото раководство при ГШ на НОВ и ПОМ и командантот, генералот Михајло Апостолски. Сите настани ако се анализираат од военополитички аспект говорат за драматично разликување на состојбите на теренот на Македонското војувалиште, поширокото Југословенско но и воопшто војувалиштата во Европа и во светот воопшто. Имено.

## 2.25.Состојбата на фронтовите во Европа во летото 1944 година

Германскат Армија и нејзите сојузници била изложена на силни офанзивни активности и дејанија од сојузниците. Во Франција по поморскиот десант и истоварување на сојузничките трупи во Нормандија на 6 јуни 1944 на т.н „ ден Д'' [371]кога е отворен долгоочекуваниот втор европски фронт. Така сојузниците напредувале во континентална европа од два правци, од францускиот копно и од италијанскиот полуостров. Париз е ослободен на 25 Август 1944 година.[372] Германскиот Вермахт неможел соодветно да се спротистави поради многу внатрешно военополитички препирки и несогласувања околу одбраната на францускиот фронт и воопшто начинот како соодветно да се продолжи со војната. За нив ненадоместлив губиток ќе биде отстранувањето од борбите на Ервин Ромел, исклучително квалитетен германски генерал познат по витешкиот начин на војување кон противникот, и непослушност кон Врховната команда на Вермахтот, попознат под прекарот „Пустинска Лисица''од францускиот европско војувалиште. На 17 Јули неговото возило е погодено од сојузничката авијација и тој е хоспитализиран. Со оваа констатација околу Ромел се

[370] Проглас, на ЦК на КПМ, до Македонскиот народ од 4 август 1944 година

[371] Денот „Д'' или денот определен за започнување на воената Операција „Оверлорд" го претставува почетокот на воената инвазија на сојузниците од Англија врз Нормандија, преку каналот Ламанш, која започнала на 6 јуни 1944. Операцијата претставува пресвртница во втората светска војна отварајки втор фронт против Нацистичка Германија водејки војна на западноевропското тло.

[372] Британика Енциклопедиски Речник. Топер, Скопје, 2005, Книга 7, стр. 41

согласуваат голем број светски воени аналитичари. Но поголема драматика на војната носи неуспешниот атентат врз Хитлер извршен на 20 Јули. Познатата „Јулска завера''[373] надополнета со операцијата „Валкира''не ги дале очекуваните резултати, Хитлер остал жив и војната продолжила со уште поголема жестокост и суровост со целата своја драматика се до својот крај во урнатиот Берлин.

Што се однесува до „Источниот Фронт''после операцијата „Багратион''[374] Црвената армија ќе ја постигне својата најголема победа после Стаљинградската битка и фронталната линија ќе биде поместене повеќе стотици километри наназад во длабината на Полска пред вратите на Варшава. Тоа е ќе претставува дебакл на германските трупи на групата армии центар кои дотогаш претставувале тврд орев и за самиот Жуков. Да го неутрализира продорот на советите Вермахтот употребил сили од другите фронтови како што е украинскиот фронт како и помош од западните боишта со што дополнително ја ослабел својата позиција. Офанзивата, воената операција „Багратион'' е најголема победа на Црвената армија во втората светска војна, бидејки од строј биле исфрлени околу половина милион германски војници а уништена е елитната армиска група центар, фактички тоа претставувал најголем воен пораз на германската армија во историјата воопшто. И покрај тоа таа не била одлучувачката победа, тоа била битката кај Курск во 1943 година. Но, Црвената армија напредувала и на другите фронтови. После Лвов – Садомирската операција црвената армија го отстранува еден од најверните германски сојузници Романија. На 31 Август трупите на црвената армија влегуваат во Букурешт, на 12 септември 1944 година владите на СССР и Романија потишуваат примирје диктирано од советската влада. Одеднаш за многу краток временски период трупите на Црвената армија се нашле на природната граница и бариера, реката Дунав, која ги делела од Бугарија и Југославија. Набрзо потоа тие ќе навлезат преку дунав на Југословенската територија и ќе учествуваат во битките околу белградската операција. Паниката на последниот верен балкански сојузник на Хитлер и Германија, Бугарија била евидентна. Тоа ќе придонесе Македонија набргу да се ослободи од бугарскиот окупатор и да ја продолжи војната само против германските сили на армиската група „Е'' во повлекување и квинслиншките балистички и четнички формации.

### 2.26. Повлекување на бугарските војски од Македонија

Кога единиците на Третиот украински фрон се нашол во близина на бугарската граница во периодот на август 1944 година Софија веќе била во голема паника. По

---

[373] Јулска завера претставува неуспешен обид на полковникот Клаус Фон Штауфенберг и на останатите завереници да организираат атентат на 20. јули 1944. година и да го ликвидираат Адолф Хитлер, фирерот на нацистичка Германија и на Третиот рајх, во неговата база „Волчјата јама''во Источна Прусија. Операцијата Валкира пак која првобитно била само дел на заверата, се поврзува со целиот настан. Очигледната цел за обидот за атентат била поврзана со превземање на политичката контрола врз Германија и нејзините оружени сили од Нацистичката партија и СС трупите и постигнување на мир са Сојузниците.

[374] Операцијата Багратион претставувала една од најголемите победи на Црвената Армија во Втората светска војна. Главниот удар на советските снага против нациста у Белорусији, што је резултовало уништењем немачке групе армија Центар и једним од највећих пораза за Вермахт током Другог светског рата.

капитулацијата на Романија и отстранувањето на диктаторот Антонеску од власт, по државниот удар кој го подржал и кралот на Романија Михаил I а го спровела армијата без поголеми проблеми, сега природно Бугарија била на ред да ја доживаа сличната судбина. Уште на 18 мај Советската влада упатила остра нота до владата во Софија да го напушти сојузот со Германија. Но во тој период сеуште траеле опсежната воена офанзива во Македонија и Јужна Србија како и борбите против бугарските партизани ва ОФ во внатрешноста на Бугатрија. Владата на Добри Божилов паѓа, но тоа нема влијание врз војската и воените авторитети. Сеуште 5 бугарска армија игра значајна улога во офанзивните акции на Македонското војувалиште и жилаво се бори за нејзино опстојување на териториите што ги контролира подржана од воените авторитети. Новата влада на Иван Багрјанов објавува неутралност помеѓу војната на Советскиот сојуз и Германија. Претходно пропаѓаат преговорите водени во Каиро со сојузниците за начинот на бугарското излегување од војната. Во тие драматични мигови, на 12 Август опозицијата во бугарскиот парламент и ОФ излегуваат со декларација за ново парламентарно мнозинство. Подоцна под притисок на Ѓорѓи Димитров и Москва ОФ го откажува потписот. Сепак се формира ново парламентарно мнозинство и опозицијата бара примирје со сојузниците и мирна разрешница на односите со Советскиот сојуз. Во тој период во Македонија и Скопје допатувал Иван-Ванчо Михајлов водачот на ВМРО со цел, да се испита теренот дали може да се формира марионетска држава по примерот на НДХ по бугарското излегување од сојузот со нацистичка Германија. Фактички идејата била да се формира „Независна Република Македонија''. Тој план за формирање сателитска држава сојузничка на Германија постоел од претходно. Уште во есента 1943 година, Ванчо Михајлов преговарал и веројатно договорил формирање на таква државна творба на тајните преговори со Хајнрих Химлер.[375] За да не биде реализиран проектот на Ванчо Михајлов и германските авторитети, бугарскиот Цар Борис III, понудил рехабилитација за Ванчо Михајлов и ја поништил неговата смртна пресуда. Како и да е овој проект на Хитлеровата дипломатија пропаднал и Ванчо Михалов откога сватил дека нема никаква подршка меѓу народот се повлекува. За овие настани околу дејанието на Ванчо Михајлов многу интересен коментар и свое видување има дадено и Светозар Вукмановиќ Темпо како пратеник на ВШ при ГШ на НОВ и ПОМ во писмото испратено до ЦК на КПЈ на 8 абгуст 1943 година .

„Посебно внимание заслужува делувањето на Ванчо Михајлов и ВМРО. Под закрила на германските окупатори агентите на Ванчо Михајлов работат по цела Македонија. Тие истапуваат со паролата за обединување на македонскиот народ и за негова национална незвисност. Тие, всушност, се главни агенти на Гестапо и тоа за цела територија на Бугарија, Грција и Албанија. Нив Германците ги помагаат и ги држат како противтежа на Бугарите во кои немаат доверба. Германците сметаат дека бугарската

---

[375] Во октомври 1943 година, непосредно по повлекуваењто на Италијанците од Балканот, по преговорите со рахјсфирерот на СС Хајнрих Химлер, Михајлов договара формирање на силна вмровска заштитна група („Обезбедување“) составена од 12.000 мажи, која би била распоредена во грчки делови на Македонија окупираните од Германците. Меѓутоа, регрутирањето на нејзиниот состав се оддолжува и не ја достигнува договорената моќ. Исто така, останува нереализиран и предлогот на Михајлов даден на Павелиќ за формирање на силна платена армија на ВМРО. Стефан Требст, Македонска нација, 2 март 2011 г. Ванчо Михајлов не ја исполнил задачата на Хитлер.

влада седи на две столици и затоа целосно се потпира на ВМРО. Опасноста од Ванчо Михајлов е многу голема, зашто тој повикува на обединување на целиот македонски народ кај кого денес се буди националната свест и мисла за обединување[376]’’.

И Светозар Вукмановиќ Темпо како и генералот Апостолски, бил наполно свесен од каде можела да дојде опасноста. Тие не го потцениле овој противник, колаборационист на окупаторите. Сепак, неговата личност не била воопшто популарна меѓу широките маси на народот. Во суштина тој бил одпретходно длабоко маргинализиран од самите бугарски окупатори. Осуден и отстранет од официјална Софија Михајлов ја чекал својата шанса. И покрај тоа што ја дочекал шансата , сепак ова било крајно нереално барање за негово рехабилитирање да би можело да успее на терен. Очајничките потези на германската дипломатија ќе бидат последен обид да ја задржат Македонија под своја контрола. Но едно биле нивните очекувања и желба на фирерот лично а сосема спротивна реалноста, каде Македонскиот народ во огромно мнозинство веќе ја одбрал страната на Антифашистичката голема коалиција, а предводен од сопствени редови, преку ГШ на НОВ и ПОМ предводени од командантот и генерал Михајло Апостолски. Тој факт набрзо самиот Ванчо Михајлов ќе го осознае.

[376] „Извадоци’’ од писмото на Светозар Вукмановиќ Темпо до ЦК на КПЈ, 8.август 1943 година. Историјско одељење Централног комитета КПЈ, „Историјски архив Комунистичке партије Југославије“, Београд, 1951, том VII, 229-245 стр



Независна Македонија (во 1944 година)

Опасноста од Ванчо Михајлов и неговата теренска екипираност никогаш не била потценета од страна на военополитичкото раководство, ниту пак од командантот Апостолски. ГШ на НОВ и ПОМ како и партиското раководство како и претставникот на ВШ ја увиделе јасно опасноста, сходно тоа и делувале на теренот. ГШ ги имал сите информации околу пристигнувањето на Ванчо Михајлов и неговите разговори со истомислениците и преговорите со разни патриотски групи и организации и истакнати поединци. Командантот на НОВ и ПОМ генералот Апостолски имал многу впечатливи лични искуства околу овие настани. Имено неговиот долгогодишен пријател од школските денови извесен Тодор Мировски [377]( по војната е долгогодишен истакнат професор на економскиот факултет во скопје). Кога Ванчо Михајлов го организирал состанокот, и тој бил повикан како видна личност. Тој не одбил, и присуствувал на состанокот. Веднаш по состанокот што се одржал во Скопје, Тодор Мировски се упатил кон Манастирот св. Прохор Пчински и во ГШ разговарал со Михајло Апостолски. Во тие разговори детално го известил за разговорите водени на состанокот организиран од Иван Михајлов. Веднаш по него во ГШ во манастирот св.Прохор Пчински, пристигнала

[377] Тодор Мировски, дипломирал економски науки во Загреб, каде што во 1935 г. докторирал со забележана дисертација, во која првпат е дадена научна анализа на стопанството на Вардарска Македонија, ИЗВ.: 50 години Економски факултет – Скопје, Скопје, 2000; Интерни материјали од други соодветни институции.

уште една видна личност, подоцна гонета од комунистичките власти. Се работело за Јордан Чкатров[378]. Интересно е дека фактички и Чкатров имал исти видувања и детално ги известил Апостолски и раководството за состанокот со Иван Михајлов.„Дојде и Јордан Шкатров.Тој му се стави на располагање на Главниот штаб и ни раскажа како поминал состанокот. Двајцата дојдоа одделно, еден по еден, и се ни раскажаа...одделно и си заминаа за Скопје. Јордан Шкатров не беше подготвен да тргне со  нас, бидејки беше повозрасен човек, а Тодора подоцна го зедов од Штип[379]". Затоа и кога во 1944 година Ванчо Михајлов пристигнал во Македонија во таа спасоносна мисија за Хитлеровата дипломатија околу кризата пред се на источниот фронт во подунавието каде Црвената Армија надирала и ја загрозувала Бугарската граница биле направени сите подготовки на теренот, неговата активност да се пасивизира. Претходно, Ванчо Михајлов по хитлеровата заповед објавена на 1 септември 1944  реагирал со доаѓање во Македонија на 6 септември. По краткиот престој и неколкуте состаноци со активисти на ВМРО, потоа со шпекулира дека имал средби и со членови на КП и со дел подржувачи на антибугарското граѓанско ослободително движење подржувано од претседателот на пресидиумот на АСНОМ Методија Андонов Ченто. Истата вечер тој ја соопштува одлуката која веднаш е испратена од германскиот конзулат во Скопје до амбасадата во Софија.[380] Одлуката била изненадувачка и неприфатлива за Фирерот. И покрај втората заповед од Фирерот, Михајлов останал непоколеблив и ја напуштил Македонија, засекогаш. Оваа пред се политичка одлука остава навистина голем простор за шпекулации, но од военополитички аспект гледано е одлуката е исправна. Иван Михајлов немал подршка во широките народни маси на Македонскиот народ.

„Откако на 6 септември Михајлов категорично одбил да ја прогласи независноста на Македонија пред пратеникот на Фирерот д-р Гарбо, на 7 септември, врвниот командант на германската група армии "Е" излезнал со нов предлог да се создаде македонска влада. Овој пат предлогот бил доставен до д-р Христо Татарчев, кој во текот на летото на 1944 година заедно со неговата сопруга се наоѓал во родниот Ресен. Во проектот било наведено дека Татарчев е "еден од основачите на македонското ослободително движење, на возраст од околу 70 години, ужива се со авторитет меѓу населението, пројавува се како активен публицист со прогермански убедувања". И овој обид останал неуспешен''.[381]

---

[378] Чкатров Јордан, (Прилеп 1898-Скопје 1946) Член на ВМРО и на студенстското друштво „Вардар" во Софија, во 1924 од ЦК на ВМРО бил испратен во САД да ги организира иселеничките македонски друштва, од 1924-1927 бил секретар на сојузот на МПО и главен редактор на неговиот орган „Македонска Трибуна" Од 1928 по враќањето во Бугарија е еден од најблиските соработници на Иван Михајлов. По ликвидирањето на ВМРО во Бугарија во 1934 година работи како адвокат. За време на бугарската окупација на Македонија  работи како адвокат во Скопје. По војната бил уапсен, осуден и ликвидиран од комунистичката власт во Македонија.Зоран Тодоровски, ВМРО 1924-1934, Скопје 1997 год,

[379] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 257

[380] „Комитетот ( скопските вмровци) се откажува категорично да ја прогласи независност на Македонија, убеден од Ванчо Михајлов, и по опстојна анализа на стекнатите состојби". Аргументирајќи го своето решение, Михајлов се запира најмногу на: Прво, отсуство на приврзаници кои ќе се подготвени да застанат зад независноста и да ја наметнат и, второ, непрекинато и агресивно деморализирање на целото население. Стефан Требст, Македонска нација, 2 март 2011 г. Ванчо Михајлов не ја исполнил задачата на Хитлер.

[381] Стефан Требст, Македонска нација, 2 март 2011 г. Ванчо Михајлов не ја исполнил задачата на Хитлер.

Овој обид на Хитлеровата дипломатија бил очигледно добро смислен план, откако било евидентно дека бугарската држава и дипломатија е немоќна да пружи отпор против советската дипломатија и  Црвената армија[382]. Затоа хитлеровата замисла да се формира независна држава Македонија под водство на Ванчо Михајлов требало да послужи како брана за задржување на Црвената Армија, додека не се извлечат трупита на групата армии „ Е ’’.

Во меѓувреме Советскиот Сојуз и објавил војна на Бугарија на 5 септември 1944 година. Потоа новата влада на Константин Маравиев, реагирала со објава на  војна на нацистичка Германија. Црвенета армија добила зелено светло за акција, по што  трупите на Третиот украински фронт, предводени од Маршалот Толбухин го минале Дунав. И покрај објавувањето на војна, сепак во Македонија не дошло веднаш до судари помеѓу Германските и бугарските агресори. Да биде состојбата позамрсена бугарската 5 армија ја сметала сеуште Македонија како интегрален дел на Бугарија. „Освен тоа Командата на 5 бугарска армија главно била составена од прогермански ориентирани бугарски офицери кои повеќе доверба имале во Хитлер отколку во владата во Софија....Поради се поголемиот притисок од страна на сојузниците и безперспективната состојба наредбата за повлекување на Петтата бугарска армија ја издала владата на Муравиев, на 6 септември 1944 година. Во наредбата покрај другото се наведува: Дивизиите на Петтата армија да се подготват за извлекување кон старите предели на земјата по дополнителната наредба. Таа наредба имала само политички карактер бидејки се однесувала само на подготовките...Во меѓувреме за нов командант на Петтата окупаторска армија бил поставен генералот Александар Поп Димитров, кој веднаш наредил повлекување на бугарските единици источно од реките Вардар и Пчиња. Генералот Поп Димитров барал од Германците во Скопје да и овозможат непречено повлекување на бугарската Петта армија до „старите краеви. Притоа им дал ветување дека во случај ако во меѓувреме, додека трае извлекувањето, Бугарија и објави војна на Германија – тоа ќе биле само симболично. Дефинитивното повлекување на петтата бугарска армија од Македонија го наредила владата на Отечествениот фронт на 10 септември 1944 година’’. [383]

Во тие критични денови за бугарската држава пред капитулацијата на нејзината армија која ги имала окупирано деловите на Македонија и Јужна Србија, во Македонија военото раководство ГШ на НОВ и ПОМ предводено од командантот генералот Апостолски, имало задача за окрупнување на воените единици. Тоа значело дека течел процесот на формирање на дивизии.  Во текот на Август и Септември формирани се вкупно 6 дивизии, во октомври е формирана седмата дивизија. Околу оформувањето на

---

[382] Црвена армија (руски: Красная армия)  скратено име за Црвената армија на работници и селани (рус. Рабоче-Крестьянская Красная Армия), таа ја претставувала вооружена сила која ја формирале болшевиците во текот на Руската граѓанска војна во 1918 година. Оваа организација станала војска на Советскиот Сојуз по неговото формирање во 1922 година црвената армија била војската на Советскиот Сојуз во периодод од 1918 до 1946 година. Потоа го носи името Советска Армија во периодот од 1946-1991 година. Иако Црвената армија во 1946 година го променила името во Советска армија, луѓето од западот и понатаму го користеле терминот „Црвена армија“ и подоцна, во текот на Студената војна. Воена енциклопедија, Воено издавачки завод Белград. 1985, книга.8. стр. 455, Други Светски рат, Народна књига, Београд, 1982, книга.1. стр. 43

[383] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 700-701; Истото, Отечествена војна, стр. 259

дивизиите фактички и немало некој поголем проблем бидејки востанието заземало голема масивност и народот масовно се вклучувал во единиците. Најбитно за одбележување е секако формирањето на Првата дивизија. Таа всушност ја претставувала 41 народоослободителна дивизија на Југославија, но забележана е како Прва македонска дивизија, што не значи дека не била и југословенска 41 НО дивизија. Што се однесува до големината на настаните, тие биле од историска важност бидејки фактички на теренот и покрај непрестајните борби против окупаторите, македонската војска добила на бројност поради масовниот прилив на нови борци. Според проценките на Генералот Апостолски и ГШ во единиците на НОВ и ПОМ во периодот на Август-Септември 1944 било вклучено 15% население што е фасцинантно од војнички аспект гледано тоа е неверојатна бројка, тоа е вклучување на скоро целиот работоспособен народ директно или индиректно во борбата за слобода. Тоа дополнително ја покажува желбата на народот за конечното ослободување од фашистичкиот окупатор и неговите сателити и формирање на слободна Македонската држава.

„Бригадите организирани во седум дивизии, територијалната мрежа и другите единици групирани во три корпуси веќе претставуваа Армија на Македонија!''[384]

Во меѓувреме германските и бугарските воени авторитети ги продолжиле преговорите. Планот на германската команда бил да се прифатат одредени компромиси со бугарската старана, „и компромисите со бугарската влада се додека не ги извлекла своите единици и материјални средства од Бугарија''[385]. Додека траеле преговорите помеѓу германската и бугарската команда кои очигледно имале за цел германско превземање на бугарските окупирани територии во Македонија, како и брзо безбедно повлекување на германската војска стационирана во Бугарија, во Македонија состојбата не била така лесна и многу од бугарските команданданти одбивале да го положат оружјето. Фактички во Македонија војната против бугарскиот агресот траела со несмалена жестина. Дури неочекувано во последните денови на август бугарските трупи во содејство со германските сојузници започнале последна очајничка офанзива во пределот на Козјак. Но неуспеале доволно да се екипираат за да ја започнат успешно офанзивата и поради советскиот ултиматум и објавата на војна што фактички довело до бугарска капитулација.

### 2.27. Разоружување на бугарските војски во Македонија

Германската команда откога успешно ги завршила преговорите со бугарската страна и ги извлекла своите трупи, материјални средства и воени аташеа од Бугарија добила можност да добие на време. Проценките на германската врховна команда биле дека тоа бил момент за понатамошна консолидација на „идниот'' фронт кон бугарската граница. Затоа германската врховна команда издала наредба и насока на своите трупи да се разоружаат бугарските единици. Како повод за таквиот однос било недоаѓањето на бугарските воени претставници на закажаниот состанок во Ниш во август 1944 година.

[384] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 234
[385]Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 700

ГШ на НОВ и ПОМ согледувајки ја состојбата на теренот исто така дејствувала во насока на разоружување на бугарските окупаторски сили. ГШ на НОВ и ПОМ предводена од генералот Апостолски делувала на теренот имајки претходно искуство со разуружувањето на Италијанските окупаторски сили во 1943 година. ГШ поднел ултиматум до бугарската команда да го предадат оружјето и да преминат на страната на ГШ. Ултиматумот не бил добро прифатен од бугарската команда. Дири и телеграмите што биле разменувани не допринеле за менување на позициите. Едноставно водството на петтата бугарска армија тврдела дека нема наредба од Софија за положување на оружјето. Петтата бугарска армија упорно одбивала да го предаде оружјето. До некаде тоа е разбирливо, од военополитички аспект гледано таа армија дејствувала сојузнички до тогаш со германските окупаторски сили. Многу високи офицери имале лични познавања средби, штабовите меѓусебно комуницирале и многу штабни офицери се познавале итн. Тоа предизвикало борбите да продолжат и да има дополнителни жртви на обете страни.„ Бугарите покажуваа дека немаат наредба ниту да преминат на наша страна, ниту да се предадат, ниту пак да ни го предадат оружјето. Тоа само по себе говори дека бугарската армија во Македонијабеше мошне фашизоидна и подготвена да ја брани царска Бугарија, поради што и не сакаше да ни го предаде оружјето[386]’’.

Во Македонија борбите за разоружување на бугарската армија продолжиле. Се воделе борби во Тиквешко, Мрежичко, Македонски Брод кој бил ослободен, борби се воделе во кумановско. Во Источна Македонија „17 бугарска дивизија сеуште даваше грчевит отпор кој мораше да се крши со жестока борба. Тие не се одзваа на повикот на 4 бригада да се приклучат кон неа за борба против германските сили. Затоа Штабот на бригадата направи оперативен план за остварување на планот на ГШ, за нови напади на гарнизоните за да се исчистат градовите и да се воспостави народна и воена власт[387]”.

Така под притисок со борба некои дивизии сепак биле разоружани, како 29 бугарска дивизија, потоа 14 и 15 дивизија во реонот на Битола. Делови на 17 бугарска дивизија со борба се пробиле до бугарската граница и не дозволиле да бидат разоружани. Иако бугарската војска била пред капитулација упорно се борела во Македонија, тоа генералот Апостолски во повеќе наврати го искажал. Борбите во североисточна Македонија биле мошне жестоки од Страцин, Кратово, Пробиштип насекаде имало големи борби. Посебно битката кај Страцин била крвава, сурова бидејки бугарските сили биле вкопани и дејствувале од бункерски гнезда. Македонската војска ја диктирала и наметнувала борбата и пред капитулацијата на Бугарија успеала да ослободи повеќе градови и населени места. Берово е ослободено на 23 август, потоа Кратово, Мрежичко, Пробиштип, Македонски брод и други населени места. Паралелно течел и процесот на формирање нови големи вооружени единици. Таква единица била формирана селото Митрашинци Беровско. Тоа била 50 дивизија. Генералот Михајло Апостолски присуствувал на многу вакви свечени чинови но овој посебно го запаметил.

„Дивизијата беше построена на една ливада пред селото. Тогаш јас пред себе видов голема војска. Имаше 3 бригади, плус артилериска бригада, убаво построени.

[386] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 230
[387] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 2–Матица Македонска Скопје- 2000 година, стр. 338

Артилериската бригада се уште немаше оружје, но бевме сигурни дека ќе го заробиме. Сите тие беа убаво распоредени во строј. Еден вод во недостиг на вистински хор ја испеа песната„Изграј зоро на слободата[388]''. Кога се приближив, командантот на дивизијата Боро Милевски, со параден марш ми рапортираше. За мене тоа беше едно извонредно доживување на кое секогаш ќе се сеќавам. Говорејќи за големите единици, нужно е да кажам дека формирањето на вака голема војска, која практично претставуваше армија, зборуваше за борбената способност и за готовноста на Македонскиот народ за ослободување со сопствени сили. Народот гледајќи ја таа војска во дивизии , а не во мали групи, веќе беше уверен дека слободата е тука на прагот[389]''.

„Покрај приливот на многу борци од источна Македонија, од Бугарија се вратиле многу Македонци- политички осуденици што гниеле по бугарските затвори, и насилно мобилизираните во бугарската фашистичка војска. Од нив во селото Митрашинци биле формирани 2 бригади -13 и 14 бригада кои заедно со 4 бригада на 17 септември 1944 влегле во состав на 50 Македонска дивизија, а по еден месец и во 51 дивизија на Брегалничко-струмичкиот корпус на НОВЈ[390]".

После овие драматични промени на фронтот и ослободување на големи територии кои биле под контрола на бугарската армија, врховната команда на НОВЈ воспоставува соработка со ОФ односно бугарското движење. Поради тоа Врховниот командант на НОВЈ Маршалот Јосип Броз Тито издал директива за насоките за дејанија на Главниот штаб на Македонија издадена на 17 август 1944 година. Се барало од ГШ на НОВ и ПОМ како и од ГШ на Србија, бидејќи и во Србија бугарите сеуште држеле значителни територии под своја окупација, да се воспостават врски и преговори со бугарските сили односно нивната команда. Идејата била бугарските сили да се придружат во борбата против германските окупатори и поради нивната силна бројна армија да допринесат за германското отсекување по вардарско-моравската долина со цел уништување и заробување на германската група армии „Е''. Идејата на ВШ била најпрво да предложи соработка и Главните штабови на Србија и Македонија да се обидат да договорат сојузништво пред очигледната капитулација, со заеднички сили да дејствуваат против германската армија. Но доколку бугарските се уште окупаторски сили не се согласат со овој предлог, тогаш било нужно да го предадат оружјето, посебно тешкото артилериско оружје кое на штабовите им било нужно неопходно за водење успешна војна против сеуште силните германски и квинслинжки сили на теренот. Поради неуспехот на преговорите на Главниот Штаб на Македонија но и ГШ на Србија да извлечат нешто повеќе од бугарската страна, војната продолжила до крајот намесец август и почетокот на септември. Така во Македонија и во Србија борбите против бугарските окупаторски сили сеуште се воделе иако со намален интензитет поради бугарското извлекување. За разлика од Главниот штаб на Македонија германската

[388] Изгреј зора на слободата (позната и како Марш на македонските револуционери) — македонска револуционерна химна. Оваа химна е користена од страна на неколку македонски организации кои биле дел од македонското национално движење и од МПО во САД и Канада. Во 1948 година била забранета во НР Македонија и со тој чин тогашните македонските власти се откажале од оваа химна.
[389] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 235-236
[390] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) книга 3–Матица Македонска Скопје- 2001 година, стр. 151

команда лесно ги разоружала своите довчерашни сојузници и тоа на повеќе локации. Во Србија била разоружани големи бугарски формации, цели корпуси а во разоружувањето учествувале и четниците и недиќевците, само мал дел бугарски единици биле разоружани од единиците на НОВЈ[391] [392]. Во Македонија за разуружувањето на окупаторот најчесто била водена борба. Интересна за анализа е наредбата на Михајло Апостолски, кој откако Бугарија капитулирала и потоа објавила војна на Германија, нечекајки, веднаш издал наредба за нејзино разоружување насекаде низ Македонија[393].

„Во исто време германските единици кои непречено се извлекле од Бугарија ги запоседнале гарнизоните и објектите во Србија и го започнале разоружувањето на 1. Бугарски корпус. Штабот на корпусот и командантите на 6, на 22, и на 24 пешадиска дивизија биле заробени....само поголем дел од 6. Пешадиска дивизија успеала со оружјето да се повлече во Бугарија[394]''.

Слично како и во Србија и во Македонија единиците и штабовите на 5 бугарска армија им овозможиле на гермаските сили да заземат стратегиски важни објекти цели гарнизони и позиции без борба и фактички да бидат разоружани. Пример разоружаните 14 и 29 бугарска дивизија од 5 бугарска армија со малку оружје што им било оставено дасе бранат од единиците на НОВ и ПОМ пробале да се пробијат на бугарска територија. Пред Куманово биле заробени од единиците на НОВ и ПОМ. Од составот на 5 бугарска армија само 14 и 17 пешадиска дивизија заедно со некои помали единици успеале под оружје да се повлечат кон Бугарија. По конечното повлекување во октомври 1944 година Петтата бугарска армија била практично расформирана.„Настојувањето на владата на ОФ со помош на патриотските сили да се изврши реорганизација на таа армија и да се упати во борба против германските сили биле безуспешни. Меѓутоа дел од царската бугарска војска се вклучил во бугарската народна армија (ВНА) формирана од ОФ по 8 септември 1944 и учествувал во борбите против германските сили[395]''.„Загриженоста на германската команда за можни дејствија на бугарската 5 армија во заднина на германската група армии Е не се обистинија, единиците на бугарската 5 армија не само што не сакаа да се борат против Германците туку соработуваа со нив, беа разоружани и се распаднаа[396].

## 2.28. Преговори за заедничко дејствување со бугарските единици

[391] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 701.

[392] Народноослободителна војска на Југославија вооружени сили на националното движење за ослободување на Југославија, Предводени од ГШ на НОПОЈ и Маршалот Јосип Броз Тито за време на втората светска војна (1941-1945). Војна енциклопедија, Војноиздавачки завод Београд 1985 кн.8, стр.455

[393] АМ ,Примени и предадени радиограми во 4 бригада, радиограма од 8.IX.1944 година во 17,05 часот со потпис "Апостолски": "Бугарија објавила војна на Германија. Наредувам, сите единици веднаш да ги запоседнат градовите и да ја превземат власта од Бугарите. Бугарските единици да се употребат во борба против Германците, кои не сакаат да се борат да бидат разоружани и да се пуштат, а кои даваат отпор да се уништуваат".... Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 2–Матица Македонска Скопје- 2000 година, стр.338

[394] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 701; А VII Mikrofilm NAV –N-T -311 ролна 193, сн, 437-438, 714-715, Ратни дневник група армија „Ф''; Петар Вишниќ, цитат, труд, стр.124-125

[395] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 701-702;

[396] Петар Пепељуговски. „Прилози за воената историја на Македонскиот народ''. Стр. 483

По капитулацијата на Бугарија ГШ на НОВ и ПОМ го менува своето командно место. Овој пат освен военото заедно се дислоцирани и политичкото раководство, ЦК и Президиумот на АСНОМ. За главна командна база во идната фаза на војната било одредено Горно Врановци- Велешко. Дислокацијата на ГШ и на партиското раководство е направена од практични причини, бидејки се очекувало тенденцијата на наметнување на борбите да се пренесе на југ. Најпрвин штабот бил дислоциран во овчеполието во манастирот„Ѓуришки''но, бидејки постоела можност од недоволно квалитетна заштита бидејки командата била во порамен дел било одлучено повторно да се дислоцира. ВШ военополитичкото раководство и Врховниот командант добро известени за состојбата во Македонија испраќаат депеша односно телеграма во која се бара, и покрај потешкотиите во меѓусебната комуникација штабот да стапи во контакт со штабот на 5 бугарска армија бидејки имале поставено нов командант, извесен генерал мајор Кецкаров. Тој бил добро познат на генералот Михајло Апостолски, претходно бил началник на штабот на 29 бугарска дивизија сместена во Врање. Значи веќе претходно „војувале'' со Генералот Апостолски бидејки му биле подредени и сите воени единици и од јужна Србија. „Во средината на септември 1944 година ГШ на Македонската војска добил наредба на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ да воспостави сотработка со владата на ОФ[397]''. Командантот на НОВ и ПОМ и Штабот ја извршиле наредбата на Врховниот командант и стапиле во контакт со новото воено раководство на 5 бугарска армија. „Таа армија иако официјално се водела за расформирана сепак добила ново воено водство и последен обид да се рехабилитира. Состанокот на врвовите на двата штаба се одржал на 23.октомври 1944 во ослободеното Пехчево во старата турска касаба – касарна која и денес постои во Пехчево[398]. Делегацијата на ГШ на НОВ и ПОМ била во состав, Генерал и командант Михајло Апостолски, Светозар Вукмановиќ Темпо и придружни членови, од бугарската страна генералот Кецкаров со претставници на својот штаб. По поздравните говори каде генерал Кецкаров ја поздравил борбата на Македонскиот народ за слобода, состанокот поминал во извесно тензична атмосвера, со многу несогласувања бидејки на претставниците на 5 бугарска армија им било соопштено дека неможат и несмеат самите да дејствуваат на теренот без согласност на ГШ на НОВ и ПОМ. Исто така им било забележено дека фактички таа армија официјално е расфопрмирана и како таква не смее да дејствува. Од своја страна Генерал Кецкаров искажал забелешки во мешањето во внатрешните работи на Бугарија околу покажаниот интерес кон Македонците од Пиринска Макдонија. Разговорите завршиле со извесен компромис бидејки генералот Апостолски им потврдил дека ќе им даваат известие околу движењата на германските војски. Бугарската делегација задоволна го напуштила состанокот. Но веќе следниот ден неочекувано во Пехчево дошол генералот Копчев кој бил член на ЦК на БРП(к). Неговота недоговорена посета ги направил внимателни членовите на ГШ. Бугарскиот генерал настапил доста круто и со остар тон запрашал за што било разговарано претходниот ден со генералот Кецкаров. „Што сте разговарале вие вчера со

[397] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 705
[398] Дедоми Александар веќе бил во единиците при ГШ. Ми раскажа за некакви преговори и средби во касарната во Пехчево, но јас тогаш бев дете и неразбирав во какво својство се водени разговорите, и дали со Бугарите се разгова од аспект на агресори или не, тогаш не ми беше јасно зошто се водени разговорите бидејки ми раскажуваше и за битката на Буковиќ.

таа наша делегација, ....какви се тие договори..!? Почна да ни држи лекции. Темпо онаков каков што е...скокна и строго му рече. Вие треба да знаете што сме разговарале! Напишавме и протокол што го зеде вашата делегација. Што барате од нас!? Но Темпо не застана тука, туку почна да му ги набројува и пропустите и сите гревови на БРП комунисти од времето на Шарло. Откога престана Темпо продолжив јас, но малку посмирено. Му реков дека таа делегација не ја поканивме, туку дека таа беше испратена од нивната влада. Откога му рековме се силниот генерал сфати дека знаеме многу за нивните гревови...почна да се извинува а потоа и да моли. Со оваа чудна психологија бугарското раководство и денес е оптоварено. Ако може да гази ќе гази а ако неможе, почнува да лази[399]''.

Генералот Копчев повторно го посетил Штабот кој претстојувал во Пехчево. Овој пат тој ги поканил на состанок во Софија, Командантот генералот Апостолски и Светозар Вукмановаќ Темпо, соопштувајќи им дека поканата е лично од Маршалот Толбухин[400].

Многу интересна коинциденција било тоа што бугарскиот генерал им соопштил дека за тоа знаел и ВШ и Врховниот командант. Интересно Штабот на НОВ и ПОМ не успеал да воспостави веднаш комуникациуја со ВШ така да ситуацијата се комплицирала. Сепак Генералот Апостолски и Светозар Вукмановиќ со проширена делегација во која биле вклучени Киро Миљовск[401], Бане Андреев[402] и Лазар Колишевски[403] кој бил скоро пуштен од затвор, заедно отпатувале за Софија.

---

[399] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 239

[400] Фјодор Иванович Толбухин (рус. Фёдор Иванович Толбухин, ( 16. јун 1894 — 17. октомври 1949) Советски Маршал, Херој на Советскиот Сојуз, Херој на Народна Република Бугарија и народен херој на Југословенската Федерација. Народни хероји Југославије, Љубљана - Београд - Титоград: Партизанска књига - Народна књига - Побједа. 1982 година.

[401] Кирил Миљовски Универзитетски професор, академик, припадник на комунистичкото движење. Студент во Загреб во периодот меѓу двете светски војни активно е вклучен во лево ориентираното студенстско движење. Бил претседател на „Студенстското друштво Вардар и МАНАПО, член на КПЈ од 1941 година. Делегат на Првото заседание на АСНОМ. Учествува во формирањето на ОЗНА. Бил Првиот ректор на Скопскиот универзитет, 1949/50 до 1952/53 и вторпат од 1960/61 до 1962/63. Во 1967 година е коптиран за член на МАНУ. Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991), Филозофски факултет Скопје, 2015 година, стр.68

[402] Бане Андреев – Ронката македонски комунист, учесник во НОБ, повоен министер во сојузната влада. По отстранувањето на Методија Шаторов Шарло од раководната улога на ПК на КПЈ за Македонија и затворањето на Лазар Колишевски од страна на бугарската полиција, раководството на ПК на КПЈ за Македонија го презел Бане Андреев.Во 1941 година под раководство на Бане Андреев-Ронката биле формирани велешкиот, прилепскиот, ресенскиот, крушевскиот и повеќе други партизански одреди во Македонија. Во 1943 година бил избран за член на ЦК на КПМ, а подоцна и за член на ИО за свикување на АСНОМ. Со создавањето на Президиумот на АСНОМ бил избран за негов член, а со формирањето на Привремената влада на ДФЈ бил поставен за министер за рударство. Поради сомнеж дека ја поддржувал советската политика и Резолуцијата на Информбирото во 1950 година бил разрешен од сите негови политички должности.Носител е на партизанска споменица 1941 година. „Македонска енциклопедија“, МАНУ, Скопје, 2009, 60-61 стр. Блаже Конески „За Кочо Рацин: есеи, беседи, прилози“, „Култура“, Скопје, 1994, 80 стр.

[403] Лазар Колишевски ( 12.2.1914, свети Николе -6.7.2000, Скопје ) е долгогодишен водач на македонските комунисти и моќен човек во Македонија во периодот од ослободувањето на земјата до падот на комунизмот, една од водечките политички фигури во НРМ/СРМ по 1944 година. Од 1943 до 1963 година бил на чело на ЦК КПМ/СКМ, претставник на догматското пројугословенско партиско крило, креатор на толкувањата на историјата, особено најновата.Како истакнат комунист од Крагујевац-Србија,

„Познато е дека командантот и комесарот на ГШ на НОВ и ПОМ Апостолски и Бане Андреев-Ронката службено биле во Софија. Тие знаеле дека санитерците од нашите бригади, а особено болниците, немаат доволно санитетски материјал... лекарства, па на еден интересен начин се погрижиле и за таа насушна потреба за нашите ранети борци[404]".

Во Софија биле пречекани со мали провокации од страна на Цола Драгојчева која била член на КП од 1919 година. Претставувајки ги гостите пред членовите на ЦК на БРП таа за Темпо говорела дека е „Титовиот генерал'' а Апостолски бил нивниот генерал. После провокативниот вовед Апостолски реагирал соодветно и провокациите завршиле. Впрочем Цола Драгојчева целиот свој живот го поминува во една провокативна антимакедонска политичка позиција. Но, кога се собрал целиот бугарскиот ЦК станало јасно дека од средбата со Маршалот Толбухин нема ништо. Политичките разговори ги продолжило политичкото крило на делегацијата, Апостолски веднаш се упатил кон штабот на Маршалот Толбухин. За жал не успеал да се сретне со него но затоа остварил средба со Маршалот Бирјузов, неговиот заменик. Како што доликува на два команданта разговорите ги воделе за воените операции како се одвива фронтот во Србија околу „Белградската операција''. Од своја страна Генералот Апостолски ја изнесол целата воена ситуација во Македонија. Во тој период трупите на црвената армија го минале Дунав и напредувале кон Белград но со секојдневни упорни борби со противникот . Од друга страна низ територијата на Македонија веќе започнало повлекувањето на германските трупи на групаата армии „Е''. Военополитичката ситуација се одвивала поволно но сепак предстоеле битни военополитички настани како што всушност бил и менувањето на страните и вклучувањето на новоформираната „Бугарска народна армија (БНА)'' на страна на антихитлеровската коалиција.

Маршалот Бирјузов[405] го информирал дека советската команда ги усогласила акциите со маршалот Тито и дека бугарските новоформирани отечествени сили ќе

---

пролетта 1941 доаѓа во Македонија, го елиминира Методија Шаторов Шарло, од водечката функција во ПК-КПза Македонија , но набргу е затворен од страна на бугарските окупаторски властии одведен во Бугарија. Се враќа во веќе прогласената држава ДФ Македонија по првото заседание на АСНОМ во септември 1944 година, и набрзо со силна подршка од Белград започнува хајка против македонските национални дејци етикетирани како „автономисти или сепаратисти''. Додека бил во затвор, на Првото заседание на АСНОМ, во август 1944 година, бил избран за еден од претставниците на Македонија во Президиумот на АВНОЈ. Во текот на својата политичка кариера, Колишевски бил на различни државни и партиски функции и играл важна улога во политичките настани и општествените процеси во СРМ и СФРЈ. Од 1963 до 1967 бил претседател на СО на ССРНЈ, од 1967 до 1972 е член на Советот на Федерацијата, од 1972 до 1984 е член на Претседателството на СФРЈ. За народен херој е избран на 2 август 1952 година. Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991), Филозофски факултет Скопје, 2015 година, стр.79; Драган Кљакиќ „Времето на Колишевски", Скопје, 199; „Народни херои од Македонија", Наша книга, Скопје, 1973, стр. 187-191; Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски „Нашиот поглед за времето на Колишевски", Скопје, 1996 година. Михајло Миновски, Авнојска Југославија и Македонското национално прашање(1943-1946), Скопје, Менора, 2000 год. Стр.187-285

[404] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) книга 3–Матица Македонска Скопје- 2001 година, стр. 156

[405] Сергеј Семјонович Бирјузов (рус. Сергей Семёнович Бирюзо́в; Скопин, 21. август 1904 — Белград, 19 октомври- 1964) советски маршал, за време на втората светска војна бил началник на штабот на 48 и 2 Гвардиска армија на Сталинградскиот, Брјанскиот и Јужниот фронт. Од мај 1944 е началник на штабот на 3 украински фронт. Од октомври командант на 37 армија која учествува во ослободувањето на Југославија. Народен херој на Југославија.

учествуваат во борбите против германскиот окупатор во идните воени операции. Првата бугарска ,,оточествена'' армија ќе учествува во борбите и ќе дејствува во правец, Ќустендил – Крива Паланка-Куманово, Четвртата армија ќе дејствува во правец од Благоевград по долината на Брегалница. Останатите Бугарски армии ќе дејствуваат кон Ниш и Србија. По известието добиено од советскиот маршач командандантот на НОВ и ПОМ генералот Апостолски бил упатен на разговори со Бугарскиот главен штаб. Така фактички се воделе паралелни преговори, едни од воените штабови, а други воделе политичките водачи. Генералот Апостолски, без разлика што било договорено содејство со новоформираната бугарска отечествена армија, на највисоко ниво помеѓу ВШ на НОВ и ПОЈ и Маршалот Тито лично со советската команда, го искажал своето големо незадоволство од ваквата постапка бидејки тој очекувал одредени недоследности познавајки го стариот непријател. Сепак на крајот Маршалот Бирјузов го убедил Апостолски да го посети бугарскиот ГШ.

Апостолски го пречекала група генерали. Меѓу нив и генерал Маринов, командантот на бугарската 15 дивизија за која Апостолски истакнал дека е ,,злосторничка''бидејки претходно многу битки водел против нејзе! И покрај искричењето во комуникацијата договорил заедничка активност и содејство на фронтот. Потоа заминал во Благоевград каде го пречекал, генералот Урумов исто така добро му бил познат. Со него по долги дискусии ги усогласиле акциите на двете војски. Било договорено заедничките содејствија на Четвртата бугарска армија и 51 и 52 македонски дивизија на НОВ и ПОЈ да започнат на 15 октомври 1944 во граничниот појас.

Колку биле нелагодни овие дискусии за македонското военополитичко раководство треба да се има во предвид, бидејки најпрво биле ,,поканети'' во околности кога врските со ГШ биле прекинати и кога наместо со Маршалот Толбухин со кого очекувале да се сретнат тие се сретнале со неговиот заменик маршалот на црвената армија Бирјузов кој ги упатил на понатамошни разговори за договор за содејствие со командата на бугарската армија. Овој комптромис многу тешко го прифатил генералот и командант на НОВ и ПОМ Апостолски, имало и зошто.

,,Ме дочекаа бугарски генерали на чело со Маринов. Тој беше командант на злосторничката 15 дивизија во Македонија. Генерал кој лично учествуваше во ликвидирањето на многу наши борци. Кога го видов ми се стемни пред очите, но останав ладен и цврст.....Генерал Урумов ме пречека со прозирна љубезност...Во разговорите тој истакна апсолутна недоверба во нашите единици, а своите ги издигна до облаци. Јас се налутив и остро протестирав, му реков дека тоа не е точно и дека ние имаме силна војска, многу подобра од нивната. Му реков исто така ќе биде добро доколку сака да го утврдиме заедничкото содејство, а доколку не сака ќе морам да го забранам дејствувањето на нивните единици, т.е ќе забранам да преминат на наша територија''.

После сите овие случувања за почит е храброста на Генералот Апостолски бидејки останал достоинствен при преговорите. Со неговиот непогрешлив инстинкт, со голема точност ги предвидел идните конфликтни ситуации. Истовремено дури и успеал да се наметне со укажувањата дека нема да дозволи заеднички содејствие на војските доколку немаат утврдени методи на дејствување, со тоа сакал да укаже кој е главен на

теренот во Македонија, но индиректно тој со овие ставови свесно се спротиставил на договорите помеѓи ВШ и Врховниот командант Јосип Броз Тито и советската команда. Тоа бугарската страна ја сватило како сериозна опомена и фактички иако се прикажувала како волна да војува против фашистичките војски во завршните фази на војната, неволно учествувале во воените дејствија во Македонија.

### 2.29. Саботажа на новоформираните воени бугарски единици

Дека командантот, генералот Апостолски е во право кога искажал сомнеж кон намерите на бугарската армија отворено да војува против довчерашниот сојузник набргу се покажало како точно. Најдрастичен пример е договорениот настап на бугарската четврта армија која требала да дејствува во содејство со единиците на НОВ и ПОМ. Имено додека единиците на НОВ и ПОМ војувале на многу потешкиот дел на фронтот кон Калиманци, бугарските сили релативно лесно се справиле со германската малобројна одбрана во Делчево. Германската команда, одбраната ја имала сконцентрирано кон стратескиот дел на Калиманци што е логично, тука германската војска добро се организирала и вкопани поставиле добра позиција за дејствија. Договорот за содејство не бил испочитуван од бугарска страна, бидејќи нивната артилерија не дејствувала кон Калиманци од необјасниви причини. Исто така и пешадискиот полк кој требало да содејствува на Калиманци не се појавил. Поради тоа единиците на НОВ и ПОМ имале големи жртви при овие операции но сепак успеале да ги приморaат германските сили на отстапување. Вториот пример на бугарското непочитување на заедничките договорени операции бил при битката за врвот на планината „Буковиќ’’над Пехчево. Германските сили и тука иаку малобројни добро се вкопале и на бугарските сили им нанеле тешки губитоци. Бугарските команданти не дејствувале логично и наместо да нападнат со сите сили тие непотребно го развлечкале нападот со денови и нивните баталјони од петтата дивизија претрпеле големи загуби[406].

Кога германската единица разбрала дека се разбиени нивните сили кај Калиманци се повлекле од Буковиќ.пробивајки се во низината.[407]

За жал вакви примери на бугарски саботажи имало повеќе пати по договорот за содејствие на силите, дури и со плаќање на висока цена на големи загуби во сопствените редови, многу бугарските високи офицери, генерали правеле разни саботажи на

[406] „Сите постари од моето семејство ми кажуваа за битката и масакрот на Буковиќ. Според сите нивни кажувања, погинале голем број бугарски војници. Прадедоми ми кажуваше дека во Пехчево носеле полни натоварени камиони со погинати бугарски војници. Сцените биле потресни, ужасни’’.

[407] „бугарската артилерија и баталјон никаде ги немаше, не пристигнаа се прашував зошто? Нивното објаснување беше дека наводно во селото Тработивиште на десетина километри од Делчево и Пехчево се наогала некоја германска група. Ваквото објаснување ми беше неприфатливо, зошто јас од Благоевград до селото Митрашинци ...дојдов со автомобили по патот не забелезав ништо. Патот беше сосема слободен. Знаци тоа беше само изговор, а всушност станува збор за саботажа.....Тоа многу ме налути видов дека станува збор за саботажа од страна на генерал Урумов па напишав поисмо до Бугарското министерство за војската. Во него им кажав каква е и каква би требало да биде нивната војска, односно нивната тактика во една современа војна. Практично им одржив вистинска лекција’’. Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 244-245

македонското боиште во есента 1944 година. Со тој чин свесно го помагале својот довчерашен сојузник при повлекувањето на Германската група армии Е.

Ваквата консталација на настаните неповолно се одразила на фронтот во Малешевијата и Пијанец. Битките станувале хаотични, слично како во времето на февруарскиот поход, но овој пат и бројноста и офанзивата требала да биде на страната на комбинираните сили. Но, поради многуте фактори кризата на теренот на своја кожа ќе ја осети и генералот и командант на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски лично. Имено.

Германските надоаѓачки трупи изненадно ги нападнале Берово а потоа и Пехчево. Тоа бил потполно изненаен напад на добро вооружени единици. По обидот да се брани Берово со четата на месната команда бил потполно неуспешен[408]. Фактички повторно била направена саботажа од извесен Аџи Санков поранешен поручник во Југословенската војска, кој наместо да ги пресретне германските сили се повлекол во блиската шума и го оставил Берово небрането од правецот на Струмица. Со големи загуби четата била приморана на повлекување кон Пехчево. Истовремено Апостолски наредил батаљонот што пристигнал од Бугарија од Пехчево веднаш да дејствува кон непријателот. Тогаш настанала драма. Борците што пристигнале од Бугарија биле распоредени напрвата борбена линија а другите борци биле оставени во позадина. Помош неможела да пристигне, 50 дивизија била сеуште на фронтот кај селото Митрашинци. „50 дивизија била во реонот на селата Лаки- Митрашинци, во готовност да дејствува по долината на Брегалница. Струмичката ,т.е. 51 дивизија, се наоѓала југозападно од Берово во реонот Широк Дол во готовност да дејствува кон Струмица [409] ''. Во една таква констелација по еден напад на германските сили бугарскиот батаљон едноставно без борба почнал да се повлекува, се распаднал. Фактички фронтот кон беровско се распаднал. Сето тоа се одвивало пред очите на генералот Апостолски.

Генералот Апостолски увидувајки ја тешката положба немал многу решенија освен со борба да се повлекува кон Пехчево. Дедоми ми Александар ми раскажа за оваа драма. Колку што паметам тој бил заедно со генералот кога се повлекувале.

„Го испратив куриротот Петко да види што се случува....се врати и ми кажа војниците и офицерите од батаљонот се повлекуваат без борба....Петко кој беше многу храбар беше многу лут.....во еден момент викна„ Другар командант каква е оваа војска?! Сите бегаат''. Борците на батаљонот го напуштаа фронтот, го гледав тоа и јас преку набљудувачницата. Останавме сами! Со мене беа само неколку курири. Бане со уште неколку курири си замина...И додека го земав двогледот за да видам што се случува, за да можам полесно да се ориентирам, на околу 200 метри од мене видов една германска

---

408 Дедоми ми Александар ми раскажуваше детално повеќе пати за овој судир. Ми кажа дека тоа биле германски специјални сили, биле наоружани до заби и буквално ми рече„ се обидовме да се бориме, но не растурија, многумина борци паднаа, не можевме да го задржиме Берово, моравме да се повлекуваме со борба и да се извлечеме, да спасиме глава''.

409 Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија Михаило Апостолски, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година,стр.120-124

група која со пушкомитралез се наближуваше кон нас. Таа не забележа и почна да пука. Тогаш отрчавме зад ридчето, ги јавнавме коњите и се повлековме во шумата[410]''.

Јас сум убеден дека еден од тие курири кои го заштитувале својот командант во тие критични моменти бил и дедоми. Имам многу причини за тоа верување, бидејки тој секогаш ми го потенцираше знаењето на теренот за време на тие борби во Малешевијата и извлекувањето на генералот.

„Во 1943 повремено се слушаше дека постојат партизани или „шумкари" како ги викаа бугарите. Најголем број од младите со симпатии гледаа кон тие титови борци кои се бореа за ослободување, вистинскио ослободување на поробениот народ. Од бугарските војници кои биле заробувани на Плачковица од партизаните 1944 година се слушаше, иако непријатно за бугарската власт колку се тоа големи борци и дека партизаните ги пуштаат бугарските војници, а не ги убиваат како заробеници. Таа пропаганда што ја ширеа самите бугарски војници беше најубава реклама за НОВ[411]".

И во овој случај се работела за слаба координација помеѓу единиците на НОВ и ПОМ иаку биле малубројни со делови на новоформираната бригада „Гоце Делчев''составена од „нови'' борци од Отечествената армија. Трабало да биде составена претежно од Македонци. Бригадата била формирана по наредба на генералот Кецкаров по разговорите со генералот Апостолски водени во Благоевград, но повторно на теренот немало никаков резултат. Поради овој настан кога животот на командантот на ГШ на НОВ и ПОМ висел на конец, одлучено било бригадата да се расформира и да се приклучи кон другите македонски бригади составена од искусни македонски борци. Оваа битка во Малешевевијата и Пијанец, фактички била вовед во серија борбени дејствија за спречување на навлегувањето на трупите на Германската група армии„Е''во брегалничкиот регион. Имено по заземањето на Струмица, „еден германски батаљон бил упатен кон Ново Село, една полковска група во две колони засилени со артилерија од 22 полк била упатена кон Берово. На 1 ноември тие го нападнале Берово во чија одбрана учествувале два батаљона од корпусот на народната одбрана .....и еден батаљон од бригадата „Гоце Делчев'' формирана од Македонците во пиринскиот дел на Македонија. На 3 октомври германските сили го зазеле Берово....по жестоки борби што се воделе кај селото Смојмирово, германските сили влегле во Пехчево....Со оваа полковска група германските сили го освоиле патот Струмица –Царево Село (Делчево) и го сомениле 21 гренадирски полк од позициите кај Царево Село[412]''. Сите воени настани се педантно забележани во воениот дневник на командата на групата армии „Е''[413].

---

[410] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 249-250

[411] Стојан Ефтимов Димовски, Пехчево од 1920 до 1948 година, Експрес Биро АБЦД Нови Сад 1987 год.стр.132

[412] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 707-708

[413] Е„2. 10. 1944. Оперативно оделение (Arsakli)... Источен фтонт: 91. Армиски корпус: пред запоседнатата положба кај теснецот Струмица (III/65) непријателот извидуваше и слабо дејствуваше со артиљерија и минофрлачки оган. Борбената група»Zifgen« во продор кон Пехчево изби на 1.10. навечер непосредно пред Берово. Местото го окупирале 2 или 3 бугарски чети и бандити. Намерата е : 2. 10. Напад на Берово. Во 24.00 часот доставена е дополна на дневниот извештај: Источен Фронт: 91. Армиски корпус: Борбената група »Zifgen« во утринските часови го заземала Берово 2. 10. Совладувајки го отпорот на бандитите. Непријателските продори од височините околу Берово се одбиени. Борбата е сеуште во тек. 122. Оклопен

## 2.30. Повлекување на германските трупи„Група армии Е од Грција''

По приближувањето на Советската армија кон границите на Југославија и Бугарија, Хитлер и германската врховна команда и нарединле на групата армии„ Е''или кратко (ГАЕ) да се повлечата на север од територијата на Грција да го избегнат можното опколување. Исто така идејата била да се помогне на групата армии„Ф''распоредени во Србија и кон внатрешноста на балканот да го спречат напредувањето на Црвената армија. Најприроден и најбрз правец нормално бил правецот по Моравско - Вардарската долина. Командантот на ВШ Маршалот Тито се упатил во Италија за договарање за соработка со сојузниците и заедничка активност и дејанија против силните гемански трупи на командата„Југоисток''. На преговорите со Винстон Черчил[414] било прифатен предлогот на генералот Хенри Вилсон за заедничка операција наречена„Ретвик[415]''или попозната како „недела на стаорци''со која се предвидувала воздушна офанзива на воиздушната флота на сојузниците кон правец на комуникациите на Моравско-Вардарската долина. Нивните напади требало да се изведуваат денски а единиците на НОВ и ПОЈодносно единиците под команда на командантот на НОВ и ПОМ генералот Апостолски комуникациските објекти да ги напаѓаат ноќно време.

„ Тој план го прифатил Тито и на 7 август издал директива во ГШ и кон штабовите на корпусите , оставајки им полна иницијативаво дејствата и распоредот на единиците[416]''.

На 22 август директивата на Тито ја примил и ГШ на НОВ и ПОМ и веднаш ја испратил на сите штабови во Македонија. Подготовкивките за уништување на комуникациските и фортификациските објекти веднаш започнале. Командантот Генералот Апостолски наредил веднаш да се дејствува по комуникациите Ниш- Скопје-Солун, вклучувајки ја 41 дивизија и други единици со силина од преку 6000 борци. Но, севкупната бројка на силите предводени од ГШ на НОВ и ПОМ под директна команда на командантот генералот Апостолски кои дејствувале на теренот не била мала напротив„групирани во 21 бригада 7 дивизиии 3 корпуси со јачина од преку 30000 вооружени борци а пред почетокот на завршните операции за ослободување на Македонија на македонското боиште , во сите вооружени структури, оперативни единици, бригадите, дивизиите, корпусите, ...заднински единици, команди на подрачја, месни воени команди под оружје се борат околу 70000 борци[417]''.

Германските стратези од командата„Југоисток''кои будно ја следеле состојбата во Македонија, биле свесни за геостратигиската важност на македонскиот простор

---

извиднички батољон пристигна во Берово. Намера: 3, 10. Продолжување со напредувањето кон Пехчево. Извод од воениот дневник на Командата на Групата на Армии »Е« за периодот од 1. до 31. декември 1944: Снимка (Пишувана на машина ) u AVII, NAV-T-311, r. 185, s. 658—800: Зборник на документи и податоцина НОР, Том XII,книга 4, Военоисториски институт, Белград – прилог. 2

[414] Винстон Леонард Спенсер Черчил (30 ноември 1874-24 јануари 1965). Премиер на Велика Британија во втората светска војна, еден од најпознатите светски лидери и политичари кои го одбележаа 20 век.

[415] Операција Недела на Стаорци (англ. Ratweek) била сојузничка операцијаизведена со бомбардирање на германските сили, позиции и комуникации во окупирана Југославија

[416] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 702

[417] Петар Пепељуговски. Прилози за воената историја на Македонскиот народ. Стр. 485

односно делот на целокупното македонско војувалиште. Се повеќе се наметнувала потребата од заштитата на коридорот од Солун кон Белград односно патниот и железничкиот сообраќај по течението на реката Вардар каде истиот минувал. Тоа не било случајно бидејки, „според проценките на германскиот штаб за Југоисток вооружените препади на главната железничка врска кон Грција ги вршеле македонските бандити (партизани) додека бугарската вооружена сила (5 армија) е апсолутно неспособна да го смири ова подрачје[418]''. Тоа била апсолутно точна војничка проценка.

Германскиот Фелдмаршал Вајкс, Командантот на армиите Југоисток, во својот извештај во Врховната Германска команда предложил: 4 СС оклопна дивизија итно да го заземе коридорот во Македонија, потоа да се разоража бугарската Петта армија, да се ангажираат големи сили да се штити границата од Бугарија, и во Скопје да се оформи германска команда што ќе ги обезбедува воените дејствија во Македонија. Хитлер и Врховната германска команда на состанокот одрзан кон крајот на август 1944 година заклучиле дека за успешно водење на војната на Југоистокот неопходно е „железницата во српско- македонското подрачје е од животно значење за германските единици[419]''.

Откако обете страни се спремиле за наговестувачката бура на „Југоистокот'' започнале и воените судари. Германските трупи ги започнале подготовките за извлекување на нивната огромна армија од југот на балканот.„Значи преку Македонскиот простор претстоеше повлекувањето на огромна армија чија бројна јачина изнесуванад 350 000 војници и околу 10000 разни борбени и други видови возила[420]''.

Поради тоа што пред генералот Михајло Апостолски командантот на борците на НОВ и ПОМ се исправила нималку лесна задача да се соочат со десеткратно посилен непријател во околност на засилено повлекување. Неговата обученост и истрајност во водењето на операциите како и присуството на терен во најкритичните моменти, допринеле за пружање на успешен отпор кон непријателот. Дополнителна околност при операциите во овој период што ги оптеретувала обете страни била бугарската капитулација и разоружувањето на бугарските војски. Сето тоа добро било вкалкулирано кога ГШ на НОВ и ПОМ и политичкото раководство ги носеле одлуките. Според Генералот Апостолски командантот на ГШ на НОВМ и ГШ успешно предвиделе дека операциите за ослободување на Македонија потребно е да се одвиваат во две етапи. „Во првата етапа да се ослободи источна Македонија, Повардарието, и областа околу езерата (Охрид и Ресен). Во втората етапа да се ослободат северозападните области на Македонија. Во согласност со овој план за операциите во првата етапа биле издадени конкректни задачи на секој корпус[421]".

Германската команда имала амбициозен план, да формира фронт по повлекувањето од Грција и тој да биде утврден на територијата на Македонија. За таа

[418] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 702: Зборник НОР а, Том IV, док. Бр.114; Други светски рат, книга 6, Београд, 1964, 82-89
[419] Томо Ристовски, Диверзантските дејствиа против германската група армии Е во долината на Вардар, Спис ГИНИ , бр.2 Скопје 1975, стр.78
[420] Петар Пепељуговски. Прилози за воената историја на Македонскиот народ. Стр. 481
[421] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 706

цел да биде постигната во септември како претходница на повлекувањето на македонското боиште биле упатени 11 воздухопловна полска дивизија да го запоседне правецот Солун-Гевгелија-Велес, и 22 гренадирска дивизија да го запоседне правецот, Дојран –Струмица –Штип, и со помош на специјални единици и делови на 297 дивизија кои биле на боиштето да се запоседнат сите битни стратегиски објекти и фортови, за обезбедување на непречен транспорт на железничката линија и на патиштата. Исто така да се обезбедат боковите од евентуални удари на бугарската војска која се очекувало да ја промени страната. Потоа да се извлече целата масивна група армии „Е", по две основни рути, Солун –Скопје-Ниш, и втората Лерин-Битола-Прилеп-Велес-Скопје, потоа преку Качаничката клисура по патиштата трупите да се извлекуваат во правецот Косово кон Краљево. Истовремено се предвидувало да се формира и нов фронт во подунавието и да се спречи навлегувањето на Црвената армија. Но тој план нема да успее бидејки Црвената армија во содејство со единиците на НОВ и ПОЈ веќе напредувале во два правци кон Белград. После спојувањето на нивните сили кај Пожаревац била отсечена моравската долина и прекината комуникацијата од Југ кон Грција. Командантот, Генералот Лер бил приморан да ја промени маршрутата на движењето на единиците од Македонија преку Косово кон Санџак и кон Албанија и Црна Гора.

Забрзаното повлекување на групата армии Е, придонел единиците на НОВ и ПОМ да имаат секојдневни борбени дејствија со цел одолговлекување на истото. Буквално целата територијата на Македонија станала хаотично боиште каде германските сили подпомогнати од своите последни квинслиншки помагатели балистичките формации се повлекувале на север. Во западните делови на Македонија покрај германските сили дејствувале „еден албански полк, и три џандармериски батаљони со јачина од околу 10000 војници и околу 8000 албански балисти вооружени и опремени сосовремено оружје и опрема, раководени од старешини обучени во германски воени „училишта[422]". Македонските сили успеале за релативно краток рок да уништат и минираат бројни мостови, тунели и да исфрлат голем број возови и композиции уништувајки ги пругите.

Македонските сили започнале да дејствуваат на теренот. Во содејство со сојузничката авијација на германските сили од групата армии Е им нанеле значителни загуби. Нападнати се железничката пруга Струга –Кичево која е разурната на шест места, нападнат е и паток и комуникациите на теренот помеѓу струга и Дебар, уништени се железничките мостовите во Мешеишта и Песочан, патни мостови кај село Ботун, во „Дебарца'' и мостовите кај селата Мелничани и Могорче „Дебарско''. Нападите ги извршила 1 македонска НОУ бригада во содејство со локалните одреди и повеќе селани од околните села. Втората НОУ бригада го разурнала тунелот во близината на Богомила отсекувајки го правецот Велес-Прилеп. Исто така уништен е железничкиот мост на истиот правец. Третата НОУ бригада уништила железничка композиција полна со германски војници на правецот Велес-Скопје. Уништени се многу од тунелите по текот

[422] Петар Пепељуговски. Прилози за воената историја на Македонскиот народ. Стр. 484-485; Слободните територии во Македонија1943 година, Скопје, 1975, стр.116-117

на реката Пчиња и Вардар и потоа нападнати се железничките станици на повеќе локации низ Македонија.

Сојузничката авијација исто така дејствувала денски по непријателските конвои. Ги бомбардирала пругите во правец помеѓу Кичево и Струга, мостовите по течението на Вардар и ги напаѓале оклопни моторизирани германски делови на дивизии. Фактички „тоа биле првите македонско – сојузнички операции[423]''.

Операцијата „Ретвик''се одвивала задоволително и ги дала очекуваните резултати. Соработката на копнените сили на НОВ и ПОМ предводени од Генералот Апостолски и сојузничката авијација на теренот го успориле германското повлекување. Германските генерали веќе сосема увиделе дека всушност се борат против регуларна војска, а не како што претходно известувала бугарската армија.„Командантот на Југоистокот, фелдмаршалот Максимилијан фон Вајкс[424] на 21 септември 1944 при реферирањето во Оперативниот штаб во германската врховна команда покрај другото за македонската војска го изјавил следното...''Квалификациите на непријателот како бандити и борбите што се водат против него како војна против бандитите, треба дефинитивно како неправилно да се отфрли. Се работи за многу динамични единици кои се во постојан пораст, а оперативно и тактички добро водени, опремени со тешко оружје и на кои може да им се завидува. Јас се оградувам од грешките да го проценам непријателот, бидејки токму сегашните борби и нивните успеси и мали загуби даваат основа за објективно оценување. Сметам дека не грешам во процената[425]".

Операцијата Ретвик претставува вовед во битките против Групите армии Е. Со завршувањето на операцијата Ретвик завршува првата фаза од повлекувањето на германските сили од Грција. Во наредната фаза германските сили биле повнимателни и упатиле специјални сили во својата претходница да ги заштитат конвоите по пругите и патиштата. Од своја страна единиците на НОВ и ПОМ поучени од стекнатото искуство уште пожестоко ќе се спротиставаат на германските сили во повлекување. Битката влегувала во својата драматична фаза.

И покрај упорноста на германските команданти и војски да ги обезбедат коридорите на повлекување тоа било скоро неизводливо. Така во втората фаза од повлекувањето само за десетина дена, пругите биле оштетени на преку 100 места. Исто талка уништени се шест воза и нападнати три железнички транспорти, повеќе тунели, три железнички станици итн. За овие неочекувани случувања по непријателот дејствувала Македонската војска под команда на ГШ односно под директната команда на ГШ на НОВ и ПОМ и командантот генералот Апостолски. Македонската војска била

---

[423] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 703

[424] Барон Максимилијан Марија Јозеф Карл Габријел Ламорал фон Вајхс цу Глон (гер. Maximilian Maria Joseph Karl Gabriel Lamoral Reichsfreiherr von Weichs zu Glon; Десау, 12 ноември 1881 — Борнхајм, 27 септември 1954) Германски Генерал-Фелдмаршал. Во Втората светска војна е германски командат на Југоистокот, односно на окупираниот Балкан, и задолжен за водење на германските трупи во борба против Југословенските, грчките и албанските партизани.

[425] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 703, Томо Ристовски, Диверзантските дејствиа против германската група армии Е во долината на Вардар, Сп. ГИНИ , бр. 2 Скопје 1975 срт. 96-97

распоредена во правците; 41 дивизија била распоредена по долината на реката Вардар во правец Гевгелија –Градско-Плетвар-Бабуна, 42. дивизија, Велес-Зелениково-Водно-сува Планина, 48 дивизија, западна Македонија, 49 дивизијабила распоредена во реонот на Прилеп-Битола-Ресен, 50и новоформираната 51 дивизија во Источна Македонија, На просторот на Куманово-Крива Паланка дејствувала Кумановска дивизија.

ГШ на НОВ и ПОМ предводен од генералот Михајло Апостолски, Македонската војска распоредена во бројни дивизии и помошни единици тактички мудро ја распоределе на територијата на целата „Вардарска Македонија, и поради жилавиот отпор успеале да наметнат контунуирани борби на теренот.

Поради новонастанатата ситуација германската команда реагирала панично и наредила итно започнување на завршната фаза на повлекувањето на сите единици на ГАЕ од Грција кон Македонија.„На 4 октомври 1944 година Хитлер наредил безусловно повлекување на сите германски единици од Грција и од Јужна Македонија и запоседнување на Фронт на линијата: Скадар-Велес-Осоговски Планини-Клисура-(Србија)-Бела Паланка-(т.н-Плава линија) [426] ''. Со овој чин се предвидувало со таканаречениот фронт на „сината линија''да се обезбеди повлекувањето и отстапувањето на Групата армии „Е''која поради својата бројност и екипираност можела битно да ја измени геостратегиската состојба пред се на источниот фронт.

И покрај замислата за поставувањето на фронт односно (т.н. Сина Линија) ГШ на НОВ и ПОМ будно ја следел состојбата на теренот. Офанзивните акциите не престанале, и со тоа овој фронт не заживеал не успеал долготрајно да се одржи. Во секојдневните хаотични борби преку ден германските инжењерски единици се обидувале да ги поправат оштетените пруги и крстосници како и телекомуникациски објекти додека во ноќни услови истите повторно претставувале мета на напади.

Извлекувањето на трупите на ГАЕ се одолжило и развлечкало се до 1 ноември 1944 година, иако било планирано за порано. Командантот Максимилијан фон Вајкс лично наредил после повлекувањето германските сили позади себе да остават„пустош''постапувајки слично како на останатите фронтови. Германските сили на крајот на повлекувањето зад себе оставиле вистинска пустош уништувајкиголем број објекти и комуникации. Пругата на релација Солун-Скопје ја уништиле со специјален оклопен воз, кој имал специјален плуг за уништување.

## 2.31. Воените операции за ослободување водени во Источна Македонија

По битките во малешевијата и Пијанечко која успешно ги спровела германската борбена група „Брунс''на линијата Струмица-Берово –Пехчево-Делчево, таа тактички се повлекла и останала неангажирана се до 6 ноември кога навлегла во Струмица. Во тој период извлекувањето на ГАЕ било завршено. Следувало нејзиното повлекување под притисок на 50 и 51 дивизија на ПОЈ како и бугарските ангажирани сили кои

[426] Извод од воениот дневник на Командата на Групата на Армии »Е« за 3 октомври 1944: Снимка (Пишувана на машина ) AVII, NAV-T-311, r. 185, s. 658—800, Томо Ристовски, Диверзантските дејствиа против германската група армии Е во долината на Вардар, Сп. ГИНИ , бр. 2 Скопје 1975, стр. 92

содејствувале по договорот со македонската војска предводена од ГШ на НОВ и ПОМ. 14 Македонска бригада дејствувала во делот помеѓу Кочани и Штип . 13 македонска бригада делувала во правец на Делчево во содејство со бугарските ангажирани сили ги нападнала германските сили  кај селото Бигла. Во источна Македонија борбите добиле на интензитет. Според општиот офанзивен план на ГШ единиците на НОВ и ПОМ требало да дејствуваат според следните насоки: На брегалничко-струмичкиот простор единиците на Брегалничко –Струмичкиот корпус: 50 и 51 дивизија во содејство со 5 и 7 бугарска дивизија да ги разбијат непријателските сили и да го ослободат целиот простор. Потоа 50 дивизија да продолжи да напредува и содејствува со други единици на НОВ и ПОМ во правец кон Велес и Скопје. 51 дивизија да делува во содејствие со 7 бугарска дивизија и да го ослободат просторот помеѓу Струмица-Валандово се до Гевгелија и да ја блокираат границата кон Грција за заостанатите германски сили да неможат да се извлечат. Амбициозниот план на ГШ бил во целост исполнет за релативно краток временски период. За цело време на борбените дејствија на просторот на теренот бил присутен командантот, генералот Апостолски со дел од ГШ и дел од военополитичкото раководство. Идејата за распламсување на борбите во Источна Македонија во периодот на бугарската капитулација и нивното вклучување во антихитлеровската коалиција едноставно го наметнале неговото присуство на теренот. Со тоа неговата популарност пораснала во големи размери, станал икона кај борците но и помеѓу народот каде бил омилен и препознатлив. „Од тука преку Радовишко поле стигнавме во село Дедино. Тоа село е препознатливо уште од порано. За време на револуционерното движење од илинденскиот период, во него имало работилница за изработка на оружје, на бомби. Кога пристигнавме во селото не пречекаа со голема радост. Просто на разграбаа да не однесат по куќите, да не нахранат и да се одмориме. Изутрината кога станавме, се построивме излезе целото село да не испрати....Дојде една група на луѓе пред мене и ми рече: „ Не сакаме да си одите ако не ни кажете барем неколку збора’’. Бев принуден да одржам краток говор. Притоа ја изнесов состојбата во која се наоѓавме нагласувајки дека секој час треба да дојде до конечно ослободување на Македонија[427]’’.

Како што го пречекувале командантот Апостолски по селата и градовите низ Македонија така го пречекувале и борците и ја изразувале својата оданост и непоколебливост пред својот генерал. Тие ја искажувале и својата среќа што тој ги води. Такви примери имало многу но имаи карактеристични како примерот кога генералот Апостолски со својата придружба се движел од источна Македонија кон Горно Врановци каде требало конечно да се врати во штабот минувајки го Вардар, „Кога ние пристигнавме на левиот брег, тие веднаш дадоа знак дека се тука. Потоа со чамецот дојдоа по нас. Тука се договоривме како да го минеме Вардар. Беше мошне карактеристично кога ме пренесуваа мене,банета и уште два троица партизани во чамецот. Јас од чамецот неможев да скокнам на брегот, на суво, па требаше да газам во водата. Партизаните скокнаа во водата, ме грабнаа и в раце ме пренесоа на суво. Тоа беше израз на големата љубов на тие партизани кон мене, кон нивниот командант[428]’’.

[427] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 253
[428] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 255.

Единиците на НОВ и ПОМ пополека го принудувале непријателот да отстапува. Така единиците од борбената група „Брунс"пополека отстапувале кон Кочани. Делови од тие единици ја преминале Брегалница и ја зазеле Виница и Јакимово со цел да го штитат Кочани и кочанско поле. Меѓутоа 13 и 14 македонска бригада ги принудуваат да отстапат. Германските сили ја организирале одбраната на Кочани и ја зацврстиле одбраната на Штип. Подоцна се формирал заеднички фронт помеѓу двата града бидејки така борбената група брунс можела полесно да го владее теренот и да се утврди. „ На 21 октомври 14 Македонска бригада со единиците на месната команда на Кочани извршиле напад врз монополот и железничката станица. Во нападот учествувало и месното население[429]". Кочани е ослободено на 22 октомври 1944 година. Германските сили се повлекле кон Штип, кон градот каде е роден и живеел генералот Апостолски. Ослободувањето на Штип дошло по крвави борби на 50 дивизија. Претходно борбите против германската борбена група Брунс се воделе по селата и на теренот со секојдневни напади и противнапади, за конечно да се створат услови за настапување. Повторно 50 и 51 дивизија по заедничките подготовки ја принудиле германската команда едноставно да отстапи од Штип без борба. Претходно се разбиени два силни обида за деблокирање на градот од правец на Радовиш и Струмица но тие германски единици претрпеле сериозни загуби и се повлекле. На 7 и 8 ноември борбената група Брунс сеуште компактна и доволно силна се повлекла од Штип. На 8 ноември 50 дивизија го ослободува градот и продолжува да го гони непријателот кон Велес и Скопје.

„По ослободувањето на Штип 50 дивизија истиот ден се упати кон Велес и Свети Николе за реализирање на планот на ГШ за конечно ослободување на Македонија"[430]. За истото сведочи документот бр. 6449- односно извештај на штабот на Корпусот, испратен до Главниот Штаб во кој се вели[431].

За Струмица пак се воделе борби помеѓу 51 (Струмичка) дивизија и германската борбена група „Катнер". Борбите траеле со месеци се додека не се створиле услови бригадите во содејство со БНА да се доближат до градот. Раководството на 51 дивизија одлучило градов веднаш да не се напаѓа туку да се напаѓаат германските сили кои биле испратени во правец на Радовиш и Штип. Во еден таков напад уништена е една оклопна германска колона која требала да помогне за одбраната на Штип. На 5 ноември 20 брида на 51 дивизија извршила ненадеен напад на Радовиш при што градот е ослободен по жестоки борби при што се зароибени 140 германски војници големо количество воена опрема. Истиот ден почнало повлекувањето на германските сили и од Сттрумица. На 5 ноември 21 македонска артилериска бригада влегла во градот.„Со артилериската

[429] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 7.

[430] Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 2–Матица Македонска, Скопје- 2001 година, стр.352

[431] АМ, до бр. 6449, извештај на Штабот на корпусот до Главниот штаб од 9.XI.1944 год. "Денес 8. Ом. 50 дивизија , која во последните неколку дена водеше жестоки борби на положаите околу Штип со германските сили кои се повлекуваат од Струмица кон Штип влезе во градот.....дивизијата доби задача со главнината без ниеден момент задржување да продолжи кон Велес, а со една бригада кон Свети Николево кој правец отстапи извесен дел на германските сили". Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книга 2–Матица Македонска, Скопје- 2001 година, стр.352

македонска бригада дејствувал и еден новоформиран македонски батаљонсоставен од Македонци насилно мобилизирани во бугарската царска армија[432]".

По ослободувањето на Струмица 51 дивизија добила наредба итно да замине за Валандово, Дојран и Гевгелија, со задача да ја затвори Југословенско-грчката граница и да не дозволи на единиците на Велика Британија да ја минуваат границата без одобрување на ГШ на Македонија.[433] Околу оваа состојба на теренот својот став го искажал командантот на НОВ и ПОМ генералот Михајло Апостолски. Тој веќе бил пристигнат во Штабот во Горно Врановци од источна Македонија и раководел со борбата од базата. Тој децидно ќе истакне. „ За мене беше особено значајно кога шефот на Англиската воена мисија , мислам дека беше Милер, дојде кај мене и ми соопшти дека англо-американските војски се приближиле до нашата јужна границаи дека бараат да им дозволиме да ја преминат границата. Без многу размислување му реков да им заблагодари за подготвеноста да ни помогнат, но нам помош веќе не ни е потребна.[434]Преостанувало ослободувањето на поголемите градови во Пелагонија, настапувањето кон Југозападна Македонија и ослободувањето на Скопје како круна на завршните операции за ослободување на Македонија.

## 2.32. Борбите во Пелагонија, Југозападна Македонија и ослободувањето на поголемите градови (Битола, Прилеп, Охрид)

Главнот Штаб на НОВ и ПОМ му наредува на 15 корпус да со главните сили со 2 дивизии 41 и 49 дивизија да дејствува енергично кон Пелагонија на просторот помеѓу Битола –Прилеп –Кавадарци, со задача да се пресечат комуникациите помеѓу градовите во правец Прилеп- Градско-Велес како и да се дејствува кон непријателските сили кои се затекнале или сеуште не се повлечени во правец Лерин-Битола, потоа Битоал-Ресен-Охрид-Струга. Значи се работело за една прилично комплексна операција која запоседнувала и голема територија со патни и железнички чворишта кои сеуште ги контролирал непријателот. Сепак во тоа време непријателските сили биле во состојба на повлекување од Македонија по коридорите што допринело за нивната ранливост. Тоа го знаел командантот Апостолски и затоа енергично делувал на командантите. „Распоредот и организацијата на германските сили за одбрана на Прилеп биле предмет за сериозна анализа и проценка, по што штабот на 15 корпус на НОВЈ донел одлука'' за напад на градот. Нападот требало да го извршат 41 и 49 дивизија, со вкупно 5 бригади и помошни и месни единици. Планот за напад на градот Прилеп бил амбициозен и предвидувал напад од три правци со што во вид на потковица непријателот требало да опфатен во огнен обрач и подоцна да биде лесно разбиен на помали групи. Освен амбициозниот план резервните единици требало да ги блокираат правците кон Битола и

---

[432] Пролетната Офанзива во Македонија и Поморавието, Михаило Апостолски – издадена во Скопје 1973 година од НИК Наша книга-стр.147-150
[433] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 720;
Зборник, Докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, книга 4, Борбе у Македонији, Војноисториски институт Југословенске Народне Армија, Београд 1952,док,бр,140
[434] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 260

Градско. Нападот го изготвил и со него раководел штабот на 15 корпус. „ На 29 октомври 1944 година македонските бригади едновремено тргнале во напад[435]"Се воделе крвави борби на повеќе локации околу градот,кај маркови кули, кај месноста Варош, кај Тутунскиот институт. Кај преминот Плетвар македонската 11 македонска бригада ја уништила одбранбената посада. Од друга страна 10 македонска бригада ги одбила нападите кај Слата Тополчани и Заагоричани и го спречила германскиот налет за деблокирање на Прилеп од страна на Битола. Потоа започнале улични борби, според сведоците буквално за секое сокаче секоја улица. Германските сили во градот биле бројни и самите извршиле бројни противнапади. Хаотичните борби продолжиле на 30 и 31 октомври. Нови германски свежи сили подржани од тенковски оклопни единици се пробиле до Прилеп од страна на Лерин-Битола отфрлајќи ги 11 и 7 бригада .

По статускво ситуацијата бригадите на15 корпус повторно ги обновиле нападите. Овој пат ги отфрлиле и оклопните сили на борбената група „Штоерер''приморувајќи ги да отстапат кон Битола. Градот е заземен по голема упорна борба, и со големи жртви на обете страни на 2 ноември 1944 година. Градот херој е ослободен од Македонската војска на НОВ и ПОМ предводена од ГШ и својот командант Михајло Апостолски, градот каде официјално започнало востанието против фашистичките поробители е освоен после 3 години окупација. Околу борбите за Прилеп има уште еден интересен момент вреден за споменување а тоа е конечно некаквото успешно содејство на бугарските сили со Македонската војска. Имено во операциите за ослободувањето на Прилеп учествувале и единици кои претходно го држеле градот под бугарска окупација. Тоа била единицата на полковнокот Младенов кој бил командант на артилерискиот полк. Тој успеал под своја команда да ги стави батаљонот од битолскиот полк и артилериска чета стационирани во Прилеп. Сите овие единици под негова команда по бугарската капитулација учествувале во битката кај Плетвар за ослободување за Прилеп на страната на единиците мна НОВ и ПОМ и според генералот Апостолски тие претставувале „единствена светла фигура меѓу бугарските окупаторски единици...Меѓутоа ненавикнати да се борат и дење и ноќе, и да гладуваат, тие почнаа да се распаѓаат. И за да не се распаднат сосема, началникот на штабот Павле Илиќ во договор со Младенов, ги разоружа и со еден придружен батаљон ги испрати во Берово, кадешто ги пречекав јас. Во кусиот говор им реков дека со ова успеале донекаде да го измијат образот на бугарскиот народ а потоа ги испративме за Бугарија....Испратив и писмо во кое барав на Младенов да му се оддаде посебно признание[436]".

Веќе на 3 ноември во Прилеп пристигнала делегацијата на военополитичкото раководство. Тогаш и за Битола веќе се воделе борби за била ослободување така ГШ на НОВ и ПОМ, военополитичкото раководство заедно со Претседателот на Президиумот на АСНОМ Методија Андонов Ченто се упатиле кон Прилеп. Во градот биле воодушевено пречекани од народот. Одржале голем митинг и говореле повеќе истакнати личности од раководството. Апостолски одржал вдахновен говор. Дел од штабот се задржал во Прилеп а Апостолски поитал на терен бидејќи имало новини.

[435] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 721
[436] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 23.

На 3 ноември 1944 година Седмата и Деветтата бригада воделе борби со германските сили кои биле уште ве во месец октомври вкопани и стационирани во близината на селото Могила. Истиот ден Врховниот штаб ја испратил следната телеграма до Главниот штаб на Македонија: „Потребно е да развиете максимална активност. особено е важно да ги ослободите што побрзо градовите и граничниот појас кон Грција. Да бидат држени сите градови, премини и сообраќајници на границата кон Грција. Да не бидат пуштени ничии групи на наша територија без наше одобрение. Многу е важно да бидат заземенни што побрзо градовите Гевгелија, Дојран и Битола. Тито[437]“ Генералот Апостолски реагирал со наредби согласно телеграмата на Врховниот командант Јосип Броз Тито. Борците на 49 дивизија ги засилила своите акции. Така борбата кај Могила продолжила и на 4 ноември по што германските сили се разбиени и се повлекле во правец на Лерин. Конечно во предпладневните часови на 4 ноември 1944 година единиците на Седмата бригада на НОВ и ПОМ на чело со командантот Пецо Гудовски одушевено пречекани од населението конечно влегле во Битола.

[437] Телеграма на Врховниот Штаб, лично од Тито испратена до ГШ на НОВ и ПОМ на 3 ноември 1944



**Говор на Генералот и командант на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски на митингот во ослободениот Прилеп на 3 Ноември 1944 година**




**7 Македонска Ударна Бригада маршира по битолските улици**

По ослободувањето на Прилеп и Битола македонската војска продолжила да ги гони германските сили. 49 дивизија истиот ден го нападнала и ослободила и Ресен, и во содејство со 48 дивизија се спремала за одлучувачки напад на Охрид каде биле сконцентрирани голем број германски единици. На 7 ноември во раните утрински саати започнала борбата за Охрид. Битката се развивала кон повеќе правци. Германскиот гарнизон бил засилен со оклопни и тенковски единици, После дводневна тешка и крвава битка во која имало многу настрадани на обете страни, зашто сведочи извештајот на НОВ и ПОМ до ВШ на НОВЈ „Германските тенкови прегазиле 10 македонски борци а македонската војска заробила 50 а убила 500 германски војници[438]''. На 9 ноември Македонската војска ја ослободила и Струга а германските сили се повлекле кон преминот Ќафа Сан и се засолниле на албанската територија.

После ваквиот расплет на военополитичката состојба Македонската војска докажала дека е способна да води многу покомплексни воени операции и во градски средини. Таа самостојно ослободила многу градови и голема територија на Југозападниот дел на Македонија вклучително и пелагониската низина. Ослободени се поголеми градски центри, Прилеп, Битола, Охрид и други. Искуството стекнато во уличните борби било драгоцено исто како и искуството за водење битка против силни оклопни сили подржани од (Тенковски единици). Македонскиот народ масовно се приклучувал во борбата. Сега сите правци воделе кон Скопје, но најпрво требало да се освои Велес.

## 2.33. Скопска ослободителна операција

Нападот на Велес всушност претставува вовед во Скопската операција. За тоа обете страни воделе сметка, и ја спремиле својата војска за претстојнитеите случувања.

[438] Телеграма на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ испратена до ВШ на 8 ноември 1944 година; Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 722-723; Истото стр.168

Во Велес веќе биле прибрани сите единици кои се повлекувале после борбите за Прилеп и Градско како и силите кои го бранеле Штип. Така да во градот биле присутни голем број на војници на групатата армии „Е''. Велес како последно военотактичко чвориште овозможувал поради бројните фортификации, бункери, мостови, премини, железница и бројни патишта од повеќе насоки давал надеж дека може да се задржат единиците на НОВ и ПО на Македонија.

Главниот Штаб претстојувал во Горно Врановци во близина на Велес оддалечен само 20 км.западно од градот. Тоа на извесн начин им давала предноост на единиците на НОВ и ПОМ предводени од генералот Апостолски. Мегутоа командантот тие денови бил во Пелагониско и во Охрид каде се одржувале митинзи поради ослободувањето, гледал и тој да биде присутен меѓу народот и обично.

Според анализата на главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија за ослободување на Велес биле ангажирани делови од 41, потоа 42 и 50 дивизија на НОВЈ дополнително и „Артилериската школа на ГШ[439]''.

Нападот за Велес започнал на 7 кон 8 ноември во раните утрински саати, додека сеуште се воделе тешки борби во Охрид. Непријателските сили не успеале да ја одржат надворешната линија на одбрана на градот, Грохот-Брис-Голик. Во текот на утринските часови македонските сили влегле во градот. Борбите биле жестоки и до вечерта западниот дел на градот од десната страна на реката Вардар бил ослободен. „На 8 и 9 ноември на германските единици во Велес им се приклучиле единиците што пристигнале и се повлекле од Штип, кои веднаш биле вклучени во борбите. Истиот ден и една македонска бригада од реонот на Градско се приклучила на борбите. Тоа говори за каков метеж и колку хаотична била битката, со напади и контранапади и засилувања на обете страни. Битката за Велес со променливи успеси беснеела до вечерните сати на 9 ноември. При повлекувањето од градот Германците ги урнале сите мостови на реката Вардар со цел безбедно да се повлечат кон Скопје, да не бидат гонети од борците на НОВ и ПОМ.„Меѓутоа македонските единици со прирачни средства брзо ја совладале таа природна пречка, па го продолжиле гонењето на германските сили кон Скопје[440]''.

„Додека бевме во Охрид добив радиограм дека нашата 42 дивизија ја разбила надворешната одбрана на Германците пред Скопје, влегла во него и веќе води борба. На патот кон Скопје , Павле остана во прилеп, а јас и Борко Темелковски – Љиљакот[441] и некои други другари продолживме за Скопје. Кога дојдовме во Велес, видовме дека мостовите на Вардар беа урнати. Меѓутоа велешани беа направиле неколку мали

---

[439] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 722

[440] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 724; Зборник, Докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, книга 4, Борбе у Македонији, Војноисториски институт Југословенске Народне Армија, Београд 1952, Извештај 16 корпус од 9-XI 1944, К-4, Док. бр.143

[441] Борко Темелкоски - Лилјакот (Прилеп 20 декември 1919 год- Скопје 21 ноември 2001год) комунист, учесник во НОБ, бил планиран да биде член на ЦК на КПМ во Тетово, член и делегат на Првото заседание на АСНОМ, повоено политичар, вршел високи државни и партиски функции, член на ЦК на КПМ и на ЦК на КПЈ, Народен херој на Југославија од Македонија; „Македонска енциклопедија“, МАНУ, Скопје, 2009, стр. 1473-1474

сплавови од буриња и со еден таков сплав јас и Борко Темелковски со уште 2 курира преминавме од другата страна на Вардар[442]".

Во општиот план на НОВ и ПОМ предводени од командантот, генералот Апостолски „во основни линии беше предвидено кои единици да се управат кон Скопје. При крајот на октомври 1944 година борбите во цела Македонија се одвиваа успешно (со исклучение на западна) како што се понапред изнесени...Податоците прибрани од заробениците, и најдените документи, како и фактот на повторното ослободување и дефинитивното задржување на Прилеп, Струмица, и други градови јасно говореа дека главнината на германските сили, и покрај жестоките борби, сепак беше минала низ Македонија, иако со значителни загуби.[443]"

„Единиците на НОВ и ПОЈ на Македонија успешно ја извршуваат поставената задача од страна на Врховниот штаб. Групата армии „Е", по признанието на нејзиниот командант генерал Лер, скоро 12 дена е задржана на македонското боиште, што претставува значаен придонес на НОВ и ПОЈ за Македонија во рамки на НОВ и ПОЈ на Југославија во ослободувањето на земјата[444]".

Според наведеното од командантот Апостолски, но и според нашите воени историчари и аналитичари, како и многу други светски воени историчари, а вклучително може да се изведат заклучоци и од дневникот на командата на групата армии„Е", таа само делумно успеала да го изврши успешно повлекувањето, и неуспеала да го завладее теренот на Македонија како што планирала, за што индиректно признание има и од највисоките офицери на армијата, командантот генералот Лер и командантот на Југоистокот Фелдмаршалот на гермаската армија Максимилијан фон Вајс.

Треба да се констатира, дека голем дел од единиците на германската групата армија „Е" се извлекол од македонското боиште, но по голема цена во човечка сила и военоматеријални орудија. Исто така голем дел од трупите морал да се пробива кон Албанија, бидејки пелагонија и преспанско охридскиот регион, како и целата централна и источна Македонија биле под контрола на единиците на ГШ на НОВ и ПОМ предводени од генералот Апостолски. Сепак за скопската операција, биле издвоени бројни сили со што се сакало да единиците на групата армии „Е", останат споени со балистичките сили во западна Македонија кои биле многубројни, и единствениот верен преостанат сојузник како и со единиците кои се бореле за контрола на „качаничката клисура".

Скопје било брането од германската 22 пешадиска дивизија и од 11 воздухопловна полска дивизија како и пропратни групи. Во Качаничката Клисура била

442 Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 263
443 Михајло Апостолски, Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година, стр.153
444 Петар Пепељуговски. Прилози за воената историја на Македонскиот народ. Стр. 505;

сместена „крепосната бригада „Ангемилер”. Во борбите зедоа учество: Германската пешадија, артилерија, инжинерија и малку тенкови[445]”.

За поуспешно бранење на градот биле употребени и укрепостувања на делови на градот „полска фортификација” потоа многу заседи и бункерски гнезда, мински полиња итн. Поголемиот дел на германските сили биле распоредени на десниот брег на реката Вардар односно на јужниот дел од градот. Помалиот дел на германските сили бил распореден на левата страна на реката Вардар. Во индустрискиот дел од градот исто така била воспоставена фортификациска одбрана, а во касарните биле распоредени артилериските батерии. Сите објекти што ги запоседнале германските сили, биле организирани за кружна прстенеста одбрана, а пристапите и раскрсниците биле минирани. Така се очекувало полесно со помош на артилеријата да можат единиците меѓусебно да си помагаат во услови на градски борби. Освен внатрешна германските сили формирале и надворешна одбрана на градот на линијата Лисиче –Кисела Вода-Карлијак каде биле вкопани силни германски единици. Освен надворешната одбрана битно е да се знае дека сите битни објекти и мостовите на Вардар биле минирани. Германските искуства на сите фронтови кога нивната војска се повлекувала не го поштедело ни Скопјхе од нивните брутално разурнувачки тактики. Но сето тоа веќе било искусено кога се повлекувала главнината на германската армија група „Е”. Затоа и покрај сите подготовки тоа ќе се покаже како недоволно ефикасно во борбата против единиците предводени од командантот, генералот Апостолски.

Со скопската операција, фактички се разбивала идејата за цврста т.н. фронтална „сина линија” која била замислена од германските стратези и фирерот и требало да почнува, од Скадар преку Гостивар до Велес и да продолжи кон осоговските планини и потоа низ територијата на Србија до градот Бела Паланка каде требало да се воспостави врска со армиската група „Фелбер”. Се на се тоа бил замислен како прилично долг фронт, што требало да го пресече балканот, од Албанија преку Македонија се до Србија каде требало да заврши и да се спои со германскиот фронт кон Црвената Армија. Во меѓувреме по отсекувањето на Белград и по спојувањето на Југословенските и советските војски кај Велика Плана, наместо Белград, Скопје останал најбитниот центар за собирање на германските сили од армиската група „Е”, тие од Скопје по долината на Ибар и Косово поле се извлекувале кон Сараево. „На командантот на германските сили во Македонија генералот Шојерлен, му било наредено да го засили обезбедувањето на Скопје и на комуникациите[446]”…

[445] Михајло Апостолски, Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година, стр.158-159
[446] Боро Митровски, Борбите за ослободување на Скопје, Зборник на научниот симпозиум, „Скопје во НОВ 1943-1945 година, Скопје, 1981. Стр. 205




За конечното ослободување на Скопје како главен германски „центар" како најголема крстосница, како командно место на германската армија за Македонија, Скопје требало да остане под германска контрола до целосното повлекување на германските сили". Поради тоа ГШ на НОВ и ПОМ и Военополитичкото раководство биле заземени со целата своја сила да се ангажираат за ослободување на градот.

Ангажирани сили за ослободување на градот биле следните дивизии и единици: 41, 42, 50 НО дивизија, делови од „кумановската дивизија, поточно 16 бригада, потоа придружните единици, командата на скопското подрачје била целосна ангажирана и други патриотски и младински групи што делувале во внатрешноста на градот. Вака подготвени, се добивала бројка од околу 2 целосни дивизии за почетниот нападот на градот додека германските сили броеле околу 1 дивизија. Како битката ќе навлегува во својата втора завршна фаза се повеќе единици се доближувале и го опколувале градот.

Планот за напад на градот бил следниот.„42 НО дивизија со две бригади (III I VIII Македонска ударна бригада) да напаѓаод југ преку Карлијак, со задача по заземање на надворешниот дел на Скопје, со главните сили да се пробие до мостовите на реката Вардар, и по секоја цена да му оневозможи на непријателот да ги урне....50 НО Дивизија и VIII бригада од 42 НО дивизија да настапуваат по левиот брег по долината на Вардар, со задача да нападнат од источната страна на Скопје, потоа во содејство на XVI Македонска ударна бригада да го заземат северниот дел на градот и со тоа да го затворат обрачот околу Скопје, а потоа со дел од силите да и содејствува на 42 НО дивизија при превземањето на мостовите на Вардар ... XVI бригада од Кумановската дивизија, која дотогаш дејствуваше на комуникацијата Скопје-Качаник, доби задача од Скопска Црна

Гора да нападне на северниот дел од градот...да ги заземе касарните,...со тоа да овозможи потполно опколување на германскиот гарнизон во Скопје[447]".

Овој амбициозен план ги дал резултатите кои ќе станат видливи уште на првиот ден од битката. Битката за Скопје започнала на 11 ноември 1944 година кога единиците на 42 НО дивизија во два правци подржана од 3 македонска бригада ги нападнала надворешните одбранбени позиции на непријателот во правец од Сопиште-Кисела вода. После силни налети единиците на НОВ и ПОМ успеале до вечерта да ги совладаат германските одбрамбени позиции на линијата се од селата Лисиче преку Сопиште до Кисела Вода и Бел Камен. Истовремено 50 НО дивизија ги разбила германските сили кај Катланово и го оспособила и тој правец за напредување кон Петровец каде до вечерта се спремила за борбите наредниот ден. Така по почетните успеси со уште поголем елан единиците на НОВ и ПОМ предводени од командантот генералот Апостолски ја продолжиле битката за ослободување на Скопје. Битката продолжила се до 13 Ноември.

На 12 ноември битката се пренесува низ улиците на Скопје, 42 дивизија се борела во јужните делови на градот. Третата македонска бригада се пробила од правец на кисела вода се до денешното собрание во центарот на градот. Германските сили отстапувале од сите правци кон утвдените објекти. На 12 ноември се водат борби кај Железничката станица, учителската школа, поштата. Истовремено се воделе борби за мостовите каде германците жилаво се бореле да ги сопрат македонските борци и во крајна нужда да ги дигнат мостовите во воздух. Истовремено борцците на македонските бригади на НО дивизиите се обидувале да ги освојат и да не дозволат германските сили да ги дигнат мостовите во воздух.

„Во текот на ноќта помеѓу 12. и 13. Ноември се развија жестоки борби; одделни згради како Народна банка, Поштата и други, по неколку пати преминуваа од раце во раце. Во тие борби голема улога изиграа ударните групи од градот...се појавија и со самопрегорен елан нападнаа на германците в грб, и в бокови, се поврзаа со нашите единици и вршеа улога на незаменливи водачи, оти точно го познаваа не само градот, туку и организацијата на германската одбрана, та со тоа им укажуваа огромна услуга на нашите единици[448]".

XVI бригада од Кумановската дивизија успешно помогнала во операциите со тоа што се провила по падините на Скопска Црна Гора разбивајки ги балистичките формации кои им се испречиле на патот. Балистичките сили биле единствениот сојузник на германските сили распоредени околу градот на просторот помеѓу Скопје и Куманово. „Иако балистичките водачи немаа никакви перспективи во овие борби, тие секако под влијание на најцрната реакција од иностранство, настојуваа да се одржат во Западна Македонија, па дури намеруваа да го одржат и Скопје. Со таа цел околу 2000 балисти се

---

[447] Михајло Апостолски, Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година, стр.160-161

[448] Михајло Апостолски, Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година, стр.164

спуштија од Скопска Црна Гора во Скопје пред самата битка[449]". За сериозноста на состојбата и присуството на дополнителни балистички сили ГШ бил веднаш информирам, со радиограмата испратена на 12 Ноември во екот на борбите околу градот.„Радиограма 12 ноември 1944: „ Во Скопје последните дни се забележени околу 2000 Албанци ....Стремеж на Албанците е да ги завладеат Скопје и Куманово и нивната околина[450]". Ова реално бил преамбициозен план ,и како битката поминува од фаза во фаза така и губитоците на балистичките формации ќе се зголемуваат и тие ќе бидат приморани на отстапувањепред налетите на македонските НО единици. Исто така 50 НО дивизија успеала да се наметне во индустрискиот дел на градот и по долги упорни борби успеала да го контролира подрачјето на „Гази Баба" и да ги принуди германските сили на отстапување.

Борбите продолжиле и на 13 Ноември 1944 година, но германската команда согледувајки ја состојбата на теренот како тешка, одлучува дел од единиците да ги повлече кон Качаник. За извлекување на германските сили од севниот, североисточниот, и западниот дел од градот биле употребени оклопни тенковски единици, но тие не се пробиле до центарот на градот каде останале забарикадирани голем број германски војници. Така само дел од германските единици се извлекол. Останатите биле опколени од бригадите на НОВ и ПОМ кои се бореле во градот. Најдолг отпор пружиле германските забарикадирани единици во Учителската Шкала и во Поштата. Борбите траеле до длабоко во ноќта на 13 ноември кога последните забарикадирани трупи капитулираат. Борбите за чистење на градотв траеле и во текот 14 ноември. Борбите околу скопје продолжувале бидејки германска инжењерска единица со помош на многу силни балистички сили се обидувале да ја разурнат браната на Матка. Тука се водела една нерамна борба во која батаљон од XII бригада се спротиставил на мноиљадна балистичка формација и во целодневна борба додека не пристигнала помошта од правец на Скопје кога германските сили биле уништени се држел и на балистите им нанел големи загуби. На 14 ноември Скопје било слободно, но, продолжило гонењето на непријателот во правец кон Групчин односно Тетово. Истовремено е спречено непријателското продирање од западна и северозападната страна околу градот. Непријателот бил отфрлен, иако имало реални шанси со непријателските противудари да повратат дел од градот.

„Битката за Скопје претставува една многу сложена операција, како во смисла за прибирање на силите така и во смисла на самиот начин за спроведување на нападот[451]".

Битката за Скопје мора да се гледа како многу сложена воена операција бидејки: По замислата на ГШ на НОВ и ПОМ и секако на Михајло Апостолски, 42 и 50 НО дивизија, после долгиот и со секојдневни борби исполнет марш, меѓусебно разделени на

[449] Михајло Апостолски, Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година, стр.171
[450] Телеграма на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ испратена до ВШ на 8 ноември 1944 годинач, Михајло Апостолски, Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година, стр.171
[451] Михајло Апостолски, Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година, стр.166

простор од околу 100 км, се втурнувааат кон Скопје од два правци, и успеваат да го изненадат непријателот. Дивизиите фактички првите контакти ги имаат во битките сто ќе беснеат во самиот град. Претходно обете НО македонски дивизии одвоени од два правци сами си го пробивале патот. Подржани и од XVI бригада која настапувала од северозапад разбивајки ја веднаш надворешната одбрана од страна на Скопска Црна Гора каде ги разбила балистичките посади кои имале свои планови за одбрана на Скопје, и со тоа да им помогнат на германските сојузници. Во битката што ќе беснее 3 дена, македонските дивизии и нивните бригади фактички ќе ги опколат германските единици и ќе ги принудат на повлекување кон утврдените објекти во центарот на градот. Фактички 42 НО дивизија напаѓајки кон јужниот дел од градот кон себе ги привлекла поголемиот број од германските одбрамбени сили кои биле солидно утврдени. Во ноќта на 11 кон 12 ноември германските сили се сконцентрираат во обид да ја спречат и одбијат 42 НО дивизија. Тоа била нивната стратегиска грешка бидејки со тоа, се отвара простор за ненадејно пробивање на 50 НО дивизија која напаѓала во правец на источниот дел на градот. 50 НО дивизија наполно го изненадила противникот, и фактички тука била одлучена стратегиската предност за продолжувањето на битката. Така Скопје, со неприкидна борба во марш, на специфичен начин ретко виден во војните, онака како генералот и командант михајло Апостолски ги обучил македонските борбени сили, македонската војска во претходните победоносни потфати, е опколено од три страни во форма на челична потковица. Обидите за контранапади од надворешните делови на градот кон центарот и во индустрискиот дел на градот на непријателот пропаднале. Балистичките формации исто така биле целосно разбиени. Единствен стратегиски каков таков успех на германските борбени сили во битката за Скопје претставувал нападот со оклопни тенковските сили, по што успеало извлекувањето на дел од нивните единици од градот, повлекувајки се кон Качаничката клисура. Повторните контранапади на просторот од Скопска Црна Гора и посебно кај Матка изведени од засилени балистичките сили пропаднале. Дополнително македонските ослободителни сили успеале да спасат и голем број на објекти и мостови во градот кои биле минирани. Со тоа успехот во битката за ослободување на Скопје бил комплетен.




**Командант Михајло Апостолски со Военополитичкото раководство во слободно Скопје**

Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ генералот Михајло Апостолски секако има голема заслуга за победата и ослобудувањето на главниот град на идната федерална Македонија. Со својата решителност освен што учествувал во директното организирање на воените дејанија, успеал да стигне насекаде низ македонските боишта и да присуствува на прославите со народот по ослободувањето на поголемите градови.

Но освен радоста за конечното ослободување на идниот главен град на републиката  имало и моменти кои внеле немир, и кај генералот Апостолски и кај останатиот дел од военополитичкото раководство, немили настани кои немало потреба да се случат. Интересно тие траеле во континуитет со бугарската стана иако имало и добронамерници од двете страни да не доаѓа до немили сцени и непотребни инциденти. Имено додека сеуште траеле борбите за Скопје каде крваво се борела македонската војска, нејзините дивизии и бригади, Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ Генералот Апостолски брзал со својата лична придружба, со своите курири да се пробие што поблиску до Градот. Поминувајки ги препреките од разрушените мостови и патишта се доближувал до местото на битката. Попатно се снаоѓал и ги преминал разрушените мостови во велес каде на другата обала на вардар бил пренесен со инпровизирани сплавови. Потоа со својата придружба генералот Апостолски се доближил вту прилично брзо до местото на битките.





**Македонските бригади маршираат во ослободеното Скопје**

Движејќи се од Велес кон Скопје Генералот Апостолски со придружбата налетале на единици од 5 бугарска дивизија. Напрашањето на Генералот каде се упатени тој добил неочекуван одговор.„ Ни одговорија – За Скопје. Ги запрев и наредив веднаш да се вратат назад. Им реков дека не ни се потребни. Имав информации дека таа дивизија никогаш и никаде не водела борби со Германците. За тоа постојат и радиограми а јас во моите книги го имам опишано сето тоа…. Бев многу лут поради нивните саботажи[452]”. Но тоа не биле единствените проблеми кои ги имале со бугарската војска која требала да содејствува на теренот. Имено иако воопшто не зела учество во борбите за ослободувањето на Штип и Велес, радио Софија известувала дека нивните единици во Македонија зеле учество во борбите и го ослободиле и Штип и Велес. Ова однесување секако многу го погодило командантот Апостолски кој како и многумина други видни од раководството го искажувал своето негодување за лажните вести. Имено кога се воделе борбите за Штип бугарската војска била на 30 км. од градот, слично било и со Велес. Ваквиот начин на делување може да свати само како политичко делување, пред се поради скорешното менувањето на страните на сојузниците од бугарска страна, да се покаже извесна кооперативност за да се оправдаат договорите помеѓу двете команди и военополитички раководства на разговорите водени во Софија и Благоевград во присуство на Советската страна. Но сепак, невистината останува само невистина и нема оправдание за таквиот однос, без разлика што еден помал дел од бугарската армија учествувала во некои борби за ослободувањето на Македонија. Тоа го изнесол јавно командантот генералот Апостолски, дури и му се заблагодарил на Генералот Стојчев, командантот на Првата бугарска армија во Македонија за делувањето на неговата армија претежно во кумановско, со забелешка, дека доколку акциите им биле координирани

[452] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 263-264

немало да дадат толку жртви. Првата бугарска армија дала многу жртви при борбата за заземање на позициите околу Страцин. Доколку повеќе соработувале и прифателе да бидат подредени под командувањето на Генералот Апостолски до тоа немало да дојде. После ослободувањето на Скопје присуствито на Првата бугарска армија било непотребно. Затоа Апостолски побарал од генералот Стојчев и политичкиот комесар Штерјо Атанасовски да ја напуштат територијата на Македонија. Тие ги прифатиле сугестиите на македонското воено раководстсво.

Набрзо по нивното заминување се случиле нови немили настани повторно испровоцирани од бугарсата страна. Имено од бугарската страна по заминувањето на делегацијата на Првата бугарска армија од Офицерскиот дом, веднаш испратила друг висок офицер командант на полк, кој побарал од Командантот на ГШ генералот Апостолски, да дозволи одржување на парада на бугарски единици во Скопје.

,,Ваквото барање и доаѓањето на некоинивни единици во градот кај мене предизвикаа голем револт и лутина. Веднаш им реков дека нема да можат да оджат никаква парада...зошто парада оржува само оној кој се борел за Скопје, а тие пушка не пукнале за неговото ослободување. Им наредив веднаш да го напуштат градот”. Но генералот Апостолски не бил убеден дека бугарските сили ќе ја почитуваат неговата наредба па наредил да се распореди батаљон на ОЗНА со пошкомиталези на приодите кон центарот и мостовите. За среќа инцидентите биле избегнати и се покажало дека тоа бил повторно само обид за бугарска махинација и провокација.

Така во ослободеното Скопје уште на 13 ноеври продефилирале дел од единиците на ослободителните бригади. Неколки дена подоцна пристигнале и претставниците на Президиумот на АСНОМ и на ГШ на НОВ и ПОМ како и политичкито раководство и останатите општествено политички организации. На парадата по повод ослободувањето, се појавиле Претседателот на Президиумот Методија Андонов Ченто, во придружба на генералот Апостолски командантот на НОВ и ПОМ како и многу други видни личности.

Конечно Скопје било слободно, за конечното ослободување на Македонија останувале само уште делови од северозападна Македонија. Сите патишта воделе кон Тетово каде се групирале последните остатоци од балистичките квислинзи.



**Емануел Чучков говори во слободно Скопје – Ноември 1944 Година**

## 2.34. Ослободување на северозападна Македонија

По ослободувањето на Скопје, 42 и 50 НО дивизија ги разбиваат балистичките сили околу градот и веднаш се упатуваат во правец на Групчин односно Тетово. Од друга страна незадржливо напредувале единиците на 15 корпус, со 41,48 и делови 49 тата НО Дивизија. „Планот за дејство на единиците на 15 корпус бил разработен веднаш по ослободувањето на Охрид, кога се сотанал Штабот на корпусот со Штабовите на дивизиите. Во заповедтта[453] која била диретно поткрепа за наредбата на Штабот на корпусот, изречена од Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија на 10 ноември 1944 година во 23.00 часот, и наредбата упатена од Штабот на 15 корпус на 11 ноември ранао сабајле во 4 и 50 се вели:

„Заповед на ГШ на НОВ и ПО на Македонија, обр. 33, од 10 ноември задачи за 15 корпус....

1. Да се обезбеди старата Југословенска граница од ,Кожув до Дебар.
2. Да го очисти реонот, Кичево-Гостивар-Тетово од албанските банди, да ги ослободи овие градови, за да се ослободи народот од овие краеви од албанскиот терор
3. Сосема да се разоружа албанското население и да се воспостави наша Նородоослободителна и позадинска власт, за да се создаде база за дејство.... на корпусот во парвец на Скопје и Качаник
4. Од овие причени...не се дадени конкретни задачи на 1 албанска дивизија туку е нагласено, по разбивањето на балистите во реонот на Кичево, 1 албанска дивизија ќе земе учество во чистењето на реонот кон Гостивар и Тетово”

Пред македонската војска се иправила последната пречка. Требало да се соочат со непријател кој останал посветен и последен сојузник на фашистичка Германија. Балистичките сили се наоѓале сконцентрирани на подрачјето од Кичево преку Гостивар до Тетово, со вкупна сила од околу 12000 до 13000 борци солидно организирани и доброп обучени.„ балистички сили од кои: 5000 во реонот на Кичево, 2000 во реонот на Гостивар и 5000 во реонот Тетово[454]”.

Оваа бројка е навистина голема, но таа не е конечна бидејки точната бројка на Албанско-балистичките сили присутни на теренот на западна Македонија во тој период тешко може да се утврди поради многу фактори. За нивната воена организација, воена подготвеност, бројноста, наоружувањето и др фактори фалат многу податоци. Кај балистите не постоеле формациски единици од типот на чети, бригади или батаљони како кај нормалните армии во опкружувањето. Но иако немало таков пример тие сепак делувале, доста компактно и многу ефективно во одредени ситуации на теренот. Македонската војска и ГШ на НОВ и ПОМ на чело со Генералот Апостолски уште во

[453] Заповед на ГШ на НОВ и ПО на Македонија, обр. 33, од 10 ноември 23.00: задачи за 15 корпус; Михајло Апостолски, Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година, стр.164

[454] Завршне операције за ослобоџење Југославије, 1944-1945, стр. 184, Војноисторијски институт, Београд 1957. година; Боро Митревски, 15 Македонски ударен корпус

1943 година имал безброј судари на теренот на западна Македонија. Според стекнатите искуства може да се констатира, дека пред се балистичките сили биле организирани на територијален принцип, односно на принцип на реонска организираност. Во одреден реон каде постоеле повеќе села со албанско доминантно население или етнички чисто албанско население балистите биле во состојба за многу кратко време да ги мултиплицираат силите и изненадно да нападнат кон позициите на НОВМ. „ Покрај тоа балистичките водачи користејки го верскиот фанатизам и неограничена власт можеле за неколку дена да стават под оружје голем број од албанското население, па оттука тешко може да се утврди јачината на балистичките сили и нивнита борбена вредност. До почетокот на борбата нивната сила е непозната и невидлива, а со почетокот на дејствијата нивната сила постојано расте, што за противникот претставува изненадување.[455]"

За свои потреби германските сили ја формирале и СС Дивизијата „Скендербег[456]". Во нејзиниот состав влегле претежно албанци. Сепак дивизијата никогаш не ја достигнала бројката на комплетна дивизија. Делувала само од 1 мај 1944 до 1 ноември 1944. Иако формирана од Химлер со големи амбиции освен убиствата на цивили и предавање на еврејското население на Германските окупатори на косово, немала некои посериозни успеси на југословенското боиште. Од дивизијата само пострадало цивилното претежно српско население но и албанските партизани. Во Македонија се борела во периодот помеѓу 13 и 28 август за градот Дебар но немала успех. По многуте инциденти со германските контингенти во дивизијата, со наредба потпишана лично од Генералот Лер командантот на групата армии Е, на 1 ноември 1944 дивизијата е распуштена. Албанските балисти останале единствените воени сили кои делувале на албанските простори на страната на фашистичка Германија. До самиот крај на војната високо мотивирани со идејата за „Голема Албанија" на териториите кои ги контролирале во западна Македонија„ го доживуваат и своето национално ослободување. Така поголемиот дел од албанското население ја подржува заблудата за голема Албанија, вклучувајки се во албанското националистичко балистичко движење[457]".

ГШ на НОВ и ПОМ и командантот генералот Апостолски биле длабоко свесни со каков противник се соочувале. Затоа донесените решенија, биле неопходни, за со брзи и силни удари целосно да се опколат, уништат или неутрализираат балистичките формации. Прво се удрило на балистичките сили во Кичево и кичевско кои биле и најбројни. Ако тука брзо се делувало тогаш 15 корпус ќе се стремел што побрзо да се втурне кон Гостивар и Тетово за финална пресметка со балистите.

Кичево било нападнато со претходно добро припремен план на ГШ, со 3 групи. Првата група ја сочинувале единиците на 48 НО дивизија. Втората грипа 3 НО бригади.

---

[455] Петар Пепељуговски. Прилози за воената историја на Македонскиот народ. Стр. 511
[456] СС брдска дивизија „Скендербег" (1. албанска) (Гер.21. Waffen-SS Gebirgsdivision der SS „Skanderbeg" (albanische Nr.1)) Германска брдска пешадиска дивизија, Вафен СС, вооруженото крило на нацистичката партија
[457] Петар Пепељуговски. Прилози за воената историја на Македонскиот народ. Стр. 510-511

Прва албанска и 6 и 7 македонски ударни бригади, и третатагрупа целата 49 НО дивизија. Кичево и кичевско биле прополека опколени и борби се воделе насекаде со губитоци на обете страни.

Најтешки борби се воделе околу гребенот Буковиќ кој балистите упорно го држеле бидејки можел да импослужи како отстапница за Гостивар. Борбите биле тешки кај Зајас, Колари.,, На крајот по тешкии крвави борби во текот на 15,16, 17 ноември 1944 година единиците на 15 НО корпус успеваат да го скршат отпорот и да ги разбијат балистичките сили, нанесувајки им големи загуби и го ослободуваат кичевското подрачје, со што е завршена корпусната операција на Кичевско - Гостиварскиот простор[458]".




[458] Петар Пепељуговски. Прилози за воената историја на Македонскиот народ. Стр. 527

Со борбите за ослободување на Гостивар на 15 НО корпус и придвижувањето на 16 НО корпус во правец од Скопје кон Тетово и Качаник започнува втората финална фаза за ослободување на северозападна Македонија. Борбите продолжуваат кон двата града, од два правци стегајки го обрачот околу непријателот. По 16 ноември кога е пробиен фронтот на линијата, Кичево-Зајас-Тујна, балистичките сили во неред се повлекуваат кон Гостивар. Конечно по многу борби и гонење на непријателот на 19 ноември 1944 година, 5 дена по ослободувањето на Кичево, ослободен е и Гостивар и околијата. Во текот на 19 ноември 1944 година конечно дошло до врска и спојување на деловите на 15 НО корпус кој дејствувал во западна македонија и 50 дивизија која дејствувала од правец на Скопје кон Тетово. После овие борби ГШ на НОВ и ПО на Македонија го известува ВШ со телеграма дека,, Нашите единици по заземањето на Скопје и Кичево, продолжија со настапувањето. Од Скопје една колона кон Качаник, една кон Тетово. Од Кичево кон Гостивар и Тетово. Балистите даваат многи силен и жилав отпор,..главниот отпор е скршен. Нашите единици се наоѓаат: колона кон Качаник, го заседе, колона што настапуваше кон Тетово ...стигна на 5 км. од Тетово и го заседе хромовиот рудник Радуша. Следи” денеска на 19 ов.м. се очекува заземање на Тетово и Гостивар[459]. „Презедовме полно разоружување на шиптарскиот елемент од областа, Кичево, Гостивар, Тетово и Прешево. По завладувањето на Тетово и Гостивар со големи сили ќе ги расчистиме шиптарските банди во Скопска Црна Гора[460]”.

„При отстапувањето на балистите се собираа во Тетово. Но бидејки беа веќе деморализирани и голем дел разбиени нивните водачи се обидоа со измама да ги задржат своите единици вооружени. Претставувајки се дека нивните единици и тие се на страната на партизаните, и изјавија желба да преговараат. Единиците на 50 НО дивизија не земајки ги предвид изјавите на балистичките водачи веднаш го блокираа Тетово и во текот на 19 и 20 Ноември сосема ги очистија градот и околината од балистите[461]”.

Со уништувањето на балистите кај Кичево, Гостивар и Тетово, и со ослободувањето на тие градови беше завршена операцијата за ослободување на западна Македонија, а со тоа наполно беше ослободена Македонија од фашистичките окупатори.

„Со оваа операција уништени беа или заробени 13000 балисти, што беше од големо значење на понатамошниот развој на НР Македонија, одделно по воспоставувањето на ред и сигурност во областа на западна Македонија[462]”.

Според кажувањата на дедоми Александар, битката за Тетово не била воопшто лесна, напротив, била многу тешка и крвава. Балистичките формации неколку дена упорно го бранеле Тетово. Тој лично учествувал во една од драматичните сцени на борбите. Тој ми кажа дека во центарот на Тетово доминирала една висока куќа. Одтаму

[459] телеграма испратена до ВШ, од ГШ на НОВ и ПО на Македонија на 19-ноември 1944 година, , книга на телеграми бр 9 на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија.

[460] телеграма испратена до ВШ, од ГШ на НОВ и ПО на Македонија на 19-ноември 1944 година, книга на телеграми бр 9 на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија.

[461] Михајло Апостолски, Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година, стр.196

[462] Михајло Апостолски, Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година, стр.196

балистите стрелале на позициите на единицата каде тој се затекнал, таму биле поставени нивни пушкомитралезци, тоа било нивно бункерско гнездо. Знам дека со него на положбата во близината на центарот на градот имало и некои од командантите на бригадите, дали бил лично Апостолски незнам. Во екот на битката, единицата што се борела со него трпела големи загуби. Командантот бил бесен, наредил гнездото, да се нападне и да се освои по секоја цена. Тогаш падналe двајца партизани покосени, негови лични другари. Тогаш тој по директна наредба на командантот истрчал сам и како ми објаснуваше, во цик цак во полн трк успеал да стегне до бункерското гнездо. Одозгора се навалил непријателскиот војник да види што се случува и каде тој точно се наоѓа. Тогаш дедоми Александар со рафал одоздола го покосил. Непријателот паднал доле на земја. Потоа останатиот дел од соборците тргнал во јуриш. Тоа била една од последните отпорни точки во градот. Дедоми бил пофален за храброста. За разлика од другите работи кои само по еднаш ми ги казал за оваа сцена повеќе пати ми раскажуваше.



**Македонски Борци во ослободено Тетово 19-Ноември 1944 година**

Треба да се истакне дека борбите во северозападна Македонија, се водени целосно од самиот почеток до крајот според планот, проценката и замислата на ГШ на НОВ и ПОМ и командантот, генералот Михајло Апостолски. Тоа била непогрешливо водена стратегиска операција која овладејала со сериозно голем простор за само една недела, водејки жестоки и непрекидни исцрпувачки битки со непријателот. Дополнотелно ГШ бил цело времено во координација со ВШ на НОВЈ и детално известувал за состојбите на теренот. Самата заинтересираност на ВШ и Тито како се одвиваат операциите е самиот по себе доволно индикативен.

После оваа серија од битки, конечно Македонија била целосно ослободена.

## 2.35. Михајло Апостолски и настаните на скопското Кале

Кон крајот на 1944 година, Македонија ги живеела првите слободни денови. Фактички Македонија е првата федерална република од идната федерација што самата,

и целосно била ослободена уште на 19 ноември 1944 година. Останало само уште прогонувањето на неколку балистички банди. Македонска војска пак како дел на НОВЈ, поседувала силна низ битки прекалена и доброизвежбана мала армија од преку 75000 војници, борци, претежно од пешадиски формации. Бројката била цело време во пораст. Во тој период низа политички збиднувања ја бранувале идната федерација. Имено после првиот договор, или спогодба потпишана на островот Вис помеѓу Претседателот на југословенска кралска влада во егзил Иван Шубашиќ и Маршалот на Југославија Јосип Броз Тито. На разговорите Тито – Шубашиќ[463], владата на Др. Иван Шубашиќ се обврзала да издаде декларација за признавање на општите принципи на НОП, дека ќе ги признае националните и демократските токови кои се извојувани во текот на НОБ. Се одава признание на НОВЈ а со тоа индиректно и на ГШ на НОВ и ПОМ како неизоставен дел. Исто така Шубашиќ го признал и НОП и АВНОЈ давајки целосна подршка и соработка околу обезбедување на сојузничката помош. Истовремено, НКОЈ се обврзал дека со јавна декларација ќе се истакне дека, конечното решение на идното државно уредување ќе се истакне после целосното ослободување на земјата. Но по првиот состанок следел вториот, т.н. наречената „Белградска спогодба”, оджана на 1 ноември 1944 година. Со таа спогодба се оставало простор идното политичко уредување на земјата да се финализира после завршувањето на војната. Токму тогаш се појавила извесна нервоза кај дел од македонскиот патриотски настроен дел од популацијата, изразувајки сомнеж кон договореното. Со предвидувањето да се формира заедничка влада. „По формирањето на едиствена влада на ДФЈ, претставниците на кралската влада изјавиле дека не ја признаваат Македонија како рамноправна федеративна единица во федеративна Југославија. Тоа предизвикало бурни реакции во повеќе македонски воени формации[464]”.

Во бурата што ќе ги зафати македонските вооружени формации неизоставно ќе биде вклучен и командантот на ГШ генералот Апостолски. За драматичноста на настаните бил самиот сведок и учесник, имал свое толкување и изграден став околу новонастанатата состојба.

После еден состанок во Белград со Тито од него како командант било побарано дел од единиците под негова команда во Македонија да бидат префрлени на Сремскиот фронт.„ Јас добив налог да подготвам еден корпус што ќе оди на Сремскиот фронт. На другарот Тито му кажав дека две наши дивизии веќе се борат на Косово, но тој ми рече: Добро, сега подготви еден корпус. Ќе добиеш комплетно советско оружје, и ќе дојдат два – тројца советски офицери како инструктори за да помогнат да се совлада вооружувањето[465]”. Состанокот се одржал на

По враќањето од состанокот со врховниот командант Тито во Белград, организиран е состанок на ГШ на НОВ и ПОМ и донесени се решенија за реорганизација

---

[463] Спогодбите Тито—Шубашиќ (прва и втора спогодба) претставуваат политички спогодби, кои во текот летото и есента во 1944. Година, се склопени помеѓу пребеганата влада на Кралството Југославија на чело со председателот на владата Д.р.Иван Шубашиќ и Националниот комитет на ослободувањето на Југославија (НКОЈ) на чело со председателот, Маршалот на Југославија Јосип Броз Тито

[464] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 735

[465] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 275

на 15 корпус и негово упатување на Сремскиот фронт. Било одлучено 42 и 48 НО дивизија со по една артиљериска бригада да учествува во битките на фронтот. Набргу по одлуката како што ветил Тито, артиљериските орудијата пристигнале заедно со советските инструктори. На почетокот све се одвивало без никакви пречки и инструкторите и војниците на обука биле задоволни од состојбата. Меѓутоа краток временски период подоцна. Според Апостолски извесен Бранко Обрадовиќ во тој период ја вршел должноста началник на артилерија при Врховниот Штаб, околу себе обучил и собрал извесна група на интелектуалци без претходна политичка проверка. Така обучени биле испратени во Македонија. Според генералот Апостолски меѓу нив имало и такви што се себе носеле слики на крал Петар?! Имало испратени и неколку бугарски офицери. „Подбуцнуваа поставуваа прашање - зошто сме оделе на Берлин, кога можеме да одиме на Солун? Дејствуваа и едните и другите, налик на ситуацијата во 1943 година, кога го објавивме манифестот, како и на ситуацијата по АВНОЈ, кога бугарскиот ОФ, исто така објави манифест во кој пишуваше дека Македонците имаат право да се борат, но немаат право да се обединат со некого....обид да се спречи нашето веќе прогласено обединување. Единствен спас за Македонија според нив беше целокупна, обединета, независна Македонија Тоа беше иста иста онаа теорија што тогаш ја развиваше Ванчо Михајлов[466]". Според генералот оваа парола била пуштена и од агентурите на кралската влада, и преку агентурите во Истамбул и Солун на разни известителни служби, а се однесувале за темата за обединета Македонија. Значи според Генералот Апостолски, поролата „На Солун"први ја исфрлиле кадрите испратени од Белград за употреба на новото артилериско оружје, како и агентурите кои дејствувале во и надвор од Македонија. Сваќајки ја сериозноста на состојбата командантот Апостолски наредил постројување на бригадите на плоштадот. Со тој чин сметал дека ќе ги дисциплинира тие што треба и ќе им упати јасна порака. Примил рапорт и одржал говор како што практикувал и многупати претходно. Неговите говори пред војската секогаш биле впечатливи, така веројатно тој очекувал и сега така да биде. Но Генералот овој пат се излажал. Се случиле немили сцени. Еден полк застанал на мостот, не се повлекол во касарната а еден пушкомитралезец го завртел оружјето кон бината. Кога тоа го забележил генералот веднаш изреагирал.„ Тогаш јас со неколку курири дотрчав до него и му реков: „Пукај ако смееш"! Нему во тој миг му падна пушкомитралезот од рацете.„Ако ме барате мене еве ме" После овие драматични случувања војската се повлекла во касарните. Командантот наредил да се пронајдат сторителите и така се постапило. Организаторите биле брзо пронајдени. Потоа состојбата во скопските касарни се смирила. За овие настани со дедо ми имам еднаш разговарано. Ми раскажа еднаш кога бевме сами, кога беше кај нас на гости во Скопје. Тој беше тежок асматичар и за време на пролет доаѓаше во Скопје кај нас на гости каде сепак климатските услови му одговараа. Тогаш неможев точно да го разберам што точно сакаше да ми каже. Но едно запаметив. Неговиот коментар како се средила состојбата во касарните[467].

---

[466] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 276

[467] Тој ми рече, имаше таму во касарните една голема група војници, се побуни, сакаа целата војска да оди на Солун наместо на Срем. Го запрашав. Дедо и што се случи потоа? Кратко ми одговори. Истепаа неколкумина и работата се заврши.? Јас повторно го прашав. Ги тепаа, а зошто ги тепале? Тој ме погледна длабоко, како солзи да му ги наполнија очите, поминаа неколу долги секунди и ми одговори. Да ги тепаа.

Слични побуни се случиле и во Штип на 15 јануари 1945 година. Во Скопје побуната се случила на 7 јануари 1945 година. Според генералот во Штип состојбата била загрижувачка бидејки од 14 младинска бригада која исто така така требала да оди на Срем дезертирале преку 50 војници. Тоа исто така повикува на многу прашања. Веројатно младите луѓе дезертирале бидејки не сакале да одат на сремскиот фронт. Апостолски бил бесен на командниот кадар. Тој во Штип дошол со Темпо и веднаш направиле рокади на командните места на повеќе офицери. За овие настани во современата македонска историографија е доста пишувано, сеуште се пишува и се анализира. Има многу објаснениja, зависно гледано и од временската дистанца кога е пишувано или други фактори на писателите односно историчарите. Би анализирал неколку примери.

На пример според Лазар Колишевски кој според своите изјави бил многу блиску до ставовите Апостолски иако постоеле и извесни разлики во коментарите. Колишевски изјавил. „Во завршните борби за ослободување на Македонија, во времето додека ја создававме македонската република и ги средувавме состојбите во земјата, ни се протиставија остатоци од поразените реакционерни сили....Потикнати од некој би рекол супернационализам, го подгреваа отпорот кон одлуките на власта на нова Македонија....Водачите на бунтот ја исфрлија паролата „Да го свртиме оружјето кон Солун"! Да им помогнеме на нашите браќа во егејска Македонија.!..Навистина народот од тој дел на Македонија беше напатен, со децении се бореше, надевајки се на своето издвојување од грчкиот јарем....Но таквите пароли односно акции беа организирани како смислен непријателски акт. Можеа Македонскиот народ да го втурнат во голема опасна авантура со несогледиви последици! Нивните барања водеа кон разбивање на братската заедница на Југословенските народи. Во таа завера против младата македонска република се вклучија разни непријатели – агенти и приврзаници на Ванчо Михајлов и којзнае чии соработници....Пред зградата на Домот на армијата викаа група војници на артилериската бригада, скандирајки на Солун!....Ние членовите на ЦК и членовите на Штабот на НОВ на Македонија, веднаш отидовме во касарните. Се обратив пред разгневените војници. Меѓутоа некои групи не се смируваа, напаѓаа па моравме остро да се спротиставивме ...ги уапсивме најгрлатите и водачите. Не смеевме да се колебаме. Тоа беше и налог на ЦК на КПЈ[468]".

Според Ванче Стојчев еден од нашите најпознати воени историчари анализата на состојбите потребно е да се бара во почетоците и најавите за побуната кои датираат уште на 6 јануари 1945 за време на Вториот конгрес на антифашистичката младина на Македонија. На овој конгрес „се појавила паролата „Не сакаме на Берлин, сакаме на

Сите мои следни обиди да дознаам нешто повеќе остаа без успех. Тој за неговите воени доживувања само по некогаш подолго ми раскажуваше. Своите доживувања ми ги раскажуваше детално, и тоа обично кога бевме сами. И ден денес, се обидувам, но неможам точно да го дешифрирам ова негово кажување. Се обидувам да ги вратам сите негови искажани зборови, секој детал, но неможам повеќе да се сетам. Тогаш, како дете сватив дека некого истепале, и со тоа го дисциплинирале, но, сега тие мисли ме оптеретуваат. Веројатно не ја дознав целосната вистина иако бев многу упорен, имав само 15 години.

[468] Драган Кљаиќ, времето на Колишевски, Матица Македонска, Скопје 1994, стр. 268-269

Солун, истата ја истакнале војниците на артилериската бригада по што биле преземени мерки за смирување на состојбата[469].

Интересно и впечатливо е и мислењето и на генералпотполковникот Тодор Атанасовски. Тој на прашањето „Солун или Срем" одговорил: „ До август 1944 година ние водевме народна и националноослободителна борба. Од 2 август наваму Македонија води –војна, зошто тоа го прави како држава. Од АСНОМ наваму јас сум веќе припадник на воена формација која има држава зад себе. ....Тогаш во тоа време, господ да не му даде кој не сакал Македонија да биде цела...Но знаете што ќе се случеше ако тргневме на Солун? Тогаш ќе ја загубевме Македонија. Знаете ли тогаш какви све договори не беа направени помеѓу сојузниците? Ние не можевме да ги задржиме сојузничките војски на границата, а ќе ги упропастевме и тие придобивки што веќе ги имавме[470]".

Според професорката Ачкоска која има едно сосема друго видување на настаните, битен елемент претставувала спремноста на сојузниците да интервенираат кој би бил секако дискатабилен.„ Многу подоцна, кога беа отворени одделни архиви, може да се види дека во тој период Велика Британија била крајно исцрпена, така што набрзо, за време на Граѓанската војна во Грција ги повика на помош американските сили. Иако прашањата на сверите на влијание на повоениот свет ги кроеше „Големата Тројка"(Сталин, Рузвелт, Черчил) сепак тие не можеа до крај да ги наредат коцките, онаму каде што народот со масовна борба успеа да се самоопредели на свој начин[471]".

Според Петар Пепељуговски, „Има и други сваќања и гледања во однос на учеството на македонските единици во завршните операции. Колку што се сеќавам, во Белград бевме информирани дека непријателот, во време на движењето на македонските единици за Срем, пуштил парола, наместо Срем-Солун. Тоа беа пароли кои не водеа сметка за положбата на нашата земја и затоа што беше договорено меѓу сојузниците. Како што е познато Грција, во нејзините тогашни граници според договорот на големите сили, беше во сферата на влијанието на Англија и Америка. Според тоа, секое насочување на нашите единици кон Југ ќе значеше продолжение на војната, односно доведување на земјата во мошне тешка ситуација[472]".

За овие настани Нова Македонија на 27.3. 1991 година, објавува разговор со генералот и командант на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски воден во емисијата„Слушајте Радио" на Радио Скопје, во делот кој се однесува за настаните од 7.1.1945 година. Тој во емисијата ги потврдува неговите изнесените и ставови.„Меѓутоа, во периодот ...се појавија некои непријатни работи. Имено, во артилериската бригада имаше вклучено една група млади луѓе – подготвени за командири на артилериските водови....Бранко Обрадовиќ ...началник на артилеријата при Врховниот штаб, собра група интелектуалци без проверка ги оспособи за командири на водови и ни ги испрати. Меѓутоа меѓу нив најдовме луѓе кои сликата на крал Петар ја носеа со себе. Тоа е едната

[469] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 735-736
[470] Тодор Атанасовски, Македонија –историски ограбена земја„Нова Македонија"12.8.1994
[471] Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, стр.47
[472] Петар Пепељуговски. Прилози за воената историја на Македонскиот народ. Стр. 530

страна од медалот, а на другата имаше неколку бугарски офицери, артилериски, кои исто така говореа: Зошто да одиме на Берлин, велеа, кога можеме да одиме на Солун. Се јавија да дејствуваат и едните и другите....Потоа отодовме горе во касарната. Таму по неколку кратки говори, што беа одржани од политичкото раководство, релативно брзо се открија организаторите. Организаторите на тие непријатни работи ги отстранивме, двата артилериски полка отидоа на сремскиот фронт[473]".

Поради зачестените објави во дневниот печет, разни изјави на поединци, натписи во перидичните списанија, во кој се зголемиле обвинувањата врз тогашното македонско партиско и воено раководство, конечно реагирал сојузот на борците преку Главниот одбор на Сојузот на борците на Македонија. Така на 7.3.1991 година е организирана трибина посветена на настаните на Скопското кале на 7 јануари 1945 година. Во меѓувреме додека се вжештувала атмосверата околу настанот, како „гром од ведро небо"одекнала информацијата на Архивот на Македонија, кој укажал на постоење на микрофилм кој ја содржел целата документација поврзана со настаните на Скопското кале. Микрофилм„ кој се води под шифра МИ-1371. Овој филм се состои од 141 архивска единица. По својата содржина зачуваните документи претставуваат истражни материјали, обвинителен акт, материјали од доказна постапка,пресуди, изјави од сведоци, жалби на пресудите карактеристики на судените, завршен збор на обвинителот, писма, записници, соопштенија, решенија за помилување и др. Од обвинителниот акт се гледа дека вкупно биле обвинети и изведени пред Суд на Скопската воена област 40 офицери и војници[474]".

Според зачуваната документација, која е предадена во Архивот на Македонија и Институтот за национална историја на Македонија, и е достапна за научните работници, во која спаѓаат и изјавите на преживеаните учесници на овие настани, се увидува фактот дека, имало судски процес пред Воениот суд на скопската воена област. При судскиот процес имало 12 осудени лица на смрт, 23 осудени на временски казни а против петмина учесници, по барање на обвинителот и доделената одбрана се повлечени обвинијата. Исто така според познатите информации, потврдено е дека не е извршена ниту една смртна пресуда, исто така сите осудени вклучително и оседените на смрт во понатамошната судска постапка од судот биле ослободени и помилувани. Тоа се факти за Скопските настани. Што се случувало во блиската иднина во Македонија, во Штип, Куманово, Велес и други места претставува трагедија за Македонскиот народ, која што како доминантно слободарски и антифашистички расположен на ја заслужил.

Сите овие коментари околу настаните на скопското кале, односно во касарните, и на плоштадот, при одржувањето на вториот конгрес на антифашистичката младина на

[473] Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19и 20 декември 1996 година, Скопје, Македонска Академија-библиотека 1997 година, Владимир Ивановски, Настаните од 7 јануари 1945 во артилериските бригади во Скопје, стр.114/116.
[474] Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19и 20 декември 1996 година, Скопје, Македонска Академија-библиотека 1997 година, Владимир Ивановски, Настаните од 7 јануари 1945 во артилериските бригади во Скопје, стр.114/116.

Македонија, потоа настаните во Штип, изјавите и пишувањата на многу познати македонски историчари, воени историчари, како и изјавите на самиот генерал подоцна академик Михајло Апостолски, многуте снимени ТВ документарни емисии, кажувањата на мојот дедо, ми зададоа обврска но и право да го изнесам своето мислење, бидејки сметам дека за материјата има многу недоречености и е посебна тема за обработка.

Прво, се работи за повеќе локации, и различни денови кога се случиле настаните. Понатаму сметам, ако веќе имало вмешани странски елементи како тврди и самиот генерал, тоа би требало да било врвно организирано, а тоа не било така, туку повеќе наликува и изгледа на стихиен моментален изблик на емоции. Второ, многу од тие борци во касарните имаат поминато низ Февруарскиот поход или Пролетната офанзива или завршните борби за слобода на Македонија, кога теренот бил една целина како севкупно Македонско боиште и голем дел од борците природно веќе се движеле на тој простор. Трето, сите анализи на посочените, водат кон ГШ и военополитичкото раководство, но никој подетално не ја анализира личноста на врховниот командант Јосип Броз Тито. Зошто Тито така реагирал? Ако хипотетички претпоставиме една обратна состојба, како тој би се однесувал како Врховен командант, доколку командантот на ГШ на НОВ и ПОМ односно генералот Апостолски му го предложел планот,, за одење на Солун”? Лично, детално разработен, онака како што тој тоа го знаел и умеел. Во една таква хипотетичка ситуација можеме само да претпоставиме што би се случило. Дури и самиот Апостолски наведува дека токму во тој период имал посета и средба со Маршалот. На средбата понесол нова, полна чанта со документи. Според кажувањата на генералот, Тито не дозволил да се отвори чантата, бидејки сметал дека нема потреба, едноставно дискусијата отишла во сосема друга насока. За жал оваа посета така се завршила, се разговарало за други работи, за други фронтови и разно. Какви документи носел генералот Апостолски? Дека тоа биле воени документи самиот Апостолски изјавил кога се спремал за посетата. Најверојатно тоа биле, воени мапи, карти, пресретнати депеши итн, многу логично, но сепак останува сеуште мистерија и тајна. Фактички генералот Апостолски заедно со Борко Темелковски-Љиљакот кој бил во делегацијата со генералот не успеале да ја отворат чантата, не им се укажала таква можност, којзнае какви све информации би се споделиле со маршалот. И никој неможе со сигурност да знае какви документи имало во чантата, а имало многу „сензитивни” како истакнал генералот. Чантата полна со воени документи од македонското боиште останала затворена.

Јас сметам, дека македонската војска, била компактна борбена сила од 75 000 редовна високо обучена војска. Таа бројка веројатно би била многу поголема со самиот почеток или обзнанување на походот „на Солун”, барем двојно повеќе доброволци би се приклучиле, сосема логично. Македонската војска била исклучително силна пешадиска формација. Искусна воена формација, која го владеела и го познавала теренот и ја имала и подршката на домицилното население. Односите со антифашистичкото прокомунистичко движење ЕЛАС и КПГ, односно со комунистичкото военополитичко раководство во Грција биле исто така на солидно ниво. Тоа дава за право да се извлече заклучок дека со нивните воени формации, каде голем дел од борците биле од македонско етничко потекло тешко дека би се случиле посериозни судири и борби. Овие информации добро ги знаеле сојузниците пред се поради присуството на нивните мисии

при ГШ на НОВ и ПОМ но и во Грција. Нервозата кај Британците како заштитници на кралското наследство во Грција било евидентно. Овие неколку елементи и даваат исклучителна предност на Македонската војска во случај на придвижување кон „Егејска Македонија”. Дека Британците со својот корпус би рескирале отворен судир со комунистички сили (Советскиот сојуз и Југославија) а на само стотина километри од Егејскиот дел на Македонија бил сместен штабот на Маршалот Толбухин, не верувам. Напротив. Веројатно ќе се продлабочела политичката криза помеѓу сојузниците, но меѓусојузнички судари не би дошле во предвид, бидејќи војната против заедничкиот фашистички непријател била далеку, далеку од крајот. Решенијата ќе се наоѓале во преговори, кои би биле нужни. Многу слично како кризата која ја посочив за пример. Од своја страна внатрешно политичките судари се сосема друга тема, бидејќи се работи за внатрешен судир, како воен судар на две спротиставени идеологии. Треба да се истакне дека британците предупредувале за можноста за таква интервенција од Македонска односно Југословенска страна. Има многу сведоштва и телеграми помеѓу Ф.О. и ВШ на НОВЈ дека британската страна предупредувала на несакан развој на настаните, истата британската страна веќе во декември е во воен судар со ЕЛАС. ГШ на НОВ и ПОМ преку генералот Апостолски се обидел да излезе од контрола на Јосип Броз Тито и да наметне своја понезависна политика меѓу другото и за македонското прашаење, но Апостолски неуспеал до крај да ја изгради таа стратегија, бидејќи Тито брзо реагирал и го повлекол во Белград генералот Апостолски токму во критичните настани во Атина а потоа и во Скопје. Затоа верувам дека ако би се одело на „Солун” со дозвола од Јосип Броз Тито, и на чело на војската да бил командантот Михајло Апостолски, логично работата би одела во правец на решение многу слично како razvрската на кризата со Трст, каде имаме скоро идентична ситуација. Да не заборавиме, Тито го „освои” Трст. Потоа по долгогодишните преговори со британската, со американската сојузничка страна, дојдено е до дипломатско компронисно комплексно решение. Тито го загуби Трст и околината, но Југославија ја доби цела Истра со целото Приморие, големото пристаниште и бродоградилиште Риека, Пула, Пиранскиор залив, прекрасни туристички градови итн. Доколку Македонската војска тргнела „на Солун” седум месеци претходно, веројатно на крајот барем половина од егејскиот дел на Македонија ќе припаднел на Федерална Македонија. Исто така на Македонија (Југославија) сосема доволно би и била Кавала, Солун тешко дека би го добила. Ова е само дел од мојата анализа за ова прашање. При анализата ги земам во предвид општо познатите ставовите на Британија по тукушто свежиот договор за проценти и за сверни влијанија, договорен на лист хартија помеѓу Черчил и Сталин во октомври 1944 година, само еден месец пред ослободувањето на Македонија. Исто така сметам дека Јопсип Броз Тито се уште меѓународно не бил доволно комотен, и тоа многу влијаело врз неговата одлука да се замрзне одлуката за одењето на Солун. Од своја страна пак генерал Апостолски кој во ноември 1944 година, сигурно силно настојувал таквиот начин на решение да го наметне, иако тоа не го покажувал јавно. Но по анализите на известијата и телеграмите на странските тајни мисии при ГШ на НОВ и ПОМ тоа било повеќе од евидентно, тоа и најмногу ги плашело британците. Сепак Апостолски не успеал да издржи и да го убеди Јосип Броз за таа авантура. Дури и Темпо придонел за несогласувањата и неусогласените ставови на штабовите, односно на ГШ на НОВ и

ПОМ со ВШ. „Во телеграмата испратена на 19 ноември 1944 година преку Бари до Форин Офисот, за расположението на народот меѓу другото стои забележено следното, „Генерал Темпо зборувајки во Српското антифашистичко собрание изјави дека, целиот Македонски народ сака да оствари целосно обединување: Егејската провинција под Грција, и Пиринската под Бугарија да се обединат со Македонската федерална држава. Темпо истакнал дека тој поминал низ Пиринска и Егејска Македонија и дека таму меѓу населението постои желба да и се придружи на мајката земја. Ваквиот став од страна на британската мисија беше толкуван како негативна активност на Југословенското раководство[475]".

## 2.36. На Сремскиот фронт

По драматичните и трагични настани во Скопје, Штип, Куманово, итн, состојбата во Македонија пополека се вратила во нормала. Командантот Апостолски во два наврата го посетил Белград на покана на Врховниот командант. Водел интересни разговори, но од курсот зацртан за одењето „на Берлин" не се отстапило. Интересно е што Генералот Апостолски како што објаснив со себе во Белград понесол полна торба со документи, воени документи. Како самиот објаснува, тоа биле документи претежно за состојбите на фронтовите и односите со Бугарија за време на војната. На состаноците во Белград македонскиот генерал бил срдечно примен и поздравен од сите тогашни познати воени фактори од Југословенската армија. Прво го примил неговиот предвоен пријател а тогаш Началникот на Штабот Арсо Јовановиќ [476]со кој се задржал во срдечен разговор. Потоа се сретнал со истакнатите, Коча Поповиќ [477]и Пеко Дапчевиќ[478]. Јосип Броз Тито ги примил наредниот ден. Се задржале во отворен срдечен разговор. Додека претстојувал во Белград во Македонија веќе се вршеле последните подготовки на 15 корпус со артилириските батаљони за одење на Сремскиот Фронт. Така генералот спремни ги испратил борците на новото боиште. При испраќањето на Корпусот, организирани се

---

[475] Тодор Чепреганов. Велика Британија и Македонија 1941-1945 (Документи), Македонското Автономно движење во северозападна Грција: Неговата поставеност и сегашна историја 1941-1945, ИНИ Скопје, 1998 година ( 18 август 1944-8 мај 1945) Документ, бр.36, 132, Скопје 1995.Док.бр. 13, 54.

[476] Арсо Јовановиќ ( 24. март 1907 Подгорица- Вршац, 12. август 1948), учесник во НОБ, Генерал полковник во ЈА. Периодот од 1941. до 1945. година ја извршувал функцијата Началник на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ, а од март до септември 1945. година је извршувал функцијата на Прв началник на генералштабот на Југословенската армија

[477] Коча (Белград, 14 март 1908 — Белград, 20 октомври 1992) југословенски комунист, филозоф, поет, надреалист, учесник на Шпанската граѓанска војна, Априлската војна и Народноослободителните борба, општествено-политички работник во СФРЈ, генерал-полковник на ЈНА, јунак на социјалистичката војна и народен херој на Југославија. Неговото партизанско име е Гроф. Во периодот од 1948 до 1953 година ја извршувал функцијата началник на Генералштабот на ЈНА, од 1953 до 1965 година функцијата Сојузен секретар за надворешни работи на СФРЈ, а од 1966 до 1967 година функцијата Потпретседател на СФРЈ. Еден е основачите на ФК Партизан од Белград.

[478] Пеко Дапчевиќ Петар „Пеко" Дапчевиќ (25 јуни 1913 - 10 февруари 1999 година) бил југословенски комунист, доброволец во Шпанслката грашанска војна. Учесник на партизанското востание во Црна Гора, станал командант на Југословенскиот 1-ви пролетерски корпус. Дапчевиќ ги водел партизанските трупи кои заедно со Советската црвена армија, под водство на генералот Владимир Жданов го ослободиле Белград на 20 октомври 1944 година. Тој бил првиот човек што бил прогласен за почесен граѓанин на Белград.

митинзи, разни прослави и свечености. На топовите биле испишани пароли, од кои најчеста беше онаа-„На Берлин”.[479]

Се одржал голем митинг во Скопје, кога се одржувал и конгресот на младината. Тоа бил голем настан. На 7 Јануари на Божиќ 1944 година на големиот христијански празник божиќ во Офицерскиот дом се одржал вториот конгрес на НОФ на младината на Македонија на кој што присуствувале околу 2000 делегати, и тоа од сите краеви на Македонија, и од Вардарскиот но и од Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија како и претставници на младинските организации од сите републики на идната федерација. Но исто така на настанот присуствувале и претставници на младинските организации на антифашистичките земји, на Советскиот Сојуз, и на останатите источноевропски антифашистички земји. Се слушнале извици „На Берлин”, и имало големи аплаузи и одушевеност на присутните. Всушност македонската младина требала да се придобие за идните настани, односно таа требала да се подготви за испраќање на сремскиот фронт и учество во завршните борби за ослободување на Југославија. Тоа бил очигледен факт. Самиот Врховен командант Јосип Броз Тито има испратена телеграма, и со тој чин го поттикнувал испраќањето на младинците од Македонија во борба. Генералот Апостолски одржал говор. Говорејки од терасата на офицерскиот дом тој рекол„ Солун можеме да го добиеме само преку Берлин, само доколку го освоиме и урнеме Берлин. Сега состојбите се такви што не ни овозможуваат да одиме на Солун[480]”. Генералот бил убеден во тоа што го говорел, говорот доаѓал по неговата посета на Белград и разговорите со Врховниот командант Јосип Броз Тито. Можеби затоа многу веројатно бурно реагирал кога се случиле немирите веќе следниот ден. Така македонскиот 15 корпус го започнува своето придвижување кон срем.




**Единици на 15 македонски корпус поминуваат низ Батајница на пат за Сремскиот фронт, март 1945**

[479] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 279
[480] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 278

Во состав на 15. Македонски корпус влегле прославените 42 и 48 македонски НО дивизии. Искусни воени единици кои тоа ќе го докажат и на „Сремскиот Фронт”.

Во состав на 42 дивизија влегле 3 и 16 Македонска,7 албанска,и 1 артилериска бригада како било планирано. Командант на дивизијата бил, Миливое Гроздановиќ, за политички комесар бил поставен потполковникот Бено Русо – Коки[481], за началник на Штабот бил поставен мајор Коста Јашмак[482].

Во состав на 48 дивизија влегле 1,2, и 14 Македонска бригада, потпомогнати со 2 артилериска бригада. За командант е поставен Тихомир Милошевски -Тичо, политички комесар Бора Чаушев-Канца, а началник на штабот бил капетанот Дако Кандучина.

„Со наредба на ГШ на Македонија од 4 јануари 1945 година за командант на корпусот бил поставен Алекса Демниевски- Бауман[483], За политички комесар е поставен

---

[481] Русо, Бено Исак (Битола, 20. И. 1920 – Скопје, 18. VI 2006) – генерал-мајор на ЈНА. Служел воен рок во 1941 г. и бил заробен од германските сили и спроведен во логор. Избегал од логорот, се вратил во Македонија и се вклучил во НОД; станал член на КПЈ (1941), секретар на ГК во Битола (1942), борец во ПО „Јане Сандански“ (1942), во „Даме Груев“ и во баталјонот „Мирче Ацев“ (1943). Бил политички комесар на чета, на баталјон, на бригада и на 41. дивизија. Како политком на XV (македонски) корпус учествувал во борбите на Сремскиот фронт. По војната завршил Виша политичка школа „Ѓуро Ѓаковиќ“ и Виша воена академија. Во 1960 г. е унапреден во чин генерал-мајор. Во пензија од 1970 г. Одликуван со: Партизанска споменица 1941, Орден југословенско знаме со лента, Орден заслуги за народ од прв ред и др. ЛИТ.: Бено Русо-Коки, Траги на незаборавот, автобиографски ракопис, Еврејска заедница на РМ, Скопје, 2007. В. Ст.

[482] Јашмак, Коста (Битола, 29. X 1912) – истакнат воен командант од НОАВМ, потполковник на ЈНА. Завршил воена академија. Во времето на Априлската војна (1941) бил капетан II класа на ВЈ. Како член на КПМ и учесник во НОАВМ (од април 1944), првин бил началник на штабот, а потоа командант на Третата македонска НОУБ (од 6. VIII 1944), делегат на Првото заседание на АСНОМ, а како унапреден мајор (1. XII 1944) и командант на Четириесет и втората (кумановска) ударна дивизија и началник на штабот на XV (македонски) корпус на НОВЈ. По Ослободувањето бил помошник на командантот на воена школа, наставник на ВВА на ЈНА и др. Рано му престанала активната служба во ЈНА (1959), бил пензиониран. ИЗВ.: Билтен на Вш на НОВ и ПОЈ, ИВ, 46–47, ноември-декември 1944; Извори за Ослободителната војна и Револуција во Македонија 1941–1945, том И, книга трета, Скопје, ноември 1970, 388 и 406. С. Мл.

[483] Алексо Демниевски - Бауман (Велес, 10 септември 1905 - Белград, 5 септември 1961) — македонски комунист, учесник во Шпанската граѓанска војна (1936-1939) и во НОБ од 1944 година. Во втората половина на 1928 година е испратен во СССР, каде што се запишува на Школата за националните малцинства на Западот. Во 1932 година ја завршува школата, а во 1934-1935 година поминува и одредена обука во Црвената армија. Во септември 1936 година, по одлука на КПЈ, заминува за Југославија каде требал да го преземе раководењето со Покраинскиот комитет за Македонија. Во Шпанија пристигнува во октомври 1936 година. Упатен е на југот на Шпанија, на фронтот во Кордоба. По завршувањето на тешките воени операции кај Сарагоса, во септември 1937 година Демниевски добива чин мајор и е командант на групацијата на 45-та дивизија, од која подоцна се формира 129-та балканско-чешка интернационална бригада „Георги Димитров“, чиј командант е Демниевски. Во август 1938 е ранет во борбите на Арагонскиот фронт и му е ампутирана ногата. Префрлен е во Париз, откаде во април 1939 година е префрлен во СССР на лечење. По враќањето од лекување во 1941 година зазема разни воени и политички должности во Москва. 1944 година година, кога се враќа во Југославија. На 1 јануари 1945 година Демниевски е поставен за политички комесар и командант на Петнаесеттиот македонски корпус. По ослободувањето на земјата врши воени функции и станува генерал-потполковник на ЈНА. „Македонска енциклопедија“, МАНУ, Скопје, 2009, 451 стр.

полковникот Вујадин Поповиќ, за началник на Штабот е поставен Мајорот Владо Амповски[484]".

Наредбата за упатувањето на Македонските сили на Сремскиот Фронт била донесена усте на 1 јануари 1945 година. Пополека Македонскиот 15 корпус се придвижил низ Србија кон срем. До Врање војската одела пеш бидејки пругата била уништена . Натаму кон Срем биле организирано пренесени.

На 1 јануари 1945 година по наредба на врховната команда се формираат „Армии на НОВЈ". Формирани се 1,2 и 3 армија на НОВЈ.С. На 1 Март формирана е и 4 НОВЈ армија. Со истата наредба на 1март НОВ и ПОЈ е преименувана во Југословенска Армија (ЈА). Врховниот Штаб е преименуван во Генералшаб на Југословенската армија (ЈА). Југословенската армија кога ја започнала офанзивата имала 800 000 војници.

„Планот за офанзива на ЈА го донеле врховниот командант Тито и командантите на армиите Коча Поповиќ, Пеко Дапчавиќ, Коста Наѓ, Петар Драпшин, при крајот на март во 1945 во Белград. Овој план е познат како „директива број 8[485]". Врховниот командант претходно се сретнал со Маршалот Толбухин командантот на 3. Украински фронт, и со фелдмаршалот Харолд Александер командантот на 15 англоамериканска група армии. На овие состаноци е потпишана спогодба за координација со сојузниците од големата антихитлеровска коалиција.

После опсежните припреми за борба обете страни биле спремни за борба . Непријателот имал распоредено силни сили во текот на целиор фронт. Само 450 000 германски трупи биле распоредени по должината и длабината на сремскиот фронт, помогнати од 230 000 квинслишки војници, претежно усташи и домобрани.

Битките на фронтот започнале во април со придвижување на единиците на ЈА кон фронтот и напад на позициите на непријателот. За пробивање на фронтот бил одреден 12 април 1945 година во 5.00 часот наутро. На правецот на главниот напад била и 48 Македонска дивизија и инжењерската бригада. Уште во текот на певиот ден по жестоки битки фронтот бил пробиен во длабина до 30 километри. Македонските дивизии се покажале многу храбро. Но и жртвата што ја дале била голема.

Командантот Апостолски бил веќе во генералштабот на ЈА кога започнале борбите. Веста за пробивот на фронтот до него брзо стигнала „Кога заврши пробивот еден полковник инструктор ,...дојде во мојот кабинет во Белград, целиот беше задишан. Честитам, честитам друже генерале, ... се поздравив со него ..му реков да седне..да се одмори малце а потоа све да ми каже....Друже генерале ви честитам за храброста на вашите борци. Македонските единици беа исклучително храбри при пробивот на фронтот. И натаму покажуваат голема храброст. Тоа ме исполни со големо задоволство. Тоа зборуваше дека сме подготвиле добри единиции, дека Македонците, ја покажале истата онаа храброст што ја покажуваа во борбите за ослободување на Македонија,

[484] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 734
[485] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, – издадена во Скопје 2000 година, стр. 736

против нејзините окупатори и нивните слуги. Италијанците, Бугарите, Германците, балистите[486]".

Македонската војска ангажирана на „Сремскиот Фронт дала бројни, големи човечки жртви. Најголемите жртви ги поднела на почетокот на операциите. Само првите 3 дена од 12 до 15 април 42 и 48 НО македонски дивизии имале скоро 700 загинати и околу 2000 ранети борци. До конечното пробивање на фронтот и конечните борби за ослободување на Југославија од строј биле исфрлени преку 5000 борци и старешини. Тоа претставувало 25% од севкупната бројка на ангажирани трупи, што претставувала голема загуба.

Сепак мора да се имаат во предвид неколку битни фактори кои допринеле за таквата статистика. Прво: Македонските новоформирани единици не биле навикнати на фронтален начин на борба во услови на рамничарски терен каде се бореле против добро вкопан и утврден непријател. Подготовките па теренот противникот ги започнал веднаш после „Белградската ослободителна операција". Второ: 15 корпус настапувал на многу сериозно тежок за борби терен, каде попатно освен рамничаски се воделе и улични борби како онаа кога е ослободено Винковци и други градови. Само да потенцираме дека по освојувањето на Винковци и Жупања каде се истакнале македонските борци, 1-та ЈА го пробила фронтот во длабина и ширина до 30 килиметри и со тоа го отворила патот за понатамошни пробои кон Славонски Брод и Загреб. Трето: И покрај големата храброст со која всушност и ги победиле сите битки во пробивањето на фронтот и понатаму гонејки го непријателот, факт е дека македонските борци немале, или во споредба со другите корпуси имале многу мала помош во вид на подршка од авијацијата и тенковските единици. Четврто и можиби круцијално, на фронтот го немало нивниот командант генералот Михајло Апостолски. Колку тој факт, ако некој сака да го заобиколи во најмала рака се лаже. Тој човек бил способен за чуда. Македонската војска под негова команда била непобедлива. Тоа го потврдил уште порано во академиите, и за време на битките на македонското боиште. Но некои други команданти тебало да се истакнат. Тоа Југословенската Армија го платила со многу висока цена. Преку 15000 загинати борци, стотици исчезнати и повеќе десетици иљади ранети е епилогот од пробивот на фронтот. Сепак целта била постигната, во тој момент тоа било најбитно. Тој начин на војување не бил ни одблизу како македонското планинско боиште каде имало услови за делување на начин на каков била обучена војската од ГШ и од својот генерал Апостолски. Во овие битки командантот на поранешниот ГШ не бил со својот корпус на теренот туку останал во Белград по барање на Јосип Броз Тито во главната, врховната команда. Постоеле и други оправдани причини за таквиот епилог на настаните.

[486] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 278




## 2.37. Михајло Апостолски и сојузничките воени мисии

За времето на втората светска војна, една од најзначајните придобивки на НОБ во Македонија е осознавањето на странските тајни служби за обновеното македонско движење за независност. Поради тоа од сојузниците пред се од Британците, на териротијата на етногеографска Македонија биле испратени повеќе воени мисии. Тоа не бил воопшто лесен процес, бидејки во пракса се покажало дека се потребни цели 3 години британските тајни мисии да стапат во контакт со македонските партизани, односно со ГШ на НОВ и ПО на Македонија. Британските служби иако биле одлично организирани, немале точни информации што всушност се случувало на теренот на Македонија. За Британците, пред се од најголема важност во првите години од војната била да ги организира и подржи оние движења кои пред се не биле комунистички, односно да ги подржи оние влади и кралски семејства кои пребегнале на британската територија, а зад кои постоело некакво организирање на отпор против германските и другите окупаторски фашистички сили. Тоа пред се била Југословенската кралска влада, потоа претставниците на Грчката влада, Полската влада итн, сите пребегнати и со побарана заштита од Обединетото Кралство. За нас најбитни се односите на Британците кон претставниците на Југословенската но и на грчката влада и кралските семејства и како се поставиле британските тајни служби по ова прашање. Тука има многу простор, многу настани, случки, драматични моменти за анализа, а поврзани за македонското прашање.

По германскиот брз побив на балканот, по капитулациите на Југословенската и Грчката војска, и бегството на Кралските влади под Британска заштита, по британскиот пораз во Грција, на Крит, и повлекувањето и на британските трупи, станало јасно дека Британската влада треба да изнајде начини за воспоставување на комуникации со антифашистичките движења на балканот. Такви тенденции и движења за пружање воен отпор кон агресорите постоеле во Југославија и во Грција. Белика Британија градела политика и воена стратегија ,,преку која движењата на отпорот требало да и послужат како трансмисија за повторно воспоставување на предвоените режими во окупираните земји[487]".

[487] Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945) ИНИ Скопје, 2001 година, стр. 13

Поради таквите очекувања се настојувало движењата на отпорот да бидат формирани од приврзаници на Британија или кон нив да се придодадат британски воени мисии кои требало да ги водат движењата. Ваквата поставеност на британската воена политика и нејзината известителна служба, му биле доверени на (СОЕ) – (Special Operations Executive-Управа за специјални операции ) со главен штаб во Лондон. Организацијата СОЕ била формирана по специјална наредба лично од Черчил, со цел да се координираат сите воени акции против германските воени ефектививи како и против ефективите на нејзините сојузнички. Тоа значело дека било потребно да се координираат сите акции саботажи и субверзии на окупираните територии. По својата форма на формирање СОЕ фактички претставувала хибрид формиран од повеќе слични организации во британското разузнавање. Тој претставувал дел од Д скторот на тајната известителна британска служба – Secret Intelligense Service-SIS која била задолжена за изведување саботажи и субверзивни активности на Балканот пред вклучувањето на овој дел од европа во војната во 1941 година. Се разбира најмногу поради фактот што британците војувале уште од септември 1939 година ваквата служба била многу потребна, и подоцна со текот на војната ќе се покаже како исклучително корисна, а нејзините мисии и акции ќе остават белег погодувајки го непријателот во болни точки. СОЕ фактички била тајна независна служба под контрола на номимиран министер за таа цел. СОЕ се состоела од 3 дела. СОЕ1 дел за пропаганда, СОЕ2 одговорен за саботажи, СОЕ3 задолжен за планирање. „Како организација имала 3 основни задачи,- Да извршува саботажи,-да ја организира и помага герилската борба, политичка субверзија и илегална пропаганда. Со еден збор СОЕ била формирана да изведува специјални операции т.е. операции кои„не се нормални воени операции'' и кои неможат да бидат изведени успешно и безбедно од другите владини оддели[488]".

Интересно е да се истакне дека харизматичниот Британски лидер Винстон Черчил премиерот на Велика Британија му наредил на раководителот на СОЕ, Далтон, буквално со своите акции да ја запали Европа.

СОЕ реагира со подготвување на акционен анбицициозен „План за политичка војна на Балканот". Со овој план се нагласувало дека има многу извесни очекувања за постигнување на оптимистички разултати посебно во Грција и Југославија каде се детектирани разни видови на отпор против окупаторите. Планот ги опфатил и Романија и Бугарија но тие како блиски сојузнички на нацистичка Германија биле тешко остварливи за дејанија во почетните години на војната. За Албанија не бил разработен акционен план поради конфузната состојба во земјата и бидејки била под директна италијанска управа. Веднаш потоа СОЕ разработил акциски план со 4 главни цели.

„1-Да се направи Балканскиот Полуостров постојан извор на вознемирување на оскините суровини и човечки потенцијали и постојан извор на политичка и воена криза.

2- Да се спречи колку што се може секое германско придвижување на Балканот, насочено против Турција, Русија или Средниот Исток.

---

[488] Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945) ИНИ Скопје, 2001 година, стр. 15-16

3-Да се помогне кампањата на политичка војна против италијанскиот морал кој е придружен дел од нашата политичка офанзива во Либија.

4-Да се обединат балканските народи против нивниот, нашиот и заедничкиот непријател и правејки го тоа, да се постават основите за поблиска соработка помеѓу нив во иднина[489]"

Истовремено се сугерира, охрабрување со пропаганда, воена помош одржување на комуникација, политичка акција за создавање на поголем јаз помеѓу населението и колаборационистите. Одржувањето на постоечките центри на вооружен отпор со снабдување на оружје, муниција и храна и формирање на нови центри. Посебно се потенцирала потребата од спроведување на акции против линиите на комуникации и германските центри за снабдување.

Со носењето на овие 4 цели, македонскиот народ и ГШ на НОВ и ПОМ предводен од Михајло Апостолски можел да се пронајде во секој од нив и со тоа да помогне во севкупната борба против фашизмот. Со тоа во партизанското антифашистичко движење во Македонија, подоцна преточено во македонска војска предводена од ГШ на НОВ и ПО на Македонија СОЕ добило енергичен сојузник во центарот на Балканот.

Во почетоците на своето дејание СОЕ сугерирало и инстирало „на окупираните народи во Европа да им се покаже како да се организираат во таен пасивен отпор, саботажни и герилски групи, а ако се снабдат со специјална опрема за саботажни и герилски групи, а ако се снабдат со специјална опрема за саботажи, оружје, експлозив, пари, радиостаници, тие би можеле да станат ефективна сила која може да игра важна улога во вознемирувањето на непријателот и вистински придонес кон конечната победа над непријателот[490]".

Значењето на СОЕ се зголемило со Италијанската капитулација во септември 1943 година. Во тој период се кршела и одлуката во раководството на СОЕ но и самата британска влада на кого да му испраќаат помош и на каков начин да ги продолжат акциите на балканот а посебно во Југославија , вклучително и во Македонија кога станало повеќе од јасно дека единствено комунистичкото, партизанското општонародно движење во Југославија има се поширока и поприфатлива улога кај народот, не четничкото движење на Дража Михајловиќ кого го форсирала југословенската избегличка влада. Во периодот од 1942 до јануари 1944 година на балканот, во Југославија и Грција имало 81 сојузничка мисија. Поголемиот делк од нив бил помеѓу ослободителните војски на народите на Југославија. Во Македонија пристигнале првите сојузнички британски мисии во базата на ГШ на НОВ и ПОМ во Црвена Вода.

Првите контакти во Југославија Британските тајни известителни служби ги имале со Дража Михајловиќ и неговото четничко движење. Британската влада, по бегството на кралот Петар II и југословенската влада, сметала дека своите интереси во Југославија

---

[489] Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945) ИНИ Скопје, 2001 година, стр. 17

[490] Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945) ИНИ Скопје, 2001 година, стр. 18

ќе ги заштити подобро ако соработува со четниците на Дража Михајловиќ. Првите контакти со Штабот на Дража Михајловиќ Британската влада, односно британската известителна служба ги остварила во септември 1941 година. Не се криело задоволството што биле добиени дека наводно, пробритански сили во Југославија му давале отпор на окупаторот. Се разбира се работело за делумно точни информации. „ Движењето на отпорот кое непосредно по капитулацијата на Кралската југословенска војска го организирал полковникот Михајловиќ во почетокот се состоело од мала група офицери, подофицери и војници на кралската југословенска војска, исклучиво Срби кои одбиле да се предадат на Германците. Под водство на Дража Михајловиќ тие се повлекле во планините во северна Босна. Кон крајот на април 1941 година Д. Михајловиќ со група од 30 луѓе се префрла на Равна Гора каде формирал штаб, единиците кои биле во план да се формираат биле наречени „Четнички одреди на југословенската војска. Во август 1941 година се формирал Централен национален комитет составен од лица кои уживале углед во српскиот политички и културен живот....до август 1941 година главната активност на четниците се состоела во планирање и водење мобилизација, собирање и уредување на скривници за оружје и муниција. Нивната стартегија од самиот почеток била да се организираат и да соберат сили и да го одложат почетокот на вистинската вооружена борба против окупаторот, се додека под налетот на западните сојузници окупаторските војски не почнат да се повлекуваат[491]".

Британската известителна служба сеуште немала точни информации за вистинскиот отпор во Југославија. Отпорот кој во вооружен конфликт се поистакнато го даваат единиците под команда на Јосип Броз Тито и ВШ на НОВ и ПОЈ. Тоа било причина првите мисии во Југославија да се испраќаат во штабовите на четниците. Покрај мисиите испраќана е и воена помош, оружје , муниција и разен друг воен материјал. Но како securityрока вистината излегувала на виделина, дека четниците соработуваат со Италијанските фашистички сили, со прогерманската влада на Недиќ во Белград, станало јасно дека вистинскиот сојузник иако е идеолошки различен е поконкретен во дејанијата на теренот. Поради соработката со окупаторските фашистички и квислиншки сили Велика Британија и СОЕ издава наредба за повлекување на мисиите од четничките штабови во декември 1943 година. со тоа била „повлечена и службената подршка на Михајловиќ[492]".

Пристигнувањето на британските мисии во ВШ на Југославија се во период кога на теренот се водат непријателските офанзиви кои биле клучни за развојот на НОБ. Тие биле пристигнати на 27. 28 Мај 1943 година по наредба на британскиот командант за Средниот Исток во фаза кога војната на медитеранот и во светот во целина влегувала во критична фаза. Било нужно потребно сојузниците да соработуваат вклучително и со силите на НОВ и ПОЈ кои на свои плеќи ја носеле војната на балканот. Веројатно тој

[491] Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945) ИНИ Скопје, 2001 година, стр. 28, Револуција и контрареволуција у Југославији 1941-1945, Издавачка радна организација "Рад", Београд 1983 година.

[492] Винстон С. Черчил, други светски рат, Том V, обруч се стеже, Београд, Просвета , 1967; Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945) ИНИ Скопје, 2001 година, стр. 31

факт дополнително ќе влијае за испраќањето на идните воени мисии во Југославија и вклучително Македонија. Британските воени мисии биле сведоци на се позасилената и понагласена афирмација на партизанското движење, како убедливо најмасовно и териториjално најпроширено движење во Југославија. Битките кои се воделе на поширокото југословенско боиште по подигнатите непријатески офанзиви, во кои се воделе драматични битки кои привлекувале огромен број на окупаторски и квинслиншки фашистички сили, покажувале дека ВШ на НОВ и ПОЈ крваво се борел против окупаторот и бил широко прифатен од народните маси. Конечно по добиените детални извештаи од првата британска мисија, кој против кого на југословенското боиште се бори и со колкави сили располага на 17. 9. 1943 при ВШ на НОВ и ПОЈ пристигнал Фицрој Маклин личен претставник на премиерот на Обединетото Кралство Винстон Черчил. Со тој чин конечно и односите помеѓу новите сојузници се издигнале на повисоко ниво.„ Во почетокот на декември британскиот премиер Винстон Черчил го повикал шефот на британската мисија во Југославија Фицрој Маклин да се информира за состојбата во Југославија. При таа средба Маклин сосема отворено ја истакнал убеденоста дека партизаните по војната ќе бидат одлучувачки фактор во Југославија. Во потврда на тоа била и телеграмата на британскиот амбасадор при југословенскиот двор Ралф Стивенсон кој во телеграма до Ф.О. од 25 декември нагласил: партизаните ќе бидат господари во Југославија...Сосема е сомлително дали монархијата и понатаму може да се смета како елемент на уредување[493]".

Кон средината на 1942 година британците преку своите одели на СОЕ покажале интерес да се запознаат со спецификите на македонското боиште. Пред се британската страна ја интересирала можноста за онеспособување на комуникацијата на вардарско-моравската долина започнувајќи од Солун. Таа природна траса била од исклучително стратегиско значење за обете страни во конфликтот. Поради тој факт македонското боиште добило на својата посебност. И во случајот на Македонија работите биле реално согледани како на подрачје завладеано од германските сојузници и окупаторски сили на италијанската и бугарската армија. И во Македонија како дел од поширокото југословенско боиште најпрво било застапено мислењето да се комуницира со четничкото движење. Но токму поради таквиот став неколку воени мисии завршиле трагично каде дел од члeновите се заробени а дел ликвидирани. Првата мисија организирана од СОЕ која се подготвувала да биде испратена во Македонија била мисијата со кодно има "HACKTHORPE". Информациите лиферувани од четничката организација на Дража Михајловиќ ја потенцирал областа „Поречие" како област која може да биде погодна за изведување на мисијата "HACKTHORPE", тоа било прифатено од СОЕ. СОЕ на теренот во Скопје и во Гевгелија имал свои Агенти кои требало да испратат дополнителни податоци за мисијата во Порече. „Според преценета на Морган од 4 февруари 1943 година основните цели за уништување на мисијата требало да бидат:„а) електричната централа во Тетово, б)Локомотиви и возен парк....в) Инсталации на електричната станица, трансформатори и др.г ) Надземни јажиња од рудниците, д)

[493] Душан Пленча, Међународни односи Југославија у току другог свјетског рата. Институт друштвених наука, оделење за историске науке , Београд 1962 година,стр. 227

Помали саботажи...субверзивни активности, ѓ) Внатрешни саботажи во рудниците, е) Пасивен отпор меѓу рударитеи вработенитена железницата.

Секако ова бил еден многу оптимистички план на СОЕ, но нивното раководство не знаело дека четничкото движење во Македонија освен на крајно северните гранични територии со Србија областа „Црна Трава" немало фатено никаков корен во Македонија. Од своја страна за„Македонските герилци"како ги нарекувале партизаните на прилепскиот партизански одред, односно преку територија контролирана од македонските партизани требало да помине друга британска воена мисија. Британците се надевале на соработка на групите несвесни дека се не само идеолошки спротивни туку дека меѓусебно војуваат. Сепак на 28.2 1943 британската мисија која била подготвувана за спуштање на територијата на Порече ги добила последните инструкции пред акцијата. Приоритет било уништување на било кој мост или железничка комуникација помеѓу Велес и Скопје кои ја премостуваат реката Вардар.

Еден од повидните фигури во СОЕ капетанот Морган на 18.3.1943 дал процена за новонастанатата состојба за мисијата која требала да биде испратена. Фактички состојбата била конфузна и се менувала на дневна основа. Веќе следниот ден капетанот Морган во својот меморандум се осврнува за дејанијата на прокомунистичките македонски автономистички групи на отпорот, кои станувале се поинтересни за британците за анализа бидејки манифестирањето на општо незадоволство кон бугарската власт била се поевидентна. Тој во својот меморандум ќе го истакне фактот дека вакви македонски групи егзистирале и биле активни и пред војната спротиставувајки се на експлоатацијата на народните маси од страна на „српската национална влада"како ја именувал.

„ На 24.3.1943 година ...СОЕ испратила телеграма до управата за помошни служби во која се известувало за личностите кои заминувале за Македонија. Биле предвидени 2 групи ...Во првата група бил Капетан Самер, Каплан Легменд и Гаицки. Тие биле спуштени на претходно одреденото место за мисијата „Hackthorpe". Втората група била во состав капетан Морган, каплар Халингспорт и каплар Вигниевиќ. Групата била спуштена на слепо во област јужно од Скопје[494]".

Во телеграмата на СОЕ не се прецизира каде е спуштена мисијата „Hackthorpe", според тоа не се знае и точната локација на спуштање на мисијата. Во секој случај овие два обиди останале безуспешни и завршиле трагично по претставниците на СОЕ и претставувале прв удар врз насоките за поврзување со македонскиот отпор кон окупаторите. "Се истакнува дека мисијата била спуштена на 15 април 1943 година во близина на Брод,на слепо и веднаш биле заробени од војниците на 5 бугарска армија. По заробувањето биле испратени во Брод, потоа во Прилеп а оттаму во Скопје и завршиле во Софискиот затвор[495]".

---

[494] Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945) ИНИ Скопје, 2001 година, стр. 53.

[495] Николај Котев, Војна без правила, Британското разузнавање во Бугарија (1939-1945), во издание на Министерството за надворешни работи на Бугарија''Св. Геоги Победоносец'', Софија 1944 година

Што се однесува пак до мисијата на капетан Морган таа не успеала да стапи во контакт со претпоставените во Каиро. Мисијата завршува слично како и претходната мисија и сите нејзини членови се заробени и одведени во заробеништво. За сојузничката активност известиле и гермаските известителни служби.  Но и покрај фактот што се дознало за пропаста на Моргановата мисија, британското СОЕ не се откажувало од намерите да се спои со четничкото движење, иако тоа повеќе егзистирало само на хартија. По утврдување на територија за испраќање нова мисија преовладеало мислењето дека треба да се испрати мисија северно ос Скопје. Задачата на оваа мисија била исто така насочена кон преки на железничкиот сообраќај со изведување диверзанстски активности. „Точниот датум на спуштање на оваа мисија не е познат. Членовите на мисијата Смит, Парвс,Томлинсон,и Томсон биле убиени при еден напад на бугарската војска, а единствено Лин останал жив[496]".

После овие неуспешни и дел трагични мисии станало јасно дека британскиот клон на СОЕ во Каиро, нема да рескира и да испраќа повеќе воени мисии на територијата на Македонија трагајки по емисари на четничкиот покрет на генералот Дража Михајловиќ. Полека се створиле услови за испраќање на воени мисии и воспоставување на контакти со вистинските господари на дел на териториите на Македонија и вистинските антифашистички, окупаторски и  и колаборационистички борци, односно испраќање на мисии при ГШ на НОВ и ПОМ.

Конечно пресвртниот момент во промената на курсот на британската влада околу македонското прашање и македонската борба бил италијанската капитулација. Во тој период во Македонија во вардарскиот дел е створена поголема слободна територија. Веројатно најголем придонес за промената на британскиот став кон НОВ во Македонија доаѓа по состанокот на кој присуствувал Светозар Вукмановиќ Темпо кој цврсто ги застапувал македонските интереси. На тој состанок кој се одржал на 29 јули 1943 година на територијата на Грција во делот на Егејска Македонија во селото Силотари, освен Темпо и претставниците на НОД на Македонија присуствувала делегација на ЕЛАС и на НОД на Албанија.„Од тие разговори Маерс ќе заклучи дека Светозар Вукмановиќ се залагал за "Панбалканско партизанско движење" и "независно партизанско движење на отпорот.[497]"

Исто така Темпо побарал пред Маерс да му се обезбедат радиостаници за ГШ на НОВ и ПОМ првенствено да стапи во редовен контакт со ВШ.  Врховниот Штаб односно Јосип Броз Тито бил внимателен околу испраќањето на сојузничките мисии. Британците сакале во сите Главни Штабови да имаат свои мисии, тоа Тито неможел да го дозволи. Бил особено пратпазлив за ГШ на НОВ и ПОМ и отпочеток недозволувал доаѓање на странски мисии во Македонија, за тоа бил известен и Светозар Вукмановиќ Темпо. Со цел да не се издаваат и соопштуваат никакви тајни операции на ГШ на НОВ и ПОМ.

---

496 Проф. Др. Данчо Зографски, Операција Сит, стр 128, Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945) ИНИ Скопје, 2001 година, стр. 53.

497 Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945) ИНИ Скопје, 2001 година, стр. 59

Темпо пак од своја страна не се согласувал со таквиот став на Маршалот. Подоцна по инсистирањето на шефот на британската мисија во ВШ Фицрој Маклин, дека една нивна мисија се спуштила во Албанија во близината на Македонската граница да стапи во контакт со ГШ Тито се согласил. Темпо веднаш со својата придружнба се упатил на албанска територија.

Британските мисии на СОЕ стационирани во Албанија во областа Мокра Mulligatawany се упатиле кон ГШ. Пред нив и мисијата предводена од Џорџ Квајн Monkeywrench. Патешествието на мисијата на мајорот Квајн траела неколку дена. Патувале преку повеќе села, преку Белица, Вевчани, Луково, се додека не пристигнале во базата на главниот Штаб во Црвена Вода. Таму веќе била пристигната и другата мисија на СОЕ. Така одеднаш, за само неколку дена разлика во Главниот Штаб на НОВ и ПОМ пристигнале 2 британски сојузнички мисии. Конечно Главниот Штаб на НОВ и ПОМ добил своја тежина со осознавањето на сојузниците за праведната борба на македонскиот народ.

„Во септември 1943 година, преку Грција и Албанија дојде Светозар Вукмановиќ-Темпо. Тогаш беше спуштена една англиска воена мисија. Шеф на воената мисија беше штабниот офицер Џорџ Квајн...Веќе во октомври оваа мисија почна да добива оружје. Ние решивме примањето на оружјето да биде на Славеј Планина. За тоа обезбедивме и соодветна сигнализација….Военета мисија почна редовно да прима помош за нас...за прв пат тогаш добивме војнички униформи, меѓутоа англиски[498]".

Воената мисија требало да продолжи „за Горна Џумаја во Пиринска Македонија меѓутоа не можела да се пробие. Во тој период на територијата на Македонија под Бугарија делувале, разлошкиот партизански одред „Јане Сандански"и Горноџумајскиот одред „Никола Калапџиев[499]". Мисијата попат го забележила добродушноста на

Македонскиот народ. „Во својот извештај до СОЕ мисијата известила дека од македонскиот народ била пречекана воодушевено,...Тие нагласуваат дека по нивното заминување од Македонија, Апостолски останал да раководи со состојбата на теренот.[500]

Овие мисии ја преживеале голготата низ која поминала македонската војска, по нејзиното повлекување од слободната територија во правец кон Егејска Македонија, во Февруарскиот поход и Пролетната офанзива. Следуваат мошне оригинални извештаи околу дадената тематика. Највпечатливо било спријателувањето на Апостолски со одредени личности од мисиите, посебно Квајн. Тој во својата искрена длабоко човечка изјава ќе ја возвиши и праведно ќе ја оцени борбата на македонските партизани

---

498 Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 131

499 Васил Јотевски, Национална афирмација на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија 1944-1948, Институт за национална историја Скопје, 1996 година, стр.32

500 Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19и 20 декември 1996 година, Скопје, Македонска Академија-библиотека 1997 година, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за военополитичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи, стр. 193; PRO WO 202/515A

предводени од својот неприкосновен воен лидер и командант на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ генералот Апостолски. Тој меѓуостанатото истакнал.

„Никогаш повеќе не сум видел толку висок морал како кај вашите борци во вашиот заеднички поход и вербата во вашите раководители.... Со моралот што го имате ништо не ќе може да ве спречи во борбата за слобода[501]".

Интересни за коментирање се извештаите што во Каиро ги испраќаат мисиите пристигнати во Македонскиот ГШ. Капетанот Мекдоналд испратил депеша во која се вели, „За командантот на ГШ на НОВ и ПО на Македонија Михајло Апостолски ќе истакне дека тој е неупадлив, пред све достоинствен, многу енергичен, многу љубезен, благ и се грижи за потребите на мисијата. Но според него Светозар Вукмановиќ Темпо бил недвосмислено човекот кој ги даваше одговорите на да или не. Тој имаше репутација на храбар интелигентен, добар оратор и голем организатор. Беше пријателски настроен кон мисијата, но имаше некоја резерва во неговиот став, што се должеше по мое мислење, на нашата претходна помош на Михајловиќ[502]".

СОЕ продолжил да размислува за саботажи во Македонија. Така во Март планерите на СОЕ размислувале да ја дигнат во воздух хидроцентралата Матка. За ова дури е испратено и барање до одделот за Југославија„ да се пристапи кон изработка на план за уништување на браната Матка. Целта на саботажата требала да биде, прекинување на снабдување со електрична енергија на рудниците Алатинии слични индустрии[503]".

Сепак оваа акција на СОЕ не се извршила поради недоволните прибраните податоци околу хидроцентралата Матка. СОЕ не располагала со квалитетна анализа и поради тоа акцијата се одолжила до прибирање квалитетни податоци. Интересно, СОЕ не се откажал од планот, па во текот на Јуни започнала иницијатива за бомбардирање на Хидроцентралата Матка. За тоа „Force 266 " ја информирало воената мисија „Brasenose" дека се разгледува можноста за бомбардирање на хидроцентралата Матка. Се планирал комбиниран напад и кон Тетово од воздух и копно. Во тоа време тоа била премногу опасна и нереална акција. Од друга страна ако се уништела хидроцентралата Матка, тоа ќе доведело до голема катастрофа по локалното население. Заради тоа во ноември се водени крвави битки да се спаси Матка од уништување на Германско-балистичките сили, ова го напоменувам како воен парадокс. Како и да е оваа мисија не се остварила, за среќа на сите страни.

Испраќањето на нови мисии и помош за Македонската војска продолжило, комуникацијата со Главниот Штаб била редовна. Во периодот на 6/7 април 1944 година спуштена е нова мисија во Трговиште, на граничната областа помеѓу Македонија и Србија. Мисијата ја сочинувале капетанот Ламби и каплар Мултон. Главната задача и

[501] Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија, ФЗФ, Скопје 2000г. Стр.689; Михаило Апостолски,Февруарски поход, НИП наша книга, Скопје 1973 година. стр.146
[502] Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945) ИНИ Скопје, 2001 година, стр78
[503] Тодор Чепреганов, Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија (1942-1945) ИНИ Скопје, 2001 година, стр. 80, PRO WO 202/515A

цел на мисијата, било спојувањето и помош на единивите на ГШ на Србија и останување на теренот и делување при ГШ на Србија. Меѓутоа во тој период на теренот делувале единиците кои биле под директна команда на генералот Михајло Апостолски и ГШ на Македонија.

,, Во овој период на оваа територија се наоѓале и партизанските единици на чело со Апостолски. На 23 април 1944 на барање на Апостолски, Ламби без Мултон и радио приемник, заминал да се поврзе со македонска бригада и два косовски батаљони кои требало да го нападнат Кратово. Кратово било нападнато на 24 април. Тој известува дека по неколку часовна борба, Кратово било заземено и биле заробени 150 Бугари, кои потоа им се приклучиле на партизаните и го формирале батаљонот Васил Левски кој делувал со 3 бригада. Според него заземањето на градот и партизанскиот марш..... преку источна Македонија му даде огромен потик на НОД. Тој во детали го опишува маршот на партизанските единици низ територијата на Источна Македонија се до Егејска Македонија и истакнува дека во периодот помеѓу 12 и 24 мај 1944 година македонските партизани воделе целодневни борби , а се движеле ноќе преку Плачковица и Огражден....двизејки се речиси без никаков одмор и со мошне малку храна, моралот сеуште бил висок[504]".

Исто така Ламби бил присутен и на Првото заседание на АСНОМ за кое известувал. Според него,,Партизаните избрале народна влада на Македонијаи издале декларација за независна Македонија, и го пренесува воодушевувањето со кое биле поздравени одлуките на АСНОМ[505]".

Исто така Ламби известува за одушевеноста на Апостолски како ја опишал за заедничко сојузничко македонска акција, и координирање со сојузничките воздушни сили посебно РАФ. Подоцна во операцијата „Недела на глувците'' популарниот „Ратвик'', Ламби учествувал во неколку операции во онеспособување на комуникациите Скопје –Велес и Велес-Прилеп. Овој претставник на сојузничката британска мисија проценил дека во Македонија 10000 партизани се без оружје. Било очигледно дека оружјето за македонските единици фали, и се залагал и известувал коректно за снабдување со оружје кај своите претпоставени.

На 3 Јануари 1944 година во Македонија е спуштена уште една мисија, на Капетанот Д.Ц.М. Мекдоналд. Во Македонија Мекдоналд се задржал подолг период. Во оваа мисија се начнати и најгорливите прашања од интерес на Македонија но и на Британија. Се однесувало за Грчко-Македонските односи. Интересно е дека на почетокот Мекдоналд изјавил дека Грчко–Македонските односи се срдечни, а односите

[504] Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19и 20 декември 1996 година, Скопје, Македонска Академија-библиотека 1997 година, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за военополитичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи, стр. 193/194; PRO WO 202/513A

[505] Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19и 20 декември 1996 година, Скопје, Македонска Академија-библиотека 1997 година, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за военополитичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи, стр.194, Ibidem.

помеѓу политичките и воените лидери блиски. Меѓутоа „во поглед на неактивноста на грчките партизани, македонските покажувале одвратност, а од друга страна тие зборувале све најубаво за македонците од делот под Грција кој ги хранел преку целата зима и се грижел за ранетите. Во извештајот истакнува дека македонските села Грците ги именуваат како Бугарски, дека под режимот на Метаксас македонскиот јазик бил целосно забранет и дека е тешко да се процени односот на македонското и грчкото население во областа. Во врска со политичките барања на Македонците истакнува дека тие вклучуваат во себе дел од Солун и територијата северно од него. Мекдоналд како што истакнува неколку пати го покренал прашањето за грчката подготвеност да изгубат територија во полза на Македонија"[506]. Интересно е што според него за партизанските фактори од обете страни тоа не би требало да претставува проблем после војната. Дури и со Албанските партизани и нивното раководство. Тој увидува и укажува дека трите движења македонското, грчкото и албанското активно соработуваат на теренот. Водејки се од тоа тој заклучува дека Македонците цврсто се држат до „Атланската повелба"[507].

Исто така Мекдоналд е единствен кој во својот извештај ја анализира и се задржува на политичката ситуација во Вардарска Македонија. Останатите останале доследни на следењето на приоритетната воена ситуација за што давале извештаи.

„ Во врска со политичката ситуација, тој ќе истакне дека „Македонското партизанско движење во својата основа пред се е национално, а како второ, комунистичко движење. Во нивната пропаганда цело време се нагласува за цело време се нагласува македонската национална независност. Бидејки тие немале независност од дванаесетиот век, очигледната брзина во приближувањето на реализирањето на оваа цел ги има обединето сите нијанси на политичко мислење и сите класи во Македонија стојат зад партизанското движење. Фактот што тие се борат како Македонска армија тие го сметаат за дел од историјата. Дури тој ќе истакне ...дека нивните лидери сериозно сметаат дека Грција и Бугарија ќе и отстапат територии на нова Македонија. ..Јас би нагласил дека ова не е некое мудрување туку сериозно е поставено од Апостолски, Абаз и другите. Во врска со личностите , ќе истакне дека Апостолски е главен командант на НОВ и ПО на Македонија, корисен и внимателен кон британските мисии и е невпечатлив"[508].

---

[506] Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19 и 20 декември 1996 година, Скопје, Македонска Академија-библиотека 1997 година, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за военополитичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи, стр. 195/197; PRO FO 371/43 739 R 21 785.

[507] Атлантската повелба е политичка декларација која што е договорена во текот на Атлантската конференција (шифрирано RIVIERA) на воениот броду во пристаништето Аргентина на Њуфаунланд. Заедничката декларација е дело на Британскиот премиер Винстон Черчил и претседателот на САД Франклин Рузвелт, кои се состанаа на воен брод во Атлантикот, каде што ја формулираа и на 14 август 1941 година ја потпишаа прочуената "Атланска повелба", чии што начела ги понатаму ги прифатија и Обединетите нации во својата Декларација во 1945 година. Во повелбата меѓу другото се истакнува дека територијалната промена мора да биде во согласност со слободно изразената волја на народот, народите имаат право да си избираат за себе облик на владеење по волја и тоа право треба да им се врати на сите, и се предупредува дека народите во светот мораат да се откажат од употребата на сила.

[508] Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19и 20 декември 1996 година, Скопје,

Кон неговите тврдења и извештаи за Македонско обединување се приклучува и Еванс кој во својот извештај истакнал дека, се случува процес на воскреснување на македонското прашање и се отвара прашањето за обединување на трите дела на Македонија. Поради овие извештаи дошло и до политичка реакција од страна на британскиот Форин Офис. „ ФО од своја страна барал шефот на британските мисии Фицрој Маклин, да го предупреди Тито во врска со активностите кои се преземале во Македонија и да внимава да не биде вовлечен во настаните во Грција. Тито го известил Меклин дека се она што се случувало во Македонија се случувало без негово знаење или одобрение  и ветил веднаш да стави крај на таквото однесување на Македонците”[509].

„ Во никој случај не смеете да дозволите македонската бригада од Грција да помине назад во Грција. Тоа би било мешународен скандал во ова време. За тоа сносите полна одговорност. Јосип Броз Тито[510]”. Ова се вели во телеграмата испратена од Тито лично до ГШ на НОВ и ПО на Македонија.

Според британските тајни служби кои озвестувале од Македонија уште еден извештај во себе содржи извесна драматика. Интересно во извештајот се тврди дека АСНОМ и ОЗНА отворено истакнуваат дека тие го мразат присуството на сојузничките мисии во Македонија и ќе направат се да се ослободат од нив во првата прилика. Ова тврдење е малку скандалозно и веројатно е испратено во ситуација кога имало извесни недоразбирања. Како и да е барем Апостолски и Темпо веќе имале изградени и лични пријателства со многу од сојузничките претставници испратени во мисиите. И покрај таквите извештаи командантот на НОВ и ПОМ генерал Апостолски не го менувал јасниот став за етапно решавање на македонското прашање, тоа го приметиле и го споменувале мисиите и веројатно го анализирале. Еден таков настан се случил на 8 декември 1944 година кога Апостолски претстојувал во Белград. Наводно тој го известил Милер. „Генерал Апостолски на информира дека во Белград е решено дека сојузничките воени мисии во Македонија ја завршиле својата работа и поради тоа нивното присуство во земјата повеќе не е потребно, и дека подготовките за нивно

---

Македонска Академија-библиотека 1997 година, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за военополитичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи, стр. 197/198

509 Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19и 20 декември 1996 година, Скопје, Македонска Академија-библиотека 1997 година, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за военополитичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи, стр. 198; FO 371/43694 R. 21108/1009/67; Ibidem.

510 Телеграма испратена од ВШ и Тито лично до ГШ на НОВ и ПОМ на 12 декември 1944 година, Јосип Броз Тито ,Собрани дела, том XXVI, 14 јануари-28 февруари 1945, „Комунист” , „Култура” , „Македонска книга” , „Мисла” , „Наша книга”, Скопје, 1982 година , стр.117,456

заминување се договорени помеѓу Тито[511] и Маклин[512]". Во образложението од Апостолски како што известил Милер, се истакнало дека во Македонија е завршена војната, што било точна состојба на теренот искажана од командантот. Според тоа нивниот статус на воена мисија е завршен и можеле да останат само како гости на ГШ на Македонија. Всушност школуваниот генерал само им ја соопштил вистината дека тие повеќе немаат официјален статус, веројатно пропишана и по воените правила и закони. Затоа генералот ги известил дека како ГШ немаат никаква основа ниту обврска да ги известуваат за идните воени акции. Апостолски постапил патриотски бидејки бил самиот добро информиран што се случува во Грција каде тензијата растела по британската интервенција. Таму се случувала вистинска драма, по напуштањето на ЕАМ на новоформираната грчка влада и почетокот на демонстарциите во Атна на 3 декември 1944 година против монархијата. ЕЛАС ќе навлезе во сериозен воен судир во самата Атина со преку 60 000 британски трупи. Така На 4.12.1944 резервните единици на ЕЛАС повторно се наоружале и започнале со силни напади на полициските станици во Атина. На 5.12.1944 година британскиот премиер Винстон Черчил, со телеграма лично му наредил на британскиот генерал Скоби безусловно да го спречи преземањето на Атина од комунистите. На 6. 12 1944 година силни британски сили (65.000) војници и оклопни единици, ги започнале воените дејства против ЕЛАС. Во битката што ќе беснее неколку дена Британците ја обезбедиле и вратиле власта на грчката монархистичка влада, по насилен воен пат. Фактички Апостолски и ГШ не ја одобрувал насилството и промена на желбата на народот во големо мнозинство на населението во Грција на власт да бидат Комунистите или да бидат силен дел од власта. На Апостолски му било јасно што ќе следи, затоа веројатно така и реагил во својство на командант на ГШ и ја почитувал вољата на нивните антифашистички сојузници од грција ЕЛАС-ЕАМ и КПГ со кои граделе односи од самиот почеток на војната. Очигледно било дека официјален Белград ќе се вмеша во ситуацијата.

Поради новонастанатата ситуација со раководството во Македонија, и Маклин и Британската воена мисија и шефот на Американската воена мисија, веднаш го известиле официјален Белград и Јосип Броз за новонастанатата состојба и недоразбирањата со

---

[511] Јосип Броз –Тито (7.5.1892, Кумровец-4.5.1980, Љубљана) револуционер, комунист, политички и воен раководител на НОВ и ПОЈ , Маршал, Југословенски државник. Како учесник во Првата светска војна (австроунгарски војник) бил упатен на рускиот фронт каде бил заробен. Во 1920се враќа во Загреб и од тогаш започнува неговата кариера во рамките на КПЈ. Официјално 1940 станал генерален секретар на партијата. Во текот на Втората светска војна ја организирал и раководел НОВ на Југославија. По војната ги обавува највисоките партиски и државнички функции. Откако се разидува со Сталин и Информбирото ( 1948-1956) започнува со видлив пробив и афирмација на меѓународен план. Станува еден од основачите на движењето на неврзаните и еден од најпочитуваните светски лидери. По неговата смрт заради натрупаните и нерешени економски и политички проблеми дојде до распад на федерацијата СФРЈ која тој ја создаде и ја раководеше од 1943 година се до неговата смрт на 4 мај 1980 година. Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991), Филозофски факултет Скопје, Скопје 2015 година, стр.20

[512] Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19и 20 декември 1996 година, Скопје, Македонска Академија-библиотека 1997 година, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за военополитичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи, стр. 198, PRO WO 202/515B

Командантот на ГШ на НОВ и ПО на Македонија Михајло Апостолски. Да биде иронијата комплетна, Тито во својот првичен одговор до сојузничките мисии истакнал.

„Генералот Апостолски дејствува без никакво овластување, и дека му е наредено да ги постави работите на вистинско место[513]". Јас би го поставил логичното прашање. А дали можел да делува без овластување на Маршалот? Не, тоа не можело во никој случај. Апостолски како искусен командант секогаш се држел до воените правила, воените односи и задачии помеѓу тајни служби или мисии и ја почитувал воената хиерархија. Негов командант бил само Тито. Затоа тој секогаш се консултирал, а ако неможел оставал траги или испраќал телеграми до ВШ или до Маршалот. Така во меѓу време помеѓу Тито и Апостолски веќе има средба во Белград каде ги анализираат работите. Тито имал големо разбирање и меѓусебно почитување кое го изградил со генералот Апостолски, а се однесуваат за ставовите на Апостолски кои биле јасни и изнесени во периодот, односно неговата парола „На Берлин потоа на Солун". Но новонастанатата состојба на теренот го вознемирила генералот, сепак тој не бил политичар, и неможел да претпостави што све ќе се случува на теренот во соседството. Тој бил свесен дека политичката ситуација во Грција не му оди во прилог, пред се поради фактот што британските комбинирани сили многукратно ќе се зголемат. Во едни такви околности по состаноците во Белград, Апостолски ја повлекува одлуката за заминување и евакуирање на сојузничките мисии од Македонија. На 14 декември 1944 година, Генерал Апостолски, ги известил сојузниците дека нивните мисии можат да останат во Македонија. Од друга страна, тој е известен дека е потребен на ВШ во Белград за пробивање на Сремскиот фронт.

И како извесен парадокс на воената ситуација во Македонија, истиот Милер кој најмногу се пожалил на одлуката на Апостолски за правно и формално завршување на воените мисии заклучил дека: „Практично не постои причина да останеме овде како воена мисија од следниве причини: Македонија сега е исчистена од Германците. Се чини дека не постои натамошна работа за воената мисија. Имајки ја во предвид забраната за нашето движење, стана невозможно да се добијат повеќе информации во однос на комуникациите, индустриските објекти и др. со непосредна опсервација[514]".

Многу веројатно, од политички причини по формирањето на првата југословенска народна влада во март 1945 година и по пристигнувањето на првиот амбасадор на Велика Британија во Белград, во јуни 1945 во НР Македонија е отворен првиот повоен британски конзулат. Со тој чин фактички престанала работата на британските воени мисии во Македонија.

---

[513] Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19и 20 декември 1996 година, Скопје, Македонска Академија-библиотека 1997 година, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за военополитичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи, стр. 198

[514] Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19и 20 декември 1996 година, Скопје, Македонска Академија-библиотека 1997 година, Британските воени мисии во Македонија и нивните оценки за военополитичката состојба во 1943-1945 година низ нивните извештаи, стр. 199, Ibidem

Генералот Михајло Апостолски со својот професионален однос не сакал и не можел да се наметнува за некакви поблиски пријателства со претставниците на мисиите на сојузниците. Едноставно тие се случиле по низа настани и случки на теренот. Личните пријателства со шефот на една од воените мисии Џорџ Квајн всушност било обострано пријателство. Тој често разговарал со Квајн и во еден разговор по борби на Кожув Планина кои биле секојдневие за време на офанзивата, мајорот Квајн го поканил на чај и поразговарале за состојбите на теренот. „Една вечер ме покани на чај при што разговаравме за претходните борби. Во еден момент ми рече, доколку во вчерашниоте борби се најдеше цел еден британски корпус, повеќе од сигурно ќе капитулираше. Јас тогаш го погледнав и му реков: „Ние не излеговме за да капитулираме,туку за да се бориме”. Потоа се интересираше од каде сме ја научиле тактиката за партизанско војување. Јас се насмеав и му реков. „Ти си Мајор и јас сум Мајор што значи ние сме колеги. Меѓутоа во нашите книги за герилско војување има само две страници”. Се зачуди и ме праша:„ Па каде го научивте ваквото војување?”. Јас бргу му одговорив: „И вие да сте во мојата кожа бргу би го научиле. Јас уште од мојата рана младост сум слушал за герилското војување, и тоа од дедо ми, од татко ми, мешутоа основното е во тоа што јас носам одговорноста за судбината на својот народ[515]”.

Во повоените години најверојатно во седумдесетите години од минатиот век Михајло Апостолски службено го посетил Лондон. Велото на неговата посета е поприично мистериозна но тој секако не заборавил на своите пријатели од британските сојузнички мисии. Многу веројатно е дека бил на посета на некоја од британските (англиските како тој ги нарекувал) служби, како висок претставник на федерацијата. Апостолски изјавил: „Кога бев во Лондон, сакав да се видам со Џорџ Квајн, но не успеав да се сретнам со него. Му испратив писмо на Дикин[516], кој беше во Врховниот штаб и го замолив да ги пронајде шефовите на воените мисии што беа во Македонија за да се видам со нив....таму се сретнав само со Макдонел, кој дојде кај нас со еден лорд...мешутоа Џорџ Квајн не успеав да го пронајдам. Жал ми е што не воспоставив контакт со него, зошто тој покажа извонредна упорност и огромно разбирање за нашата борба. Се сеќавам кога се разделивме во Караџова. Морам да им изразам благодарност на Џорџ Квајн и на воената мисија за разбирањето, како и на пилотите за нивната упорност да не пронајдат и да ни дотурат храна, облека и друг материјал[517]”.

# ГЛАВА III : МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ ВО ПОВОЕНИОТ ПЕРИОД

[515] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 131/132
[516] Дикин Сер Вилијам Дикин, ( William Deakin 1913–2005) шеф на Англиската мисија при Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ. Професор по историја на Универзитетот во Оксфорд. По војната ја пишува книгата „The Embattled Mountain” (Планина со Борба) за случувањата за време на втората светска војна во Југославија. Ранет за време на „Битката на сутјеска”кога е ранет и Јосип Броз Тито што претставува единствен сојузнички командант ранет во борба. Тој бил човекот кој го убедил Черчил заедно со генералот Фицрој Меклин кон крајот на 1943 година во Каиро дека Титовите комунистички сили се многу ефикасни во борбата против фашистите, и дека антикомунистичкиот ривал Дража Михајловиќ соработува со силите на оската. На погребот на Маршалот на Југославија Јосип Броз Тито, Маргарет Тачер Премиерот на Британија ги повела и Вилијам Дикин и Меклин да се простат од својот сојузник. Бранислав Кулаш, Британецот на Сутјеска и во Јајце, Мост, часопис за образование наука и култура, Мостар, април 2005, г.
[517] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 133

### 3.1 Службата во Генералштаботот во Белград

Генералот Апостолски, заминал на службување во Врховниот штаб пред тој да биде преименуван во Генералштаб. Во меѓувреме настанале и сите промени околу именувањата на Штабовите во Југословенските републики. Тоа била голема промена за сите чинители а донесени пред финалните борби за конечното ослободување на целата Југославија. Неколку моменти биле мошне впечатливи. Во февруари 1945 година Врховниот командант Јосип Броз Тито го повикал генералот Апостолски на состанок. На тој состанок каде присуствувале повеќето од најпознатите генерали на армијата. За Апостолски Тито пред сите присутни изјавил дека сака да го задржи кај него. Тоа Апостолски го прифатил со големо задоволство. Меѓутоа останатите генерали покажувале извесна љубомора кон оваа одлука на Маршалот. „Арса Јовановиќ и Велимир Терзиќ почнаа да го молат Тито да поминам на работа во Генералштаботот. ..Нивните аргументи за тоа што јас бев единствен Генералштабен офицер во НОВ од 1941 година, и дека наскоро ќе треба да се организира Генералштаб. Тито се согласи со тоа. Карактеристично беше тоа што овие луѓе, со моето доаѓање во Генералштаботот, се исплашија за своите функции, за власта[518]".

И покрај тоа што почуствувал како луѓето од генералшабот почнале да го игнорираат и да го маргинализираат криејки све од него, сепак Апостолски бил доволно информиран бидејки информациите всушност ги дознавал на редовните брифинзи акј маршалот. Останатото за него било лесно сватливо, решливо. Пред крајот на војната имал задача да обучува команданти на дивизии. Никмалку лесна задача. Морал да ги обучува идните команданти и практично и теоретски. Тие ќе бидат нужно потребни на идната ЈНА.

Во Белград генералот Апостолски го дочекал и крајот на војната. Се радувал на веста, Берлин паднал, Германија капитулирала. Сите ја изразувале својата голема среќа и задоволство што конечно ќе се створат услови за мирен живот, за соживот за економски напредок за нов почеток. Тој со измешани чуства на голема среќа но и тага за изгубените другари со кои заеднички војувал против непријателот крстосувајки по македонските планини изјавил „Не можам да го заборавам загинувањето на Мирче Ацев, на Страшо Пинџур, на Питу, и на плејада други луѓе, што загинаа, а кои ја носеа војната на своите плеќи. Меѓутоа тогаш се јави и мислата на надеж дека сега широко се отвара светот пред нас, свет во кој ќе може да работат и да живеат слободни луѓе[519]".

Целиот изблик на радост и емоции во тие денови на победата над фашизмот брзо завршиле. Земјата била разрушена, било потребно итно економско заздравување и решавање на мал милион ппоблеми. Но едно прашање немало одговор, што го потенцирал самиот Апостолски. Што после падот на Берлин, што со прашањето, „на Солун"? Сега кога за неговата теорија се создале услови, се наметнало прашањето само по себе. Апостолски бил отсутен од Македонија, останал да работи во Белград. Тогаш во Македонија се случиле драматични настани и политички промени по кои настрадува

---

[518] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 279-280
[519] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор" и „МРТ", Скопје, 2003, стр. 281

поголемиот дел од првото раководство на АСНОМ, како и самиот Претседател на Президиумот на АСНОМ Методија Андонов Ченто. Во овие драматични настани, обвинуван е дури и самиот Апостолски дека бил сепаратистички настроен. Процесот на поврзувањето на Демократска Федеративна Македонија кон централните органи на Федерацијата се одвивал нормално според насоките, но сега имало една голема промена. На челото на првата народна влада на 16.04.1945 година доаѓа до изборот на Лазар Колишевски. Човек желен за власт, за некаква несватлива освета, веројатно исфрустриран по долгогодишната робија во Софија. Тој со своите истомисленици застануваат цврсто на линијата на силна projугословенска ориентација. Веднаш се судрил со старите кадри од АСНОМ. Бидејки од тука потекнуваат барањата за поголема самостојност во рамките на федерацијата и поголема ангажираност за решавањето на македонското прашање.

Првата Народна влада на федерална Македонија е избрана во рамките на одржувањето на Третото заседание на АСНОМ (Второ вонредно заседание) што се одржало во периодот од 14-16.04.1945 година. Владата била избрана врз основ на, Законот за именување и надоплнување на решението на АСНОМ од 15 април и законот за Народна влада на Македонија, донесен на 16.4.1945. Првиот состав на првата влада на ДФМ го сочинувале: Лазар Колишевски – претседател, Љупчо Арсов, Абдураим Мехмед, потпретседатели, министри: Киро Петрусев, Никола Минчев, Павел Шатев, Страхил Гигов, Тоде Ношпал, Благоја Фотев, Георги Василев, Д-р Неџат Аголи, Д-р Вукадин Поповиќ.

Првата народна влада донела декларација во која се потенцира „Братството и единството на Југословенските народи..дека ќе се бори за остварување на внатрешно единство на сите народи и народности....дека ќе биде противник на сите појави на шовинизам, сепаратизам и против сите оние што не ја признавале националната самобитност на македонскиот народ[520]".

Наместо ваквите заложби, од избраните министри во првата народна влада„половината настрадаа во идеолошките чистки и под други дисквалификации. Од оваа прва Влада беа деградирани: Павел Шатев, Георги Василев, Киро Петрушев, Благоја Фотев, Неџат Аголи[521]".

За време на претстојот во Белград , генералот Апостолски неможел да влијае врз настаните кои почнале да ја потресуваат Македонија. Како самиот изјавил нему не му било до власта, тој за тоа многу им замерил на некои кадри, со кои минал и добро и зло. Некои соборци многу го разочарале. Тоа биле пред се, Бане Андреев кој воопшто не се снашол во борбите како што го опишува генералот, и посебно Страхил Гигов. Тие многу го разочарале генералот уште за време на војната, љубоморејки му за се и сешто, обвинувајки го дека сака да ја преземе власта во иднина. Но Апостолски бил и останал војник до крајот. Не бил осветољубив човек по природа. Веројатно и затоа несакал да се

---

[520] Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, стр.62
[521] Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, стр. 62-63

меша во политичката пресметка во Македонија. Со неговото повлекување во федералните воени структури од самиот Тито, фактички се отворил голем простор за политичко делување и политичка пресметка со голем дел од негови истомисленици а неистомисленици со новите политички кадри именувани во Македонија, желни само за власт. Така Страхил Гигов искористувајки ја шансата својата политичка кариера ја продолжил во првата влада на Колишевски.

Во тој период непосредно по завршувањето на војната, новоетаблираната пројугословенската тврда догматска струја во КПМ, на чие чело се зацврстил Лазар Колишевски поставува свои доверливи луѓе: Видое Смилевски, Страхил Гигов, Љупчо Арсов, Цветко Узуновски и други кадри. Партијата се наметнала и добила можност за целосна контрола над судската и управната власт. Се отворила можноста за расчистување со неистомислениците. Уште во Август 1945 година е донесен „Законот за уредување на народните судови". Народните судови работеле по кратка, итна постапка. На тој начин се расчистувало со многу пресуди од типот на претходно заклучени шпекулации, или едноставно носење на одлуки за конфискација. Се разбира сите пресуди биле носени по претходна партиска директива. Над сускaта власт под директна контрола на партијата била и милицијата. Освен Милицијата „Оделението за заштита на народот (ОЗНА) имало најзначајна улога во пресметките на КПМ кон неистомислениците. На сојузно ниво ОЗНА станала многу силна препознатлива организација во замјата. Се смета дека ОЗНА е одговорна за голем број масовни ликвидации на непријатели или противници на комунистичкиот режим кон крајот и по Втората светска војна во Југославија. Во Македонија ЦК на КПМ за началник на ОЗНА го назначил Цветко Узуновски – Абаз, негов заменик Кирил Миљовски, и помошници Елисие Поповски, Злате Биљановски, Киро Георгиевски и Блага Поповска.

Во отсуство на Генералот Апостолски, Колишевски на сите раководни места во институциите и судската власт поставил свои кадри. Искусните проверени стари револуционери и дејци од АСНОМ се нашле на удар на репресијата. Освен репресијата една од често применуваните тактики и мерки на југословенското партиско раководство применето во Македонија, а веројатно и пошироко во федерацијата, било разместувањето на многу кадри на разни позиции во федералните органи но во Белград. На тој начин, постепено од Македонија ќе се отсранат сите оние напредни кадри кои во народот имале посебно место и народот сеуште многу го почитувал нивното дело. Но тие морале да бидат мирно отсранети и подалеку од очите на народот да не се ствара доим дека има имале поразлични ставови од официјалната македонска Влада предводена од Колишевски и различен пристап за решавање на Македонското прашање во федерацијата и со соседите. Така во Белград се „испратени", Киро Глигоров, Петре Пирузе Мајски, Димитар Влахов, Лазар Соколов, Благој Хаџи Панзов, Јордан Блажевски и многу други.„Многу од интелектуалците со борбени воени биографии биле отстранети од локален терен, така што било лесно историјата да се почне од тој момент. Издигнувањето на нови личности, покорни, често со дамка во биографиите, догматски настроени, наспроти познатите и блиски до народот борци и авторитети, врвел низ процесот на нивно жигосување како буржоаско демократски елементи, т.е. непријатели на комунизмот, според коминтерновските критериуми, како интелектуалци кои се

занимаваат со „матни науки” и кои носат во главите сомнеж кон „чистата комунистичка визија” но честопати и како дејци на ВМРО, т.е сепаратисти[522]” .

Додека во Македонија се прославувала победата на свој начин со пресметки и бескрупулозна борба за власт, Михајло Апостолски во Белград бил поканет на еден состанок кај Маршалот каде му било соопштено дека ќе присуствува на големата прослава на победата над фашизмот во Москва. Во делегацијата на Југославија на парадата во Москва биле присутни 5 генерали од 5 југословенски нации. Тоа биле: Од Србија, Генералот Коча Поповиќ, Од Црна Гора, Генералот Вукановиќ, од Словенија Улепиќ, од Хрватска, Мате Јерковиќ, и од Македонија, Генерал Михајло Апостолски.

Историската парадата била одлично организирана, Југословенската делегација добила почесни места. По парадата југословенската генералска делегација го посетила Кремљ, биле поканети на вечера ос Стањин. Кога пристигнале во Кремљ Апостолски и Коча Поповиќ седеле на маса со тројца руски високи воени старешини. „Молотов држеше здравици за секој фронт, одделно ги именуваше сите раководители на фронтовите. Така дојде до централната маса на која седеа Стаљин и целото Поликбиро. За одбележување е тоа што кога нашиот ред, Молотов одржа фантастична здравица. Тој рече дека ја крева чашата во чест на нивниот најверен сојузник, кој уште од првиот ден војувал со нив, во чест на претставниците на Титовата армија. Потоа уследи френетичен аплауз. Целата сала се кренала на нозе. Кога заврши церемонијата отидовме пред централната маса и наздравивме со Сталин и со другите околу него. Тогаш Стаљин почна да аплаудира и да вика, „Да живее Југословенската Армија”….Ова се моменти што неможам да ги заборавам[523]”.

Во тој период веднаш после војната, Генералот Михајло Апостолски лично го води со себе мојот дедо Александар да се запише на вишо воено училиште во Смедерево. Тоа и се случило. Но кон крајот на 1946 година се случило нешто многу драматично во фамилијата. Имено дедоми бил син единец. Поучени од некои луѓе, а веројатно и самите тоа го сакале, прабабами и прадедоми Илија Цузелов (тој е посебна легенда сама за себе) се упатиле на пат да го најдат генералот Апостолски. Го пронашле генералот, и го измолиле да го ослободи нивниот син единец (дедо ми) од понатамошно школување во Смедерево, со желба да се скраси дома бидејки бил син единец. Генералот Апостолски негодувал, но иако неволно тоа барање сепак го испочитувал, како желба на родителите. Најверојатно дедоми тоа воопшто не го сакал, напротив тој сакал да остане, бил наполно свесен дека со подршка на Генералот ќе станел човек. Така судбината си поиграла со него, дедоми неволно се враќа назад во Пехчево. Се вработува како физички работник во пиланата во „Шумското стопанство”оддалечено од Пехчево, или популарно луѓето велеа „На Гората”. Работејки во многу тешки, ладни услови добива асма. Ги памтам тие денови кога неможеше да дише, кога се бореше за секој здив. Тоа го уништи. Јас мојата работа околу темава фактички ја започнав после заинтересираноста за оваа вистинска драматична приказна. Мене од млад не ми беше логично зошто дедоми нема боречка

[522] Виолета Ачковска, Лекции од историјата на современата Македонска држава (1944-1991) , Филозофски факултет Скопје, стр. 70
[523] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр. 282-283

пензија, тоа сум го прашувал, зошто не работеше на поубаво работно место како учесник во НОБ и Сремскиот фронт а посебно како курир на командантот, како тој што го нарекуваше генералот Апостолски. Убаво помнам, како секој член од семејството по нешто ќе кажеше со негодување околу неговата судбина. Јас слушав, и како прв внук ги собирав спомените за дедоми, за да ја заокружам неговата животна приказна поврзана со интересното патешествие со Командантот Апостолски. Тој од своја страна пак не сакаше воопшто да разговара на таа тема, едноставно ќутеше. Тоа сигурно беше во знак на револт кон неговите родители според мене, но како и да е тој молчеше. Никого никогаш не навреди. Денес со таа моја констатација се согласува и мајками. Уште нешто би додал за тој период поврзано со мојата фамилија во Пехчево. По 1948 година кога се раѓа мајка ми семејството ми било етикетирано и окарактеризирано како „Информбировско"?!. Мајка ми тоа ми го кажа овие месеци кога работев нма делото. Морам да признаам, ме шокираше нејзиното кажување. До толку неверував дека можело да биде лошо. Сепак, моето семејство Пехчево испливало од тие води. Оговарањата веројатно брзо завршиле по тој период, бидејки биле лажни. Дедоми Александар имаше три деца, два сина од кои едниот вујко ми е покоен и мајка ми. Сите имаат свои семејства, и сите беа и сеуште се почитувани во своите средини. Тие му се одолжија на дедоми Александар, станувајки успешни препознатливи луѓе во своите средини. Ние неговите внуци пак исто така сме му благодарни за све што сторил за нас, и за Македонија. Јас се гордеам што сум неговиот прв внук, и што ми раскажа за многу работи поврзани за неговото учество во втората светска војна. Благодарен сум му што ми кажуваше и за неговиот личен човечки однос кон неговиот командант, генералот Михајло Апостолски, работи што несакаше отворено да ги раскаже на другите членови на семејството.

„Борци од Пехчево учесници во НОБ се: Хаџиванов Стојан Илија...Цековски Јованов Ефтим, Георгиевски Илија.Александар....Овој список на борците на НОБ на авторот му го даде претседателот на месното удружение,Туџарски Димитар Ѓоко[524]...

[524] Стојан Ефтимов Димовски, Пехчево од 1920 до 1948 година, Експрес Биро АБЦД Нови Сад 1987 год, стр 137



**Георгиевски Илија Александар - Џузелов**

### 3.2. Воената кариера на Михајло Апостолски во Југословенската Армија (ЈНА)

Михаило Апостолски имал мошне успешна и впечатлива воена кариера. Најнапред при неговото повикување во генералштабот од Маршалот и Врховниот командант Јосип Броз Тито лично „да остане" во Белград, бил веднаш именуван за помошник началник при Врховниот Штаб, што претставувало големо признание за неговата стручност и професионалност но и очигледна почит и од самиот Јосип Броз Тито, иако дел од Штабот изразил резерва кон ваквата одлука. Потоа неговата воена кариера продолжува само со нагорна линија во структурите на Армијата каде станува препознатлива и почитувана личност со еден од највисоките воени чинови. Именуван е за началник на Штабот во 1945 година. Во Југословенската Народна Армија- ЈНА извршувал и други многу битни задачи. Од 1946 година е именуван за Командант на Сараевската воена област. На таа позиција ќе се задржи се до 1952 година. Потоа Именуван е за началник на Високата воена академија, на таа позиција останува до 1958 година. Ова именување исто така претставува исклучителна одговорност и признание. Според мене, најзначајната воена титула во неговата долга воена кариера претставува именувањето за Началник на пешадијата на ЈНА. Оваа титула и задача се доверува само на најквалитетните кадри во една држава. Југославија била сепак голема држава, и имала голема и силна воена сила на располагање а посебно пешадијата. Пешадијата во ЈНА која била најбројна и неговата љубов уште во военото школување, во неговата пракса, за време на неговото воено патешествие како командант на ГШ на НОВ и ПО на Македонија, а потоа и проширени ингеренции како командант освен на ГШ на

Македонија и на јужно српските и отечествено бугарските воени единици, кои подоцна му донеле слава да има можност да го добие и ова признание, но и должност. Фактички под негова непосредна команда биле повеќе од 2 милиони војници. Околу 200 000 редовни војници и околу 1.800 000 резерва. После војната и воениот рок бил подолг за регрутите, а и Југославија била во можност во „случај на војна" да регрутира многу повеќе од активната и резервата на армијата, преку ТО  од 2 се до 4 милиони војници што претставувала  фасцинантна воена сила. Југословенската Народна Армија, во тој период кога генералот Апостолски бил Началник на Штабот на пешадијата на ЈНА, била меѓу најсилните и најреспектабилните армии во Европа. Државата требала да створи кадар и да се брани од секакви предизвици. Голема заслуга за тоа има генералот Апостолски, тој тоа совршено го направил. Фактички бидејки родот пешадија е најзастапен во армијата, под негова лична одговорност бил најголемиот број на активна војска и резерва. Неговото ангажирање било следено лично од Маршалот на Југославија и Врховен командант Јосип Броз Тито, кој бил исклучително задоволен од него. Должностите во ЈНА ги извршувал се до 1958 година кога е пензиониран со висок чин на Генерал Потполковник. Така завршува брилијантната воена кариера на: Генералштабниот мајор на Кралската југословенска армија, Командантот на НОВ и ПО на Македонија, Началникот на Врховниот Штаб на Југословенската армија, Началникот на пешадиските единици на Југословенската Народна Армија – ЈНА[525].



[525] Југословенската народна армија, ЈНА била вооружена сила на поранешна ФНРЈ, подоцна СФРЈ. Во своето време, се сметала за четврта по големина војска во Европа, и за добро вооружена и обучена воена сила. Формирана е од антифашистичките сили на Југославија во текот на Втората светска војна, и била под контрола на комунистите. Претседателот на КПЈ Јосип Броз Тито бил и командант на ЈНА во текот на војната. Од формирањето во 1941 до 1945 се викала Народно-ослободителна војска (НОВ), а потоа во 1945 била преименувана во Југословенска Армија (ЈА), и конечно на 10-годишнината во 1951 ја добила и придавката „народна".

### 3.3. Општествено – Политичка кариера на Михајло Апостолски

Освен воената навистина брилијантна кариера, Михаило Апостолски вршел и други мошне високи и битни општествено-политички функции. Најпрвин уште во 1943 година за време на второто заседание на АВНОЈ е избран за член на претседателството на АВНОЈ. Потоа е реизбран и на третото заседание на АВНОЈ. На Првото и на второто заседание на АСНОМ е член на претседателството. Од 1945 година во два наврати е биран за пратеник на Народното Собрание на Македонија. Исто така во 1945 година бил избран за член на Централниот Комитет на Комунистичката Партија на Македонија,(ЦК на КПМ). Член на ЦК на КПМ продолжува да биде член после 1948 се до вториот конгрес на КПМ.„ Тој бил биран за член на ЦК КПМ и повеќе за член на раководството на општествено-политички организации во Републиката и Федерацијата како и за пратеник во Републичкото и Сојузното собрание. Таквиот свој ангажман го смета за своја обврска и не го одвојува од својата секојдневна работа[526]". Заземал разни функции во социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија(ССРНМ). Потоа бил избран за член на Главниот одбор на НОФ на Југославија, односно на Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија(ССРНЈ). Потоа Михајло Апостолски бил одбран за член на Главниот одбор на Сојузот на борциге од НОАВ на Македонија и на Сојузниот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОАВ на Југославија. Оваа функција наполно одговорно ја извршувал со посебно задоволство. Есента 1945 година бил избран за пратеник на Уставотворното собрание на Југославија. Подоцна по неговото трансформирање во Народно собрание на ФНРЈ во Белград, Апостолски останува негов член, односно пратеник во Соборот на народите, како претставник на Македонскиот народ. Потоа во 1950 година бил избран и за пратеник во Уставотворното собрание на НР Македонија. На изборите во 1950, 1953 и 1958 година бил редовно избиран за пратеник на Сојузниот собор на Собранието на ФНРЈ во Белград. Од 1963 година станува член и на Советот на федерацнјата. Фактички тој во периодот од 1945 година се до 1963 година е пратеник во сојузното собрание. Во 1969 година е избран за пратеник на Општествено-политичкиот собор на Сојузното собрание. Така Апостолски работел и во републичките и во сујузните органи на власта, придонесувајки за доброта на федерална Македонија и севкупно работејки за доброто на заедничката федерација, СФРЈ.

### 3.4. Научните достигнувања и признанија на Михајло Апостолски и улогата во создавањето на МАНУ

После големите военополитички ангажмани во федерална Македонија, и на сојузното Југословенско ниво Михајло Апостолски не ја заборавил својата втора пасија, односно љубовта кон пишаниот збор, односно љубовта кон научната мисла. Зад него веќе имало врвни научни постигнувања. Поради тој факт Апостолски е избран за член на повеќе научни институции. Историјата како негова голема љубов и пасија, ќе го воздигне во наш прв писател воен историчар. Со пишувањето и објавувањето на многу дела започнувајки уште од 1944 година, тој природно застанал на чело на Институтот за

[526] Зборник на трудови посветенина Академик Михајло Апостолски по повод 75-годишнината од животот.стр.11

национална историја. Од неговото формирање во 1948 година Апостолски станува негов постојан член. Од 1965 до крајот на 1970 година бил директор на Институтот на национална историја  во Скопје. За време на овој период на неговиот директорски ангажман, работата во институтот се одвива засилено и квалитетно, се одликува со зголемена научна обработката на историјата на Македонскиот народ. Апостолски лично се заземал за оформувањето и изградување на квалитетни кадри кои со својот труд ќе придонесат за научниот интерес, истражувајки во повеќе странски архиви, како и во сојузните и домашните архиви. Исто така академик Апостолски активно работи на свикување симпозиуми на темата за „НОБ и Револуцијата" како и на теми од подалечното минато на Македонскиот народ. Тој е избран за редовен член на Македонската академија на науките и уметностите МАНУ од нејзиното формирање во 1967 година. Освен член на МАНУ тој е избран за член и на повеќето републички академии на науки и уметности на повеќето републики во федерацијата. Најпрво освен член на МАНУ станал члени на Српската академија на науките и уметностите - САНУ во 1968 година. Потоа станал член на Словенечката академија на науките и уметностите во 1977 година. Во 1978 година станал член и на академијата на науките и уметностите на Босна и Херцеговина, а во 1979 година станал член и на Југословенската академија на науките и уметностите во Белград. Освен членувањето на републичките академии, тој бил избран и за почесен член на Друштвото на науки и уметности на Косово, како социјалистичка покраина во СФРЈ. Освен за член во повеќе академии тој бил член и на повеќе научни друштва. Апостолски е избран за член на научните друштва во Битола и во научното друштво во неговиот роден Штип. Член е и на Научнотто друштво за историја за здравствената култура во Белград. Од 24 декември 1975 година се до крајот на 1983 година се наоѓал на престижната должност, претседател на Македонската академеија на науките и уметностите – МАНУ, биран е во два наврата во два мандата. Во целиот тој период на негово претседателствување работел ревносно квалитетно и одговорно издигнувајки го МАНУ во највисока и ценета државна институција.

Се ова зборува дека тој со своите трудови ги надминува границите на Македонија и добива признанија од високи научни институции надвор од Републиката[527]".

Едно од најзначајните негови животни достигнувања е секако неговото прогласување за претседател на Советот на академиите на науките и уметностите на СФР Југославија. На таа позиција ќе биде во периодот од Јули 1978 до Јуни 1981 година. Во тој период бил претседател и на Македонската и на Југословенската академија на науките и уметностите. Тоа претставувало многу голема одговотност, бидејки тоа е период на кршење на единството на Југословенството, период непосредно пред и по смртта на другарот, Маршалот на СФРЈ Јосип Броз Тито.

Колку бил одговорен во работењето покажува фактот дека, паралелно работејки во тие високи државни научни функции, тој ја обавувал и функцијата на редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје при универзитетот „Св.Кирил и Методиј".

[527] Зборник на трудови посветени на Академикот Михајло Апостолски, по повод 75 годишнината од животот, МАНУ, Скопје , 1983. година, стр.13

Во пеиодот помеѓу 1946 до 1966 година од областа на воената наука, Генералот Апостолски има објавено повеќе од 30 научни трудови. Трудовите се однесуваат за периодот на партизанската војна и неговото активно учество како командант на НОВ и ПОМ и личниот ангажман, но исто така се осврнува и на периодот на славното илинденско и претходните востанија на Македонскиот народ. Со објавувањето на голем број дела, всушност Апостолски ја обзнанува природната поврзаност на настаните на македонските востанија и борбениот од на Македонскиот народ, све до својата конечна слобода. Исто така во делата ги анализира до ситни детали сите битни и поважни тактички и оперативни прашања земајки ги во предвид сите релевантни фактори гледано и анализирано од воен аспект. Неговиот труд е забележлив на просторите не само на социјалистичка Македонија туку и во федерацијата.

За него можеби најзначајното животно достигнување го стекнал во 1981 година. Во Центарот за виши воени школи во Белград, генералот и академик Михајло Апостолски е промовиран за Доктор на воените науки. Ова го заокружило неговиот пат. Од војник и генерал до академик, добивал разни признанија и награди, сепак промовираниот докторат на воени науки е заслуга за неговите пред се воени достигнувања во сверата на воената наука, бидејки било очигледно јасно, дека тој бил воен гениј. Потврден на фронтовите и во мирнодопски услови. Неговите неверојатни воени успеси ќе се изучуваат на воените академии ширум светот.

[3]

### 3.5. Стручното и научното творештво

Првите научни и стручни трудови на Михајло Апостолски се од областа на воената теорија и пракса. Тој зад себе оставил огромен опус, со кој ќе стане препознатлив и во Македонија и Југославија, но и надвор од границите на нашата земја. Најголемиот дел од неговиот огромен научен опус е посветен на проблемите на современата воена и военополитичка историја. Списокот на неговите публицистички, научни, стручни, и останати трудови е навистина мошне голем. Со тоа, тој има огромен придонес за расветлувањето на обзнанувањето на Народноослободителната војна и Социјалистичката револуција во Македонија и во Југославија воопшто гледано, за периодот на војната од 1941-1945 година. Неговите трудови засновани врз современи научно историски методи, се збогатени и со соодветни мемоарски материјали како активен учесник во многуте настани и севкупно најзначајните настани и случувања во овој тежок период. Фактички без неговите трудови, проучувањето на овие круцијални настани за историјата на македонскиот народ би останале нецелосни, а со тоа и разјаснувањето на причините и последиците произлезени од тоа недоволни. Тој во своите дела пристапува отворено, како директен учесник и борец за историската вистина и праведната борба за слобода. На тој начин, со својот фантастичен стил на пишување своите дела ги приближува до читателот, кој едноставно нема простор да не ги прочита бидејки живо се заинтересирува за напишаното, насетувајки ја вистината на напишаниот збор. И секако тежината на тие зборови. Неговите филозофски мисли се исто така многу присатни во неговите дела. Така, иако читателот ја чита живата воена историја тој веднаш може да изведе и заклучоци и да се информира за причината на текстот. Читателот многу често и покрај јасните објаснувања, ги препознава неговите напишани пораки кои се длабоко втемелени во текстот и кои го покажуваат целиот патриотизам на македонската борба за слобода како и неговиот космополитизам. Највпечатливи негови творби се секако неговите монографи, за периодот на највпечатливите борби на македонските партизани под неговата команда на македонското боиште . Тие ќе имаат повеќе изданија и дел од нив ќе бидат издадени на повеќе јазици. Тоа се пред се неговите монографии за „Февруарскиот Поход" издадена најпрво во 1946, потоа во 1963 па во 1973 година, потоа завршните операции за ослободување на Македонија, издадена 1953 година, Пролетната офанзива 1944 година во Македонија, издадена 1957 година, Ослободителната војна во Македонија издадена 1965 година и други дела.

Големи се заслугите на академик Михајло Апостолски и за обработката во делот на општата Македонска историја, односно работата на темата на Општата историја на Македонскиот народ. Тој е одговорен уредник односно претседател на уредувачкиот одбор, тој е најзаслужен за издавањето на тротомната „Историја на Македонскиот народ" во 1969 година, потоа следува скратеното издавањето во еден том на „Историјата на Македонскиот Народ" издадено во 1972 година а преведено и на Руски јазик. Историја на Македонскиот народ издадена во 1983 година на Албански јазик исто така во еден том. Нормално во сите овие изданија неговиот придонес е најголем за периодот на НОБ и социјалистичката револуцијата во Македонија. Голем придонес има и за обработката на периодот на балканските и Првата светска војна.

Во неговата огромна библиографија, следува период на проучување на периодот на конституирањето на македонската нација за периодот на втората половина на XIX век. По тоа прашање академикот Апостолски организира повеќе научни собири посветени на револуционерното национално македонско движење во земјата и во странство каде настапува со свои говори и реферати со свои прилози и соопштенија.

Истотака треба да се одбележат врвните постигнати резултати при истражувањето и проучувањето од областа на животот и обичаите на народите и народностите во Југославија работејки при советот на академиите на науките и уметностите на СФРЈ, и секако изучувањето на етнографијата на македонскиот народ и на народностите што живеат во Македонија.„Забележително беше и неговото учество во обемниот меѓународен проект „Етнографија на Словените”. Со сите свои научни трудови академикот Апостолски пројавува извонредна објективност и критичност. Единствена негова пристрасност е инсистирање на историската вистина[528]”.

Истакнат со својата трудољубива и високо ценета работа Академикот Михајло Апостолски е добитник на повеќе награди од областа на публицистиката и науката:

Награда „13 Ноември”на градот Скопје во 1965 година, наградата „11 Октомври” доделена за животно дело! Наградата му е доделена во 1971 година. Потоа добитник е на наградата „4 Јули” на СЗБНОВ на Југославија во1969 година, наградата „22 Декември” на сојузниот секретаријат за народна одбрана 1971 година, наградата „Мито Хаџи Василев Јасмин”ја добива во 1976 година. Награда„АВНОЈ”од областа на науката и публицистиката му се доделува во 1978 година.

За заслугите во НОБ и Антифашистичката борба и за придонесот во Социјалистичката револуција како и за особениот придонес во изградбата на СФРЈ и СРМ доделени му се повеќе одликувања и ордени. Носител е на партизанска споменица 1941 година. Носител е на орденот ‚Народен херој, носител на, Орденот на народното ослободување. Потоа носител е на, Орденот на Републиката со златен венец, носител е и на, Орденот на партизанска звезда со златен венец, потоа, Орденот на военото знаме. Михајло Апостолски е носител на, Орденот братство и единство со златен венец, Орденот заслуги за народот со златен венец, Орденот на народната армија со златен венец, Орденот за Храброст!

Од одликувањата добиени од странство посебно се значајни: Орден Суворов II степен (СССР), Орденот Грундвалски Крст II класа (Н.Р. Полска), Орденот на Свети Александар, Орденот на народна слобода 1941 -1944 година (Н.Р.Бугарија), Орденот на Белиот лав за победа од I степен (ЧССР), Орденот на Норвешкиот Крал Свети Олав. Освен овие значајни награди, Ордени, Академик Михајло Апостолски е добитник и на многу други награди , плакети, благодарници.

### 3.6. Михајло Апостолски за односите со соседите и положбата на Македонското национално малцинство

[528] Споменица, посветена на починатиот Михаило Апостолски редовен член на МАНУ, Скопје 1988 година, стр. 21

Кога се во прашање односите со соседните држави кои што се граничеле со веќе Федеративната, Социјалистичка Народна Република Македонија, треба да се појде од фактот дека истите се менувале како одминувале годините по војната, за жал, неповолно за нашиот народ односно како македонско малцинство во соседните држави. Општо познат факт е дека со падот на владеието на Георги Димитров, премиерот на повоената социјалистичка Бугарија од 1946 година до неговата смрт, и по информбирото во 1948 година односите на соседните социјалистички држави ФНРЈ и СР Бугарија ке се најдат во ќорсокак. За Македонците повеќе намало простор да ја искажат својата национална и културна разноличност. Апостолски во улога на Академик работите ги следел на еден поразличен начин со поразличен пристап, анализирајки ги сите политички дејанија добро информиран, во добра комуникација со федералните тајни структури и со голема будност. За жал состојбите околу признавањето на Македонците како посебен и различен народ од Бугарскиот народ и како национално малцинство во Бугарија се малку променети и до денешен ден, иако постојат обиди преку формирање на разни културни друштва или партиски организации да се влијае на бугарското општество да се соочи со реалноста за постоењето на Македонците како национално малцинство во Бугарија а најприсутни во Пиринскиот дел на Македонија.

Кога е во прашање Грчкото Кралство состојбата била уште подраматична. После завршувањето на граѓанската војна настапува еден ужасно тежок, стресен период за нашето малцинство кое со кратки светли моменти трае и до ден денес. Истото со големо жалење може да се констатира и за Бугарија. Во анализата за овие чуствителни теми, Генералот, учествувал со големо внимание и секако најголема лична анализа за која самиот бил неприкосновено ангажиран но и редовно известуван за состојбата на теренот од државните служби. Всушност тој бил веќе академик, со што неговата информираност околу овие и многу други теми укажуваат за неговата улога во структури тогашната СРМ и севкупно во Југословенската федерација. Буквално и да немало некој доверлив документ, пред се од военополитичката, економската и многу други свери кој не бил подложен на негова анализа. Ова можам да го констатирам по моите досегашни истражувања во архивот на МАНУ.

Бирото за односи со странство при Извршниот совет на Собранието на СР Македонија доставува до почитуваниот веќе Академик Михајло Апостолски, на 14.03.1969 строго доверлив документ кој бил „само за лично информирање''. Отпечетен на 35 страници документот дава анализа на следното.

1: Проблеми и тешкотии на стопанството на НР Бугарија,

2: Први реакции на станските весници и новински агенции во врска со протестната нота на СФРЈ на НР Бугарија,

3: Развојот на Билатералните односи помеѓу Југославија и Грција во 1968 година.

4: Југословенско –Албанските односи по националистичките демонстрации на Косово

5: Некои карактеристика на историјата на Партијата на трудот на Албанија

„Според некои информации, кон крајот на 1968 година во Софија се одржани низа состаноци на најодговорните бугарски државни и политички раководители на кои се разгледувани аналитичките резултати и за стопанството на НР Бугарија. Судејки по овие разговори и по некои јавно не објавени материјали, постигнатите резултати се незадоволителни''.[529]

„Како што е познато на 12 февруари оваа година вршителот на должноста државен секретар за надворешни работи Миша Павиќевиќ му предаде, по налог на Сојузниот извршен совет, протестна нота на бугарскиот амбасадор во Белград, Георги Петков во врска со антијугословенска и антимакедонска политика, што се спроведува повеќе од година дена, во НР Бугарија''.[530]

„Ставот на Југославија спрема Грција во текот на 1968 година во поглед на развивањето и унапредувањето на меѓусебната соработка произлегуваше, главно, од оцената дека до наше признавање на сегашниот режим на пападопулос постапно сепак ќе дојде и дека е потребно поради тоа да се одржуваат со Грција односи до одредено ниво кои ќе овозможат спроведување на соработка, особено на стопански план, водејки при тоа сметка да не дозволиме никакви манифестации која би можела да биде политички користена од сегашниот воен режим на Грција....Проблемот на македонското национално малцинствово во Грција-Егејска Македонија беше постојано присатен во Југословенско-Грчките односи. Во контактите на претставниците на нашата амбасада во Атина со официјалните грчки кругови на овој проблем му е давано целосно значење. Фактот што прашањето на Македонското национално малцинство во изминатиов период беше нагласено актуелизирано, произлегува и од крутиот став и денационализаторската политика на грчката влада спрема нашето национално малцинство. Ставот на воениот режим спрема употребата на македонскиот јазик, ажурираажирањето на експатријацијата на македонското малцинско население, засилената ''национално - просветителна работа'', категорично порекнување на постоењето на македонско национално малцинство и на македонска нација воопшто, постојаното тврдење дека СР Македонија е вештачка творба, шпекулирањето на божемните разлики помеѓу Белград и Скопје и слично, дотолку јасно укажуваат на ставовите и практичната политика на сегашниот грчки режим спрема овој проблем''[531].

„Во последно време албанските дипломати во некои земји им приоѓаат на нашите представници и покренуваат разговори за југословенско-албанските односи во контекст на познатите националистички настани на Косово. Во овие разговори албанските претставници се обидуваат да се дистанцираат од споменативе настани и да укажат оти зад демонстрациите во Косово и во СР Македонија не стои официјалната албанска политика''[532].

Освен овие страго доверливи документи и податоци, академик Апостолски добивал и многу други документи кои исто така биле строго доверливи и за лично

[529] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд„Михајло Апостолски''Кутија 2 Папка 4 стр 1
[530] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''Кутија 2 Папка 4..стр.5-6
[531] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''Кутија 2 Папка 4..стр.7-8
[532] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''Кутија 2 Папка 4. стр.13

информирање. На пример на 14 април 1969 година академикот Апостолски добил еден строго доверлив документ и материјал од седницата на „комисијата за прашања на односите со странство’’ на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со напомена: Документот е за Лична употреба и доставен за трајно користење без да се враќа! Овој строго доверлив документ е отпечатен на 82 страници и детално ја опишува состојбата со Македонското национално малцинство во Кралството Грција за периодот од 1912-1913 од Балканските војни, се до периодот од април до септември 1967-1968 година. Детално се објаснети бројната состојба на населението во „Егејска Македонија’’, составот на населението изразен во проценти, правата кои се гарантираат на малцинствата, разни протоколи, конвенции, влошувањето на состојбата на теренот на Егејска Македонија по малоазиската војна помеѓу Грција и Турција, потоа анализа на измената на старите имиња на македонските населби, стопираниот развој на стопанството во Егејска Македонија. Анализа на  Грчко- Југословенските протоколи за националните малцинстава, бројни изјави на грчки раководители за егејските Македонци, Состојбата во Егејска Македонија по окупацијата се до воениот преврат во 1967 година, положбата на егејските Македонци под сегашниот воен режим, разни закони за одземање на државјанството и имоти и за колонизација на пограничните области. Конститутивниот акт на воениот режим за одземање на државјанство, до Септември 1968 одземени се преку 700 грчки државјанства на егејски Македонци, што претставувало обид за измена на етничкиот состав на македонските реони во северна Грција. Исто така прилози за уставни акти за лишување од државјанства, конфискација на дел или целиот имот заради противдржавна дејност во странство од 11-14. VII.1967 . Потоа конститутивен акт за измени и дополнувања на акт за лишување од државјанството на лицата за антидржавна дејност и конфискување на нивниот имот на 20-IX-1968 г. Потоа, декрети за колонизација на пограничните краишта и помош на нивното население, укинување на воените мерки, разни одлуки на министерски совети, разни измени и дополни на закони и укинати одредби. Принуден закон од 1946 година. Декрети за измена и дополнување на дефинитивните тапии на доделена земја според уредбите за колонизација.

Нормално комисијата за прашања за односи со странство на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 14 април 1969 година ја разгледала информацијата за „ положбата на македонското национално малцинство во Северна Грција( Егејска Македонија) и откако ги претресува и разгледува  односите на СФРЈ со Кралството Грција, кон припадниците на Македонското национално малцинство усвоило повеќе закучоци. Напоменето е нормално дека и ова е строго доверлив документ, и дека документот е за лична употреба. Што се однесува до Апостолски документот е за трајно користење.

„Напомена-Материјалов што ви го доставуваме се испраќа на ваше трајно користење и не треба да се враќа. - Биро за односи со странство на извршниот совет на

СРМ**.** Положбата на македонското национално малцинство во Северна Грција (Егејска Македонија.''**[533]**

Ист по содржина или многу сличен документ, испратен од Извршниот совет на собранието на СР Македонија од бирото на односи со странство ми бил доверен на Михајло Апостолски на 13 мај 1969 година каде се потврдуваат претходно изнесените заклучоци. Документот содржи 62 страници.

На 19-05 1969 година „Сојузот на Здруженијата на борците[534] на НОБ на С.Р.Македонија'' го испраќа до „Другарот'' Академик Михајло Апостолски следното.

„Ви го испраќаме материјалот од бирото за односи со странство при Извршниот совет на СРМ, ''Бугарски фалсификати на историската вистина за улогата на НОВ на Југославија во втората светска војна,**[535]''** што е изготвен врз база на заклучокот донесен на првиот состанок. Се молите да присуствувате на состанокот на групата која треба да го оформи дефинитивниот материјал за Белград. Состанокот ке се одржи на 27 мај 1969 година во просториите на, Сојузот - Работнички дом II, V кат , соба број, 109, со почеток во 11 часот.[536]'' Во име на Претседателството на Сојузот на Борците од НОБ на С.Р.Македонија е потпишан Перо Коробар, многу ценетиот пријател и воен другар на сега Академикот Михајло Апостолски.

На темата „Бугарски фалсификати на историската вистина за улогата на НОВ на Југославија во Втората светска војна''е разговарано и изнесени се мислења во „Бирото за односи со странство при извршнот совет на СРМ**[537]''.** Извршниот совет на СРМ ја

[533] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''Кутија 2 Папка 1.

[534] Савез удружења бораца Народноослободилачког рата Југославије скраћено- СУБНОР (мкд. Сојузот на на здруженијата на борците од Народноослободителната војна; словен. Zveza združenj borcev in udeležencev narodnoosvobodilnega boja) претставувала организација која ги обединувала сите борци на Народноослободителната војна (НОР), од 1941. до 1945. година, се бавела со одржување и одбележување на традициите на војната, како и со материјално помагање и обезбезбедување на учесниците во војната, посебно на инвалидите на војната како и нивните семејства. СУБНОР на Југославија е основан во 1947 година под името, Сојузот на борците од Народноослободителната војна. Мала енциклопедија Просвета, Белград, 1978, 2. том (стр. 82-83)

[535] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''Кутија 2 Папка 2, допис 1.

[536] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''Кутија 2 Папка 2 лист- допис 1

[537] ИЗВРШЕН СОВЕТ НА НРМ/ СРМ .- извршен орган на државната власт во периодот од 1953 до 1991 година. Во периодот 1953-1963 се формирани три состави на Извршниот совет на НРМ (два во 1953 и еден во 1958 г.). Првиот Извршен совет на НРМ е формиран на 3. II 1953 г., во состав: Лазар Колишевски, претседател; Љупчо Арсов, потпретседател; Видое Смилевски, потпретседател; Вера Ацева, член; Страхил Гигов, член; Киро Георгиевски, член; Мито Димитриевски, член; Боге Кузмановски, член; Никола Минчев, член; Методија Митевски, член; Лазар Мојсов, член; Наум Наумовски, член; Благој Попов, член; Елисие Поповски, член; Кемал Сејфула, член; Крсте Црвенковски, член; Лилјана Чаловска, член; Реис шакири, член; Димитар Алексиевски, член; Цветко Узуновски, член и Мито Хаџивасилев, секретар. Во периодот од 1963 до 1991 г. се формирани десет состави на Извршниот совет на СРМ (1963, 1965, 1967, 1968, 1969, 1971, 1974, 1978, 1982 и 1986). Првиот Извршен совет на СРМ е формиран на 25. VI 1963 г., во состав: Александар Грличков, претседател; д-р Асен Симитчиев, потпретседател; Кемал Сејфула, потпретседател и членови: Жив ко Брајковски, Васил Гривчев, Трпе Јаковлевски, Веселинка Малинска, Осман Мифтари, Гога Николовски, Мориц Романо, Ангел Чемерски, и Мире Доневски, секретар. „Македонија од Асном до денес'', Скопје, 2005 Година. Службен весник на Социјалистичка Република Македонија 22/1974, 4-5 стр. Службен весник на Социјалистичка Република Македонија 27/1975, 6 стр. Службен весник на Социјалистичка Република Македонија 35/1975, 1-2 стр.

имал улогата на Влада на СРМ. Изнесени се мислења дека, одамна е пракса на одредени бугарски списанија весници, дневен печат, како и на националниот сервис, телевизијата и радио сервисот да се изнесуваат разни неточни информации и квалификации и отворено да се негира постоењето и посебноста на македонскиот народ и кога се говори за Македонското национално прашање. Дури и многу истакнати политички фигури и раководители, „безочно да се присвојува подалечното и поблиското минато на Македонскиот народ – неговата историја, јазик, култура, и Народноослободителната борба. Написите и искажувањата во оваа смисла особено се бројни во последниве две години што доведе и до сегашното заострување и влошување во југословенско-бугарските односи[538]’’. Понатаму во текстот на 19 страници детално се анализирани аномалиите и грешките во текстовите или говорите на бугарските водечки политички фигури од периодот од 1958 кога и доаѓа до поголемо заострување на односите помеѓу двете земји.

Во денешно време на 1.11.2020 на социјалната мрежа„ Твитер “ се појави аудо запис кој потоа е преземен од повеќе интернет портали. Се работи за снимен исказ на генералот. Тогаш со академикот Михајло Апостолски снимено е интервју во далечната 1986 година за емисија на Македонското, Радио Скопје. Тој децидно јасно вели.[539]

„ ...Одговара Генерал Апостолски:...Секоја чука на Плачковица е заобележана со борби, и тоа баш против Бугарите! Протиив тие што денес тврдат дека сме Бугари! А кој може сам против себе да се бори?...Говори новинарот:...ако сме Бугари ...па тогаш, зошто тие влегоа?...говори генералот Апостолски:....Јас затоа и инсистирам, не да подигнеме големи споменици!, него плоча на која ќе биде обележано местото, со кого кој се судрил и времето кога се судрил! ...Новинарот:...Другар Апостолски, ви благодариме за гостувањето на оваа наша емисија. Драги слушатели ете тоа всушност е нашиот Народен Херој, Академик Михајло Апостолски. Многу нешта за него знаевме, но и некои работи сега за прв пат дознавме. Веруваме и сега ви беше пријатно другарувањето со легендарниот Командант Михајло Апостолски”.

---

[538] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски’’Кутија 2 Папка 1 документ, Биро за односи со странство при ИС на СРМ „Бугарски фалсификати на историската вистина за улогата на НОВ на Југославија во Втората светска војна

[539] Одговара генерал Апостолски...Секоја чука на Плачковица е заобележана со борби и тоа баш против Бугарите! Против тие што денес тврдат дека сме бугари! А кој може сам против себе да се бори? Дел од емисијата Емисија „Сведоштва” редовно емитувана на Македонското радио осумдесетите години во минатиот век.



СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
на Социјалистичка Република Македонија
РЕПУБЛИЧКИ ОДБОР
Бр. 676
19.V. 1969 год.
СКОПЈЕ

ДО ДРУГАРОТ Академик Михајло Апостолски

С К О П Ј Е

Ви го доставуваме материјалот од бирото за односи со странство при Извршниот совет на СРМ "Бугарски фалсификати на историската вистина за улогата на НОВ на Југославија во Втората светска војна", што е изготвен врз база на Заклучокот донесен на првиот состанок.

Се молите да присуствувате на состанокот на групата која треба да го оформи дефинитивниот материјал за Белград.

Состанокот ќе се одржи на 27Мај 1969 година, во просториите на Сојузот-Работнички дом II, V кат, соба број 1о9, со почеток во 11 часот.

ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
Перо Коробар

## 3.7. Улогата на Михајло Апостолски во меѓународните односи и политики на СФРЈ

Колку била ценета неговата личност и неговиот севкупна работа и делување во Федерацијата говорат и бројните документи кои му биле испраќани од највисоките институции на државата. За да ја допреме тежината на неговата личност, ќе набројам неколку документи кои биле строго доверливи, а ги има добивано во голем број.

Документот добиен од, Сојузниот извршен совет,[540] поточно именувано и напишано како, Савезно Извршно Вече - Владата на СФРЈ! Документот бр.70. строго доверливо. Во овој документ под наслов „Информација за вонредната сесија на СЕВ (Совет за взаемна економска помош на источниот блок), одржан во Москва од 23 до 26

[540] Сојузен извршен совет (СИС; мкд. Савезно извршно веће,срп. скраћено СИВ, словен. Zvezni izvršni svet ZIS) претставувал најголем извршен орган на власта во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ). Формиран во 1953. година, кага ги презема надлежностите на Влада на ФНРЈ.

април о.г. и состојбата на односите помеѓу СФРЈ-СЕВ после сесијата. Белград 1 јуни 1969 г.''документ напишан на 10 страни.

„На основ на однапред изнесената моментална состојба на нашите односи со СЕВ можеме да заклучиме:

1- Дека формално нема да дојде до промена на нашита соработка на база на постојниот договор. Ова званично ни го соопштија после состанокот.
2- Дека после одржувањето на вонредната сесија сепак доаѓа до промена во нашиот третман во смисол изолација на Југославија во фаза на разработка на заклочоците на вонредната сесија по сите прашање.
3- Дека после усвојувањето на новите програми на Советот на взаемната економска помош, мора да се изјасниме за заинтересираност за соработка.....
4- Дека постои тенденција на дерогирање кон старите заклучоци по поедини конкретни прашања на соработка.....

Сегашната состојба, поради фактот дека не сме доволно информирани за вонредната сесија, како и дека не заобиколуваат во разработката за одликите на сесиите упатува кон тоа дека не треба да покажуваме вознемиреност, туку да ги сочекаме програмите за работа кои ни се најавени и потоа да заземеме став во поглед на обемот и областите на нашата соработка со Советот за взаемна економска помош''.[541]

Исто така од Сојузниот извршен совет, поточно владата на СФРЈ го добива и документот Строго. Доверливо. Бр. 63. „Информација за актуелната ситуација во односите помеѓу СФРЈ-ЕЕЗ''. Документ напишан на 22 страни вио кој се истакнува.

„ Врз основа на одлуката на Сојузниот извршен совет од 29 мај 1968 година, после подолг период на сондажа и прелиминарни разговори, одржана е првата фаза на преговорите со ЕЕЗ во октомври 1968 година. Констатирано е дека продолжението на преговорите може да се оствари дури откога делегацијата на ЕЕЗ ќе добие поширoки овластувања за преговори који би ги опфатиле и земјоделските производи под заедничкиот режим на ЕЕЗ/ за што инсистираше нашата делегација/ а кој на нашиот извоз во заедничкиот европски пазар учествува со 50%. Делегацијата на ЕЕЗ изразува спремност од земјите членки да побара широки овластувања за преговори, ставајки ја Југословенската делегација во предност дека преговорите веројатно ќе се продолжат во јануари 1969 година''.[542]

Ако наравиме компарација на овие два документи, јасна видлива е интенцијата на заинтересираноста на владата на тогашната федерација, за зголемена економска соработка во регионот но и пошироко, не само со ЕЕЗ на европското тло туку и со СЕВ на целото евроазиско подрачје. Се разбира економските показатели од тој период покажувале постојан пораст во Југословенската економија и интенциите за ваквата

[541] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''Кутија 2 Папка 11 документ, „Информација, за вонредната сесија одржана во Москва од 23. До 26 април о.г. и состојбата на односите помеѓу СФРЈ и СЕВ после сесијата''

[542] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски'' Кутија 2 Папка 12. документ, „Информација, за актуелната состојба во односите помеѓу СФРЈ-ЕЕЗ''

политика биле успешно спроведувани. Високите политики на владата за увоз или извоз на стоки и размена на добра биле видливи во овој период. Михајло Апостолски бил неизоставлив дел од оваа комуникација, и бил секогаш навремено запознаен со сите поединости и најситни детали, веројатно бил консултитран за политичките чекори при правењето на било какви договори. Бидејки во случајов се работи за Југословенската влада, може да се претпостави улогата на Апостолски во општествените токови.

Тој бил неизоставен дел на информирањето, и веројатното креирање на политиките во федерацијата и во СР Македонија, неизоставен дел од контролирањето на сите дејанија во општеството без разлика што бил официјално само Академик. Јасно е дека не бил обичен академик со титула на претседател ан Академијата за да оценува и секојдневно да анализира вакви чуствителни теми и прашања. Не бил информиран само за општествено политичките случувања туку и за економските и многу веројатно и военоразузнавачките случувања за целиот повоен период, период на изминати повеќе децении после војната. Апостолски од владата на СФРЈ добивал и разни други извештаи као што се на пример, Извештајот за „Актуелните прашања на политиката на цените''[543]доверлив документ на 56 страни, кој се занимава пак со една сосема друга проблематика од економската свера. Потоа Апостолски добивал и документи од секретеријатот на СИС за законодавството и организацијата што пак претставуваат документи од сосема друга законодавна свера. На пример документот за „Економските функции на Федерацијата'' [544]документ од 1 октомври 1970 година на 114 станици.

Уште еден строго доверлив документ испратен до него според моете согледувања е од исклучително значење (Со плав печат строго доверливо). Имено се работи за документ добиен повторно од Сојузниот извршен совет.

Документот со евидција бр 2. Од кабинетот на Едвард Кардељ - Точка 1а

„Известување за посетата на другарот Едвард Кардељ на земјите на Латинска Америка од 2 до 24 мај 1970. година. Белград, 5 Јули 1970 година''.[545]

Документот содржи 61 страница. Детално се опишува посетата на „Другарот'' Едвард Кардељ на земјите на Латинска Америка од 2 до 24 мај во 1970 година.

Едвард Кардељ во тоа време бил: Член на Советот на Федерацијата и на Извршното Биро на Претседателството на СКЈ. [546] Тој најпрво бил во посета на

[543] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски'' Кутија 2 Папка 13. Документ, „ Актуелни прашања на политиката на цените''
[544] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски'' Кутија 2 Папка 14. Документ, „Економските функции на федерацијата''.
[545] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски'' Кутија 2 Папка 15. Документ, „Известие за посетата на Другарот Едвард Кардељ на земјите на Латинска Америка ос 2 до 24 мај 1970''.
[546] СКЈ Централни комитет Савеза комуниста Југославије (скраћено ЦК СКЈ; мкд. Централен комитет на Сојуз на комунистите на Југославија словен. Centralni komite Zveze komunistov Jugoslavije) бил раководен орган во склоп на Сојузот на Комунистите на Југославија помеѓу два конгреси, до 1919. до 1990. година. Во периодот од 1945. до 1990 година бил најголем партиски орган во Југославија, во кој биле застапени претставниците на републичките и покрајинските организации на Сојузот на комунистите. Од политичката сцена го снемува во јануари 1990, со распад на Сојузот на комунистите на Југославије. Оперативното тело на Централниот комитета, го претставувал Извршниот одбор, од 1919. до 1925, потоа

република Чиле од 4 до 11 Мај 1970 на повик на Претседателот на републиката Едуард Фреј Монталва, на повик на Чилеанската Влада и на раководството на Демохристијанската партија на Чиле. Едвард Кардељ имал состаноци и со министрот на надворешните работи Габриел Валдес и со неговите најблиски соработници. Освен разговорите со највисоките претставници на државата исто така остварил средби и со демохристијанскиот кандидат за претседател на републиката Радомир Томиќ, и имал разговори со раководствата на другите влијателни партии во Чиле, Демохристијанската, Комунистичката и Социјалистичката партија на Чиле. Освен со политичките фактори се сретнал и претставниците на Југословенското иселеништво.

Претседателот Едуард Фреј Монталва со Кардељ разговарал за меѓународната ситуација, политиката на неврзаните, како и за прашањата на соработката помеѓу Чиле и Југославија. Претседателот Фреј го одликувал Кардељ со Орденот „Голем крст за заслуги за Чиле со лента''. После Чиле Едвард Кардељ го посетил пријателскиот Перу по покана на Претседателот на Републиката дивизискиот генерал Хуан Веласко Алвардо.

Потоа во периодот помеѓу 15 до 22 Мај 1970 Едвард Кардељ претстојувал во неофицијална посета на „Соединетите Мексикански Држави''. При оваа посета Владата на Мексико на другарот Кардељ и на неговата пријателска посета му дала официјална содржина и висок третман, кој во суштина не се разликувал од посета на претседател или премиери на држави. Тоа се потврдува со фактот дека, Претседателот на Републиката Мексико, Густаво Дијас Ордас иако болен, го примил другарот Кардељ и водел со него пријателски разговори околу меѓународната сцена како и за соработката помеѓу Мексико и Југославија. При посетата на Латинска Америка Кардељ кратко се задржал и во посета на Бразил. Севкупно како заклучок од овие посети каде во склоп на Југословенската делегација имало и новинари и останати државни чинители се констатира следното.

„Сите причини говорат во прилог на интензивирање и свестрано и квалитетно подобрување на нашите односи со сите земји на Латинска Америка, а поготово Чиле, Перу, Мексико и слични земји со повеќе или помалку прогресивен курс на развој, во таа смисла треба да се превземат сите неопходни мерки''.[547]

Само накратко да дадеме димензија на оваа посета на Кардељ на Чиле. Имено, после посетата на Едвард Кардељ на Чиле на следните избори одржани набрзо по посетата, победата ја однел харизматичниот лидер Салвадор Аљенде. Тој е прв социјалистички претседател на Чиле и прв воопшто социјалистички лидер избран во

---

Политичкото биро (Политбиро), од 1925. до 1952. и Извршен комитет од 1952. до 1969. година. Со Реформата на Сојузот на комунистите, во октомври 1966. формирано е Председателството на ЦК СКЈ, на чело со Извршното биро, односно Извршниот комитет, а потоа од 1978. до 1990. Претставува орган со представници на републичките и покрајинските организации на Сојузот на комунистите, по примерот на Председателството на СФРЈ. „Историјата на Сојузот на комунистите на Југославија. Белград: Издавачки центар „Комунист"; Народна книга; Рад. 1985. Hronologija radničkog pokreta i SKJ 1919—1979. tom III 1945—1979. Beograd: Narodna knjiga; Institut za savremenu istoriju. 1980.

[547] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски'' Кутија 2 Папка 15. Документ, „Известие за посетата на Другарот Едвард Кардељ на земјите на Латинска Америка ос 2 до 24 мај 1970''

Јужна Америка. На власт се задржал од 1970  до 1973 година кога е направен воен удар и тој е убиен на 11 септември 1973 година, за што постојат повеќе верзии и под неразјаснети околности. После неговото отстранување власта ја презима генералот Аугусто Пиноче воведувајки диктатура. Симптоматично е тоа што Кардељ бил во посета во Чиле меѓу другото и по покана на политичките партии како и по покана на претседателскиот протовкандидат а во извештајот токму тоа се потенцира. Извештајот што го добил Академикот Михајло Апостолски број на евиденција 2. Тоа све кажува, укажувајки на неговата битност за анализата на меѓународните односи на федерацијата.


MATERIJAL PO UPOTREBI VRATITI

STROGO POVERLJIVO
Br. evidencije 2.

S A V E Z N O   I Z V R Š N O   V E Ć E

Iz Kabineta Edvarda Kardelja

TAČKA 1a

I Z V E Š T A J
o poseti druga Edvarda Kardelja zemljama Latinske Amerike od 2. do 24. maja 197o. godine

Beograd, 5. jula 197o. godine

Овој документ секако е значаен за истражување, бидејки ја потврдува линијата на одлучност на градење  пријателски и донекаде идеолошки прифатливи меѓународни односи на Југословенската Федерација во тоа време. Сепак и покрај тоа што Кардељ бил еден од најблиските соработници со Тито, поседувањето на овој документ како и многу други со слична содржина во рацете на Михајло Апостолски и тоа отпечатен со „бр. 2!’’многу говори за една друга димензија на односите во највисокото раководство. Очигледно и самиот Кардељ го почитувал Апостолски, но клучно е да се знае дека со ова се потврдува дека, Апостолски бил добро запознаен буквално за се што се случувало на политички план во федерацијата. Секогаш бил добро, точно и навремено информиран за севкупните состојби, и на внатрешен и на меѓународен план. Тоа говори за неговата

лична близина и очигледна соработка со Маршалот на Југославија и неприкосновениот водач Јосип Броз Тито кој најверојатно исклучително го ценел и почитувал.

„Кога бев претседател на Македонската академија на науките и уметностите и кога дојде Едвард Кардељ да ја прими дипломата за почесен член на МАНУ, тој инсистираше посебно да се сретне со мене за да поразговараме. Организиравме таков разговор....На тој разговор прво што ме праша беше дали ние некаде сме се сретнале додека јас бев во Љубљана. Му реков дека неможам да тврдам но ми се чини дека ние директно не сме имале контакт. Тогаш тој ми рече: Ти не знаеш дека беше на моја директна врска. Тогаш твоето презиме беше Митиќ. Бев многу задоволен што имавме еден офицер во војската кој е наша страна. Потоа ми кажуваше за тоа како се воспоставувале  и се одржувале врските, за конспиративноста итн. Јас бев изненаден од неговото сеќевање но истовремено тоа ми причини и големо задоволство. Денес кога размислувам за инструкциите кои сум ги добивал, може јасно да заклучам дека сум ги добил од некоја висока партиска личност....Инаку со Кардељ кога и да се сретневме по војната, секогаш водевме пријателски разговори. Веројатно оттаму доаѓаше и неговата наклонетост кон мене, а и мене тој ми беше симпатичен како личност’’. [548]

На прв поглед разговорите водени помеѓу Апостолски и Кардељ делуваат срдечни и искрени, мене тоа ми делува како разговор на двајца мудреци.

За анализа има и голем број други доверливи документи. Кратко би се задржал на дел од нив. На Пример: „Известие за мултиратералните подготовки на КЕБС[549],- Хелсинки 22.XI. 1972 до 8 VI 1973’’. Документ на 19 страници. Строго доверлив, број на евиденција 62[550].


SAVEZNI SEKRETARIJAT
ZA INOSTRANE POSLOVE
12.jun 1973. godine

STROGO POVERLJIVO

Br. evidencije 62

IZVEŠTAJ
O MULTILATERALNIM PRIPREMAMA KEBS
Helsinki /22.XI 1972-8.VI 1973/

I - UVODNE NAPOMENE

Predlozi za sazivanje konferencije o evropskoj

[548] Михајло Апостолски, Сеќавања, „Магор“ и „МРТ“, Скопје, 2003, стр.93-94

[549] Конгрес за европска безбедност и соработка (КЕБС) помеѓу 1973-1995 пред да прерасне во постојана организација. Го добива името, ОБСЕ - Организација за безбедност и соработка на Европа (англиски: Organization for Security and Co-operation in Europe) е меѓународна институција кој е некој вид на форум за политички дијалог која има за цел безбедносна стабилизација на регионот, со помош на демократски средства и демократско владеење.

[550] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски’’ Кутија 3 Папка 1. Документ, „Извештај за мултиратералните подготовки на КЕБС Хелсинки 22.XI. 1972 до 8.VI 1973’’

Документот е отштампан на српскохрватски и на македонски јазик, и даден како документ за известување на трајно користење на Академикот Михајло Апостолски. „Иницијативата на Финската влада за организирање на мултилатерални консултации и одржување на КЕБС во Хелсинки, во форма што ги ублажи некои блоковски призвуци, придонесе за афирмацијата на идејата на КЕБС и нејзиното вградување во центарот на процесите што во последните неколку години се одвиваат во Европа[551]''.

Потоа, секако за анализа е и документот на ССНРЈ, исто така како и останатите.

Строго доверлив: Бр. 438085 -17 септември 1973 година.

„Информација, за резултатите на четвртата конференција на шефовите на државите или владите на Неврзаните земји[552] [553]".

„Четвртата конференцијана шефовите на државите или владите на неврзаните земји е одржана во Алжир од 5 до 9 септември 1973 година. На конференцијата и претходеа два состанока на Подготвителниот комитет: ( во Кабул од 13 до 15 мај, и во Алжир , од 29 до 31 август) и министерскиот состанок во Алжир од 2 до 4 септември. Општа оцена за IV конференција на шефовите на државите или владите на неврзаните замји даде претседателот Тито во својата изјава по враќањето во земјатана аеродромот во Белград, како и во говорите во Осиек и Бјеловар[554]''

„Четвртата конференција на шефовите на државите или владите на неврзаните земји јасно покажа дека НЗ стануваат свесни за тоа дека претставуваат реална сила која со својата организација и акција може значајно да влијае врз промените на меѓународните односи. Силно е истакнато барањето и решеноста за тоа НЗ да бидат уште повиден фактор во меѓународните односи. Силно е истакната барањето и решеноста за тоа НЗ да бидат уште повиден фактор во меѓународните односи. За се поголем број земји политиката на неврзаност станува објективна потреба. Заедничката активност на НЗ се јавува како светска политика што мораат да ја почитуваат сите други меѓународни фактори[555]''.

Само кратко би го искоментирал овој документ. Повеќе од јасно е дека во светот СФР Југославија веќе се наметнува како лидер на движењето на неврзаните. Самото движење добива на тежина да дава предлог решенија, да дава свои мислења и ставови и поради

---

[551] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски'' Кутија 3 Папка 1. Документ, „Извештај за мултиратералните подготовки на КЕБС Хелсинки 22.XI. 1972 до 8.VI 1973''

[552] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски'' Кутија 3 Папка 2. Документ бр. 438085

[553] Движењето на неврзаните е меѓународна организација во која членуваат 120 земји членки главно земји во развој. Движењето на неврзаните се занимава со прашањето на националните борби за независност, надминувањето на сиромаштијата, економскиот развој на земјите и се противи на колонијализмот, империјализмот и нео-колонијализмот. Земјите членки на Движењето на неврзаните претставуваат 55% од населението на Земјата и речиси 2/3 од членките на Обединетите нации. СФР Југославија до својот распад беше една од основачите и предводниците на Движењето.

[554] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски'' Кутија 3 Папка 3. Документ бр. 438085, стр 1.

[555] Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски'' Кутија 3 Папка 3. Документ бр. 438085, стр 2 ( Говор на Јосип Броз Тито по пристигнувањето од конференцијата)

бројноста за земјите членки и земјите посматрачи, пополека да се наметне и да биде фактор во светската политика. Тоа е основната интенција на фактите кои егзистираат во светските политика во тоа време. Нормално, повторно тука целиот материјал на увид за подоцнежни консултации со Југословенскиот врв го поседувал Апостолски.

### 3.8. Маргинализација

Кога говориме за маргинализација на Михајло Апостолски, треба да ја анализираме неговата личност низ сите временски периоди од неговиот живот, низ сите етапи низ кои поминувал од детството и младоста, школувањетои образованието, анализа на неговата војничка кариера во кралската југословенска војска, потоа делот кога е генералот и командант на НОВ и ПО на Македонија, делот кога е началник на штабот на пешадиските единици на ЈНА како генерал потполковник, подоцна акдемик во два мандата избран за претседател на МАНУ, се до неговата смрт. Сметав дека е најдобро да започнам со анализата на неговиот опус и библиографија. Тука не мислам на маргинализација но на цензурата. Во неговата исклучително обемна библиографија реално нема застој во неговата работа, ниту некоја посебна забрана за творење. Но, кога започнав да ја истражувам темата, приметив неколку интенции во неговиот долгогодишен, исклучително квалитетен огромен опус. Имено кога почитуваниот великан на нашата пишана реч, започнал да пишува во повоениот период доближувајки не со неговите описи до славните, „Февруарски Поход” потоа делот за „Пролетната офанзива” а посебно во делот пишуван за „Завршните операции за ослободување на Македонија”, и други дела пишани за НОБ, приметливи се делови на автоцензурирање. Текстот е прилагодуван со проаѓањето на годините. Тоа е можно и поради издавачот, дадениот историски момент, но како и да е, приметливо е. Како поминуваат годините од 1946 година па наваму после војната Апостолски води сметка, посебно околу делот на изразувањето на македонизмот. Во поновите изданија, публикациите се прилагодени на поширокото југословенско гледање и читалиште, односно се внимавало на „братството и единството”. Тоа е многу специфично бидејки се работи за воена историја, и потребна била голема умешност и прилагоден стил за пишување на Апостолски. Македонизмот не исчезнува напротив тој се возобновува силно во неговите последни дела.

Фактички кога говориме и подетално ја анализираме, обидите за негова маргинализација започнале многу одамна, уште за време на неговото учење во воените академии и служба во кралската југословенска војска. Секако тоа биле два обиди за негово физичко ликвидирање кое подоцна е обзнането од него лично, но и од неговите потенцијални атентатори и налогодавци, за ова и претходно објаснував. Тие го препознале неговиот потенцијал, неговиот изблик кон напредните идеи и сакале да го„тргнат”(елиминираат). Но тоа истовремено биле и шокантни искрени признанија кон него од потенцијалните сторители. Со тоа Апостолски за прв пат се доближил до начинот на работа и функционирање на тајните служби и друштва, и осознал битни информации за начинот на кој тие функционирале. Така првите обиди за негова маргинализација се всушност обиди за негова физичка ликвидација, организирани од тогашната власт, вклучително и во периодот непосредно пред војната, додека бил

генералштабен кралски офицер, мајор во кралската југословенска војска, но за среќа овие обиди се неуспешни.

Понатаму како проаѓале годините и како навлегуваме во периодот на втората светска војна, повторно приметуваме период кога има обиди за негова маргинализација. Тоа е посебно периодот непосредно пред неговото заминување кон слободната територија во западна Македонија, на пат кон ГШ кој самиот требал да го води. Значи има интенции на партиско но и воено маргинализирање на неговата личност. За среќа неговата способност да изнајде решенија во секакви ситуации, го донеле жив до Црвена Вода каде го преземал раководењето на главниот Штаб. За време на воените дејанија исто така имало обиди за негова маргинализација, но тоа веќе било невозможно бидејки негов личен заштитник и соработник станал Јосип Броз Тито лично. Темпо но и останатите политички фактори на кои им пречела неговата оригиналност и водство морале да отстапат и да се прилагодат на новонастанатата состојба на теренот на Македонија. Овој период ќе трае до крајот на 1944 година кога тој заминува на служба во Белград во Врховниот или главниот штаб при непосредна комуникација со сите водечки военополитички фигури во идната федерација и посебно Јосип Броз. Дури и во Белград во воените 1944/45 година имало обиди за негова маргинализација, но Апостолски тоа не го доживувал така, тој тоа не го доживувал како маргинализација туку како борба за наметнување, да се дојде до позиции на власт. Тоа јасно го истакнува и за подоцнежниот период за некои познати партиски функционери во Македонија.

Сепак за почитуваниот генерал останува горко чувството на самомаргинализирање, и тоа по едно многу битно прашање, по ослободувањето на Македонија во ноември 1944 година. Тоа се неговите реални обиди за реафирмацијата на паролата по настаните на скопското кале „ На Солун", со неговата познатата парола „На Берлин, потоа на Солун" јавно искажана пред построените војници на преполниот плоштад со војска која требала да оди на сремскиот фронт и народ во Скопје. Колку и да бидат негирани од некои авторитети во Македонија, овие зборови силно одекнале меѓу војската и народот, и многумина потоа силно верувале во тоа. Дека Генералот Апостолски е многу сериозен во својата намера имаме многу докази, посебно од британските известители од мисиите присатни во Македонија. Тоа била негова апсолутна интенција која брилијантно ја одиграл колку што тоа му го допуштала можноста од позицијата на висок авторитет како командант на ГШ на НОВ и ПОМ. Но поради познатите настани и неговото заминување за Белград по барање на неговиот Врховен командант Јосип Броз Тито, тоа останало нереализирано. Тоа никако не значи дека не се обидувал да го реализира својот план или намера. Сепак останува горкото чуство дека „Прво на Берлин а потоа на Солун" во октомври, ноември, декември, 1944 година искажани за него и ГШ од странските мисии и служби, и едноставното „на Солун не на Срем" искажани еден месец подоцна од некои воени македонски единици во Скопје и Штип се за дополнителна анализа. Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ самиот се цензурирал што престанал да се наметнува во Белград при ВШ околу ова прашање.

Во годините на неговото службување во ЈНА тој брзо ќе напредува, засенувајки ги сите останати генерали во својата област. Претходно како генералштабен офицер и за

време на војната тој ги добил драгоцените искуства да стане врвен висок офицер и командант во ЈНА. Во такво околности релативно млад е пензиониран, што остава простор за шпекулации за негово повторно воено маргинализирање, овој пат од ЈНА. Секако за оваа анализа мора да се има во предвид дека овојпат одлуките ги носел Тито. Толку високо позициониран македонски генерал, во поновата македонска историја не сме имале. Тој бил командант на целата пешадија на ЈНА, затоа оваа одлука не можела да помине без аминување на Маршалот и Врховен командант Јосип Броз Тито. Според мојата анализа заклучив дека Јосип Броз Тито сакал и добил голем следбеник и драгоцен човек од најголема доверба. Постојат сведоштва за негови инкогнито средби со Михајло Апостолски. Средби на кои Маршалот ненадејно се појавувал во Скопје и го повикувал Апостолски на средба односно состанок. Таква средба имале и во некоја наша институција дури ресторан или хотел. Апостолски бил повикан на маса, известен дека го чека важен гостин. Ова не се мои шпекулации, туку истражени работи зад кои стојам. Интересно никој од тогашното политичко раководство не бил запознаен за посетата на Маршалот. Ниедна институција, само Апостолски. Звучи неверојатно, но сходно разговорите со луѓето што ми ги кажаа овие работи, најверојатно е вистина. За мене нема никаков сомнеж дека такви состаноци постоеле. Исто така кај мене нема сомнеж дека Апостолски е човек од најголеми активности и авторитет за контрола на тајните служби, разузнавањето и контраразузнувањето. Според моето истражување, Апостолски бил еден од најтајните доверливи луѓе и најверни соработници и заштитници на Јосип Броз Тито, и тоа за време на целиот период од нивното запознавање, а посебно периодот по неговото инуигурирање во академик, односно по военото пензионирање.

Во поновата македонска историја на СРМ и претходно НРМ, не се приметуваат некои посебни инсистирања за маргинализирање на веќе академикот Апостолски, иако тој веројатно за клучните работи не бил на линијата на Колишевски. Иако соработувале што е нормално, сепак Апостолски водел сопствена крајно одговорна политика која се открива и во неговите дела и по истражувањето на темата. Конечно, реалната неговата маргинализација доаѓа до израз по смртта на Маршалот Јосип Броз Тито. Очигледната нивна блискост и соработка била евидентна, и поради тоа целокупното македонското социјалистичко раководство и истакнати или помлади поединци биле внимателни како се однесуваат со Апостолски. Се додека Тито бил жив и ја водел федерацијата Апостолски е видно присутен во општеството. Потоа по смртта на другарот Тито pополека, почнува неговото „маргинализирање". Осумдесетите години на минатиот век тој се повлекува во Дојран каде е реално самоизолиран. Од овој временски аспект гледано можеби и годините го направиле своето. Посебно интересни за анализирање се неговите последни дела, каде тој буквално ја дава својата исповед на својот воен другар и пријател Коце Солунски. Во делата „Од раѓање до Генерал" и подоцна во „Сеќавања"добиваме една сосема поинаква слика и вистина за неговата личност. Оттаму финално се анализираат детали кои ја покажуваат неговата човечност, неговиот карактер оформуван од дете, прогресивен младинец, се до командант на ГШ на НОВ и ПО на Македонија и секако како Академик. Интересно е неговото „повлекување" во Дојран. Генералот, Академикот, човекот Михајло Апостолски очигледно сакал во спокој и мир ги сподели своите мисли со најблиските и со тие што посакувал на крајот од своето

патување. И многумина авторитети освен самиот Јосип Броз Тито од разни свери во општеството, во Федерацијата и републиката како и од странство покажувале висока почит кон животот и делото на Михајло Апостолски.

Киро Глигоров, првиот претседател на самостојна и суверена Република Македонија имал голема почит и респект кон Михајло Апостолски. Поради све што поминале во животот во испреплетените судбини и дополнително фамилијарни односи ќе го изјави и напише следното[556]: „Ова е можност да кажам нешто и за семејството Апостолски со кое ме врзуваат спомени од најраното детство, не само поради нашата семејна блискост, туку и поради големото совпаѓање на нашите погледи по многу прашања. Имав голема почит спрема целото семејство а особено спрема покојниот Михајло''.

## ОПШТЕСТВЕНА И НАУЧНА ОПРАВДАНОСТ НА ТЕМАТА

Во врска со наведената тема, најнапред ке напоменам дека сметам, односно убеден сум дека за личноста и делото на Михајло Апостолски не е доволно пишувано и истражувано, и има доволно простор истата да се обработува. Сметам дека поради фактот што самиот Михајло Апостолски има пишувано и публикувано повеќе дела и изданија издадени во Скопје и Белград, во различни услови и временски причини, дополнително ми даде за повод да се обидам критички колку можев пореално да го анализирам неговиот опус и оттука да црпам голем извор на анализата за неговото дело. Да напоменам, дека за неговата работа и опус не е возможно да се даде некаква посебна критика, бидејки генералот подоцна академикот Михајло Апостолски, зад себе оставил трајна вредност со непроценливо богатство во неговите пишани дела, за идните генерации Македонци но и драгоцена пишана реч за сите граѓани на Република Македонија без оглед на нивната национална или верска припадност.

Врз основ на сето ова може да се каже и заклучи дека за оваа тема имаше голем простор за истражување и пишување бидејки колку и да било истражувано и пишувано темата едноставно неможе да се исцрпи. Да заклучам, сметам дека не е доволно истражувано и пишувано за темата и има голем простор за истото. Поради тоа оваа тема предизвикуваше и сеуште предизвикува еден голем предизвик за мене, дека ке успеам да допринесам за добивање на многу појасна слика за големината на личноста и делото што зад себе го остави Михајло Апостолски.

При истражувањето ја користев и ја анализирав нормално неговата литература и изданијата на неговите дела во Скопје и Белград. Секако анализирав и секаков друг вид литература поврзана со неговата личност и дела посебно околу воениот аспект на неговото делување и ангажирање. Анализирав дел од неговата оставштина во Архивот на МАНУ. За прв пат колку ме информираа во МАНУ некој навлегува во оваа институција за обработка на оваа или слична тема. Тоа ми причини големо задоволство и ме стави на голема одговорност. Сепак, убеден сум дека изнесеното ќе биде

[556] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, Култура Скопје 2002 година, стр.16-17

прифатливо за јавноста во Македонија и пошироко, бидејќи е работено само врз основа на факти и материјали затекнати на лице место и достапни за истражување. Секундарните граѓи исто така многу ми помогнаа како и личните контакти со истакнати личности од општеството, писатели, негови почитувачи и дел современици.




**Лични предмети на генералот и командант на НОВ и ПОМ Михајло Апостолски**

# ЗАКЛУЧОК

Во 1983 година еден пролетен ден, на моја 14 годишна возраст ја имав таа чест сосема случајно да го запознаам, видам и кратко да поразговарам со генералот Михајло Апостолски. Тоа беше случаен настан, кога бев во посета кај чичко ми, Раде Бојаџиевски кој исто така беше партизан. Заминал во партизани во 1943 година, подоцна се бори во 12 скопска ударна бригада од 1944 година па до крајот на војната. Тој тогаш беше раководител на културно просветна заедница на град Скопје. Јас бев полн со инпресии по настапот како еден од повидните членови во оркестарот на моето О.У. Коле Неделковски, бидејки во Скопје победивме на градскиот натпревар на школските мандолински оркестри. Во канцеларијата на чичко ми тропна некој на врата. Потоа вратата се отвори и јас здогледав еден уреден возрасен, господин човек како влегува. Одеднаш чичко ми Раде срипа иако возрасен сигурно имаше околу 60 години, застана мирно, и извика, команданте?! Јас бев целосно збунет, станав и јас, незнаев како да реагирам. Чичко ми рече, Роби еве го командантот! Господинот ми пријде, не гледајки во чичко ми, запраша. Раде кое е ова момче? Ме погали по косата, ми рече седни. Седнав. Чичко ми му одговори, ова ми е внук, титов пионер, (тогаш носевме сите пионерски црвени марами и бели кошули), ќе учествува на републичкиот натпревар за оркестри. Во Скопје неговиот оркестар освои прво место, победија, сега ќе се натпреваруваат на републичкиот натпревар. Одлично рече тој. А каде учиш? Му одговорив. Како се викаш ме запраша? Му одговорив, Роберт, но сите ме викаат Роби. Тогаш тој рече, многу убаво. Да победите и на републичкиот натпревар. Јас му се заблагодарив. Потоа излегоа со чичко ми од собата некоја минута и разговараа пред вратата. Кога ги погледнав сликите, работејки го делото се сетив на секој еден збор од таа средба. Чичко ми многу го сакав и почитував. Така сватив дека го запознав човекот за кого пишувам. За тоа му благодарам на бога. Му благодарам и на чичко ми. Запознав голем човек, а незнаев кој е. Јас претпоставув дека се работи за Апостолски пред повеќе години, децении, уште кога чичко ми одеше редовно во Дојран на риба, го посетувал со неговиот најдобар другар Павле Давков, македонски деец и политичар, учесник во НОБ од 1942 година. Тие често одеа во Дојран веројатно и се дружеле во тие денови со генералот. Откако почнав да истражувам, едноставно све се поклопи, и таа случајна средба ќе ја паметам цел живот.

Македонскиот народ во својата многувековна борба за слобода, конечно, светлината на крајот од темниот тунел ја здогледа во периодот на својата херојска борба во годините на Втората световна војна од 1941-1945 година. Јас уште на моја помлада возраст, потоа живеејки во Југословенската федерација се до денешна слободна и независна Република Македонија и нејзините современи премрежија, како што и во својот магистерски труд сакав, но истовремено почуствував и должност, како човек и патриот да го обработам периодот од највпечатливите воени, военополитички, военоисториски и военодипломатски ангажмани на Македонскиот народ, односно неговиот отпор кон фашизмот и учеството во големата сојузничка победничка антихитлеровска антифашистичка коалиција. Во редоследноста на напишаното сакав да

го изнесам своето мислење, видување, констатации, и одредени заклучоци востановени од сопствените анализи. Сакав да дадам свое толкување за воената и военополитичката анализа а востановени од многуте материјали од делата напишани пред се од нашите великани, особено од нашиот народен херој, Командантот на НОВ и ПО на Македонија генералот Михајло Апостолски. Можам слободно да констатирам, наш прв современ воен и военополитички историчар, притоа анализирајќи ги делата и на останатите современи воени историчари Ванче Стојчев, Петар Пепељуговски и други, академици и професори кои се бавеле со оваа и слична проблематика. Исто така да напоменам дека за време на работата на трудот, разговарав со повеќе наши истакнати писатели, членови на МАНУ, редовни професори на Филозофскиот факултет од Институтот за историја, пензионирани професори од Филозофскиот факултет, и други колеги историчари. Се послужив и со други извори од прераскажините спомени од други автори, користејќи секундарни историски извори од мемоарски трудови и од лични раскажани сеќавања на мојот дедо Александар Георгиевски Џузелов, учесник во НОБ и курир на генералот Апостолски, потоа искази од мајка ми и други членови на семејството, за периодот на таа долгогодишна тешка и крвава борба за слобода, пред за време и после Втората светска војна. Периодот пред, за време и по триумфалниот воен поход на генералот Михајло Апостолски, Командантот на Главниот Штаб и НОВ и ПО на Македонија предводувајќи ја својата македонска војска. За мене пак пишувајќи слободно низ временската рамка од многу децении изминати по ослободувањето и возобнувзњето на Македонската држава, мојот дедо Александар, останува мојот личен Македонски херој, моја гордост, бидејќи знам дека бил храбар борец и личен курир на генералот и командантот Михајло Апостолски!

Воените достигнувања на генералот, командантот на НОВ и ПО на Македонија Михајло Апостолски со своето дејание на теренот во окупирана Македонија се големи, огромни. Успеал да направи симбиоза на делумно разбиеното движење во Македонија и со своето дејание успеал да ги поврзе прекинатите линкови и со Врховниот штаб. Со својот војнички талент постепено успеал да се наметне на теренот, меѓу борците кои почнале да го следат верно, полетно и безкомпромисно. Се наметнал и во военополитичкото раководство каде неможело да се донесе решение без негово аминување, дури и Светозар Вукмановиќ Темпо иако бил Титов повереник, морал претходно да се консултира и да ги почитува одлуките на Апостолски. Дури имало повеќе ситуации кога Темпо бил укоруван кога дури и помислувал да направи некаков потег спротивен од мислењето на Апостолски и тоа лично од Тито. Тоа била просто неверојатна поврзаност и почитание искажана од Јосип Броз кон Апостолски. Единството постигнато под неговата непосредна команда било евидентно насекаде каде се движеле борците на македонските одреди, баталјони и бригади. Во Вардарскиот, во Егејскиот дел на Македонија а комуникацијата со Пиринско била на завидно високо ниво. Косовските и Јужно Српските единици како и бригадите на Отечествениот фронт морале да ги почитуваат неговите наредби бидејќи во одреден период на војната му биле потчинети. Тие биле одлучни и точни наредби. Неговиот војнички талент за многу кратко време бил приметен од Врховниот комадант, Јосип Броз Тито и оттогаш и започнува нивната воено професионална врска. Таа во целиот период од нивните

животни патишта ќе биде на високо „мајсторско” ниво. Од второто заседание на АВНОЈ каде Јосип Броз Тито инсистирал на негово именување за член во отсуство се до касните повоени години, до крајот на неговиот живот останале верни соработници. После многуте брилијантни победи, буквално само военострагиски победи, кои донеле и клучна политичка победа над непријателот, над фашистите, окупаторите и реакционерните сили, навистина останува неодговорено и чуството на неверување, како толку голем воин, писател, академик и општествено високо одговорен човек, не е доволно славен во денешна Македонија. Кога постепено навлегуваме во неговата пишана теорија и ја анализираме добиената пракса на теренот, останува шокантно откритието за неговата воена брилијантност. Ве остава замислен. Со целата почит и респект за битките на Неретва и Сутјеска, и за ВШ на НОВ и ПОЈ, и за Врховниот командант, и сите негови команданти, македонските битки водени на македонското боиште, од ГШ на НОВ и ПО на Македонија, предводен од својот легендарен командант, генералот Апостолски се посебни, уникатни и се за сериозно проучување од воеоаналитички аспект. Ако ја анализираме воената историја на Македонскиот командант генералот Михајло Апостолски, ќе дојдеме до заклучок дека тој е воено чудо!

На 7 август 1987 година заврши земниот пат на Д.р Михајло Апостолски, легендарниот генерал и командант на Главниот Штаб на НОВ и ПО на Македонија, академик и научник, редовен член на МАНУ од нејзиното формирање во 1967 година, народен херој, македонски великан.

Низ чуките на легендарната Плачковица, веројатно сеуште ноќе одекнува ехото на маршот „ко челик сме ние”!

Човек треба да се замисли, да се запраша, од каде толкава сила, толку голема енергија во еден обичен човечки живот, да се постигнат и доживеат толку работи, да се допрат толку височини. Да се влезе во длабока темнина и да те обвие силна светлина, чиста и бела светлина, на слободата, и све за еден човечки живот.

Неговото неверојатно патување низ војна и мир, ќе му го покажат патот како да ја следи иднината, и црпејки сила од минатото да ја допре вечноста.

Интересно, додека го пишував и ги анализирав последните страници на делото слушнав дека при одбележувањето на 13 Ноември денот на ослободувањето на Скопје, градоначалникот на градот, најавил дека новиот мост на реката Вардар, кој треба да се направи во општина Аеродром и треба да ги поврзе булеварот АСНОМ и ул.16. Македонска бригада со населбита „Керамидница” треба да го носи името, Михајло Апостолски.

Исто така уште повпечатливо на плоштадот во главниот град на современата Македононска република, колку и да е неверојатно останува недовршената градба на плоштадот Македонија, односно, „Палатата Генерал Михајло Апостолски”, која се градеше се до летото 2016 година на местото на поранешната учителска школа. Тоа е навистина неверојатно. Зошто? Поради некакви политички несогласувања во денешницата. Апсурд! Не смеат да постојат несогласувања за ништо што е поврзано со неговото име. Тоа мора да се свати.

Спроти објектот што требаше да го носи името на генералот Михајло Апостолски е споменикот на најголемиот војсководец на сите времиња запаметен во историјата. Непобедливиот на военото поле Великиот Александар III Македонски.

Очигледно во оваа наша денешна македонска држава, за жал, не постои доволно свест да се обзнани и да се свати, дека, после славниот Александар, Македонија својот нов вистински победник го добила токму во генијалниот наш антифашистички борец и водач, генералот и командант на НОВ и ПО на Македонија, Михајло Апостолски. Токму тој не загуби ниедна битка против окупаторот и ја ослободи Македонија, длабоко, лично придонесувајќи го процесот на воскреснувањето на македенската државност и самобитност. Командувајќи ја својата оперативна, енергична и високо професионална, родољубива, Македонска 75 000 бројна војска, која со текот на времето кон крајот на војната била во постојан и континуиран пораст, и е во приближна бројка како историски парадокс со Александровата македонска фаланга односно војска, не загубил ниту една битка на фронтот, токму како Александар.

Затоа командантот на ГШ на НОВ и ПО на Македонија, генералот, академик, Михајло Апостолски, заслужено е столб на современата македонската државност. Треба да му одаваме непрастано голема почит, за све што направил за својата татковина Македонија. За земјата за која војувал, за која непрастано пишувал, говорел и го обзнанувал нејзиното постоење. За татковината за која што живеел и која што неизмерно ја сакал.

Вечна ти слава команданте !

Како завршеток и комплетирање на запишаното, сакам да укажам, дека не мислам ова да биде мое прво излагање и пишување за Михајло Апостолски. Веќе имам обработено материјали за работа на вториот дел, а како најавив, првиот ќе биде насловен „Генералот”. Продолжението ќе се вика „Историчарот”

## РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА

I. **ИСТОРИСКИ ИЗВОРИ**
II. **НЕОБЈАВЕНИ АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛИ**
III. **ФОНД, МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ, НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ, СКОПЈЕ**
IV. **ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ НОБ**
V. **ОБЈАВЕНА АРХИВСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
VI. **ВЕСНИЦИ**
VII. **ПРЕВЗЕМЕНИ ВИДЕА НА ИНТЕРНЕТ ЗА НОБ ВО МАКЕДОНИЈА**
VIII. **ПРЕВЗЕМЕНИ МАПИ ЗА ВОЕНИТЕ ДЕЈАНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА НОБ**

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Михајло Апостолски, Ослободителна војна на македонскиот народ (1941-1945), Скопје, 1965 година

2. Пролетната Офанзива во Македонија и во Поморавието, Михаило Апостолски Издадена во Скопје 1973 од НИК наша книга

3. Пролетна офанзива 1944 година, Михајло Апостолски (генерал-лајтнат) – издадена во Скопје од печатница „Гоце Делчев“

4. Февруарски поход, Михајло Апостолски – издадена во Скопје 1973 година од НИК Наша книга

5. Февруарски поход, Михаило Апостолски – издадена во Скопје 1959 година
6. Воена историја на Македонија, Ванче Стојчев – издадена во Скопје 2000 година
7. Воена историја на Македонија (скици), Ванче Стојчев – издадена во Скопје 2000 година
8. Сеќавања, Златко Билјановски – Михајло,– издадена во Скопје 2008 година од Академски печат- Скопје
9. Егејскиот дел на Македонија (1913-1989), Стојан Киселиновски, Скопје 1990 година
10. Лекции од историјата на современата македонска држава 1944-1991, Виолета Ачкоска издадена во Скопје 2015 година од ФЗФ
11. Златна Книга 100 Години ВМРО - Михаило Миновски
12. Реорганизација на единиците на НОВ и ПОМ и нивната трансформација - Тодор Атанасовски
13. Пехчево (историски погледи врз минатото), Димитар Веселински издадена во Пехчево 2014 година од Европа 92 Кочани
14. Стојан Ефтимов Димовски, Пехчево од 1920 до 1948 година, Експрес Биро АБЦД, Нови Сад, 1987 година
15. Завршните операции на Н.О.В. за ослободувањето на Македонија Михаило Апостолски, Скопје, издавач, Кочо Рацин 1953 година
16. Историја на Балканските народи-Барбара Јелавиќ –Том II ,(стр:296-344,370-384)
17. Илустрована Историја света – издадена во Белград -1973 година
18. Историја на Македонскиот Народ-Институт за Национална Историја –Скопје – издадена од Просветно Дело, Скопје 1972 година
19. Востанијата во Македонија-издадена од ФЗФ Скопје 2015 година

19\. Ослободилачки рат народа Југославија (1941-1945)- Белград 1948

20\. Бригадата на братството и единството - Скопје 1958

21\. Ослободителната војна во Западна Македонија-Владо Ивановски – Скопје

22\. Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија - Том 1, книги од 1 до 9 – институт на национална историја, Скопје 1975 годипа

23\. Штип и штипско во НОВ (1941-1945) –книги од 1 до 4 –Матица Македонска, Скопје-2000 година

24\. 1942 ПОЛИТИЧКА ПОБЕДА НАД НЕПРИЈАТЕЛОТ-Михајло Апостолски-(стр 3-издадена и печатена во графички завод „Гоце Делчев’’- Скопје Март 1968 г.

25. Прилози за Воената Историја на Македонскиот народ- Петар Пепељугоски – НИО „Студенски збор Скопје'', 1988 (стр 444-445)

26. Студии и статии I – Михајло Апостолски НИК Наша книга Скопје 1973 година

27. Студии и статии II– Михајло Апостолски НИК Наша книга Скопје 1973 година

28. Годишен зборник- Институт за Историја и Археологија,Униврзитет Гоце Делчев Штип 2010 година

29. Банови на кралството Југославија. Биографски Лексикон, Уредници: Момчило Павловиќ, Предраг Вијагиќ,Небојша Стамболиќ, Белград 2019 Г.

30.70 Години македонска држава-Државотворните решенија на Првото заседание на АСНОМ, избрани документи од Првото заседание на АСНОМ, Скопје 2014 Година

31. Југословенските социјалисти-комунисти и македонското прашање ( 1918-1945) Славко Милосавлевски, НИО- Студентски збор –Скопје 1992 година
32. Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски, Нашиот поглед на времето на Колишевски, Скопје: Мисла 1996 година
33. Боро Митревски, 15 (Македонски) ударен корпус НОВЈ, Белград 1983 година
34. Сојузниците и Македонското прашање, гласник ИНИ, Скопје 2005 година
35. Тодор Чепреганов. Велика Британија и Македонија 1941-1945 (Документи), Македонското Автономно движење во северозападна Грција: Неговата поставеност и сегашна историја 1941-1945, ИНИ Скопје, 1998 година
36. Воените мисии на Соединетите Американски Држави во Македонија Документи (1944-1945) година. Др. Тодор Чепреганов –ИНИ Скопје 2008 година
37. Сеќевања: Михајло Апостолски (Приредил Михаил Белдедовски) Магор-Скопје 2003 година
38. Главниот Штаб на Народноослободителната Војска и Партизански Одреди на Македонија (1941-1945) МАНУ-Институт за Историја-Прилози од научен собир одржан на 19и 20 декември 1996 година, Скопје, Македонска Академија-библиотека 1997 година
39. Прилог кон историската вистина- Земски Одбор на Сојузот на борците на НОБ на Македонија-Скопје- Михајло Апостолски
40. Зборник на трудови посветени на Академик Михајло Апостолски по повод 75-годишнината од животот- МАНУ, Скопје, 1986 година
41. Споменица, посветена на починатиот Михаило Апостолски редовен член на МАНУ, Скопје 1988 година
42. Македонската Лига и уставот за државно уредување на Македонија од 1880-Институт за Социолошки и Политички-Правни Истражувања Скопје- Мисла-Скопје-1985 Година
43. Великобугарске Претензије од Сан стефана до данас: Михајло Апостолски –Вук Караџиќ –Белград 1978 година
44. Историја на Македонскиот народ: Данчо Зографски, Михајло Апостолски- Култура Скопје -1988 Година
45. Историја на Македонскиот народ: Том IV, Македонија меѓу Балканските и Втората светска војна(1912-1945) Иван Катарџиев, ИНИ Скопје, 2000г

46. **Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија(1941-1945) Институт за национална Историја Скопје**
47. **Завршне операције за ослобоџење Југославије, 1944-1945, стр. 184, Војноисторијски институт, Београд 1957. година**
48. **Британика Енциклопедиски Речник. Топер, Скопје, 2005**
49. **Коце Солунски, Апостолски од раѓање до генерал, Скопје- Матица Македонска, 1993 година**
50. **Томо Ристовски, Георги Димитров за македонското национално прашање и југословенско-бугарските односи. Наша книга , Скопје , 1979**
51. **Томо Ристовски, Диверзантските дејствиа против германската група армии Е во долината на Вардар, Сп. ГИНИ , бр. 2 Скопје 1975**
52. **Боро Митровски, Борбите за ослободување на Скопје, Зборник на научниот симпозиум, „Скопје во НОВ 1943-1945 година, Скопје, 1981**.
53. **Кирил Цацков-Просветата и Културата во Штип и Штипско помеѓу двете светски војни: Библиотека Свети Николе 1995**
54. **Кирил Цацков, Атентатот на Генералот Михајло Ковачевиќ и воведување специјална полициска состојба во Штипско - Годишен зборник- Институт за Историја и Археологија, Униврзитет Гоце Делчев Штип 2010 година**
55. **Михајло Апостолски, Погледи врз Југословенско-бугарските односи во Втората светска војна, Изд, Наша книга Скопје, 1980 година**
56. **Васил Јотевски, Национална афирмација на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија 1944-1948, Институт за национална историја Скопје, 1996 година**
57. **Стефан Требст, Македонска нација, 2 март 2011 г. Ванчо Михајлов не ја исполнил задачата на Хитлер.**
58. **Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт, Македонското националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893 - 1903 година, Табернакул, Институт за историја - Филозофски факултет, Скопје, 2003**
59. **Виктор Габер, „Од објект до Субјект'' Македонија во меѓународните односи, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски'' Скопје 2017 год**
60. **Димитар Влахов, Предавниците на македонското дело, Култура, Скопје, 1983**
61. **Иван Катарџиев, По врвците на македонската историја, Култура, Скопје, 1986**
62. **Д-р Михајло Миноски, Македонија и Србија (1878-1944), Скопје, 2010 г.**
63. **Михајло Миновски, Авнојска Југославија и Македонското национално прашање(1943-1946), Скопје, Менора, 2000 год.**
64. **Михајло Апостолски-Од Кожув до Богомила и Козјак.–Скопје, 1959 г.**
65. **Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава том 2, Универзитет "Кирил и Методиј," Факултет за филозофско-историски науки, 1981**
66. **Февруарски поход, Михаило Апостолски – Белград 1964 година**
67. **Енциклопедија ВМРО : (1893- 1934) Никола Жежов, Матица Македонска-Скопје 2015**
68. **Никола Жежов, Режимот на кралството на Србите Хрватите и Словенците и отпорот на македонскиот народ во Брегалничкиот округ, 1918-1924 година, Скопје, 2000**
69. **Никола Жежов, Енциклопедија ВМРО, Матица македонска,Скопје, 2015 г.**
70. **Виолета Ачковска и Никола Жежов, Предавствата и атентатите во македонската историја, Скопје, 2004 г.**
71. **Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Репресијата и репресираните во најновата македонска историја, Скопје: Макавеј 2005 година**

72. Љиљана Пановска, Теророт во Егејскиот дел на Македонија под германско-италијанска окупација (1941-1944) ИНИ, Скопје, 1995 година
73. Христо Андоновски, Македонците под Грција и борбата против фашизмот (1940-1944), ИНИ, Скопје, 1968 година
74. Кире Филов, Политичките и економските промени во Штип и Штипско низ архивската документација, 1944-1946 година. Национална установа-Универзитетска библиотека „Гоци Делчев Штип''2011
75. Дело 74, списание за општествени прашања уметност и култура, културно просветна заедница –Штип, уредници, Блаже Китанов, Венко Прилепчански, Штип, октомври 1986 година
76. Драган Клјакиќ „Времето на Колишевски", Скопје, 1994
77. Крсте Црвенковски, Славко Милосавлевски „Нашиот поглед за времето на Колишевски", Скопје, 1996 година
78. Блаже Конески „За Кочо Рацин: есеи, беседи, прилози", „Култура", Скопје, 1994
79. Петар Брајевиќ: Борбениот пат на Првата Македонско-Косовска бригада, статија за Брошура „Народно –ослободителната борба во Македонија"
80. Историјско одељење Централног комитета КПЈ, „Историјски архив Комунистичке партије Југославије", Београд, 1951
81. Народни хероји Југославије. Младост, Београд 1975. Година
82. Михајло Апостолски, Од Кожуф до Богомила и Козјак - Операциите и на единиците на НОВ и ПОЈ зимата 1943/44 година во Македонија и Поморавието. Скопје, 1959
83. Михајло Апостолски "Ослободителната војна во Македонија" Наша Книга Скопје, 1975
84. Михајло Апостолски „Воената организација во периодот на НОВ и револуцијата на Македонија" во „Ослободителната војна и револуцијата во Македонија", зборник на трудови, Скопје, 1973
85. Народни херои од Македонија, Наша книга, Скопје, 1973 година
86. Македонска енциклопедиј, МАНУ, Скопје, 2009 година
87. Методија Андонов-Ченто, Документи и материјали, ред. М. Димитриевски, З. Тодоровски, Р. Бунтевски Бунте, Скопје, ДАРМ, 2002 Година
88. Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, Култура Скопје 2002 година
89. Новица Вељановски, Македонија (1945-1991), Државност и независност. Институт за Национална историја, Матица Македонска. Скопје 2002
90. Сведоштва за Македонскиот Идентитет (XVIII - XX VEK) Институт за Национална Историја – Скопје 2009 Година
91. Британски документи за историјата на Македонија. Документи…, Избор, превод и редакција и редакција: Тодор Чепреганов и Теон Џинго. ИНИ, Скопје, 2011
92. Тодор Чепреганов, Политиката на САД и на Велика Британија спрема Македонија во текот на Втората светска војна. ИНИ, 2012
93. Воена енциклопедија, Воено издавачки завод Белград. 1985, книга.8.
94. Јосип Броз Тито ,Собрани дела, том XXVI, 14 јануари-28 февруари 1945, „Комунист", „Култура", „Македонска книга", „Мисла" , „Наша книга", Скопје, 1982 година
95. Зборник на документи и податоцина НОР, Том XII,книга 4, Военоисториски институт, Белград – прилог. 2
96. Винстон С. Черчил, други светски рат, Том V, обруч се стеже, Београд, Просвета , 1967
97. Други светски рат, книга 6, Београд, 1964
98. Други Светски рат, Народна књига, Београд, 1982, књига.1.

99. Михајло Апостолски, Реализација Титове стратегиске концепције општенароднег устанка у Македонији, Војно дело, Београд, 1981, br. 6/XXXIII
100. Зборник, Докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, книга 1, Борбе у Македонији, Војноисториски институт Југословенске Народне Армија, Београд 1952
101. Зборник, Докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, книга 2, Борбе у Македонији, Војноисториски институт Југословенске Народне Армија, Београд 1952
102. Зборник, Докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, книга 3, Борбе у Македонији, Војноисториски институт Југословенске Народне Армија, Београд 1952
103. Зборник, Докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VII, книга 4, Борбе у Македонији, Војноисториски институт Југословенске Народне Армија, Београд 1952
104. Зборник, Докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа, Том VI, Војноисториски институт Југословенске Народне Армија, Београд 1952
105. АСНОМ и интегритетот на македонскиот народ, Зборник: АСНОМ во создавањето на државата на македонскиот народ, Реферати од научен собир, МАНУ, Скопје 1987
106. Државен Архив на Република Македонија, Македоника Литература, Методија Шаторов – Шарло, Документии и Материјали, Издавач Др. Зоран Тодоровски, Европа 92 Кочани, Скопје 2012 година
107. АСНОМ И МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА, ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧЕН СОБИР ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СЕДУМДЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ОДРЖУВАЊЕТО НА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ, МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ, ИНИ Скопје, 2014
108. Архив МАНУ„Харалампие Поленаковиќ, Фонд „Михајло Апостолски''

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР ........................................................................................ 2**

**ВОВЕД........................................................................................................ 4**

**ГЛАВА I...........................................................................19**

**1.1. Детство, младост, почетоци на школување.............................................................19**

**1.2. Школувањето во воената академија....................................................................34**

**1.3. Почетоци на војничката кариера во војската на Кралството Југославија......49**
**1.4. Школувањето во Вишата воена академија..............................................................53**
**1.5. Михајло Апостолски во Генерал-штабното училиште.........................................69**
**1.6. На воена служба во Љубљана...........................................................................................71**
**1.7. Почетокот на војната........................................................................................................76**
**1.8. Од воено заробеништво до Македонија......................................................................80**

**ГЛАВА II.....................................................................85**

**2.1. Поврзувањето со револуционерното движењево Македонија.........................85**

**2.2. Текот на НОБ во 1941 година............................................................................................87**

**2.3. Текот на НОБ во 1942 година............................................................................................98**

**2.4. Приклучувањето во НОБ.................................................................................................118**

**2.5. Превземање на командата во ГШ на НОВ и ПО на Македонија....................123**

**2.6. Општата воено политичка ситуација во 1943 година.........................................124**

**2.7. Воено политичката ситуација во Македонија во 1943 година.........................127**

**2.8. Почеток на операциите на македонската војска во 1944 година.....................148**

**2.9. Офанзивата на Караџова.................................................................................................149**

**2.10. Февруарскиот Поход – Вовед во конечна победа..............................................152**

**2.11. План за поход.....................................................................................................................153**

**2.12. Одлука замисла и почеток на Февруарскиот поход.........................................156**

**2.13. Богомилски Поход............................................................................................................156**

**2.14. Дејствијата во Повардарието во Февруарскиот поход...................................166**

**2.15. Маршот низ егејска и пробивот во источна Македонија................................169**

**2.16. Крајот на походот.............................................................................................................177**

**2.17. Заклучок за резултатите постигнати од походот.............................................179**

**2.18. Пролетната Офанзива.....................................................................................................186**

**2.19. Завршување на Февруарскиот поход – вовед во Пролетната офанзива.......188**

**2.20. Подготовки за офанзивата............................................................................................191**

**2.21. Офанзива..............................................................................................................................194**

**2.22. Заклучок за операциите во Пролетната офанзива..............................................215**

**2.23. Улогата на Михајло Апостолски во создавањето на АСНОМ.........................219**

**2.24. Завршните операции за ослободување на Македонија....................................229**

**2.25. Состојбата на фронтовите во Европа во летото 1944 година...........................229**

**2.26. Повлекување на бугарските војски од Македонија...........................................230**

**2.27. Разоружување на бугарските војски во Македонија...........................................236**

**2.28. Преговори за заедничко дејствување со бугарските единици...........................239**

**2.29. Саботажа на новоформираните воени бугарски единици...............................244**

**2.30. Повлекување на германските трупи„Група армии Е од Грција''..................247**

**2.31. Воените операции за ослободување водени во Источна Македонија.............251**

**2.32. Борбите во Пелагонија и Југозападна Македонија ..........................................254**

**2.33. Скопска ослободителна операција......................................................................258**

**2.34. Ослободување на северозападна Македонија....................................................269**

**2.35. Михајло Апостолски и настаните на скопското Кале......................................273**

**2.36. На Сремскиот фронт...............................................................................................281**

**2.37. Михајло Апостолски и сојузничките воени мисии............................................286**

**ГЛАВА III……………………………………………………………………………300**

**3.1. Службата во Генералштабот во Белград...............................................................300**

**3.2. Воената кариера на Михајло Апостолски во Југословенската Армија (ЈНА).305**

**3.3. Општествено – Политичка кариера на Михајло Апостолски..........................307**

**3.4. Научните достигнувања и признанија и улогата во создавањето на МАНУ.308**

**3.5. Стручното и научното творештво.......................................................................... 310**

**3.6. Михајло Апостолски за односите со соседите и положбата на Македонското национално малцинство...............................................................................................312**

**3.7. Улогата на Михајло Апостолски во меѓународните политики на СФРЈ........317**

**3.8. Маргинализација.......................................................................................................324**

**ОПШТЕСТВЕНА И НАУЧНА ОПРАВДАНОСТ НА ТЕМАТА.........328**

**ЗАКЛУЧОК........................................................................................330**

**РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА...............................................................333**

**ЛИТЕРАТУРА....................................................................................334**